РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1055
Скопје, 31 мај 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Бр. _____
__25.1. 2010_
Скопје

Содржина на Билтен број 1055 од 31 мај 2013 година

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор на виш лектор по предметот англиски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Мери Лазаревска)**.....1-9

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Игор Илијоски, Горан Павиќевиќ, Никола Николовски, Игор Панев, Марија Болиновска, Мартин Димитров, Кристијан Мојсовски, Горан Антевски)**.....10

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Немања Станчиќ)**.....11

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Виктор Петров, Викторија Ѓурковиќ, Николина Иваноска, Александра Јовчева, Данче Нацевска, Анушка Цветковска, Билјана Јовановска, Лилјана Пешовска, Марија Блажевска, Јасмина Лукановска, Соња Крстевска, Александар Лазовски, Билјана Вуксанова, Жаклина Буцевска, Христијан Талевски, Елена Милева)**.....12

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Александар Тодоровски, Лилјана Коцева, Дејан Ристевски)**.....13

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на ракописот за учебник **Вовед во правото**, од **проф. д-р Добринка Тасковска**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....14-25

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на монографијата **Дишен пат - анестезиолошки аспекти**, од **д-р Билјана Ширгоска, вауч. сор.**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....26-32

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Градовите во Македонија во XVIII и XIX век**, од **м-р Шенер Биљали**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....33-36

ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"

1. Реферат за избор во звањето научен советник за работното место истражувач на вокалната народна музика во Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје **(д-р Родна Величковска)**.....37-49

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Милица Ристовска)**.....50-68

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Реферат за избор на еден наставник во звањето доцент по предметот сценски говор со техника на глас на турски јасик на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Атила Клинче)**.....69-80

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Рецензија на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата **All That Dance** оп 39 од Димитрије Бужаровски, **Дваесет погледи кон детето Исус**, бр. VIII, XI, XIV, XVIII и XX од Оливие Месиан и Каприччо за пијано и оркестар од Игор Стравински и теориското труд **Пијанизмот во делото 'Дваесет погледи кон детето Исус'** од Оливие Месиан, изработена од **м-р Татјана Џорлева,** пријавена на Факултетот за музичка уметност во Скопје.....81-84

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(Славица Арсова, Нина Шутарева, Оливер Ван дер Меиј, Дијана Муждека)**.....85

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(Ана Апостоловска, Даниел Гелевски, Рафаела Сања Михаелидис, Драко Трчески, Магдалена Саздовска, Валентина Илијевска, Милан Костадиновски, Фросина Андоновска, Зарије Амдиу, Евгениј Пантев, Селиме Османи, Живко Пречиов, Зоран Бошковски, Тони Чатлески, Стојмир Стојанов, Оливера Мажрхевска)**.....86

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Драмата во театарот и драмата во телевизијата - од реалистичниот театар до тв-серија** изработена од **м-р Деан Дамјановски,** пријавена на Факултетот за драмски уметности во Скопје.....87-96

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на методиката на наставата по физика и општа физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Боце Митревски)**.....97-108
2. Реферат за избор на еден насловен доцент по група предмети од областа на општа и неорганска хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Сандра Димитровска-Лазова)**.....109-123
3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на алгебрата на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Валентина Миовска)**.....124-132
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Гэрица Смилкова)**.....133
5. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Елизабета Поповиќ)**.....134
6. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Славица Михова)**.....135
7. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Хидрологија и водостопански проблеми во сливот на Крива Река,** изработена од **м-р Иван Радевски,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....136-140
8. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Високо сензитивни и специфични биохемиски параметри и срцеви маркери во функција на брзо дијагностицирање на инфаркт и реинфаркт на миокардот,** изработена од **м-р Сашка Домазетовска,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....141-151

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Реферат зизбор на наставник во насловно звање во научната област фундаментална кинезиологија по предметот антропомоторика, на Факултетот за физичја култура во Скопје **(д-р Владимир Вуксановиќ)**.....152-160

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Четничката организација во делот на Македонија во рамките на Кралството Југославија 1941-1944 година,** од **м-р Александар Симоновски,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....161-165

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет во Скопје **(Алиу Артан, Ана Момировска, Бојана Наумовска, Ива Хаџи-Василева)**.....166

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Белодробни промени кај болни со тромбоемболизам - дијагностичка и клиничка евалуација,** од **д-р Александар Сандевски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....167-174

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК "КРСТЕ МИСИРКОВ"

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на ЈНУ Институт за македонски јазик "Марко Цепенков" во Скопје **(Бојан Груевски, Влатко Симјановски, Душко Деспотовски, Митко Димовски, Даниела Талева)**.....175

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(Огнен Георгиевски, Русмир Ефендиќ, Симона Спировска)**.....176

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник по група предмети од областа на географските информациски системи, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Свемир Горин)**.....177-191

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебникот **Интерна медицина за стоматолози,** од авторот **Кочо Чакаларовски,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....192-203

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијание на техниките на алвеоларното продувување врз гасната размена кај пациенти на механичка вентилација,** од **д-р Татјана Тројиќ,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....204-210

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Рецензија на докторската дисертација **Адаптивни и социјални самоструктурирачки системи за навигација низ јавни информациски системи** изработена од **м-р Вангел Ајановски**, поднесена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.....211-216
2. Рецензија на докторската дисертација **Квази-монте карло интегрирање во тежински Хилбертови простори и врска со дијафонијата - математички модели и софтверска реализација** од **м-р Весна Димитриевска Ристовска**, поднесена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.....217-222

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Молекуларна и филогенетска карактеризација на поединечни вируси на Њукастелската болест откриени во Република Македонија** од **м-р Александар Додовски,** пријавена на Факултетот за ветеринара медеицина во Скопје.....223-231

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметите: заштита на животната средина, структура и својства на полимерите, преработка на полимерите 2, компјутерски програсмки алатки во полимерното инженерсво, анализа на животен циклус на полиемерен процес и производ, примена на полимерите во автомобиската индустрија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Анита Грозданов)**.....232-249
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети: конструкција на облеката 1, конструкција на облеката 2 и CAD/CAM во конфекциското производство на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Маја Јанкоска)**.....250-259
3. Реферат за избор на наставник по групата предмети: основи на прехранбеното инженерство, контрола на квалитет на прехранбени производи, контрола на квалитет на биотехнолошки производи, процеси на козервирање на храната, изолација и пречистување на биопродукти на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Елена Величова)**.....260-271

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на дикторската дисертација **Архитектонски манифестации во потрошувачкото општество од аспект на променливост** изработена од **м-р Марија Мано Белевска,** пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....272-275
2. Рецензија на дикторската дисертација со наслов **Преклопување на идеите и реалноста на современиот град: од утопијата на посакуваното кон хетеротопијата на хиперреалното,** изработена од **м-р Слободан Белевски,** пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....276-281

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент од областа на етнологијата и социјалната и културната антронологија на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Елизабета Павковиќ)**.....282-290

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Реферат за избор на научен соработник-доцент во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Лидија Ѓурковска)** 291-294

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на соработник-асистент по предметите од областа информатика и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(м-р Кире Триводалиев, м-р Цветанка Ацевска)**.....295-300

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Рецензија на докторската дисертација **Утврдување на разликите во антропометриските карактеристики, моторичките и специфично-моторичките способности кај млади фудбалери од 12-14 години на Р. Македонија,** од **м-р Хаки Исмаили,** пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје.....301-304
2. Рецензија на докторската дисертација **Релации меѓу морфолошките карактеристики, моторичките и ситуационо моторичките способности и социјалниот статус кај испитаниците од одбојкарската академија од Гњилане,** од **м-р Мимоза Шкодра,** пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје.....305-308
3. Рецензија на докторската дисертација **Структура и разлики во морфолошкирте и физичките способности кај младината со различна хронолошка возраст,** од **м-р Агрон Адеми,** пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје.....309-313

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Камелија Бушљетиќ, д-р Јован Ивчев)**.....314

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на сотаботник-асистент по групата предмети: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, индустриска микробиологија, индустриска микробиологија за прехранбени производи и технологија на масти и масла на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(м-р Божидар Ристовски)**.....315-320

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Дејан Лилиќ, Маја Блажевска, Донка Стефаноска, Марија Блажевска, Ива Ивановска, Катерина Ѓеоргиевска, Александар Атанасов, Катерина Зафирова, Трајче Секуловски, Ивана Стојчева, Благојче Стојановски, Димитар Кузмановски, Ева Таушанова, Елена Петрушевска, Марјан Ицоски, Јамина Миркоска, Игор Дичоски, Горан Стојановски, Бојана Талеска, Дарко Топчовски, Емилија Јевтиќ, Сања Карабатова, Ивица Костовски, Дејан Врангалоски, Бојан Павлов, Никола Димитровски, Роберт Бобан Бачовски Синколи, Габриела Папеш, Елена Бејкова, Никола Костовски, Марко Ѓорѓевски, Марија Јанкулоска, Александар Сибиновски, Никола Пљаков, Благоја Ангеловски, Сања Јаначкова, Даниел Стојчевски, Ениса Бељури, Софче Стамболиска)**.....316-322
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област трудово право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Лазар Јовевски)**.....323-343
3. Реферат за избор на наставник во научната област воведни и теоретско-правни науки (право и информатичка технологија) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Драги Рашковски)**.....344-354

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област контрола на квалитет на Машинскиот факултет во Скопје **(д-р Мите Томов)**.....355-384

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Реферат за избор на научен советник во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Силвана Сидоровска-Чуповска)**.....385-395
2. Преглед на прифатена промена на наслов на тема за изработка на докторска дисертација на ЈНУ Институт за навионална историја во Скопје **(м-р Исамедин Азизиа)**.....396

ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Гоце Николовски)**.....397

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Моделирање на актуарските елементи на животното осигурување со примена на матричната алгебра,** изработена од **м-р Марина Величкова,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....398-402

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на органската хемија и биохемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Наташа Ростовска)**.....403-418

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Михајло Марковиќ)**.....419
2. Реферат за избор на доцент по предметите споредбена граматика на романските јазици и граматика ба современиот француски јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска)**.....420-432

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Реферат за избор на наставник на научната област право на друштвата на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Александар Климовски)**.....433-441
2. Рецензија на докторската дисертација **Криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа од аспект на владеењето на правото,** од **м-р Богданчо Гогов**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....442-450
3. Рецензија на докторската дисертација **Искуство од реформите на казнената постапка вс Косово во споредба со реформите на казнената постапка во земјите од регионот,** од **м-р Агим Курмехај**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....451-454
4. Рецензија на докторската дисертација **Приватноста versus безбедноста во размената на податоци во кривичните предмети во ЕУ,** од **м-р Олга Кошевалиска (Ѓуркова)**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....455-462
5. Рецензија на докторската дисертација **Организираниот криминал во областа на урбанизмот и во прометот на недвижностите во Косово,** од **м-р Агрон Бека**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....463-470
6. Реферат за избор на наставник во наставно-научното звање доцент на научната област економски науки, на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Биљана Петревска)**.....471-488
7. Реферат за избор на наставник на научната област казнено процесно право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Бобан Мисовски)**.....489-500
8. Рецензија на докторската дисертација **Улогата и значењето на управувањето во малите и средните претпријатија,** од **м-р Драган Чифлиганец**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....501-506

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за следниве научни области (дисциплини): историја на филозофијата, филозофска антропологија и филозофија (општ курс) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Јасмина Наумоска, д-р Бошко Карапов)**.....507-528

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Реферат за избор на наставник на научната област историја на правото на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Мелина Гризо)**.....529-543

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Рецензија на докторската дисертација **Утврдување на соматотиповите и евентуалните нивни разлики во однос на антропометриските, моторичките и функционалните способности кај спортистите од различни спортови,** од **м-р Блерим Саити,** пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје.....544-549
2. Рецензија на ракописот **Атлетика-методика,** од **проф. д-р Зоран Радиќ,** пријавен на Факултетот за физичка култура во Скопје.....550-552
3. Рефетар за избор на 4 (четири) наставници по предметот физичко образование за настава за студентите од нематичните факултети на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Чедомир Ј. Саздовски, д-р Аган Рецепагиќ, м-р Вера Соколова, д-р Јана Каршаковска-Димитриоска)**.....553-564

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Кон Хармонизација или унификација на европското договорно право,** од **м-р Нора Мемети**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....565-580

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата триесет и четврта редовна седница одржана на 6.2.2013 година, не избра за рецензенти во врска со пријавата на м-р Мери Лазаревска на конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија“ од 12.1.2013 за избор на виш лектор по предметот современ англиски јазик. Откако ги прегледавме приложените материјали, чест ни е да го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографија

М-р Мери Лазаревска е родена во Куманово на 15.7.1962 год. По завршувањето на основното и средното образование во Скопје се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата за англиски јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока. Студиите на Факултетот ги завршила во 1988 г. со просечен успех 8,05, по што во 1989 г. била примена во Центарот за странски јазици во Скопје, за изведување на настава по англиски јазик на определено време на детски и гимназиски групи. Од 1990 до 1991 год. работела хонорарно преводи на детски емисии, како и на цртани и играни филмови за Македонската радио - телевизија, а од 1991 до 1998 била вработена на Филолошкиот факултет на работното место библиотекар при Катедрата за англиски јазик и книжевност. Во меѓувреме, во 1993 се здобила со решение за дозвола на вршење на судски преводи. Во текот на овој период преведувала текстови од разни области (раскази и трудови од областа на книжевноста), стручни текстови од областа на машинството и информатиката, како и преводи на документи (лични и правни). Учествувала во уредување на веб-страницата на интернет на хуманитарната организација „Каритас“ - Скопје, вршела преводи од областа на правото, политиката и социологијата, во обем од 100 страници. Исто така вршела преводи од областа на правото и политиката, меѓу другото и во склоп на ангажман од страна на Правниот факултет.

Во академската 1996/97 (II семестар) се запишала на постдипломските студии за лингвистика (англиска лингвистика) при Филолошкиот факултет „Блаже Конески”.

Пропишаните испити во рамките на постдипломските студии ги положила со оценка: лингвистика I (9) лингвистика II (9), стручен предмет - англиска лингвистика (синтакса и семантика) (9), т. е. со просечна оценка 9 од постдипломските студии. Пропишаните семинарски трудови ги изработила и со нив учествувала на Првиот конгрес за применета лингвистика МАЛА '98, како и на научниот собир “Англиски јазик во функција на струката” организиран од страна на ЗАМ. И двете семинарски работи се објавени во истоимените зборници на трудови.

Од 2 март 1998 била вработена на работното место предавач, а сега виш лектор при Одделот за нематични студии по англиски јазик во функција на струката. Во периодот од 1998 до сега предавала англиски јазик во струка на повеќе факултети, меѓу кои во областите: Ветеринарна медицина, земјоделство, биохемија, градежништво, стоматологија со радиологија, новинарство, економски науки, а подолго (15 години)

предавала во областа на правото, политичките студии и студиите по новинарство при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Овој ангажман трае до ден-денес.
Во академската 2003/2004 до 2005/2006 година изведувала и лекторска настава при Катедрата за преведување и толкување (современ англиски јазик, вежби на писмен стручен превод од англиски на македонски јазик и обратно; политика и политичка терминологија на англиски јазик). Во текот на академската 2010/2011 година, освен на Правниот факултет „Јустинијан Први", со настава по англиски јазик 1 била ангажирана и на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" со 6 часа неделно во текот на зимскиот семестар 2010 година и во текот на летниот семестар 2011 година. Од академската 2011/2012 била ангажирана при Катедрата за англиски јазик и книжевност, на предметот современ англиски јазик 1 и 2, како и академско пишување 1 и 2, со полн фонд на часови (14 неделно) при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.

Научна дејност:

Учествувала на повеќе научни собири меѓу кои:

Со објавени трудови:

1. Во 1998 на МАЛА (Македонско здружение на англисти за применета лингвистика).

Семантичкиот однос на хипонимија во англискиот и македонскиот јазик. Зборник на трудови МАЛА '98. Филолошки факултет "Блаже Конески", Скопје: 2000.

2. Во 1999, Симпозиум на ЗАМ (Здружение на англисти на Македонија);

Аспекти на ветеринарната тарминологија на англиски јазик и нивна употреба во неформални фрази и изрази. Зборник на трудови „Англиски јазик во функција на струката", Филолошки факултет"Блаже Конески", Скопје: 2000.

На пет семинари во периодот 2001-2004 година, во областа на англискиот јазик во функција на струката, на кои учествувала во изработка на практикум по англиски јазик во функција на правото, политиката и новинарството.

3. Во 2002 г., на **TESOL**- конвенцијата за англиски јазик во функција на струката во Солт Лејк Сити – САД.

4. Во 2004 во Будимпешта на "**Language and Law Institute**" (Меѓународен проект за јазикот и правото на кој се здобила со диплома за 30-часовен курс од областа на јазикот и американското право, одржан од страна на реномиран професор од Правниот факултет во Детроит).

5. Од 6 декември 2004 до 20 јануари 2005 г., интензивно работела на превод на одговорите од Прашалникот за евроинтеграција на Република Македонија.

6. На 09 март 2005 успешно го одбранила магистерскиот труд на тема
"Лексичка повеќезначност кај правните термини во англискиот и во македонскиот јазик", со што се стекнала со титулата *магистер на филолошки науки.*

7. Од 2005 година, заклучно со 2009 била вклучена во владиниот проект на Секретаријатот за преведување при Секретаријатот за европски прашања за преведување

на правните акти на Европската унија – усогласување на правните акти на Европската унија со правните акти на Република Македонија.

8. Во март 2008 година, ННС на ФФ го прифати предлогот за докторска дисертација под наслов ***Лексичко семантичките односи синонимија, хипонимија и хипернимија кај правните термини во англискиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик.***

9. Во април 2010 учествувала на два семинара организирани од страна на Британскиот совет во Скопје, на следниве теми: Financial Law English, English for Economics.

10. Учествувала на меѓународната конференција посветена на 90 години од раѓањето на Блаже Конески при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", одржана на 15 и 16 декември 2011 година, со реферат и резиме на тема:
Ниту англиски ниту македонски (кратка анализа на англизмите во македонскиот јазик и нивна /не/оправданост).

11. Учество на меѓународната конференција „Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето" при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" одржана на 26 и 27 септември 2012, со реферат и резиме на тема:
Лексичката повеќезначност кај некои англиски правни термини искажана низ лексичкиот однос на хомонимија со македонски преводни еквиваленти (во фаза на објавување во зборник од Конференцијата)

12. Поднела прилог (статија и резиме) за Годишниот зборник при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" посветен на Проф. д-р Љупчо Стефановски (декември 2012), кој е објавен во истоимениот зборник, на тема:
Лексичко-семантичкиот однос на полисемија во англискиот јазик.

Стручно – апликативна дејност

1. Превод: Шелева, Елизабета: ***Од обреден еротизам кон шаролик карневал.*** Љубљана: 1996.

2. Превод: Carver, Raymond., ***Errand (Важно Задолжение).***, Скопје: Наше писмо, 1996.

3. Во коавторство со Цветановска Даница; Гавриловска Сања; (Kathryn Koop – уредник): ***Workbook for Law Politics and Journalism***. Скопје: 2002 (практикум за англиски јазик во правото, политиката и новинарството).

4. Превод: Ванковски, Владо: ***Дентална супраструктура над импланти*** (Dental Suprastructure Over Implants). Скопје: 2005. Европа 92 (одобрено учебно помагало на Стоматолошки факултет, Скопје).

5. Јазична ревизија: ***Европска унија - консолидирани верзии па договорот за европската унија и на договорот за основање на европската заедница (2002).*** Скопје: 2005. ФЕИМ.

6. Мери Лазаревска, *резиме од магистерскиот труд:* ***Лексичка повеќезначност кај правните термини во англискиот и во македонскиот јазик,*** *Годишен зборник, Филолошки факултет "Блаже Конески", книга 32,* Скопје 2006.

7. *Мери Лазаревска,* превод од македонски на англиски јазик: Никола Груевски: ***Кон Излезот (Странски директни инвестиции, економски развој и вработување),*** "Европа 92", Скопје 2007

8. *Мери Лазаревска, Даница Цевтановска* (коавторство) ***Grammar Exercises & Case Studies (Law Politics Journalism),*** (прирачник за граматички вежби, 98 стр.) "Правен факултет Јустинијан I", Скопје, 2008.

9. *Мери Лазаревска,* ***Legal English (English in Legal Contexts)*** – учебник (156 стр.) "Правен факултет Јустинијан I", Скопје, 2008.

10. *Мери Лазаревска,* превод од македонски на англиски јазик: Васко Атанасов – ***Кина јакне во три триаголника (предговор),*** "Штрк"- Скопје, 2008.

11. Превод од македонски на англиски јазик:

a) ***Правилник за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност во Скопје,*** **во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.** Скопје: 2010.

b) ***Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.*** Скопје: 2010.

12. Јазична ревизија (од македонски на англиски јазик): ***Ten Top Chronic Diseases of the 21 Century*** (Антонио Георгиев, Даниела Георгиева, Самуел Садикарио) Објавена од Amazon.com (март 2012).

13. Превод на резиме на научен труд од д-р Лидија Ковачева: „Потеклото и застапеноста на *караконџол*", прочитан на меѓународната конференција *100 години од раѓањето на Академик Михаил Д. Петрушевски,* МАНУ (октомври 2011).

14. Превод на труд од македонски на англиски јазик, во фаза на објавување во странско списание со фактор на влијание: ***Погребни обичаи на територијата на Стара Грција и Македонија,* март 2012.**

15. ***Прирачник за преведување на законодавството на Република Македонија.***
- Влада на Република Македонија, Секретаријат за европски прашања Сектор за подготовка на националната верзија на Acquis Communautaire. Февруари 2011 (јазична ревизија).

16. Учество во Работилница за академско пишување при Катедрата за англиски јазик и книжевност, во соработка со Британскиот совет во Скопје, 25 и 26 октомври 2012.

17. Член на Рецензентска комисија за избор во звање - виш лектор на м-р Сања Гавриловска (2012 г.).

18. Вршење на судски преводи од англиски на македонски јазик и обратно.

ЗАКЛУЧОК

Од гореизложеното се гледа дека м-р Мери Лазаревска може со успех да изведува настава по англиски јазик не само на Катедрата за англиски јазик и книжевност, туку на повеќе наставно-образовни институции, ангажман што бара добра стручна подготовка за солидно да одговори на сложените наставни задачи и предизвици. Таа солидно ја запознала стручната терминологија од областите: ветеринарна медицина, земјоделие, биохемија, градежништво, стоматологија. радиологија, новинарство и економски науки, ова а особено долги години се посветила на терминологијата на правото. Исто така, дел од своите работни обврски им посветила на публикување стручни прирачници кои им овозможуваат на студентите подетално да се запознаат со терминологијата од својата струка на англиски јазик.

Имајќи ја предвид горната констатација и вреднување на нејзините активности, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет, м-р Мери Лазаревска да биде избрана во звањето виш лектор по предметот современ англиски јазик.

Скопје, 9.4.2013

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

2. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р.

3. М-р Марија Мацар-Рибар, виш лектор, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **м-р Лазаревска Мери, виш лектор**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: англиски јазик

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување настава од прв циклус студии**	
	2009/2010 зимски семестар	
	Англиски јазик во струка – Правен факултет Јустинијан Први:	
	Политички студии – 3,5 часа (1 група) 12x3,5x0,04= 1,68	1,68
	Новинарство – англиски јазик 1 (1 група) 2,5 часа 12x2,5x0,04	1,2
	Новинарство – англиски ј.3 (1 група) 2,5 ч. 12x2,5x0,04	1,2
2	**2009/2010 летен семестар**	
	Правни студии – 3,5 ч. 6 групи 3,5x12x0,04 = 1,68 x 6= 10,08	10,08
	Новинарство – англиски јазик 2 (1 група) = 12x2,5x0,04	1,2
3	**2010/2011 зимски семестар**	
	Англиски јазик во струка – Правен факултет Јустинијан Први:	
	Политички студии – 3,5 часа (1 група) 12x3,5x0,04= 1,68	1,68
	Новинарство – англиски јазик 1 (1 група) 2,5 часа 12x2,5x0,04	1,2
	Новинарство – англиски ј.3 (1 група) 2,5 ч. 12x2,5x0,04	1,2
	Економски факултет – англиски јазик 1 (2+4) 15x6x0,04=3,6	3,6
4	**2010/2011 летен семестар**	
	Правни студии – 3,5 ч. 6 групи 3,5x12x0,04 = 1,68 x 6= 10,08	10,08
	Новинарство – англиски јазик 2 (1 група) = 12x2,5x0,04	1,2
5	**2011/2012 зимски семестар**	
	Англиски јазик во струка – Правен факултет Јустинијан Први:	
	Политички студии – 3,5 часа (1 група) 12x3,5x0,04= 1,68	1,68
	Новинарство – англиски јазик 1 (1 група) 2,5 часа 12x2,5x0,04	1,2
	Новинарство – англиски ј.3 (1 група) 2,5 ч. 12x2,5x0,04	1,2
	Економски факултет – англиски јазик 1 (2+4) 15x6x0,04=3,6	3,6
	Филолошки ф.– Современ англиски јазик 1 (0+6) 2 гр. 12x15x0,04	7,2
	Академско пишување (0+2) 1 група 2x15x0,04	1,2
6	**2011-2012 летен семестар**	
	Правни студии – 3,5 ч. 3 групи 3,5x12x0,04 = 1,68 x 3= 10,08	5,04
	Новинарство – англиски јазик 2 (1 група) = 12x2,5x0,04	1,2
	Филолошки ф.– Современ англиски јазик 2 (0+6) 2 гр. 12x15x0,04	7,2
	Академско пишување (0+2) 1 група 2x15x0,04	1,2
7	**2012/2013 зимски семестар**	
	Англиски јазик во струка – Правен факултет Јустинијан Први:	

	Политички студии – 3,5 часа (1 група) 12x3,5x0,04= 1,68	1,68
	Новинарство – англиски јазик 1 (1 група) 2,5 часа 12x2,5x0,04	1,2
	Новинарство – англиски ј.3 (1 група) 2,5 ч. 12x2,5x0,04	1,2
	Филолошки ф.– Современ англиски јазик 2 (0+6) 2 гр. 12x15x0,04	7,2
	Академско пишување (0+2) 1 група 2x15x0,04	1,2
8	**2012/2013 летен семестар**	
	Правни студии – 3,5 ч. 2 групи 3,5x12x0,04 = 1,68 x 2= 10,08	3,36
	Новинарство – англиски јазик 2 (1 група) = 12x2,5x0,04	1,2
	Филолошки ф.– Современ англиски јазик 2 (0+6) 2 гр. 12x15x0,04	7,2
	Академско пишување (0+2) 1 група 2x15x0,04	1,2
	Вкупно бодови од одржување настава од прв циклус студии:	**90,4**
9	**Консултации со студенти**	
	2009/2010 зимски семестар (260 студенти x 0,002)	0,52
	2009/2010 летен семестар (650 студенти x 0,002)	1,3
	2010/2011 зимски семестар (1000 студенти x0,002)	2
	2010/2011 летен семестар (650 x 0,002)	1,3
	2011/2012 зимски семестар (320 x 0,002)	0,64
	2011/2012 летен семестар (1650x0,002)	3,3
	2012/2013 зимски семестар (320x0,002)	0,64
	2012/2013 летен семестар (500x0,002)	1
	Вкупно бодови од консултации со студенти	**10,7**
10	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник – автор (Legal English)**	**8**
11	**Практикум во употреба на универзитет во странство – коавтор**	
	Практикум по англиски јазик за студентите по правни науки, политички науки и студии по новинарство: Grammar Exercises and Case Studies for Law Politic and Journalism (користен во Србија, Хрватска и Бугарија)	**3**
12	Пакет материјали за секој предмет посебно во сите семестри: Пакет материјали за англиски јазик за правни науки (4 семестри x 0,5)	2
	Пакет материјали за англиски јазик за политички студии (4 семестри x0,5)	2
	Пакет материјали за англиски јазик за студии по новинарство (8 семестри x0,5)	4
	Пакет материјали за англиски јазик за економисти (1 семестар x0,5)	0,5
	Пакет материјали за современ англиски јазик 1 и 2 (4 семестри x0,5)	2
	Вкупно бодови за промена и дополнување на пакет материјали за определен предмет	**10,5**
	Вкупно бодови за наставно-образовна дејност	**122,6**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учество во национален проект**	
	Проект на Секретаријатот за превод при Секторот за европски прашања за превод на законодавството на РМ и негово усогласување со	3

	законодавството на ЕУ	
	Учество во меѓународен проект: Legal English (Language and Law Insitute) / Будимпешта	5
2	**Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат: усна презентација и трудови објавени во зборници на трудови од научен собир:**	
	Меѓународна конференција „Блаже Конески“ –Филолошки факултет, Скопје (усна презентација и труд објавен во зборник од конференцијата)	3
	Меѓународна конференција: „Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето“ (усна презентација и труд објавен од конференцијата со меѓународен уредувачки одбор)	4
	Два апстракта објавени во зборници од меѓународни конференции	2
3	**Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција**	
	Зборник на трудови на Филолошкиот факултет во Скопје, посветен на проф. д-р Љупчо Стефановски	2
4	**Учество на 2 научни собира без реферат**, организирани од страна на Британскиот совет во Скопје: Financial Law English; English for Economics	1
	Вкупно	**20**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	**Поени**
1	Евалуација на нивото на познавање на англискиот јазик кај кандидати на кои Филолошкиот факултет им издава потврда за познавање на англискиот јазик како странски јазик	**1**
2	**Лекторирање на текстови од англиски на македонски јазик и обратно:**	
	Прирачник за преведување на законодавството на Република Македонија. - Влада на Република Македонија, Секретаријат за европски прашања, Сектор за подготовка на националната верзија на Acquis Communautaire.	**1**
	Top Ten Chronic Diseases (јазична ревизија на медицински прирачник преведен од македонски на англиски јазик од група автори од Медицинскиот факултет во Скопје)	**1**
3	**Превод на книги и статии**	
	Погребни обичаи (Funeral Customs), Превод на труд од македонски на англиски јазик од д-р Лидија Ковачева, во фаза на објавување во странско списание со фактор на влијание (Classical World, New York University)	**1**
	Превод од македонски на англиски јазик на резиме од научен труд: „Потеклото и застапеноста на *караконџол*“, прочитан на меѓународната конференција *100 години од раѓањето на Академик Михаил Д. Петрушевски,* МАНУ.	**0,5**
	Превод од македонски на англиски јазик: Васко Атанасов – ***Кина јакне во три триаголника (предговор),*** “Штрк”-	**0,5**
	а) ***Правилник за внатрешните односи и работењето на***	**3**

	Факултетот за музичка уметност во Скопје,* во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.** b) ***Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.	**3**
Дејности од поширок интерес		
	Постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно, акредитирана од страна на Основен суд Скопје I - Скопје	**4**
	Член на комисија за избор во звање	**0,2**
	Учество во Работилница за академско пишување при Катедрата за англиски јазик и книжевност, во соработка со Британскиот совет во Скопје, 25 и 26 октомври 2012	**1**
	Вкупно	**16,2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**122,6**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**20**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**16,2**
Вкупно	**156,8**

Членови на Комисијата

Скопје, 9.4.2013

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор претседател, с.р.
2. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р.
3. М-р Марија Мацар-Рибар, виш лектор, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 25.04.2013 година

Кандидат	Тема	Ментор
Игор Илијовски	*Планирање на ангажирање на хидроагрегати во Електроенергетски систем*	Проф. д-р Атанаско Тунески
Горан Павиќевиќ	*Интегрирано управување на деловните процеси преку примена на методи за рационализација на трошоците*	Проф. д-р Валентина Гечевска
Никола Николовски	*Анализа на поврзаноста помеѓу несигурноста во опкружувањето и промените во организацискиот дизајн на претпријатијата*	Проф. д-р Радмил Поленаковиќ
Игор Панев	*Современи методи во решавањето на организацискиите конфликти*	Проф. д-р Радмил Поленаковиќ
Марија Болиновска	*Примена на симулацијата на динамиката на системите при креирање на систем за мерење на учинокот на стратегиско ниво*	Проф. д-р Роберт Миновски
Мартин Димитров	*Креирање на методологија за определување на нивото на задоволство во системот за менаџмент на односите со клиентите во малопродажниот сектор*	Проф. д-р Радмил Поленаковиќ
Кристијан Мојсовски	*Насоки за оптимален избор на гнезда во алат за вбризгување на полимерни материјали*	Проф. д-р Јасмина Чалоска
Горан Антевски	*Унапредување на конкурентност на компанија преку имплементација на техники на 5С и визуелен менаџмент*	Проф. д-р Атанас Кочов

Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од I-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 10.5.2013 година

Кандидат	Наслов на труд МК	Наслов на труд ENG	Ментор
Немања Станчиќ	Карактеристики на некои ракии произведени во александровачко жупско виногорје	Characteristics of some brandies produced in aleksandrovac zupa vineyard	Проф. д-р Крум Бошков

ПРЕГЛЕД НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
на XXXVIII СЕДНИЦА одржанана 26.04.2013 година

Ред. бр.	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ТЕМА	МЕНТОР
1.	Виктор Петров	Сликата за себе и вредносните ориентации кај студентите по ликовни уметности и природно-математички науки	проф. д-р Благоја Јанаков
2.	Викторија Ѓурковиќ	Комуницирањето како предуслов за ефикасно функционирање на полициската организација	проф. д-р Оливер Бакрески
3.	Николина Иваноска	Детерминанти на малолетничкиот криминал и неговата застапеност и состојба кај младите од 14-17 години во градот Скопје	проф. д-р Митко Котовчевски
4.	Александра Јовчева	Социјална интеграција на поранешно осудени лица	проф. д-р Сунчица Димитријоска
5.	Данче Нацевска	Раководење и развој на мултимедијалниот концепт во наставата	проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова
6.	Анушка Цветковска	Квалификуваноста и обуката на јавната администрација	проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ
7.	Билјана Јовановска	Организација на односите со јавноста во јавните и приватните претпријатија	проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ
8.	Лилјана Пешовска	Организацискиот пристап во менаџментот на човечки ресурси во доменот на културата	проф. д-р Милева Ѓуровска
9.	Марија Блажевска	Лидерските вештини и компетенции на директорот во приватните и државните средни училишта	проф. д-р Анета Баракоска
10.	Јасмина Лукановска	Образовните ресурси и мотивацијата за работа на наставниците од основното образование	проф. д-р Виолета Арнаудова
11.	Соња Крстевска	Професионално согорување и задоволство од работата кај здравствевните работници вработени во јавните здравствени установи	проф. д-р Виолета Арнаудова
12.	Александар Лазовски	Баратели на азил од Западен Балкан во Европската унија: безбедносно прашање или неуспешен обид за секуритизација	проф. д-р Лидија Георгиева
13.	Билјана Вуксанова	Улогата на дневните центри во поддршка на старите лица	проф. д-р Сунчица Димитријоска
14.	Жаклина Буцевска	Предрасуди и стереотипи во давање услуги на лица со психички нарушувања	доц. д-р Иван Трајков
15.	Христијан Талевски	Рановизантиска профана архитектура од Стоби	проф. д-р Елица Манева
16.	Елена Милева	Архивската дејност во Брегалничката епархија 1958-1991 година	проф. д-р Борче Илиевски

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 400. седница на Наставно – научниот совет одржана на 09.05.2013 година

Р. бр.	Кандидат	Работен наслов на темата	Ментор
1	Александар Тодоровски, дипл. градежен.	Оптимизација на хидромелиоративен систем во состав на повеќенаменски водостопански систем	проф. д-р Љупчо Петковски Градежен факултет
2	Љиљана Коцева, дипл. градежен.	Контрола на притисокот за зголемена ефикасност на водоснабдителните системи	проф. д-р Петко Панајотовски, Градежен факултет
3	Јован Ристевска, дипл.градежен.	Математички модел за анализа на лачни брани за фаза инјектирање на радијалните работни фуги	проф. д-р Горан Јанкоски, Градежен факултет

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ НА УЧЕБНИКОТ „ВОВЕД ВО ПРАВОТО“ ОД АВТОРОТ ПРОФ.Д-Р ДОБРИНКА ТАСКОВСКА

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје, на седницата одржана на 18.06.2012 година, донесе одлука (бр.02-1016/108) со која утврди потреба од издавање учебник по предметот вовед во правото на правните студии. Со истата одлука со која се утврдува потребата од издавање на учебник, именува рецензенти, и тоа: проф.д-р Мирјана Акимовска Поленак и проф.д-р Борче Давитковски.

Во својство на рецензент на учебникот „Вовед во правото“ од авторот проф.д-р Добринка Тасковска, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први„ му го доставувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

1.Приказ на трудот

Ракописот на учебникот „Вовед во правото“ од авторот проф.д-р Добринка Тасковска се состои од 413 страници компјутерски подготвен текст, со стандарден проред и големина на букви (фонт). Во печатарски прелом и програмирање на текстот, бројот на страниците ќе биде сосема соодветен на нормативот за универзитетски учебник со предвидениот број кредити за предметот вовед во правото – правни студии.

Ракописот се состои од вовед и три дела. Деловите се поделени на глави и подглави кои непосредно упатуваат на материјата која се обработува. На крајот на текстот е поместен извонредно обемен список на литература која е користена при подготовка на учебникот (библиографија), на повеќе светски и регионални јазици, при што доминираат англискиот, францускиот и германскиот јазик.

На почетокот на секоја глава авторката предвидела куса содржина (апстракт) и клучни зборови, со цел воведување на студентот во материјата. На крајот на секоја глава и подглава се поместени апстракти и клучни зборови на англиски и француски јазик (апстрактот на англиски јазик е мошне обемен), како и прашања, задачи и коментари кои имаат за цел помош на студентот во совладувањето на материјата како и критичко и сопствено мислење и овозможување на успешна не само образовна активност туку и практична оспособеност на студентот.

Учебникот и во содржинска и во методолошка смисла е целосно приспособен на потребите на студирање според ЕКТС и претставува чекор кон компатибилност со стандардите на меѓународно признатите високообразовни институции, преку методологијата, содржината но и со делумната двојазичност (македонски и англиски јазик). Покрај објавувањето во стандардна печатена

форма, авторот најавува паралелно објавување и во неколку други облици, за првпат во РМ.

Напоредно со овој ракопис, авторката подготвила и посебна читанка (избор на текстови, случаи и материјали) по предметот вовед во правото, со што се добива една складна целина на овој теоретски и авторски текст, кој е предмет на рецензијата, со посебно учебно помагало што содржи текстови од други автори, практични примери, правни акти, судски одлуки, медиумски написи и хипотетички случаи.

Воведниот дел (стр.1-16), со оригинален наслов **Лична карта на правните науки и воведот во правото: што, кој, како, кога и зошто**, претставува сликовита и синтетизирана иницијација на студентот во правните студии, правото како појава, воведните и теоретски дисциплини, воведот во правото како и дефинирање на целите кои треба да се постигнат со наставната дисциплина и учебникот. Овде се разработени нужните почетни теми на секоја научно-наставна дисциплина: предмет, метод, историски развој, сооднос со други дисциплини, предизвици со кои се соочува дисциплината, особено во светлината на разните интегративни процеси и техничко-технолошкиот развој.

Првиот дел, **Држава**, е концепциски новитет во теоретските правни и политички науки. Во него авторката ги разработува оние аспекти на државата кои се нужни за правилно и целосно совладување на подоцнежните правни содржини. Но, таа ги предочува и бројните преобразби на јавната власт во последните неколку децении под влијание на процесите на глобализација и постглобализација, ја нагласува историско-културната условеност и на појавата и на теоретскиот концепт на државата, укажува на полицентричноста на политичката моќ и на субјектите на правсоздавање и правопримена во современи услови, образложува нови концепти, како што е, на пример, мрежна држава, го објаснува соодносот меѓу државата и недржавните актери, детално ги анализира категориите државност, наддржавност и поддржавност, предочува идни тенденции на развојот на државата и јавната власт, анализира прашања кои досега не се обработувани во домашната правна и политичка наука, на пример, концепциски прашања на европската и македонската државност.

Првиот дел (стр.16.-184) содржи десет глави: Почетен (првичен) поим на државата, Создавање, преобразби и престанување на државите, Теории за државата, Современи сфаќања за својствата на државата, Типологии на државите, Видови системи на вертикална поделба на институционално-нормативните овластувања, Концепциски прашања на европската државност, Концепциски прашања на македонската држава, Организација на современата држава, Државата во третиот милениум.

Во првата глава, **Почетен (првичен) поим на државата**, се поместени објаснувања на изразот држава и соодносот со сродните изрази, интеракцијата израз-поим, концепциските аспекти на одредена терминологија во конкретни правно-политички култури, неколку највлијателни идеи за државата како појдовна точка во објаснувањата на државата, дилемата за

сингуларноста/плуралноста на поимот на државата во смисла на различност на територијално-политичките организации низ историјата и просторот.

Во втората глава, **Создавање, преобразби и престанување на државата (ите)**, авторот објаснува дека изборот на термин (создавање или настанување) сам по себе оддава и различна концепција во однос на државата (свесно/волево или спонтано/органски), обработува три битни нивоа – првите држави во историјата на човештвото, различни методи на создавање на државите во различни епохи и формирањето на нови држави во современи услови, со бројни емпириски податоци за поцелосно совладување на материјата, и се задржува на методите, причините и последиците на преобразите на државите.

Во третата глава (**Теории за државата**) на едноставен и разбирлив начин се објаснува најсложениот дел на воведот во правото – различните и многубројни концепции за државата, преку преглед на постојните и воведување на нова, содржинско-хронолошка класификација (предмодерни, модерни, постмодерни и современи), кои се дефинираат како различни одговори на неколку клучни дилеми – создавање, основно својство, улога и организација на државата. Акцент е даден врз теориите кои преовладуваат во последните три децении во светската наука.

Современи сфаќања за својствата на државата е наслов на четвртата глава на првиот дел и се состои од девет поднаслови – воведни објаснувања, територија, население, моќ и власт, правност, ефикасност, суверенитет, сеопфатност, легитимитет. Во петтата глава, **Типологии на државите**, се презентираат единаесет можни типологии (класификации) на државите. Во поднасловот *Институцијата шеф (ица) на државата како критериум за класификација на државите* се обработуваат основните карактеристики на монархиите, републиките и мешовите облици, додека, пак, во поднасловот *Политички систем – методи на конституирање и функционирање на власта* се објаснува овој суштински критериум за класификација на државите, при што се надминува класичната дихотомија демократски-недемократски со нови современи облици на јавно управување.

Критериумот вертикална распределба на институционалната и нормативната надлежност е извлечен во посебна глава, **Видови системи на вертикална поделба на институционално-нормативните овластувања**, од причини што тој во современи услови има огромно значење и е разработен во подглави за унитарна, неунитарна и нови и мешовити облици на државите. Посебно се обработува релацијата државноправен-културен идентитет. Седмата (**Концепциски прашања на европската државност**) и осмата (**Концепциски прашања на македонската државност**) глава се логичен след и обработуваат актуелни и значајни прашања на трансформациите на државата во Европа и во РМ во последните неколку децении.

Организација на современата држава (деветта глава) е конкретна анализа на начелата и елементите типични за организацијата на современите демократски држави, како и мошне кус приказ на овие начела и елементи во

Македонија во моментов. Последната, десетта, глава (**Државата во третиот милениум**) претставува обид за идентификување на клучните предизвици и отворени прашања за државата во иднина.

Вториот дел, **Право** (стр.185-397), се состои од дванаесет глави: Поим на правото, Создавање на правото, Проучување на правото (основни правни концепти и категории), Правна статика (Правни искази, Правни акти, Права и обврски (должности)), Фактичкиот аспект на правото (субјекти и дејствија), Правен јазик и терминологија, Правото во времето и просторот, Примена на правото, Толкување на правото, Правен систем – поим, структура и начела на функционирање, Правни вредности и Современи светски правни култури.

Во овој, разбирливо, тежишен дел на ракописот, авторката се фокусира врз современите аспекти на правото, новитетите предизвикани со глобализацијата, регионалните интеграции и информатичката револуција и го воведува концептот на правен плурализам. Таа најпрвин, во главата **Поим на правото** се занимава со методолошките и терминолошки аспекти, прави избор на триесеттина различни, но влијателни дефиниции на правото како нужна првична илустрација на студентот во прва година за извонредната сложеност и на појавата право и на нејзината научна разработка. Потоа, се прави разлика меѓу традиционалната (аристотеловска) и современата методологија на дефинирање на правото, вклучително и соодносот право-други нормативни појави. Конечно, се прави двојна класификација на теориите за правото (содржинско-хронолошка и аксиолошка) со објаснување на причините и практичните последици на ваквите различни теории и нивната конкретна употребна вредност во проучувањето и примената на правото.

Втората глава, **Создавање на правото**, разграничува три вида активности во врска со правото – создавање, проучување и примена на правото и ги третира прашањата на изворите на правото, со осврт на битните разлики меѓу западните (европска и американска) и незападните правни традиции. Следната глава ги скицира основните правни концепти и категории или т.н. правна анатомија, додека, пак, во четвртата глава, **Правна статика – структурата на правото**, се поместени три подглави (Правни акти, Правни искази и Права и обврски (должности)). За одбележување е вниманието кои е посветено на судските одлуки како извор на правото во различни правни традиции, прашање кое не само во македонската туку и во континенталната правна наука воопшто е на самиот почеток на научна анализа. Исто така, се воведуваат нови концепти од типот на т.н. меко право и разни хибридни нормативни појави. Оваа глава е мошне обемна и темелно обработена со оглед дека, според авторот, претставува клучен дел на правната професија.

Петтата глава (**Фактичкиот аспект на правото**) содржи современо сфаќање на субјектите на правото и дејствијата со кои правото од текстовите врши промени во реалноста, при што, покрај стандардните, се внесуваат и сосема нови содржини како што се виртуелните правни лица, правниот субјективитет на вештачката интелигенција итн. Главата посветена на правниот јазик и терминологија пополнува една празнина бидејќи оваа тематика досега кај нас е

необработена и му дава на студентот основен инструментариум за разбирање на посебноста и структурата на правниот јазик. Седмата глава (**Правото во времето и просторот**) е посветена на територијалното и временското важење на правото, со детален осврт на промените и предизвиците кои пред науката се поставуваат пред се со развојот на информатичката технологија.

Осмата (**Примена на правото**) и деветтата (**Толкување на правото**) глава се правна динамика или правото во акција, анализа на фазите во практичната апликација на правните правила, со фокус врз методите и постапката на толкување, како најтешкиот но извонредно битен дел на процесот на примена на правото. Покрај формалната логика, се објаснува и деонтолошката, како и т.н. fuzzy логика, а од методите на толкување особено место им е дадено на телеолошкото и системското толкување.

Десеттата глава, која се однесува на правниот систем, ги третира сите конкретни правни области, како нужен вовед на студентот во дисциплините кои ги изучува во рамките на наставниот план. Единаесеттата глава, насловена **Правни вредности**, дава кус преглед и коментар на целите (вредностите) на правото со оглед на фактот што оваа проблематика подетално се разработува во повисоките години во филозофијата на правото.

Последната глава, **Современи правни култури**, е обид за создавање свест и информација кај студентот за разновидноста и различноста на пристапот кон правото во различни цивилизации и тој несомнено е нов потфат во македонската правна наука.

На крајот, во третиот дел, **Однос држава – право**, покрај другите прашања, особено внимание му се посветува на начелото на владеење на правото, во историска и современа перспектива.

2.Оцена на трудот

•Учебникот „Вовед во правото“ од проф.д-р Добринка Тасковска е нов и современ пристап кон изработка на учебничка литература и кон дисциплината вовед во правото.Тој ги комбинира приодите на американските и континенталните правни учебници, теоретскиот и практичниот аспект.

•Учебникот е целосно приспособен на методолошките и содржинските барања на ЕКТС и може да се користи не само од студентите на правните студии туку и на студиите по новинарство, односи со јавноста и политичките студии, други високообразовни и средношколски институции во кои се изучува воведот во правото, како и од стручната јавност воопшто и правната професија.

•Авторот мошне успешно ги комбинира традиционалните со новите пристапи кон основните политички и правни концепти, при што постојаното навраќање на компаративните искуства е од особена вредност за квалитетот на ракописот. Таа постојано укажува на потребата на интелектуална чесност во поглед на неизбежната идеолошка компонента на секој научен труд, ситуација од

која единствен излез е идентификување на вредносните и идеолошките премиси на анализата наместо најчесто неточните декларации за дезидеологизација.

•Ракописот се одликува со едноставен и разбирлив стил, бројни практични примери, користи емпириски податоци за илустрација на теоретските анализи, стимулира поврзување на теоријата и практиката, како и самостојно и критичко мислење на студентот.

Врз основа на изложеното, чест ми е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да му предложам да го прифати овој извештај и да донесе одлука за објавување на учебникот „Вовед во правото“ од авторот проф.д-р Добринка Тасковска. Со неговото објавување не само што ќе се пополни празнината во поглед на овој вид литература туку и ќе се овозможи поуспешно совладување на релевантната материја од страна на студентите, а правните практичари ќе добијат квалитетна дополнителна литература.

Рецензент

Скопје, 14. 05. 2013 година Д-р Борче Давитковски, редовен професор, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ НА УЧЕБНИКОТ ВОВЕД ВО ПРАВОТО ОД АВТОРОТ ПРОФ.Д-Р ДОБРИНКА ТАСКОВСКА

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 18. 06. 2012 година, донесе одлука (бр.02-1016/108) со која утврди потреба од издавање учебник по предметот вовед во правото на правните студии. Со истата одлука со која се утврдува потребата од издавање на учебник, именува и рецензенти и тоа: проф.д-р Мирјана Акимовска Поленак и проф.д-р Борче Давитковски.

Во својство на рецензент на учебникот „Вовед во правото" од авторот проф.д-р Добринка Тасковска, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" му го доставувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

1.Содржина и својства на трудот

Учебникот што е предмет на рецензија претставува ракопис насловен „Вовед во правото" од авторот проф.д-р Добринка Тасковска и се состои од 413 страници компјутерски подготвен текст, со стандарден проред и големина на буквите (фонт). Ракописот се состои од вовед и три дела. Деловите се поделени на глави и подглави кои непосредно упатуваат на материјата што се обработува. На крајот на текстот се содржи извонредно обемен список на литература која е користена при подготовка на учебникот (библиографија), на повеќе светски и регионални јазици, при што доминираат англискиот, францускиот и германскиот јазик.

На почетокот на секоја глава авторот предвидела куса содржина (резиме) и клучни зборови, со цел воведување на студентот во материјата. Истовремено, на крајот на секоја глава и подглава се поместени резимеа и клучни зборови на англиски и француски јазик (апстрактот на англиски јазик е мошне обемен), клучни зборови на албански јазик, како и прашања, задачи и коментари кои имаат за цел полесно совладување на материјата од страна на студентот. Во случаи кога анализира и наведува ставови на други автори, авторот јасно ги одделува во текстот со посебен проред и фонт, со што се постигнува поквалитетна презентација на материјата. Секој параграф е нумериран, што доведува до лесно снаоѓање во текстот. Содржината на ракописот е на три јазици: македонски, англиски и француски јазик, со што тој автоматски обезбедува достапност до поширокаа публика.

Воведниот дел (стр.1-16), со впечатлив наслов **Лична карта на правните науки и воведот во правото: што, кој, како, кога и зошто**, претставува иницијација на студентот во правните студии, правото како појава, воведните и теоретски дисциплини, воведот во правото како и дефинирање на целите кои треба да се постигнат со наставната дисциплина и учебникот. Овде се разработени

нужните и стандардни почетни теми на секоја научно-наставна дисциплина: предмет, метод, историски развој, сооднос со други дисциплини, предизвици со кои се соочува дисциплината, особено во светлината на разните интегративни процеси и техничко-технолошкиот развој.

Првиот дел, **Држава**, е своевиден концепциски новитет во теоретските правни и политички науки. Во него авторот ги разработува исклучиво оние аспекти на државата кои се нужни за правилно и целосно совладување на подоцнежните правни содржини. Предмет на анализа се соодносот класична држава-интегративни процеси, бројните преобразби на јавната власт во последните неколку децении под влијание на процесите на глобализација, постглобализација и деглобализација, авторот ја нагласува историско-културната условеност и на појавата и на теоретскиот концепт на државата, укажува на полицентричноста на политичката моќ и на субјектите на правосоздавање и правопримена во современи услови, образложува нови концепти како што е, на пример, мрежна држава, го објаснува соодносот меѓу државата и недржавните актери, детално ги анализира категориите државност, наддржавност и поддржавност, предочува идни тенденции на развојот на државата и јавната власт.

Првиот дел (стр.16.-184) се состои од следниве глави: Почетен (првичен) поим на државата, Создавање, преобразби и престанување на државите, Теории за државата, Современи сфаќања за својствата на државата, Типологии на државите, Видови системи на вертикална поделба на институционално-нормативните овластувања, Концепциски прашања на европската државност, Концепциски прашања на македонската држава, Организација на современата држава, Државата во третиот милениум.

Во првата глава **Почетен (првичен) поим на државата** се поместени објаснувања на изразот држава и соодносот со сродните изрази, интеракцијата израз-поим, концепциските аспекти на одредена терминологија во конкретни правно-политички култури, неколку највлијателни идеи за државата како појдовна точка во објаснувањата на државата, дилемата за сингуларноста/плуралноста на поимот на државата во смисла на различност на територијално-политичките организации низ историјата и просторот.

Во втората глава, **Создавање, преобразби и престанување на државата (ите)**, авторката објаснува дека изборот на термин (создавање или настанување) сам по себе оддава и различна концепција во однос на државата (свесно/волево или спонтано/органски), обработува три битни нивоа – првите држави во историјата на човештвото, различни методи на создавање на државите во различни епохи и формирањето на нови држави во современи услови, со бројни емпириски податоци за поцелосно совладување на материјата, и се задржува на методите, причините и последиците на преобразите на државите. Впечатлива е застапеноста на емпириски податоци (број и вид на држави, број и вид на потенцијални нови држави, причини и последици).

Во третата глава со наслов **Теории за државата**, на едноставен и разбирлив начин се објаснува најсложениот дел и на воведот во правото и на теоријата на државата – различните и многубројни концепции за државата, преку преглед на постојните и воведување на нова, содржинско-хронолошка класификација на истите (предмодерни, модерни, постмодерни и современи) кои се дефинираат како различни одговори на неколку клучни дилеми – создавање, основно својство, улога и организација на државата.Тежиштето е врз теориите кои преовладуваат во последните три децении во светската наука, со обид за нивно понатамошно развивање.

Современи сфаќања за својствата на државата е наслов на четвртата глава на првиот дел и се состои од девет поднаслови – воведни објаснувања, територија, население, моќ и власт, правност, ефикасност, суверенитет, сеопфатност, легитимитет. Во оваа глава централно место зазема објаснувањето на категориите моќ и власт, како и анализа на категориите територијалност – нетериторијалност. Во петтата глава, **Типологии на државите**, се презентираат единаесет можни типологии (класификации) на државите. Во поднасловот *Институцијата шеф (ица) на државата како критериум за класификација на државите* се обработуваат основните карактеристики на монархиите, републиките и мешовите облици, додека, пак, во поднасловот *Политички систем – методи на конституирање и функционирање на власта* се објаснува овој суштински критериум за класификација на државите, при што се надминува класичната дихотомија демократски-недемократски со нови современи облици на јавно управување.

Критериумот вертикална распределба на институционалната и нормативната надлежност е поместен во посебна глава, **Видови системи на вертикална поделба на институционално-нормативните овластувања**, за да се потенцира неговото значење. Овој критериум е разработен во подглави за унитарна, неунитарна и нови и мешовити облици на државите. Седмата (**Концепциски прашања на европската државност**) и осмата (**Концепциски прашања на македонската државност**) глава се логичен след и обработуваат акуелни и значајни прашања на трансформациите на државата во Европа и во РМ во последните неколку децении.

Организација на современата држава (деветта глава) претставува конкретна анализа на начелата и елементите типични за организацијата на современите демократски држави, како и мошне кус приказ на овие начела и елементи во Македонија во моментов. Последната, десетта, глава (**Државата во третиот милениум**) претставува обид за идентификување на клучните предизвици и отворени прашања за државата во иднина, нагласување ги веројатните понатамошни драматични преобразби на сите облици, вклучително и државата каква што ја познаваме досега, на јавно управување под влијание на економските, културните и техничко-технолошките промени кои добија препознатлива физиономија во првите децении и половина на третиот милениум.

Вториот дел, **Право** (стр.185-397), се состои од дванаесет глави: Поим на правото, Создавање на правото, Проучување на правото (основни правни

концепти и категории), Правна статика (Правни искази, Правни акти, Права и обврски (должности)), Фактичкиот аспект на правото (субјекти и дејствија), Правен јазик и терминологија, Правото во времето и просторот, Примена на правото, Толкување на правото, Правен систем – поим, структура и начела на функционирање, Правни вредности и Современи светски правни култури.

Во вториот дел на ракописот авторот се фокусира врз современите аспекти на правото, новитетите предизвикани со глобализацијата, регионалните интеграции и информатичката револуција и го воведува концептот на правен плурализам. Таа, најпрвин, во главата **Поим на правото** се занимава со методолошките и терминолошките аспекти, прави избор на триесетина различни, но влијателни дефиниции на правото како нужна првична илустрација на студентот во прва година за извонредната сложеност и на појавата право и на нејзината научна разработка. Потоа, се прави разлика меѓу традиционалната (аристотеловска) и современата методологија на дефинирање на правото, вклучително и соодносот право-други нормативни појави. Конечно, се прави двојна класификација на теориите за правото (содржинско-хронолошка и аксиолошка) со објаснување на причините и практичните последици на ваквите различни теории и нивната конкретна употребна вредност во проучувањето и примената на правото.

Втората глава, **Создавање на правото**, разграничува три вида активности во врска со правото – создавање, проучување и примена на правото и ги третира прашањата на изворите на правото, со осврт на битните разлики меѓу западните (европска и американска) и незападните правни традиции. Идејата е запознавање на студентот со различните методологии на правосоздавање низ историјата и во современоста. Следната глава ги скицира основните правни концепти и категории или т.н. правна анатомија со намера студентот да стекне контрола врз нив и да му се овозможи совладување на претстојните конкретни оперативни правни знаења. Следствено, во наредната, четврта по ред глава, **Правна статика – структурата на правото**, се поместени три подглави (Правни акти, Правни искази и Права и обврски (должности)). За одбележување е вниманието кое е посветено на судските одлуки како извор на правото во различни правни традиции.Оваа глава е мошне обемна и темелно обработена со оглед дека, според авторката, се однесува на прашања со клучно значење за правната професија.

Петтата глава (**Фактичкиот аспект на правото**) содржи современо сфаќање за субјектите на правото и дејствијата со кои правото од текстовите врши промени во реалноста, при што, покрај стандардните, се внесуваат и сосема нови содржини како што се виртуелните правни лица, правниот субјективитет на вештачката интелигенција итн. Главата посветена на правниот јазик и терминологија пополнува една празнина бидејќи оваа тематика досега кај нас е необработена и му дава на студентот основен инструментариум за разбирање на посебноста и структурата на правниот јазик. Седмата глава (**Правото во времето и просторот**) е посветена на територијалното и временското важење на правото, со детален осврт на промените и предизвиците кои пред науката се поставуваат, пред сè, со развојот на информатичката технологија.

Осмата (**Примена на правото**) и деветтата (**Толкување на правото**) глава се однесуваат на правната динамика или правото во акција, анализа на фазите во практичната апликација на правните правила, со фокус врз методите и постапката на толкување, како најтешкиот но извонредно битен дел на процесот на примена на правото. Покрај формалната логика, се објаснува и деонтолошката, како и т.н. *fuzzy* логика, а од методите на толкување особено место им е дадено на телеолошкото и системското толкување.

Десеттата глава, која се однесува на правниот систем, ги третира сите конкретни правни области, како нужен вовед на студентот во дисциплините кои ги изучува во рамките на наставниот план. **Правни вредности** (единаесетта глава) дава кус преглед и коментар на целите (вредностите) на правото со оглед на фактот што оваа проблематика подетално се разработува во повисоките години во филозофијата на правото.

Последната глава, **Современи правни култури**, е обид за создавање свест и информација кај студентот за разновидноста и различноста на пристапот кон правото во различни цивилизации и тој, несомнено, е нов потфат во македонската правна наука.

На крајот, во третиот дел, **Однос држава – право**, покрај другите прашања, особено внимание му се посветува на начелото на владеење на правото, во историска и современа перспектива и судската контрола на актите на законодавната и управната власт.

2.Оцена на трудот

Ракописот „Вовед во правото“ од проф.д-р Добринка Тасковска се одликува со:

-значење за правните студии со оглед на потребата од нов и современ учебник од соодветната област, којашто заради воведниот карактер подоцна придонесува и за развојот и успешното совладување и на конкретните правни дисциплини предвидени со наставниот план;

-комбинација на теоретскиот со екстензивен компаративен пристап, со што се овозможува вкрстување на неколку доминантни пристапи во изработката на учебници по воведот во правото, својствени за различни правно-политички култури;

-многујазичност и во поглед на користената литература, но и делумно во презентацијата на самите содржини на учебникот;

-компатибилност со формалните и содржинските мерила на ЕКТС;

-прегледност, јасност и разбирливост;

-следење на сите нови текови во светската наука и нивно доближување до македонската наука и практика;

-од особено значење е фреквентното и детално навраќање на јуриспруденцијата на повеќе релевантни странски, наддржавни и меѓународни судови, како и на најновите видови на правни извори, типични за последните деценија-две;

-успешниот обид на авторот на студентите да им обезбеди нужен почетен инструментариум за совладување на конкретните дисциплини од различни видови правни области и да ги вклучи и најновите правни гранки/дисциплини.

Врз основа на изложеното, чест ми е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да му предложам да го прифати овој извештај и да донесе одлука за објавување на учебникот „Вовед во правото“ од авторот проф.д-р Добрика Тасковска. Со неговото објавување не само што ќе се пополни празнината во поглед на овој вид литература, туку и ќе се овозможи поуспешно совладување на релевантната материја од страна на студентите, а правните практичари ќе добијат квалитетна дополнителна литература.

Рецезент

Скопје, 15. 05.2013 година

Д-р Мирјана Поленак Акимовска, редовен професор, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА МОНОГРАФИЈАТА „ДИШЕН ПАТ-АНЕСТЕЗИОЛОШКИ АСПЕКТИ" ОД АВТОРОТ
НАУЧ. СОР. Д-Р БИЛЈАНА ШИРГОСКА

Наслов: „ДИШЕН ПАТ- анестезиолошки аспекти"
Автор: науч. сор. д-р Билјана Ширгоска
Предметна програма: анестезиологија со реанимација и анестезиологија со интензивна медицина, како и оториноларингологија.
Област: медицина, анестезиологија, оториноларингологија
Намена: монографија за дишен пат, наменета за студентите по општа медицина, насоките: СМС/Т, логопеди, физиотерпевти, радиолошки технолози, како и за специјализантите по анестезиологија со интензивна медицина, специјализантите по оториноларингологија, како и ургентна медицина.
Семестар: Предметот анестезиологија со реанимација, како и предметот отоларингологија се слуша во IX и XII семестар за студентите по општа медицина, а во VI семестар за насоките СМС/Т и радиолошки технолози, додека предметот отоларингологија е основен предмет во сите семестри на насоката логопеди; во делот интензивна медицина, во насоката физиотерпевти. Во специјализацијата анестезиологија со интензивна медицина и специјализацијата по оториноларингологија е застапен во првиот и вториот семестар од специјализацијата.
Фонд на часови: Во додипломската настава е застапен со 5 часа, а во специјализациите 30 часа.
Одлука: Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ во Скопје, на својата XVI редовна седница одржана на 11.4.2013 година, донесе одлука за рецензирање на ракописот:„ДИШЕН ПАТ-анестезиолошки аспекти" од авторот науч. сор. д-р Билјана Ширгоска. За рецензенти се одредени: проф. д-р Марија Шољакова и проф. д-р Мирјана Шошолчева.
Издание: Ракописот „ДИШЕН ПАТ- анестезиолошки аспекти" е прво издание на оваа монографија, и е прв објавен ракопис на таа тема во РМ.
Општи податоци за ракописот:
Ракописот е испечатен во А4-формат (22/28 cm) на 101 стр. Содржи три табели и 30 слики. Секоја глава завршува со прилог во кој е цитирана користената литература. По кусиот вовед во кој се посочува потребата од познавање на „дишниот пат", даден е осврт на анатомските и физиолошки особености на одделните делови на дишниот пат. Во продолжение се зборува за те дишен пат и проблематичниот дишен пат и дадени се соодветни практични препораки за третман. Со посебни поглавја се опфатени инструменталните решенија за тешкиот и проблематичниот дишен пат.
Кус опис на содржината:

Ракописот „ДИШЕН ПАТ- анестезиолошки аспекти" -како монографија е поделена на 20 поглавја. По воведот, следува анатомија, физиологија и хистологија на дишниот пат (напишан од науч. сор. д-р Јане Нетковски), а потоа авторката дава осврт на анатомијата на дишниот пат кај децата. Во овие воведни поглавја е дадена анестезиолошката димензија на "дишниот пат", со нагласување на важноста од одржување на неговата проодност. Во детали и vo посебни глави се опишани носната празнина, голтникот, грклапот, трахејата и бронхите. Авторите во овој дел се осврнуваат на важноста од одржувањето на интегритетот на мукозата и улогата на нарушувањата во протекот на воздухот. Во понатамошниот тек се дефинира поимот тежок дишен пат, како причина за тешка или неможна ендотрахеална интубација, која претставува една од состојбите кои го загрозуваат животот. Во продолжение се наброени практичните препораки за третман на тешкиот дишен пат. Даден е начинот на евалуација на дишниот пат, по што следат методите за предиктивно одредување на степенот на ризик. Потоа следи приказ на стандарди кои треба да бидат запазени во амбулантата за реанимација во склоп на секој ургентен центар, каде што е неопходно да постои сет за решавање на тешкиот дишен пат. Како прилог е детално опишано хируршкото обезбедување на дишниот пат. Прикажан е и алгоритамот на Европското здружение за тежок дишен пат.

Во понатамошниот текст се елаборираат елеметарните методи на третманот на тешкиот дишен пат, вклучително и користење на инструменти.
Обезбедувањето на проодни дишни патишта е особено важно во детската возраст, што ја навело авторката да посвети достојно внимание на овој проблем. Даден е детален приказ на можните особености и специфики на нарушувањата на дишните патишта кај децата. Дадени се препораки и анестезиолошки стратегии, како и инструментални интервенции за соодветно справување.
Последните поглавја се посветени на техники со кои се обезбедува проодност за воздух при постоење на "тежок дишен пат", па така авторката детално зборува за инструменталните интервенции. Опишана е опремата, како и техниките на изведување на фиберoптичка интубација и фиберoптичка бронхоскопија.
Во книгата посебно место заземаат состојбите на траума, прекумерна телесна тежина и бременост кои се обременети со "проблематичен дишен пат", кои се опишани во посебни поглавја.
Книгата завршува со презентирање на новите техники и средства за третман на тешкиот дишен пат.
Категоризација на книгата: Книгата претставува монографија која дава базични информации за дишниот пат од анестезиолошки аспект. Во неа се елаборирани нормалните анатомо-физиолошки особености на горниот и долниот дишен пат, како и отстапувања познати како "тежок и поблематичен дишен пат", со посебен осврт на решенијата за обезбедување слободен протек на воздухот.
Главен аспект на книгата и педагошка оцена: Монографијата „ДИШЕН ПАТ- анестезиолошки аспекти" од авторот науч. сор. д-р Билјана

Ширгоска е напишана со цел да служи како помагало за студентите на Медицинскиот факултет, практично за сите насоки. Исто така, книгата е наменета и за специјализантите на специјализација по анестезиологија со интензивна медицина и специјализација по оториноларингологија.
Монографијата е напишана со лесен достапен стил, со кој на едноставен начин му се расветлува оваа проблематика на читателот. Проблемот кој се изучува во оваа книга, важноста и потребата од негово добро познавање, како и спремноста за соодветна активност во ургентни состојби на секој медицински професионалец ја чини оваа книга да се сврсти во групата на елементарни четива во медицината. Монографијата е добредојдена и ќе најде примена во сите служби кои се занимаваат со решавање на итните состојби во медицината, како што е итната медицинска помош. Проблемите со нарушување во дишниот пат спаѓаат меѓу најургентните состојби кои бараат итно решение. Оваа книга претставува придонес во медицинската литература бидејќи ја дополнува празнината која постоеше на оваа тема. Монографијата е едноставно напишана и е прифатлива за едукација на студентите на додипломска настава.
Ограничувања: Книгата е строго наменета за профилот медицина, за студентите и специјализантите од анестезиологија и оториноларингологија, како и за специјализантите по ургентна медицина.
Заклучок: Монографијата „ДИШЕН ПАТ- анестезиолошки аспекти" од авторот науч. сор. д-р Билјана Ширгоска, претставува придонес кон литературата од областа на анестезиологијата и оториноларингологијата. Таа, на едноставен, разбирлив начин, ја доближува оваа област до студентите. Монографијата претставува вреден извор од кој студентите (идните лекари, медицински сестри, логопеди, физијатри), ќе го црпат неопходното знаење.
Земајќи ги предвид претходно елаборираните факти, предлагам книгата „ДИШЕН ПАТ- анестезиолошки аспекти", од авторот науч. сор. д-р Билјана Ширгоска, да се печати како монографија која може да послужи за едукација на студентите по медицина и сродните насоки, како и за специјализантите по анестезиологија со интензивна медицина и специјализантите по оториноларингологија и ургентна медицина.

Скопје, 26.4.2013

Рецензент:

Марија Шољакова, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ НА МОНОГРАФИЈАТА ПОД НАСЛОВ „ДИШЕН ПАТ – АНЕСТЕЗИОЛОШКИ АСПЕКТИ" ОД АВТОРОТ НАУЧ. СОР. ДР БИЛЈАНА ШИРГОСКА

На XVI редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на УКИМ, одржана на 11.4.2013 год., по предлог на Одборот за издавачка дејност на Факултетот, донесена е одлука за одредување на рецензенти за монографија под наслов "Дишен пат - анестезиолошки аспекти" од авторот науч.сор.др Билјана Ширгоска.

По деталното разгледување на доставениот материјал, како рецензент го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот на монографијата „Дишен пат-анестезиолошки аспекти", на авторот науч. сор. Билјана Ширгоска, ги покрива областите **ОПШТА АНЕСТЕЗИЈА, АНЕСТЕЗИЈА ВО ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА и ИНТЕНЗИВНА МЕДИЦИНА** од програмата на специјалноста **АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА СО РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНА МЕДИЦИНА**, и програмата на специјалноста по **УРГЕНТНА МЕДИЦИНА**. Во специјализацијата анестезиологија со реанимација и интензивна медицина, која се изведува во десет семестри, специјализантите практицираат 18 месеци општа анестезија, 2 месеца анестезија во оториноларингологија и 24 месеци интензивна медицина.

По предвидената програма за специјализацијата по анестезија со реанимација и интензивна медицина, приложениот ракопис е во согласност со наставната програма.

Освен за специјализантите по анестезиологија со интензивна медицина, специјализантите по оториноларингологија, како и ургентна медицина, учебното помагало е наменето и за студентите по општа медицина, насоките: СМСТ, логопеди, физиотерапевти и радиолошки технолози.

Ракописот на монографијата "Дишен пат-анестезиолошки аспекти" претставува прво издание и досега не е објавуван ист или сличен ракопис од посочената област на Медицинскиот факултет.

Содржината на ракописот е прегледно презентирана на 101 страна, А4 -формат /cm, со 3 табели и 30 слики. На крајот на секое поглавје е приложена користена современа литература.

Монографијата започнува со вовед каде што е дефиниран терминот "дишен пат" од анестезиолошки аспект, по што следат **деветнаесет поглавја** поделени според логичен редослед.

Монографијата започнува со опис на анатомијата, хистологијата и физиологијата на дишниот пат каде што сликовито се претставени сите делови на горниот и долниот дишен пат. Особено детално е опишана хистологијата на носната празнина, по што вниманието се задржува на физиолошката улога на носот со нормална анатомска структура и можни нарушувања на носната функција при девијација на носниот септум, хиперплазија на носните школки

или перфорација на носната преграда. Претставени се заштитните функции на назалната мукоза преку механизмите на неспецифична одбрана како што се мукоцилијарниот транспортен систем и неспецифичните одбранбени механизми на клеточно ниво со неутрофилните гранулоцити, моноцитите и макрофагите, и специфичниот имун одгвор, претставен како одделна имунолошка единица. Опишана е улогата на имунолошката единица претставена со назалната мукоза и лимфоепителијалното ткиво на Waldeyer – овиот систем. Завршувајќи со улогата на ендотелијалните клетки на крвните садови кои играат важна улога во специфичните имуни одговори на назалната мукоза, авторката поминува на физиологијата на назалниот дишен со особен осврт кон отпорот во назалните дишни патишта кај новороденчињата кои имаат специфичности во својата анатомија.

Следното поглавје започнува со јасен опис на анатомијата на фаринксот и неговата функција во координирањето на актот на голтање како комплексна функција со ектензивна инревација. По анатомскиот опис на ларинксот, максимално прецизно се наведени комплексните функции на ларинксот, од фонацијата, респираторната функција, како и заштитната функција од аспирација на алиментарна содржина во дишните патишта. На крај, авторката се задржува на анатомските карактеристики на трахеата и бронхите.

Следното поглавје е посветено на анатомските карактеристики на дишниот пат кај децата со потенцирање на разликите од оние кај возрасните преку слики на позиционирање на главата и примената на различен вид ларингоскопски шпатули, а потенцирано е и дека при интубација, новороденчињата и доенчињата се подложни на ателектаза и хипоксија заради повисоката стапка на кислородна потрошувачка и неразвиени компензаторни механизми.

Задржувајќи се кратко на дефиницијата за тежок дишен пат, за отежната ларингоскопија, тешка и неможна ендотрахеална интубација, авторката продолжува со практичните препораки за третман на тешкиот дишен пат. Претходно објаснувајќи ги скалите за градација на тежок дишен пат, се објаснува значењето на физикалниот преглед на дишниот пат и се објаснуваат дополнително физикалните наоди кои одговараат на тежок дишен пат. Потоа следува дефинирањето на проблематичниот дишен пат со приказ на начините за негово обезбедување во амбулантата за реанимација и наброено е максимално прецизно што сé треба да има во ваква амбуланта, за која авторката предлага да биде во склоп на секој ургентен центар. Пациентите кои се примаат во реанимациската амбуланта се поделени според степенот на животозагрозеност во 5 категории, а според основните критериуми на кардиореспираторната функција, способноста за обезбедување на дишниот пат, степенот на свеста, како и тежината на повредата. Потенцирано е дека проблематичен дишен пат може да се сретне особено кај пациентите со траума. Наброени се сите начини за добра вентилација и оксигенација, со особена претпазливост за нивната примена кај пациентите со повреда на вратниот 'рбет. Акцент е ставен на ларингеалната маска како средство од посебна важност при неможност за воспоставување на сигурен дишен пат со ендотрахеален тубус, но наброени се и контраиндикациите за нејзина примена.

Објаснет е и хируршкиот начин за обезбедување на дишен пат, со посебен осврт на крикотиреоидотомијата и нејзините можни компликации.

Во следното поглавје се зборува за евалуацијата на дишниот пат и тоа за специфичната историја на дишниот пат, клиничката инспекција на пациентот, палпација на вратот и директно мерење на структурите на лицето и вратот кои ја предвидуваат тешката интубација, со посебен осврт на Mallampati тестот и модифицираната ларингоскопска скала според алгоритамот на Европското здружение за тежок дишен пат. Сите овие параметри како предиктори за тежок дишен пат се прикажани со слики кои се многу јасни и кои му помагаат на анестезиологот што се соочува со проблемот на тежок дишен пат да може да направи добра проценка и стратегија за негово решавање.

Благодарејќи на своето богато долгогодишно искуство од анестезиолошката практика во оториноларингологијата, авторот во продолжение ги изложува основните елементи на третманот на тежок дишен пат. Започнува со опис на базичната припрема за третман на тежок дишен пат, потоа ги набројува потребните делови на подвижната единица за третман на дишниот пат и постапките кои треба да ги преземе анестезиологот. Предложената стратегија за интубација на тежок дишен пат вклучува клинички ситуации за третман на дишен пат, избор на базични клинички можности како интубација на будно, употреба на инвазивни техники, како и алтернативни начини. Предложените техники за третман на тежок дишен пат се со значајна апликативност, а авторот ги презентира прецизно и прегледно.

Во следните поглавја е детално обработен проблемот со дишниот пат кај деца со специфични карактеристики во евалуацијата и клиничкото испитување. Се предлага стратегија во антестезиолошкиот пристап со анестезиолошка техника која вклучува преоксигенација и употреба на анестетици кои ќе овозможат суфициентна седација и спонтано дишење, избегнување на манипулации кои можат да го иритираат дишниот пат и достапност на сите неопходни средства и опрема. Наброени се инструментите и техниките за интубација кај деца, различни сценарија кога не е возможна ниту вентилација ниту интубација, како и опремата што е задолжителна за третман на дишен пат кај педијатриски пациенти.

Во последните поглавја, авторката се задржува на техниките за обезбедување на тежок дишен пат. Се опишуваат основните принципи, индикации и контраиндикации и опремата за изведувањето на техниката на фибероптичка интубација, по што се зборува за фибероптичката бронхоскопија со примена на флексибилниот фибероптички бронхоскоп во анестезија. Прикажана е и корисноста од фибероптичката бронхоскопија во торакалната анестезија.

Како посебни групи на пациенти кај кои се јавува проблематичен дишен пат на крајот е вклучен третманот на дишен пат кај пациентите so trauma и пациентите со прекумерна телесна тежина. Од траума пациентите се издвоени оние со максилофацијални повреди, пациенти со повреди на грлото и ларинксот, како и оние со изгоретини на вратот и дишниот пат, додека пак водењето на анестезијата кај пациентите со прекумерна тежина претставува особен предизвик. Потенцирано е дека дијагнозата и брзата проценка кај овие пациенти е од круцијално значење.

Авторката завршува на крај со претставување на новите техники и средства за третман на тежок дишен пат, и тоа: техники за тешка вентилација и техники за тешка интубација.

Монографијата "Дишен пат-анестезиолошки аспекти" од авторот науч. сор. др Билјана Ширгоска е напишана со јасен, разбирлив и прецизен јазик и претставува дел кој недостасуваше во специјалноста по анестезија, реанимација и интензивна медицина. Обработка на темата на високо стручно ниво и вткаеното лично искуство на авторката го прават ова учебно помагало корисна литература за специјализантите по специјалноста анестезиологија со реанимација и интензивна медицина, но и за специјализантите по оториноларингологија и ургентна медицина. Монографијата има апликативен карактер и е од полза во решавањето и водењето на пациенти со тежок дишен пат. Максимално прецизно опишаните техники на третманот на тешкиот дишен пат ќе им бидат од огромна полза на анестезиолозите-практичари, но и на специјалистите-оториноларинголози и специјалистите по ургентпа медицина, како и на лекарите во итната медицинска помош, и сите ќе имаат забележлива корист во практиката.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесеното, имам чест и задоволство да предложам ракописот под наслов "Дишен пат-анестезиолошки аспекти" од авторот науч.сор. др Билјана Ширгоска да се процесуира до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ и да се испечати како монографија-учебно помагало. Воедно напоменувам дека со својата значајна клиничка апликативност, ова учебно помагало дава реална база за референтно дејствување во секојдневната анестезиолошка практика.

24.4.02013, Скопје

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. др Мирјана Шошолчева с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГРАДОВИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XVIII И XIX ВЕК“ ОД М-Р ШЕНЕР БИЉАЛИ, ПРИЈАВЕНА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на донесената одлука од страна на Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје бр. 10 - 476 од 15. XI 2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов: „Градовите во Македонија во XVIII и XIX век“ од кандидатот м-р Шенер Биљали, во состав: проф. д-р Јован Јанев, проф. д-р Ахмет Шериф, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Музафер Беслими и проф. д-р Силвана Сидоровска - Чуповска.

Откако наведената Комисија со посебно внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, од своја страна го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов „Градовите во Македонија во XVIII и XIX век“ од м-р Шенер Биљали се однесува на историографските теми во врска со проучувањето на градовите во Македонија во времето на турското владеење, област која за наведениот период само во одреден број на монографски трудови е обработа за посебни градови, но како тематска целина не е обработувана во рамките на македонската историографија. Историското запознавање на градовите во Македонија во времето на турското владеење претставува интересно научно прашање, непосредно поврзано со историското и културното минато на македонскиот народ и сите останати народи, кои што живееле на овие простори и области, како составни делови на големата Османлиска Империја.

Докторската дисертација композициски се состои од: „Вовед“, четири глави со по неколку наслови и поднаслови, „Заклучок“, „Прегледани и користени извори и литература“ и „Фотографии“.

Во воведот е обработен краток преглед на историскиот развиток на градовите во Македонија во текот на XVIII и XIX век, со образложение за нивната социјално-економска улога и значење. На одреден начин презентирани се историските факти во врска со освојувањето на градовите од страна на османлиите, како и нивниот демографски развој и промени одредени и рефлектирани според елементите на националната определба и припадност на населението.

Во содржината на првата глава со наслов „Градовите на Македонија од крајот на XVII и XVIII век", анализирани се неколку проблеми. Тие се однесуваат на социјално-економскиот и културно-цивилизацискиот развој на големите градови, села и населби; управно - административното организирање на територијата на Македонија, каде што во неколку точки е образложено провинциското управно-административно организирање на градовите до воведувањето на танзиматот. Потоа се разгледуваат елементите на беглербегскиот систем на управување; улогата и значењето на санџакбеговите и уредувањето на санџаците; пијаде и муселем санџаците и беговите, како и функционирањето на класичниот тимарски ситем и неговото нарушување; споредба на стариот систем на управување со новиот и на крајот управно-административното организирање на Паша-санџакот. Во наведената глава, исто така во рамките на посебна точка под наслов „Состојбата на христијанското, муслиманското и еврејското население", презентирани се важни статистички податоци за бројот на населението во градовите и останатите населени места во Македонија, образложени во контекст на временската хронологија.

Втората глава под наслов „Демографските промени во градовите на Македонија во XVIII и XIX век", од научна гледна точка , во голема мера е посветена на социјално-економските состојби и промени настанати во градовите на Македонија. Тие се задржуваат врз проучувањето на исламизацијата врз домородното население, со табеларен приказ на податоците; потоа се прави осврт на национално-етничките промени на населението во гадовите; развојните етапи на трговските, занаетчиските и еснафските центри во Македонија како што се градовите: Солун, Битола, Серес, Скопје, Драма, Велес, Прилеп и др. Во рамките на оваа глава проучени се и промените во начинот на живеењето на целокупното христијанско, муслиманско и еврејско население, при што во целата глава се приложени статистички податоци за демографските промени според административната поделба на територијата на Македонија.

Содржината на третата глава под наслов „Структурата на градското население" се однесува врз основа на проучувањето на неколку научни проблеми распоредени во неколку посебни точки. Во првата глава се разгледани историските процеси и појави на миграционите движења на населението од селата во градовите на Македонија, каде што на соодветен аналитички начин се дефинирани економските причини и последици за појавата на миграционите движења, како во Македонија и на Балканот, исто така и во однос на целокупната територија на Османлиската Империја. Во втората точка од наведената глава претставена е етничката структура на населението според административната поделба на територијата на Македонија, со приложени статистички податоци во санџаците на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает, кои се однесуваат на втората половина од XIX век. Во третата точка е извршена анализа на верската структура на населението по градовите, каде што се приложени статистички показатели во врска со неговата религиозна определба. Во четвртата точка

од наведената глава е извршен преглед на социјално-економската структура на населението по населените места и градови, неговите материјални можности и прилики во рамките на Османлиската инмперија, а посебно во Македонија. Кон составот на наведената глава, во одделна точка се регистрирани урбаните и градежните прилики и промени, кои настанале во Македонија, непосредно поврзани со начинот на живеењето на новата граѓанска класа претставена при развојот на новите капиталистички елементи од средината на муслиманската, еврејската и христијанската буржоазија.

Во составот на четвртата и последна глава од докторската дисертација под наслов „Преглед на статистички податоци во градовите на Македонија кон крајот на XIX век", во голема мера се презентирани општите, поединечните и посебните елементи на научно сознание за бројната состојба на целокупното население класифицирана според неговата национална припадност во рамките на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает. При оценката на истата глава, неопходно е да се нагласи, да се истакне и да се потенцира дека приложените податоци и, воопшто целокупноста на презентираната демографска состојба, во основа гледно, претставуваат нови сознанија за развојниот пат на македонските градови во текот на втората половина од XIX век.

Докторската дисертација е работена врз основа на одреден историски материјал (објавен и необјавен), документација, литература и статистички податоци објавени во времето на турското владеење во Македонија, посебно во текот на втората половина од XIX век. Претходното наведените сознанија и оцени, од своја страна потврдуваат дека м-р Шеннер Биљали извршил мошне обемни и исцрпни научни истражувања.

На крајот би истакнале дека самиот стил на пишување и интерпретирање на научните сознанија и оцени е реализиран на објективен начин и во секој случај гледано претставува нов пристап кон реализирањето на поставените задачи и од своја страна кандидатот м-р Шенер Биљали успеал да одговори на односната тема.

З А К Л У Ч О К

Со својот сериозен и одговорен пристап кон разглдувањето и анализата на многубројната документација и историографска литература, како и понудените одговори на поставените прашања кои произлегуваат од темата, може од своја страна да констатираме дека докторандот м-р Шенер Биљали ни се претставува како сериозен, одговорен и перспективен научен работник, кој може да се носи со предизвиците што ги носи научноистражувачката работа.

Врз основа на изнесеното, а согласно со законските барања содржани во Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломските и докторските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје, Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација има посебна чест и задоволство да му предложи на Советот

на Институтот за национална историја воСкопје, докторската дисертација на м-р Шенер Биљали „Градовите во Македонија во XVIII и XIX век " да ја прифати за одбрана.

Комисијата:

1. Проф. д-р Јован Јанев
_____с.р.

2. Проф. д-р Ахмет Шериф с.р.
_____

3. Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.
_____

4. Проф. д-р Музафер Беслими с.р.
_____

5. Проф. д-р Силвана Сидоровска – Чуповска с.р.
_____

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК ЗА РАБОТНОТО МЕСТО ИСТРАЖУВАЧ НА ВОКАЛНАТА НАРОДНА МУЗИКА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Советот на Институтот за фолклор “Марко Цепенков“ во Скопје бр. 02-193 од 17.4.2013 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор во звањето научен советник за работното место истражувач на вокалната народна музика. По завршувањето на објавениот конкурс во весникот “Нова Македонија” од 12.4.2013 година, Комисијата ги доби пристигнатите материјали и утврди дека на конкурсот се пријавил еден кандидат – д-р Родна Величковска, виш научен соработник на Институтот за фолклор “Марко Цепенков” во Скопје. Доставените документи на кандидатот содржат: 1. диплома за стекнување со научно звање - доктор на музички науки од областа на етномузикологијата; 4. решение за нострификација на диплома од докторските студии; 5. одлука од последниот избор во звањето виш научен соработник; 6. пријава со кратка биографија; 7. список на трудови во периодот од последниот избор и по еден примерок од секој труд. По извршениот преглед на доставената документација и со меѓусебна консултација, Комисијата го доставува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

КРАТКИ БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА Д-Р РОДНА ВЕЛИЧКОВСКА

Д-р Родна Величковска е родена на 20.2.1955 година во с. Горобинци, Св. Николе, Република Македонија. Основното образование го завршила во родното место. По завршувањето на средното музичко училиште „Илија Николовски – Луј“, на Инструменталниот отсек - флејта (1975) во Скопје, се запишала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Инструменталниот отсек - флејта и дипломирала во 1979 година. Постдипломски студии завршила во Белград, на Факултетот за музичка уметност, на Катедрата за музикологија и етномузикологија, на тема „Жетварското пеење во Македонија“, под менторство на проф. д-р Димитрије О. Големовиќ. Исто така, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот за уметност (Катедра за музикологија - етномузикологија) во Белград, на 20.12.2006 година, под менторство на проф. д-р Димитрија О. Големовиќ ја одбранила докторската дисертација

под наслов: „Музички дијалекти во македонското традиционално народно пеење - обредно пеење“, која претставува пример за систематична етномузиколошка студија во која се разгледува широк круг на прашања значајни како за донесување заклучоци за народното пеење на Македонија, така и пошироко - за балканското народно пеење.

Д-р Родна Величковска во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје работи од 1980 година, најпрвин како стручен соработник - мелограф на вокалната народна музика во Одделот за народна музика до 2000 година, кога е избрана во звањето асистент за работното место истражувач на вокалната народна музика, а во 2004 година е преизбрана во истото звање. Во 2007 година е избрана во звањето научен соработник, а во 2010 година во звањето виш научен соработник за работното место истражувач на вокалната народна музика.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од учебната 2008/2009 е наставник на постдипломските и докторските студии по фолклористика во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, по предметите: духовна култура (заедно со проф. д-р Зоранчо Малинов), етномузикологија, етноорганологија и фолклорни манифестации, ментор е на пет докторанди и на 4 магистранди. Од учебната 2010/2011 година до денес, ангажирана е како хонорарен професор по неколку предмети на студиската програма по етноколреологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научни трудови (статии)

1. Public presentation of the traditional harvest custom and singing in the Republic of Macedonia, Second symposium of the ICTM Study Group on Music and Dance in Southestern Europe, Izmir, Turkey, 2011, стр 125-129

2. Додолски и други обичаи и песни за повикување на дожд, *НУ Центар за култура,* Битола, 2010, стр. 10-25;

3. Лазарський спів як частина живої обрядової традиції в Македонії *СУЧАСНА ЗАРУЖБІНА ЕТНОЛОГІЯ АНТОЛОГІЯ,* Том 1, Київ, 2010, стр. 651-663.

4. Македонското традиционално пеење – Основни принципи за учење на традиционално пеење - прв дел, *НУ Центар за култура,* Битола, 2011, стр. 10-15;

5. Проблемот на "женското" во традиционалното пеење и "живата орална трансмисија" на теренот во Македонија, Музика, год. 14, бр. 17,Скопје, 2011 стр. 151-164.

6. Македонското ѓурѓовденското пеење, *Спектар*, год. XXIX, бр. 58 Меѓународно списание на Институтот за македонска литература, Скопје, 2011, стр. 551–564. 20-21.

7. Презентирање на русалиските игри на фестивалите во Република Македонија и надвор од неа, *Годишен зборник 2011*, Универзитет „Гоце Делчев", Факултет за музичка уметност, Година 2, број 2, Штип, 2011, стр.145-149.

8. "Презентирање на жетварски обичај и на жетварско пеење на репертоарот на културно-уметничките друштва"; *Етнолог, Ethnologist, 14*, Македонско етнолошко друштво, Скопје, 2012, стр. 80-85.

9. Macedonian Partisan songs of the Liberation War and Revolution" (во печат).

10. Картографирањето како метода за означување на музичко-дијалектната граница во македонското традиционално народно пеење (обредно пеење) *БАЛКАНСКИОТ ФОЛКЛОР КАКО ИНТЕРКУЛТУРЕН КОД, Научна конференција: ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА* Познањ, Полска 28-29 март 2012 година (во печат).

11. Изведувачката пракса во македонското традиционално пеење – Основни принципи за учење на традиционално пеење - втор дел, *НУ Центар за култура*, Битола, 2012, стр. 26-39.

12. „Areal investigation and typological systematization of the Macedonian traditional ritual folk singing", in *Musical Practices in the Balkans: Ethnomusicological Perspectives*; proceedings of the International conference held from november 23 to 25, 2011 / editors Dejan Despić, Jelena Jovanović, Danka Lajić-Mihajlović Belgrade : SASA : Institute of Musicology of SASA, 2012: 99–117.

Монографии:

1. MUSICAL DIALECTS IN THE MACEDONIAN TRADITIONAL FOLK SINGING- RITUAL SINGING -Author: Rodna Velickovska INSTITUTE OF FOLKLORE „MARKO CEPENKOV" – SKOPJE МУЗИЧКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ - ОБРЕДНО ПЕЕЊЕ - ... *www.scribd.com/.../ Rodna-Veličkovska-Muzičkite...* 27 април 2011; број на страници: 264.

2. МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ-Хрестоматија со мелопоетска анализа, *Маска*, Скопје, 2012, број на страници: 200.

3. МАКЕДОНСКО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕВАЊЕ (ЕТНОМУЗИКОЛОШКИ ОГЛЕДИ) Етнолошка библиотека, Посебна издања, књига 8 Српски генеалошки центар, Београд, 2013, број на страници: 214.

4. ИНТЕРНА СКРИПТА ОД ПРЕДАВАЊА ПО ЕТНОМУЗИКОЛОГИЈА, Универзитет „Гоце Делчев„ Штип, 2012.

5. ИНТЕРНА СКРИПТА ВЕЖБИ ПО ЕТНОМУЗИКОЛОГИЈА, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2012.

Учество на научни собири

- во земјата:

1. Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 39. Републички фестивал за народни песни и игри, „Илинденски денови“, Битола, јули/август 2010, со предавање и вежби под наслов: „Додолски и други обичаи и песни за повикување на дожд“.

2. Трибина одржана во рамките на Републичкиот фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“, Долнени, 2010, со предавање под наслов: Форми и содржини за презентирање на изворниот фолклор“.

3. Музичко – научна манифестација „Струшка музичка есен“, 11-13 септември 2010, со реферат под наслов: „Картографирањето и ареалните истражувања во етномузикологијата“.

4. Во организација на Македонската академија на науките и уметностите, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Националната академија на науките на Украина се одржа Македонско-украинската научна конференција, 1-3 октомври 2010, во Штип; учество со реферат под наслов: „Македонско-украинскиот музички фолклор во контекст на традиционалната култура”.

5. Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 41. Републички фестивал за народни песни и игри, „Илинденски денови“, Битола, јули/август, 2011, со предавање и вежби под наслов: „Македонското традиционално пеење – основни принципи за учење на традиционално пеење - прв дел“.

6. Трибина одржана во рамките на Републичкиот фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“, Долнени, 2011, со предавање под наслов: „Перспективи за презентирање на изворниот фолклор“.

7. Музичка научна манифестација „СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН“, 16 - 18 септември, 2011, Струга, со реферат под наслов: „Проблемот на *женското* во традиционалното пеење и *живата орална трансмисија* на теренот во Македонија“.

8. Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 40. Републички фестивал за народни песни и игри, *Илинденски денови,* Битола, 2012, со предавање и вежби под наслов: „Изведувачката пракса во македонското традиционално пеење – основни принципи за учење на традиционално пеење - втор дел“.

9. Втор меѓународен научен симпозиум „Духовната и материјалната култура во претхристијанскиот и христијанскиот период на територијата на Македонија“, Самоков, 14-16 септември 2011 година, со реферат под наслов “Додолски и други обичаи и песни за повикување на дожд “.

10. Меѓународен научен собир „Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура, Скопје, 7-8 ноември 2011 година, со реферат под наслов “Македонското ѓурѓовденското пеење“.

11. Меѓународен симпозиум „Популаризација на етнолошкото културно наследство“, Македонско етнолошко друштво, Скопје, 20-21

септември 2010 година, со реферат под наслов: „Презентирање на жетварски обичај и на жетварско пеење на репертоарот на културно-уметничките друштва".

12. Трибина одржана во рамките на Републичкиот фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски", Долнени, 2010, со предавање под наслов: „Фолклорот како жива сила на модерна оригинална аматерска култура".

13. Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 39-от Републички фестивал за народни песни и игри, „Илинденски денови", Битола, 2011, со вежби и предавање под наслов: „Македонското традиционално пеење – Основни принципи за учење на традиционално пеење - втор дел".

14. V македонско-руска научна конференција, одржана во Охрид од 17-19 јуни 2012 година, со реферат под наслов: „Македонско-руското традиционално народно пеење во контекст на структурно типолошките истражувања".

- во странство:

1. Second symposium of the ICTM Study Group on Music and Dance in Southestern Europe, Izmir, Turkey, 7-10 April, 2010, со тема под наслов: „Public presentation of the traditional harvest custom and singing in the Republic of Macedonia".

2. Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на Македонска скупност/Македонска заедница во Љубљана, април 2011, со предавање под наслов: „За македонската обредно пејачка традиција" и пеење на обредни песни.

3. Symposium *„Musical Practices in the Balkans: Ethnomusicological Perspectives" (Музичке праксе Балкана – етномузиколошке перспективе)*, во организација на Музиколошкиот институт и Оделението за ликовна и музичка уметност при Српската академија за науките и уметностите од 23 до 25 новември во Белград, 2011 година, со тема под наслов: „Areal investigation and tipologikal systematization of the Macedonian Traditional Ritual folk singing".

4. II интердисциплинална, меѓународна научна конференција БАЛКАНСКИОТ ФОЛКЛОР КАКО ИНТЕРКУЛТУРЕН КОД, која се одржа на 28-29 март 2012 година во Познањ, Полска, со реферат под наслов: „Картографирањето како метода за означување на музичко-дијалектната граница во македонското традиционално народно пеење (обредно пеење).

5. Mednarodni interdisciplinarni znanstveni simpozij/International Interdiscplinary Scholarly Symposium, Kultura v času druge svetovne vojne 1939 – 1945/Culture during the World War Two 1939 – 1945, Maribor, 7. – 8. јуни 2012, со тема под наслов: „Macedonian Partisan songs of the Liberation War and Revolution".

6. Трет научен симпозиум на ICTM (Study Group for Music and Dance in Southeastern Europe), одржан во Берово, 4-8 септември 2012 година, со реферат под наслов "Rural Singing Parallels: „Comparison of Formant Shift in

Macedonian and Bulgarian Rural Singing – First Steps", заедно со Бранислав Геразов и Искра Геразова.

Проекти:

Раководител на проект:

1. Проект „Улогата на жената во традиционалната обредна култура", како носител во периодот 1.1.2010 -1.1.2012 година со тема: „Улогата на жената во обредно-пејачката традиција".

Учество во проекти:

1. Мултимедијална енциклопедија Мултимедијално CD „Македонски музички фолклор", во подготовка и издание на СОКОМ, финансиран од Министерството за култура на РМ,- со две теми: „Жетварското пеење" и „Додоле и други обреди и песни за повикување на дожд".

2. Проект „Фолклорното наследство: истражување и дигитизација" како учесник во периодот 1.1.2009 до 31.12.2011 година со тема: Дигитализацијата на обредното пеење во Република Македонија", Раководител Катерина Петровска – Кузманова.

3. Проект „Обредите на постсоцијалистичкиот транзициски период" како учесник во периодот 1.1.2010 -1.1.2012 година со тема: „Етномузиколошка анализа на промените во македонското традиционално народно пеење од календарскиот обреден циклус", Раководител: Зоранчо Малинов.

4. Проект „Етнокултурните процеси во Украина и Македонија", Главни текови на современиот развој со тема: Традиционалната обредно-пејачка култура во Македонија 2010-2015. Раководител: Лидија Стојановиќ-Лафазановска. Трудот Лазарський спів як частина живої обрядової традиції в Македонії СУЧАСНА ЗАРУЖБІНА ЕТНОЛОГІЯ АНТОЛОГІЯ, Том 1, Київ, 2010, стр. 651-663, претставува дел од проектните ативности.

Рецензии:

1. Рецензент на четиригодишниот проект на Министерството за просвета и наука во Република Србија, во 2010 година.

2. Рецензент за ракописот на Роска Бадева „Мелографски записи на песните на Никола Бадев, во 2011 и промотор.

3. Рецензент за ракописот на Тимко Чичаковски, „Македонски традиционални музички инструменти", во 2011.

4.Рецензент за ракописот на на Горанчо Ангелов „Кеменето во Македонија" во 2011.

5. Промотор на книгата на Роска Бадева „Мелографски записи на песните на Никола Бадев, во 2012.

6. Рецензент за избор во научно звање на Марјан Јанковски.

7. Рецензент за избор во научно звање на Горанчо Ангелов.
8. Рецензент за избор во научно звање на Владимир Јаневски.
9. Рецензент за избор во научно звање на Велика Стојкова.
10. Рецензент за избор во соработничко звање за работното место истражувач на инструменталната музика и народните нструменти.
11. Рецензент за избор во соработничко звање за работното место истражувач на народните ора.

Други активности:

1. Член на Советот и селекционата комисија на Републичкиот фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски", Долнени, Прилеп и жири-комисија од 2010 до денес;
2. Член на Советот на Републичкиот фестивал за народни песни и игри, „Илинденски денови", Битола, 2007 година и жири - комисија за 2010 и 2011 и 2012 година.
3. Претседател на жири - комисијата на Меѓународниот фестивал за изворен фолклор, „Тодорица", Свети Николе во 2006 година и за 2010 и 2011 година;
4. Член на Одборот за доделување на државната награда „23 октомври", за 2010, како член на стручната комисија;
5. Член на Одборот за доделување на државната награда „23 октомври" за 2012 како претседател на стручната комисија;
6. Член на Советот за заштита на културно наследство, при Министерството на култура од 27. 5.2011 година.
7. Член на Комисијата за Годишната програма на Министерството за култура за центри, домови на култура и фолклор.
8. Член на редакциски одбор на списанието „Македонски фолклор".
9. Раководител на Етномузиколошкиот оддел во Институтот за фолклор.
10. Член во Советот за заштита на духовното културно наследство при Министерството за култура на Република Македонија.
11. Член на пописна комисија за 2012.
12. Одредници во Енциклопедијата на МАНУ;
13. Член во Комисијата за самоевалуација на Институт за фолклор „Марко Цепенков".
14. Член на Комисија за оцена или одбрана на магистерскиот труд на Горанчо Ангелов
15. Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерскиот труд на Џенгис Ибрахим.
16. Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерскиот труд на Тимко Чичаковски.
17. Член на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје.

*
* *

Во изборниот период од 19.3.2010 до 17.4.2013 година, д-р Родна Величковска покажа голем интерес за научноистражувачката работа, вршејќи теренски истражувања од областа на традиционалното народно пеење на Македонците, мотивирана од потребата за негово компарирање со традиционалното пеење на другите балкански народи и етнички заедници, во рамките на научноистражувачките проекти во Институтот и надвор од него. За таа цел, кандидатката консултирала архивска граѓа и други извори од големо значење за нејзините теми во проектите, како и обемна и соодветна литература.

Во изборниот период, кандидатката учествувала на 20 меѓународни научни собири и конференции во земјата и во странство со сопствени оригинални научни прилози. За вложениот труд на кандидатката во наведениот период, 2010-2013 година, убедливо говори нејзината библиографија: 10 оригинални научни статии; 3 книги и интерна скрипта од предавања и од вежби по Етномузикологија, за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, 2012

Неколку збора за книгата на др Р. Величковска, *Македонско традиционално народно певање (етномузиколошки огледи)*. Имајќи предвид дека се занимава со човекот како „музичко битие“, етномузикологијата, како „основна наука за музиката“, посегнува по есејот како идеална форма на кажување. Таа во него ги спојува науката и книжевноста, приближувајќи му ја на читателот материјата која по својата природа му е блиска, но која може исто така да биде и далечна, кога е обработена со тесностручна научна апаратура, која прави „резултатот“ да им е разбирлив само на професионалците.

Есеите за македонското традиционално народно пеење на Родна Величковска, како што тоа често се случува кај другите автори, не се „чисти примероци“ на овој жанр како што би можеле да очекуваме од нивното заедничко име, но своето име го „оправдуваат“ со своите особини. Начинот на кој се напишани е едноставен и топол, истовремено и дескриптивен. Во нивното одредување како есеи во голем дел учествува и тематиката на која ѝ припаѓаат, а која најчесто се однесува на некој од обредите/обичаите и улогата на музиката во нив (водичарски, лазарски, ѓурѓевденски, додолски и сведбени.) Покрај тоа, огледите на Р. Величковска се однесуваат и на одредени жанрови на народното пеење (балди и ороводни песни). Во одреден број есеи во книгата доминира „науката“, така што тие зборуваат за музичките дијалекти, терминологијата која се користи во пеењето, како и различните проблеми како што се, на пример, македонско свадбено пеење во однос на словенската и балканската традиција, но и регионалните и трансрегионалните особини на македонското жетварско пеење. Без сомнение, особено е интересно компаративното проследување на македонското и украинското пеење, по кое посегнува авторката на книгата од потребата за воспоставување на „словенските историски врски“. На крајот, вниманието во книгата се свртува кон транспозицијата на фолклорот кон неговата сценска презентација на примерот на жетварските обреди. Огледите на Р. Величковска се интересно и инспиративно четиво за секој кој е заинтересиран за македонското традиционално

народно пеење. Сликата за него ја надополнуваат и транскрипции на песните, како и скиците кои се однесуваат на распространетоста и различните особености на македонското традиционално пеење. Требе да се истакне дека тие се дадени остроумно во прилогот, а не во текот на книгата, за да не го попречат доживувањето од кажувањето кој е типичен за огледот како книжевен жанр.

Книгата „Македонското традиционално народно пеење (Хрестоматија со мелопоетска анализа)" од Родна Величковска, на јавноста ѝ дава значајни информации поврзани со македонското традиционално народно пеење со цел да се утврдат неговите музички специфики. Централното место во текстот му припаѓа на обредното пеење поврзано со календарскиот и животниот циклус на обреди, а научноистражувачкиот инструментариум е поткрепен со детална мелопоетска анализа на песните, при што се истакнуваат сите музичко дијалектни специфики на македонското традиционално народно пеење. Во реализација на книгата, авторката постапно и исцрпно се осврнува на историската динамика на пеењето, развојот на музичко-фолклорната традиција, на собирањето и проучувањето на вокалната народна музика низ жанровското претставување на системот на македонскиот музички фолклор со неговите музичко-дијалектни особености како негов посебен белег. Во „Македонското традиционално народно пеење (Хрестоматија со мелопоетска анализа)", особено место зазема значењето и функцијата на обредното пеење во рамките на македонскиот обреден фолклор преку соодветни нотни примери и нивна мелопоетска анализа. Хрестоматијата е составена врз основа на уникатни ахивски материјали и звучни записи од Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје од 1952 година до денес, а при изборот на материјалот особено значење се придава на групната и индивидуалната изведба. Сето ова на книгата и дава особено значење, бидејќи во повеќето региони на Македонија денес музичката фолклорна традиција се наоѓа во стадиум на исчезнување.

Книгата „MUSICAL DIALECTS IN THE MACEDONIAN TRADITIONAL FOLK SINGING - RITUAL SINGING" (Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење - обредно пеење) претставува пример на систематска етномузиколошка студија во која се проучува широк круг на прашања значајни како за донесување на заклучоци за народното пеење во Македонија, така и пошироко, во балканското народно пеење.

Во интерната скрипта од предавања опфатени се темите кои се однесуваат на историскиот развој на етномузикологијата (компаративната музикологија и нејзините претставници; дефиниција, значењето на пронаоѓањето на фонографот (документирање на граѓата); центри за истражување и архивирање на фолклорна музика во Европа југословенските држави пред и по Втората светска војна), како и музичко-фолклорните карактеристики (анонимност, импровизација, синкретизам и континуитет); дел од предавањата се однесуваат на поимот народна песна, за македонското традиционално народно пеење; улогата, односно

функцијата на песните во животот на луѓето; улогата на жената во македонското традиционално народно пеење и карактеристики на песните по жанрови и типови во традиционалното пеење и нивна систематизација). Застапени се предавања за традиционалната култура и музичкиот фолклор во кои се опфатени теми за времето и просторот); за спецификата на музичкиот фолклор (усност, варијантност, колективност, полистадијалност и музичко-фолклорна традиција). Посебно се истакнати предавањата за анализата на мелопоетските форми.

Во интерната скрипта од вежби по етномузикологија се застапени 53 нотни записи од песни во кои се опфатени сите жанрови на македонската обредно пејачка традиција. Во нив се застапени примери на едногласно и двогласно пеење со сите мелодиски и ритмички карактеристики.

Со тоа, кандидатката внела значајни иновации во методологијата на истражувањето, а во рамките на постдипломските и докторските студии придонела да се образуваат нови стручњаци, како и во сочувувањето и популаризирањето на македонското музичко-фолклорно наследство. Дејствувала во домашни и меѓународни здруженија, во редакцијата на научното списание „Македонски фолклор", соработувала во жири-комисиите на фолклорни смотри и фестивали на традиционалната музика.

ПРЕДЛОГ

Д-р Родна Величковска со своето искуство, знаење и научен опус кој го сочинуваат бројните научни студии, и неколкуте книги кои ја ставаат во самиот врв на македонската етномузикологија, заслужува да напредува во звањето научен советник. Врз основа на изнесеното во извештајот, Комисијата смета дека д-р Родна Величковска, виш научен соработник, ги задоволува пропишаните критериуми по сите основи. Во таа смисла, имаме чест да му предложиме на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, да ја избере кандидатката во звањето **научен советник**, на работното место **истражувач на вокалната народна музика**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Димитрије О. Големовиќ, редовен професор, с.р.

2. Д-р Оливера Васиќ, редовен професор, с.р.

3. Д-р Катерина Петровска- Кузманова, научен советник, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Родна Душан Величковска**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **етномузикологија, фолклористика**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: Настава и колсултации од прв и втор циклус студии	Поени
	Учебна **2010-2011; 2011/2012; 2012/203**	
1.	Предавања од прв циклус студии: етномузикологија 1 - зимски семестар - 2*15*0,04*3	3,6
2.	Предавања од прв циклус студии: етномузикологија 3 - зимски семестар - 2*15*0,04*3	3,6
3.	Предавања од прв циклус студии: историјат на етномузикологијата - зимски семестар - 2*15*0,04*3	3,6
4.	Предавања од прв циклус студии: етномузикологија 2 - летен семестар - 2*15*0,04*3	3,6
5.	Предавања од прв циклус студии: етномузикологија 4 - летен семестар - 2*15*0,04*3	3,6
6.	Предавања од втор циклус студии: духовна и материјална култура - зимски семестар - 2*15*0,05*2	3
7.	Предавања од втор циклус студии: теренска фолклористика - зимски семестар - 2*15*0,05*2	3
8.	Предавања од втор циклус студии: етномузикологија /етноорганологија - зимски семестар - 2*15*0,05*2	3
9.	Предавања од втор циклус студии: фолклорни манифестации - зимски семестар - 2*15*0,05*1	1,5
10.	Вежби од прв циклус студии: етномузикологија 1 - зимски семестар – 2*15*0,03*3	2,7
11.	Вежби од прв циклус студии: етномузикологија 3 - зимски семестар – 2*15*0,03*3	2,7
12.	Вежби од прв циклус студии: етномузикологија 2 - летен семестар – 2*15*0,03*3	2,7
13.	Вежби од прв циклус студии: етномузикологија 4 - летен семестар – 2*15*0,03*3	2,7
14.	Вежби од прв циклус студии: историјат на етномузикологијата - летен семестар – 1*15*0,03*3	1,35
15.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски	1,2

	труд - 0.2*2*3	
16.	Интерна скрипта од предавања по етномузикологија - 1*4	4
17.	Интерна скрипта од вежби по етномузикологија - 1*3	3
	Вкупно	**38.85**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: Објавени монографии, трудови, проекти, учество на научни собири, секциско предавање, менторство	Поени
1.	Ментор на пет (5) докторанди - 3*5	15
2.	Ментор на четири (4) магистранди - 1*4	4
3.	Раководител на национален научен проект - 6*1	6
4.	Учесник во национален научен проект - 3*3	9
5.	Монографија (детални податоци во текстуалниот дел) - 8*2	16
6.	Монографија во странство - 12*1	12
7.	Три (3) труда со оригинални научни резултати, објавени во научни/ стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор (детални податоци во текстуалниот дел) - 3*6	18
8.	Шест (6) труда со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија (детални податоци во текстуалниот дел) - 2*6	12
9.	Учесник на меѓународен научен симпозиум - 2*11	22
10.	Учесник на домашен научен симпозиум - 1*8	8
	Вкупно	**122**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Член на Советот на фестивалот „Пеце Атанасовски“- Долнени, за 2010, 2011, 2012 и „Илинденски денови“ за 2010, 2011, 2012 - 1*6	6
2.	Член на национална жири-комисија на фестивалите „Тодорица“ 2010; „Пеце Атанасовски“- Долнени, за 2010, 2011, 2012 и „Илинденски денови“ за 2011, 2012 - 1*6	6
3.	Учество во Комисија за доделување на државната награда „23 октомври“ за 2012 година како претседател	1
4.	Учество во Комисија за Годишна програма на Министерството за култура за 2013 година за центри, домови на културата и фолклор	1

5.	Учество во Комисија за доделување на државната награда „23 октомври“ за 2010 година како член	1
6.	Член на Управен одбор на НУ„Танец“	1
7.	Раководител на внатрешна организациона единица	3
8.	Координатор на студиска програма	1
9.	Учество во Комисија за изработка на национална програма од одредена област (Совет за заштита на нематеријалното културно наследство)	2
11.	Член на редакцијата на списанието „Македонски фолклор“	0,5
12.	Член на институтска комисија 0,5*2	1
13.	Учество во комисија за звање - 0,2*4	0,8
14.	Учество во странска комисија за оцена на проекти - 0,2*1	0,2
	Вкупно	**24,5**
	Професионални референци на кандидатот за избор во звање	
1.	**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**	122
2.	**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**	38.85
3.	**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**	24,5
	Вкупно	**85,35**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Димитрије О. Големовиќ, редовен професор, с.р.

2. Д-р Оливера Васиќ, редовен професор, с.р.

3. Д-р Катерина Петровска- Кузманова, научен советник, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.4.2013 година (бр.07-611/3), избрани сме за рецензенти по пријавата на д-р Милица Ристовска, доцент, за избор на еден наставник во сите наставно - научни звања по група предмети од областа морфологија и систематика на хордатните животни. По разгледувањето на доставената документација, со особена чест избраната Рецензентска комисија во состав: д-р Биљана Караман - редовен професор на ПМФ во Скопје, во пензија; д-р Маја Јорданова - вонреден професор на ПМФ во Скопје и д-р Дана Прелиќ - редовен професор на ПМФ во Скопје го поднесува следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Доц. д-р Милица Ристовска е родена на 24.1.1970 година во Штип. Основното и средното образование го завршила во Скопје. Во учебната 1987/88 се запишала на Природно-математичкиот факултет – група: биологија, во Скопје, а студиите ги завршила во 1993 со среден успех 9,15.

Во учебната 1994/95 се запишала на постдипломските студии на еколошко-таксономската насока на Институтот за биологија при ПМФ во Скопје. Од март 1995 волонтирала на Зоолошкиот завод при Институтот за биологија, а од јануари 1996 се вработила како стручен соработник на истиот Завод. Магистерскиот труд под наслов "Раниот онтогенетски развиток на хондрокраниумот и остеокраниумот кај *Salmo letnica* Karaman (Teleostei, Salmonidae)", изработен под менторство на проф. д-р Биљана Караман, успешно го одбранила во април 2002. На 31.10.2002, била избрана во звањето асистент, а во ноември 2005 била реизбрана во истото звање. Истражувањата на кандидатката по одбраната на магистерскиот труд беа насочени кон конструкциско-морфолошки пристап кон онтогенијата на кранијалниот "Bauplan". Како резултат на овие повеќегодишни истражувања ја изработила и во јануари 2008 ја одбранила докторската дисертација со наслов: "Раниот развиток на кранијалните и посткранијалните структури кај *Salmo letnica* (Karaman, 1924) (Teleostei: Salmonidae)", под менторство на проф. д-р Биљана Караман и коменторство на проф. д-р Dominique Adriaens (Универзитет во Гент, Белгија). Дисертацијата е напишана на македонски и англиски јазик. Во звањето доцент од областа на морфологија и систематика на хордатните животни била избрана во септември 2008.

Научноистражувачката активност на доц. д-р Милица Ристовска главно е насочена во областа од споредбената анатомија, особено кон проблематиката на развитокот на скелетот кај рибите. Во изминатиот период, под менторство на проф. д-р Биљана Караман, совладала различни хистолошко-анатомски техники, неопходни за ваков вид истражувања. Во фокусот на истражувањата, пред сé е

структурната онтогенија на кранијалниот и посткранијалниот систем кај рибите. Бидејќи станува збор за мултидисциплинарен тип на истражување, неколку пати (1998, 2000, 2004, 2006) д-р Милица Ристовска престојувала во Лабораторијата за еволутивна морфологија, при Универзитетот во Гент, Белгија, каде што под раководство на проф. д-р Walter Verraes и проф. д-р Dominique Adriaens ги совладала сите современи техники од областа на функционалната морфологија кои успешно ги спроведува и во матичната институција. Станува збор за методи кои овозможуваат истражувања на составот и текстурата, вклучувајќи ја и топографската позиција на анатомските делови, како дел од интегрираниот дизајн ("Bauplan"). Сознанијата добиени со ваквиот тип на истражување се неопходни за целосно да се разбере морфологијата на органот и/или организмот на структурно ниво, а од друга страна овозможуваат да се добие јасна слика за адултната морфологија на истражуваниот организам.

Во последниве години, Одделението за споредбена анатомија, заедно со Одделението за инвертебрата и анимална екологија при ПМФ и Одделението за рибарство при Институтот за сточарство, спроведе повеќе истражувања кои се насочени кон евалуација на квалитетот на водната средина, врз основа на две биолошки компоненти: макроинвертебратите и рибната фауна. На овој начин, научноистражувачката дејност на Одделението со кое раководи д-р Милица Ристовска се одвива во доменот на две научни дисциплини - морфологија на риби и ихтиологија.

Во изминатиов период, д-р Милица Ристовска била:

соработник на Fish Base (Code No. 1721) за *Salmo letnica* од 2007 година (www.fishes.com/Collaborators).

член на Комисија за оцена или одбрана на докторат под наслов:

"Pastrmke (*Salmo* L., 1758) rijeka Crne Gore – diverzitet, taksonomski status i filogenetski odnosi" m-r. Danilo Mrdak, Univerzitet u Beogradu, Biološki fakultet;

член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура под наслов:

"Форензичко значење на траги од усни", Марјана Мирческа, ПМФ – УКИМ;

- рецензент на универзитетски учебник:

"UVOD U IHTIOLOGIJU", Predrag Simonović, Bioloski fakultet, Univerzitet u Beogradu. Beograd (2010).

Во прилог на биографијата кандидатката доставува Образец кон извештајот за избор во наставно-научно научно, наставно-стручно и соработничко звање, каде што според Законот за високото образование, член 132, став 6, вреднувани се сите наставни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности во периодот од вработувањето на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет, па сé до денешен ден.

НАСТАВНА АКТИВНОСТ (2008-2013)

По изборот во звањето доцент, кандидатката е вклучена во изведувањето на следната настава:

I. Прв циклус на студии

Од учебната 2008 до денес ја изведува теоретската и практичната настава на првиот циклус студии по биологија по следниве предмети:

- споредбена анатомија (студии по биологија-наставна насока);
- типологија на животни II (студии по биохемија и физиологија);
- основи на систематска зоологија - Chordata (студии по молекуларна биологија);
- вертебрата ('Рбетници) (студии по биологија-наставна насока) (2008/09);
- основи на анатомија на човек (студии по биохемија и физиологија и студии по молекуларна биологија);
- хистологија, ембриологија и анатомија на човек (студии по биологија-наставна насока;
- одбрани поглавја од онтогенијата на 'рбетниците (студии по биологија-наставна насока).

II. Втор циклус на студии (доделена настава)

Од учебната 2008 до денес избрана е да учествува во реализацијата на предметните програми на вториот циклус студии по биологија по следниве предмети:

- одбрани поглавја од микроанатомија;
- стереологија и алометрија;
- онтогенија на одредена група 'рбетници;
- современи истражувања во екологијата;
- организам и средина;
- екологија на загадена средина;

како и одбрани поглавја од ихтиологија за студентите од вториот циклус студии, организиран при Институтот за сточарство.

Од изборот за доцент, д-р Милица Ристовска подготвила 4 интерни скрипти за студентите од Институтот за биологија: Споредбена анатомија (2009) - интерна скрипта, предавања, Основи на систематска зоологија - Chordata (2009) - интерна скрипта, предавања, Одбрани поглавја од онтогенијата на 'рбетниците (2012) - интерна скрипта, предавања и еден лабораториски практикум - Споредбена анатомија (2009).

Два мандата (2009-2011 и 2011-2013) е координатор на наставната насока на Институтот за биологија, а од 2010 година е раководител на вториот циклус студии на Институтот за биологија. Учествувала во подготовката на елаборатите за акредитација на првиот и вториот циклус студии на Институтот за биологија.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од моментот на вработување до изборот во звањето доцент, наставната и научната активност на кандидатката е анализирана и објавена во билтените бр. 08-1905/1 од 27.12.1995 год.; бр. 716 од 1.10.1998 год.; бр. 811 од 30.9.2002 год.; бр. 880 од 3.10. 2005 год. и бр. 946 од 15.7. 2008 год.

Резултатите од научноистражувачката работа во периодот од 2008 до 2013 година кандидатката ги презентирала во 12 соопштенија на научни собири од меѓународен карактер и објавила 6 оригинални научни трудови (од кои 1 со фактор

на влијание). Исто така, во изминатиот период д-р Милица Ристовска била учесник во реализирањето на еден двогодишен национален проект и два едногодишни национални проекта.

Список и анализа на објавени трудови по изборот во звањето доцент (2008-2013)

1. Kostov, V., Rebok, K., Slavevska-Stamenković, V. & **Ristovska, M.** (2010): Fish fauna of the River Bregalnica (Republic of Macedonia). http://www.balwois.com/balwois /administration/full_paper/ffp-1704.pdf.

Во трудот се презентирани резултатите добиени од фаунистичките истражувања на рибната фауна по течението на реката Брегалница (лева притока на Вардар) на 18 мерни места, во периодот 2007-2009. Резултатите од истражувањата покажаа присутсво на 21 вид на риби, кои припаѓаат на 7 фамилии. Cyprinidae претставува квантитативно доминантна фамилија во истражуваниот екосистем, што е резултат на високата застапеност на *Barbus balcanicus*. Особено внимание во трудот е посветено на следење на промените во структурата на рибната заедница по должина на лонгитудиналниот градиент и анализа на факторите кои ги предизвикале овие промени. Силна редукција на бројот на видови и густината на нивните популации е забележана на мерните места по градовите Берово, Делчево, Кочани и Штип, што се должи на негативното влијание на комуналните, индустриските и отпадните води од свињарските фарми, како и по браната Калимаци, што е предизвикано од силната хидроморфолошка промена на речното корито. Како препорака, авторите ја истакнуваат потребата од понатамошни ихиолошки истражувања на реката Брегалница и нејзините притоки, во правец на вклучување на оваа биолошка компонента во идни мониторинг-студии.

2. **Ristovska M.,** Kostov, V., Prelic, D., Slavevska-Stamenković, V. & Arsovska, J. (2011): Fish community structure and water quality assessment of Babuna River: Journal of International Environmental Application & Science, 6(4): 508–517.

Во фокусот на вниманието на авторите на овој труд е анализа на составот и структурата на рибната фауна од реката Бабуна (десна притока на Вардар) и, последователно, проценка на еколошкиот статус на екосистемот. Причина повеќе за избор на Бабуна е фактот што оваа река е еден од можните ареали на распространување на *Zingel balcanicus*, вретенарот. Во периодот август-септември 2010 година спроведени се истражувања на 7 мерни места по должината на реката. Констатирано е присуство на 17 видови риби од 4 фамилии. Во трудот се дискутира лонгитудиналната дистрибуција на рибната фауна и возрасната структура на доминантните видови, како значаен параметар за репродуктивната состојба на популациите. Биолошката проценка врз основа на EFI - индексот покажа дека истражуваниот екосистем генерално се одликува со добар еколошки статус, иако на одредени локалитети се забележани знаци на интензивна еутрофикација. Авторите на трудот ја истакнуваат потребата од идна адаптација на овој индекс за просторот на Р. Македонија, што подразбира дополнување на индикаторските листи дадени во базата на FAME - софтверот со индикаторски вредности за видовите познати како локални ендемити. Присутството на *Z. balcanicus* не е потврдено. Според IUCN - црвената листа, статусот на загрозеност на овој вид е неопределен (Data Deficient-DD), па така резултатите од

истражувањата имаат значаен придонес во идно расветлување на состојбата со популациите на вретенарот во Р. Македонија.

3. Kostov, V., **Ristovska, M.,** Slavevska-Stamenković, V., Miljanović, B. & Paunović, M. (2011): Setting up a system for ecological status assessment based on fish fauna - The Pčinja River - case study. Animal Science, 1 (2): 369–376.

За подрачје на свој научен интерес авторите го избираат речниот екосистем Пчиња. Истражувања се спроведени во месеците јуни, август и септември 2009 година на 8 мерни места, поставени од изворишниот регион (Р. Србија) сè до вливот во Вардар (Р. Македонија). Рибната населба во овој екосистем ја сочинуваат 16 видови риби, од кои 13 се автохтони, а 3 се интродуцирани. Врз основа на доминантноста на ципринидните риби (94,89%), Пчиња припаѓа на групата на ципринидни води. Со помош на CA (*Correspondence Analysis* - кореспондентна анализа), извршено е групирање на локалитетите по сличност по однос на составот на рибната фауна. Вредностите на EFI -индексот (0,52-0,61) укажуваат на добар еколошки статус на Пчиња од изворишниот регион (T1) до локалитетот Шупли Камен (T5). Согласно со препораките на авторите, мерното место T6 (влив на Кумановка во Пчиња) е исклучено од пресметката на EFI -индексот. Како резултат на негативното влијание на Кумановка, еколошкиот статус на мерното место Искрин Мост (T7) е влошува и е оценет како прифатлив. Врз основа на вредностите на индексот (0,42) констатиран е добар кон прифатлив статус на вливот на Пчиња во Вардар (T8). Во прилог на оваа констатација е присуството на умерено сензитивните жители (*A. bipunctatus* и *S. vardarensis*) на потамонскиот регион.

4. Slavevska-Stamenković, V., Paunović, M., Miljanović, B., Kostov, V., **Ristovska, M.** & Miteva, D. (2011): Water Quality Assessment Based on the Macroinvertebrate Fauna - the Pcinja River Case Study. Water Research and Management, 1 (2): 63-69.

Авторите на трудот, следејќи ги препораките на Рамковната директива за води, (Water Framework Directive, 2000) во рамките на истражувањата на речниот екосистем Пчиња ги вклучуваат и макроинвертебратите. За колекционирање и обработка на материјалот се применети општо прифатените и валидни европски стандарди (EN 28265:1994, EN 27828:1994, EN 9391:1995). Биолошката проценка е извршена со примена на индексот на богатство со EPT - фамилии и BMWP и ASPT - индексите, а со помош на ASTERICS верзија 3.3 совтверот. Релативно високи вредности (7-14 фамилии) на EPT -фамилиите се забележани од изворишниот регион, па сè до мерното место T7 (Искрин Мост). Овој генерален тренд е значајно нарушен на вливот на Кумановка во Пчиња (T6), каде што се регистрирани најниски вредности на EPT - индексот (2 фамилии). Главни членови на бентосната заедница се Hirudinea, Isopoda, Chironomidae и Oligochaeta, групи познати по својата висока толерантност на загадување. Вливот на Пчиња во Вардар (T8) се карактеризира со ниски вредности на EPT (3 фамилии), што укажува на промената на типот на водотекот, како и на присуство на умерено оптоварување. Врз основа на вредностите на BMWP и ASPT - индексите е утврден релативно добар еколошки статус од изворишниот регион (T1) до локалитетот Шупли Камен (T5). Ниските вредности (38 и 3,45) на овие индекси јасно укажуваат на неповолни услови (слаб статус) на вливот на Кумановка во Пчиња (T6). Мерните места T7 (Искрин Мост) и T8 (влив на Пчиња во Вардар) се карактеризираат со умерен, односно прифатлив

кон умерен еколошки статус. Следејќи го искуството на земјите од ЕУ, авторите препорачуваат изработка на нови индикаторски листи соодветни за примена во Р. Македонија, како и модификација на оригиналните верзии на BMWP и ASPT - индексите.

5. V. Kostov, **M. Ristovska,** D. Prelić, V. Slavevska-Stamenković (2011). Assessement of the Ecological Status of the Crna River Based on the Fish Fauna-Contribution of the Establishment of the Monitoring System of Rivers in R. Macedonia. Macedonian Journal of Animal Science. Vol. 1, No. 1, pp. 261–270.

Во овој труд се прикажани резултатите од истражувањата на ихтиофауната од Црна Река. Главна цел е проценка на еколошкиот статус на речниот екосистем. За таа цел, во месеците август, септември и октомври 2006 година, со помош на европски прифатени стандарди ((EN 14011; CEN, 2003) е колекциониран материјал од 12 мерни места (вклучувајќи ја и акумулацијата Тиквеш). Структурата на заедницата е определена со помош на структурните индекси на богатство (d), диверзитет (H'), хомогенитет ($J_{(\epsilon)}$) и сличност (S). Евидентирано е присуство на 29 видови кои припаѓаат на 9 фамилии риби. Забележано е опаѓање на диверзитетот на ихтиоценозата во лонгитудинален правец. Вредностите на EFI - индексот индицираат добар еколошки статус по течението на Црна Река од изворот (T1) сé до мерното место T_3 (Бучин). По вливот на реката Блато кај профилот „Тројкрсти" (T_4), еколошкиот статус на речниот екосистем се влошува. Констатиран е прифатлив еколошки статус на мерните места поставени во долното течение на реката. Исклучок е профилот под градот Битола, Скочивир (T7), кој според вредностите на EFI - индексот (0,09) се одликува со лош еколошки статус. Примената на споменатите параметри за анализа на структурата на заедницата на рибната фауна и EFI - индексот може да послужи како основа за воспоставување на иден мониторинг систем за проценка на еколошкиот статус на реките во Р. Македонија врз основа на рибната фауна.

6. Slavevska-Stamenković, V., Paunović, M., Smiljkov, S., Stafilov, T., Prelić, D., **Ristovska, M.,** Gačić, Z. & Atanacković, A. (2012): Dynamic of the Mantovo Reservoir (Republic of Macedonia): 2003-2004 case study. Biologia, 67(6): 1129-1142.

Во овој труд авторите ги дискутираат просторните и временските промени на лимнолошките карактеристики, со цел да се добијат подетални информации за процесите кои се одвиваат во акумулацијата Мантово. Спротивно од други акумулации, не е забележан изразен лонгитудинален градиент за суспендирани органски материи и нутритиенти (нитрати, нитрити, вкупен фосфор) во водата. И покрај тоа, процесите на термичка стратификација имаат силно влијание врз метаболизмот и структурата на езерскиот екосистем. Забележани се сигнификантни вертикални и лонгитудинални разлики во концентрацијата на O_2, CO_2, pH и тешки метали. Авторите на трудот посветиле значајно внимание на анализа на степенот на поврзаност помеѓу доминантните видови на макроинвертебрати и факторите на средината. Со помош на методот на ординација CCA (*Canonical Correspondence Analysis* - канониска кореспондентна анализа), утврдени се параметрите кои ја условиле дистрибуцијата на макроинвертебратите. Температурата, концентрацијата на растворен кислород и манган во водата се главни фактори кои ја контролираат просторната дистрибуција на *Limnodrilus hoffmeisteri* и *Chironomus* gr. *plumosus*. Спротивно, *Chaoborus crystallinus* се јавува со значително висока застапеност

(97,21%) во најдлабокиот дел на езерото кој се одликува со ниски концентрации на O_2, а високи на Mn. *Cladotanytarsus* gr. *mancus* го населува поплиткиот дел (литорал и сублиторал) од акумулацијата кој се карактеризира со поволни кислородни услови, но и со присуство на повисоки вредности на нитрати. Ниту еден од факторите вклучени во CCA не ја објаснува дистрибуцијата на *Procladius* sp. Авторите претпоставуваат дека комбинација на фактори кои не се вклучени во анализата, ја регулираат дистрибуцијата на *Procladius* sp. во акумулацијата Мантово.

Соопштенија на научни собири

Кандидатката приложува 12 соопштенија од учество на меѓународни научни собири од изборот во доцентско звање.

1. **M. Ristovska**, B. Karaman, B. De Kegel, W. Verraes and D. Adriaens (2008): Ontogeny of the branchial muscles of the Ohrid trout (*Salmo letnica* Karaman, 1924). Joint Meeting of Ichthyologist and Herpetologists 23-28 Juli 2008. Montreal, Canada.
2. Kostov, V., **Ristovska, M.**, Slavevska-Stamenković, V. Miljanović, B. and Paunović, M. (2010): Water quality assessment based on fish fauna and macroinvertebrates. Case study on Pcinja River. BALWOIS, Conference on water observation and information system for decision support, 2010. Ohrid.
3. Kostov, V., **Ristovska, M.**, Rebok, K., Slavevska-Stamenković, V. (2010): Fish fauna of River Bregalnica (R. Macedonia). BALWOIS, Conference on water observation and information system for decision support, 2010. Ohrid.
4. Kostov, V., **Ristovska, M.**, Slavevska-Stamenković, V., Hristovska, D. Petrova, D. and Mirkovska, M. (2010): Biocenological investigation of fish fauna from Pcinja River and Kriva reka (R. Macedonia). BALWOIS, Conference on water observation and information system for decision support, 2010. Ohrid.
5. Kostov,V., Petrova, D., Hristovska, D., Mirkovska, M., **Ristovska, M.** and Slavevska-Stamenkovic, V. (2010): Nutrition status of Chub (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928) from Pcinja River during summers season. Preliminary results. BALWOIS, Conference on water observation and information system for decision support, 2010. Ohrid.
6. **M. Ristovska**, V. Kostov, D. Prelic, V. Slavevska-Stamenković, J. Arsovska (2011): Fish Community Structure and Water Quality Assessment of Babuna River. International Conference on Carstic Water Bodies Alblakes, Elbasan, Albania 9-11 June 2011.
Научна област: сценски говор со техника на глас

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Сценски говор со техника на глас 1 (летен семестар 2007) часа 3*15* 0,04	1,80
2	Сценски говор со техника на глас 2 (зим. сем.-вежби 2008) часа 3*15* 0,04	1,80
3	Сценски говор со техника на глас 3 (лет. сем.-вежби 2008) часа 3*15* 0,04	1,80
4	Сценски говор со техника на глас 4 (зим. сем.-вежби 2009) часа 3*15* 0,04	1,80
5	Сценски говор со техника на глас 5 (лет. сем.-вежби 2009) часа 3*15* 0,04	1,80
6	Сценски говор со техника на глас 6 (зим. сем.-вежби 2010) часа 2*15* 0,04	1,20
7	Сценски говор со техника на глас 1 (лет. сем.-вежби 2011) часа 3*15* 0,04	1,80
8	Сценски говор со техника на глас 2 (зим. сем.-вежби 2012) часа 3*15* 0,04	1,80
9	Сценски говор со техника на глас 3 (лет. сем.-вежби 2012) часа 3*15* 0,04	1,80
10	Сценски говор со техника на глас 4 (зим. сем.-вежби 2013) часа 3*15* 0,04	1,80
12	Сценски говор со техника на глас 7 (лет. сем.-вежби 2006) часа 1*15* 0,03	0,45
13	Сценски говор со техника на глас 8 (зим. сем.-вежби 2007) часа 1*15* 0,03	0,45
14	Сценски говор со техника на глас 1 (лет. сем.-вежби 2007)	0,90

	часа 2*15* 0,03	
15	Сценски говор со техника на глас 2 (зим. сем.-вежби 2008) часа 2*15* 0,03	0,90
16	Сценски говор со техника на глас 3 (лет. сем.-вежби 2008) часа 1*15* 0,03	0,45
17	Сценски говор со техника на глас 4 (зим. сем.-вежби 2009) часа 1*15* 0,03	0,45
18	Сценски говор со техника на глас 5 (лет. сем.-вежби 2009) часа 1*15* 0,03	0,45
19	Сценски говор со техника на глас 6 (зим. сем.-вежби 2010) часа 2*15* 0,03	0,90
20	Сценски говор со техника на глас 7 (лет. сем.-вежби 2010) часа 1*15* 0,03	0,45
21	Сценски говор со техника на глас 8 (зим. сем.-вежби 2011) часа 1*15* 0,03	0,45
22	Сценски говор со техника на глас 1 (лет. сем.-вежби 2011) часа 2*15* 0,03	0,90
23	Сценски говор со техника на глас 2 (зим. сем.-вежби 2012) часа 2*15* 0,03	0,90
24	Сценски говор со техника на глас 3 (лет. сем.-вежби 2012) часа 1*15* 0,03	0,45
25	Сценски говор со техника на глас 4 (зим. сем.-вежби 2013) часа 1*15* 0,03	0,45
	Вкупно	**25,95**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – одиграни улоги	Поени
	Улоги во театарски претстави	
1.	Манулач во „**Зона Занфирова**“ С. Сремац, во режија на Д. Станковски, 1980; епизодна улога	2
2.	Мемет во претставата „**Мемед**“ од Ирфан Бељуљ, во режија на Н. Пановски, 1982; главна улога	4
3.	Градоначалник во „**Том Соер**“, од Марк Твен, режија: Шерафеттин Неби, 1985; епизодна улога	2
4.	Ќани во „**Рашела**“ од Шерафеттин Неби, режија: Н. Пановски, 1985; главна улога	4
5.	Јулка во „**Протекција**“ од Б. Нушич, режија: Б. Ставрев, 1986; епизодна улога	2
6.	Службеник „**Убиј ме душичке**“ од А. Несин, режија: С. Билал, 1986; епизодна улога	2
7.	Конобал во „**Капетан Џон Пиплфокс**“ од Д. Радович, режија: К. Ангеловски, 1987; епизодна улога	2
8.	„**Коштана**“ од Б. Танкович, режија: К. Лила, и помошник на режисерот 1987; епизодна улога	2
9.	Др. Танби во „**Дневникот на стравот**“ од Џеват Карахасан, режија: А. Сопи, 1988; епизодна улога	2
10.	Магбет во „**Магбет**“ од В. Шекспир, режија: Р. Бурхан, 1988; главна улога	4
11.	„**Белото циганче**“ од В. Подгорец, режија: А. Алексов, 1989; епизодна улога	2
12.	„**Клементовиот пад**“ од Д. Јанчар, режија: К. Лила, 1989; главна улога	4
13.	Судија во „**Кавкаски круг со креда**“ од Б. Брехт, режија: Ј. Ертен, 1989; епизодна улога	2
14.	Живко во „**Живко живее не живее**“ од А. Несин, режија: К. Ишик, 1990; главна улога	4
15.	Винстон „**Остров**“ А. Фугард, режија: Ј. Ертен, 1990; главна улога	4
16.	Полицаец во „**Картонска кутија**“ од И. Бељур, режија: Б. Брезовец, 1991; главна улога	4
17.	Хаџи Бекташи Вели во „**Јунус Емре**“ од Р. Билгинер, режија: Р. Алниачик, 1991; епизодна улога	2
18.	Хаџи Бекташи Вели во „**Јунус Емре**“ од Р. Билгинер, режија: Р. Алниачик, помошник на режисерот 1991;	1
19.	Цар Едип во „**Смртта на Питија**“ од М. Стефановиќ, 1992; епизодна улога	2
20.	Синот во „**Мајка Елиф**“ од Т. Офлазоглу, режија: К. Лила, 1992; главна улога	4
21.	„**Зопто**“ од Ш. Спасе, режија Серафин Фалко, 1992; епизодна улога	2

22.	Сеит во **„Стари фотографии“** од Д. Сумер, режија: Д. Наумовски, 1992; главна улога	4
23.	**„Ве молам не допирајте“** од Х. Танер, режија: И. Хурмузоглу 1993; епизодна улога	2
24.	**„Ве молам не допирајте“** од Х. Танер, режија: И. Хурмузоглу, помошник на режисерот 1993;	1
25.	**„Шабан, спасител на татковината“** од Х. Танер, режија: З. Сипахи, 1993; епизодна улога	2
26.	Атила во **„Дас капитал“** од Б. Димитров и С. Миленковски, режија С. Миленковски, 1993; епизодна улога	2
27.	Цибра во **„Тетовирани Души“** од Г. Стефановски, во режија: В. Христов, 1994; главна улога	4
28.	**„Ќелавиот Мехмет“** од У. Тамер, режија: К. Лила, 1994; главна улога	4
29.	Аладин во **„Будење“** од Б . Беговска, режија: Д. Наумовски, 1994; главна улога	4
30.	Леарт во **„Кралот Хамлет“** од Шекспир, режија: Б. Брезовец, 1995; главна улога	4
31.	**„Како да се спаси Асије“**, 1996 главна улога	4
32.	Газдата во **„Луна парк“** од У. Ајваз, режија: К. Лила, 1997; епизодна улога	2
33.	**„Идиот“** од Ф.М.Достоевски, режија: Б. Ставрев, 1998; епизодна улога	2
34.	Синот во **„РРР„** од J. Плевнеш, режија: М. Улусој, 1999; епизодна улога	2
35.	Сојтари во **„Лудиор Ибрахим„** Т. Офлазоглу, режија: В. Милчин, 1999; епизодна улога	2
36.	Рустем во **„Хуррем Султан“** од Орхан Асена, режија: К. Лила, 2001; главна улога	4
37.	Рустем во **„Хуррем Султан“** од Орхан Асена, режија: К. Лила, помошник на режисерот, 2001;	1
38.	**„Бунт во домот за старци“** од В. Андоновски, режија: Д. Станковски, 2001; епизодна улога	2
39.	Човекот во **„Куќа на граница“** од С. Мрожек, режија: J. Ертен, 2002; главна улога	4
40.	Гласникот во **„Антигона“** од Софокле, режија: К. Коцатурк, 2002; епизодна улога	2
41.	Енкиду во **„Епот за Гилгамеш“**, режија: Д. Пројковски, 2004; главна улога	4
42.	Креон во **„Цар Едип“** од Софокле, режија: Љ. Ѓеоргиевски, 2004; епизодна улога	2
43.	Антонио во **„Бура“** од В. Шекспир, А. Поповски, 2004; епизодна улога	2
44.	**„Тимон од Атина“** од Вилијам Шекспир, режија: Б.Брезовец, 2005; главна улога	4
45.	**Омер Хајјам и менокјо во „Мевлана“** од Т. Нар,	4

	режија: Б. Сечкин, 2011; главна улога	
46.	Наили во **„Кога лисјата паѓаат“** од Р. Н. Ѓунтекин, режија: С. Билал, 2012; главна улога	4
47.	Фентон во **„Весели жени Виндзорски“**, режија: К. Ангеловски, 1985; епизодна улога	4
48.	Парлак во **„Женички“** од Т. Цуџеноглу; главна улога	4
49.	Парталковски во **„Министерот и јас“**, во режија: на Д. Наумовски; главна улога	4
	Улоги во филмови	
50.	„Феликс“ во режија на Б. Шпајц, во Р. Словенија; епизодна улога	2
51.	„Пред дождот“, режија: Милчо Манчевски; епизодна улога	2
52.	„Ден за тетовирање“ режија: С. Попов; епизодна улога	2
53.	„Пусто турско“, режија: К. Ангеловски; епизодна улога	2
54.	„Прашина“, режија: Милчо Манчевски; епизодна улога	2
55.	„Бог да ги бие шпионите“, режија: Адо Алексов; епизодна улога	2
	Улоги во ТВ-серии	
56.	Таткото на турското семејство во серијата **„Наше маало“**, во режија на Е. Френкел, Р. Јазадиски, Џ. Маркс и Р. Абази, 1999-2004; епизодна улога	2
57.	Министер за надворешни работи во мега турската серија **„Збогум Румелија“**, режија: С. Акар-продукција АДАМ ФИЛМ-Р. Турција, 2007-2009; епизодна улога	2
58.	Адвокат во турската серија **„Балканска свадба“**,режија: С. Акар-продукција АДАМ ФИЛМ-Р. Турција, 2009; - 4 епизоди; епизодна улога	2
59.	Мартин во турската серија **„Последно лето“**, Р. Турција, 2012 - 4 епизоди; епизодна улога	2
	Вкупно	**167**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број		Поени
1.	Монографијата – 60 години НУ Турски театар - Скопје во 2010 година	8
2.	Соработник на книгата „Отсјај“ на театарскиот критичар Иван Ивановски.	2
Ред. број	**Дејности од поширок интерес**	Поени
3.	Директор на НУ Турски театар - Скопје, 2003 - 2006 година	4
4.	Од 2007 година, координатор на слободните активности во приватниот турски колеџ „Јахја Кемал“	0,5
5.	Од 2005 година, избран од страна на Собранието на Р. Македонија за член на Советот на ЈП МРТВ	0,5
6.	11.4.2011, повторно избран за Член на Советот на ЈП МРТВ	0,5
7.	Директор на НУ Турски театар - Скопје, 2008 - 2012 година	4
	Како директор на НУ Турски театар – Скопје, има учествувано во следниве фестивали:	
8.	МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“, -Прилеп;	1
9.	„ОХРИДСКО ЛЕТО“-Охрид 2010	1
10.	„СТОБИ“ -Велес	1
11.	„ЕУРОКАЗ“ - Загреб, Хрватска	2
12.	„ЕКСПОНТО“-Лубљана, Словенија	2
13.	„МЕСС“ - Сараево, Босна и Херцеговина;	2
14.	„Златен лав“ - Умаг, Хрватска;	2
15.	МТФ Никшич - Црна Гора;	2
16.	МТФ „СКАМПИ“ - Албанија;	2
17.	2009 г. Национална сцена на Приштина, Приштина, Косово;	2
18.	5 години по ред 2008/2009/10/11/12 г. на МТФ „ЕДЕН ЗДИВ ЕДЕН ГЛАС“ - Конја, Р. Турција	10
19.	2010 г., ИСТАНБУЛ - ГРАД НА КУЛТУРАТА-Истанбул/Турција	2
20.	Денови на македонската култура во Рим/Италија, Лондон/Англија и Берлин/Германија	2
21.	НУ Турски театар во 2003 година, наградата **„13 Ноември“** на град Скопје;	2
22.	НУ Турски театар во 2004 година, Државната награда „11 Октомври“	2
23.	5 октомври 2012 година - Орден за заслуги за Македонија на НУ Турски театар од претседателот на Р. Македонија г. Горге Иванов	2
	Лични награди	
24.	**1982** година, **„Млад борец“ - најдобар актер за главната улога** во претставата „Мемет“ од И. Бељур, во режија на Н. Пановски;	3

25.	**2003** година - **актер на годината,** прогласен од **турските медиуми**	3
26.	**2005 година, најдобро актерско остварување** на **МТФ „Војдан Чернодрински“** во Прилеп, за главната улога таткото во претставата „Куќа на граница“ од С. Мрожек, режија: Ј. Ертен	3
27.	**2004** година, **најдобар странски актер** во **Призрен, Р. Косово,** за **главната улогата во претставата „Куќа на граница“** од С. Мрожек, режија: Ј. Ертен	5
	Вкупно	70,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**25,95**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**167,00**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**70,50**
Вкупно	**263,45**

Членови на Комисијата

1.Ред. проф. м-р Елјеса Касо, с.р.

2.Вонр. проф. м-р Тихомир Стојановски, с.р.

3.Ред. проф. Данчо Чеврески, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДЕЛАТА „ALL THAT DANCE“ ОП. 39 ОД ДИМИТРИЈЕ БУЖАРОВСКИ, „ДВАЕСЕТ ПОГЛЕДИ КОН ДЕТЕТО ИСУС“, БР. VIII, XI, XIV, XVIII И XX ОД ОЛИВИЕ МЕСИАН И КАПРИЧО ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР ОД ИГОР СТРАВИНСКИ И ТЕОРИСКИОТ ТРУД „ПИЈАНИЗМОТ ВО ДЕЛОТО 'ДВАЕСЕТ ПОГЛЕДИ КОН ДЕТЕТО ИСУС' ОД ОЛИВИЕ МЕСИАН“ ОД М-Р ТАТЈАНА ЏОРЛЕВА

Почестени од одлуката на Наставно-научниот и уметничкиот совет при Факултетот за музичка уметност во Скопје, кој донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Стела Слејанска, проф. м-р Тодор Светиев, вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. д-р Димитрије Бужаровски и вонр. проф. д-р Ганка Цветанова за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата „All That Dance“ оп. 39 од Димитрије Бужаровски, „Дваесет погледи кон Детето Исус“, бр. VIII, XI, XIV, XVIII и XX од Оливие Месиан и Капричо за пијано и оркестар од Игор Стравински и теориский труд „Пијанизмот во делото 'Дваесет погледи кон Детето Исус' од Оливие Месиан“ од м-р Татјана Џорлева, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација од областа на музичката интерпретација од м-р Татјана Џорлева се состоеше од изведбата на три интерпретациски дела: прв дел – „All That Dance“ оп. 39 од Димитрије Бужаровски, втор дел – „Дваесет погледи кон Детето Исус“, бр. VIII, XI, XIV, XVIII и XX од Оливие Месиан и трет дел – Капричо за пијано и оркестар од Игор Стравински, како и изработката на теориский труд „Пијанизмот во делото 'Дваесет погледи кон Детето Исус' од Оливие Месиан“.

Првиот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Татјана Џорлева со изведбата на делото „All That Dance“ оп. 39 од Димитрије Бужаровски се одржа во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на 3 ноември 2009 година со почеток во 19 часот. Со оглед на тоа што делото е напишано за две пијана, во изведбата учествуваше и м-р Емилија Потевска.

Кандидатката покажа извонредна пијанистичка умешност во изведбата на ова дело кое по својата техничка и интерпретациска сложеност, не само што одговара, туку и го надминува нивото на задачите за одбрана на докторска дисертација од областа на интерпретацијата. Делото кое се состои од пет свити (Ренесанса, Барок, Класицизам – Рондо, Романтизам – Валцер и Дваесетти век) и кое е замислено како стилски варијации, пред изведувачот поставува една палета од најразновидни пијанистички техники. Во стилистичка смисла, изведувачот е поставен пред комплексната задача да одговори и да ги диференцира различните стилови кои ја чинат сржта на западноевропската музичка култура. Имајќи предвид дека делото е напишано за две пијана, пред изведувачите е поставен и предизвикот на камерно музицирање. Кандидатката м-р Татјана Џорлева успешно одговори на поставената задача, вбројувајќи се во ретките пијанисти кои во целина го извеле ова дело.

Вториот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Татјана Џорлева се состоеше од изведбата на делото: „Дваесет погледи кон Детето Исус“, бр. VIII, XI, XIV, XVIII и XX од Оливие Месиан, и се одржа во Концертната сала на

Факултетот за музичка уметност во Скопје на 23 јуни 2011 година со почеток во 11 часот.

Кандидатката м-р Татјана Цорлева извонредно се справи со интерпретацискиот предизвик кој го носат избраните *Погледи*, кои спаѓаат во делата кои го одбележуваат пијанизмот на XX век. На овој дел од одбраната кандидатката демонстрираше способност за градење на формалната структура на *Погледите* и нивно обединување во интерпретациска целина, имагинација во претставување на тематските материјали и нивната разработка со прецизно изработени динамички, артикулациски и посебно (поли)ритмички план, како и извонредно совладани пијанистички техники. Естетското и техничкото ниво на изведбата на *Погледите* на кандидатката м-р Цорлева во целост ги задоволи критериумите за самостојниот рециталски дел од докторската деисертација од областа на пијанистичката интерпретација.

Третиот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Татјана Цорлева со изведбата на Каприччо за пијано и оркестар од Игор Стравински се одржа во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на 9 ноември 2012 година со почеток во 13 часот. Како пијано-соработник се претстави м-р Ангеле Михајловски. И за овој дел од докторската дисертација Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажа исклучително професионална, естетска и технички ангажирана изведба. Кандидатката демонстрираше виртуозност и стилска издржаност потребна за изведба на ова дело од Игор Стравински. Покрај ова, изведбата успешно го долови и емотивното богатство карактеристично за музиката на XX век, при што се издвојуваше префинетото чувство за обликување на музичките фрази и приодот кон реализација на техничките барања.

Поднесениот теориски труд „Пијанизмот во делото 'Дваесет погледи кон Детето Исус' од Оливие Месиан" од кандидатката м-р Татјана Цорлева содржи вкупно 99 страници во кои се вклучени апстрактот, списокот на табели, воведот, прегледот на литература, методот, резултатите, заклучокот и библиографијата.

Списокот на табели содржи 26 табели, а во трудот е вклучен и еден графички приказ. Библиографскиот дел содржи 61 библиографска единица, од кои најголемиот дел се книги, односно обемни теориски трудови цитирани во дисертацијата.

Структурата на трудот го има стандардниот модел со воведен дел во кој е обработен предметот на трудот, преглед на литература, метод, резултати и заклучок.

Прегледот на литературата е разграничен во повеќе целини:

– биографски податоци за Оливие Месиан;

– податоци за композиторското творештво организирани во *Осврт кон цело творештво, Пијанистичко творештво, Инспирации* и *Хармонски јазик и форма*;

– литература за делото „Дваесет погледи кон Детето Исус";

– програмност.

Овој дел од дисертацијата е поткрепен со повеќе трудови кои се однесуваат на животот и творештвото на овој истакнат композитор од светската музичка литература, со што кандидатката м-р Татјана Цорлева покажува дека има увид во потребната литература за предметот кој го истражува.

Предметот на трудот содржи два главни сегмента: пијанизмот и програмноста, односно поврзувањето на овие два сегмента. Пијанизмот е третиран како: *пијанистичка техника,* при што појдовна основа е пристапот кон

пијанистичките техники на Алфред Корто, но имајќи го токму пијанистичкиот дискурс на Месиан, во натамошниот процес на дефинирањето на техниките е направена адаптација и проширување на техниките на вкупно 33; *интерпретација*-еднаква на интерпретациските планови на музичкото дело – артикулација, динамика и темпо.

Кандидатката се потпира на претпоставката дека програмноста која во ова дело е јасно испишана во текстуален формат, доминатно треба да се пренесе низ интерпретацијата, односно во овој случај пијанистичката интерпретација, со што стигнува до проблемот на трудот, односно каква ќе биде врската меѓу програмноста на делото и неговиот пијанизам. Со тоа таа се ограничува само на четири слоеви на делото: 1) пијанистичките техники; 2) Месијановите елементи; 3) интерпретациските планови; 4) испишаната програмност.

На овој начин е изведена основната истражувачка хипотеза која натаму го одредува целокупниот истражувачки процес:

Пијанизмот е во функција на програмската основа на делото.

Соодветно следат и нултите хипотези:

Пијанистичките техники не се во функција на програмската основа на делото.

Артикулацијата не е во функција на програмската основа на делото.

Динамиката не е во функција на програмската основа на делото.

Темпото не е во функција на програмската основа на делото.

Со оглед на обемноста на делото, кандидатката м-р Џорлева врз искуствена основа издвоила примерок од пет погледи:

VIII „Поглед на висините" (Regard des hauteurs);

XI „Првото причестување на Девицата" (Première communion de la Vierge);

XIV „Поглед на Ангелите" (Regard des Anges);

XVIII „Поглед на страшното преобразување" (Regard de l'Onction terrible);

XX „Поглед на Црквата на љубовта" (Regard de l'Eglise d'amour).

Следејќи ги текстуалните назнаки на авторот очекува дека во него ќе се појават сите циклични теми :

- темата на Господ (Thème de Dieu),
- темата на Ѕвездите и на Крстот (Thème de l'Étoile et de la Croix),
- темата на акордите (Thème d'accords) и
- темата на Љубовта (Thème d'Amour).

Овој примерок натаму е стратифициран преку фрагменти и во него не се застапени само фрагментите каде што се појавуваат испишани програмски текстови, туку и сите карактеристични места според пијанистичка техника. На овој начин се селектирани 322 фрагменти, кои збирно содржат 786 тактови.

Покрај ова, кандидатката м-р Џорлева во функција на дополнителното истражување за доживувањето на програмноста формира и примерок од 18 испитаници од Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кој опфаќа студенти од различни години на студии и од одделите по пијано, џез-гитара и музичка теорија и педагогија.

Трудот доминантно се користи со квантитативен методолошки пристап на кој се надоврзува квалитативниот пристап во контролниот примерок со студентите од Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Софтверот Статвју (StatView 5.0.1) е користен за анализа на податоците преку фреквентни дистрибуции, дескриптивна статистика, како и натамошни обработки во рамките на непараметриската статистика – контингентни табели и пресметување на хи-квадрат со post hoc резидуали.

Резултатот од хи-квадратот на споените пијанистички техники со програмските теми изнесува 67.95, со ниво на сигнификантност $p < .0001$. Со овој резултат кандидатката м-р Џорлева ја отфрла нултата хипотеза: *Пијанистичките техники не се во функција на програмската основа на делото.*

Оваа нулта хипотеза е отфрлена и преку вкрстувањето на дистрибуциите на Месијановите елементи и програмските теми, при што е добиен резултат хи-квадратот $\chi^2 = 38.82$ и $p < .0001$. И останатите три нулти хипотези се отфрлени преку резултатите на хи-квадратот, односно ниво на сигнификантност $p < .05$.

Целокупните статистички анализи се поткрепени со бројни примери и коментари, кои упатуваат на навлегувањето во суштината на проблемот.

Крајниот заклучок на кандидатката м-р Татјана Џорлева е дека Оливие Месијан бил конзистентен во употребата на одредени пијанистички техники и карактеристиките на интерпретациските планови при прикажувањето на зацртаните програмски содржини наспроти отфрлувањето на асоцијативноста со програмските содржини од истражувањето со контролната група. Со тоа програмноста е сфатена само како инспиративност која треба да го поттикне авторот, изведувачите и публиката на едно засилено доживување на музичкото дело.

Во целина може да се констатира дека теориските дел е комплементарен на интерпретациските дел од оваа дисертација и на тој начин го продлабочува пристапот кон многуслојната структура на ова дело и воопшто Месијановата музичка мисла. Со неговата изработка, следните изведувачи, особено од нашата средина, добиваат текстуален материјал кој недвомислено значи помош во разбирањето на параметрите кои се клучни за неговата интерпретациска подготовка.

Имајќи ги предвид сите изнесени заклучоци, најнапред за интерпретациските дел, а исто така и за теориските труд, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Татјана Џорлева ги исполнила и ги надминала интерпретациските барања за докторска дисертација од областа на музичката интерпретација и до Рецензентската комисијата поднела теориски труд кој претставува уште еден значаен придонес во обработката на теориските проблеми на интерпретацијата во македонската музикологија. Затоа, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја одобри и да ја закаже одбраната на последниот теориски дел од докторската дисертација на м-р Татјана Џорлева.

Рецензентска комисија;

Проф. м-р Стела Слејанска с.р.

_____

Проф. м-р Тодор Светиев с.р.

_____

Вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска с.р.

_____

Проф. д-р Димитрије Бужаровски с.р.

_____

Вонр. проф. д-р Ганка Цветанова с.р.

_____

ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот факултет "Блаже Конески"-Скопје

Име и презиме на кандидатот	*Наслов на тема за магистерски труд*	*Ментор*
Славица Арсова	"Предлозите ПО, ПРЕКУ и НИЗ за изразување хоризонтална димензија во македонскиот, англискиот и германскиот јазик",	проф. д-р Љиљана Митковска
Нина Шутарева	"Колокациите како предизвик при конференциско толкување од македонски на германски јазик"	проф. д-р Емилија Бојковска
Оливера Ван дер Меиј	"Пазарот на трудот за толкувачите во РМ, во ЕУ и во германскојазичните земји"	проф. д-р Зорица Николовска
Дијана Муждека	"Улогата на самостојната евалуација во подобрувањето на квалитетот во толкувањето"	проф. д-р Радица Никодиновска

ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Ана Апостоловска	Големи нешта за малиот свет	проф. м-р Мирко Вујисиќ
Данисл Гелевски	Ааах-Ммммм-Ооох	проф. м-р Јован Шумковски
Рафаела Сања Михаелидис	Икона на хартија – Реставрација на оштетен, индулгенциски графички лист	проф. м-р Благоја Кузамновски
Дарко Трпчески	„Раѓањето на идејата“	проф. м-р Антони Мазневски
Магдалена Саздовска	Светлината и нејзината амбиенталност во исчекувањето на балетската сцена	проф. м-р Јован Шумковски
Валентина Илијевска	Реставрација на оштетениот боен слој во црквата Свети Никола и Света Троица во Куманово	проф. м-р Благоја Кузмановски
Милан Костадиновски	Carmina Burana	проф. м-р Славица Јанешлиева
Андоновска Фросина	„Скопје некогаш и денес“	проф. м-р Јован Шумковски
Зарије Амдиу	Декоративни сликарски елементи во Султан Мурат II – џамија	проф. м-р Благоја Кузмановски
Евгениј Пантев	Графичкиот знак	проф. м-р Зоран Јакимовски
Селиме Османи	После пејзажот	проф. м-р Антони Мазневски
Живко Пренџов	„Напуштени ѕидови“	проф. д-р Трајче Блажевски
Зоран Бошковски	„Симболиката на елементите“	проф. м-р Димитар Малиданов
Тони Чатлески	„Ротонда“(или)кафеана-уметност во просторот	проф. м-р Јован Шумковски
Стојмир Стојанов	Методолошки пристап на раслојување на целосно пресликана икона	проф. м-р Благоја Кузмановски
Оливера Макриевска	Дополнителни сликарски интервенции на иконата „Св. Наум Охридски“	проф. м-р Благоја Кузмановски

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ
ДРАМАТА ВО ТЕАТАРОТ И ДРАМАТА ВО ТЕЛЕВИЗИЈАТА
-ОД РЕЛИСТИЧНИОТ ТЕАТАР ДО ТВ-СЕРИЈА
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДЕАН ДАМЈАНОВСКИ,
ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 42 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за драмски уметности во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и член 241, став 6 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности, на својата 38. седница одржана на 23.4.2013 година, ги избра за рецензенти: проф.д-р Нада Петковска, проф.д-р Александар Прокопиев, проф. Апостол Трпески, вонр.проф.д-р Антонио Митриќески и вонр.проф.д-р Сашко Насев, на докторската дисертација **„Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичниот театар до ТВ-серија“**, изработена од м-р Деан Дамјановски.

Со голема благодарност до Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности за довербата што ни е укажана, по опсежното разгледување на предложениот труд и укажувања до кандидатот во насока да се изведе квалитетна дисертација, имаме чест да го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Опис на трудот

Ракописот на предложената докторска дисертација „Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичниот театар до ТВ-серија“ има 203 страници. Текстот е напишан на македонски литературен јазик и е компјутерски обработен. Притоа се запазени сите ортографски правила, а при редакцијата се нагласени сите засебни целини со наслови,

поднаслови и меѓунаслови кои се содржани во овој труд. Самиот ракопис е составен од следниве целини:

1. Вовед – зошто еден ваков труд? (стр.7 – 12)
2. Глава 1: Историско – теоретски одредници на моделот на реалистичниот театар (стр.12 – 64)
3. Глава 2: Терминолошки одредници на реалистичниот тетар (стр. 65 – 84)
4. Глава 3: Естетички аспекти на реалистичниот театар (стр. 85 – 90)
5. Глава 4: Историско – теоретски одредници на телевизиската драмска серија во рамките на телевизискиот медиум (стр. 91 – 137)
6. Глава 5: Терминолошки одредници на телевизијата и жанрот ТВ серија (стр. 138 – 150)
7. Глава 6: Естетиката на драмската ТВ серија (стр.151 – 163)
8. Глава 7: Примери на ТВ серии (странски и домашни) (стр. 164 – 189)
9. Заклучок (стр. 190 – 194)
10. Библиографија (стр. 195 – 203)

„Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичен театар до ТВ-серија“ е труд на м-р Деан Дамјановски кој по многу нешта е значаен за нашиот културен, естетски и драматуршки дискурс. Може да се рече дека текстовите од ваков вид во македонската наука за театар или телевизија се многу ретки, а особено оние што се однесуваат на драмата, не само како вештина или методологија во уметничкото дело, туку како основа за изведба на театарски пиеси и телевизиски серии. Уште на првото поставено прашање или vice versa на **воведот** - Зошто еден ваков труд? - кандидатот м-р Дамјановски отвора два типа на одговори поврзани со основните драмски средства за изразување на нејзината/драмска артистичка моќ, а тоа се „реалистичниот театар“ и телевизиската играна драматургија која најчесто е олицетворена во телевизиска серија. Тој воведувајќи нé во неопходноста да ја искаже својата естетска окупација со предметот на неговите истражувања, во воведот нé запознава со две аксиоми или наследства кои некако вехементно се поврзани со драмата како театарски, односно телевизиски модел на творење. Во првиот случај, ни се укажува на веќе општоприфатеното мислење дека онаа драма за во театар е, всушност, некаков вид на уметничка драма, додека, пак, драмата која се реализира на телевизискиот медиум сé уште не е докрај естетски обработена, а самиот телевизиски медиум го третираат други науки, додека драматургијата кај нас речиси воопшто и не го третирала тој медиум. Докторандот поаѓајќи од сознанието дека во евроцентричната драмска култура низ вековите наназад, драмата се

доживувала како „дешифрирање“ од страна на реалистичните театарски постапки (без разлика дали правилата на епохата биле драмите да се создаваат во стих или во проза) ерго, телевизиската драматургија кај конзервативниот естетски, а посебно театарскиот творечко/толкувачки свет, најчесто е доживеана како површна и народна забава со „низок вкус“.

На овие појдовни одговори на поставеното прашање во **воведот**, м-р Дамјановски веднаш загатнува еден контекст кој не треба да се докажува посебно, а тоа е фактот дека телевизиската драма создава аудиторим кој во секој вид на историски или целен контекст, по својот обем е ненадминлив, а по својата антиципација и запознавање со драмата наједноставен. Имено, телевизиската драма рецепиентот ја пронаоѓа дома, за неа не се потребни позначајни подготовки, а едноставноста со која таа се восприема често е потпомогната со употреба на мајчиниот јазик и во презентацијата на странски продукции. Тој исто така укажува на сублимативната моќ на телевизијата која ги користи драмските искуства на театарот, филмот и радиото во своето осумдесетгодишно постоење.

Овој дел на дисертацијата нé запознава и со методологијата која е користена во изработката на трудот, па така, за онтос на постапките на докторандот се земени историско-теоретскиот и компаративно-аналитичкиот метод на драматургија, кога е во прашање толкувањето на едно драмско дело. Иако за крајна цел оваа дисертација си поставува задача да биде компаративна драматуршка студија за два медиума – театрот и телевизијата, сето тоа низ призмата на драмата, факт е дека без претенциозност, но со научна антиципација, м-р Дамјановски во воведот ќе констатира дека интеракцијата на драмата со конкретниот медиум каде што се експресира самата таа е предизвик не само за теоријата, туку и пошироко – за сите оние што се интересираат за различните форми на уметничка комуникација. Филозофски, од еден конкретен труд, овој текст уште во својот почеток ја навестува својата апстрактна/генерална интенција да докаже дека драмата е прамајка на повеќе видови уметнички творби.

Првата глава на докторската дисертација насловена како **„Историско-теоретски одредници на моделот на реалистичниот театар“** опфаќа поголем број на театарски теоретски постановки, но и конкретни филозофско-естетски наоѓања и главни драматуршки модели за она што претставува самата драма како единство на дејствие во одредено време на одредено место или во конкретен простор, а притоа имајќи ги главните исторсики „шпицови“ и модели на форми на реалистичен театар. Покрај оваа иманентна научна реторика на првата глава, таа во својата екстровертност е претставена низ повеќе меѓунаслови и поднаслови. Во неа докторандот ги обработил основните теории за театарот како „поддржувачка“ или претставувачка уметност уште од патеките што ги поставил Аристотел, потоа ренесансниот

период и илузионизмот на тој период, кој вели дека и самите дефиниции за драмата како единство на акција, време и место се всушност ставови на ренесансните мислители, па сé до првата половина на 19 век и фундирањето на реализмот како уметнички правец. Во овој дел на првата глава, кандидатот нé запознава со претходницата на она што денеска го знаеме како граѓански театар, а особено се осврнува на теоретската поставеност на делото на Лесинг и Дидро и концепцијата за таканаречената граѓанска драматургија.

Граѓанскиот театар и неговиот модел во институцијата „театар“, м-р Деан Дамјановски ги обработува во повеќе поднаслови посветени на професионалните драматичари и нивните вештини и формули за создавање возбудлива и разбирлива драма во зависност од жанрот, потоа на реалистичната сценографија и омилените жанрови како што се мелодрамата и „занаетски скроената“ драма, за старите и нови технолошки помагала на тетарската реалистична претстава и за методот на реализирање на реалистичниот театар. Тука е укажано на една компаративна постапка визави романот, сценографијата, дијалогот, актерската техника и појавата на режисер во таквиот вид на театар кој е базиран врз реалистично драмско дејствие.

„Терминолошки одредници на реалистичниот театар“ е насловот на втората глава во која кандидатот конкретно се занимава со драмскиот театар. Користејќи дефиниции од светската ризница на големи театролошки и драматуршки истражувања, докторандот драмскиот театар го објаснува со строгите форми каде што зборот кралува, а театарот е место каде што зборовите го добиваат своето тело (Силвио Дамико). Притоа ги пронаоѓа и дефинициите на „светото тројство“ меѓу драмата, актерот и гледачот, каде што и е толку неопходната плаузабилност по што во дваесеттиот век улогата на театарот/преносник, местото ќе го заземе телевизијата/преносник на драмското. Кандидатот во овој дел на дисертацијата нé запознава и со големото откритие на Брехт, кој наспроти Аристетоловското убедување дека гледачите треба да бидат вовлечени во дејствието, ја развива теоријата за епичност, т.е. гледачот не е дел од емоционалната вовлеченост во драмската нарација, туку е мислител и аналитичар на приказната, свесен за глетките што ги набљудува.

Во оваа глава, каде што искуственоста на драмскиот театар е врзана со таканаречената западноевропска театарска култура, се зборува и за двата аспекта на претставата. Тука се мисли на она што се прикажува (претстава на текстот, мизансцените и емоциите), но, едновремено, и за самиот начин на кој нештото е прикажано. М-р Деан Дамјановски во својата сочна теоретска претставка за драмското не запознава и со перформансот и со репрезентацијата како основен естетски и методолошки концепт на драмата во театарот.

Наспроти вербалниот драмски театар, дадени се и некои базични контрааргументи или поинаквост олицетворени во таканаречениот невербален театар. Во контекст на овие

традиции земени се теориите на Антоанен Арто, кој побунувајќи се против западноевропскиот модел на зборовниот театар го спротиставува источноазискиот модел на невербален театар како сосем нов вид на театарска веристика. Самиот Арто, во своето естетско проседе, за првпат во театарската наука се повикува на „натпревар" меѓу режијата на која ќе ѝ даде предност наспроти драмскиот текстуален театар, притоа докторандот во својата емпириска постапка ќе констатира дека и самиот Аристотел најмалку ѝ обрнува внимание на сценската изведба версус трагедијата.

Останатите суштествени разработки се однесуваат на имитацијата, односно мимезисот, илузијата, односно визуелното, реалното, според Барт, каде што гледачот има чувство дека е вовлечен и присуствува однатре во самото претставување на драмското. Навлегувајќи во големите теоретски модели на драма и театар, во овој дел на трудот доаѓа до мошне квалитетна фуснотна фундираност на претпоставените идеи на докторандот, каде што во еден момент се добива впечаток на методолошки селектирани сознанија и за натуралистичкиот вид на драмска акција, но и на таканаречените брехтијански скокови во драматургијата и муниционоста на творештвото на Чехов. Тука, Дамјановски дава и една чиста мисла за вештината на драматичарот како специфичен облик на создавање на драма (не само пишување на драма), особено во делот кој се однесува на севкупноста на приказната.

Особено оригинален е придонесот на докторандот кој дава и еден вид на заклучок што се однесува на драмскиот театар, каде што е констатирано дека гледачот е вовлечен во еден свет кој е имитација на реалноста, а притоа во свеста на гледачот се создаваат конечни модели за реалноста и дека реалистичниот театар е мејнстримот по кој и денеска се создадени традиционалните социјални и културни конвенции на она што го доживуваме како драмско.

Третата глава **„Естетички аспекти на реалистичниот театар"** се однесува на естетичките аспекти на реалистичниот театар каде што м-р Дамјановски ќе оцени дека по дефиниција и правило овој театар е драмски театар. Уште од времето на Аристотел е позната суштината на фабулата која секогаш има почеток, средина и крај, но секогаш настаните треба да се подредени така за да ја развиваат приказната причинско-последично сé до доживување на кулминацијата на самата драма. Со давање на историски преглед и подобрувањето на вештините низ вековите на драматичарите, кандидатот вешто нé упатува и на преоѓањето на ликовите од книжевни и општи карактери, во единечни драмски суштества со свој личен живот, желби и мотивации. Дефинирајќи ги естетските концепции во оваа глава, назначени се и неколку актерски модели или стилови на игра, а особено впечатлив е делот што се однесува на природноста во актерската игра.

Знаејќи ја практиката на м-р Деан Дамјановски како театарски режисер, тој во оваа

фаза на својот научен развој поставува и некои прашања што ги оптоварувале естетичарите, драматурзите и театролозите. Имено, во заглавието **„Режија – ја има ли воопшто“** , како дел од третата глава, за парадигма на режисерската вештина во реалистичниот театар тој ја зема мислата на Станиславски дека режисерот треба да умре/да се претопи во актерот. Сепак, останувајќи доследен во своите теоретски напори, кандидатот констатира дека улогата на режијата во реалистичниот театар е многу помала заради силината на драмското, отколку кај оние дела кои го изместуваат реализмот во некаква сценска апстракција.

Кон средината на трудот, односно од 91. страница се случува преодот од драматургија посветена на реализмот во театарот кон драматургијата во телевизијата, односно телевизиската серија. Овој дел ги опфаќа главите: **„Историско-теоретски одредници на телевизиската драмска серија во рамките на телевизискиот медиум“, „Терминолошки одредници на телевизијата и жанрот ТВ-серија“ и „Естетиката на драмската ТВ-серија“.** Овој дел на дисертацијата сé до 163. страница се однесува на историскиот приказ на медиумот телевизија, едно фактографско кроки на Македонската радио телевизија, основните карактеристики на телевизиската серија, на уметничкото дело како репродукција, каде што кандидатот реферира на научните сознајби на германскиот филозоф Валтер Бењамин, на историското во уметноста како сериско прозводство конкретизирано од трудовите на италијанскиот семиотичар Умберто Еко, на медиумот/порака на канадскиот социолог Маршал Маклуан, на самата телевизичност како драмска форма за комуникација на Мартин Еслин и на медијатизацијата на театарот од страна на телевизијата на теоретичарот Филип Ausландер. Ваквата разработка ни укажува дека докторандот м-р Деан Дамјановски покрај строгата методологија што ја применил во градењето на текстурата на својата докторска дисертација „Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичниот театар до тв серија“, користи и најсовремени цивилизациски и интелектуални сознајби кои се преку/над локалната теорија, а се еден модерен и светски монографски аспект на современата естетска, социолошка, семиотичка и драматуршка мисла.

Во петата глава „Терминолошки одредници на телевизијата и жанрот ТВ-серија“, кандидатот нé запознава со строгите и востановени дефиниции или обработки на синтагмите телевизиска естетика, телевизиски реализам, непосредност, интимност, воајеризам, згуснување, партиципативност, забава, авторство и телевизиска драмска серија. Особено е интересно за нашата драматургија, иако генерализирано и компарирано со интернационалната литература што се однесува на овој сегмент на драмско творење, што м-р Дамјановски на еден лесен и лапидарен јазик ги објаснува терминте „сапунска опера“ версус серија/серијал или, пак, давајќи ни го теоретското искуство на авторите од САД, мошне е експлицитен во објаснението на таканаречените sitcoms, т.е. комедии на ситуации

кои често се дефинирани како „телевизиски театар“, а Дамјановски прави исчекор и ги нарекува хибрид на самостојната наративна на ТВ-филмот или ТВ-драмата и континуинираната наративна. Тој вид на специфични комедии, според нашето сознание досега не бил теоретски обработуван во македонската драмска наука, а е еден од најпопуларните видови на телевизиско драмско творештво и секако најпопуларен жанр на „средната класа“.

Во Глава шеста **„Естетиката на драмската тв серија“** , започната е една дедуктивна раслојност во однос на научната поставеност на базичниот естетски интерес на кандидатот што се однесува на драмското творештво за медиумот телевизија. Имено, низ методот кој рефлектира на историчноста на медиумот се даваат значењето и поимањето на таканаречениот телевизиски театар, односно снимањето на драмска телевизиска продукција во студио кој од раните почетоци е омилен и предоминантен меѓу западниот аудиториум особено во САД. Занимавајќи се со неколку аспекти на **драматичното**, објаснето е дека и сите настани, без разлика дали се документарни или фикциски, на телевизијата мораат да бидат драматични. Затоа се констатира дека теливизијата е драмски медиум на карактерите, а сите ликови што се појавуваат пред гледалиштето се драматични човечки ликови затоа што драмата како медиум е високо ефикасна во пренесувањето на пораката на тие карактери.

Користејќи ја поетиката на аристотеловската драматургија, м-р Дамјановски дава дообјаснувања кои прават дистинкција меѓу главниот лик во театарот, протагонистот во филмот и ликовите од телевизиските серии. За разлика од претходните два типа на драмски ликови кои се со почетна амбиција и крајна цел, а во еден момент на градба на дејствието, според докторандот кај телевизиските ликови состојба на повторна „реизградба“ на ликот е можна и по крупните преврати што му се случуваат во делови/епизоди од серијата, затоа што телевизиската серија е драма со отворен крај.

Тука се наведени и некои подвидови и модели на сериска драматургија кое се дефинирани како антологии (драми со наратор), модуларни, процедурални серии и серијали на кои пежоративно име им е „сапуници“, а користејќи го професионалниот телевизиски жаргон ги спомнува и долгите раскази или “long narative”. Во сите овие согледби и естетски интенции на кандидатот најдена е можност и за типот и значењето на актерската креација на телевизија, па според Дамјановски, освен професионалната актерска игра и оние учесници во високо емоционални снимени драмски дејствија (катастрофи, убиства, коцкари и слично), стануваат телевизиски актери, затоа што рамката на екранот сé што се случува на него го претвора во драмска сцена.

Една од новите естетски дилеми кои се особено значајни за овој труд е дистинкцијата кај драматичарот кој твори во театар и се искажува на телевизија. Имено, низ пластични примери ни е прикажана историската неприкосновеност кој е владетел на драмата за театар и

за авторството на драматичарот, кој освен сценарист треба да биде и креатор на самата идеја, изглед и идеологија на приказната и заплетите во телевизиската серија. Тука се дадени примери од најнови теоретичари на телевизиската драматургија каде што се појаснуваат термините на индивидуално авторство, тимско и специјализирано драматуршко развивање на ТВ-серијата и франшизата која токму на телевизија станува конвенција за драматичарот.

Како естетски квалитатив на телевизиската драматургија, Дамјановски ја детерминира и интимната драма на крупниот кадар. Иако на прв поглед низ техничка досетка, токму на ова двојство на значењето на драмата на сликата, играта на актерот и самата драма на драматичноста во телевизиските серии, докторандот ја констатира и вообличува една од најоригиналните идеи во својата теза – *двојната природа на телевизијата како медиум за масовна и јавна комуникација и медиум кој создава интимни простори за комуникација помеѓу ликовите и гледачот треба да се одразува во сите аспекти на телевизиската серија...*

„Примери на ТВ-серии (странски и домашни)“ е седма глава и осма целина во докторската дисертација на кандидатот м-р Деан Дамјановски. Во овој апендиксичен модул, мошне популарен во сегашната истражувачка драматургија, направен е пресек и естетски опис на неколку телевизиски серии. Тие се еквивалент на најновото („24“ - Twenty – Four), величенствено визуелното и концепциски најнапреднато во продукциите (Изгубени – Lost) како и безвременските хитови на телевизиската драматургија (Пријатели – Friends). Наспроти овие мегахитови на американската продукција и светска телевизиска драматургија, кандидатот ги третира и домашните продукции „Тврдокорни“, „Бушавата азбука“ и „Трст виа Скопје“, кои систематски ги анализира и врз чијашто драматургија повлекува паралела за нивната спирална или реалистична драматургија која всушност е предмет на неговото истражување и култивација на неговите идеи во овој труд.

Во **„Заклучок“,** кој е последна целина пред обемната и систематизирана *Библиографија* (десетта целина), докторандот констатира три мошне значајни научни вистини и придодава неколку тези што овој несекојдневен труд од областа на драмските науки го прават консеквентен и оригинален. Еве дел од нив: а) медиумот на драмата која е мимезис на стварноста е театарот, б) реалистичниот театар не е стил на театар туку своевидна естетска категорија, в)естетска теорија на телевизијата засега не постои, г) рамката на телевизискиот екран претставува сцена, а секој кој се појавува на неа – актер, д) во рамките на телевизиската серија, драмата не останува само во рамките на медиумот, туку прескокнува и во стварноста.

Покрај овие хипотези или аксиоми, докторандот м-р Деан Дамјановски ја нуди и перспективата на драмата и драматичноста на најновото поле за драмско творење –

интернетот. Ако се знае дека во дваесет и првиот век, нештата ќе бидат предозирани со интернет, што е основа на нашата епоха, тогаш со задоволство може да констатираме дека по драмата во театарот и на телевизија, овој најстар медиум во создавањето уметност има безбедна иднина.

2. Заклучок и оцена на трудот

Врз основа на претходно изнесеното и во описот на докторската дисертација **„Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичниот театар до тв серија“**, изработена од м-р Деан Дамјановски, констатиравме дека е изнесена сигнификантна и обемна анализа на двата медиума кои претставуваат драмски изразни средства од прв вид. Докторандот својата интенција да создаде валидно естетско и драматуршко писмо, методично ја претставил низ лепезата аргументи, тези, антитези и синтези кои вешто ги обмислил, а обемната граѓа ја привел до мошне индивидуализиран, нагласен персонален дискурс што на овој труд му дава особена димензија.

Покрај строгата теорија и гносеологија, м-р Деан Дамјановски, користејќи ја сопствената емпириска искуственост, направил квалификувано и квалитетно дело/труд кој со задоволство му го препорачуваме на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности за натамошна постапка.

Трудот **„Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичниот театар до тв серија“**, изработен од м-р Деан Дамјановски, може да се оцени како солидно и коректно реализирана докторска дисертација која ја исполнила амбицијата и задачата на нејзиниот автор што си ја поставил себеси во мигот на нејзино осмислување и предлагање до нашата образовна институција. Едновремено, овој труд е единствен за нас затоа што е еден вид стожерен труд што се однесува на студирањето театарска и телевизиска драматургија во времето што следува.

За таа цел и по искажаното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје да ја прифати докторската дисертација со наслов „Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичниот театар до ТВ-серија“ од кандидатот м-р Деан Дамјановски и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Комисија

Проф.д-р Нада Петковска, с.р.

Проф. д-р Александар Прокопиев, с.р.

Проф. Апостол Трпески, с.р.

Вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, с.р.

Вонр. проф. д-р Сашко Насев, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МЕТОДИКАТА НА НАСТАВАТА ПО ФИЗИКА И ОПШТА ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-602/3, од 8.5.2013 година, донесена на седница на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје одржана на 25.4.2013 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на методиката на наставата по физика и општа физика, на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен во јавните гласила "Дневник" и "Коха" на 28.3.2013 година се пријави само еден кандидат, д-р Боце Митревски, асистент на Институтот за физика при ПМФ во Скопје.

Рецензентската комисија, во состав: д-р Оливер Зајков, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Јулијана Велевска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, има чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Д-р Боце Митревски е роден на 20 јануари 1972 година во село Саса, општина Македонска Каменица. Основно образование завршил во Македонска Каменица, а средно образование во гимназијата „Љупчо Сантов" во Кочани, насока физика-техника. Во академската 1990/91 година се запишал на студии по физика на Природно-математичкиот факултет во Скопје. По отслужувањето на воениот рок, односно од академската 1991/92 ги почнал студиите, а дипломирал на 9 март 1998 година и се стекнал со звањето дипломиран професор по физика.

Во трудот под број 9 е направена структурна класификација на перовскитите користејќи самоорганизирани мапи. За таа цел се искористени структурните податоци за 286 перовскити со општа формула ABO_3 и $A_2BB'O_6$, од кои 130 кубични, 85 орторомбични и 71 моноклинични. Независно променливи величини во моделите се ефективните јонски радиуси на катјоните, електронегативноста на катјоните во B-позиција и нивните оксидациони броеви. Класификацијата е изведена со самоорганизирани мапи тренирани со надгледувано учење, а оптимизацијата на самоорганизираните мапи е изведена со користење на генетски алгоритми. Проверката на перформансите на моделите е изведувана со користење на вкрстена валидација (во текот на оптимизацијата со генетски алгоритми) и со екстерно множество на податоци кое е сочинето од една третина од вкупниот број податоци.

Трудот под број 10 претставува едно сериозно унапредување на полето на работата на структурните корелации кај перовскитите. Во овој труд, параметрите на елементарната ќелија, но и фракционите атомски

координати на изоморфната серија на орторомбични перовскити (просторна група P_{nma} со $Z = 4$) со општа формула ABO_3 (која се состои, всушност, од сериите: $A^{2+}B^{4+}O_3$, $A^{1+}B^{5+}O_3$ и $A^{3+}B^{3+}O_3$), се претставени како функција од ефективните јонски радиуси на металните катјони. И во овој случај се користени повеќекратна линеарна регресиона анализа и вештачки невронски мрежи, а во моделот се вклучени 46 орторомбични перовскити од типот на $GdFeO_3$, од кои 41 беа вклучени во множеството за калибрација, а 5 во множеството за тестирање на моделот. Овој едноставен математички модел може да се употреби за: претскажување на кристални структури на членови од оваа серија; како почетен модел за решавање на кристални структури; за проверка на актуелните кристалографски податоци за ABO_3 перовскити.

Трудовите број 11 и 15 се однесуваат на предвидување на параметарот на елементарната ќелија кај кубични перовскити, но не само со кислороден анјон, туку и со други анјони, т.е. кај перовскити од типот ABX_3. Во трудот број 11, перовскити е моделиран со помош на вештачки невронски мрежи (counter-propagation artificial neural networks), а во трудот 15 дополнително е испитувано и влијанието на различните независно променливи величини. Во моделот се вклучени пет независно променливи величини: ефективните јонски радиуси на двата катјони и на анјонот, како и електронегативноста и оксидациониот број на анјонот. Развиениот модел дава одлично согласување меѓу експериментално определените и претскажаните вредности за параметарот на елементарната ќелија, што покажува дека предложениот модел може успешно да се користи за претскажување на параметрите на нови членови од оваа серија. Покрај ова, најдено е дека ефективниот јонски радиус на B-катјонот има најголемо влијание за успешно предвидување на параметарот на елементарната ќелија, додека, пак, физичките параметри на анјонот влијаат првенствено на раздвојувањето на соединенијата во различни области на овие мрежи.

Трудовите под број 8 и 14 се однесуваат на синтеза и електрохемиско испитување на некои перовскити. Трудот број 8 се однесува на синтеза на $PrCoO_3$ со две различни методи: синтеза преку комплексен оксалатен прекурсор и синтеза на согорување од раствор. Со обете методи е добиено соединение со идентична структура. Електрохемиските својства на $PrCoO_3$ се испитувани со методата на циклична волтамметрија на микрокристали. Кристалите на $PrCoO_3$ се нанесени на површината на графитна електрода импрегнирана со парафин, по пат на абразија, а потоа електрохемиската активност е испитувана во четири различни раствори, при што е констатирано дека се добива квазиреверзибилен електрохемиски одговор. Трудот број 14 се однесува на синтезата и испитувањето на каталитичките својства на
$YCo_{1-x}Cr_xO_3$ (x = 0, 0.5, 1). Овие соединенија се добиени со методата на согорување од раствор со примена на уреа како гориво. Структурната карактеризација е направена со рендгенска дифракција на спрашени примероци, при што е најдено дека сите кристализираат во просторната група *Pnma,* а определени се и параметрите на елементарната ќелија. Потоа, испитувани се нивните електрохемиски својства со акцент на каталитичката активност, применувајќи ја методата на циклична волтамметрија. Каталитичката активност на $YCoO_3$ е испитувана со методата на циклична волтамметрија на микрокристали. Кристалите на $YCoO_3$ се нанесувани на површината на графитната електрода импрегнирана со парафин, по пат на абразија, а потоа електрохемиската активност е

испитувана во четири различни електролити, при што најдобар одговор е добиен во раствори на хлориди. Притоа, утврдено е дека $YCoO_3$ покажува изразена каталитичка активност кон оксидација на хлоридните јони. Каталитичката активност се намалува со супституција на Co^{3+} со Cr^{3+}, што јасно укажува дека каталитичкиот ефект се должи токму на Co^{3+} јоните. Покрај ова, во истиот труд е покажано дека $YCoO_3$ покажува електрокаталитичка активност и кон оксидација на метанол во базна средина.

Трудовите под број 12 и 13 се однесуваат на синтеза и детално структурно изучување на две серии комплексни перовскити. Во трудот 12, тоа е серијата $PrCo_{1-x}Cr_xO_3$ (x = 0; 0,33; 0,5; 0,67; 1), а во трудот 13, серијата $GdCo_{1-x}Cr_xO_3$ (x = 0; 0,33; 0,5; 0,67; 1). Соединенијата се синтетизирани со методот на согорување од раствор со примена на уреа како гориво, а кај соединенијата на празеодимиум, освен уреа, како гориво користен е и глицин, што се покажало како поуспешно, т.е. добивани се соединенија со повисока чистота. Овде треба да се истакне дека, освен крајните членови на овие две серии, комплексните перовскити со супституција во B-и/или A-позиција се новосинтетизирани. На синтетизираните перовскити од обете серии решена им е кристалната структура со примена на методот на Rietveld. Најдено е дека сите соединенија кристализираат орторомбично во просторната група *Pnma*. Резултатите од уточнетата структура се користени за дополнителни пресметки на некои кристалографски параметри кои би укажале на причините за отстапувањето од идеалната перовскитна структура. Од заклучоците од анализата на кристалографските параметри за $PrCo_{1-x}Cr_xO_3$ (x = 0; 0,33; 0,5; 0,67; 1 (труд 12), значајно е да се истакнат неколку поважни. Така, анализирана е промената на соодносот помеѓу параметрите a и c, како и споредбата a, $b\sqrt{2}$ и c, при што е заклучено дека релацијата меѓу a и c се менува од $c > a$ (кај $PrCoO_3$ и $PrCo_{0,67}Cr_{0,33}O_3$) преку $c \approx a$ ($PrCo_{0,5}Cr_{0,5}O_3$) до $c < a$ (кај $PrCo_{0,33}Cr_{0,67}O_3$ и $PrCrO_3$). Споредбата, пак, a, $b\sqrt{2}$ и c покажува дека само кај $PrCrO_3$ и $PrCo_{0.33}Cr_{0.67}O_3$ релацијата помеѓу овие параметри е $a > b\sqrt{2} > c$ како кај перовскитите од *O*-тип. Кај $PrCo_{0.5}Cr_{0.5}O_3$ a и c параметрите се скоро идентични, односно $a \approx c > b/\sqrt{2}$, а овој перовскит е орторомбичен со псевдо-тетрагонална елементарна ќелија. Кај последните два члена на серијата ($PrCoO_3$ и $PrCo_{0.67}Cr_{0.33}O_3$), односот помеѓу параметрите на елементарната ќелија се менува во $c > b/\sqrt{2} > a$. Врз основа на овие, како и на други кристалохемиски параметри (индексот на орторомбична деформација, спонтаното напрегање, индексот на деформација на ќелијата, аглите на наклонување, експерименталните фактори на толеранција и глобалниот индекс на нестабилност кој се темели на редот на врските), заклучено е дека во структурите на членовите на оваа серија перовскити постојат два типа дисторзии. Кај $PrCoO_3$ и $PrCo_{0.67}Cr_{0.33}O_3$ кај кои содржината на Co^{3+} е поголема од таа на Cr^{3+}, поизразено е деформирањето на октаедрите во однос на должините на врските, отколку нивното наклонување. Кај $PrCo_{0,33}Cr_{0,57}O_3$ и $PrCrO_3$ каде содржината на Cr^{3+} е поголема од онаа на Co^{3+}, отстапувањето од идеалната перовскитна структура се должи, главно, на наклонувањето на октаедрите. Во оваа серија изгледа дека ефектот на деформацијата на должините на врските и наклонувањето на октаедрите делуваат во спротивна насока што води до стабилизација на структурата.

Кај серијата $GdCo_{1-x}Cr_xO_3$ (x = 0; 0,33; 0,5; 0,67; 1) (труд 13) е утврдено дека релацијата помеѓу параметрите на елементарната ќелија кај

сите членови на серијата е $b > c/\sqrt{2} > a$ како кај перовскитите од *O*-тип, каде наклонувањето на октаедрите е главна причина за отстапување од идеалната перовскитна структура. Резултатите од кристална структура и другите кристалохемиски пресметки покажуваат дека деформацијата на елементарната ќелија (во однос на идеалната) се зголемува со зголемување на содржината на хром. Координациониот број на гадолиниумот е намален во однос на идеалната кубична структура и тоа на 10 кај $GdCoO_3$, а кај останатите членови на 9. Деформацијата на октаедарите се намалува од $GdCoO_3$ до $GdCrO_3$, но во истата насока се зголемуваат аглите на наклонувањето. Трендот на деформација на координациониот полиедар околу Gd^{3+} е во спротивна насока.

За обете серии се снимени SEM-слики кои покажуваат дека тие образуваат честички со нанодимензии, а самата структура е порозна што укажува на ослободувањето на голема количина гасови при нивната синтеза. Морфологијата на соединенијата во рамките на серијата е многу слична.

Во трудот број 16 се испитувани електричните својства на орторомбичните $YCrO_3$ и $YCo_{0,5}Cr_{0,5}O_3$ со импендансна спектроскопија во температурен интервал од 301-339 K и фреквенциски интервал од 10 Hz до 10 MHz. Најдено е дека со зголемување на температурата се намалува спроводливоста, што укажува на метално однесување на овие соединенија. Поголема спроводливост покажува $YCo_{0,5}Cr_{0,5}O_3$, што укажува на тоа дека со замена на хромот со кобалт доаѓа до зголемување на спроводливоста.

Учества во проекти и други активности

Д-р Сандра Димитровска-Лазова досега била вклучена во следниве научноистражувачки проекти:

1. "Метални минерали од Македонија – Спектроскопска и структурна карактеризација" (1998-2000).
2. "Минерали од Македонија – Спектроскопска и структурна карактеризација" (2001-2004).
3. "Структурни корелации и испитување на својствата на соединенија од типот на перовскит" (2001-2004).
4. "Испитување на структурата и својствата на соединенија со специфични електрични и магнетни карактеристики" (2006-2008).
5. „Влијание на парцијалната супституција на катјоните во перовскитната структура врз физичките и хемиските својства" (2010-2012).

Покрај ова, кандидатката учествувала во преводот на следнива два високошколски учебника во рамките на Проектот на владата на Р. Македонија за превод на учебници.

1. П. Аткинс, Т. Овертон, Џ. Рурк, М. Велер, Ф. Армстронг, Неорганска хемија, 2010.
2. Џ. В. Хил, Р. Х. Петручи, Т. В. Мекрири, С. С. Пери, Општа хемија, 2011.

Д-р Сандра Димитровска-Лазова била вклучена во Организациониот одбор на Петтиот и Шестиот студентски конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, а била претседател на

Организациониот одбор на Седмиот студентски конгрес. Учествувала во Организациониот одбор на XXI конгрес на хемичарите и технолозите од Македонија.

Најпосле, треба да се спомене и ангажманот на д-р Сандра Димитровска-Лазова околу активностите за популаризација на хемијата и Институтот за хемија меѓу средношколците во Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од поднесениот извештај може да се забележи дека во периодот од првиот ангажман како демонстратор, па сè до сега, кандидатката д-р Сандра Димитровска-Лазова напредувала и покажала голема активност и на научно поле и на полето на наставата. И кон научната и кон наставната ангажираност таа се однесува со висок степен на одговорност, креативност и трпеливост. Нејзините резултати укажуваат дека таа е квалитетен научен и педагошки работник кој покажува самостојност и креативност во работата, што ветува дека и понатаму ќе продолжи да се развива во уште поквалитетен наставно-научен работник.

Врз основа на постигнатите резултати и личното познавање на кандидатката може да се заклучи дека тие недвосмислено покажуваат дека таа ги исполнува сите услови за избор во звањето доцент, но, за жал, конкурсот се однесува на насловен доцент. Затоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му предложиме д-р Сандра Димитровска-Лазова да биде избрана во звањето **насловен доцент** по група предмети од областа општа и неорганска хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Љупчо Пејов, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Сандра Александар Димитровска-Лазова

(име, татково име и презиме)

Институција:

Природно-математички факултет, Институт за хемија

(назив на факултетот/институтот)

Научна област:

Хемија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)**	
	Медицинска хемија (5+4) за студентите по медицина, лабораториски вежби 2002/03, 2003/04, 2004/05 (три групи во секоја година)	**16,2**
	Медицинска хемија (4+4) за студентите по стоматологија (две групи), лабораториски вежби 2002/03	**3,6**
	Општа и неорганска хемија (3+3) за студентите по биологија, лабораториски вежби 2003/2004 (две групи), 2004/05 (две групи), 2005/06, 2006/07, 2008/09	**9,45**
	Општа и неорганска хемија I (4+2+2), лабораториски вежби, 2004/05, 2005/06, 2008/09	**2,7**
	Општа и неорганска хемија (3+1) за студентите од Шумарски факултет, лабораториски вежби (две групи) 2004/2005	**3,6**
	Органска хемија (3+1) за студентите од Шумарски факултет, лабораториски вежби (две групи), 2004/2005	**3,6**
	Општа и неорганска хемија I (4+2+2), лабораториски вежби, 2005/2006	**1,8**
	Препаративна неорганска хемија (2+2), лабораториски вежби, 2005/06	**0,9**
	Општа и неорганска хемија II (3+2+1), лабораториски вежби, 2006/07	**1,8**
	Општа и неорганска хемија II (3+2+1), нумерички вежби. 2006/07	**0,9**
	Општа и неорганска хемија I (4+2+2), нумерички вежби, 2008/2009	**1,8**
	Општа хемија II (3+3) за студентите по физика, лабораториски вежби, 2008/2009	**1,35**
	Неорганска биохемија (2+1), лабораториски вежби, 2008/09	**0,45**

	Хемија на комплексни соединенија (2+3), лабораториски вежби, 2008/09, 2009/10	**2,7**
	Општа и неорганска хемија II (3+2+1), лабораториски вежби, 2008/09	**2,7**
	Општа и неорганска хемија II (3+2+1), нумерички вежби, 2008/2009	**0,45**
	Хемија за студентите по физика (3+3), лабораториски вежби, 2009/2010	**1,35**
	Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), лабораториски вежби, 2009/2010	**4,05**
	Хемија (4+4), лабораториски вежби за студентите по биологија, 2009/10. 2010/11	**3,6**
	Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), лабораториски вежби, 2010/11, 2011/12	**2,7**
	Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), нумерички вежби, 2010/2011, 2011/12	**1,8**
	Неорганска хемија (А-ниво) (4+3+2), лабораториски вежби, 2010/2011, 2011/12	**2,7**
	Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1), лабораториски вежби, 2010/11	**1,35**
	Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1), нумерички вежби, 2010/11	**0,45**
	Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (5)	**0,5**
2.	Интерна скрипта од вежби: за предметот неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1)	**3**
	Вкупно	**75,7**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Учесник во национален научен проект:**	
	"Метални минерали од Македонија - спектроскопска и структурна карактеризација" (1998-2000)	**3**
	"Минерали од Македонија - спектроскопска и структурна карактеризација" (1998-2000)	**3**
	"Структурни корелации и испитување на својствата на соединенија од типот на перовскит" (2001-2004)	**3**
2.	**Учесник во меѓународен научен проект:**	
	"Испитување на структурата и својствата на соединенија со специфични електрични и магнетни карактеристики" (2006-2008).	**5**
	„Влијание на парцијалната супституција на катјоните во перовскитната структура врз физичките и хемиските својства" (2010-2012)	**5**

3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (со impact factor):**	
	S. Dimitrovska, I. Kuzmanovski, S. Aleksovska, Prediction of the unit cell edge length of cubic $A_2^{2+}BB'O_6$ perovskites by multiple linear regression and artificial neural networks, *Cent. Eur. J. Chem*, **3**(1) 198–215 (2005).	**5,873**
	P. Makreski, G. Jovanovski, S. Dimitrovska, Minerals from Macedonia XIV. Identification of some sulfate minerals by vibrational (infrared and Raman) spectroscopy, *Vib. Spectrosc*, **39**, 229–239 (2005).	**6,45**
	I. Kuzmanovski, S. Dimitrovska-Lazova, S. Aleksovska, Classification of Perovskites with Supervised Self-Organizing Maps, *Anal. Chem. Acta*, **595**, 182–189 (2007).	**9,355**
	S. Aleksovska, S. Dimitrovska, I. Kuzmanovski, Crystal Structure Prediction in Orthorhombic ABO_3 Perovskites by Multiple Linear Regression and Artificial Neural Networks, *Acta Chim. Slov.*, **54**, 574–582 (2007).	**5,81**
	S. Dimitrovska-Lazova, V. Mirčeski, D. Kovacheva, S. Aleksovska, Solution Combustion Synthesis of $YCoO_3$ and Investigation of its Catalytic Properties by Cyclic Voltammetery, *J. Solid State Electrochem.*, **16**, 219–225 (2012).	**5,731**
	I. Kuzmanovski, S. Dimitrovska-Lazova and S. Aleksovska, Examination of the Influence of Different Variables on Prediction of Unit Cell Parameters in Perovskites Using Counter-Propagation Artificial Neural Networks, *J. Chemometrics*, **26**, 1–6, (2012).	**6,752**
	S. Dimitrovska-Lazova, D. Kovacheva, S. Aleksovska, M. Marinšek, P. Tzvetkov, Synthesis and Structural Details of Perovskites Within the Series $PrCo_{1-x}Cr_xO_3$ (x = 0, 0.33, 0.5, 0.67 and 1), *Bulg. Chem. Comm.*, **44**, 235–244 (2012).	**3,883**
	S. Dimitrovska-Lazova, D. Kovacheva, P. Tzvetkov, Structural Characteristics of $GdCo_{1-x}Cr_xO_3$ (x = 0, 0.33, 0.5, 0.67, 1) Perovskites, *Bulg. Chem. Comm.*, **44**, 245–252 (2012).	**5,083**
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:**	
	V. Stefov, G. Jovanovski, B. Šoptrajanov, B. Mineva-Šukarova, S. Dimitrovska, B. Boev, Minerals from Macedonia:V. Characterization of gypsum, barite and their synthetic analogues by FTIR and Raman spectroscopy, *Geol. Maced.* , **Vol.14**, 61-66 (2000).	**2,4**
	Margareta Pecovska Gjorgjevich, Slobotka Aleksovska, Sandra Dimitrovska-Lazova, Impedance Spectroscopy Analysis of $YCrO_3$ and $YCo_{0.5}Cr_{0.5}O_3$, *Physica Macedonica* **60**, (2012). (in press)	**3,2**
6.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	
	В. Стефов, С. Димитровска, Г. Јовановски, Б. Шоптрајанов, Минерали од Македонија: II. Вибрациони спектри на некои сулфатни минерали, 16. Конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија (со меѓународно учество), Книга на трудови, 47-50 (1999).	**1,2**

	S. Dimitrovska, P. Makreski, G. Jovanovski, Minerals from Macedonia. Identification of some sulfate minerals with infrared spectroscopy, *XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia*, CD, SSC-6, Ohrid (2004).	**1,6**
	С. Алексовска, И. Кузмановски, С. Димитровска, Споредба на повеќекратна линеарна регресија и вештачки невронски мрежи за предвидување на параметарот на елементарната ќелија кај перовскити со формула $A_2^{2+}(B'_{0.5}{}^{3+}B''_{0.5}{}^{5+})O_6$, *XVIII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија*, ЦД, ИЦТ-15, Охрид (2004).	**1,6**
	S. Dimitrovska-Lazova, D. Kovacheva, S. Aleksovska, V. Mirčeski, Synthesis and electrochemical investigation of $PrCoO_3$ perovskite, *Proceedings of 45th Meeting of the Serbian Chemical Society*, 238-241, Novi Sad, January 25–26 (2007).	**1,2**
	S. Dimitrovska, I. Kuzmanovski, S. Aleksovska, Prediction of the unit cell parameters in monoclinic $A_2BB'O_6$ perovskites by multiple linear regression and artificial neural networks, *Proceedings of the International Scientific Conference*, **2**, 66–74, Blagoevgrad (2005).	**1,6**
7.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	
	S. Aleksovska, S. Dimitrovska-Lazova, I. Kuzmanovski, Prediction of Unit Cell Parameters of ABX_3 Perovskites Using Counter-Propagation Neural Networks, *Proceedings of the 11th International Conference on Chemometrics in Analytical Chemistry, Chemo- and Bio-informatics*, **Vol. 3**, 263–266, Montpellier, France, 30 Jun-4 July (2008).	**2,4**
8.	Учество на научен/стручен собир со реферат -постер - 15	**7,5**
9.	Апстракт објавен во зборник на конференција -национална - 3	**1,5**
	Вкупно	**92,137**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Превод на дел од книга:**	
	П. Аткинс, Т. Овертон, Џ. Рурк, М. Велер, Ф. Армстронг, Неорганска хемија, 2010.	1
	Џ. В. Хил, Р. Џ. Петручи, Т. В. Мекрири, Општа хемија, 2011.	1
2.	**Учество во промотивни актвности на факултетот/институтот**	**0,5**
Дејности од поширок интерес		
1.	**Студиски престој во странство (до три месеци):** Институт за интердисциплинарно експериментално истражување, при Универзитето „Бабеш-Боилаи" т во Клуж-Напока, Романија,	**0,5**

	во рамките на трилатералниот DAAD-проект (22.11. ‡ 12.12. 2009).	
	Институт за општа и неорганска хемија при Бугарската академија на науките во Софија, Р. Бугарија (14.5 - 31.5.207).	**0,5**
	Институт за Општа и неорганска хемија при Бугарската академија на науките во Софија, Р. Бугарија (8.12 - 10.12.2010).	**0,5**
2.	**Студиски престој во странство (до шест месеци):** Универзитет во Лајпциг, Факултет за хемија и минералогија, Лајпциг, Германија (15.8-15.12 2006)	**1**
3.	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:** Член на Организациониот одбор на Петтиот студентски конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија.	**0,5**
	Член на Организациониот одбор на Шестиот студентски конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија.	**0,5**
	Член на Организационен одбор на *XXI* конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија (со меѓународно учество), 23-26 септември, Охрид (2010).	**0,5**
4.	**Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:** Претседател на Организационен одбор на Седмиот студентски конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија.	**1**
	Вкупно	**7,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**75,5**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**92,137**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**7,5**
Вкупно	**175,137**

Рецензентска комисија

Д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Љупчо Пејов, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АЛГЕБРАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, на состанокот одржан на 25.4.2013 година, донесе одлука бр. 07-2251/3 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од областа на алгебрата, на Институтот за математика при Факултетот, во состав: акад. Дончо Димовски, д-р Костадин Тренчевски, редовни професори на ПМФ и Биљана Јанева, редовен професор (во пензија) на Факултетот за информатика, ЕУРМ, Скопје.

На објавениот конкурс во весниците „Дневник" и „Коха" на 28.3.2013 година се пријави д-р Валентина Миовска, доцент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет.

По прегледувањето на целокупната документација од пријавата, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Биографски податоци

Валентина Миовска е родена на 28.9.1970 година во Скопје, каде што завршила основно и средно училиште. На Природно-математичкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1989/90 година на студиите по математика-наставна насока, а дипломирала на 29.10.1993 година.

Од 15.3.1994 година, вработена е како стручен соработник на Институтот за математика при ПМФ во Скопје. Во јули 1997 година е избрана во звањето помлад асистент, а преизбрана во истото звање е во октомври 2000 година. На 31.10.2002 година е избрана во звањето асистент на Заводот за алгебра и геометрија на Институтот за математика, а во истото звање е преизбрана во ноември 2005 година.

Во 1994 година се запишала на постдипломски студии по теориска математика на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Магистрирала во 2002 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Слободни векторско вредносни групи", под менторство на проф. д-р Дончо Димовски.

Пријава за изработка на докторски труд поднесла во март 2007 година, а докторирала во јуни 2008 година, со одбрана на докторскиот труд со наслов „Векторско вредносни ленти", под менторство на проф. д-р Дончо Димовски.

На 25.9.2008 година е избрана за наставник од областа на алгебрата, на Институтот за математика при ПМФ-Скопје, во звање доцент.

2. Наставно-образовна дејност

Како асистент, има изведувано вежби по следниве предмети: геометриски трансформации, линеарна алгебра и алгебра 2 - на студиите по математика, геометрија, одбрани делови по геометрија, алгебра, одбрани делови по алгебра, тригонометрија, методика на наставата по математика и хоспитации - на студиите по математика-физика, математика - на студиите по фармација и алгебарски дискретни структури - на студиите по информатика.

Како наставник, има изведувно настава по следниве предмети од прв циклус студии: алгебра 2 (за студиите по математика-физика и студиите по математика), одбрани делови од геометрија (математика-физика), (евклидска) геометрија (математика-физика), алгебра (математика), алгебра 3 (математика), конечна математика (математика и математика-физика), линеарна алгебра и дискретни структури (математика-информатика) и по предметите: одбрани делови од алгебра,

теорија на полугрупи, алгебарски n-арни структури, универзална алгебра и примени, алгбарски машини, полиадични структури, сите заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова, од вториот циклус студии по математички науки и примена. Исто така, има изведувано и вежби по предметите: алгебра 2, одбрани делови од геометрија, алгебра, алгебра 3 и конечна математика.

Во досегашната работа Валентина Миовска била: ментор и член во комисија на дипломски работи; ментор и член во комисија за оцена и одбрана на магистерски работи; член во комисија за оцена и одбрана на докторски трудови; член во комисија за изработка на наставни планови; рецензент на универзитетски, средношколски и учебници за основно образование; рецензент на ракописи за списанието „Математички Билтен"; член во комисии за избор во соработнички и наставно-научни звања.

Валентина Миовска е учесник на три интензивни курса во рамките на ДААД - проектот -„Center of Excellence for Applications of Mathematics".

3. Научноистражувачка дејност

Во својата научноистражувачка дејност Валентина Миовска има работено во седум национални и еден билатерален (со ТУБИТАК – Турција) научноистражувачки проект, а учествувала на 18 научни собири во земјата и во странство со 14 соопштенија (Анекс 2).

Досега Валентина Миовска има објавено десет научни труда – трудовите со реден број од 10 до 19 во табелата за научноистражувачка дејност од Анекс 2.

Трудовите со редни броеви 10, 11, 16, 17 и 18 се реферирани при изборот на Валентина Миовска во звањето доцент.

Во трудовите со редни броеви 12, 13, 14, 15 и 19 се истражувани векторско вредносните ленти.

Една (m,m+k)-полугрупа која е директен производ од r-нулти (n,n+k)-полугрупи, се нарекува (n,n+k)-лента. Класата од (n,n+k)-ленти е карактеризирана со пет идентитети. Во трудот 12, два от тие идентитети се заменети со еден идентитет.

Една (m,m+k)-полугрупа која е директен производ од лево нулта (m,m+k)-полугрупа и десно нулта (m,m+k)-полугрупа се нарекува правоаголна (n,n+k)-лента. Класата од правогални (n,n+k)-ленти е карактеризирана со три независни идентитети во трудот 13 .

Во трудот 14 се воведени поимите за обопштени лево нулти и десно нулти (2m,m)-полугрупи од тип (3;2), со чија помош се дефинира поимот за обопштени правоаголни (2m,m)-ленти од тип (3;2), а потоа е дадена нивна карактеризација.

Во трудот 15 е даден опис на слободните (m+k,m)-ленти, додека во трудот 19 е даден опис на слободните обопштени правоаголни (2m,m)-ленти од тип (3;2) со дадена база.

4. Стручно-апликативна дејност

Валентина Миовска активно учествува и во работата со надарените ученици по математика во Македонија како: член и претседател во комисии за организирање на сите видови натпревари по математика за учениците од основниото и средното образованиете; заменик водач на македонската екипи на Балканската математичка олимпијада во Бугарија и заменик-водач на македонската екипа на меѓународната математичка олимпијада во Атина, Грција; член во уредувачките одбори на математичките списанија „Нумерус" за основно образование и „Сигма" за средно образование.

Во изминатиот период, Валентина Миовска, сама или во коавторство, има објавено четири стручни труда и девет книги од математички натпревари (Анекс 2).

Валентина Миовска е еден од авторите на трите тома: „Научни трудови од алгебра во Република Македонија, 1950-2007" и „Библиографија на научните трудови по математика во Република Македонија, 1946-2010", издадени од МАНУ.

Заклучок и предлог:

Врз основа на Извештајот, како членови на Рецензентската комисија, кои непосредно ја имаат следено активноста на д-р Валентина Миовска, позитивно ја оценуваме досегашната нејзина севкупна активност и цениме дека д-р Валентина Миовска се развива во врвен наставно-научен работник.

Затоа сметаме дека се исполнети критериумите д-р Валентина Миовска да биде избрана во звањето вонреден професор. Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје, д-р Валентина Миовска да биде избрана во звањето вонреден професор по група предмети од областа на алгебрата на Инситутот за математика при Факултетот.

Рецензентска комисија

1. Акад. Дончо Димовски, ред. проф. на ПМФ, с.р.

2. Д-р Костадин Тренчевски, ред. проф. на ПМФ, с.р.

3. Д-р Биљана Јанева, ред. проф. на ЕУРМ, с.р

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Валентина Мичо Миовска**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Природно-математички факултет/Институт за математика**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **математика**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Одржување на вежби (лет. семестар 1993/94): геометрија (мат.-физ.) (2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2); линеарна алгебра (мат.) (3+3) (7 ч.)	3,15
2.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 1994/95): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); линеарна алгебра (мат.) (3+3) (15 ч.)	6,75
3.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 1995/96): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); линеарна алгебра (мат.) (3+3); математика (фармација) (3+4) (19 ч.)	8,55
4.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 1996/97): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); линеарна алгебра (мат.) (3+3); математика (фармација) (3+4) (19 ч.)	8,55
5.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 1997/98): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); линеарна алгебра (мат.) (3+3); математика (фармација) (3+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3) (24 ч.)	10,8
6.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 1998/99): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3) (17 ч.)	7,65
7.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 1999/2000): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3); алгебра 2 (мат.) (2+2; 2+2) (21 ч.)	9,45
8.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2000/01): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3); алгебра 2 (мат.) (2+2; 2+2) (21 ч.)	9,45
9.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2001/02): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3); алгебра 2 (мат.) (2+2; 2+2); алгебарски дискретни структури (информатика) (2+2; 2+2) (25 ч.)	11,25
10.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2002/03): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3); алгебра 2 (мат.) (2+2; 2+2); хоспитации (мат.-физ.) (2+2+2; 2+2+4); одбрани делови од алгебра (мат.-физ.) (4+4); тригонометрија (мат.-физ.) (2+2) (33 ч.)	14,85
11.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2003/04): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3); алгебра 2 (мат.) (2+2; 2+2); хоспитации (мат.-физ.) (2+2+2; 2+2+4); одбрани делови од алгебра (мат.-физ.) (4+4) (31 ч.)	13,95
12.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2004/05): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3); алгебра 2 (мат.) (2+2; 2+2); хоспитации (мат.-физ.) (2+2+2; 2+2+4); одбрани делови од алгебра (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат., насока мат. економија) (2+2) (33 ч.)	14,85
13.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2005/06): геометрија (мат.-физ.) (2+2; 2+2); геометриски трансформации (мат.) (2+2; 2+2); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат.-физ.) (2+2; 3+3); алгебра 2 (мат.) (2+2; 2+2); хоспитации (мат.-физ.) (2+2+2; 2+2+4); одбрани делови од алгебра (мат.-физ.) (4+4); алгебра (мат., насока мат. економија) (2+2) (33 ч.)	14,85

14.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2006/07): одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра 2 (мат.) (2+2; 2+2); хоспитации (мат.-физ.) (2+2+2; 2+2+4); алгебра (мат., насока мат. економија) (2+2); геометриски трансформации (мат.) (4+4); алгебра 1 (прв дел) (мат.-физ.) (2+2); алгебра 1 (втор дел) (мат.-физ.) (3+3); алгебра 2 (мат.-физ.) (4+4); методика на наставата по математика (мат.-физ.) (2+2+2; 2+2+4) (33 ч.)	14,85
15.	Одржување на вежби (зим. семестар 2007/08): одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); хоспитации (мат.-физ.) (2+2+2); алгебра 1 (прв дел) (мат.-физ.) (2+2); алгебра 2 (мат.-физ.) (4+4) (12 ч.)	5,4
16.	Одржување на настава (зим. + лет. семестар 2008/09) – од прв циклус студии: алгебра 2 (мат.-физ.) (4+4); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); геометрија (мат.-физ.) (4+4) ; алгебра 2 (мат.) (4+4) (16 ч.)	9,6
17.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2008/09): одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); алгебра 2 (математика) (4+4) (8 ч.)	3,6
18.	Одржување на настава (зим. + лет. семестар 2009/10) – од прв циклус студии: алгебра 2 (мат.-физ.) (4+4); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); геометрија (мат.-физ.) (4+4) ; алгебра 2 (мат.) (4+4) (16 ч.)	9,6
19	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2009/10): алгебра 2 (мат.-физ.) (4+4); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4) (8 ч.)	3,6
20.	Одржување на настава (зим. + лет. семестар 20010/11) – од прв циклус студии: алгебра (мат.) (2+2); алгебра 3 (мат.) (4+4); евклидска геометрија (мат.-физ.) (4+3); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); конечна математика (мат.) (2+2); алгебра 2 (мат.-физ.) (4+4); алгебра 2 (мат.) (4+4) (24 ч.) (24 x 15 x 0,04 =14,4) – од втор циклус студии: одбрани делови од алгебра (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); теорија на полугрупи (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); алгебарски *n*-арни структури (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2) (3 ч.) (3 x 15 x 0,05 = 2,25)	16,65
21.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2010/11): алгебра (мат.) (2+2); алгебра 3 (мат.) (4+4); одбрани делови од геометрија (мат.-физ.) (4+4); конечна математика (мат.) (2+2); алгебра 2 (мат.-физ.) (4+4); алгебра 2 (мат.) (4+4); одбрани делови од алгебра (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); теорија на полугрупи (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); алгебарски *n*-арни структури (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2) (23 ч.)	10,35
22.	Одржување на настава (зим. + лет. семестар 20011/12) – од прв циклус студии: алгебра (мат.) (2+2); евклидска геометрија (мат.-физ.) (4+3); линеарна алгебра (мат.-инф.) (3+3); конечна математика (мат.) (2+2); алгебра 2 (мат, стара програма) (4+4); алгебра 2 (мат.) (2+2) (17 ч.) (17 x 15 x 0,04 = 10,2) – од втор циклус студии: одбрани делови од алгебра (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); универзална алгебра и примени (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); алгебарски *n*-арни структури (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); алгебарски машини (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); полиадични структури (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2) (5 ч.) (5 x 15 x 0,05 = 3,75)	13,95
23.	Одржување на вежби (зим. + лет. семестар 2011/12): алгебра (мат.) (2+2); алгебра 2 (мат, стара програма) (4+4); алгебра 2 (мат.) (2+2); одбрани делови од алгебра (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); универзална алгебра и примени (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); алгебарски *n*-арни структури (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); алгебарски машини (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2); полиадични структури (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2) (13 ч.)	5,85
24.	Одржување на настава (зим. семестар 20012/13) – од прв циклус студии: алгебра (мат.) (2+2); евклидска геометрија (мат.-физ.) (4+3); линеарна алгебра (мат.-инф.) (3+3) (9 ч.) (9 x 15 x 0,04 = 5,4) – од втор циклус студии: одбрани делови од алгебра (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2) (1 ч.) (1 x 15 x 0,05 = 0,75)	6,15
25.	Одржување на вежби (зим. семестар 2012/13): алгебра (мат.) (2+2); одбрани делови од алгебра (мат. науки и примена, заедно со доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова) (2+2) (3 ч.)	1,35
26.	Настава во школи и работилници – учесник DAAD, Coding theoretical aspects of information theory, 8.9.2003-21.9.2003	1
27.	Настава во школи и работилници – учесник	1

	DAAD, Educational Software System GEONEXT, 25.10.2004-30.10.2004	
28.	Настава во школи и работилници – учесник DAAD, Fuzzy sets and fuzzy logic, 17.9.2006-29.9.2006	1
29.	Подготовка на нов предмет – предавања: (зим. + лет. семестар 2008/09) (4); (зим. + лет. семестар 2010/11) (5); (зим. + лет. семестар 20011/12) (4) (13 x 1 = 13) – вежби: (лет. семестар 1993/94) (3); (зим. + лет. семестар 1994/95) (3); (зим. + лет. семестар 1995/96) (1); (зим. + лет. семестар 1997/98) (1); (зим. + лет. семестар 1999/2000) (1); (зим. + лет. семестар 2001/02) (1); (зим. + лет. семестар 2002/03) (3); (зим. + лет. семестар 2004/05) (1); (зим. + лет. семестар 2006/07) (1); (зим. + лет. семестар 2010/11) (5); (зим. + лет. семестар 20011/12) (3) (23 x 0,5 =11,5)	24,5
30.	Консултации со студенти (лет. семестар 1993/94) приближно 120 студенти (120 x 0,002)	0,24
31.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 1994/95), приближно 140 студенти	0,28
32.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 1995/96), приближно 190 студенти	0,38
33.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 1996/97), приближно 230 студенти	0,46
34.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 1997/98), приближно 270 студенти	0,54
35.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 1998/99), приближно 130 студенти	0,26
36.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 1999/2000), приближно 170 студенти	0,34
37.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2000/01), приближно 140 студенти	0,28
38.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2001/02), приближно 140 студенти	0,28
39.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2002/03), приближно 100 студенти	0,2
40.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2003/04), приближно 110 студенти	0,22
41.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2004/05), приближно 100 студенти	0,2
42.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2005/06), приближно 100 студенти	0,2
43.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2006/07), приближно 140 студенти	0,28
44.	Консултации со студенти (зим. семестар 2007/08), приближно 40 студенти	0,08
45.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2008/09), приближно 50 студенти	0,1
46.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2009/10), приближно 50 студенти	0,1
47.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 2010/11), приближно 60 студенти	0,12
48.	Консултации со студенти (зим. + лет. семестар 20011/12), приближно 80 студенти	0,16
49.	Консултации со студенти (зим. семестар 20012/13), приближно 50 студенти	0,1
50.	Ментор на дипломска работа (12 x 0,2)	2,4
51.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2 x 0,5)	1
52.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (2 x 0,3)	0,6
53.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (26 x 0,1)	2,6
54.	Интерна скрипта од предавање (2 x 4) Предавања по Евклидска геометрија за студентите по математика-физика, заедно со К. Тренчевски; Предавања по Линеарна алгебра за студентите по математика-информатика	8
55.	Интерна скрипта од вежби Вежби по Алгебра 2 за студентите по математика-физика, заедно со А. Гацовска	3
56.	Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание В. Миовска, Теорема на Симсон, „Сигма" бр. 66, 2004, стр. 1-4	1
57.	Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание В. Миовска, Една задача и 12 решенија, „Сигма" бр. 77 , 2007-, стр. 8-14	1
58.	Рецензент на универзитетски учебник Б. Јанева, Алгебарски структури, Прв приватен универзитет Европски универзитет, Скопје, 2009	1
	Вкупно	**287,97**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Ментор на магистерска работа	1
2.	Учесник во национален научен проект: Тополошки и алгебарски структури и нивни примени (раководител: проф. д-р Дончо Димовски), 1999-2002.	3
3.	Учесник во национален научен проект: Векторско вредносни групи (раководител: проф.	3

	д-р Ѓорѓи Чупона), 2000-2002.	
4.	Учесник во национален научен проект: Тополошки и алгебарски структури и нивни примени (раководител: проф. д-р Дончо Димовски), 2003-2006.	3
5.	Учесник во национален научен проект: Векторско вредносни структури (раководител: проф. д-р Ѓорѓи Чупона), 2006-2008.	3
6.	Учесник во национален научен проект: Развој на алгебрата во Република Македонија, 1950-2007 (раководител: проф. д-р Ѓорѓи Чупона), 2006-2008.	3
7.	Учесник во национален научен проект: Развој на математичките науки во Р. Македонија, 1946-2010 (раководител: проф. д-р Благој Попов), 2008-2011.	3
8.	Учесник во национален научен проект: Алгебарски, тополошки и комбинаторни проблеми (раководител: проф. д-р Дончо Димовски) 2010-2012.	3
9.	Учесник во меѓународен научен проект: Изучување на разни својства во фази-топологија и нивно изразување во рамките на структурните простори (раководител: проф. д-р Билјана Крстеска), заеднички проект со Република Турција, 2006-2009.	5
10.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: D. Dimovski, **V. Miovska** - *Characterization of* (2*k*, *k*)-*rectangular band*, Matematički Bilten, 28(LIV) (2004), 125-132.	3,6
11.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: **V. Miovska**, D. Dimovski - (*m*+*k*, *m*)-*bands*, Mathematica Macedonica, Vol. 4 (2006), 11-24.	3,6
12.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: **V. Miovska**, D. Dimovski - *Independence of characterizing properties of* (*m*+*k*, *m*)-*bands*, Mathematica Macedonica, Vol. 6 (2008), 47-53.	3,6
13.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: **V. Miovska**, D. Dimovski - *Independence of characterizing properties of* (*m*+*k*, *m*)-*rectangular bands*, Matematički Bilten, 33(LIX) (2009), 5-14.	3,6
14.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: **V. Miovska**, D. Dimovski - *Generalized* (2*m*,*m*)-*rectangular bands of type* (3,2), Matematički Bilten, 34(LX) (2010), 5-12.	3,6
15.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: **V. Miovska**, D. Dimovski - *Free* (*m*+*k*,*m*)-*bands*, Mathematica Macedonica Vol. 8 (2010), 115-127.	3,6
16.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: B. Janeva, **V. Miovska**, V. Celakoska-Jordanova - *On a class of* $n-$*groupoids*, Proceeding of 2th Congress of Mathematicians and Informaticians of Macedonia, Ohrid, 28.09-01.10.2000, SMIM, 2003, 25-30.	1,6
17.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: D. Dimovski, **V. Miovska** - *Characterization of* (*m*+*k*, *m*)-*rectangular band when* $k<m$, Proceeding of 3rd Congress of Mathematicians of Macedonia, Struga, 29.9-2.10.2005, SMM, 2007, 245-250.	1,8
18.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: **V. Miovska**, D. Dimovski - *Free* (*m*+*k*, *m*)-*rectangular bands when* $k<m$, Mathematics and Natural Sciences, Proc. Int. Sc. Conf. 6-10.6.2007, FMNS-2007, South-West University "Neofit Rilsky", Blagoevgrad, Vol.1 (2007), 88-92.	1,8
19.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: **V. Miovska**, D. Dimovski - *Free generalized* (2*m*,*m*)-*rectangular bands of type* (3,2), Proc. of the International Scientific Conference, FMNS-2011, Blagoevgrad, Bulgaria, Vol. 1, (2011), 33-37.	1,8
20.	Труд со стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Ј. Маркоска, Ѓ. Маркоски, **В. Миовска** - *Примена на GEONEXT во наставата по математика*, Зборник на трудови од III конгрес на математичарите на Македонија, Струга, 29.09-02.10.2005, СММ, 2007, 115-122.	1,6
21.	Труд со стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: **В. Миовска**, Ѓ. Маркоски, А. Гацовска, Д. Лешковски- *Очекувани тенденции на бројноста и успехот на учениците-натпреварувачи по математика од средните училишта*, Зборник на трудови од IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, 19-22.10.2008, СММ, 155-168.	1,2
22.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: B. Janeva, **V. Miovska**, V. Celakoska-Jordanova - *On a class of* $n-$*groupoids*, II конгрес на математичарите и информатичарите на Македонија, Охрид, 28. 9-1.10.2000.	2
23.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: D. Dimovski, **V. Miovska** - *Characterization of* (*m*+*k*, *m*)-*rectangular band when* $k<m$, III конгрес на математичарите и информатичарите на Македонија, Струга, 29.9-2.10.2005.	2
24.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: Ј. Маркоска, Ѓ. Маркоски, **В. Миовска** - *Примена на GEONEXT во наставата по математика*, III конгрес на математичарите и информатичарите на Македонија, Струга, 29.9-2.10.2005.	2

25.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: **V. Miovska**, D. Dimovski - *Free (m+k, m)-rectangular bands when k<m*, Second International Scientific Conference FMNS-2007, Blagoevgrad, Bulgaria, 2007, June 6-10.	2
26.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: **V. Miovska**, D. Dimovski - *Free (m+k,m)-bands*, Conference on Algorithmic Complexity and Universal Algebra, Szeged, Hungary, 2007, July 16–20.	2
27.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: **V. Miovska**, D. Dimovski- *Independence of characterizing properties of (m+k, m)-bands*, Mathematical Conference: 85 YEARS OF PROFESSOR BLAGOJ POPOV LIFE, Ohrid, 2008, September 4-7.	2
28.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: **V. Miovska**, D. Dimovski- *Independence of characterizing properties of (m+k, m)-rectangular bands*, IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, 19-22.10.2008.	2
29.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: **В. Миовска**, Ѓ. Маркоски, А. Гацовска, Д. Лешковски- *Очекувани тенденции на бројноста и успехот на учениците-натпреварувачи по математика од средните училишта*, IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, 19-22.10.2008.	2
30.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: **V. Miovska**, D. Dimovski- *Free generalized (m+k,m)-bands*, Mathematical Conference 2010 Dedicated to Professor Ġorgi Čupona, Ohrid, 2010, September 10-13.	2
31.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: **V. Miovska**, D. Dimovski- *Free generalized (2m,m)-rectangular bands of type (3,2)*, Fourth International Scientific Conference FMNS-2011, Blagoevgrad, Bulgaria, 2011, June 8-11.	2
32.	Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: **V. Miovska**, D. Dimovski- *Generalized (m+k,m)-bands*, The 83rd Workshop on General Algebra & the 27th Conference of Young Algebraists, Novi Sad, 2012, March 15-18.	2
33.	Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација В. Миовска - *Една конструкција на слободна векторско вредносна група*, научен собир во рамките на проектот Векторско вредносни групи, Охрид, септември 2001.	1
34.	Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација В. Миовска - *(m+k, m)-правоаголни ленти*, научен собир во рамките на проектот Векторско вредносни структури, Струга, септември-октомври 2006.	1
35.	Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација В. Миовска - *(m+k, m)-ленти*, научен собир во рамките на проектот Векторско вредносни структури, Битола, мај 2007.	1
36.	Апстракт објавен во зборник на конференција – меѓународна **V. Miovska**, D. Dimovski - *Free (m+k,m)-bands*, Conference on Algorithmic Complexity and Universal Algebra, Szeged, Hungary, 2007, July 16–20.	1
37.	Апстракт објавен во зборник на конференција – меѓународна **V. Miovska**, D. Dimovski - *Generalized (m+k,m)-bands*, The 83rd Workshop on General Algebra & the 27th Conference of Young Algebraists, Novi Sad, 2012, March 15-18.	1
38.	Апстракт објавен во зборник на конференција – национална **V. Miovska**, D. Dimovski - *Free generalized (m+k,m)-bands*, Mathematical Conference 2010 Dedicated to Professor Ġorgi Čupona, Ohrid, 2010, September 10-13.	0,5
	Вкупно	**85,9**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

ред. бр.	Назив на активноста	поени
1.	Книга од стручна област: А. Малчески, Р. Атанасов, Д. Димовски, Р. Малчески, М. Оровчанец, И. Јанев, В. Манова-Ераковиќ, **В. Миовска**, Ѓ. Маркоски, В. Гоговска - *Натпревари по математика во средното образование во учебната 1998/99 година*, СМИМ, Скопје, 2000	7
2.	Книга од стручна област: В. Манова-Ераковиќ, **В. Миовска**, Ѓ. Маркоски, И. Стојковска, П. Соколоски, А. Малчески, Д. Лешковски, А. Гацовска, С. Брсаковска, Д. Велинов - *Сигмина ризница: Меѓународен натпревар Кенгур* 2006-2010, СММ, Скопје, 2010	7
3.	Книга од стручна област: А. Малчески, В. Манова-Ераковиќ, **В. Миовска**, Д. Лешковски, А. Гацовска - *Сигмина ризница: Меѓународен натпревар Кенгур* 2011, СММ, Скопје, 2011	7
4.	Книга од стручна област: Macedonian mathematical competitions, SMM, 2007	7
5.	Книга од стручна област: Macedonian mathematical competitions, SMM, 2008	7
6.	Книга од стручна област: Macedonian mathematical competitions, SMM, 2009	7
7.	Книга од стручна област: Натпревари по математика 2010 во Република Македонија, СММ, 2010	7

8.	Книга од стручна област: Натпревари по математика во средно образование 2011, СММ, 2011	7
9.	Книга од стручна област: Натпревари по математика во средно образование 2012, СММ, 2012	7
10.	Рецензент на учебник за средно или основно образование: Нацртна геометрија за прва година (2010); Нацртна геометрија со техничко цртање за прва година (2010); 2 учебника по математика за петто одделение за деветтодишно основно образование (2010) (4 x 0,5)	2
11.	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија,и проценка на капитал, систематизација, методологија: Рецензија на 2 ракописи за списанието Математички Билтен (2 x 1)	2
12.	Учество во комисии за државни натпревари по математика Комисија за државни натпревари по математика за средно образование 1995-2013 (19 години) и Комисија за државни натпревари по математика за средно образование 2005-2006 (2 години) (21 x 1)	21
13.	Учество во промотивни активности на Факултетот (4 години) (4 x 0,5)	2
	Дејности од поширок интерес	
14.	Член на уредувачки одбор на стручно списание (НУМЕРУС - 4 год., 2004-2007) (4 x 0,5)	2
15.	Член на уредувачки одбор на стручно списание (СИГМА - 3 год., 2010/11-2012/13) (3 x 0,5)	1,5
16.	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – соработник 7 проекти (табела за научно-истражувачка дејност ред. бр. 2-8) (7 x 0,5)	3,5
17.	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – соработник 1 проект (табела за научно-истражувачка дејност ред. бр. 9)	1
18.	Раководител на внатрешна организациона единица: раководител на Завод за алгебра и геометрија, 2011-2013	3
19.	Член на факултетска комисија: 2011 – пописна комисија за библиотеката на ИМ; 2012 – комисија за проверка на психофизичката способност на кандидатите за студирање на наставните насоки за студии по математика (2 x 0,5)	1
20.	Член на комисија за избор во звање: асистент - Весна Целакоска-Јорданова, април 2009; доцент - Весна Целакоска-Јорданова, февруари 2010) (2 x 0,2)	0,4
	Вкупно	**102,4**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**287,97**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**85,9**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**102,4**
Вкупно	**476,27**

Рецензентска комисија

1. Акад. Дончо Димовски, ред. проф. на ПМФ, с.р.

2. Д-р Костадин Тренчевски, ред. проф. на ПМФ, с.р.

3. Д-р Биљана Јанева, ред. проф. на ЕУРМ, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 25.04.2013 година.

Кандидат	Тема	Ментор
Горица Смилкова, професор по биологија-хемија во основното образование	„ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА ХЕМИЈАТА СО КОНСТРУКТИВИСТИЧКИ ПРИОД ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ“	- д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ – Скопје.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 25.04.2013 година.

Кандидат	Тема	Комисија
Елизабета Павковиќ, магистер на етнолошки науки	„ВИЗУЕЛНАТА АНТРОПОЛОГИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО ПОШИРОКАТА КУЛТУРНА ЈАВНОСТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА “	- д-р Анета Светиева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет – Скопје (во пензија). - д-р Илина Јакимовска, доцент на Природно-математичкиот факултет – Скопје. - д-р Љупчо Ристески, редовен професор на Природно-математичкиот факултет – Скопје.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрена тема за изработка на специјалистички труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 25.04.2013 година.

Кандидат	Тема	Ментор
Славица Михова, дипломиран професор по биологија	„ФИЗИОЛОШКО-ГЕНЕТСКИ ПРОМЕНИ КАЈ РАЗЛИЧНИ РАСТИТЕЛНИ КУЛТУРИ НА ОДРЕДЕНИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО НЕГОТИНСКО-КАВАДАРЕЧКИОТ РЕГИОН“	- д-р Ленка Цветановска, редовен професор на ПМФ – Скопје.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ХИДРОЛОГИЈА И ВОДОСТОПАНСКИ ПРОБЛЕМИ ВО СЛИВОТ НА КРИВА РЕКА" ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ИВАН РАДЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 25.4.2013 година, нè предложи за Рецензентска комисија за оцена и одбрана на изработената докторска дисертација под наслов **ХИДРОЛОГИЈА И ВОДОСТОПАНСКИ ПРОБЛЕМИ ВО СЛИВОТ НА КРИВА РЕКА**, поднесена од кандидатот Иван Радевски, магистер на географски науки.

Рецензентската комисија во состав: д-р Михаило Зиков, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Олгица Димитровска, вонреден професор на ПМФ во Скопје, д-р Жанета Попеска, редовен професор на ФИНКИ во Скопје, д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје и д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ во Скопје, по проучувањето на поднесениот труд, има чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд под наслов **ХИДРОЛОГИЈА И ВОДОСТОПАНСКИ ПРОБЛЕМИ ВО СЛИВОТ НА КРИВА РЕКА,** изработен од кандидатот Иван Радевски, магистер на географски науки, е напишан на 285 страници текст со нормален проред, каде што се вклучени 108 табели, 69 графикони, 12 фотографии, 12 картографски прикази и литература.

Трудот ги содржи следниве поглавја: Вовед, Досегашни истражувања, Физичко-географски карактеристики на сливот на Крива Река (географска положба и сообраќајна поврзаност, геолошка градба, тектоника, хидрогеолошки карактеристики и рудно богатство, геоморфолошки карактеристики, климатски карактеристики, вегетација и почвени карактеристики), Хидрографско-хидролошки карактеристики, Користени методи во статистичка анализа на големите и малите води, Статистичка анализа на големите води на Крива Река, Статистичка анализа на малите води на Крива Река, Изградени водни објекти, Загадување на водите, Водостопански проблеми во сливот на Крива Река, Заклучок и Литература.

Во првото поглавје „Вовед", кандидатот дава опширен преглед за просторниот опфат, целите на истражувањето, хидрографско-хидролошките појави и процеси, зависноста меѓу врнежите, испарувањето и истекувањето, ја истакнува важноста на средните, минималните, максималните протеци и водостопанските проблеми и укажува на методологијата на истражувањето, така што поединечно се прикажани користените методи во

процесот на истражување, приодот во обработката и презентацијата на содржините.

Во второто поглавје „Досегашни истражувања", кандидатот дава опширен преглед на досегашните географски, хидрографски и хидролошки истражувања. Притоа, тие резултати кандидатот ги образложува и нив ги дискутира, а во наредните поглавја ги споредува со своите добиени резултати.

Понатаму во дисертацијата се анализираат физичко-географските карактеристики на сливот на Крива Река (географска положба, сообраќајна поврзаност, геолошка градба, тектоника, геоморфолошки карактеристики, хидрогеолошки карактеристики, рудно богатство, клима, вегетација и почвени карактеристики), слив кој сé наоѓа помеѓу Осоговските Планини на југ и планините Герман, Козјак и Билино на север. На исток е превојот Деве Баир, а на запад сливот се протега се до вливот на Крива Река во река Пчиња. Според ова, сливот на Крива Река се наоѓа во крајните СИ делови на Република Македонија, во централниот дел на Балканскиот Полуостров. Зафаќа површина од 1001,8 км², а должината на сливот е 62,6 км. Средната височина е 861,5 м.н.в., просечниот пад изнесува 11,5°, а коефициентот на компактност 0,16. Најголем дел од сливното подрачје, над 80% е на земјиште кое има ридски или планински карактеристики. Пошуменоста на сливот е мала бидејќи коефициентот на пошуменост е околу 26%. Речниот тек на Крива Река, во зависност од топографијата каде што поминува, има рамничарски, ридски или планински карактеристики, а водотекот на Крива Река според коефициентот на развиеност е средно развиен.

Според користените методи, при анализата на сливот на Крива Река се евидентирани вкупно 544 речни текови. Од нив, само 4 се постојани, и тоа: Крива Река, Дурачка Река и Кратовска Река. Од нив само Крива Река е со должина над 50 км, 12 се со должина 10-50 км, а сите останати се под 10 км. Сите притоки на Крива Река се мали. Од нив, најголем слив има Киселичка Река (117 км²), а најмал Габровска Река (20,9 км²). Интересни се и сознанијата за врнежите кои во сливот на Крива Река изнесуваат просечно годишно 694 мм. Од нив 530 мм испаруваат, а 164 мм истекуваат, поради што сите реки во ова сливно подрачје се одликуваат со релативно мал коефициент на истекување, (околу 24%).

Во третото поглавје се обработени хидрографско-хидролошките карактеристики и тоа подземните води, изворите, водотеците, карактеристиките на сливот и хидролошките карактеристики. Во дисертацијата се дава посебно место на хидрографските и хидролошките карактеристики пред се на анализа на средните, максималните и минималните месечни и годишни протеци на Крива Река. Тие ги прави на основа на мерните податоци добиени од трите водомерни станици: Жидилово (786 м.н.в.), Крива Паланка (640 м.н.в.) и Трновец (440 м.н.в.) за периодот од 45 години (1961/62-2005/06 година). Тие се претставени во повеќе табеларни прегледи, а податоците се подредени во хидролошки години (од октомври до септември следната календарска година). Во ова поглавје кандидатот ги образложува добиените резултати за годишни протеци кои како средни протеци за анализираниот период се со вредност од 1,19 м³/сек. во в.с.

Жидилово, 2,61 м³/сек. во в.с. Крива Паланка и 3,86 м³/сек. во в.с. Трновец. По месеци, средните протеци во анализираниот период имаат најмала вредност во август и септември, а најголема во април и мај. Во однос на нивната географска распределба се гледа дека тие низводно постојано се зголемуваат одејќи од првата кон последната водомерна станица. Во однос на временската димензија, средниот протек на Крива Река во анализираниот период од 45 години највисока вредност има во периодот 1961/61-1970/71 година, а најмали вредности во најсушниот период од 1983 до 1995 година, а во однос на годишната распределба протекот е најголем зиме, најмал лете, а поголем е на пролет одколку на есен. Интересни се и резултатите од анализата на минималните месечни и годишни протеци во сите три водомерни станици за периодот од 45 години (1961/62-2005/06 година). Резултатите јасно покажуваат дека минималните годишни протеци се најмали кај водомерната станица Жидилово (0.07 м³/сек.), нешто се поголеми кај водомерната станица Крива Паланка (0.14 м³/сек.) и повторно намалуваат кај водомерната станица Трновец (0.10 м³/сек). По месеци, минималните протеци имаат најмали вредности во јули, август и септември, а најголеми во февруари, март и април. Во анализираниот 45 - годишен период трендот на опаѓање на минималните годишни протеци е најизразен во периодот од 1989 до 2002 година како последица пред сè на долгото траење на сушниот период и на сè поинтензивното користење на водите за наводнување. Посебно внимание во трудот се посветува и на анализа на максималните месечни и годишни протеци. Целта е што подетално да се осознае режимот на големите води во сливот, во анализираниот период. Вредностите што се добиени за максималните годишни протеци кај водомерната станица Жидилово покажуваат дека екстремно максималната вредност изнесува 137,7 м³/сек, кај водомерната станица Крива Паланка 250 м³/сек, а кај водомерната станица Трновец 313 м³/сек. Максималните годишни протеци главно се појавуваат во летниот период и се последица пред сè на појавата на поројните врнежи кои се со голем интензитет, регистрирани како интензивни врнежи кои во текот на еден ден (за 24 часа) се и над 100 мм и како такви предизвикуваат поплави и големи материјални штети. Во овој дел докторантот дојде до голем број на нови докази во врска со осцилациите на нивото на водата и на протекот на Крива Река по мерни места во анализираниот период, ги откри причините кои ги условиле наведените екстремни појави и процеси и основните законитости во временските низи.

Вредни се и добиените резултати за специфичното истекување и речниот нанос и резултатите за водниот биланс на сливот. Тука кандидатот се сретнува со поголем број на проблеми кои се поврзани со наведената проблематика меѓутоа во текот на работата тој успешно ги разрешува со користење на соодветни теоретски сознанија и проверени научни методи.

Имајќи го предвид значењето на појавите на големите и малите води, во петтото и шестото поглавје се прави посебна статистичка анализа на повратниот период на големите и малите води во сливот на Крива Река. Добиените резултати, односно временските низи од трите водомерни станици се тестирани за независност и хомогеност користејќи ги стандар-

дните статистички тестови. Освен тоа, кандидатот успеал да ги моделира појавите на повратни води со повеќе познати функции и врз база на добиените резултати да го избере најсоодветниот модел во согласност со користените податоци.

Во седмото поглавје „Изградени водни објекти", посебно се анализираат водоснабдителните системи, изградените брани, акумулациите, системите за наводнување и одводнување, уредувањето на водотеците, нивната заштита од поплави и на објектите за одлагање на флотациската јаловина. Кандидатот особено се задржува на утврдувањето и објаснување на нивните карактеристики, проблеми и можни промени.

Во осмото поглавје се втемелени основните поставки на научниот проблем поврзан со загадувањето на водите во сливот на Крива Река. Кандидатот преку интегралната анализа на повеќе физички, хемиски и биолошки параметри успеал да ја прикаже објективната слика и да укаже на сумарниот бонитет на водата во Крива Река по класи и следствено на тоа извршил идентификација на изворите на загадување. За таа цел извршил анализа на повеќе параметри на главниот реципиент во периодот од 2000 до 2011 година и заклучил дека состојбата со квалитетот на водите во реката постојано бележи влошување и нуди предлог - мерки за нивно подобрување.

Во деветтото поглавје се анализирани водостопанските проблеми во сливот, и тоа проблемите со големите и малите води, проблемите со појавите на ерозија и порои, проблемите со водоснабдување, наводнување, одводнување, регулирање на речните корита и проблемите со квалитетот на водите. Во овој дел докторантот посебно се задржува и на потенцијалните можности за искористување на водите во сливот на Крива Река.

Во поглавјето „Литература", докторандот наведува 107 наслови на трудови кои се однесуваат на оваа проблематика. Најголем број од нив се со најнови датуми и се оригинални научни трудови. Дел од нив се од странски автори.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов **ХИДРОЛОГИЈА И ВОДОСТОПАНСКИ ПРОБЛЕМИ ВО СЛИВОТ НА КРИВА РЕКА,** изработена од кандидатот м-р Иван Радевски, претставува оригинален научен труд кој според содржината, методолошкиот пристап, обработката на добиените резултати и интерпретацијата ги содржи сите елементи и критериуми за успешно изработена докторска дисертација. Применувајќи соодветни методи, докторандот обработува актуелна проблематика која според своите специфики го одбележа минатиот век, но и понатаму таа со своите нови сознанија ќе претставува значајна придобивка за современата цивилизација и ќе има уште поголемо влијание со своите резултати врз се поинтензивниот развој на идните стопански и нестопански активности. Затоа добиените резултати во докторскиот труд се прилог кон расчистување на одредени теориски претпоставки и дилеми во врска со хидрографско-хидролошките појави и процеси во сливот на Крива Река, но исто така овие резултати имат и голема апликативна вредност и ќе може да се појдовна

основа при давањето на одредени насоки и одговори на круцијални прашања кои треба да се решат во најблиска иднина.

Врз основа на сето досега наведено, Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација под наслов **ХИДРОЛОГИЈА И ВОДОСТОПАНСКИ ПРОБЛЕМИ ВО СЛИВОТ НА КРИВА РЕКА**, од Иван Радевски и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја прифати и на кандидатот да му овозможи јавна одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Михаило Зиков, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
2. Д-р Олгица Димитровска, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.
3. Д-р Жанета Попеска, редовен професор на ФИНКИ во Скопје, с.р.
4. Д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
5. Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: **„ВИСОКО СЕНЗИТИВНИ И СПЕЦИФИЧНИ БИОХЕМИСКИ ПАРАМЕТРИ И СРЦЕВИ МАРКЕРИ ВО ФУНКЦИЈА НА БРЗО ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕ НА ИНФАРКТ И РЕИНФАРКТ НА МИОКАРДОТ“**, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р **САШКА ДОМАЗЕТОВСКА**, ВРАБОТЕНА НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА ЗА КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА, КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, на состанокот одржан на 28.3.2013 (бр. 07-4323/8), нè предложи за членови на Рецензентската комисија за оцена на изработената докторска дисертација под наслов **„Високо сензитивни и специфични биохемиски параметри и срцеви маркери во функција на брзо дијагностицирање на инфаркт и реинфаркт на миокардот“** од кандидатката **м-р Сашка Домазетовска**, раководител на Отсекот за изоензими и срцеви маркери при Универзитетската клиника за клиничка биохемија, Клинички центар - Скопје.

Комисијата во состав: д-р Сузана Диневска-Ќовкаровска, редовен професор на ПМФ, д-р Владимир Котевски, редовен професор на Медицинскиот факултет, д-р Билјана Миова, доцент на ПМФ, д-р Марија Вавлукис, насловен доцент на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Ицко Ѓорѓоски, редовен професор на ПМФ, ја разгледа поднесената докторска работа и го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Врз основа на доставениот материјал, Комисијата констатира дека трудот ги содржи сите предвидени елементи за изработена докторска дисертација. Докторскиот труд е презентиран на 134 страници, во кои се вклучени 28 графикони и табели и 207 референци. Докторскиот труд е напишан според постојните законски нормативи и ги содржи следниве поглавја: Вовед (35 страници), Материјал и методи (11 страници), Резултати (25 страница), Дискусија (45 страници), Заклучоци (четири страници), Прилог (една страница) Литература (13 страници). Докторскиот труд содржи и апстракт на англиски и македонски јазик.

Кандидатката Домазетовска, во **воведниот дел**, каде што се поставени хипотезите и образложението на целите, најнапред дава општи елементи од етиологијата на акутниот коронарен синдром (АКС). Понатаму, кандидатката наведува хронолошки податоци за развојот на дијагностиката преку дефинирање на параметрите од липидниот метаболизам при детекција на АКС, хематолошките параметри, параметри од електролитниот баланс, од метаболичките супстрати и продукти, како и значењето на воспалителниот маркер С-реактивен протеин (CRP) во функција на дијагнозата на инфаркт или реинфаркт на миокардот. На крајот од воведниот дел, се наведуваат литературни податоци за улогата на стрес-протеините- Heat Shock Proteins (HSP) како потенцијален параметар во дијагностицирањето на АКС.

Во **општиот вовед**, м-р Домазетовска дава информации за причините за појава на АКС, како и ризик-факторите кои приндоесуваат кон ваквата патолошка состојба на срцевиот мускул. Притоа акцентот е задржан на примарното иницирано формирање на атероматозните плочи во артериите кои го снабдуваат срцевиот мускул со крв, односно кислород и енергија. Промените на ниво на липидниот метаболизам кои резултираат со модифицирани молекули на LDL - холестеролот се иницијална точка за формирање на атероматозната плоча. Инфилтрирањето на липидни компоненти во ѕидот на крвниот сад иницира воспалителен импулс и активирање на комплексниот систем на антиинфламаторен одговор. Примарен одговор на ваквата состојба се регистрира преку активирање на леукоцитите, но и преку активирање на протеините од акутна фаза претставени преку CRP.

Во прилог на дефинирање на статусот на пациентите, м-р Домазетовска наведува литературни податоци според кои се утврдува присуство на симптоми кои укажуваат на исхемична состојба. Покрај клиничките протоколи (електрокардиограм, ехокардиограм и стрес тест), авторката ги наведува и лабораториските иследувања кои имаат особено значење во дијагностиката, а кои воедно се и основна тема во овој труд. Во овој дел од воведот дадени се основните податоци за значењето на некои клучни ензими од овој метаболизам како што се креатин киназата (СК), изоензимот МВ и лактат дехидрогеназата (LDH), со посебен акцент на нивната улога во обезбедување на ткивото со енергија преку формирање на аденозин трифосфат (АТР). Во продолжение се наведуваат промените во функционирањето на контрактилниот апарат на срцевиот мускул како и иницирање на одговор на воспалителен импулс преку протеини од акутната фаза (CRP), како и протините кои регистрираат оксидативен стрес (HSP70).

Во следните делови од воведот, авторката го прикажува хронолошкиот развој на дијагностиката со посебен осврт на регистрирање на промените во каталитичката активност на ензимите. Наведените литературни податоци говорат за особено значајната улога на LDH, но и на СК. Иако манифестацијата на срцевата исхемија е докажана преку промена на каталитичката активност на овие два ензима, евидентна е интерференцата од другите ткива. Понатамошниот развој на аналитичките методи укажува дека ткивно специфичниот изоензим СК-МВ има дијагностичка улога во првите 12-24 часа од појавата на симптомите. Осврнот кон дијагностичките алатки, авторката го продолжува во правец на усовршување на техниките и методите на одредување како на активноста на ензимите, така и на мерење на масената концентрација на креатин киназа МВ со што се овозможува дополнително утврдување и на величината на инфарктот.

Според препораките на релевантни асоцијации, како и на Светската здравствена организација (СЗО), дефиницијата на акутен инфаркт на миокардот се заснова на одредување на промена на високо сензитивен ран и изразито специфичен или дефинитивен маркер. Миоглобинот, според литературните податоци, има улога на ран сензитивен маркер, но со редуцирана специфичност поради неговото присуство и во другите мускули. Сепак, неговото присуство и полуживот имаат одредена дијагностичка улога во дополнување со некои други параметри или маркери.

Работата на срцевиот мускул е условена со правилна контракција регулирана од тропонин комплексот, кој, пак, се состои од три различни молекули, срцев тропонин С (cTnC), срцев тропонин I (cTnI) и срцев тропонин Т (cTnT) со различна молекулска маса. Од трите типа на тропонини, тропонинот Т и тропонинот I се докажани како високо специфични маркери за настаната исхемија на срцевиот мускул.

Во продолжение се елаборирани промените во липидниот метаболизам како една од главните причини за формирање на атероматозната плоча и појава на АКС. Со оглед на популациските и индивидуалните разлики, како и недостатокот на податоци, авторката дефинира и една од целите на оваа дисертација. Дополнително, како во прилог на дијагнозата, така и во формирање на одредени предвидувања за настани од коронарно патолошка природа, наведени се литературни податоци за значењето на промените во електролитниот баланс (содржина на Na^+ и K^+) како и нивото на глукозата, уреата и креатининот. Со оглед на се поприсутната хипергликемија во услови на акутен инфаркт на миокардот, литературните податоци кои авторката ги наведува, говорат за стрес-индуцуран пораст на глукозата, но и за проинфламаторната улога на хипергликемијата регистрирана при АКС. За промени во нивото на уреа и креатинин, податоците говорат дека тие имаат различна улога во однос на дијагноза или предвидувањето на настани при АКС.

Во еден дел од воведот, авторката се осврнува и кон одредување на некои хематолошки параметри (хемоглобин, еритроцити и леукоцити). Објаснувањето за ваквата селекција го наоѓа во литературните податоци кои говорат дека вредностите за хемоглобинот се асоцирани со прогресивен пораст на кардиоваскуларна смртност и срцева слабост, што има своја патолошка основа во редуцираното снабдување на миокардот со O_2

поради намалениот проток во делот под настанатата стеноза. Во прилог на истиот контекст е одредувано нивото на еритроцитите, додека одредувањето на леукоцитите го претставува во дополнување со иницирање на одговорот на воспалителниот импулс на ниво на атероматозната плоча.

Формирањето на атероматозната плоча, како што наведува авторката, е изразито воспалителен процес и иницира мобилизирање на активациони механизми. Регистрирањето на воспалението на место на формирање на атероматозната плоча, м-р Домазетовска го претставува преку еден од реактантите на акутна фаза, односно С-реактивен протеин. Поддржано од литературни податоци, одредувањето на овој протеин во време на настанот има особено значење во детекција на нестабилноста на атероматозната плоча. Независно од нивото на другите маркери за утврдување на присуството на инфаркт на миокардот, нивото на овој протеин укажува на зголемен ризик кај пациентите со АКС. Со оглед на тоа дека авторката своите цели ги претставува во функција од времето на детекција на настанот, одредувањето на С-реактивниот протеин дава значајни податоци за состојбата. Така, според литературните податоци, двата феномена некрозата на миокардијалното ткиво и пролонгираното артериско стеснување предизвикуваат зголемување на нивото на С-реактивниот протеин и покажуваат различна кинетика во промената на концентрацијата на CRP. Затоа од големо значење е прецизирање на времето или интервалот од појавата на симптомите и земање на материјал за одредување на овој параметар.

Во својот труд, авторката особено внимание посветила на истражување литературни податоци за иницијацијата или активацијата на стрес протеините. Од многуте наведени фамилии или типови, кандидатката една од поважните цели на испитување ја лоцирала во детерминирање на присуството на HSP 70, согласно постоечките податоци од експериментални модели. Така, утврдено е зголемена концентрација на овој протеин при предизвикана коронарна лигација кај стаорец. Улогата на овие протеини повеќе автори ја детерминирале како цитопротективна, односно молекуларно заштитничка. Стрес-протеините, иако првенствено детектирани при топлотен стрес, регистрираат и оксидативни промени како и вирусни инфекции. Иако улогата на инфекцијата во патогенезата на атеросклерозата е нејасна, утврдена е значајна корелација помеѓу нивото на антителата на антимикобактериската HSP 65 и антителата на C. pneumoniae кај општата популација и со тоа се сугерира дека имуната реакција на HSP 60 кај атерогенезата се јавува како резултат на бактериска инфекција. Со оглед на тоа дека овие стрес-протеини се имунодоминантни молекули и имуниот одговор на бактериски HSP е детектиран кај голем број на воспалителни состојби, доволен е еден импулс на истовремена инфекција кој може да влијае на страната на локализираниот имунитет кај атеросклеротичната лезија. Стрес-протеинот HSP 60 од C. pneumoniae може да е инволвиран во атерогенезата и индукција на плакната нестабилност бидејќи предизвикува макрофагна продукција на тумор-некротирачки фактор -α.

Литературните податоци говорат за учеството на HSP на ниво на рекомбинирање, врзување на раскинатите протеински елементи или стабилизирање на нарушената протеинска структура преку активација и на дополнителни воспалителни одговори. Затоа авторите посочуваат дека ваквиот имун одговор е транзиторен, затоа што пролонгираното и несоодветно присуство на протеин–врзувачките молекули може повратно да влијае на протеинската хомеостаза како и на разни интрацелуларни функции.

Врз основа на бројните литературни податоци и согласно со потребите од популациски карактер, но и недостаток на прецизно дефинирани модели или протоколи, м-р Домазетовска ги поставува целите во оваа работа. Покрај утврдување на промените на клучните ензими (CK, CK-MB, LDH) и метаболички супстрати и продукти (глукоза, уреа, креатинин и липидни компоненти), авторката се насочува кон нивно комбинирање со маркерите за некроза и воспалителните процеси. Притоа посебно значење посветува на протеините од акутната фаза, раната детекција на миоглобинот како и нивото на тропониниите во циркулацијата. Во дополнение, преку испитување на некои параметри,

како што се нивото на хемоглобинот и леукоцитите, авторката се обидува да укаже на нивната применливост во дизајнирање на модел за дијагностицирање. Меѓу повеќето зададени цели, мошне значајно место завзема одредувањето на нивото на HSP 70 како потенцијален маркер кој би укажал на иницирање на процеси со протективна улога.

Во поглавјето **Материјал и методи**, авторката ги објаснува организацијата и принципот на поделба на пациентите, како и протоколот на земање биолошки материјал (акутен инфаркт на миокардот -AIM, стабилна или нестабилна ангина пекторис AP/NSAP, кардиомиопатија - CMP и белодробни заболувања - BZ). Во овој дел, детално се наведени техниките и методите за детерминирање на претходно образложените параметри преку кои се реализирани предвидените задачи во овој труд.

Во објаснувањето за користената статистичка анализа, кандидатката наведува дека за секој испитуван параметар е направена основна дескриптивна статистика (средна вредност и стандардна грешка - девијација), како и опис на дисперзијата на податоците по фактори. Добиените резултати биле обработувани со ANOVA (F.-тест), а за статистички значајни разлики се утврдуваа при $p<0,050$. Претставена е и процентуална разлика помеѓу вредностите на пациентите и референтните вредности за одреден параметар, како и процентуална застапеност на некои ризик-фактори.

Добиените **резултати** се прикажани на 28 графикони и 30 табели. Резултатите од оваа работа кои се однесуваат на ензимската каталитичка активност, најизразено зголемување на каталитичката активност на **CK** и на **LDH** е кај пациентите со AIM во однос на вредноста кај контролната група. За активноста на CK констатирани се промени и кај другите дијагностицирани групи. Вредностите претставени за активноста на LDH кај сите испитувани групи покажуваат значаен пораст кај групата пациенти со CMP, со AP/NSAP и со BZ. Резултатите покажуваат дека исхемијата иницира зголемување на активноста на CK во прилог на снабдување со енергија, но и од друга страна настанатото оштетување на ниво на срцевиот мускул дозволува зголемено ослободување на овој ензим во циркулацијата. Ваквите резултати укажуваат дека освен присуство на инфарктна состојба, зголемената активност на CK може да е мерка и за величината на инфарктот. Зголемувањето на активноста на LDH асоцира на алтернација на енергетскиот метаболизам во услови на хипооксија кое резултира со формирање на лактат.

Мерењата на каталитичката активност на **CK-MB**, како и нејзината масена концентрација покажуваат уште поголеми разлики во однос на контролната група. Резултатите ја потенцираат улогата на овој ензим во дијагностички цели. Констатирани се зголемена активност на CK-MB, кај сите испитувани групи, но најизразено зголемување беше констатирано кај пациентите со AIM. Многу позначајни резултати се добиени со мерење на масената концентрација на овој изоензим. Имено, акутниот инфаркт на миокардот предизвикува мошне изразено зголемување на масената концентрација. Констатираните промени и кај другите групи говорат за присуството на исхемичната состојба на повеќе нивоа. Ваквите резултати укажуваат на ткивната специфичност на изоензимот на креатин киназата MB со што неговото одредување зазема исклучително значајно место во дијагностицирање на ова заболување.

Регистрирањето на инфаркт на миокардот е забележано и со пораст на концентрацијата на **миоглобинот** во циркулацијата. Имено, во оваа студија авторката констатирала неколкукратно зголемување на концентрацијата на овој параметар по инфарктот на миокардот. Ваквите резултати ја посочуваат улогата на миоглобинот како ран маркер за детекција на исхемија на срцевиот мускул. Од друга страна, според добиените резултати порастот на нивото на миоглобинот и кај другите групи (AP/NSAP, CMP, BZ) ја намалува специфичноста на миоглобинот и потребата од неговото изолирано одредување во прилог на дијагностицирање. Спротивно од наодите за концентрацијата на миоглобинот, нивото на **хемоглобинот** забележува минимално намалување со статистичка значајност независно од дијагнозата, односно кај сите испитувани групи. Иако во моментот на акутниот настан, хемоглобинот можеби и нема голем придонос, литера-

турните податоци говорат за неговата улога во прилог на предвидување на инциденца на настаните,

Констатираните разликите за концентрацијата на **тропонин Т** обезбедуваат доволно добра основа во прилог на брзо и точно дијагностицирање. Измерените вредности покажуваат дека инфарктот на миокард доведува до зголемување на концентрацијата во циркулацијата дури за 195 пати. Кај пациентите кои страдале од ангинозни болки и пречки и без понатамошен развој на состојбата, нивото на овој протеин е зголемено за 51 пати во однос на контролната група. Кај пациентите со кардиомиопатија и белодробни заболувања состојбата е регистрирана како пораст од 18 односно 13 кратно зголемување. Слично како на тропонин Т, така и вредностите добиени за **тропонин I** покажуваат значајни разлики во однос на контролата. Иако средната вредност за тропонин I беше повисока во однос на измерената за тропонин Т, зголемувањето кое се регистрира по инфарктот на миокард е пониско и изнесува 186 пати. Резултатите покажуваат пораст на овој контрактилен протеин и кај другите дијагностицирани состојби. Освен евидентниот пораст, треба да се потенцира дека кај пациентите со AP/NSAP иако е констатирано 34 кратно зголемуваање статистичката анализа не покажа сигнификантни разлики. Делумно објаснување за ваквата состојба авторката го наоѓа во големи разлики во индивидуални вредности и со тоа отвара прашање за примена на посебен статистички програми со оглед на предметот на испитувањето. Од резултатите е очигледен бенефитот од одредувањето на овие два параметра особено во првите 4-8 часа од приемот, каков што е случајот со пациентите чии примероци беа испитувани.

Резултатите за промените во липидниот метаболизам кои особено се рефлектираат на создавање на атероматозната плоча, покажуваат комплементарна динамика. Имено во експериментот е констатиран пораст на нивото на **триглицеридите** од 1,5 пати кај пациентите со AIM и AP/NSAP слично како и за нивото на **холестеролот** каде порастот кај овие две дијагностицирани групе е регистриран како 1,2 кратно зголемување. Ваквите резултати во целост се согласуваат со непроменетото ниво на **HDL холестеролот** кај сите испитувани групи ово овој труд. Имено, согласно улогата на HDL холестеролот како транспортер на холестеролот од периферните ткива во црниот дроб и негово понатамошно метаболирање, непроменетото ниво на овој липопротеин говори за нарушување во липидниот метаболизам што оди во прилог на формирање на атероматозната плоча и дополнителни компликации. Ваквата состојба до некаде е потврдена и со минималното покачување на нивото на **LDL-холестеролот** кое авторката го има констатирано кај сите три групи пациенти со дијагностицирана срцева патологија.

Метаболизмот на **глукозата** е од есенциално значење за обезбедување на организмот со енергија. Во таа смисла е и одредувањето на нивото на глукозата во крвта кај пациентите со срцева исхемија. Имено, според наведените литературни податоци, хипергликемијата во услови на АКС може да има стресогено потекло, но и генетско. Резултатите од претходни испитувања покажуваат дека инциденцата за негативен исход по пациентот е почеста кај пациентите со моментално регистрирана хипергликемија во однос на пациентите кои пријавиле дека имаат покачено ниво на глукоза. Исто така, литературните податоци посочуваат дека состојбата на хипергликемија има проинфламаторна улога преку иницирање на цитокините од црниот дроб кои понатаму се вклучени во активирање на протеините од акутна фаза. Од друга страна, наведените литературни податоци укажуваат дека цитокините влијаат на инулинската резистентност која пак би резултирала со повисоко ниво на глукозата во циркулацијата. Ваквите констатации се регистрирани и во оваа докторска дисертација и се претставени како двојно зголемување на нивото на глукозата во крвата кај сите испитувани групи.

Значењето на **уреата и креатининот**, иако според литературните податоци има повеќе прогностички карактер, во моментот на настанот покажуваат тенденција на пораст кај сите групи од интерес. Така зголемувањето на уреата се движи од 1,4 пати кај пациентите со акутен инфаркт на миокардот (AIM) до 2,2 кај пациентите со белодробни заболувања (BZ). И за концентрацијата на креатиниот се добиени слични резултати со

зголемување од 1,2 до 1,6 пати. Интересен е податокот дека промените на двата селектирани параметри се регистрирани како истовремен пораст на концентрацијата кај дадените дијагнози. Поддржани од литературни податоци, резулатите на овој труд покажуваат дека одредувањето на овие параметри иако регистрираат патолошки промени во текот на акутниот настан, истовремено укажуваат на потребата од следење на нивниот тренд.

Согласно со констатираното намалено ниво на хемоглобин, резултатите добиени со одредување на **еритроцитите** покажуваат тенденција на опаѓање кај сите групи од експериментот. Од друга страна, воспалителниот процес иницирал пораст на нивото на **леукоцитите,** што е во согласно со нивната активација во механизмот на одговори со цел да се санира деградираниот материјал на местото на атеросклеротичните промени.

Податокот дека нарушениот мембрански потенцијал се регистрира и преку промената во електролитниот баланс, е претставено и како една од целите на оваа дисертација. Притоа, резултатите покажуваат дека концентрацијата на **Na** $^{+}$ јони не е променета под влијание на ниту една дијасностицирана состојба. За разлика од Na, нивото на **K** $^{+}$ е зголемено само кај пациентите со акутен инфаркт на миокардот и белодробните заболувања. Порастот на K^{+} јони кај пациентите со AIM укажува на нарушување на интегритетот на клеточната мембрана. Според авторката, ваквата состојба може, меѓу другото, да е резултат на недостиг на енергија потребна за активација на Na^{+}/K^{+} пумпа за одржување на електролитниот мембрански потенцијал.

Воспалителниот процес дефиниран и преку формирање на атероматозната плоча, вклучува активирање на механизми за заштита и санирање на местото на настанот. Во зависност од степенот и времето од појавата на воспалението, согласно литературните податоци, регистрирањето на порастот на нивото на **С-реактивен протеин** има особено значајна дијагностичка улога. Резултатите од мерењето на нивото на С-реактивен протеин покажуваат исклучително високи вредности кај пациентите со кардиомиопатија и белодробни заболувања, со пораст од 13, односно 10 пати во однос на контролната група. За разлика од овие групи, промени од 8,5 - кратно зголемување на овој протеин се констатирани кај пациентите со инфаркт на миокардот, како и зголемување за 3,5 пати кај пациентите со AP/NSAP.

Од посебно значење се резултатите презентирани за нивото на стрес-протенинот. Имено, индукцијата на протективниот ефект на **стрес-протеинот HSP 70** е најизразено кај пациентите од групата со белодробни заболувања забележано како зголемување на нивото за 63 пати. Состојбата на акутен инфаркт на миокард предизвикала пораст на концентрацијата на стрес протеинот за 26 пати, додека состојбата на ангина пекторис е регистрирана како зголемување за 15 пати во однос на вредноста измерена кај контролната група. Одредени нарушувања на структурата на срцевиот мускул кај пациентите со кардиомиопатија се регистрирани како зголемена концентрација на HSP 70 за 8 пати во однос на контролата.

Резултатите од оваа работа потврдуваат некои литературни податоци за корелација на нивото на антителата на стрес протеините и антителата на некој инфективен агенс кај општата популација и со тоа се сугерира дека имуната реакција на HSP кај атерогенезата може да се јавува и како резултат на бактериска инфекција. Особено важно е дека активирањето на цитопротективниот ефект на стрес-протеините посебно се истакнува кај пациентите со пулмонални компликации кои неретко прераснуваат или се манифестираат преку некои од облиците на акутниот коронарен синдром. Во прилог на тоа е и препораката за понатамошно следење на пациентите кај кои постои основан сомнеж за идни настани од слична природа.

Во делот **Дискусија,** авторката најнапред укажува на тоа дека во основата на инфарктот на миокардот се атеросклерозни промени кои иницираат последователни настани на намалено оксидативно и енергетско снабдување и дополнителни процеси во правец на компензација на недостатокот. Едно од објаснувањата за комплексноста на последиците од атеросклерозните промени на ниво на оксидација и појава на слободни

радикали е преку моделот според кој, како резултат на стрес импулс доаѓа до оштетување на DNA молекулата при што се ослободува DNA репарирачки ензим поли (ADP-рибоза) полимераза (PARP). Овој ензим во склоп на својата функција и со цел да се репарира DNA ја катализира реакцијата на разградување на нејзиниот супстрат NAD. При тоа доаѓа до одредени процеси кои инхибираат значајни NAD-зависни метаболички патишта, вклучувајќи ја гликолизата и митохондријалната респирација. Ваквата состојба доведува до намалена синтеза на пируватот и митохондријална продукција на NADH и истовремено фаворизирање на ATP зависниот дел од анаеробната гликолиза. Недостигот на енергија се компензира со инхибиција на енергетско зависни процеси, вклучувајќи ги и оние кои ја одржуваат мембранската K/Na ATP-аза кое, според дел од авторите, резултира со намалување на мембранскиот потенцијал и оштетување на клеточната мембрана. Ваквите промени предизвикуваат непродуктивни процеси во клетката и нејзина некроза. Во зависност од степенот на исхемија на срцевиот мускул процесот резултира со ангина (стабилна или нестабилна AP/NSAP) или инфаркт на миокардот (AIM).

Следењето на симптомите и примените на некои дијагностички алатки укажуваат дека често настанува преклопување помеѓу индикациите за акутен инфаркт на миокардот и ангина пекторис. Од дијагностички алатки, покрај најчесто употребуваните (ЕКГ, ехокардиограм и стрес-тест), се применуваат и некои биохемиски тестирања за утврдување на степенот на енергетски и кислороден дефицит. Така, употребата на креатин киназата (CK) и лактат дехидрогеназата (LDH,) кои директно се вклучени во овие процеси, секако има свој придонес во квалитативно и квантитативно одредување на оштетувањето. Добиените резултати од ова испитување потврдуваат дека мерењето на стандардните параметри (CK, изоензимот CK-MB и LDH) се исклучително релевантни при дијагностицирање на инфаркт на миокардот како и состојба на стабилна/нестабилна ангина.

Согласно со литературните податоци, срцевиот мускул како орган со изразена метаболичка активност во случај на исхемија и хипооксија, активира анаеробна гликолиза која пак резултира со зголемена лактатна продукција. Ваквиот ефект е потврден и со резултатите од ова истражување при што е констатирана зголемена активност на LDH кај 60,82 % од пациентите со акутен инфаркт на миокардот. Порастот на вкупната LDH има свој придонес во дефинирање на состојбата кај пациентите од сите испитувани групи. При тоа исклучително статистички значајни се разликите во однос на контролната група кај пациентите со AIM и AP/NSAP, што има посебно значење за целите на оваа студија. Едно од толкувањата за порастот на овој ензим, секако е во пренасочуваање на метаболизмот кон анаеробна гликолиза која се одвива во цитоплазмата на миоцитите и со самото нарушување на интегритетот на клетките доаѓа до ослободување на поголема количина на лактат во циркулацијата.

Освен забележаните промени во метаболизмот индуцирани од кислороден и енергетски недостаток кои во голема мера се рефлектираат на нормалната срцева работа, одредувањето на функционалните сегменти на контрактилниот срцев апарат како што се cТропонин И (cTnI) и cТропонин Т (cTnT), има свој придонес во креираната палета од реализираната докторска дисертација. Иницијативата за нивното одредување е поддржана и со литературните податоци кои говорат за есенцијално значење на овие протеини во нормалната контракција на срцевиот мускул. Овој избор на кандидатката м-р Домазетовска меѓу другото се заснова и на препораките за дијагностицирање на инфаркт на миокардот, со забележани промени во ЕКГ и зголемени вредности за тропонини и срцеви ензими во однос на референтните популациски вредности. Имено, според некои автори и најмалото покачување на концентрацијата на cTnT е знак за одредена исхемија на срцевиот мускул со висока сензитивност и специфичност.

Дополнително, одлуката за избор на миоглобинот како дел од предвидениот модел во оваа докторска работа резултира со информации кои би имале голем придонес во донесување на одлуката за дијагностицирање на инфаркт на миокардот. Според некои

препораки, комбинирање на одредувањето на миоглобинот со СК-МВ во првите 4-6 часа од приемот дава многу попрецизни резултати во дефинирање на статусот на пациентите, пред се кај оние кај кои отсуствуваат некои од вообичаените симптоми. Со оглед на податокот дека пациентите од ова испитување се примени 4-8 часа од појава на симптомите, добиените резултати се во согласност со претходно образложената претпоставка според која миоглобинот, покрај тропонин Т и тропонин I, е изразито важен маркер во дијагноза на АІМ.

Некои литературни сознанија кои ги наведува кандидатката говорат дека во случај на нарушување на интегритетот на клетката или ткивото како целина, доаѓа до мобилизирање на еден цел систем на имуно реакции при што доаѓа до индукција на протеините од акутна фаза. Ваквите промени во оваа студија, покрај со активирање на С-реактивниот протеин, се претставени преку стрес-протеинот HSP 70. Според некои претходни испитувања, нивото на стрес-протеините во услови на стрес, хипертермија и хипооксија значајно се зголемува, што беше потврдено и со добиените резултати. Согласно со други истражувања, улогата на стрес-протеините во ремоделирање на протеините и зачувување на интегритетот на ткивото, иако е транзиторно, ја оправдуваат потребата за нивното одредување во услови на атеросклероза и васкуларни промени, што впрочем се потврди и во ова истражување. Значајното зголемување на концентрацијата на стрес-протеинот е утврдено кај 96,77 % од пациентите со АР/NSAP како и кај сите пациентите со кардиомиопатија и белодробни заболувања. Дополнително, атеросклерозата иницира активација на одбранбени механизми преку акумулирање на леукоцити и промена во концентрација на т.н. протеини од акутна фаза. Во тој контекст, зголемената концентрација на С-реактивниот протеин како еден од протеините кој многу брзу реагира на воспалителен импулс може да претставува рефлексија на одреден степен на миокардната исхемија и инфарктот.

Интересни се и резултатите кои се констатирани кај одреден број на пациенти со дијагностицирана ангина, при што е утврдено значајно покачување на концентрацијата на CRP наспроти истовремено ниски вредности за cTnT. Кандидатката м-р Домазетовска укажува на претпоставка за улогата на CRP во дијагностицирање или диференцирање на акутен настан, кои се делумно иницирани и од литературните наоди, според кои кај пациентите со нестабилна ангина покаченото ниво на CRP е поврзано со зголемен процент на смртност, инфаркт на миокард и потреба од реваскуларизација.

Во однос на енергетскиот метаболизам и неговите продукти, резултатите од овие испитувања покажуваат статистички значајно покачување на нивото на глукозата кај пациентите од сите испитувани групи во однос на измерените вредности кај контролните индивидуи. Состојба на хипергликемијата (1,6 до 2 пати зголемување) беше констатирано кај 73,6 % пациентите со инфаркт на миокард, и кај приближно 45% од пациентите од останатите групи. Овие податоци може да се толкуваат на повеќе начини. Имено, при инфаркт на миокардот, зголеменото ниво на глукоза во циркулацијата може да предизвика промени на ниво на електрофизичките карактеристики со фатален исход. Ваквите наоди се потврдени и кај здрави индивидуи кај кои е евидентиран значајно продолжен QS-сегмент при акутен пораст на гликемијата, како и во експериментален модел на стаорец.

Согласно со искуството и литературните податоци за учеството на липидниот метаболизам како во обезбедување на енергија, така и во формирање на атероматозната плоча, објаснувањето на некои фази од истиот даваат попрецизна слика при дијагностицирањето. Дел од цитираните автори констатирале зголемена екстракција и искористување на слободните масни киселини како и намалена искористеност на глукозата. Дополнително, степенот на оксидацијата на масните киселини бил зголемен за 50% кај пациентите со срцево заболување. Кај нив е констатирано соодветно намалување од 60% на јаглехидратната оксидација. Значајно е да се потенцира дека ваквото индиректно мерење на супстратната оксидација не ги разграничува потеклото-лактатот, глукозата или глукогенската оксидација.

Податоците што се наведени во дискусијата упатуваат на значаен ефект од следење на промените на некои липидни компоненти кои директно или индиректно влијаат на метаболизмот во обезбедување на енергија. Што се однесува до нивната меѓусебната корелација од особено значење е нивото на липопротеините со висока густина -HDL во однос на вкупниот холестерол, триглицеридите како и нивото на липорпотеините со ниска густина –LDL.

Зголемување на бројот на леукоцитите кај пациентите со инфаркт на миокард укажува на интензивирање на воспалителен процес односно имун одговор. Асоцираноста на нивото на леукоцитите со микроваскуларни случувања доаѓа од нивното влијание на повеќе нивоа регистрирано пред се во нивна акумулација и деградација на местото на формираната атероматозна плоча. Наспроти зголеменото ниво на леукоцитите, авторката укажува на намалено ниво на еритроцитите кај истите пациенти што е во согласност и со измерената концентрација на хемоглобинот и со некои литературни податоци.

Комплексноста на атеросклерозата како главен причинител на исхемичен или инфарктен исход, вклучуваат и параметри кои дефинираат и функционирање на други органи. Имено, нивото на уреа во крвта може да се користи како индикатор за бубрежна дисфункција на ниво на бубрежните проксимални тубули проследено со неурохуморално активирање, но исто така е поврзано и со несакани исходи кај пациентите со акутен коронарен синдром. Порастот на нивото на креатинин, вообичаено употребуван како маркер за ренална функција, има важна улога и во одредување на ризикот од смртност кај 15-35 % од пациентите со АКС. Резултатите одат во прилог на хипертензивните пациенти, со одредено бубрежно заболување, но и присуство на зголемено ниво на уреа и креатинин.

Резултатите кои ги обработени во оваа студија за постоење на ризик факторите кај пациентите од говорат дека најприсутни ризик фактори кај пациентите со дијагностицирни ангина пекторис и акутен инфаркт на миокардот се хипертензијата и пушењето. Хронична хипертензија е регистрирана кај 59,8% од пациентите со AIM и кај 49,2% со AP/NSAP. Во однос на нарушениот липиден метаболизам, добиените резултати покажале дека 43,3% од пациентите со акутен инфаркт на миокардот имаат дислипидемијата додека кај пациентите со ангина 34,3% од испитаните страдаат од ваквото нарушување.

Во однос на процентуалната застапеност, пушењето е рангирано како втор ризик-фактор. Имено, 34,3% пациенти со AP/ NSAP се активни пушачи, додека кај пациентите со AIM ваквата навика била регистрирана кај 54,6% од дијагностицираните. Кај пациентите со кардиомиопатија, процентот на пушачи изнесувал 36,8%, а кај оние со белодробните заболувања - 17,6%.

Во однос на дијабетични пациенти, констатирана е ниска преваленса и со тоа намалено влијание врз AIM. Во оваа дисертација дијабетот бил застапен кај 13,4% од пациентите со дијагностицирана ангина, додека во групата со акутен инфаркт на миокардот овој процент изнесува 28,8%. Кај пациентите со кардиомипатија бил евидентиран највисокиот процент на дијабетичари и тој изнесува 31,5%. Од вкупниот број на дијагностицирани белодробни заболувања, 17,6 % веќе имале историја на дијабет.

Во наредното поглавје, кандидатката дава поединечни, куси и концизни **заклучоци**. Во овој дел се наведува дека основниот модел за детекција на инфаркт на миокардот вклучува одредување на CK-MB, тропонин T или тропонин I и C-реактивен протеин. Одредувањето на активноста на CK-MB е во согласност со квалификацијата за ран сензитивен маркер. Иако резултатите кои се добиени за двата тропонина се приближно исти, кандидатката укажува дека одредувањето тропонинот T од физиолошки и од функционална гледна точка би дал попрецизни резултати. Со оглед на тоа дека настанатата некроза се манифестира како воспалителен процес, регистрирање на ваков процес преку одредување на протеини од акутна фаза како што е C-реактивен протеин е од особено значење како за дијагноза, така и во прогностички цели.

Согласно со наведените податоци, некои од овие параметри имаат исклучително предиктивна вредност. Ваквите квалификации имаат особено значење во предвидувања

за евентуални повторени настани или реинфаркти. Постојаното следење на нивото на С-реактивен протеин, би имало голем придонес во превенција од ваквите настани

Одредувањето на миоглобинот како ран и сензитивен маркер, во ова истражување покажа дека поради својата мала молекулска маса брзо доспева во циркулацијата и истиот заедно со друг маркер може да се користи за рано откривање на инфарктот (во првите 6 – 8 часа). Во отсуство на други патолошки состојби кои би го иницирале неговото ослободување, отсуството на покачено ниво на миоглобинот заедно со ниски вредности за CRP има висока негативна предиктивна вредност во акутната состојба. Анемијата и инфламацијата регистрирани преку нивото на хемоглобинот, еритроцитите и леукоцитите даваат добра основа за ризик предвидувања.

Од друга страна, иако се добиени значајни резултати, вредностите за уреа и креатинин не се препорачува да се користат како самостојни маркери во дијагностички цели, наспроти исклучиво значајната нивна улога во предвидување на реинфаркт во период од неколку месеци.

Нивото на липопротеините HDL и LDL е одраз на поместување на метаболизмот во прилог на обезбедување на енергенси. Можноста за одредување на нивото на овие липопротеини во голема мера би го олесниле дијагностицирањето, и истовремено би овозможило примена на соодветен третман кај ризичните групи (пациенти со нестабилна ангина и кардиомиопатија) со цел да се превенира некротична состојба и состојба на инфаркт.

Одредувањето на ниво на глукоза оди во прилог на објаснување на патофизиологијата на инфаркт на миокардот, но не и во изолирано дијагностички цели. Согласно со податоците за влијанието за хипергликемијата врз васкуларниот систем, евидентно е значењето од можност за предвидувања за евентуален ризик за понатамошни негативни исходи.

Од особено значење во оваа студија е одредувањето на нивото на стрес-протеините во моментот на акутниот настан. Резултатите кои се добиени укажуваат дека во услови на акутниот инфаркт на миокардот, како и состојбата на ангина-пекторис организмот иницира продукција на заштитни молекули. Ваквата реакција беше констатирана преку зголемено присуство на стрес-протеинот HSP70. Податоците од ова истражување, поткрепено со некои претходни сознанија, резултираат со заклучок дека во случај на оксидативен стрес протективната улога на овој протеин има особено значење. Според резултатите, се верува дека неговата функција е повеќе насочена кон зачувување на протеинската структура на молекуларно-клеточно ниво. Со оглед на фактот дека стрес-протеините регистрираат и најмал оксидативен стрес, евидентираните разлики и кај другите групи упатуваат на потребата од преземање дополнителни мерки во превенција од неповолни настани во иднина. Од добиените резултати, како и од изнесените заклучоци, кандидатката м-р Домазетовска дава и препорака за одредување на овој параметар во моментот на акутниот настан - инфаркт на миокардот или во услови на нестабилна ангина. При тоа се истакнува и дополнително значајниот ефект од следењето на HSP70 при примена на соодветна терапија и повторно тестирање. Воведувањето на рутинско следење на нивото на HSP 70 би требало да се практикува особено кај пациентите со хронична ангина, историја на фамилијарна анамнеза и присуство на некои од ризик факторите.

Со оглед на добиентите резултати и изнесените претпоставки, генералниот заклучок содржи предлог за панел-модел за дијагностицирање кој во себе би ги поврзувал одредувањето на СК-МВ, тропонин Т и С-реактивниот протеин со дополнување на HSP70. Предноста од одредувањето на овие параметри е базирана на нивната специфичност и сензитивност, како и директното укажување на причината и последицата од формирањето на атероматозна плоча.

Што се однесува до креирањето на модел за предвидување на повторени настани од слична природа, кандидатката наведува дека одредувањето на хемоглобинот, миоглобинот, CRP и стрес-протеините HSP 70 би дале солидна слика за текот на настаните.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на разгледувањето и проучувањето на доставениот труд, Комисијата едногласно заклучи дека докторската дисертација на м-р Сашка Домазетовска под наслов: **Високо сензитивни и специфични биохемиски параметри и срцеви маркери во функција на брзо дијагностицирање на инфаркт и реинфаркт на миокардот** претставува самостоен оригинален научен труд.

Во приложената докторска дисертација е даден критички осврт на литературните податоци за обработуваните теми и правилно образложение и дефинирање на целите и задачите. Направен е соодветен избор на биомаркерите, односно параметрите и статистичките анализи за реализација на задачите. Претставувањето и анализата на резултатите се дадени прегледно, јасно и концизно. Во дискусијата, која е водена критички, се даваат одговори, објаснувања и претпоставки на најголем дел од прашањата кои произлегуваат од добиените податоци. На крајот се изнесени концизни заклучоци и препораки, како и список на цитираната литература.

Истражувањата во оваа докторска дисертација претставуваат голем придонес во утврдувањето и селекцијата на параметри кои досега се користеле за дијагностицирање на состојби на инфаркт и реинфаркт на миокардот. Мошне битно сознание кое произлегува од оваа докторска дисертација е значењето на нивото на стрес - протеините – HSP70, односно вклучувањето на овој параметар, покрај предложениот сет параметри, особено во утврдување на потенцијално повторување на настани од слична природа.

Врз основа на проучувањето, анализата и позитивното оценување на поднесената докторска дисертација од м-р Сашка Домазетовска под наслов: **Високо сензитивни и специфични биохемиски параметри и срцеви маркери во функција на брзо дијагностицирање на инфаркт и реинфаркт на миокардот**, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да ја прифати изработената докторска дисертација под наведениот наслов и според законските прописи да ја продолжи понатамошната постапка за нејзина јавна одбрана.

Рецензентска комисија

Д-р Сузана Диневска-Ќовкаровска,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Владимир Котевски,редовен професор на
Медицинскиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Билјана Миова,
доцент на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Марија Вавлукис, насловен доцент на
Медицинскиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Ицко Ѓоргоски,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФУНДАМЕНТАЛНА КИНЕЗИОЛОГИЈА ПО ПРЕДМЕТОТ АНТРОПОМОТОРИКА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.0201-669/4 од 8.5.2013 година, донесена на седница на Наставно – научниот совет на Факултетот за физичка култура, формирана е рецензентска комисија во состав:

1. редовен професор д-р Јован Јовановски - претседател

2. редовен професор д-р д-р Александар Туфекчиевски – член и

3. редовен професор д-р Ванчо Поп-Петровски – член,

за избор на наставник во насловно звање во научната област фундаментална кинезиологија по предметот антропомоторика, на Факултетот за физичка култура во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" од 19.4.2013 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Владимир Вуксановиќ, асистент на Факултетот за физичка култура во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Врз основа на анализата на приложената документација, на Наставно – научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", го приложуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатот д-р Владимир Вуксановиќ е роден на 28.2.1977 година во Скопје. Основното образование го завршил во ОУ "Браќа Рибар-Скопје", а средното во "Електротехничкиот училиштен центар- Михајло Пупин" во Скопје.

Студиите на Факултетот за физичка култура во Скопје ги завршил со просечен успех 8,76 и дипломирал на тема: "Моторички навики", која што ја одбранил на предметот основи на психомоториката, под менторство на проф. д-р Јован Јовановски.

По завршените испити на постдипломските студии, на 6 мај 2008 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: "Промени на максималниот силов потенцијал на флексорите на зглобот на лакотот по 6-неделно програмирано вежбање со стандардни и модифицирани репетитивни напрегања кај студентите од Факултетот за физичка култура". Магистерскиот труд е работен под менторство на проф.д-р Јован Јовановски (Одлука бр. 0201-488/5 од 22.5.2008).

Докторската дисертација на тема: "Споредба на промените на силовиот мускулен потенцијал на флексорите и екстензорите на зглобот на лакотот кај адолесценти по шест неделно програмирано вежбање со модифицирани репетитивни мускулни напрегања", работена под менторство на проф.д-р Јован Јовановски (Одлука бр. 0201-97/6 од 31.1.2013), ја одбранил во декември 2013 година.

Наставно – образовна и научноистражувачка дејност

Од март 2005 година кандидатот Владимир Вуксановиќ е вработен на Факултетот за физичка култура во Скопје како соработник – помлад асистент на предметот основи на психомоторика (Одлука на Наставно-научен совет бр 0201-180/2 од 2.3.2005). Во 2008 година е избран за асистент по предметот Антропомоторика (Одлука бр. 0201-640/3 од 02.07.2008). Последниот реизбор во соработничкото звање асистент на кандидатот е извршен во 2012 година (Одлука бр. 0201-844/7 од 12.10.2011).
Во периодот по вработувањето кандидатот Владимир Вуксановиќ има стекнато значајно искуство во работата со студентите и редовно бил ангажиран во реализацијата на теренската настава по скијање и планинарење реализирана на Факултетот за физичка култура во Скопје. Во 2011 година активно учествувал во креирање и подготовка на задолжителните предмети од насоката спорт, алпинизам и спортско качување (алпинизам и спортско качување-техника на алпинизам и спортско качување -II семестар (2+2); тактика на алпинизам и спортско качување - III семестар (2+2) - Решение бр.12-75/3 од 20.12.2011 на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование).

За време на неговиот професионален ангажман на Факултетот за физичка култура, кандидатот исто така учествувал во изведување на консултации на студентите и како член во комисија за одбрана на 6 дипломски работи одбранети на предметот антропомоторика (во периодот 2011-2013, одлука на Наставно-научен совет бр.0201-380/6 од 12.5.2011). Во две студиски години од првиот циклус на студии на ФФК кандидатот е назначен за одговорен наставник на студентите од прва година (генерација 2011-2012) и за студентите од втора година (генерација 2012-2013- Одлука бр. 0201-897/7 од 26.9.2012).

Паралелно со реализацијата на обврските од наставно – образовната дејност, Владимир Вуксановиќ активно работи и на полето на научно истражувачката работа и се појавува како автор или како коавтор на 19 научно – стручни трудови. Трудовите се презентирани на домашни и меѓународни научно - стручни собири и се објавени во домашни и меѓународни списанија и тие обработуваат теми од областа на кинезиологијата. Кандидатот во периодот до магистрирањето објавил 6 труда, а другите ги објавува во периодот до стекнување на научниот степен доктор на науки. Краткиот преглед на дел од трудовите на кандидатот Владимир Вуксановиќ е претставен во продолжението, додека во образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање се прикажани сите објавени научни и стручни трудови во кои д-р Владимир Вуксановиќ се јавува како автор или коавтор.

1. Јовановски Ј., Вуксановиќ В., Јовановски И., "Разлики во проценката на максималната кислородна потрошувачка со примена на куперовиот-тест, повеќескалестиот фитнес-тест

(multistage fitnes test-shutlle run) и поларовиот фитнес-тест", Федерација на училиштен спорт, Пелистер, 2006.

Во трудот се анализирани три теренски тестови за проценка на максималната потрошувачка на кислород (Куперовиот-тест, повеќескалестиот фитнес-тест (multistage fitnes test-Shutlle run) и Polar-овиот фитнес-тест (Own Index)) со цел меѓусебно да се споредат добиените вредности од трите применети тестови. Утврдени се различни просечни вредности за постигнувањата на студентите во трите тестови со тоа што резултатите од Купер - овиот тест покажуваат најголема хомогеност во однос на останатите. Препорака од авторите е, за исти испитаници во контролните мерења да се применува ист тест како и на почетокот, бидејќи применетите тестови во истражувањето имаат различни, движечки енергопроизводителни и ментални барања за испитаниците.

2. Јовановски Ј., Вуксановиќ В., Рецепагиќ А., "Тенденции во експлозивната силина на нозете кај студентите од прва година на факултетот за физичка култура за периодот 1995- 2006 година", Федерација на спортски педагози, 2006.

Авторите на примерок од 1016 студенти и 202 студентки, од учебните 1995/96 год. па се' до 2005/2006 год редовни студенти од Факултетот за физичка култура, спровеле лонгитудинално истражување кое се однесува на обидот да се споредат и анализираат достигнувањата во тестот "Скок во далечина од место" (според Курелиќ, 1975) на првпат запишаните студенти во прва година, во период од учебната 1995 до 2005 година.

Добиените резултати покажуваат дека најдобри просечни постигнувања има групата студенти во учебната 1999/2000 год., а најслаби студентите од учебната 2004/2005 год. Кај студентките просечно најдобри резултати има генерацијата 2004/2005, додека најскромни оние од 1995/1996 год. Анализата на просекот на фреквенциите по групи, во распонот од 240-320 см укажува дека најголем дел од студентите успеале да го положат испитното барање за тестот „скок во далечина од место" кој изнесува (240 см). Студентките, за секоја од анализираните години, може да се заклучи дека немаат проблем со поминување на нормата од испитот (190 см). Од вкупната анализа може да се констатира дека трендот на просечните постигнувања кај студентите и кај студентките анализирани во периодот од 1995 до 2005 год. е немирен.

3. Јовановски Ј., Рецепагиќ А., Вуксановиќ В., "Промени во флексибилноста на мускулите од задната страна на потколеницата по десетминутно загревање", Центар за физичко образование, Скопје, 2006.

На примерок од 47 студенти (4 од женски пол) на возраст од 19 години од Факултетот за физичка култура во Скопје, реализиран е експеримент со цел да се тестира влијанието на десет минутно загревање, врз флексибилноста на мускулите на потколеницата. За таа цел користен е тест за проценка на флексибилноста на нозете (Calf muscle flexibility test). Врз основа на добиените показатели и извршената анализа на овие показатели е дека по примената на загревањето, зголемен е просечниот обем на движењето во скочниот зглоб , а едновремено утврдено е и зголемување на должината на стапалото во однос на состојбата пред воведувањето на експерименталниот фактор.

4. Вуксановиќ В., "Промените на максималниот силов потенцијал на флексорите на зглобот на лакотот кај 3 групи испитаници по шест неделено програмирано вежбање со модифицирани мускулни контракции", Федерација на спортски педагози, Велес, 2012.

Истражувањето ги анализира промените на максималниот силов потенцијал на мускулите флексори во зглобот на лакотот, како и антропометриските мерки и биомеханичката варијабла опфатени со програмата за работа. Изведената програма за вежбање е од лонгитудинален карактер, со времетраење од шест недели и две временски точки за контрола на промените. Таа е пласирана врз 51 адолесцент. Испитаниците изведувале мускулни контракции по принцип на модифицирани амплитуди, поделени во 3 групи (1 група=матрикс, 2 група= од полуфлексија до максимална флексија, 3 група=од максимална екстензија до полуфлексија). Нивната задача била да работат силови вежби на Скотовата клупа, за вклучената мускулатура, со индивидулно надворешно оптеретување (тежина на тег). Анализата и статистичката обработка на резултатите (МАНОВА) не покажува промени по 6 неделната програма помеѓу трите групи испитаниците (Wilks' Lambda 0,72 p-level 0,84). Резултати покажуваат дека трансформацијата на максималната силова компонента е слична кај трите групи испитаници кои работеле со различни модофицирани мускулни контракции по 6-те недели од зададената програма.

5. Јовановски Ј., Вуксановиќ В., Далип М., Реџепагиќ А., "Случај", Истражувања во физичкото образование, спортот и здравјето, Факултет за физичка култура , Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2012.

Истражувана е силовата издржливост кај еден испитаник на возраст од 20 години, во контекст на ненадејно, неочекувано и екстремно постигнување во реализација на повторувачки максимум при изведба на длабоко чучнување изведено без надворешно оптоварување. Регистрираните екстремни постигнувања се следени во период оде ден месец во период кога испитаникот не бил под силов третман. Утврдени се големи разлики во повторувачкиот максимум помеѓу првото, второто и третото- експериментално мерење. Експериментот е дизајниран со соответни физиолошки и моторички параметри прикладни за ваков тип на истражувања.

Стручно - апликативни и организациско - развојни аспекти

Во текот на својата работа на Факултетот за физичка култура во Скопје, кандидатот д-р Владимир Вуксановиќ бил член на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во периодот 2007-2009 (Одлука бр.0201-865/4 од 10.10.2007 година) како претставник на соработниците на Факултетот за физичка култура. Исто така кандидатот Владимир Вуксановиќ бил вклучен во работата на комисијата за упис на студенти на Факултетот за физичка култура, во два наврата (Одлука бр. 0201-603/4 од 26.6.2009).

Кандидатот д-р Владимир Вуксановиќ покажува посебен интерес за педагошката работа со деца, како и за реализација на спортско - рекреативните активности со различни возрасни групи. За време на студирањето и по завршување по студиите, активно се вклучува во практичната работа со деца како аниматор и инструктор по скијање. Паралелно со оваа педагошка активност од 2005 година, вклучен е во неколку спортски

клубови како соработник-кондициски тренер (Energy, AND1, ФК Металург, ФК Работнички). Од 2008 година е секретар на Македонската асоцијација на инструктори за снежни спортови-МАИСС и учествува во организација на неколку семинари за ски и сноуборд учители во Македонија, како и во организирањето и реализацијата на состанок на управниот одбор на IVSS (INTERSKI-International) во 2010 година во Ски-центарот Кожув.

2003 година учествува како коавтор, со свој свој текст во книгата "Прирачник за водачи на планина", издадена од Федерацијата на планинарски спортови на Македонија.

Кандидатот Владимир Вуксановиќ има познавање од англискиот јазик како и компјутерски познавања од поширок облик.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложената документација за кандидатот д-р Владимир Вуксановиќ и оцената за неговата досегашна работа, а имајќи ја предвид документираната наставно–образовна, научно-истражувачка, спортско–стручна, апликативна и организациско развојна дејност на кандидатот, како и афинитетот за натамошна научно – истражувачка и педагошка дејност во согласност со одредбите од Законот за високото образование, Статутот и Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно – научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Комисијата смета дека кандидатот д-р Владимир Вуксановиќ ги исполнува во целост, со закон предвидените услови и критериуми за избор и врз основа на горе изнесеното Комисијата има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје да го избере кандидатот д-р Владимир Вуксановиќ во звањето насловен доцент на наставно - научната област фундаментална кинезиологија по предметот антропомоторика, на Факултетот за физичка култура во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. д-р Јован Јовановски претседател,_____ с.р

Проф. д-р Александар Туфекциески– член, _____ с.р

Проф. д-р Ванчо Поп-Петровски – член, _____ с.р

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Владимир Слободан Вуксановиќ

(име, татково име и презиме)

Институција:

Факултет за физичка култура-Скопје

(назив на факултетот/институцијата)

Научна област:

Кинезиологија- фундаментална кинезиологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ		
ред. број	Назив на активноста	поени
	(Одржување на настава - од прв циклус студии, поени 0,04)	
1	Основи на психомоторика 2, (II семестар, 2004/2005), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	3.2
2	Општа антропомоторика (I семестар, 2005/2006), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	4.8
3	Спортска антропомоторика (II семестар, 2005/2006), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	4.8
4	Општа антропомоторика (I семестар, 2006/2007), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	4.8
5	Спортска антропомоторика (II семестар, 2006/2007), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	4.8
6	Општа антропомоторика (I семестар, 2007/2008), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	4.8
7	Спортска антропомоторика (II семестар, 2007/2008), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	4.8
8	Општа антропомоторика (I семестар, 2008/2009), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	4.8
9	Спортска антропомоторика (II семестар, 2008/2009), бр.часови 1+2 (x 4 групи)	4.8
10	Антропомоторика (II семестар, 2009/2010), бр.часови 2+4 (x 4 групи)	9.6
11	Антропомоторика (II семестар, 2010/2011), бр.часови 2+4 (x 4 групи)	9.6
12	Антропомоторика (II семестар, 2011/2012), бр.часови 2+4 (x 4 групи)	9.6
	(Одржување на теренска настава, поени 0.04)	
13	Скијање (по III семестар, 2006 год.),бр.часови 1+1 (x 1 група)	0.6
14	Планинарска тура (II семестар, 2005/2006), бр.часови	0.6
15	Скијање (по III семестар, 2007 год.),бр.часови 1+1 (x 1 група)	0.6
16	Планинарска тура (II семестар, 2006/2007), бр.часови	0.6
17	Скијање (по III семестар, 2008 год.),бр.часови 1+1 (x 1 група)	0.6
18	Планинарска тура (II семестар, 2007/2008), бр.часови	0.6
19	Скијање (по III семестар, 2009 год.),бр.часови 1+1 (x 1 група)	0.6
20	Планинарска тура (II семестар, 2008/2009), бр.часови	0.6
21	Скијање (по I семестар, 2010 год.),бр.часови 1+1 (x 1 група)	0.6
22	Скијање (по I семестар, 2011 год.),бр.часови 1+1 (x 1 група)	0.6
	(Подготовка на нов предмет (предавања 1 поен, вежби 0.5 поени)	
23	*насока спорт: Алпинизам и спортско качување (задолжителен предмет)* Техника на алпинизам и спортско качување -II семестар (2+2)	3
24	*насока спорт: Алпинизам и спортско качување (задолжителен предмет)* Тактика на алпинизам и спортско качување - III семестар (2+2)	3
	(Консултации со студенти (0.002 поени)	
25	Просек 120 студенти, x 12 семестри	2.88
	(Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа, поени 0.1)	
26	Член на 6 комисии за дипломска работа	0.6
	Вкупно	85.88

НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ		
ред. број	Назив на активноста	поени
1	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 90%)* Јовановски Ј., **Вуксановиќ В.**, "Ефекти од примената на четиринеделна програма за подобрување на општата издржливост кај студенти од факултетот за физичка култура во Скопје", Федерација на спортски педагози, Охрид, 2005.	1.8
2	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 80%)* Јовановски Ј., Рецепагиќ А., **Вуксановиќ В.**, "Промени во флексибилноста на мускулите од задната страна на потколеницата после десетминутно загревање", Центар за физичко образование, Скопје, 2006.	1.6
3	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 80%)* Јовановски Ј., **Вуксановиќ В.**, Јовановски И., "Влијание на тестовите за проценка на општата моторика врз реализација на координациски задачи кај испитаници на 11 год.возраст од О.У.Владо Тасевски-Скопје". Федерација на спортски педагози, Виница, 2006;	1.6
4	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 80%)* Јовановски Ј., **Вуксановиќ В.**, Јовановски И., "Разлики во проценката на максималната кислородна потрошувачка со примена на куперовиот тест, повеќескалестиот фитнес-тест (multistage fitnes test-shutlle run) и Полар-овиот фитнес тест", Федерација на училишен спорт, Пелистер, 2006.	1.6
5	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 80%)* Јовановски Ј., **Вуксановиќ В.**, Рецепагиќ А., "Тенденции во експлозивната силина на нозете кај студентите од прва година на факултетот за физичка култура за периодот од 1995- 2006 година", Федерација на спортски педагози, 2006.	1.6
6	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 90%)* Јовановски Ј., **Вуксановиќ В.,** "Кондициската подготовка како научно -стручна апликација во спортот", Федерација на училиштен спорт, Пелистер, 2007.	1.8
7	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 60%)* **Вуксановиќ В.**, Јовановски Ј., Метин Д., Кечовски Б., Јовановски И, Абди О., "Контрола на тренингот за издржливост преку мониторирање на срцевата фреквенција", Федерација на училиштен спорт, Пелистер, 2008.	1.2
8	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 60%)* Јовановски Ј., **Вуксановиќ В**, Метин Д, Кечовски Б., Јовановски И., "Кога со децата во теретана ?" Федерација на училиштен спорт, Пелистер, 2008.	1.2
9	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 80%)* Далип М., Јовановски Ј., **Вуксановиќ В.**, "Odreduvawe na aerobniot kapacitet kaj profesionalni fudbaleri od prvata fudbalska liga na R.Makedonija", Федерација на училишен спорт, Пелистер, 2008.	1.6

10	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 60%)* Назим Куртовиќ, Јован Јовановски, Аган Рецепагиќ, **Владимир Вуксановиќ**, "Карате во функција на потребите на лицата со посебни потреби", Федерација на спортски педагози, Виница, 2009.	1.2
11	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 80%)* Velickovska A.L., Jovanovski J , **Vuksanovic V**., "The correlation between the tests designed to measure coordination and intelligence tests at fifth grade pupils", Licnost,motivacija I sport, tom 15, Sofija 2009.	1.6
12	*(Секциско предавање на научен/стручен собир, поени 1)* Јовановски Ј., **Вуксановиќ В**., "Левораките во спортот", Македонски Олимписки Комитет, Скопје, 2009.	1
13	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2,100%)* **Вуксановиќ В**, "Промени на максималниот силов потенцијал на флексорите на зглобот на лакотот по шест неделно програмирано вежбање со скратени амплитуди на движење (од максимална екстензија до полуфлексија и обратно) кај адолесценти", Центар за физичко образование, Скопје, 2009.	2
14	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 100%)* **Вуксановиќ В.**, "Алпинизмот е спорт", Центар за физичко образование, Скопје, 2009.	2
15	*(Труд со ориганални научни резултатите објавен во научно/стручно списание, поени 4, 100%)* **Vuksanovic V**., "Promene maksimalnog potencijala snage na fleksore zgloba lakta posle šest nedeljnog programiranog vežbanja sa matriks metodom", Crnogorska sportska akademija, Herceg-Novi, 2010.	4
16	*(Труд со ориганални научни резултатите објавен во научно/стручно списание, поени 4, 90%)* **Vuksanovic V**, Jovanovski J., "Promene maksimalne snage kod fleksora zgloba lakta posle šest nedeljnog vežbanja sa skraćenim amplitudama", Crnogorska sportska akademija, Herceg-Novi, 2010.	3.4
17	*(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир,поени 2, 80%)* **Вуксанович В.**, Алексовска-Величковска Л., Петров Љ. "Взаимоврзка между тестовете за оценка на координацијата и на интелекта при 12 годишни ученички.Международна научна конференција", Современи проблеми на физическото воспитание и спорта, Пловдив, 2010;	1.6
18	*Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание, поени 4, 100%)* **Вуксановиќ В.**, "Промените на максималниот силов потенцијал на флексорите на зглобот на лакотот кај 3 групи испитаници по шест неделено програмирано вежбање со модифицирани мускулни контракции", Федерација на спортски педагози, Велес, 2012.	4
19	*Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание, поени 4, 60%)* Јовановски Ј., **Вуксановиќ В.**, Далип М., Рецепагиќ А., "Случај", Истражувања во физичкото образование, спортот и здравјето, Факултет за физичка култура , Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2012.	2.4
20	*(Одржано предавање на семинар за потребите на домашни спортски здруженија и федерации,* Патеки на комуникација-Центар за Стручно Оспособување (Федерација на планинарски спортови на Македонија), 2006.	0.5
21	*(Одржано предавање на семинар за потребите на домашни спортски здруженија и федерации,* Патеки на комуникација-Центар за стручно оспособување (Федерација на планинарски спортови на Македонија), 2007.	0.5

	вкупно	38.2

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ		
ред. број	Назив на активноста	поени
	(Поглавје во книга - коавтор, поени 2)	
1	Прирачник за водачи во планина-издавач ФПСМ	2
Дејности од поширок интерес		
	(Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир, поени 0.5)	
2	Семинар за ски и сноуборд учители -Македонска Асоцијација на учители за снежни спортови-МАИСС, Ски-центар Кожув	0.5
3	Семинар за ски и сноуборд учители -Македонска Асоцијација на учители за снежни спортови-МАИСС, Ски-центар Попова Шапка	0.5
4	Состанок на Управен одбор (board meeting) на IVSS (INTERSKI-international), Ски Центар Кожуф, 2010	0.5
Спортска дејност		
	(Тренер на спортски клуб, поени 1)	
5	AND1-кошаркарски клуб	1
6	Energy-велосипедски клуб, Скопје	1
7	ФК МЕТАЛУРГ Скопје-фудбалски клуб	1
8	ФК РАБОТНИЧКИ Скопје - фудбалски клуб	1
	вкупно	7.5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	ПОЕНИ
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**85.88**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**38.2**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**7.5**
ВКУПНО	**131.58**

Членови на Комисијата

1. Проф.д-р Јован Јовановски - претседател с.р
2. проф. д-р Александар Туфекчиевски - член с.р
3. Проф. д-р Ванчо Поп-Петровски - член с.р

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЧЕТНИЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ДЕЛОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА 1941-1944 ГОДИНА" ОД М-Р АЛЕКСАНДАР СИМОНОВСКИ

Комисијата за оценување на докторскиот труд „Четничката организација во делот на Македонија во рамките на Кралството Југославија 1941-1944 година", именувана со одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја од 9 април 2013 година, во состав: проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Миле Михајлов и проф. д-р Катерина Мирчевска, по разгледувањето на предадениот труд од кандидатот м-р Александар Симоновски, има чест на Научниот совет при Институтот за национална историја да му го достави следниов

ИЗВЕШТАЈ

Македонската историографија во повоениот период има постигнато забележителни резултати. Истражени се многу теми, но и објавени се бројни научни трудови тесно поврзани со времето на Втората светска војна низ разни сегменти. Но до денес и засега, не постои труд кој целосно го обработува прашањето за формирањето и дејствувањето на четничката организација во делот на Македонија што се наоѓаше во рамките на Кралството Југославија во периодот 1941-1944 година. Иако во проучувањето на односното прашање досега се појавиле повеќемина научни работници, тие не направиле целосно истражување, ниту пак објавиле целосен приказ на тој дел од историското минато на македонскиот народ. Тие, при нивното разгледување на одредени други теми и проблеми од НОБ во Македонија

(1941-1944), само парцијално се осврнуваат на организацијата и дејствувањето на четничката организација на просторот на Македонија во текот на Втората светска војна.

Поради тие причини, а со цел да се пополни една празнина во македонската историографија, м-р Александар Симоновски се зафати да го обработи тоа прашање за што беше неопходно да се впушти во сериозни научни истражувања во повеќе соодветни институции во Република Македонија и посебно во Република Србија, но и да консултира бројна литература од тој домен. Мал хендикеп во однос на истражувањата е неискористената можност да се дојде до сознанија од теренски истражувања и искажувања на директните учесници во тие настани заради изминатото време и непостоењето на директни учесници во тие настани, што во ниеден случај не го намалува резултатот од истражувањата. Резултатот од истражувањето и анализата на предметната тема претставува докторски труд од 244 страници поткрепени со 761 фуснота.

Докторскиот труд на кандидатот м-р Александар Симоновски под наслов „Четничката организација во делот на Македонија во рамките на Кралството Југославија 1941-1944 година" се состои од предговор, вовед, 5 глави со повеќе потточки, заклучок, кратенки и користени позначајни извори и литература.

Во предговорот, кандидатот се осврнува на застапеноста на проблемот што го обработува во македонската историографија, користените материјали при изработката на докторскиот труд, за на крајот да укаже дека со оваа дисертација не се исцрпени сите прашања од односниот проблем, но и дека трудот ќе претставува сериозна база за натамошни проучувања и доистражувања за што секој пат има простор.

Кандидатот во воведот накусо го објаснува терминот „четник", се осврнува на целите на дејството на пропагандите во османлиска Македонија, целите на Македонската револуционерна организација, последиците од балканските војни (1912/13) и Првата светска војна (1914 -1918) по

македонскиот народ, како и за дејствувањето на контрачетите во делот на Македонија во рамките на Кралството на СХС/Југославија. Акцентот, пак, е ставен на улогата на предвиденото четничко војување во воените планови на Кралството Југославија за одбрана на државата при евентуална војна.

Првата глава под наслов „Драгољуб Михаиловиќ - Дража и Равногорското движење" ги обработува Втората светска војна на тлото на Кралството Југославија, капитулацијата на Југословенската војска и поделбата на југословенската држава, одлуката на полковникот Драгољуб Михаиловиќ да не се предаде и неговото пристигнување на пределот Равна Гора во Западна Србија каде што започнал да организира четничка организација. Понатаму е обработена програмската поставеност на четничката организација, програма во којашто немало место за Македонците и тие се третирани за дел од српскиот народ, а нивната територија за српска. Кандидатот пишува и за четничката организација што ја организирал Коста Миловановиќ - Пеќанац со тенденција таа да продре на просторот од североисточна Македонија.

Во втората глава, „Четничката организација во делот на Македонија во рамките на Кралството Југославија, 1942 година", се елаборира за: воспоставениот систем во бугарското и италијанското окупационо подрачје на територијата на Македонија, односот на бугарската власт кон затечените Срби, развитокот на НОБ на Македонија во периодот 1941-1942 година, дејствувањето на испратените четнички емисари од надлежниот Горски штаб 110 при формирањето на четничка организација во Македонија и за извршениот пробив на четничката организација од страна на бугарската власт кон крајот на 1942 година.

ГЧетничката организација во делот на Македонија во рамките на Кралството Југославија, 1943 годинаг е насловот на третата глава каде што е опфатен развојот на НОБ во Македонија во 1943 година, слободната територија на дел од просторот на Западна Македонија под контрола на НОД и објавувањето на Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на

Македонија, спуштањето на британската воена мисија во поречкиот крај за да врши разузнавачка дејност и саботажи, формирањето на четничкиот Вардарски корпус, активностите на четничката организација на подрачјето од десната страна на реката Вардар, на Скопска Црна Гора, обидот за формирањето на четничка организација во Гевгелиско, реорганизацијата на четничката организација на просторот од десната страна на реката Вардар, дејствувањата во насока на формирање на четнички единици кои требале да дејствуваат во Македонија и за бројната состојба на четничкото движење во Пореч е.

Четвртата глава е со наслов IОдносите меѓу четничката организација и Народноослободителното движење на Македонијаг, при што кандидатот се осврнува на Февруарскиот поход, Пролетната офанзива, подготовките за свикувањето на Првото заседание на АСНОМ, одлуките од одржаниот состанок на островот Вис меѓу македонската делегација и НКОЈ во однос на решавањето на македонското национално прашање, дали четничкото движење имало потпора кај македонскиот народ, разобличувањето на четничката организација и платформа од страна на НОД на Македонија и вооружените судири меѓу единиците на НОВ и ПО на Македонија и четничките сили во 1943 и 1944 година.

Петтата глава, „Крајот на четничката организација во Македонија", опфаќа обработка на Првото заседание на АСНОМ на кое била прогласена македонската национална држава (федерална Македонија во рамките на федеративна Југославија), преземените чекори од страна на НОД на Македонија и маладата македонска држава за испитувањето на состојбите кај четничкото движење во Пореч е, ставањето на крајот на опстојувањето на четничката организација во Македонија, борбите на НОВ за ослободувањето на Македонија и апсењата од страна на македонските власти на одреден број четници кои за време на војната дејствувале во Македонија.

Во заклучокот, вообичаено се дава еден анализиран пресек на четничката организација со силно потенцирање на причините за неизинито неуспех на македонското тло, што неминовно н# наведува на заклучок.

Како и секој научен работник при обработката на историски теми, така и м-р Александар Симоновски ги користи вообичаените правила и методи на хронолошко изразување на настаните. Неговиот стил на изразување е лесен и разбирлив, методолошки добро компониран со користење на сите научно-истражувачки методи, започнувајќи од хронологијата, изнесувањето на фактите, компарација со други факти и најнакрај, со прикажување на сериозна анализа на поедини настани и документи. Ваквиот пристап на трудот му дава една целина поткрепена со изворен материјал и литература со што тој мошне лесно може да се следи.

Заради сето горенаведено, слободни сме да го искажеме мислењето дека ни претставува особена чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за национална историја да ја започне постапката за организирање јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Симоновски под наслов: „Четничката организација во делот на Македонија во рамките на Кралството Југославија 1941-1944 година".

Комисија

Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски с.р.

Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.

Проф. д-р Марјан Димитријевски с.р.

Проф. д-р Миле Михајлов с.р.

проф. д-р Катерина Мирчевска с.р.

Одобрени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет

р.бр	кандидат	наслов на тема	ментор
1.	Алиу Артан	„Метаморфоза како тактика на трансформација на станбена текстура на примерот на Маџир Маало – Скопје“	Д-р Минас Бакалчев, редовен професор
2.	Ана Момировска	„Стратификацијата како тактика на трансформирање на станбената текстура на примерот на Маџир Маало – Скопје“	Д-р Минас Бакалчев, редовен професор
3.	Бојана Наумовски	„ Интерполација: реконфигурација и рематеријализација на постоечки архитектонски простор во ново единство со постоечкиот природен пејсаж “	Д-р Митко Хаџи-Пулја, редовен професор,
4.	Ива Хаџи-Василева	„Пре-откривање и типолошко дефинирање на загубени и фрагментирани архитектонски простори преку екстраполација и интерполација“	Д-р Митко Хаџи-Пулја, редовен професор

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**БЕЛОДРОБНИ ПРОМЕНИ КАЈ БОЛНИ СО ТРОМБОЕМБОЛИЗАМ - ДИЈАГНОСТИЧКА И КЛИНИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА**“ ОД Д-Р АЛЕКСАНДАР САНДЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011) и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.212/9 и 188/201), Наставно-научниот совет, на својата XVI редовна седница одржана на 11.4.2013 година, а по предлог на Научниот одбор, оформи Комисија за оцена на докторската дисертација од д-р Александар Сандевски под наслов: „Белодробни промени кај болни со тромбоемболизам - дијагностичка и клиничка евалуација”, во состав:

1. проф.д-р Томе Стефановски
2. проф.д-р Мирослав Гавриловски
3. проф.д-р Оливија Васкова.

Рецензентската комисија го разгледа изработениот докторски труд и врз основа на направените согледувања и консултации го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Белодробни промени кај болни со тромбоемболизам - дијагностичка и клиничка евалуација”, од м-р д-р Александар Сандевски, е изнесена на 126 страници и се состои од деловите: резиме на македонски и англиски јазик, листа на кратенки употребени во текстот, вовед, мотив, цели, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и референци. Докторската дисертација содржи 84 табели, 12 графикони и 213 референци. Напишана е на јасен и разбирлив јазик, содржи оригинални резултати и дава нови

податоци во полето на истражувањето, со што ги исполнува потребните и воспоставените начини и професионални критериуми.

Во **воведот** се изнесени досегашните сознанија за белодробната тромбоемболија (БЕ), дефницијата, етиологијата и мултифакторијалните причини за настанување на БЕ, епидемилошки податоци во светот, патофизиолошките механизми за настанок на БЕ, со посебен осврт кон хемодинамските последици и респираторните нарушувања кои се јавуваат кај БЕ. Концизно е опишана клиничката слика на БЕ. Дадени се опширни и прецизни дефиниции и објаснувања на преттест бодовните системи (скорови) како ревидираниот Geneva-скор, Pisa-скорот и посебен осврт на Wells-овиот скор со бодирање за секој симптом. Во понатамошниот текст авторот детално ги опишува Д-димерите, дека се мали делови на протеин, производ на распаѓање на фибринот, односно се појавуваат кога крвен згрушок се разложува со фибринолиза, нивното време на јавување, дека нивното мерење зависи од сензитивноста и специфичноста на тестовите.
Даден е опис на најчестите рендгенографски наоди на белите дробови типични за БЕ, како и за високата сензитивност и специфичност на наодите на мултидетекторската КТ-ангиографија.
Авторот дава акцент на комбинираниот вентилационо/перфузиски (V/Q) скен, кој има главна улога при скрининг на болните со супектна БЕ.
Опишани се и магнетната резонанца, ехокардиографијата, гасните анализи, компресивниот ултразвук на долните екстремитети како дијагностички методи за утврдување на појава на длабока венска тромбоза и БЕ.
Опширно и прецизно е објаснет ултразвукот на белите дробови (УЗ) како метода и утврдено е дека 70-90% од лезиите кај БЕ се во периферните делови на белите дробови (т.н. делумни инфаркции) и затоа можат да се утврдат со ултразвук на бели дробови. Изнесени се разликите во изгледот и ехогеноста на пневмониите, карциномите и метастазите, компресивните ателектази. Покажано е дека карактеристична триаглеста или овална лезија на базата на плеврата, придружена со мал плеврален излив, ја прави дијагнозата на БЕ многу веројатна. Според некои автори, просечен број на лезии кај БЕ е 2,6. Но, УЗ како метода е субјективна и зависи од искуството на испитувачот. Во понатамошниот текст авторот се задржува на појавата на плеврални изливи кај БЕ. Укажува дека механизмот за нивна појава не е доволно јасен и дека најверојатна причина за појава на плевралните изливи кај БЕ е исхемијата дистално од емболусот и ослободувањето на цитокини кои ја зголемуваат пермеабилноста на крвните садови на плеврата. Авторот цитира неколку автори кои работеле на проблематиката на плевралните изливи кај БЕ и покажале дека плевралните изливи кај БЕ се ексудати, многу често хеморагични со мезотелна реакција. Трансудатниот карактер на плевралниот излив кај БЕ не е последица на самата БЕ, сè додека не се исклучат другите фактори за појава на трансудат.

Во овој докторски труд авторот ги поставил следниве **цели**:

1. да се одредат перфузионите и паренхимските промени во белите дробови со стандардните методи за испитување (рендгенографија на бели дробови, ултрасонографија на бели дробови, V/Q-скенот, МДКТ-ангиографија) и да се одреди нивното значење во дијагнозата и прогнозата на белодробната тромбемболија;

2. да се одредат плевралните промени (рендгенографија на бели дробови, ултрасонографија на бели дробови, торакоцентеза), нивната големина и локализација;

3. да се одредат биохемиските и цитолошките карактеристики на плевралните изливи кои се резултат на белодробна тромбемболија;

4. да се одреди дијагностичката вредност на Д-димерите кај белодробната тромбоемболија (БЕ);

5. изработка на дијагностички алгоритам за белодробна тромбемболија, врз основа на прогностичката вредност на одредена процентуална застапеност на применетите методи.

Во студијата се вклучени 100 пациенти кои поради суспектен наод за постоење на БЕ се испитувани и лекувани болнички или амбулантно во Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза во Скопје, од кои 67 пациенти се од машки пол, а 33 од женски пол. Просечно време на лекување е 15,9 дена. Како контролна група биле вклучени 100 пациенти кои боледувале и се лекувале во Институтот, поради хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ), кардиомиопатија (СМР), белодробна туберкулоза и други неспецифични белодробни заболувања и кај сите нив било исклучено постоење на БЕ. Од контролната група, во студијата биле вклучени и 30 пациенти со декомпензирана кардиомиопатија кои имаат како компликација плеврални изливи и кај сите е исклучено постоење на БЕ.

Методите кои се користени во овој труд се: рутински лабораториски анализи (СЕ, хемограм, хепатални тестови, протеински статус, деградациони продукти, електролитен статус, рендгенографија на бел дроб со соодветна профилна снимка, функционални тестови на бели дробови (гасни анализи), преттест (Wells-ов скор), Д-димери во серум-квантитативна метода на латекс аглутинација опсег 170-4500 ng/ml, мултидетекторска компјутеризирана томографска ангиографија, ултразвук на бели дробови, торакоцентеза со биохемиски и цитолошки анализи на плеврален пунктат, V/Q студија на бели дробови, ехокардиографија, компресивен ултразвук со doppler на долни екстремитети.

Статистичката обработка на податоците е изведена во статистичките програми STATISTICA 7.1 и SPSS 13.0. Податоците се прикажани табеларно и графички.

Резултатите покажуваат дека во студијата доминираат хоспитални пациенти 88%. Кај најголем број од пациентите 29 се регистрирани други белодробни заболувања (доминира воспаление на бели дробови), ДВТ имале 24 пациенти, 16 пациенти биле со изведени оперативни зафати, малигна болест имале 3 пациенти, а кај 22 пациенти не е регистриран коморбидитет. Во однос на смртните случаи, кај седум пациенти настапил смртен исход поради БЕ. Во однос на половата застапеност доминирал машкиот пол -67.

Клиничките манифестации на БЕ се неспецифични. Најчеста комбинација на клинички манифестации биле плеврална болка и хемоптизии кај околу 65% од пациентите, кои немале кардиоваскуларни заболувања. Во студијата доминираат хемоптизии кај 78% пациенти, диспнеа е регистрирана кај 66% од пациентите, плеврална болка имале 45% пациенти со белодробна емболија. Кашлица како симптом имале 25% пациенти со белодробна емболија. Овие наоди не се совпаѓаат со наодите од литературата, пред сè поради отсуство на стандардизиран начин на дијагноза и лекување.

Кај пациентите од испитуваната група (пациенти со белодробна емболија) е изведена кростабулација на наодите од применетите дијагностички методи и наодите од мултидетекторска КТ-ангиографија на белите дробови (МДКТ). Според овие наоди, доминираат ателектазата и плевралната базна абнормалност, како и плевралните изливи, што се совпаѓа со наодите на Stein PD и Worsley DF. Според РТГ на белите дробови, големината на плевралните изливи е мала, најчесто како засенчување на ф-к синус, едностран. Исто така, поголем е бројот на РТГ-наоди во кои има повеќе од една абнормалност. Сензитивноста на РТГ на белите дробови за БЕ изнесува 87,7%, специфичноста изнесува 69%, позитивната предикативна вредност изнесува 79,5%, а негативната предикативна вредност изнесува 83,3%.

Во однос на УЗ на белите дробови, сензитивноста на РТГ на белите дробови за плеврални изливи кај БЕ изнесува 94,1%, специфичноста изнесува 13,3%, позитивната предикативна вредност изнесува 18,2%, а негативната предикативна вредност изнесува 91,7%.

Поради тоа, РТГ на белите дробови, не може да потврди или исклучи БЕ, но има голема вредност да исклучи дијагнози кои можат клинички да наликуваат на БЕ, како и корист при интерпертација на V/Q-студија.

Уреден УЗ-наод на белите дробови не исклучува БЕ. Со УЗ на белите дробови се покажува дека најголем дел од лезиите се во дорзобазалните сегменти на белите дробови. Од вкупниот број на пациенти, 17 (17%) имале ЕХО-наоди за белодробна емболија и регистрирани се типични субплеврални промени (инфаркти). Најчесто лезиите се супплеврални, траголни или овални, често со присуство на плеврална течност. Супплеврални лезии помали од 0,5 см, се неспецифични и не треба да се земат предвид во дијагнозата на БЕ. Во прикажаната дистрибуција на ЕХО форми и број на патолошки форми за χ^2 =100,00 и p<0,001(p=0,000) постои значајна разлика. Сензитивноста на ултразвукот на белите дробови во дијагнозата на БЕ изнесува 17,9%, специфичноста изнесува 86,4%, позитивната предикативна вредност изнесува 82,4%, а негативната предикативна вредност изнесува 22,9%.

Количината на течност која влегува во плевралниот простор се зголемува ако е покачен капиларниот притисок во париеталната плевра. Покрај тоа, лимфната елиминација на течност од плевралниот простор се намалува кога притисокот во системските вени се зголемува, поради празнењето на лимфата во венскиот систем. Сепак, пациенти со белодробна хипертензија и десносрцева слабост ретко имаат плеврални изливи.

Сензитивноста на ЕКГ-дијагностика за БЕ изнесува 17,9%, специфичноста изнесува 40,9%, позитивната предикативна вредност изнесува 51,9%, а негативната предикативна вредност изнесува 12,3%.

Сензитивноста на гасните анализи за БЕ изнесува 93,6%, специфичноста изнесува 0,0%, позитивната предикативна вредност изнесува 76,8%, а негативната предикативна вредност изнесува 0,0%.

Кај пациентите од испитуваната група (пациенти со белодробна емболија) е изведена кростабулација на наодите од применетите дијагностички методи и наодите од мултидетекторска КТ-ангиографија на белите дробови (МДКТ).

Треба да се истакне дека нормален наод на V/Q-студија речиси со сигурност може да исклучи БЕ, особено кај пациенти кои немаат други белодробни или кардиоваскуларни заболувања. Сензитивноста на V/Q-скен за БЕ изнесува 52,6%, специфичноста изнесува 54,5%, позитивната предикативна вредност изнесува 80,4%, а негативната предикативна вредност изнесува 24,5%. Ова се совпаѓа со резултатите на PIOPED-студијата за сензитивност на самата V/Q-студија која изнесува 41%.

Во трудот, сензитивноста на ехокардиографијата кај БЕ изнесува 43,6%, специфичноста изнесува 27,3%, позитивната предикативна вредност изнесува 68,0%, а негативната предикативна вредност изнесува 12,0%.

Во трудот, 31% од пациентите со БЕ имале плеврални изливи, кои процентуално се совпаѓаат со резултатите на неколку автори.

Плевралните изливи се дијагностицирани со ултразвук на бели дробови, секој излив поголем од 1 см, е пунктиран под УЗ (торакоцентеза), добиениот пунктат е обработен макроскопски (боја, заматеност), микроскопски, биохемиски и цитолошки наодите за излив и страна на изливот во испитуваната и контролната група за χ^2 =40,99 и p<0,001(p=0,00) постои значајна разлика. Во дисертацијата кај присутна БЕ, плевралните изливи се едностарни. Доминираат изливи кои се мали по обем, а во однос на бојата доминира жолтата (29,5%) и хеморагична боја (19,67%) на изливите кај БЕ. Во прикажаната дистрибуција на податоци во врска со наодите за боја на изливот кај пациентите од испитуваната и контролната група за χ^2 =12,30 и p<0,01(p=0,002) постои значајна разлика. кај пациентите од испитуваната група односот на вкупните протеини во плеврален излив/пунктат кај сите изливи е >0,5. Податоци во врска со наодите на LDH p/s>0,6 во изливот кај пациентите од испитуваната и контролната група за χ^2 =57,13 и p<0,001(p=0,000) постои значајна разлика. Овие вредности покажуваат дека плевралните изливи кај испитувана група со БЕ се ексудати, односно ги задволуваат трите критериуми за ексудати според Light LW. Во однос на цитолошкиот наод кај најголем број на пациенти регистрирани се неутрофили, лимфоцити и прикажаната дистрибуција на податоци во врска со цитологијата на изливот кај пациентите од испитуваната и контролната група за χ^2 =57,13 и p<0,001(p=0,000) постои значајна разлика. Цитолошкиот наод кај плевралните

изливи кај испитуваната група со БЕ каде што доминираат неутрофилите се совпаѓа со оној на Light LW.
Постои и зависност помеѓу нивото на Д-димерите и тежината на БЕ. Просечната вредност на Д-димерите кај пациентите од испитуваната група значајно е поголема отколку кај пациентите од контролната група. Поради застапеноста и на хоспитални и на амбулантни пациенти, во оваа студија е користен Wells-овиот скор како преттест испитување за БЕ. Во прикажаната дистрибуција на податоци кои се однесуваат на пациентите од испитуваната и контролната група кои имале, односно немале Wells скор<2 поена, за χ^2 =92,45 и p<0,001(p=0,000) постои значајна разлика.
Во прикажаната дистрибуција на податоци кои се однесуваат на пациентите од испитуваната и контролната група кои имале, односно немале Wells скор 2-6 поена, за χ^2 =45,37 и p<0,001(p=0,000) постои значајна разлика. Споредувана е просечната вредност на Д-димерите кај пациентите кои немале Wells скор<2 поена и се утврди дека значајно е поголема од просечната вредност на Д-димерите кај пациентите кои имале Wells скор<2 поена од контролната група. Просечната вредност на Д-димерите кај пациентите кои имале Wells скор >6 поена значајно е поголема од просечната вредност на Д-димерите кај пациентите кои немале Wells скор >6 поена, додека просечната вредност на Д-димерите кај пациентите кои немале Wells скор 2-6 поена незначајно е поголема од просечната вредност на Д-димерите кај пациентите кои имале Wells скор 2-6 поена. Значи, висок ризик од преттестот (Wells скор>6 поена) и зголемени Д-димери над нормалните вредности го зголемува сомнежот за БЕ. Кај високи вредности на Д-димери и среден ризик за БЕ (Wells скор 2-6 поена) потребно е да се направат понатамошни испитувања како V/Q-студија и МДКТ за да се потврди или отфрли дијагноза за БЕ. Негативни Д-димери и низок Wells скор <2 поена кај најголем број на пациенти ја исклучуваат БЕ. Вредностите на Д-димерите, кај пациентите од испитуваната група кои имаат симптоми и состојби (болести) за одредување на бодирањето на Wells-овиот скор особено се зголемени и постои статистички значајна разлика (преттест), во однос на контролната група кои ги немале за одредување на Wells-овиот скор. Понатаму авторот прави опсежна анализа каква е прогностичката вредност помеѓу Д-димерите, плевралните изливи, вкупните протеини кај плевралните излив, Wells-овиот скор <2, Wells-овиот скор 2-6, LDH кај плевралните изливи, присутни коморбидитети, МДКТ-ангиографија и V/Q-студија како независни варијабли со белодробната емболија и утврдува дека постои значајна поврзаност помеѓу Д-димерите, плевралните изливи, вкупните протеини кај плевралните излив, Wells-овиот скор <2, Wells-овиот скор 2-6, LDH кај плевралните изливи, коморбидитетите, МДКТ-ангиографија и V/Q-студија како независни варијабли со белодробната емболија.
Најголемо значајно влијание за потврда на наодот од БЕ имаат Д-димерите (Wald=16,47/p=0,000), потоа наодите на V/Q-студија (Wald=3,54), најслабо е влијанието на наодите на МДКТ (Wald=2,79). Пациентите кои имаат позитивен МДКТ-наод за 8,21/Exp(B)=8,208 пати имаат поголема шанса за потврда на наод за БЕ отколку пациентите кои имаат негативен МДКТ-наод, потоа наодите на V/Q-студија.

При зголемување на Д-димерите за 1ng/ml, шансата за потврда на наодот за белодробна емболија се зголемува за 1,003 пати, односно постои значајна прогностичката улога на Д-димерите (±95,00Ci:1,002-1,005/p=0,000).
Пациентите кои имаат позитивна V/Q-студија за 9,73/Exp(B)=9,733 пати имаат поголема шанса за потврда на наод за БЕ, отколку пациентите кои имаат негативна V/Q-студија, но најголемо значајно влијание за потврда на наодот од БЕ имаат Д-димерите.

Заклучоците се изведени врз основа на добиените резултати, и тоа:

- РТГ на белите дробови, не може да потврди или исклучи БЕ, но има голема вредност да се исклучат дијагнозите кои можат клинички да наликуваат на БЕ, како и корист при интерпертација на V/Q-студија.

- Периферните лезии на белите дробови со ултразвук кај БЕ се субплеврални, триаголни или овални, често со присуство на плеврална течност.

- Најчесто има во просек по 2 периферни лезии видени со ултразвук кај БЕ.

- Уреден ултразвучен наод на бели дробови не исклучува БЕ.

- V/Q-студијата, поради малата радијација, е погодна за дијагноза на БЕ кај пациенти кај кои постои контраиндикација за изведување на МДКТ, како бремени и пациенти алергични на контрастни средства.

- V/Q-студијата како метода треба да се користи во следење (контролирањето) на БЕ.

- Плевралните изливи кај БЕ се среќаваат кај околу 1/3 од пациентите со БЕ, најчесто се едностранн, мали по обем, со хеморагичен или жолт изглед.

- Кај речиси сите пациенти доминира ексудативниот карактер на плевралните изливи кај БЕ, со предоминација на неутрофили.

- Висок ризик од претест (Wells скор>6 поени) и силно зголемени Д-димери над нормалните вредности неколкукратно го зголемува сомнежот за БЕ.

- Нормални (негативни) вредности на Д-димери и низок Wells скор <2 поена кај најголем број на пациенти ја исклучуваат БЕ.

- Со зголемување на вредноста на Д-димерите, шансата за потврда на наодот за белодробна емболија се зголемува.

- Дијагнозата на БЕ во најголем број случаи дефинитивно се поставува со зголемени вредности на Д-димери, наод од МДКТ-ангиографија и V/Q-студија (висока веројатност за БЕ).

Врз основа на рецензијата на поднесениот труд, Комисијата го донесе следниов

ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид горенаведеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја продолжи процедурата за одбрана на овој докторски труд.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Томе Стефановски, с.р.

2. Проф. д-р Мирослав Гавриловски, с.р.

3. Проф. д-р Оливија Васкова, с.р.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски труд на ЈНУ Институт за македонски јазик Крсте Мисирков - Скопје

Ред. Бр.	Кандидат	Тема	Ментор
1.	Бојан Груевски	Македонските и германските фразеологизми со *бог и ѓавол* како главни компоненти Macedonian and German idioms and proverbs with God and Devil as main components	проф. д-р Елена Јованова-Грујовска
2	Влатко Симјановски	Називите на диви животни, лазачи и инсекти во македонските дијалекти Names of wild animals, creeping things and insects in Macedonian dialects	проф. д-р Веселинка Лаброска
3	Душко Деспотовски	Говорот на село Сиричино – Тетовско The Sirichino dialect – Tetovo area	проф. д-р Убавка Гајдова
4	Митко Димовски	Народните називи на птиците и верувањата поврзани со нив во Скопско Bird folk names and beliefs associated with them in the Skopje region	проф. д-р Гоце Цветановски
5	Даниела Такева	Симболиката на птиците и нивните именувања во Делчевско Bird symbolism and their naming in the Delcevo region	проф. д-р Гоце Цветановски

ПРЕГЛЕД
на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на УКИМ Факултет за драмски уметности во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Огнен Георгиевски	„Спомениkот“	проф.м-р Русомир Богдановски
Русмир Ефендиќ	„Средби на академиите во БИХ - организациона структура“	проф.Мартин Панчевски
Симона Спировска	„Колку е темно таму долу - Салома низ четири месечеви мени“	проф.Владимир Милчин

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ГЕОГРАФСКИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ, НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕТАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје бр. 07-610/3 од 8.5.2013 год., донесена на седницата на ННС од 25.4.2013 година, избрани сме за рецензенти по пријавата на Свемир Горин, доктор по географски науки, доставена по објавениот конкурс во весниците „Дневник" и „Коха" од 28.3.2013 год. за избор на еден наставник по група предмети од областа на географските информациски системи (ГИС-техники и технологии, ГИС-апликации, глобални навигациски сателитски системи, инфраструктура на географски информации, ГИС-анализи, институционална инфраструктура и геоинформатика) на Институтот за географија при ПМФ.

Комисијата во состав: д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институтот за географија на ПМФ во Скопје, д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Институтот за географија на ПМФ во Скопје и д-р Ивица Милевски, вонреден професор на Институтот за географија на ПМФ во Скопје, ја разгледа пријавата и доставената документација од единствениот пријавен кандидат, д-р Свемир Горин, асистент на Институтот за географија на ПМФ во Скопје, на конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 19.10. 2010 година и го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весникот „Дневник" од 28.3.2013 год. за избор на еден наставник по група предмети од областа географски информациски системи (ГИС-техники и технологии, ГИС-апликации, глобални навигациски сателитски системи, инфраструктура на географски информации, ГИС-анализи, институционална инфраструктура и геоинформатика) на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје се пријави кандидатот Свемир Горин, доктор на географски науки.

Кандидатот, согласно со условите во конкурсот, ги има доставено потребните документи.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот Свемир Горин е роден на 4.2.1977 год. во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. По завршувањето на воената обврска се запишал на студии по географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет каде што дипломирал со просечна оцена 9,42 и е прогласен за најдобар студент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет. Во моментов е вработен како асистент на Институтот за географија при ПМФ.

Во учебните 2002/03 и 2003/04 година е ангажиран како демонстратор во наставата на Институтот за географија по предметот картографија. Од 15.12.2004 година е редовно вработен на Институтот за географија како помлад асистент по предметите од картографија и географски информациски системи. Во текот на 2009 год., по завршувањето на постдипломските студии е избран за асистент на Институтот за географија при ПМФ. Работните задачи ги извршува

навремено и коректно со осет и разбирање на поставениот проблем воопшто и во наставната дејност посебно.

Во контекст на неговото стручно усовршување, во текот на 2006 година, во организација на UBIFRANCE учествувал на седумдневен Семинар за географски информации во Париз и Тулуз во Франција.

Во рамките на образовната програма на Македонското радио со свои текстови има учествувано во три радиоемисии.

Во сферата на компјутерската техника и технологија има познавање на неколку софтверски пакети тесно поврзани со картографската дејност и Географските информациски системи (ArcGIS, AutoCAD Map, Surfer, Global Mapper, MapWindows GIS, Quantum GIS и други).

На 22.5.2009 год. ја одбранил магистерската работа под наслов КАРТОГРАФИРАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА И ВРЗ БАЗА НА ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ, така што се стекнал со научен степен - магистер на географски науки - насока тематска картографија.

На 13.2.2013 год. ја одбранил докторската дисертација под наслов ГЕОГРАФСКИ АНАЛИЗИ БАЗИРАНИ НА ДИГИТАЛНО КАРТОГРАФСКИ ОСНОВИ НА ПРОСТОРОТ НА ГЕВГЕЛИСКО-ВАЛАНДОВСКАТА КОТЛИНА и се стекнал со научен степен-доктор на географски науки.

НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Како асистент на Институтот за географија, д-р Свемир Горин, во текот на извештајниот период, бил вклучен во изведувањето на вежбите по предметите: картографија, географски информациски системи, регионална географија, геоинформатика, Туристички информациски системи, социоекономски основи на туризмот, ГИС-техники и технологии, глобални навигациски сателитски системи и други. Активно е вклучен и во изведувањето на наставата за вонредни студенти.

Д-р Свемир Горин, во текот на извештајниот период, редовно е вклучен во изведувањето на теренската настава за студентите од Институтот за географија, како на територијата на Република Македонија така и во странство.

Учествува во процесот на изработка и одбрана на 42 дипломски работи.

Кандидатот д-р Свемир Горин е коавтор на две интерни скрипти кои се користат во наставата на студиите по географија на ПМФ.

Обемот на досегашното ангажирање во наставата, теренската настава, учеството во подготовката на наставни содржини, како и коректниот однос со студентите, укажуваат на зрелоста на кандидатот во процесот на изведувањето на наставно-образовната дејност на Институтот.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Свемир Горин, во контекст на својата научна преокупација пројавува интерес за научноистражувачка работа. Од вработувањето како помлад асистент до сега има учествувано на повеќе научни собири и има објавено повеќе научни трудови.

Кандидатот д-р Свемир Горин континуирано работи на своето научно усовршување. Научната активност е насочена кон истражување и проучување на проблемите и процесите од областа на географските информациски системи, картографијата и разни општогеографски и регионално географски проблеми. Во извештајниот период, д-р Свемир Горин активно учествува како член на

тимот во научноистражувачките проекти: „Комплексни географски проучувања на поречјата на Бабуна и Тополка" (институционален проект на ИГ при ПМФ во тек на изработка 2011-2014 год.), и "Современи ерозивно денудациски процеси на Огражден, Малешевски Планини и Влаина и нивно влијание врз користењето на земјиштето" (меѓународен проект во тек).

Трудови објавени до изборот за помлад асистент

1. Б. Маркоски, **С.Горин** (2004): Дополнување на содржината на дигиталните карти со помош на ГПС технологијата, Географски разгледи, кн. 38-39, Скопје.
2. **С. Горин** (2005): Аероснимките и ортофото картите во урбанистичкиот развој на градовите, Зборник на трудови од научниот симпозиум „Аспекти на урбанистичкиот развој и современата урбанистичка пракса во Скопје", 5.12.2005, Скопје.
3. B. Markoski, **S.Gorin** (2005): Geographical information systems of healt organization and diseases, Seventh national congress for medical geography by international participation, Sofia, 27-28.10.2005.
4. Б. Маркоски, **С.Горин** (2006): ГИС во функција на руралниот развој на Република Македонија, Зборник на трудови од научниот симпозиум со меѓународно учество „Руралниот простор во новите развојни услови", 30.3-01.4.2006 г., Охрид.

Трудови објавени по реизборот во звањето помлад асистент

По реизборот во звањето помлад асистент, во периодот 2007-2009 година, кандидатот Свемир Горин ги објавил следниве трудови:

5. **С.Горин**, И.Радевски (2008): Сливот на реката Лакавица - хидрографско хидролошки карактеристики и картографска анализа, Билтен за физичка географија бр. 5, Скопје.
6. B.Markoski, **S.Gorin** (2008): *Experiences in Establishing GIS of Educational Institutions in The Republic of Macedonia*, Proceedings, Volume 1, pg. 123-130, 5thInternational Conference on Geographic Information Systems, Fatih University, Istanbul, Turkey.
7. И. Милески, **С.Горин** (стручна подготовка), Е.Станков И М.Јованов (техничка подготовка): Прирачник за QGIS, Природно математички факултет, Скопје, 2009.
8. **С. Горин** (2009): КАРТОГРАФИРАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА И ВРЗ БАЗА НА ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАЦИСИ СИСТЕМИ (магистерска работа во ракопис), Скопје.

Трудови објавени по изборот во звањето асистент

Во периодот од последниот избор во асистент (во 2009 год.) ги има објавено следниве трудови:

9. Milevski I., Markoski B., **Gorin S.**, Jovanovski M. (2009): Aplication of Remote Sensing and GIS in detection of potential landslide Areas. *Proceedings of the International Symposium Geography and Sustainable development,* Ohrid, 2009, str. 453-463.

Во трудот е обработен проблемот на примена на далечинско одредување на потенцијални свлечишта во просторот. Во контекст на тоа се разработени и аспектите на примена на ГИС -технологиите во оваа проблематика.

10. **Горин С.** (2009): Географските информациски системи и одржливиот развој во Република Македонија, *Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој"*, 22-25.10.2009, Охрид, стр. 477-482.

Во овој труд е посветено внимание на примената на географските информациски системи во активностите на одржливиот развој во географската средина. Проблемот е систематизиран во смисла на собирање на податоци, нивен третман во ГИС и врз база на излезни алфанумерички и картографско графички податоци да се донесуваат одлуки за преземање на мерки за санација и одржливост на географската средина.

11. Милевски И., Маркоски Б., Јовановски М., **Горин С.** (2010): Примена на ГИС и сателитски снимки во одредување на подра;ја под ризик од свлечишта, на примерот на Гевгелиско-валандовската Котлина. *Зборник од третиот симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија*, Струга, стр. 365-376.

Во трудот е разработена методологија за примена на сателитските снимки и ГИС -технологиите за идентификација на подрачја под ризик од свлечишта. Во контекст на наведените методологии и технологии се применува компјутерска техника како во смисла на детекција, така во смисла на анализи на состојбите.

12. Апостоловска-Тошевска Б., **Горин С.** ((2010): Анализа на вработените во индустријата во Република Македонија со помош на ГИС, *Зборник на трудови од Четвртиот конгрес на географите на Република Македонија*, Дојран, стр. 155-168.

Во трудот е обработен проблемот на вработени во сферата на индустријата во Република Македонија. Низ анализите се констатирани тенденции на стагнација и намалување на бројот на невработени лица во сферата на индустријата.

13. Б. Маркоски, **С.Горин** (2011): Методологија за организација и за уредување на тематски слоеви во дигиталното картографирање, *Географски разгледи*, кн. 44-45, Скопје, стр. 35-47.

Трудот претставува содржини кои се посветени на практични апликативни методолошки процедури кои се неминовни при дигиталното картографирање. Разработени се непосредните постапки на формирање, обработка и нивои на вертикално подредување на формираните леери (олеати) во процесот на креирање и дизајн на картографските производи.

14. Б. Апостоловска-Тошевска, М. Мацевиќ, Б. Маркоски, О. Димитровска, И. Милевски, **С. Горин** (2012): Дуготрајност незапослености у Републици Македонији, Трећи конгрес српских географа, *Зборник радова*, Бања Лука, 2011, стр. 581-590.

Во овој труд, како основен проблем е невработеноста на населението во Република Македонија. Низ прегледот на податоците е направена анализа на невработеноста на населението, така што е констатирано дека согласно со транзициските текови во македонското општество, невработеноста е прилично долготрајна. Според тоа, констатирани се аспектите на неминовно преземање поитни мерки за надминување на овој општествен проблем.

15. **Горин С. (2012)** *ГИС-анализа на распределбата на земјината покривка по хипсометриски појаси во Гевгелиско-валандовската Котлина.* Годишен зборник на Институтот за географија, кн. 34, Скопје, (во печат).

Во наведениот труд е извршена процена на распределбата на Corine Land Cover покривката по хипсометриски појаси со примена на ГИС - анализа. Притоа, издвоени се различни хипсометриски појаси и утврдена е доминацијата на одредени класи на различни надморски височини.

16. Markoski Bl. Dimitrovska O. Milevski. **Gorin, S. (2012).** *Impact of the dissemination of health care organizations on the health of the population in Macedonia.* Medical geography symposium with international participation "Traditions and modernity in medical geography and disaster medicine" Sofia, 25-26.10.2012. (in press).

Во трудот се презентирани условите на здравствената заштита во Република Македонија порано и денес. Констатирани се состојби на несоодветна покриеност на територијата со здравствени институции. Значително е намален бројот на основни здравствени установи за сметка на здравјето на населението. Утврдени се цели региони во државата каде што е многу тешко обезбедувањето со основната здравствена заштита.

17. Ivica Milevski, Olgica Dimitrovska, Blagoja Markoski, **Svemir Gorin (2012).** *Optimal waste landfill site selection as prevention for diseases.* Medical geography symposium with international participation "Traditions and modernity in medical geography and disaster medicine" Sofia, 25-26.10.2012. (in press)

Во трудот е презентирана можноста за примена на географските информациски системи во изборот на најсоодветни локациици за депонии, а сето тоа во контекст на превенција од ширењето на болестите. Притоа наведени се некои поважни критериуми кои треба да се земат во предвид при ГИС - базирана селекција на оптимални локации за депонии.

18. Маркоски Б., Јовановски М., **Горин С.**, Пешевски И. **(2012).** *Методологија за изработка на дигиталната геолошки карти на Република Македонија (размер 1:100000),* Зборник на трудови, посебно издание на Geologica Macedonica, No3, втор конгрес на геолозите на Република Македонија, Македонско геолошко друштво, Крушево.

Овој труд е организиран така што во него се разработени начините и постапките при изработката на ОГК 1:100000 на Република Македонија во смисла на трансфер на аналогните геолошки карти во електронска растерска и векторска форма.

19. Милевски И., Маркоски Б., Јовановски М., **Свемир Г.** (2010): *Примена на ГИС и сателитски снимки во одредување на подрачја под ризик од свлечишта, на примерот на Гевгелиско-Валандовската Котлина.* Зборник од третиот симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија, Струга, 365-376.

Во наведениот труд е извршено одредување на подрачја под ризик од појава на свлечишта на примерот на просторот на Гевгелиско-валандовската Котлина. За таа цел се користени географските информациски системи и далечинската детекција, односно сателитски снимки.

20. B. Apostolovska Toshevska*, B. Markoski, O. Dimitrovska, I. Milevski, **S. Gorin (2012).** *Characteristics of the unemployment in the Republic of Macedonia*, HUMAN GEOGRAPHIES – Journal of Studies and Research in Human Geography 6.1 (2012) 59-65, doi:10.5719/hgeo.2012.61.59

Во трудот се истражувани карактеристиките на невработеноста во Република Македонија, при што се потенцирани разликите на регионално ниво, зависно од демографските и економските карактеристики на регионите.

21. Olgica Dimitrovska, Blagoja Markoski, Biljana Apostolovska Toshevska, Ivica Milevski, **Svemir Gorin, (2012).** *Surface Water Pollution of Major Rivers in the Republic of Macedonia*, Procedia Environmental Sciences, Volume 14, 2012, Pages 32-40, ISSN 1878-0296, 10.1016/j.proenv.2012.03.004.

Во трудот е презентирана состојбата во Република Македонија со загадувањето на најголемите реки. Притоа, нагласени се мерките кои се преземаат за намалување и спречување на загадувањето на водите на поголемите реки.

22. Blagoja Markoski, Biljana Apostolovska-Tosevska, Olgica Dimitrovska, Ivica Milevski, **Svemir Gorin (2012).** *Characteristics of the urban settlements network in The Republic of Macedonia*, Forum geografic. Studii şi cercetări de geografie şi protecţia mediului, Volume XI, Issue 2 December 2012, pp. 155-160 (6), http://dx.doi.org/10.5775/fg.2067-4635.2012.033

Во трудот е анализирана мрежата на урбаните населени места во Република Македонија, нивната територијална разместеност и функционалност. Анализирана е постојната состојба, како и идниот на развојот на градските населби (развојот на постојните и перспективното прераснување на некои од населбите во статус на градски населби).

Учество на научни и стручни собири

Во изминатиот период, д-р Свемир Горин со реферати учествувал на повеќе научно/стручни собири од национален и меѓународен карактер:

1. Medical geography symposium with international participation "Traditions and modernity in medical geography and disaster medicine" Sofia, 25-26.10.2012.
2. 5thInternational Conference on Geographic Information Systems, Fatih University, Istanbul, Turkey.
3. Seventh national congress for medical geography with international participation, Sofia, 27-28. X. 2005.
4. Трет симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија, Струга (усна презентација);
5. IV конгрес на географите на Република Македонија, 7-10.10.2010, Дојран (усна презентација).
6. Научен собир "Пореч низ историјата", Самоков, 5-6.IX.2009 г. (усна презентација).
7. Научен симпозиум „Аспекти на урбанистичкиот развој и современата урбанистичката пракса во Скопје", 5.12.2005, Скопје. (усна презентација).
8. Меѓународен научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", 22-25.10.2009, Охрид, (усна презентација).
9. International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011 (постер презентација).

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од своето вработување, д-р Свемир Горин активно учествува во реализација на државните натпревари по географија за учениците од основно и средно образование.

Во извештајниот период, бил член на уредувачкиот одбор и еден од техничките уредници на Зборникот на трудови од Меѓународниот научен симпозиум "Географијата и одржливиот развој".

Д-р Свемир Горин е член на техничкиот одбор на Зборникот од научниот симпозиум со меѓународно учество "Руралниот простор во новите развојни услови", Охрид, 2006 година и на Меѓународниот научен симпозиум "Географијата и одржливиот развој", Охрид, 2009 година.

Во изминатиот период д-р Свемир Горин е член на разни работни тела и комисии на Институтот за географија и ПМФ. Раководител е на компјутерската лабораторија на Институтот за географија при ПМФ и друго.

Во процесот на секојдневното работење, активно е вклучен во разни активности на Институтот поврзани со наставната, научната, организационата и теренската дејност. Непосредните активности кои ги имал во својата работа во овој изборен период поконкретно се наведени во Анексот бр. 2 во прилог на овој реферат. Соодветно на институцијата, работните задачи ги извршува совесно и целосно, со соодветно воспоставена комуникација со студентите и колегите.

Врз основа на сето наведено слободни сме да го дадеме следниов:

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на целокупната документација се констатира дека д-р Свемир Горин, асистент на Институтот за географија во сферата на наставната дејност солидно и коректно ги извршува наставните обврски, со соодветно воспоставени комуникации со студентите и колегите. Во сферата на научно-истражувачката работа активно и трудољубиво е вклучен во проучувањето на своите потесни дисциплини и придружни технологии, така што, учествувал на повеќе семинари и симпозиуми и објавил повеќе трудови, а исто така учествува во работата на два научноистражувачки проекта. Постојано е активен во различни комисии и активности од редовното работење на Институтот за географија при ПМФ и Македонското географско друштво.

Врз основа на сето наведено, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Стручниот совет на Институтот за географија и Наставно-научниот совет на Природно- математичкиот факултет во Скопје, кандидатот Свемир Горин, доктор на географски науки, **да биде избран во звањето доцент** на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Ивица Милевски, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Свемир Славе Горин**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Природно-математички факултет, Институт за географија**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **географија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на вежби [неделен фонт x работни недели x 0,03] Зимски 2004 *картографија 3 груп. *2 часа* 6 часа *Географски информациски системи* 2 часа *Основи на картографија за екологија* 1 час Летен 2005 *картографија 3 групи *2 часа* 6 часа *регионална географија* 2 часа Зимски 2005 *картографија 3 групи *2 часа* 6 часа *Географски информациски системи* 2 часа *Основи на картографија за екологија* 1 час Летен 2006 *картографија 3 групи *2 часа* 6 часа *регионална географија* 2 часа Зимски 2006 *Теориска картографија 5 групи *2 часа* 10 часа *Географски информациски системи* 2 часа *Основи на картографија за екологија* 1 час Летен 2007 *Применета картографија 5 групи *2 часа* 10 часа *регионална географија* 2 часа Зимски 2007 *Теориска картографија 4 групи *2 часа* 8 часа *Географски информациски системи* 2 часа *Основи на картографија за екологија* 1 час Летен 2008 *Применета картограф.оција 4 групи *2 часа* 8 часа *регионална географија* 2 часа Зимски 2008 *Теориска картографија 4 групи *2 часа* 8 часа *Географски информациски системи* 2 часа *Основи на картографија за екологија* 1 час Летен 2009 *Применета картографија 4 групи *2 часа* 8 часа *Петрографија* 2 часа *Регионална географија* Зимски 2009 12 часа *Картографија 2 групи*6 часа* 2 часа *Географски информациски системи* Летен 2010 *Општа геологија со петрографија 2 групи* 4 часа* 8 часа *Регионална географија* 2 часа Зимски 2010 12 часа *Картографија 2 групи * 6 часа* 2 часа *Географски информациски системи* 2 часа	89,1

	Тематска картографија 1 час *Основи на картографија за екологија* Летен 2011 *Основи на геологија со петрографија 1 група* 6 часа *Регионална географија* 2 часа *Социоекономски основина туризмот* 2 часа *Организирање и изведување на теренски истражувања* 2 часа Зимски 2011 *Картографија I 2 групи * 3 часа* 6 часа *Географски информациски системи* 2 часа *Геоинформатика* 2 часа *Основи на картографија за екологија* Летен 2012 *Картографија II 2 групи * 3 часа* 6 часа *Ерозија на земјиштето* 2 часа *Вовед во географски информациски системи* 2 часа *Туристички информациски системи* 2 часа Зимски 2012 *Картографија I 2 групи * 3 часа* 6 часа *ГИС техники и технологии* 4 часа *Основи на картографија за екологија* 1 час Зимски 2013 *картографија II 2 групи *3 часа* 6 часа *Глобални навигациски сателитски системи* 1 час *Туристички информациски систем 2 групи*2 часа* 4 часа (198 часа * 15 * 0,03 поени)	
2	**Подготовка на нови вежби** 1. *Картографија* (наставна насока) 2. *Географски информациски систем* (наставна насока) 3. *Регионална географија* (наставна насока) 4. *Општа геологија* (наставна насока) 5. *Петрографија* (наставна насока) 6. *Основи на картографија* (биологија-екологија) 7. *Вовед во ГИС* (насока: ГИС) 8. *Геоинформатика* (насока: ГИС) 9. *Ерозија на земјиштето* (насока: ГИС) 10. *ГИС техники и технологии* (насока: ГИС) 11. *Глобални навигациски сателитски системи* (насока: ГИС) 12. *Природно-географски основи на туризмот* (насока: туризам) 13. *Социо-економски основи на туризмот* (насока: туризам) 14. *Туристички информациски системи* (насока: туризам) 15. *Организирање и изведување на теренски истражувања* (нас.: демографија) (15 вежби * 0,5 поени)	7.5
3	**Консултации со студенти** 1. Зимски семестар 2004 138 * 0.003 2. Летен семестар 2005 138 * 0.003 3. Зимски семестар 2005 185 * 0.003 4. Летен семестар 2006 185 * 0.003 5. Зимски семестар 2006 221 * 0.003 6. Летен семестар 2007 221 * 0.003	6,4

	7. Зимски семестар 2007 142 * 0.003 8. Летен семестар 2008 142 * 0.003 9. Зимски семестар 2008 188 * 0.003 10. Летен семестар 2009 188 * 0.003 11. Зимски семестар 2009 144 * 0.003 12. Летен семестар 2010 150 * 0.003 13. Зимски семестар 2010 163 * 0.003 14. Летен семестар 2011 241 * 0.003 15. Зимски семестар 2011 374 * 0.003 16. Летен семестар 2012 160 * 0.003 17. Зимски семестар 2012 57 * 0.003 18. Зимски семестар 2013 171 * 0.003 (3208 * 0,002 поени)	
4	**Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** Период 2004 – 2013 член на комисија во 42 дипломски работи (42 * 0,1 поени)	4,2
5	**Интерна скрипта од предавања** 1. **Милевски И., Горин С. (2013).** *Збирка материјали по предметот Туристички информациски системи*. Интерна скрипта. (коавтор) (1*4 поени)	4
6	**Интерна скрипта од вежби** 1. **Милевски И., Горин С., Станков Е., Јованов М. (2009).** *Прирачник за QGIS*. (за вежбите по ГИС - техники и технологии) (1*3 поени)	3
	Вкупно поени	**114,2**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учесник во национален научен проект** 1. Комплексни географски проучувања на поречијата на Бабуна и Тополка. ПМФ-Институт за географија, 2011-2013. 2. ЕДУБУНТУ, обука на наставници од средните училишта во Република Македонија за Linux базираниот програмски пакет, финансиран од Владата на Република Македонија МОН на РМ, 2009. (2*3поени)	6
2	**Учесник во меѓународен научен проект** 1. Estimation of contemporary (erosional-denudation) geomorphological processes on Ograzden, Malesevo and Vlaina Mountain and their relation with land-use change. Билатерален проект со Бугарија, раководител, МОН на РМ, 2008-2010.	5

	(1*5 поени)	
3	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** 1. **Горин С. (2012)** *ГИС-анализа на распределбата на земјината покривка по хипсометриски појаси во гевгелиско-валандовската котлина.* Годишен зборник на Институтот за географија, кн. 34, Скопје (во печат). 2. **Благоја Маркоски, Свемир Горин (2011).** *Методологија за организација и за уредување на тематски слоеви во дигиталното картографирање, Географски разгледи – Македонско географско друштво (44-45) 35-47 (2011).* 3. **Горин С., Радевски И.** (2008): *Сливот на реката Лакавица хидрографско-хидролошки карактеристики и картографска анализа.* Билтен за физичка географија бр. 5, стр. 101-125, Скопје. 4. **Б. Маркоски, С. Горин (2004):** *Дополнување на содржината на дигиталните карти со помош на ГПС- технологијата,* Географски разгледи, кн. 38-39, Скопје (4+3.6+3.6+3.6=14,8 поени)	14,8
4	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** 1. **Markoski Bl. Dimitrovska O. Milevski. Gorin, S. (2012).** *Impact of the dissemination of health care organizations on the health of the population in Macedonia.* Medical geography symposium with international participation "Traditions and modernity in medical geography and disaster medicine" Sofia, 25-26.10.2012. (in press) 2. **Ivica Milevski, Olgica Dimitrovska, Blagoja Markoski, Svemir Gorin (2012).** *Optimal waste landfill site selection as prevention for diseases.* Medical geography symposium with international participation "Traditions and modernity in medical geography and disaster medicine" Sofia, 25-26.10.2012. (in press) 3. **Маркоски Б., Јовановски М., Горик С., Пешевски И. (2012).** *Методологија за изработка на дигиталната геолошки карти на Република Македонија (размер 1:100000),* Зборник на трудови, посебно издание на Geologica Macedonica, No3, Втор конгрес на геолозите на Република Македонија, Македонско геолошко друштво, Крушево. 4. **Б. Апостололовска-Тошевска, М. Мацевиќ, Б. Маркоски, О. Димиторвска, И. Милевски, С. Горин** (2012): *Дуготрајност незапослености у републици Македонији,* Трећи Конгрес Српских Географа, Зборник радова, Бања Лука, 2011, стр. 581-590. 5. **Милевски И., Маркоски Б., Јовановски М., Свемир Г.** (2010): *Примена на ГИС и сателитски снимки во одредување на подрачја под ризик од свлечишта, на примерот на Гевгелиско-валандовската Котлина.* Зборник од Третиот симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија, Струга, 365-376. 6. **Апостоловска-Тошевска Б., Горин С.** (2010): *Анализа на вработените во индустријата во Република Македонија со помош на ГИС,* Зборник на трудови од IV конгрес на географите на Република Македонија, Дојран, 155-168. 7. **Milevski I., Markoski B., Gorin S., Jovanovski M.** (2009): *Application Of Remote Sensing And Gis In Detection Of Potential Landslide Areas.* Proceedings of the International Symposium	16,6

	Geography and Sustainable Development, Ohrid, 2009, 453-463. 8. **Горин С.** (2009): *Географските информациски системи и одржливиот развој во Република Македонија,* Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум "Географијата и одржливиот развој" 22-25.10.2009, Охрид, 477-482. 9.**Маркоски Б., Талеска М., Горин С. (2009).** *Географската сегашност и иднината на Пореч*е. Научен собир "Пореч*е* низ историјата", Самоков, 5-6.IX.2009 г. 10. **Маркоски Б., Горин С. (2006).** *ГИС во функција на развојот на руралната средина во Република Македонија.* Зборник на трудови од научниот симпозиум со меѓународно учество „Руралниот простор во новите развојни услови" , кн. 2, 30.03-01.04.2006, Охрид. 11. **С. Горин (2005):** *Аероснимките и ортофото картите во урбанистичкиот развој на градовите.* Зборник на трудови од научниот симпозиум „Аспекти на урбанистичкиот развој и современата урбанистичката пракса во Скопје", 5-12-2005, Скопје. 12. **Markoski B., Gorin S. (2005):** *Geographical information systems of health organizations and diseases*, Seventh national congress for medical geography with international participation, Sofia, 27-28. X. 2005. (1,2+1,2+1,2+1,2+1,2+1,8+1,2+2+1,8+2+1,8=16,6 поени)	
5	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** 1. **B. Apostolovska Toshevska*, B. Markoski, O. Dimitrovska, I. Milevski, S. Gorin (2012).** *Characteristics of the unemployment in the Republic of Macedonia*, HUMAN GEOGRAPHIES – Journal of Studies and Research in Human Geography 6.1 (2012) 59-65, doi:10.5719/hgeo.2012.61.59 2. **Olgica Dimitrovska, Blagoja Markoski, Biljana Apostolovska Toshevska, Ivica Milevski, Svemir Gorin, (2012).** *Surface Water Pollution of Major Rivers in the Republic of Macedonia*, Procedia Environmental Sciences, Volume 14, 2012, Pages 32-40, ISSN 1878-0296, 10.1016/j.proenv.2012.03.004. 3. **Blagoja Markoski, Biljana Apostolovska-Tosevska, Olgica Dimitrovska, Ivica Milevski, Svemir Gorin (2012).** *Characteristics of the urban settlements network in The Republic of Macedonia*, Forum geografic. Studii şi cercetări de geografie şi protecţia mediului, Volume XI, Issue 2 December 2012, pp. 155-160 (6), http://dx.doi.org/10.5775/fg.2067-4635.2012.033 (1,8+1,8+1,8=5,4 поени)	5,4
6	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** 1. **B. Markoski, S. Gorin (2008):** *Experiences in Establishing GIS of Educational Institutions in The Republic of Macedonia*, Proceedings, Volume 1, pg. 123-130, 5thInternational Conference on Geographic Information Systems, Fatih University, Istanbul, Turkey. (2,7 поени)	2,7
7	**Секциско предавање на научен/стручен собир** 1. Стручен семинар за наставниците и професорите по географија во	1

	основните и средните училишта. Македонско географско друштво, 16.3.2013 во Скопје. (1 поен)	
8	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** 1. Medical geography symposium with international participation "Traditions and modernity in medical geography and disaster medicine" Sofia, 25-26.10.2012. 2. 5thInternational Conference on Geographic Information Systems, Fatih University, Istanbul, Turkey. 3. Seventh national congress for medical geography with international participation, Sofia, 27-28. X. 2005. (3*2 поени)	6
9	**Учество на научен/стручен собир со реферат** 1. Трет симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија, Струга (усна презентација). 2. IV конгрес на географите на Република Македонија, 7-10.10.2010, Дојран, (усна презентација). 3. Научен собир "Пореч низ историјата", Самоков, 5-6.IX.2009 г. (усна презентација). 4. Научен симпозиум „Аспекти на урбанистичкиот развој и современата урбанистичката пракса во Скопје", 5.12.2005, Скопје. (усна презентација). 5. Меѓународен научен симпозиум "Географијата и одржливиот развој" 22-25.10.2009, Охрид, (усна презентација). 6. International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011 (постер-презентација). (1+1+1+1+1+0,5 поени)	5,5
10	**Апстракти објавени во зборник на конференција – меѓународна** I. Milevski, B. Markoski, S. Gorin, O. Dimitrovska and B. ApostolovskaToshevska, Badlands and earth pyramids in the Republic of Macedonia, Book of Abstracts, International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011, page 16. 4. S. Gorin, B. Markoski, I. Milevski, O. Dimitrovska and B. ApostolovskaToshevska, GIS assessment of the landscape changes in Gevgelisko-Valandovska Basin, Book of Abstracts, International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011, page 129. 5. Milevski I., Markoski B., Jovanovski M., Svemir G. (2010): Landslide Risk Mapping by Remote Sensing and GIS in Gevgelija-Valandovo Basin. Geologica Balcanica, No39, Sofia, BAS, 255 (3*1 поен)	3
	Вкупно поени	**66**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Дизајн или изработка на информациски систем** 1. Изработка на веб-страница на Заводот за картографија и нејзино тековно одржување **2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011** (7*0.5 поени)	3,5
2	**Учество во работата на комисии за државни натпревари** 1. Учество во работа на комисии за државни натпревари по географија во **2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012** година 2. Учество во работа на комисии за регионални натпревари по географија. **2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013** година 3. Член на комисија на натпреварите организирани од Народна техника - **2004, 2005, 2006.** (16*1 поен)	16
3	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** 1. Учество на Саем за високо образование, **2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012** 2. Учество на отворен ден на ПМФ, **2009, 2010, 2011** 3. Изработка на промотивен материјал "Флаер" за насоките *ГИС* и *наставна* на Институтот за географија. (13*0.5 поени)	6,5
4	**Член на факултетска комисија** 1. Заменик-член во Комисија за јавни набавки, **2010** 2. Комисија за расходување и отуѓување на имот, **2009, 2010, 2011** 3. Член на пописна комисија, **2012** (5*0.5 поени)	2,5
5	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** 1. Член на организационен одбор на научниот симпозиум со меѓународно учество *Руралниот простор во новите развојни услови*, Охрид, 2006 година. 2. Член на организациониот одбор на Меѓународниот научен симпозиум "*Географијата и одржливиот развој*", Охрид, 2009 година. 3. Член на организациониот одбор на *IV конгрес на географите на македонија*, Дојран, 2010 година. 4. Член на организациониот одбор на „*Проблеми и перспективи на ридско-планинските подрачја*", Охрид, 2013 година. (4*1 поен)	4
6	**Раководител на лабораторија** 1. Раководител на Компјутерската лабораторија на Институтот за географија, 2012-2013. (1*1 поен)	1

Дејности од поширок интерес		
7	1. Техничко уредување на *Географски разгледи* бр. 38-39, 2004; 2. Техничко уредување на *Географски разгледи* бр. 40, 2005; 3. Техничко уредување на *Географски разгледи* бр. 41-42, 2008; 4. Техничко уредување на *Географски разгледи* бр. 43, 2009; 5. Техничко уредување на *Географски разгледи* бр. 44-45, 2011; 6. Техничко уредување на *Географски разгледи* бр. 46, 2013; 7. Техничко уредување на *Билтен за физичка географија* бр. 5 - 2008 8. Техничко уредување на *Билтен за физичка географија* бр. 6 - 2009 9. Техничко уредување на Зборникот од тркалезната маса *Територијалната организација на општините како основа за идниот развој на Република Македонија* 2004. 10. Техничко уредување на Зборник на апстракти од меѓународниот научен симпозиум *Руралниот простор во новите развојни услови*, 30 III-1.IV 2006, Охрид. 11. Техничко уредување на Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум *Руралниот простор во новите развојни услови*, 30 III-1.IV 2006, Охрид, - том 1. 12. Техничко уредување на Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум "*Руралниот простор во новите развојни услови*" 30 III-1.IV 2006, Охрид, - том 2. 13. Техничко уредување на Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум *Географијата и одржливиот развој*, 22-25.10.2009, Охрид. 14. Техничко уредување на Зборник на трудови од *IV конгрес на географите* на Република Македонија, 7-10.10.2010, Дојран. 15. Техничко уредување на *Прирачник за студиски и предметни програми-студии по географија-ектс*, 2006. 16. Компјутерски дизан на корицата на *Прирачник за студиски и предметни програми-студии по географија-ектс*, 2006. 17. Компјутерски дизан на корицата на Зборник на апстракти од меѓународниот научен симпозиум *Руралниот простор во новите развојни услови*, 30 III-1.IV 2006, Охрид. 18. Компјутерски дизан на корицата на Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум *Руралниот простор во новите развојни услови* 30 III-1.IV 2006, Охрид. Том1 и том 2. (18*0.5 поени)	9
	Вкупно поени	**42,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	114,2
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	66
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	-
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	42,5
Вкупно поени	222,7

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Ивица Милевски, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ „ИНТЕРНА МЕДИЦИНА ЗА СТОМАТОЛОЗИ" ОД АВТОРОТ КОЧО ЧАКАЛАРОВСКИ

Наслов	**Интерна медицина за стоматолози**
Автори	**Кочо Чакаларовски**
Студиска програма	Содржините се наменети како основна литература за студентите кои ја слушаат наставата по студиската програма за доктори по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студиската програма за стручни стоматолошки сестри.
Се однесува на предметната програма	**Интерна медицина за стоматолози**
Покриеност на наставниот материјал	Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава.
Семестар	-Доктори по дентална медицина, III година (V семестар) -Стручни стоматолошки сестри, III година (V семестар)
Фонд на часови и ЕКТС-кредити	Интерна медицина за доктори по дентална медицина се слуша со фонд на часови 60+30, со 7 ЕКТС-кредити, интерна медицина за стручни стоматолошки сестри 15+45 со 3 ЕКТС-кредити.
Усогласеност со наставата	Содржината на учебникот е соодветна на наставните програми на студиите за дентална медицина и Високата школа за стручни стоматолошки сестри.
Време и акт на назначување на рецензентите	Со Одлука бр. 09-187 од 7.3. 2013 за одредување рецензенти за учебникот „Интерна медицина за стоматолози" на 3 редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 31.1.2013
Издание	Прво
Ревидирани сегменти од претходно издание	Нема
Исто или слично издание на Факултетот	Нема исто или слично издание за студиската програма за доктори на дентална медицина

Општи податоци за учебникот	Учебник ,,Интерна медицина за стоматолози", А4-формат, 220 страници. Сите поглавја се збогатени со слики, шеми и табели со сликовити илустрации.
Содржина	Поглавје 1. Ревматологија Поглавје 2. Хематологија Поглавје 3. Нефрологија Поглавје 4. Кардиологија Поглавје 5. Заболувања на респираторниот систем Поглавје 6. Заболувања на гастроинтестиналниот тракт Поглавје 7. Ендокринологија Поглавје 8. Симптоми и знаци на акутните интоксикации
Предлози и корекции	Во материјалот нема потреба од корекции во содржината. Исто така не е потребно да се интервенира во смисла на исклучување или вклучување на одредени содржини во конципираната материја.
Категоризација	Учебник
Општа педагошка оцена	Методските единици се напишани на осмислен начин, надополнети со прецизни, јасни, графички и шематски прикази што ја дообјаснува обработената материја. Сублимираното, стручно и разбирливо презентирање на наставните единици, кои се богато илустрирани, го прави материјалот лесно достапен за студентот, со можност за осознавање на значењето на медицинските сознанија како интегрален дел од современата интердисциплинарна стоматологија. Заради сето ова, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од сите посочени студиски програми за додипломска настава.
Заклучок	Ракописот содржи материјал кој по обем и содржина во целост одговара на наставната програма по предметот интерна медицина на студиската програма за дентална медицина при Стоматолошкиот факултет. Обработената материја може да биде солидно дополнување како теоретски така и практично и за студентите на студиските програми за стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Стилот е јасен, јазикот разбирлив, што ја обликува материјата во една целина која е едноставна за усвојување. Според тоа, со задоволство го рецензирав учебникот кој ветува успешно и едноставно изучување на предложената материја на студентите, но исто така ќе им овозможи проширување на знаењата на сите оние кои ќе покажат интерес за оваа проблематика. Од сето погоре изложено, ракописот позитивно го рецензирам и предлагам да биде објавен како учебник ,,Интерна

	медицина за стоматолози" на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Рецензент

Проф. д-р Мирјана Поповска, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ „ИНТЕРНА МЕДИЦИНА ЗА СТОМАТОЛОЗИ ”
ОД АВТОРОТ КОЧО ЧАКАЛАРОВСКИ

Наслов	**Интерна медицина за стоматолози**
Автори	**Кочо Чакаларовски**
Студиска програма	Содржините се наменети како основна литература за студентите кои ја слушаат наставата по студиската програма за доктори по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студиската програма за стручни стоматолошки сестри.
Се однесува на предметната програма	**Интерна медицина за стоматолози**
Покриеност на наставниот материјал	Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава.
Семестар	-Доктори по дентална медицина, III година (V семестар) -Стручни стоматолошки сестри, III година (V семестар)
Фонд на часови и ЕКТС-кредити	Интерна медицина за доктори по дентална медицина се слуша со фонд на часови 60+30, со 7 ЕКТС-кредити, интерна медицина за стручни стоматолошки сестри 15+45 со 3 ЕКТС-кредити.
Усогласеност со наставата	Содржината на учебникот е соодветна на наставните програми на студиите за дентална медицина и Високата школа за стручни стоматолошки сестри.
Време и акт на назначување на рецензентите	Со Одлука бр. 09-1284 од 7.3. 2013 за одредување рецензенти за учебникот „Интерна медицина за стоматолози” на 3-та редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 31.1.2013.
Издание	Прво
Ревидирани сегменти од претходно издание	Нема
Исто или слично издание	Нема исто или слично издание за студиската програма за доктори на дентална медицина.

на Факултетот	
Општи податоци за учебникот	Учебник „Интерна медицина за стоматолози", А4-формат, 220 страници. Сите поглавја се збогатени со слики, шеми и табели со сликовити илустрации.
Содржина	Поглавје 1. Ревматологија Поглавје 2. Хематологија Поглавје 3. Нефрологија Поглавје 4. Кардиологија Поглавје 5. Заболувања на респираторниот систем Поглавје 6. Заболувања на гастроинтестиналниот тракт Поглавје 7. Ендокринологија Поглавје 8. Симптоми и знаци на акутните интоксикации
Предлози и корекции	Во материјалот нема потреба од корекции во содржината. Исто така не е потребно да се интервенира во смисла на исклучување или вклучување на одредени содржини во конципираната материја.
Категоризација	Учебник
Општа педагошка оцена	Методските единици се напишани на осмислен начин, надополнети со прецизни, јасни, графички и шематски прикази што ја дообјаснува обработената материја. Сублимираното, стручно и разбирливо презентирање на наставните единици, кои се богато илустрирани, го прави материјалот лесно достапен за студентот, со можност за осознавање на значењето на медицинските сознанија како интегрален дел од современата интердисциплинарна стоматологија. Заради сето ова, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од сите посочени студиски програми за додипломска настава.
Заклучок	Ракописот содржи материјал кој по обем и содржина во целост одговара на наставната програма по предметот интерна медицина на студиската програма за дентална медицина при Стоматолошкиот факултет. Обработената материја може да биде солидно дополнување како теоретски така и практично и за студентите на студиските програми за стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Стилот е јасен, јазикот разбирлив, што ја обликува материјата во една целина која е едноставна за усвојување. Според тоа, со задоволство го рецензирав учебникот кој ветува успешно и едноставно изучување на предложената материја на студентите, но исто така ќе им овозможи проширување на знаењата на сите оние кои ќе покажат интерес за оваа проблематика. Од сето погоре изложено, ракописот позитивно го рецензирам

	и предлагам да биде објавен како учебник ,,Интерна медицина за стоматолози" на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот ,, Св. Кирил и Методиј " во Скопје.

Рецензент

Проф. д-р Ристо Гроздановски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ „ИНТЕРНА МЕДИЦИНА ЗА СТОМАТОЛОЗИ"
ОД АВТОРОТ КОЧО ЧАКАЛАРОВСКИ

Наслов	**Интерна медицина за стоматолози**
Автори	**Кочо Чакаларовски**
Студиска програма	Содржините се наменети како основна литература за студентите кои ја слушаат наставата по студиската програма за доктори по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студиската програма за стручни стоматолошки сестри.
Се однесува на предметната програма	**Интерна медицина за стоматолози**
Покриеност на наставниот материјал	Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава.
Семестар	-Доктори по дентална медицина, III година (V семестар) -Стручни стоматолошки сестри, III година (V семестар)
Фонд на часови и ЕКТС-кредити	Интерна медицина за доктори по дентална медицина се слуша со фонд на часови 60+30, со 7 ЕКТС-кредити, интерна медицина за стручни стоматолошки сестри 15+45 со 3 ЕКТС-кредити.
Усогласеност со наставата	Содржината на учебникот е соодветна на наставните програми на студиите за дентална медицина и Високата школа за стручни стоматолошки сестри
Време и акт на назначување на рецензентите	Со Одлука бр. 09-1284 од 7.3. 2013 за одредување рецензенти за учебникот „Интерна медицина за стоматолози" на 3-та редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 31.1.2013.
Издание	Прво
Ревидирани сегменти од претходно издание	Нема
Исто или слично издание	Нема исто или слично издание за студиската програма за доктори на дентална медицина.

на Факултетот	
Општи податоци за учебникот	Учебник „Интерна медицина за стоматолози", А4-формат, 220 страници. Сите поглавја се збогатени со слики, шеми и табели со сликовити илустрации.
Содржина	Поглавје 1. Ревматологија Поглавје 2. Хематологија Поглавје 3. Нефрологија Поглавје 4. Кардиологија Поглавје 5. Заболувања на респираторниот систем Поглавје 6. Заболувања на гастроинтестиналниот тракт Поглавје 7. Ендокринологија Поглавје 8. Симптоми и знаци на акутните интоксикации
Предлози и корекции	Во материјалот нема потреба од корекции во содржината. Исто така не е потребно да се интервенира во смисла на исклучување или вклучување на одредени содржини во конципираната материја.
Категоризација	Учебник
Општа педагошка оцена	Методските единици се напишани на осмислен начин, надополнети со прецизни, јасни, графички и шематски прикази што ја дообјаснува обработената материја. Сублимираното, стручно и разбирливо презентирање на наставните единици, кои се богато илустрирани, го прави материјалот лесно достапен за студентот, со можност за осознавање на значењето на медицинските сознанија како интегрален дел од современата интердисциплинарна стоматологија. Заради сето ова, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од сите посочени студиски програми за додипломска настава.
Заклучок	Ракописот содржи материјал кој по обем и содржина во целост одговара на наставната програма по предметот интерна медицина на студиската програма за дентална медицина при Стоматолошкиот факултет. Обработената материја може да биде солидно дополнување како теоретски така и практично и за студентите на студиските програми за стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Стилот е јасен, јазикот разбирлив, што ја обликува материјата во една целина која е едноставна за усвојување. Според тоа, со задоволство го рецензирав учебникот кој ветува успешно и едноставно изучување на предложената материја на студентите, но исто така ќе им овозможи проширување на знаењата на сите оние кои ќе покажат интерес за оваа проблематика. Од сето погоре изложено, ракописот позитивно го рецензирам

	и предлагам да биде објавен како учебник „Интерна медицина за стоматолози" на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј " во Скопје.

Рецензент

Проф. д-р Нинослав Ивановски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ „ИНТЕРНА МЕДИЦИНА ЗА СТОМАТОЛОЗИ" ОД АВТОРОТ КОЧО ЧАКАЛАРОВСКИ

Наслов	**Интерна медицина за стоматолози**
Автори	**Кочо Чакаларовски**
Студиска програма	Содржините се наменети како основна литература за студентите кои ја слушаат наставата по студиската програма за доктори по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студиската програма за стручни стоматолошки сестри.
Се однесува на предметната програма	**Интерна медицина за стоматолози**
Покриеност на наставниот материјал	Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава.
Семестар	-Доктори по дентална медицина, III година (V семестар) -Стручни стоматолошки сестри, III година (V семестар)
Фонд на часови и ЕКТС-кредити	Интерна медицина за доктори по дентална медицина се слуша со фонд на часови 60+30, со 7 ЕКТС-кредити, интерна медицина за стручни стоматолошки сестри 15+45 со 3 ЕКТС-кредити.
Усогласеност со наставата	Содржината на учебникот е соодветна на наставните програми на студиите за дентална медицина и Високата школа за стручни стоматолошки сестри
Време и акт на назначување на рецензентите	Со Одлука бр. 09-1284 од 7.3. 2013 за одредување рецензенти за учебникот „Интерна медицина за стоматолози" на 3-та редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 31.1.2013.
Издание	Прво
Ревидирани сегменти од претходно издание	Нема
Исто или слично издание	Нема исто или слично издание за студиската програма за доктори на дентална медицина.

на факултетот	
Општи податоци за учебникот	Учебник „Интерна медицина за стоматолози", А4-формат, 220 страници. Сите поглавја се збогатени со слики, шеми и табели со сликовити илустрации.
Содржина	Поглавје 1. Ревматологија Поглавје 2. Хематологија Поглавје 3. Нефрологија Поглавје 4. Кардиологија Поглавје 5. Заболувања на респираторниот систем Поглавје 6. Заболувања на гастроинтестиналниот тракт Поглавје 7. Ендокринологија Поглавје 8. Симптоми и знаци на акутните интоксикации
Предлози и корекции	Во материјалот нема потреба од корекции во содржината. Исто така не е потребно да се интервенира во смисла на исклучување или вклучување на одредени содржини во конципираната материја.
Категоризација	Учебник
Општа педагошка оцена	Методските единици се напишани на осмислен начин, надополнети со прецизни, јасни, графички и шематски прикази што ја дообјаснува обработената материја. Сублимираното, стручно и разбирливо презентирање на наставните единици, кои се богато илустрирани, го прави материјалот лесно достапен за студентот, со можност за осознавање на значењето на медицинските сознанија како интегрален дел од современата интердисциплинарна стоматологија. Заради сето ова, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од сите посочени студиски програми за додипломска настава.
Заклучок	Ракописот содржи материјал кој по обем и содржина во целост одговара на наставната програма по предметот интерна медицина на студиската програма за дентална медицина при Стоматолошкиот факултет. Обработената материја може да биде солидно дополнување како теоретски така и практично и за студентите на студиските програми за стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Стилот е јасен, јазикот разбирлив, што ја обликува материјата во една целина која е едноставна за усвојување. Според тоа, со задоволство го рецензирав учебникот кој ветува успешно и едноставно изучување на предложената материја на студентите, но исто така ќе им овозможи проширување на знаењата на сите оние кои ќе покажат интерес за оваа проблематика. Од сето погоре изложено, ракописот позитивно го рецензирам

	и предлагам да биде објавен како учебник „Интерна медицина за стоматолози" на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј " во Скопје.

Рецензент

Проф. д-р Љубе Глигоровски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА ТЕХНИКИТЕ НА АЛВЕОЛАРНОТО ПРОДУВУВАЊЕ ВРЗ ГАСНАТА РАЗМЕНА КАЈ ПАЦИЕНТИ НА МЕХАНИЧКА ВЕНТИЛАЦИЈА" ОД Д-Р ТАТЈАНА ТРОЈИЌ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование(Службен весник на Република Македонија број 35-2008, 103-2008,26-2009,83-2009, 99-2099, 115-10,17-11 и 51-11) и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.129-09 и 188-2011), Наставно-научниот совет, на својата XVI редовна седница одржана на 11. 4. 2013 година, а по предлог на Научниот одбор донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на д-р Татјана Тројиќ со наслов „Влијание на техниките на алвеоларното продувување врз гасната размена кај пациенти на механичка вентилација", во состав: проф. д-р Зорка Николова –Тодорова, проф. д-р Трајанка Трајковска и проф. д-р Љубе Глигоровски. По деталната анализа на поднесената докторска дисертација, Комисијата го поднесува следниов

Извештај

Поднесената докторската дисертација под наслов „Влијание на техниките на алвеоларното продувување врз гасната размена кај пациенти на механичка вентилација" се состои од вообичаените делови: вовед, мотив и стручна оправданост за изработка на докторската дисертација, цели на испитувањето, материјали и методи, статистичка анализа , резултати, дискусија, заклучоци и литература.

Во **воведниот дел** , докторската студија вклучува повеќе аспекти и сознанија од досегашната литература во врска со акутната повреда на белите дробови (АЛИ) и акутниот респираторен дистрес синдром (АРДС). Воведот содржи повеќе поглавја, почнувајќи со дефиниции за болеста, разликите помеѓу акутната повреда на белите дробови и акутниот респираторен дистрес синром, стадиумите и формите на болеста. Детално се опишани критериумите по кои се разликуваат акутната повреда на белите дробови и акутниот респираторен дистрес-синдром. Според Американско-европската консензус-конференција (АЕСС) за АРДС, акутната повреда на белите дробови (АЛИ) и акутниот респираторен дистрес-синдром(АРДС) се

разликуваат по P/F индексот. P/F индекс претставува сообносот на парцијалниот притисок на кислородот во артериската крв (PaO_2) и фракцијата на кислородот во инспирираниот воздух(FiO_2). Критериуми за акутна повреда на белите дробови (АЛИ) се: P/F индексот помал од 40 килопаскали (PaO_2/FiO_2<40 kPa), билатерални инфилтрации на рендгенската слика на белите дробови и белодробниот артериски оклузивен притисок помал од 2,4 килопаскали (PAOP ≤2,4 kPa), во отсуство на клинички знаци за постоење на преткоморна хипертензија. Критериуми за АРДС се: P/F индексот помал од 26,7 килопаскали (PaO_2/FiO_2<26,7 kPa), билатерални инфилтрации на рендгенската слика на белите дробови , белодробен артериски оклузивен притисок помал од 2,4 килопаскали (PAOP ≤2,4 kPa) и отсуство на клинички знаци за постоење на преткоморна хипертензија.

Во оваа докторска дисертација се истакнати и новите современи трендови во дефинирањето на АРДС, кај кои повеќе се истакнува корелацијата меѓу тежината на болеста и морталитетот . Се отфрла поделбата на акутна повреда на белите дробови (АЛИ) и акутен респираторен дистрес-синдром (АРДС), која е направена според P/F индексот. Се предлага да P/F индексот ја одредува тежината и формата на болеста. Детално се опишани клиничките карактеристики на двете форми на АРДС: примарниот и секундарниот АРДС , назначени се тригерирачките супстанции кои ги иницираат патофизиолошките промени на белите дробови кои настануваат при акутна повреда на белите дробови (АЛИ) и акутниот респираторен дистрес-синдром (АРДС). Даден е посебен акцент на промените на гасните анализи и ацидобазниот статус при овие два клинички ентитета. Хипооксијата, ниската периферна и артериска сатурација, хиперкапнијата како и нивните ефекти врз организмот се детално објаснети со посебен осврт на механичката вентилација како еден од начините за третирање на акутната повредна на белите дробови и акутниот респираторен дистрес синдром. Опишани се протективните вентилации кои се применуваат за спречување на појава на вентилционо асоцираните повреди на белите дробови. Нагласена е двојната улога на маневрите на алвеоларното продувување , како во превенција така и во лекување на пациентите со АЛИ/АРДС. Детално и хронолошки се опишани техниките на алвеоларно продувување од нивните почетоци до денес , од поставката на Лајхман " *Open the lung keep the lung open and keep the lung open",* до денешните современи техники на алвеоларно продувување. Нагласено е дека алвеоларното продувување води до подобрување на оксигенацијата, зголемувањето на сатурацијата на крвта и влијае на хиперканијата. Даден е осврт на влијанието на пермисивната хиперкапнија врз белите дробови, централниот нервен систем и кардиоваскуларниот систем. Прикажано е влијанието на маневрите на алвеоларното продувување врз хемодинамските параметри. Опишани се хемодинамските промени кои настануваат за време и по маневрите на алвеоларното продувување, нивното влијание на пулсот, средниот артериски притсок, и е даден подетален осврт на влијанието на маневрите на алвеоларно продувување на притисочното оптоварување на десната комора и феноменот на т.н. парадокс на обратен пулс. Детално е опишано и влијанието на позитивниот притисок на крајот на експириумот (PEEP -от), врз работата на десната комора и нејзиното притисочно оптоварување. Во

детализниот опис на маневрите на алвеоларно продувување нагласени се и компонентите на респираторните перформанси кои се следат. Точно се дефинирани притисоците кои се следат за време на маневрите на алвеоларно продувување како што се:
(позитивниот ендекспираторен притисок-PEEP, позитивниот инспиратоторен притисок во дишните патишта (PIP) , плато притисокот –p plat, највисокиот притисок во дишните патишта-peak airway pressure). Опишани се и влијанието на маневрите на алвеоларно продувување врз статичната и динамичната комплијанса, детално е опишана улогата на волумен/притисок кривата и улогата на долната точка на надувување- LIP и горната точка на надувување- UIP, како маркери во чии рамки се одвиваат маневрите на алвеоларно продувување.

Како што самата дефиниција на акутната повреда на белите дробови (АЛИ) и акутниот респираторен дистрес синдром (АРДС) ги содржи промените на белите дробови кои се гледаат на рендгенската слика, во дисертацијата е акцентирана потребата за правилна евалуација на ефектите на алвеоларното продувување со рендгенска слика и компјутеризирана томографија на белите дробови, како објективна метода за следење на пациентите со АЛИ/АРДС.

Мотивот на оваа студија е да се испита влијанието на две различни техники на продувување на алвеолите врз гасната размена кај пациенти со знаци за АЛИ и АРДС. Мотивот на ова истражување произлегува од потребата да се најде сигурна техника за аерација на колабираните алвеоли кај пациентите со АЛИ /АРДС.

Цели на оваа студија е да се утврди:

1. Влијанието на маневрите на алвеоларно продувување врз односот на парцијалниот притисок на кислородот и фракцијата на кислородот во инспирираниот воздух (PaO_2/FiO_2), т.е. P/F индексот.

2. Дали примената на алвеоларното продувување има непосредно влијание врз периферната сатурација на крвта (SpO_2).

3. Влијанието на алвеоларното продувување врз гасните анализи и ацидобазниот статус.

4. Дали алвеоларното продувување има влијание врз содржината на кислород во венската крв на внатрешната југуларна вена ($SjVO_2$).

5. Дали алвеоларното продувување на белите дробови има влијание на подобрување на состојбата на белите дробови верифицирана преку рендгенграфијата (RTG) и компјутерската томографија (CT) на белите дробови.

6. Влијанието на алвеоларното продувување на хемодинамските параметри кај пациентите со АЛИ и АРДС.

Докторската дисертација е дизајнирана како проспективна, контролирана, рандомизирана студија, која е изведена во Единицата за интензивно лекување на Универзитетската клиника за хируршки

болести „Св. Наум Охридски " во Скопје, во периодот од август 2009 до декември 2011 година. Во неа се вклучени 60 пациенти со знаци за АЛИ/АРДС според критериумите на Американско-европската консензус конференција. Критериуми за исклучување од оваа студија се пациенти под 18 години, пациенти со знаци за претходна пулмонална инсуфициенција поради хронична опструктивна пулмонална болест COPD , астма, рестриктивна респираторна инсуфициенција, пациенти со бронхоплаеурална фистула, пациенти со знаци за интракранијална хипертензија, пациенти со животно загрозувачка хемодинамски нестабилност која трае и покрај тоа што е дадена соодветна инотропна поддршка .

Пациентите се поделени во две групи од по 30 испитаници, во зависност од типот на алвеоларното продувување кое е аплицирано.

Првата група ја сочинуваат пациенти кај кои алвеоларното продувување се врши со континуриан позитивен притисок во дишните патишта -CPAP од 35 центиметри воден столб (cm H_2O) во траење од 35 секунди. Втората група ја сочинуваа пациенти кај кои алвеоларното продувување се врши со продолжена воздишка (e. sigh) . Продолжена воздишка е позитивниот ендекспираторен притисок (PEEP) од 10 cm H_2O над долната точка на надувување(LIP) во траење од 15 минути, додека пациентот е на волумен контролирана вентилација.

Кандидатката дава јасен и детален увид во протоколот на работа. Кај испитаниците во двете групи се анализирани клинички параметри во три мерни времиња. T1 - пред почетокот на маневрите на алвеоларно продувување, T2 пет минути по маневрите на алвеоларно продувување и T3 шеесет минути по маневрите на алвеоларно продувување.

Во оваа студија се следат: 1. хемодинамскиот статус на пациентите (срцева фреквенција, периферна пулсоксиметрија, ЕКГ запис, среден артериски притисок (MAP) и централен венски притисок -ЦВП), 2. ацидобазен статус и гасни анализи, 3.респираторните параметри - дишниот волумен(TV) , бројот на респирации во минута , позитивниот инспираторен притисок(P insp), позитивниот ендекспираторен притисок (PEEP), највисокиот притисок во дишните патишта (peak airway pressure), притисок на плато (p plat), притисок /волумен крива на која се наоѓаа долната точка на надувување (LIP) и горната точка на надувување (UIP), комплијансата на респиратониот систем(C st) 4. рендгенграфија на бели дробови и торакална компјутеризирана томографска скен процедура (CT scan) на белите дробови - пред почеток на испитувањето за поставување на дијагноза и на крај на испитувањето - за да се утврди и компарира степенот на успешноста на двата типа на маневри на алвеоларно продувување.

Статистичката анализа е изработена во статистички програми:СТАТИСТИКА 7.1СПСС13.

Атрибутивните статистички серии се анализирани со одредување на коефициент на односи, пропорции, стапки и со утврдување на статистичката значајност меѓу откриените разлики. Нумеричките серии се анализирани со мерки на централна тенденција и со мерки на дисперзија на податоците. Кај нумеричките серии кај кои не постои одстапување од нормалната дистрибуција, сигнификантноста на разликите се тестира со Student-ov t - test (t). Кај оние кај кои постои отстапување од нормалната дистрибуција, сигнификантноста на

разликата меѓу две нумерички варијабли се тестира со Mann-Whitney U test . Статистичката сигнификантност на разликите меѓу повеќе од три нумерички варијабли се анализирани со ANOVA test, кој е потврден со post hoc test- Tukey honest significant difference (HSD) test. За CI (confindence interval 95% CI) е дефинирана статистичка значајност на ниво на грешка помала од 0.05 (p);

Резултатите се таблетарно и графички прикажани.

Кај хемодинамските карактеристики е утврдено дека не постојат разлики во срцевата фреквенција, средниот артериски притисок во сите три мерни точки кај двете групи. Кај респираторните механизми е најдено дека највисока вредност на комплијансата се добива за време на маневрите на алвеоларното продувување во двете групи. Подобрувањето на комплијансата на белите дробови е поголемо кај втората група (е. Sigh) отколку во првата група (CPAP). P/F индекс (PaO_2/FiO_2): постои подобрување на P/F индексот (парцијалниот притисок на кислородот во артериската крв - PaO_2 и фракцијата на кислород во инспирираниот воздух - FiO_2 т.е. PaO_2/FiO_2) пет минути и шеесет минути по алвеоларното продувување(T2 и T3). Вториот тип на алвеоларно продувување (е. sigh) има сигнификантно поголемо подобрување на P/F индексот, во однос на првиот тип на алвеоларно продувување (CPAP). Двата типа на алвеоларно продувување ја подобруваат периферната сатурација(SpO_2), но не постои сигнификантна разлика во однос на периферната сатурација по алвеоларните продувувања меѓу двете групи. Двата типа на алвеоларно продувување го подобруваат парцијалниот притисок на кислородот во артериската крв (PaO_2) пет минути и еден час по алвеоларното продувување во (T2 и T3). Пет минути по алвеоларното продувување (T2) не постои статистички сигнификантна разлика во однос на парцијалниот притисок на кислородот во артериската крв меѓу двете групи, но еден час по алвеоларното продувување кај втората група (е. sigh) постсеја сигнификантно подобри резултати во однос на првата група (CPAP).

Ниту еден тип алвеоларно продувување нема статистички докажан ефект врз парцијалниот притисок на јаглеродниот двооксид($PaCO_2$). Иако влијанието на алвеоларното продувување врз парцијалниот притисок на кислород во венска крв од внатрешната југуларна вена($SjvO_2$) не е статистички сигнификантно кај двата типа на алвеоларно продувување, сепак, кај втората група на алвеоларно продувување (е. sigh) постојат статистички сигнификантно подобри резултати. Двата типа на алвеоларно продувување даваат подобрување на сатурацијата на артериската крв со кислород ($Sat.O_2$) како пет минути, така и шеесет минути по алвеоларното продувување (T2 и T3). При споредба на резултатите помеѓу двете групи најдено е дека не постојат статистички сигнификантни разлики во резултатите. Рендгенграфија на бели дробови (RTG): Има подобрување во рендгенолошкиот наод во двете групи по маневрите на алвеоларно продувување но повеќе во во втората група (е. sigh).

Компјутеризирана томографија (C.T.Scan): Во првата група (CPAP-PM), 8 пациенти се со фокални промени на белите дробови и 22 пациенти со дифузни промени. Во втората група (е. sigh-PM), 29 пациенти се со дифузни промени на белите дробови и 1 пациент со фокални промени. Забележано е дека маневрите на алвеоларно продувување даваат

подобар ефект кај пациентите со дифузни промени на белите дробови, и тоа 96,7% кај втората група (e. sigh) и 73,3% во првата група (CPAP). Во дискусијата е дадена опсежна анализа и компарација на резултатите добиени во оваа студија, со современите ставови и актуелности во областа на третирање на акутната повреда на белите дробови и акутниот респираторен дистрес-синдром со маневрите на алвеоларно продувување. Даден е ревијален приказ на актуелностите од оваа област. Интегрирањето на клиничките резултати добиени од оваа студија во секојдневната практика, би можело да доведе до поставување на основни стратегии за третирање на болните со АЛИ/АРДС во единиците за интензивно лекување. Сè почестата употреба на маневрите на алвеоларно продувување, не само во единиците за интензивно лекување туку и во операционите сали, укажува на неопходноста од правење на правилна стратегија за нивна соодветна и селективна примена во текот на секојдневната практика.

Врз основа на добиените резултати донесени се следниве **заклучоци:**

Маневрите на алвеоларно продувување водат до подобрување на односот P/F индексот (PaO_2/FiO_2). Алвеоларното продувување со продолжена воздишка(e.sigh) има подобар ефект на P /F индексот во споредба со алвеоларното продувување со CPAP (континуиран позитивен притисок во дишните патишта). По маневрите на алвеоларно продувањње настанува подобрување на периферната сатурација SpO_2 на крвта и сатурацијата Sat O_2 со кислород во артриската крв. И давата маневра на алвеоларно продувување, даваат подобрување на периферната сатурација и сатурацијата на артериската крв со кислород. Не постои сигнификантана разлика во подобрување на периферната сатурација и сатурацијата на артериската крв со кислород помеѓу двата типа на алвеларно продувување. Маневрите на алвеоларно продувување водат до подобрување на гасните анализи на крвта. Не постои статистички сигнификантна разлики во гасните анализи меѓу двата типа на маневри на алвеоларно продувување во T2 (пет минути по алвеоларното продувување). Но еден час по алвеоларното продувување, резултатите од гасните анализи се подобри кај пациентите од втората група. По маневрите на алвеоларно продувување, не настанува сигнификантно подобрување во содржината на кислород во венската крв во внатрешната југуларна вена ($SjVO_2$), но сепак се утврди дека вториот тип на алвеоларно продувување (e. sigh алвеларното продувување) повеќе го зголемува парцијалниот притисок на кислородот во југуларната вена. Со рендгенските слики на белите дробови (Rtg) и компјутеризирана томографија на белите дробови (CT- скен на бели дробови) се потврди дека постои подобрување на состојбата на белите дробови по двата типа на маневри, но сепак резултатите се подобри во втората група на алвеоларно продувување. Маневрите на алвеоларно продувување имаат поголемо влијание при состојби на АРДС кај кои има дифузни промени на белите дробови, отколку кај АРДС кај кој се гледаат фокални промени. Кај хемодинамските промени не е најдена статистички сигнификантна разлика во срцевата фреквенција и средниот артериски притисок пред алвеоларните продувувања и по алвеоларното продувување. CPAP-алвеоларното продувување има поголемо влијание врз срцевата фреквенција и средниот артериски притисок.

Литературата која е користена за изработка на дисертацијата е современа и е цитирана во 120 референци.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација под наслов „Влијание на техниките на алвеоларното продувување врз гасната размена кај пациенти на механичка вентилација" претставува актуелен труд од областа на интензивното лекување, со кој јасно се дефинираат бенефитите од алвеоларното продувување со продолжена воздишка, како една од стратегиите за третирање на пациенти со акутна повреда на белите дробови и акутен респираторен дистрес - синдром. Со оваа студија се докажа дека маневрите на алвеоларно продувување со продолжена воздишка(e. sigh) имаат поголемо влијание во подобрување на оксигенацијата во артериската крв отколку маневрите на алвеоларно продувување со континуиран позитивен притисок во дишните патишта (CPAP). Повторувачките e. sigh маневри на алвеоларно продувување се есенцијални за третирање на пациентите со АРДС. Тие ги отвораат колабираните алвеоли и ја подобруваат аерацијата на белите дробови, што е докажано со рендгенските слики и компјутеризираната томографија, како објективни методи за верификација на состојбата на белите дробови.
Имајќи го в предвид горенаведеното, Рецензентската комисија има за чест да му предложи на Наставно-научниот совет да ја продолжи процедурата за одбрана на овој докторски труд.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Зорка Николова – Тодорова, ср

Проф. д-р Трајанка Трајковска, ср

Проф. д-р Љубе Глигоровски, ср

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„АДАПТИВНИ И СОЦИЈАЛНИ САМОСТРУКТУРИРАЧКИ СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА НИЗ ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ“

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВАНГЕЛ АЈАНОВСКИ,
ПОДНЕСЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Со одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје бр. 02-555/1 од 25.4.2013 година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство одржана на 25.4.2013 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд под наслов АДАПТИВНИ И СОЦИЈАЛНИ САМОСТРУКТУРИРАЧКИ СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА НИЗ ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ, изработен од кандидатот м-р Вангел Ајановски, магистер на информатички науки.

Комисијата во состав: д-р Катерина Здравкова (претседател), редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, д-р Маргита Кон-Поповска (ментор), редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, д-р Марјан Гушев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, д-р Димитар Трајанов, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и д-р Горан Велинов, доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, по прегледот на доставениот научен труд има чест до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, да го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд под наслов АДАПТИВНИ И СОЦИЈАЛНИ САМОСТРУКТУРИРАЧКИ СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА НИЗ ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ е напишан на 130 страници и 12 страници додатоци со новинарски проред и содржи вкупно 31 слика и 4 табели. Трудот се состои од следниве поглавја: „Вовед“ (10 страници), „За научното подрачје“ (20 страници), „Нов интегриран модел“ (16 страници), „Примена и прототип имплементација“ (73 страници), „Заклучоци, придонеси и идна работа“ (10 страници), два додатоци (на вкупно 12 страници), како и список на слики, табели и референци (вкупно 7 страници со вкупно 66 библиографски единици од кои на 8 автор е кандидатот).

Научна област на трудот

Докторскиот труд на кандидатот м-р Вангел Ајановски обработува материја од главната област информациски системи, во подобластите информациски посредници и презентација на информации, со фокус кон теоријата и архитектурите на системите за навигација низ хипертекстот. Дополнително, докторскиот труд обработува и материја од областа на софтверското инженерство на самоадаптивните системи и нивната примена во системите за навигација. Главниот истражувачки интерес на авторот во овој труд е всушност конвергенцијата на концептите на социјална навигација и самоадаптивност и нивната примена во вид на интегрирани решенија за унапредувањето на образовните и организациските процеси во универзитетската средина.

Социјалната навигација е термин воведен од Дуриш и Чалмерс во 1994 година и се однесува на системите за навигација низ информациските простори во кои се вметнуваат елементи од директна или индиректна интеракција на корисниците со системот со цел на секој корисник да му се дадат подобри насоки кон бараната локација. Во ваквите системи, изборот на насока на движење на еден корисник е последица на активностите и интеракциите на другите корисници во минатото, како и на истовремените корисници во системот.

Самоадаптивноста кај софтверските системи се однесува на способноста на системот да ги надгледува сопствените операции, да открива грешки и да препознава можности за самостојно да се поправа и / или подобрува. Адаптацијата може да се однесува на различни аспекти и функционалности на системот, а од најголем интерес во овој докторски труд е самоадаптацијата во смисла на самоорганизација на навигацискиот систем и самоконтрола на успешноста на работните процеси.

Примарната цел поставена на почетокот на овој докторски труд е поставувањето нов модел на систем за навигација низ содржините на јавен информациски систем базиран на социјални фактори, а со цел поедноставено да се дојде до релевантните информации. Притоа, како дел од оваа цел е барањето за способност за самоорганизирање и самоструктурирање на системот врз база на постојано следење на барањата од корисниците.

Секундардната цел е дизајн - базираното истражување засновано на пример-имплементација на формираниот модел во една специјална средина. Развиената прототип имплементација има цел да ја докаже изведливоста и применливоста на моделот. Како конкретна проблематика која е предмет на ова истражување се административните процеси во универзитетската средина поврзани со организацијата на наставата.

Приказ на докторскиот труд

Првата глава под наслов „Вовед" е воведна; материјалот во неа е презентиран на 10 страници. Оваа глава е поделена на два дела, во првиот се разгледува состојбата со можностите за ефикасно пронаоѓање информации на Интернет-мрежата и проблемите со кои се соочува денешнината – нарушувањата на приватноста и постојаното и сè поизразено претворање на машините за пребарување во машини за рекламирање, препорачување, а донекаде и цензурирање. Како идеја која се поставува во насока на подобри решенија е сè поголемото користење на социјално - базираните системи на знаење каде масата луѓе го реорганизира, дефинира и пласира знаењето. Во второто поглавје се разгледува самиот приод земен со докторскиот труд, се разгледува основната идеја и целите во областа на социјално - базираните и самоадаптивни навигациски системи и методологијата користена при истражувањето. На крајот од оваа глава е даден краток преглед на структурата на трудот.

Втората глава е под наслов „За научното подрачје"; материјалот во неа е презентиран на 20 страници и содржи 3 слики. Се разгледуваат двете подрачја на работа на дисертацијата – социјалната навигација и самоадаптивните системи. Направена е анализа на најважните трудови од секое подрачје, а особено во контекст на применливоста на резултатите од овие трудови во денешни услови и во условите на модел кој ги обединува двата концепти.

Третата глава е под наслов „Нов интегриран модел"; материјалот во неа е презентиран на 16 страници, содржи 6 слики и 1 табела. Во оваа глава е претставен нов модел на интегриран систем за навигација базиран на социјална интеракција, со елементи на самоадаптивност од аспект на самоорганизација и самоконтрола. Овој модел е формиран преку интеграција на два модели од областите на социјална навигација и самоадаптивни системи. Првиот разгледан модел ја дефинира социјалната навигација на ниво на ментална слика кај посетителите и на ниво на процес на размислување и комуникација со останатите агенти и посетители во процесот во кој низ една повратна спрега се расчистуваат деталите околу целите на навигацијата и патеките по кои треба да се упати корисникот. Вториот разгледан модел е концептуалниот модел на самоадаптивен софтверски систем способен за самоконтрола и самоорганизација, на база на контролна повратна спрега. Финално во оваа глава се презентира интеграцијата на двата модела.

Четвртата глава е под наслов „Примена и прототип имплементација"; материјалот во неа е презентиран на 73 страници, содржи 13 слики и 3 табели. Во оваа глава се покажува примената на новиот модел во пракса и се објаснети насоките кои треба да се користат при дизајнирањето на систем на база на ваквиот модел. Се работи за имплементација на модул кој е дел од обемен информациски систем наменет за справувањето со потребите за организација на наставните процеси во една универзитетска средина, а особено процесите кои се однесуваат на запишувањето на студентите на предмети и формирањето распореди на часови. Системот кој е реализиран од авторот има цел да ги води студентите кон правење на подобри избори на студиски програми, подобри избори на предмети и со

тоа насочување кон нивните најрелевантни интереси, како и следење на успехот на ниво на генерација и поединечно. Авторот дефинира интегрирана постапка за избор на предметите, упис на семестар и формирање распоред – која опфаќа и академски, но и административни надлежности, со крајна цел да се обезбеди процес со помалку грешки, конфликти и проблеми. Натаму, авторот извел прототип имплементација на претходно дискутираниот обопштен модел на интегриран самоадаптивен контролен систем за социјална навигација и го применува во рамките на системот за уписи и изработка на распореди.

Петтата глава е под наслов „Заклучоци и идни истражувања"; материјалот во неа е презентиран на 10 страници. Во оваа глава, накратко се претставени главните придонеси од докторскиот труд – заклучоците од анализата на трудовите од областа, изработениот обопштен модел и дизајн анализата изведена преку изградбата на прототип имплементацијата на обопштениот модел. Врз основа на овие резултати, авторот потоа дискутира неколку насоки на идните истражувања – заштита на приватноста, безбедноста (особено кај системи со слаба автентикација) и моделирањето кон личниот пристап и фокусот кон личноста во социјалната навигација.

На крајот на трудот се поместени 2 додатока на вкупно 12 страници и 8 слики. Во првиот додаток се дискутира за историјатот, потребите и процесот на развој на информацискиот систем врз кој е изведена прототип имплементацијата опишана во глава 4. Во вториот додаток се прикажани UML-дијаграми кои подетално ги претставуваат имплементациските детали на прототип-имплементацијата.

Научен придонес

Предложената докторска дисертација претставува оригинален авторски труд на концептуално моделирање на систем за навигација во јавните информациски системи, кој овозможува социјална навигација и интеракција (поширока област на информациските системи) со интегрирана самоадаптивна контрола (област на софтверското инженерство). Примената и потврдата на моделот авторот ја реализирал во оригиналниот приод во вид на прототип на интегрирани решенија за унапредувањето на образовните и организациските процеси во универзитетската средина. Во продолжение се дадени главните придонеси на авторот во наведените области:

- Извршена е анализа (глава 2) на истражувањата на повеќе групи автори од областите на социјалната навигација и самоадаптивните системи во последните дваесетина години. Заклучокот е дека сосема мал број истражувања се во насока на генералната слика и опишување на процесите на социјална навигација во општа форма / модел при што во истражувањата за адаптивност најчесто се подразбираат системи кои го прилагодуваат изгледот или резултатите врз основа на идентитетот на посетителот. Поспецифично, за социјална навигација повеќето истражувања се насочени или кон воведувањето техники за подобрување на функционалностите на постојни веб-локации или системи за препорачување и прогнозирање на интересите на корисниците од аспект на интересни содржини, производи или патеки до содржини – преку директно оценување или преку индиректни показатели. Во однос на самоадаптивните системи постојат релативно мал број разгледувања на однесувањата на системи кои ја менуваат структурата на содржините, претежно околу оптималноста на организацијата на содржините и примената на концептот на самоорганизирачки мапи. Нема истражувања за интеграција на социјална навигација и самоадаптивни системи на повисоко ниво – општиот аспект од интерес на истражување на авторот.

- Резултатите од претходната анализа се искористени за развој на нов концептуален модел на навигациски систем за употреба во јавни информациски системи (од трансакциско ниво до ниво на портали и бази на знаење), кој овозможува социјална интеракција и воопшто социјална навигација, со елементи на самоадаптивност од аспект на самоорганизација и самоконтрола. Овој модел е формиран преку интеграција на два модела од областите на социјалната навигација и самоадаптивните системи. Моделот на социјалната навигација е дефиниран како навигација на ниво на ментална слика кај посетителите и на ниво на процес на размислување и комуникација со останатите агенти и посетители во процесот во кој низ една повратна спрега се расчистуваат деталите околу целите на навигацијата и патеките по кои треба да се упати корисникот. При дефиниција на моделот како почетна основа се комбинирани неколку суштински концепти на соци-

јалната навигација истражувани од авторите Спенс, Ридл и Дибергер, проширени од авторот во една обопштена навигациска структура во која може да се следи секоја измена на структурата во секој момент и потоа да се направи пресликување на интеракциите на корисниците, секој во различни моменти. Со тоа е овозможено следење на причините и последиците во шемите на однесување на корисниците пред и по секој вид промена на навигациската структура. Овој концепт понатаму е интегриран со моделот за самоадаптација со повратна спрега за контрола, следење, дијагностика, одлучување и преземање мерки во врска со функциите на системот за социјална навигација, а особено настанатите проблеми. Опфатената контролна структура ги евидентира сите настани во системот со повратен механизам кој овозможува системот самиот да го менува однесувањето во случај на препознаени симптоми. Системот може да функционира комплетно динамички, воден од содржините и потребите на корисниците, а притоа да овозможува целосно следење на функционирањето преку континуиран процес на самоподобрување.

- Доказ за концептите на новиот модел е добиен со изградба на модел на јавен информациски систем од областа на секојдневното работење и администрација на студиските процеси во рамките на една универзитетска средина. Богатото искуство на авторот (реферирано подолу), како и извршените анализи покажуваат дека основните процеси за организирање на наставата не може да продолжат да се одвиваат рачно и со ист вид организација која функционирала и пред повеќе години, а притоа да се задржи квалитетот. Концептуалниот модел претставува нов интегриран, социјално воден процес, кој може самиот да се следи, организира и, секако, самиот да се контролира. Процесот овозможува подобра насоченост кон личните афинитети за знаења на секој поединец и процес кој самостојно води во насока на елиминирање на бројните конфликти во организацијата на наставата, кој има цел да резултира со подобрување на општиот успех на студентите.

- Реализиран е прототип кој опфаќа елементи на запишувањето на студентите на предмети и формирањето на распореди на часови. Системот има цел да ги води студентите кон правење на подобри избори на студиски програми, подобри избори на предмети и со тоа насочување кон нивните најрелевантни интереси, како и следење на успехот на ниво на генерација и поединечно. Авторот дефинира интегрирана постапка за избор на предмети, упис на семестар и формирање распоред – која опфаќа и академски, но и административни надлежности, со крајна цел да се обезбеди процес со помалку конфликти и проблеми.

Резултатите од истражувањата дадени во дисертацијата се потврдени и пред домашната и меѓународната научна јавност. Авторот објавил повеќе трудови од областа на информациските системи во универзитетската средина, софтверското инженерство и електронското учење. Од проблематиката разбработена во докторскиот труд, само во периодот од прифаќањето на темата за изработка на докторскиот труд до поднесувањето (2009-2013), авторот објавил: еден труд во меѓународна периодична публикација [6], еден труд во зборник од меѓународна конференција [5], два труда во зборници од домашни конференции ([1] и [3]) и извршил две презентации на меѓународни работилници ([2] и [4]). Исто така, авторот го презентирал и трудот [7] во рамките на уште една домашна конференција, но зборникот од оваа конференција сè уште не е објавен.

[1] V. V. Ajanovski, "Information System of the Institute of Informatics - IS for Students by the Students," in Proceedings of the 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010), Molika, Bitola, Macedonia, 2010, pp. 129–132.

[2] V. V. Ajanovski, "About a new case study in JCSE: Student Information System", 10th Workshop "Software Engineering Education and Reverse Engineering", Ivanjica, Serbia, September, 2010

[3] V. V. Ajanovski, "Towards a Virtual Academic Adviser," in Proceedings of the 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011), Molika, Bitola, Macedonia, 2011, pp. 146–149.

[4] V. V. Ajanovski, "Software Engineering Self-adaptive Web-based Information Systems – Current Research Topics", Workshop "Software Engineering Education and Reverse Engineering", Opatija, Croatia, September, 2012

[5] V. V. Ajanovski, "Personalized Adaptive System for Term Enrollments Based on Curriculum Recommendations and Student Achievement", in Proceedings of the International Conference Information Systems 2013, Lisbon, Portugal, 2013, pp. 342–346.

[6] V. V. Ajanovski, "Integration of a Course Enrolment and Class Timetable Scheduling in a Student Information System", International Journal of Database Management Systems, vol. 5, no. 1, pp. 85–95, Feb. 2013.

[7] V. V. Ajanovski, "Social-Based Guidance and Self-Adaptivity within Enrollment Processes" - Proceedings of the 10th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013), Molika, Bitola, Macedonia, 2013 – *презентиран на конференцијата, зборникот уште не е објавен.*

Успешниот развој на нов концептуален модел за социјална навигација со саморегулација, а особено имплементацијата и развиениот прототип на решението за академска средина секако е резултат на 20-годишен интерес и стекнато искуство на авторот во областа на информациските системи, со нагласка на системите во образованието насочени на активности за подобрување на управувањето со студиските процеси и студентските сервиси. Низ учество и / или раководење на повеќе различни национални и меѓународни развојни и истражувачки проекти авторот дал забележителен практичен придонес за развој на иновативни информациски системи во академската средина:

1. во периодот 1994-1998 година, како студент на додипломски студии, го разви првиот систем во Македонија за пријавување испити преку Интернет, како дел од проектот за информациски систем на Природно-математичкиот факултет;
2. во периодот 1999-2000 година, како учесник на PHARE-проектот „Национален контакт центар за отворено и далечинско образование на Македонија" ги воспостави првите околини за е-учење на Природно-математичкиот факултет;
3. во периодот 2000-2001 година, работел на развој на информациски портал на факултетот како обединета рамка за сите студентски сервиси, како дел од активностите на TEMPUS-проектот "Distributed Information Technologies, New Curricula And Flexible Education";
4. во периодот 2001-2003 година, во рамките на националниот научен проект „е-Учење" работел на нови видови сопствени решенија за online организација на наставата;
5. во периодот 2002-2003 година, како член на Лабораторијата за безжични апликации при Институтот за информатика на ПМФ, е коавтор на првиот мултимодален систем за презентација и известување за соопштенија и резултати од испити – десктоп апликација за внесување соопштенија и резултати наменета за наставници; веб-апликација за преглед на резултати од десктоп пребарувач, WAP-апликација за преглед на резултати преку мобилен телефон и сервис за побарување на резултатите и известување по објавени соопштенија и резултати преку СМС-пораки;
6. во периодот 2007-2011 е раководител на проектот за информациските систем на Институтот за информатика при ПМФ – во рамките на кој се развиени апликациите за наставни планови, уписи, оценки, испити и распореди на часови, систем во кој ги поставува основите за развојот на прототипот прикажан во рамките на докторскиот труд;
7. во 2011 година продолжува да работи на развојот на истиот систем со миграција на системот за потребите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и како коавтор во дополнителниот развој на апликациите за пријавување испити и наплата на таксени марки и првичниот развој на виртуелниот академски советник кој е дел од работата на докторскиот труд;
8. од 2012 година е раководител на проектот „Информациски систем од следната генерација за унапредување на научните, образовните и организациските процеси во универзитетска средина" при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – каде што продолжува со истражување на имплементацијата на моделот за социјална навигација и самоадаптивна контрола во процесите на избор на предмети и распореди на часови – како дел од докторскиот труд.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд под наслов АДАПТИВНИ И СОЦИЈАЛНИ САМОСТРУКТУРИРАЧКИ СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА НИЗ ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ, изработен од кандидатот м-р Вангел Ајановски, претставува оригинален авторски труд во кој се изнесени поголем број нови научни резултати во концептуалното моделирање на систем за навигација во јавните информациски системи, кои овозможуваат социјална навигација и интеракција (поширока област на информациските системи) со интегрирана самоадаптивна контрола (областа на софтверско инженерство). Примената и потврдата на моделот авторот ја реализирал со дизајнирање на оригинален модел на интегрирани решенија за унапредување на образовните и организациските процеси во универзитетската средина. Практичната важност на моделот е илустрирана со изработениот прототип кој опфаќа елементи на запишувањето на студентите на предмети и формирањето на распореди на часови. Системот има цел да ги води студентите кон правење на подобри избори на студиски програми, подобри избори на предмети и со тоа насочување кон најрелевантните нивни интереси, отстранување на конфликтни распореди како и следење на успехот на ниво на генерација и поединечно.

Резултатите добиени во текот на истражувањата поврзани со дисертацијата се, во најголем дел, прикажани пред домашната и светската јавност преку излагања на научни конференции и печатење во меѓународни и домашни зборници од научни конференции. На тој начин дисертацијата има обезбедено и соодветна поширока домашна и меѓународна верификација.

Врз основа на изнесеното, Рецезентската комисија оценува дека поднесениот труд под наслов АДАПТИВНИ И СОЦИЈАЛНИ САМОСТРУКТУРИРАЧКИ СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА НИЗ ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ, изработен од кандидатот Вангел Ајановски, магистер на информатички науки, претставува оригинален научен придонес во полето на информациските системи, системите за социјална навигација и самоадаптивните софтверски системи.

Затоа, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, да го прифати изработениот докторски труд под наслов АДАПТИВНИ И СОЦИЈАЛНИ САМОСТРУКТУРИРАЧКИ СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА НИЗ ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ и на кандидатот м-р Вангел Ајановски да му дозволи јавна одбрана.

Рецензентска комисија

Д-р Катерина Здравкова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, с.р.

Д-р Маргита Кон–Поповска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, с.р.

Д-р Марјан Гушев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, с.р.

Д-р Димитар Трајанов, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, с.р.

Д-р Горан Велинов, доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

на докторската дисертација „КВАЗИ-МОНТЕ КАРЛО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ТЕЖИНСКИ ХИЛБЕРТОВИ ПРОСТОРИ И ВРСКА СО ДИЈАФОНИЈАТА – МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ И СОФТВЕРСКА РЕАЛИЗАЦИЈА" од м-р Весна Димитриевска Ристовска, пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на седницата одржана на 25.4.2013 година, со одлука бр. 02-554/1 нè избра за рецензенти за оцена на докторската дисертација под наслов КВАЗИ-МОНТЕ КАРЛО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ТЕЖИНСКИ ХИЛБЕРТОВИ ПРОСТОРИ И ВРСКА СО ДИЈАФОНИЈАТА – МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ И СОФТВЕРСКА РЕАЛИЗАЦИЈА, изработена од кандидатот Весна Димитриевска Ристовска, магистер на информатички науки, вработена како асистент на Факултетот.

Рецензентската комисија, по детално прегледување на изработената дисертација, го доставува до Наставно-научниот совет на Факултетот следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Дисертацискиот труд е изработен на 215 страници и ги содржи следниве делови: Апстракт, Вовед, четири глави и Литература.

Во апстрактот на дисертацијата е направен краток преглед на резултатите добиени од кандидатот.

Во **воведот** на докторската дисертација подетално е претставена содржината на одделните глави на тезата. Направен е краток преглед на теоријата на рамномерно распределените низи: основната дефиниција за рамномерно распределена низа, експоненцијалните критериуми на Вајл изразени во термините на функциите од тригонометрискиот систем и функциите на Волш од ред b и интегралниот критериум на Вајл. Направена е дискусија на тежинските верзии на квантитативните карактеристики за рамномерна распределба на низи. Подетално е изложена содржината на втора, трета и четврта глава на дисертациониот труд. Посочени се оригиналните резултати на докторантката за секоја од главите на тезата.

Првата глава на докторската дисертација под наслов **Воведни поими и тврдења од теоријата на рамномерно распределените низи и квази-Монте Карло интегрирањето** има за цел да ги дефинира основните поими кои ќе се користат во дисертацискатa работа. Основните поими, тврдења и критериуми се претставени во доволно едноставна мера. Изложени се базичните ортонормирани функционални системи, кои понатаму ќе бидат основен инструмент за испитувањата во останатите глави на дисертацијата.

Во поглавјето 1.2. се претставени основите на теоријата на рамномерно распределените низи. Дефинирани се квантитативни мерки за рамномерна распределба на низи: дискрепанса, ѕвезда-дискрепанса, класична дијафонија и дијафонии од ред b.

Во поглавјето 1.3. се изнесени принципите за конструирање на добро распределени низи и мрежи.

Општите поими од теоријата квази-Монте Карло интегрирањето во тежински Хилбертови простори се претставени во поглавјето 1.4. Таму, подетално се разгледани Хилбертови простори кои се генерирани од специјални функции, таканаречени генерирачки јадра. Формулиран е поимот *грешка-во-најлош-случај* на интегрирањето во тежински Хилбертови простор и изнесена е познатата формула за таа грешка, која понатаму е повеќекратно користена во дисертацискиот труд.

Во втората глава на дисертацискаата работа – **За средно-квадратната грешка на интегрирањето во тежински Собољев простор** $H_{Sob,s,\vec{\gamma},\beta_4}$ се испитува средно-квадратната грешка на интегрирањето во тежински Собољев простор $H_{Sob,s,\vec{\gamma},\beta_4}$. Тој простор е воведен од Хикернел, а испитуван е од Хикернел и од други специјалисти од таа област, како Пилишхамер, Дик и други. Во поглавјето 2.1.2 е изложен основниот вид на таканаречени тент-трансформација при основа b, каде што b е парен природен број. Со користење на таа трансформација докторантот ги дефинира двата основни поими сврзани со неа: *јадро кое е (s,b)- дигитално поместено и потоа пополнето со тент-трансформација при база b*, и *средно-квадратна грешка на интегрирање во произволен Хилбертов простор преку користење на (s,b)- дигитално-поместена и потоа пополнета со тент-трансформација мрежа.*

Во Теоремата 2.1. е добиена формула за пресметување на средно-квадратната грешка на интегрирањето во просторот $H_{Sob,s,\vec{\gamma},\beta_4}$ преку користење на (s,b)- дигитално поместена мрежа. Таа теорема претставува обопштување на резултат добиен од Кристеа, Дик, Леобахер и Пилишхамер.

Во Теоремата 2.2. е претставена оценка од десно на средно-квадратната грешка и се добиени редови на големина $O(b^{-m})$ и $O(b^{-m(1-\varepsilon)})$ на интегрирањето во тежинскиот простор $H_{Sob,s,\vec{\gamma},\beta_4}$. Во таа теорема се тврди дека постои (t,m,s)-мрежа, за која се реализираат горните редови на големина на средно-квадратната грешка.

Лема 2.5. има принципно важна улога за добивање на резултатите на поглавјето 2.4. Во таа лема е претставен видот на Волш-Фуриевите коефициенти на генерирачкото јадро за просторот $H_{Sob,s,\vec{\gamma},\beta_4}$ врз кое е дејствувано со двете трансформации: (s,b)-дигитално поместување и тент-трансформација.

Во Теоремата 2.3. средно-квадратната грешка на интегрирањето во произволен Хилбертов простор преку користење на горните две трансформации е претставена во термините на обична *грешка-во-најлош-случај* на интегрирањето во друг Хилбертов простор генериран од јадро кое е (s,b)-дигитално поместено и потоа пополнето со тент-трансформација.

Основниот резултат во Глава 2 од оваа дисертациска теза е Теорема 2.4. Во таа теорема е добиена точна формула за средно-квадратната грешка на интегрирањето во произволен Хилбертов простор преку користење на произволна s-димензионална мрежа, која е (s,b)-дигитално-поместена и потоа пополнета со тент-трансформација. Понатаму, таа формула е применета на две нивоа. На првото ниво произволната s-димензионална мрежа е заменета со произволна

(t,m,s)-мрежа, а на второто ниво добиените резултати се адаптирани конкретно врз просторот $H_{Sob,s,\vec{\gamma},\beta_4}$.

Теорема 2.5. го покажува влијанието на тент-трансформација врз редот на големина на средно-квадратната грешка. Имено, таа го подобрува редот на големина на таа грешка. Во делот (ii) на таа теорема е покажано дека постои (t,m,s)-мрежа која е прво (s,b)-дигитално поместена и потоа пополнета со тент-трансформација, така што средно-квадратната грешка на интегрирањето во просторот $H_{Sob,s,\vec{\gamma},\beta_4}$ има ред на големина $O(b^{-2m})$. Подобрениот ред на големина во споредба со редот $O(b^{-m})$, добиен во Теорема 2.2. (*ii*), се должи точно на примената на тент-трансформација. Добиениот подобар ред на големина е резултат на извршување на исклучително сложени и прецизни пресметувања, последователно развиени во Лема 2.5. и Лема 2.6.

Добиените резултати се направени во случај кога b е парен број. Најверојатно во случајот кога b е непарен број, таа теорија нема да може да биде развиена, или ќе биде неопходен сосема различен теориски пристап.

Добиените резултати во Глава 2, особено оние што се изложени во Лема 2.6. послужиле како мотивација и теоретска основа на докторантката за испитувањата претставени во Глава 3 на докторската теза.

Во **Глава 3**, под наслов **Тежинска $(W(b);\gamma)$-дијафонија,** предложена е нова верзија на тежинска дијафонија од ред b, која се нарекува $(W(b);\gamma)$-дијафонија. Нејзиното дефинирање е претставено во Дефиниција 3.1. Во Теорема 3.1. е покажано дека новата $(W(b);\gamma)$-дијафонија е нумеричка мерка за рамномерна распределба на низи.

Во Теорема 3.2. е изложена пресметувачката сложеност $O(N^2)$ на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата за произволна s-димензионална мрежа, составена од N точки.

Во параграф 3.3. е испитувана $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на обопштената низа на Ван дер Корпут. Основниот резултат на овој параграф е изнесен во Теорема 3.3. Во таа теорема е добиена оценка од десно на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на обопштената низа на Ван дер Корпут и добиен е ред на големина $O\left(\frac{1}{N}\right)$ на таа карактеристика.

Во Теорема 3.4. е покажана оценка од лево на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на обопштената низа на Ван дер Корпут. Таа го покажува точниот ред на големина $O(\frac{1}{N})$.

Добиениот ред на големина $O(\frac{1}{N})$ на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на обопштената низа на Ван дер Корпут е подобар отколку редот на големина на дијафонијата од ред b на таа низа.

Во параграф 3.5. се изнесени графички резултати од софтверските симулации направени за верификација на теориските резултати добиени во Теорема 3.3. и Теорема 3.4.

Теорема 3.5. е аналог на класичното неравенство на Ердош- Туран- Коксма. Таа претставува теоретска база врз која се направени компјутерските симулации сврзани со $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на обопштената низа на Ван дер Корпут. Софтверските реализации се направени прецизно и тие наполно ги потврдуваат теориските резултати добиени во Теорема 3.3. и Теорема 3.4.

Редовите на големина на коефициентите $\rho(b;\gamma;k)$ користени во Дефиниција 3.1., послужиле како теориска мотивација за испитувањата во Глава 4 на докторскиот труд.

Во **Глава 4**, под наслов **За грешката на квази-Монте Карло интегрирањето во тежински Хилбертов простор** $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$, докторантката дефинира тежински Коробов простор $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$ кој се состои од функции со определена брзина на тежнеење кон 0 на нивните Волш-Фуриеви коефициенти. Користени се коефициентите $\rho(b;\gamma;k)$ од Дефиниција 3.1. Воведен е дополнителен параметар α, кој се однесува на глаткоста на интеграндите во просторот $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$. Со равенството (4.2) се дефинирани коефициенти $\rho(b;\alpha;\gamma;k)$. Тие коефициенти понатаму претставуваат теоретска база за дефинирање тежинскиот Коробов простор $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$. Во параграф 4.1. се претставени сите детаљи, неопходни за дефинирање на функционалниот простор $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$.

Во Теорема 4.1. е добиена точна формула за *грешката-во-најлош-случај* на интегрирањето во просторот $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$, преку нејзиниот развој во Волш-Фуриев ред.

Во Теорема 4.2. во случајот кога параметарот α прима вредност α=2, е изразена *грешката-во-најлош-случај* на интегрирањето во просторот $H_{W(b),s,2,\vec{\gamma}}$ преку $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на мрежата која е користена во процесот на интегрирањето. На тој начин се поврзани две величини: *грешката-во-најлош-случај* на интегрирањето и $(W(b);\gamma)$-дијафонијата, кои се од сосема различна природа. Тоа е втората примена на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата, и всушност тоа е една дополнителна, интегрална мотивација за воведување на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата.

Во Теорема 4.3. е добиена формула за *грешката-во-најлош-случај* на интегрирањето во просторот $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$, преку користење на произволна (t,m,s)-мрежа.

Во Теорема 4.4. е дадена оценка од десно на *грешката-во-најлош-случај* на интегрирањето во просторот $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$, преку користење на произволна (t,m,s)-мрежа. Изложено е и асимптотско однесување $O(b^{-\alpha m})$ на грешката-во-најлош-случај на интегрирањето во просторот $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$, за $\alpha > 1$ Добиениот ред на големина претставува подобар резултат во однос на досега добиените резултати од други автори.

Претставеното Авторезиме наполно соодветствува на содржината на дисертацискиот труд.

Основни резултати добиени од докторантката:

Во Глава 2:

- покажано е дека воведувањето на тент-трансформација влијае за подобрување на редот на големина на средно-квадратната грешка;
- Теорема 2.4., каде што е дадена формула за средно-квадратната грешка $\hat{e}_{(s,b)-ds,\Phi}$ преку користење на произволна s-димензионална мрежа, и нејзината примена преку користење на (t,m,s)-мрежи;
- Теорема 2.5., каде што е пресметано асимптотското поведение на грешката од Теорема 2.4.

Во Глава 3:

- дефинирана е нова тежинска верзија на дијафонија од ред b, т.н. $(W(b);\gamma)$-дијафонија;
- Теорема 3.2., каде што е изложена пресметувачката сложеност $O(N^2)$ на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата;
- Теорема 3.3., каде што е добиен точниот ред на големина $O(\frac{1}{N})$ на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на обопштената низа на Ван дер Корпут;
- Теорема 3.5., која претставува теоретска база за да можат многу прецизно да бидат направени компјутерските симулации за пресметување на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на обопштената низа на Ван дер Корпут.

Во Глава 4:

- Теорема 4.2., каде што грешката-во-најлош-случај на интегрирањето во просторот $H_{W(b),s,2,\vec{\gamma}}$ е изразена преку термините на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на мрежата која е користена во процесот на интегрирање;
- Теорема 4.3., каде што грешката-во-најлош-случај на интегрирањето во просторот $H_{W(b),s,2,\vec{\gamma}}$ е изразена преку термините на $(W(b);\gamma)$-дијафонијата на мрежата која е користена во процесот на интегрирање;
- Теорема 4.4., каде што е пресметан редот на големина на грешката на интегрирањето во просторот $H_{W(b),s,\alpha,\vec{\gamma}}$.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во докторската дисертација КВАЗИ-МОНТЕ КАРЛО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ТЕЖИНСКИ ХИЛБЕРТОВИ ПРОСТОРИ И ВРСКА СО ДИЈАФОНИЈАТА – МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ И СОФТВЕРСКА РЕАЛИЗАЦИЈА од кандидатката

Весна Димитриевска Ристовска, се проучува сложена научна материја, како што е теоријата и примената на квази-Монте Карло интегрирањето.

Кандидатката покажува дека одлично владее и успешно ги користи разните техники од теоријата на рамномерна распределба на низи и квази-Монте Карло интегрирањето. Во текот на истражувањето се решени низа теориско-квантитативни задачи. Решенијата на повеќето од нив бараат доста богатата математичка култура и познавања од многу научни области.

Резултатите кои ги има добиено докторантката се нови и коректни по квантитет и по квалитет, и даваат значаен придонес во развојот на теоријата и примената на квази-Монте Карло интегрирањето.

Имајќи го предвид сето претходно кажано, Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на ФИНКИ да го прифати трудот КВАЗИ-МОНТЕ КАРЛО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ТЕЖИНСКИ ХИЛБЕРТОВИ ПРОСТОРИ И ВРСКА СО ДИЈАФОНИЈАТА – МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ И СОФТВЕРСКА РЕАЛИЗАЦИЈА, поднесен од кандидатката м-р Весна Димитриевска Ристовска, за докторска дисертација и да дозволи негова јавна одбрана.

Рецензентска комисија

Д-р Верица Бакева, редовен професор на ФИНКИ-Скопје
- претседател с.р.

Д-р Васил Грозданов, доцент на Југозападниот Универзитетот „Неофит Рилски" во Благоевград, Бугарија
- ментор с.р.

Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ФИНКИ-Скопје
- коментор с.р.

Д-р Ванчо Кусакатов, редовен професор на ФИНКИ-Скопје
(во пензија) с.р.

Д-р Ласко Баснарков, доцент на ФИНКИ-Скопје
с.р.

Д-р Жанета Попеска, редовен професор на ФИНКИ-Скопје
(резервен член) с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОЛЕКУЛАРНА И ФИЛОГЕНЕТСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ПОЕДИНЕЧНИ ВИРУСИ НА ЊУКАСТЕЛСКАТА БОЛЕСТ ОТКРИЕНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р АЛЕКСАНДАР ДОДОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на својата редовна седница одржана на 13.V 2013 година, донесе одлука бр. 0201-1896/2 од 13.V 2013 година со која формира Комисија за одбрана со задача да поднесе извештај (рецензија) за оцена на поднесената докторска дисертација, во следниов состав:

1. д-р Владимир Савиќ – научен советник во Хрватскиот ветеринарен институт – Центар за живинарство во Загреб, Хрватска;
2. д-р Славчо Мреношки - вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
3. д-р Ристо Проданов - редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
4. д-р Дејан Видановиќ - научен соработник во Ветеринарниот специјалистички институт во Краљево, Србија;
5. д-р Дине Митров - вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

ИЗВЕШТАЈ

М-р Александар Додовски, вработен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, самостојно или со соработници, досега има објавено 26 научни трудови, кои се од областа на болести на птиците, со што се има здобиено со големо искуство пред започнувањето на изработката на приложената дисертација.

Докторската дисертација „Молекуларна и филогенетска карактеризација на поединечни вируси на Њукастелската болест откриени во Република Македонија“ е напишана на 152 страници, со 22 табели, 35 слики и 3 графикони. Таа е поделена во осум поглавја: вовед, преглед на литература, цел на испитувањето, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

1. Вовед. Во воведот е направен краток опис на значењето на Њукастелската болест за живинарското производство, економските последици од нејзиното појавување и контролните мерки кои се применуваат. Наведен е опсегот на домаќини кај кои може да се јави ова заболување.

2. Преглед на литературата. Во ова поглавје кандидатот м-р Александар Додовски има опфатено 202 референци кои ги обработуваат историјатот на Њукастелската болест (ЊБ), етиологијата на вирусот, епизоотиологијата, патогенезата, клиничката слика, патоанатомскиот наод, дијагнозата и контролните мерки. Во историјатот се објаснува за историјата на болеста на глобално ниво, за појавувањето и траењето на досегашните панзотии, се објаснуваат теориите за настанување на болеста и детално се опишува историјата на болеста во Република Македонија. Во етиологијата е прикажана денешната таксономија на вирусот, објаснети се структурата на геномот и функциите на вирусните протеини, како и механизмите на

размножување на вирусот. Во епизоотиологијата опсежно е објаснета еволуцијата на вирусот, а се опишани и изворите, патиштата на ширење, влезната врата, приемчивоста и инфекциската доза на вирусот. Во патогенезета, објаснета е молекуларната основа за вирулентност. На јасен начин се опишани клиничките знаци и патоанатомскиот наод, а во дијагнозата на вирусот детално и системски се опишани класичните и молекуларните методи и секвенционирањето. Во контролните мерки се наведени разните дефиниции на болеста и опишани се мерките на биосигурност и вакцинацијата како дел од контролата на ова заболување. При тоа се изнесени најважните резултати и сознанија на 40 страници. Вака изнесените податоци се многу детално употребени во дискусијата на сопствените резултати.

3. Цел и задачи. Во ова поглавје се изнесени поставените цели и задачи на испитувањата. Како главна цел е поставена идентификацијата и карактеризацијата на вирусите на Њукастелската болест (ВЊБ) кои циркулираат во Република Македонија во последната деценија со меѓународно признати и докажани методи. Оваа цел кандидатот ја остварува преку следните поставени задачи: да се изврши изолација на ВЊБ на ембрионирани кокошкини јајца (ЕКЈ), да се идентификува и да се одреди патотипот на ВЊБ со класични методи (инхибиција на хемаглутинација и интрацеребрален патоген индекс), да се докаже ВЊБ со молекуларни методи (полимераза верижна реакција), да се одреди вирулентноста на ВЊБ со молекуларни методи (полимераза верижна реакција), да се одреди аминокиселинскиот состав на генот одговорен за вирулентноста на ВЊБ (секвенционирање), да се изврши филогенетска карактеризација на соевите на ВЊБ и да се направи споредба со соевите во регионот, Европа и пошироко и да се имплементираат дијагностички техники и методи согласно националното и законодавството на ЕУ и стандардите пропишани од OIE.

4. Материјал и методи на работа. Во ова поглавје се дадени податоците за испитуваните вируси (21) кои ги вклучуваат: видот на животното од кои се изолирани, датумот на мострирање, користените органи во дијагностика, локација и координати на местото на изолација, како и пристапните броеви од GenBank на вирусите кои се користени за споредба со македонските соеви. Вирусите кои се докажани и анализирани во оваа студија се именувани на следниот начин: серотип/домаќин (вид на птица од која е изолиран вирусот)/земја на потекло (географска локација)/лабораториски идентификационен број (референтен број)/година на мострирање (изолација). Вирусите се испитувани со класични и молекуларни методи и извршено е нивно секвенционирање и филогенетска анализа. Од класичните методи користени се изолација на вирусот на ЕКЈ, тест на хемаглутинација (ХА), тест на инхибиција на хемаглутинација (ИХА) и одредување на интрацеребрален патген индекс (ИЦПИ), сите во согласност со методите опишани во Manual of diagnostic tests and vaccines for terrestrial animals, Chapter 2.3.14 Newcastle Disease, version adopted May 2012, World Organization for Animal Health (OIE), Paris, France и во Council Directive 92/66/EEC of 14 July 1992 introducing Community measures for the control of Newcastle disease. Од молекуларните методи користени се реверзна транскрипција и полимераза верижна реакција во реално време во еден чекор (RT-qPCR) за детекција на матрикс (М) ген и на фузиски (Ф) ген според протоколот на Wise и соработниците од 2004 година, реверзна транскрипција и полимераза верижна реакција во два чекора (RT-PCR) за детекција на Ф-ген според протоколот на Aldous и соработниците од 2003 година. Секвенционирање на производот од полимераза верижната

реакција е направено според протоколот на Aldous и соработниците од 2003 година, а анализа на нуклеотидните секвенци е направена со компјутерскиот програм BioEdit Sequence Alignment Editor version 7.0.9.0. и подредувањето на секвенците е направено со методот Clustal V со компјутерскиот програм MEGA 5.10 според Tamura и соработниците од 2007 година со кој е направена и филогенетската анализа. Нуклеотидните секвенци се подредени да започнуваат на стартниот кодон (ATG) на позицијата 47 на Ф-генот и да завршуваат на базата 420 веднаш после местото на расекување на Ф-генот. Филогенетските стебла се презентирани како „unrooted maximum likelihood" модели каде должината на гранките е пропорционална на предвидениот број на замени.

5. Резултати. Резултатите од испитувањата се дадени во 16 табели, 24 слики и 3 графикони.

Од вкупно 21 испитуван ВЊБ, кај 16 примероци е детектирана хемаглутинирачка активност на алантоисната течност, додека кај 5 примероци не е утврдено присуството на вирусот по пат на негова изолација, туку кај овие 5 примероци вирусот е откриен со молекуларни методи (RT-qPCR и RT-PCR). Кај примероците кај кои е изолиран вирус (16), одреден е титарот на ХА кој се движи од $\log_2$ 5 до $\log_2$ 10. Овие вируси се подложени на тест на ИХА во 2 фази. Во првата фаза, тестот на ИХА е спроведен со поликлонски антисерум за ВЊБ и антисеруми специфични за подтиповите H5N1 и H7N1 на вирусот на авијарната инфлуенца (АИВ). Откако е утврдено дека причината за хемаглутинација на алантоисните течности е ВЊБ, пристапено е кон втората фаза која е спроведена со серуми од моноклонски антитела (мАт), и тоа: мАт 617/161 специфичен за гулабји панзоотски соеви на ВЊБ, мАт U85 специфичен за повеќето класични соеви на ВЊБ и мАт 7D4 специфичен за соевите F и La Sota на ВЊБ. Со секој тест користени се контроли, а тестот е сметан за валиден само доколку сите контроли се во ред. Сите испитувани соеви во тестот на ИХА со мАт 7D4 се негативни. Инхибиција на хемаглутинација со мАт U85 покажуваат соевите NDV/chicken/Macedonia/080/2004, NDV/chicken/Macedonia/069/2005, NDV/chicken/Macedonia/070/2005 и NDV/chicken/Macedonia/421/2005 додека инхибиција на хемаглутинација со mAb 617/161 покажаа соевите NDV/pigeon/Macedonia/234/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007, NDV/pigeon/Macedonia/230/2008, NDV/pigeon/Macedonia/232/2008, NDV/pigeon/Macedonia/962/2008, NDV/chicken/Macedonia/231/2010, NDV/pigeon/Macedonia/2810/2010, NDV/pigeon/Macedonia/233/2011, NDV/pigeon/Macedonia/415/2011, NDV/pigeon/Macedonia/419/2011 и NDV/feral pigeon/Macedonia/9701/2012. Одредувањето на ИЦПИ е направено кај девет вируси така што кај класичните соеви тој во просек изнесува 1,90 и врз основа на оваа вредност тие се групирани во групата на велогени соеви додека кај гулабјите соеви тој изнесува 0,96 и врз основа на оваа вредност тие се групирани во групата на мезогени соеви. Исклучок од гулабјите соеви прави единствено сојот NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007 кај кого ИЦПИ изнесува 1,53. Сојот NDV/chicken/Macedonia/231/2010 иако е изолиран од живина поседува ИЦПИ карактеристичен за гулабјите соеви на ВЊБ. Од сите испитувани соеви на ВЊБ само сојот NDV/pigeon/Macedonia/232/2008 поседува ИЦПИ помал од 0,7.

Сите испитувани соеви (21) со тестот на RT-qPCR за детекција на M-ген припаѓаат на класата II на ВЊБ без разлика на нивната вирулетност. Вредностите на циклусот на квантификација (Цк) се најниски кај класичните соеви кај кои рибонуклеинската киселина (РНК) е екстрахирана од алантоисна течност (15,5), највисоки се кај класичните соеви кај кои РНК е екстрахирана од

клинички примероци (25,0) и меѓу нив се наоѓаат гулабовите соеви кај кои РНК е екстрахирана од алантоисна течност (22,8). Лимитот на детекција на оваа метода користејќи десеткратни сериски разредувања на вирусната суспензија на сојот NDV/chicken/Macedonia/070/2005 конзистентно изнесува $10^{1,3}$ EID_{50}-/0,2ml што претставува задоволителна осетливост на тестот. Сите испитувани соеви (21) со тестот на RT-qPCR за детекција на Ф-ген припаѓаат на вирулентните соеви на класата II на ВЊБ. Вредностите на Цк во овој тест се најниски кај класичните соеви кај кои РНК е екстрахирана од алантоисна течност (23,0), највисоки се кај класичните соеви кај кои РНК е екстрахирана од клинички примероци (35,5) и меѓу нив се наоѓаат гулабовите соеви кај кои РНК е екстрахирана од алантоисна течност (27,1). Лимитот на детекција на оваа метода користејќи десеткратни сериски разредувања на вирусната суспензија на сојот NDV/chicken/Macedonia/070/2005 конзистентно изнесува $10^{3,3}$ EID_{50}-/0,2ml што претставува задоволителна осетливост на тестот. Сите испитувани соеви (21) со тестот на RT-PCR за детекција на Ф-ген се позитивни, од кои 17 се со големина на производот од 700 бп, додека во "semi-nested RT-PCR" позитивни се 4 соеви со големина на производот од 500 бп.

Врз основа на добиените секвенци на делот на Ф-генот, а особено на местото на раекување (МР), заклучено е дека сите испитувани соеви се велогени, т.е. се високо вирулентни. Сите соеви иако се разликуваат во нуклеотидните секвенци, поседуваат ист аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}RRQKR*FIG^{119} кој е карактеристичен за велогени соеви. Со порамнување на секвенците и изработка на филогенетски стебла утврдено е дека соевите NDV/chicken/Macedonia/082/2002, NDV/chicken/Macedonia/083/2003, NDV/chicken/Macedonia/080/2004, NDV/chicken/Macedonia/062/2005, NDV/chicken/Macedonia/069/2005, NDV/chicken/Macedonia/070/2005, NDV/chicken/Macedonia/421/2005, NDV/starling/Macedonia/068/2006 и NDV/chicken/Macedonia/071/2006 се групирани во генотипот VIId, а соевите, NDV/pigeon/Macedonia/234/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007, NDV/pigeon/Macedonia/230/2008, NDV/pigeon/Macedonia/232/2008, NDV/pigeon/Macedonia/962/2008, NDV/chicken/Macedonia/231/2010, NDV/pigeon/Macedonia/2810/2010, NDV/pigeon/Macedonia/233/2011, NDV/pigeon/Macedonia/415/2011, NDV/pigeon/Macedonia/419/2011 и NDV/feral pigeon/Macedonia/9701/2012 се групирани во генотипот VIb.

6. Дискусија. Во дискусијата кандидатот сеопфатно и научно издржано ги дискутира своите резултати со литературните податоци кои се однесуваат на идентификацијата и карактеризацијата на ВЊБ кај домашната живина, гулабите и дивите птици. Поради антигенската разлика, разликата во вируленција и молекуларната и филогенетска посебност на гулабовите од класичните соеви кандидатот во дискусијата овие две групи ги третира одвоено.

Клиничките знаци кај класичните соеви одговораат на генерализирана системска инфекција со изразени дигестивни проблеми проследени со висока смртност. Овие знаци одговараат на сликата која ја предизвикуваат висецротропните велогени соеви опишани во литературата. Видливи патоанатомски знаци предизвикани од испитуваните класични соеви се крвавење и некроза на цекалните тонзили и другото лимфоидно ткиво во цревата, мултифокални крвавења и улцерации во преджелудникот, крвавења во трахеата, фокална некроза на слезината, воспаление на клоаката, кај несилките „egg" перитонитис, а во неколку случаи и крвавења на поткожното

ткиво на главата. Исти патоанатомски знаци се опишани во литературата. Во достапната литература која ја има кандидатот на увид не се опишани крвавења на поткожното ткиво на главата кај ЊБ, туку само кај високопатогена авијарна инфлуенца H5N1. Кај испитуваните гулабји парамиксовирус тип 1 (ГПМВ-1) соеви претежно се забележани нервни знаци, кои најчесто се манифестирани во облик на некоординирано движење, поткривнување, нестабилно летање, тортиколис и опистотонус. Постојат извесни варијации во стапката на смртност кај гулабите, така што таа кај младите единки е повисока, додека кај возрасните единки таа е пониска што е во согласност со литературните податоци. Патоанатомските промени најчесто се лоцирани во дигестивниот систем и се одликуваат со хеморагични промени во цревата, поретко се забележуваат промени во респираторниот систем додека отсутни се видливи промени во нервниот систем и одговараат на промените наведени во литературата.

Од деветте класични соеви, кај пет соеви (NDV/chicken/Macedonia/082/2002, NDV/chicken/Macedonia/083/2003, NDV/chicken/Macedonia/062/2005, NDV/starling/Macedonia/068/2006, NDV/chicken/Macedonia/071/2006) не е успеано да се изврши изолација на вирусот од ЕКЈ иако се позитивни на RT-qPCR за детекција на М-ген и на Ф-ген. Причината, која е наведена и во литературата е веројатно поради присуство на делови од РНК на вирусот, но не и жив вирус или поради мошне ниска концентрација на вирусот во материјалот за лабораториско испитување. Кај другите соеви вирусот е изолиран веќе после прва пасажа што е карактеристично за класичните соеви. Кај сите 12 ГПМВ-1 извршена е изолација на вирусот на ЕКЈ по втора пасажа додека кај сојот NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007 вирусот е изолиран по трета пасажа. Во литературата е наведено дека изолација на ВЊБ по трета пасажа е доста ретка и се случува во околу 5% од случаите, при тоа некои соеви на ГПМВ-1 подобро се изолираат на клеточни култури отколку што се изолираат на ЕКЈ. Во тестот на ИХА, поликлонскиот антисерум за ВЊБ и мАт 617/161 ја инхибираат ХА активност и на сојот NDV/chicken/Macedonia/231/201. Ова е објаснето со тоа што појавата на ГПМВ-1 кај живината е вообичаена појава и претежно се случува кај мали јата на селска или украсна живина каде биосигурноста е минимална и е можен контакт со диви птици. Дополнително се наведува фактот дека во земјите на ЕУ од 2000 до 2009 година се регистрирани 14 жаришта на ЊБ кај живината кадешто причинители се ГПМВ-1. Резултатите од вредностите на ИЦПИ на ГПМВ-1 се поразлични за разлика од оние кај класичните соеви и се движат 0,59-1,53. Сојот NDV/pigeon/Macedonia/232/2008 поседува ИЦПИ 0,59, што значи дека врз основа на овој *in vivo* тест за одредување на патогеноста овој вирус е лентоген сој. Од друга страна, овој сој поседува аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}RRQKR*FIG^{119} кој е карактеристичен за високо вирулентни соеви. Појавата на истовремено поседување на вирулентен аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот со ниски ИЦПИ-вредности не е необична за ГПМВ-1 и е опишана во литературата, а причината е репликациониот комплекс на вирусот. Сојот NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007 поседува ИЦПИ 1,53, што значи дека врз основа на овој *in vivo* тест за одредување на патогеност, овој вирус спаѓа во групата на велогени соеви. Во одгледувалиштето кадешто како причинител се јавува овој сој, пријавена е невообичаено зголемена смртност. Опишана е појава на зголемени вредности на ИЦПИ и ИВПИ кај ГПМВ-1 пасирани на пилиња или ЕКЈ што укажува на фактот дека изолатите адаптирани на други птици освен живината можат да не ја покажуваат својата потенцијална

вируленција кај пилињата при конвенционалните тестови за одредување на патогеноста и поради ова, резултатите за патогеноста на вирусите добиени по пат на *in vivo* тестови секогаш треба да бидат потврдени со секвенционирање што кандидатот и го направил.

За да ги потврди резултатите од RT-qPCR за детекција на М-ген и на Ф-ген и за да добие амплификуван PCR-производ кој понатаму ќе се искористи како примерок за секвенционирање кандидатот сите испитувани соеви ги тестира со RT-PCR. Најголемиот дел од примероците по визуелизација на гелот со UV-зраци се со очекувана големина на PCR-производот од 700бп која се добива со првиот пар на прајмери со протоколот според Aldous и соработниците (2003), додека примероците од кои се откриени соевите NDV/chicken/Macedonia/071/2006, NDV/starling/Macedonia/068/2006, NDV/chicken/Macedonia/062/2005 и NDV/chicken/Macedonia/082/2002 се негативни. Овие примероци се тестирани со „semi-nested" RT-PCR со втор пар на прајмери кои всушност се и прајмери за секвенционирање. Очекувана големина на PCR-производот од оваа реакција е 500бп со тоа што сите испитувани примероци во овој случај имаат видлив PCR-производ после визуелизација на гелот со UV-зраци. Ова е во согласност со високите Цк вредности добиени кај двата RT-qPCR за детекција на М и на Ф-ген, што е последица на малата концентрација на вирус во овие примероци и неможноста да се изолира вирусот од ЕКЈ.

Со секвенционирање на откриените ВНЂБ и врз основа на аминокиселинскиот состав на МР на Ф-генот, одредена е вирулентноста на вирусот. Според податоците во литературата, мезогените и велогените соеви поседуваат повеќе базен аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}R/G/KR-Q/K-K/R-R*F^{117} и можат да се расечат интрацелуларно од страна на убиквитарните протеази слични на фуринот, што значи можат да се размножуваат и да предизвикуваат промени секаде во организмот. Молекуларната основа за вирулентност на ВНЂБ е вклучена во дефиницијата на OIE за пријавување на жариште на НЂБ и во директивата на ЕУ. Во испитувањата на кандидатот сите откриени класични и гулабови соеви на ВНЂБ поседуваат аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}RRQKR*FIG^{119} и поради тоа се класифицирани како вирулентни соеви. Овие резултати се во согласност со резултатите добиени од RT-qPCR за детекција на Ф-ген и со резултатите од одредувањето на ИЦПИ освен кај сојот NDV/pigeon/Macedonia/232/2008.

Со филогенетска анализа класичните соеви NDV/chicken/Macedonia/082/2002, NDV/chicken/Macedonia/083/2003, NDV/chicken/Macedonia/080/2004, NDV/chicken/Macedonia/062/2005, NDV/chicken/Macedonia/069/2005, NDV/chicken/Macedonia/070/2005, NDV/chicken/Macedonia/421/2005 се групирани во генотипот VII подгрупа VIId со големина на геномот од 15192 нуклеотиди. Во литературата е наведено дека тие се предизвикувачи на последната четврта панзоотија и се појавени на крајот на 80-тите години на Далечниот Исток, а најрана изолација на вирус од генотипот VII е направена во Тајван во 1984 година. Според податоците од литературата, во поглед на аминокиселинскиот состав на делот на Ф-генот карактеристично за вирусите од генотипот VIId е супституција на резидуата 101 R->K и на резидуата 121 I->V. Сите македонски класични соеви го поседуваат овој шаблон освен сојот NDV/chicken/Macedonia/080/2004, кој на резидуата 121 нема супституција. Таква карактеристика од соевите користени за споредба

во овој труд има само сојот JS/5/01/Go, кој е изолиран од гуска во 2001 година во Кина и врз основа на филогенетската анализа тој е најсличен со него.

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:	56,37
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:	178,26
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	20,5
ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	47,5
Вкупно	302,63

Рецензентска комисија

1. д-р. Маја Цветковска, редовен професор во пензија
Технолошко-металуршки факултет
Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

2. д-р Слободанка Ќосева, редовен професор во пензија
Технолошко-металуршки факултет
Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

3. д-р Иванка Поповиќ, редовен професор
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет во Белград, Р. Србија, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ: КОНСТРУКЦИЈА НА ОБЛЕКАТА I, КОНСТРУКЦИЈА НА ОБЛЕКАТА II И CAD/CAM ВО КОНФЕКЦИСКОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, донесена на XXV седница од 29.4.2013 година, назначени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник по предметите конструкција на облеката I, конструкција на облеката II и CAD/CAM во конфекциското производство. На конкурсот објавен во весникот "Нова Македонија " од 27.3.2013 година се пријавија два кандидата д-р Маја Јанкоска и д-р Елена Томовска. Д-р Елена Томовска ги повлече документите, па според тоа Комисијата ја разгледуваше документацијата само на едниот кандидат д-р Маја Јанкоска.

По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Име и презиме: Маја Јанкоска
Датум на раѓање: 27.8.1972 год. во Тетово

Образование:

- 2012, доктор на технички науки - Технолошко-металуршки факултет, Скопје;
- 2006, магистер на технички науки (VII/2 степен) - Технолошко-металуршки факултет, Скопје;
- 1996, дипломиран конфекциски инженер (VII/1 степен) - Текстилно-технолошки факултет, Загреб.

Работно искуство:

- од 2007 до денес, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, асистент по предметите: технологија на облеката I, технологија на облеката II, конструкција на облека I, конструкција на облека II, проектирање во конфекциското производство, CAD/CAM во конфекциското производство и градирање на облеката;

- 2003-2007, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, помлад асистент по предметите: технологија на изработка на облеката I, технологија на изработка на облеката II, конструкција на облеката I, конструкција на облеката II, проектирање во конфекциското производство и CAD/CAM во конфекциското производство;
- 2002-2003, АД „Окитекс", Скопје, фабрика за модна конфекција, главен технолог во производство и контрола на квалитет;
- 1999-2002, АД „Тетекс", Тетово, фабрика за модна конфекција, технолог во женска програма на производство и контрола на квалитет;
- 1996-1999, АД „Тетекс", Тетово, фабрика за модна конфекција, технолог во машка програма на производство и контрола на квалитет.

Наставно-образовна дејност

Д-р Маја Јанкоска како асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, во текот на својот ангажман изведува вежби од поголем број предмети, и тоа: конструкција на облеката I, конструкција на облеката II, технологија на облеката I, технологија на облеката II, проектирање во конфекциското производство, CAD/CAM во конфекциското производство и градирање на облеката. Исто така, учествува во подготовка на изведување на колоквиуми и писмени испити, консултации со студентите и помагање на студентите во изработка на нивните дипломски работи, како и во промотивни активности на Факултетот на саеми и во средни училишта. Учествува во голем број работилници со што значајно се унапредува во потесната стручна област на технологијата на облека:

- Time study according to the REFA system, GTZ, Weis Consulting Association doo, Germanija, 8-9.12.2009, Скопје;
- Time study according to the REFA system, GTZ, Weis Consulting Association doo, Germanija, 27-29.01.2010, Скопје;
- Pattern making, Grading and Processing Technology for women's apparel, jackets, dresses, trousers, blouse, 12-16.04.2010, GTZ, Скопје;
- Pattern making, Grading and Processing Technology for women's apparel, jackets, dresses, trousers, blouse, 03-07.06.2010, GTZ, Штип;
- Fit determination and corrections in the textile industry, 13-17.09.2010, Investment and Export Promotion Project, GTZ, Штип;
- Fit determination and corrections in the textile industry, 04-08.10.2010, Investment and Export Promotion Project, GTZ, Штип;
- "Бренд менаџмент", Текстилен кластер во соработка со ГИЗ Проектот за промоција на извозот, Скопје;
- "Ревизија/преработка на конструкција на шнитови на модели од актуелната колекција лето 2012", Текстилен кластер во соработка со ГИЗ Проектот за промоција на извозот, Скопје.

Треба да се истакнат резултатите кои кандидатката ги постигнува во рамките на ангажирањето на реализација на наставата истовремено одржувајќи коректен и професионален однос кон студентите.

Научноистражувачка дејност

Научноистражувачката дејност на д-р Маја Јанкоска е во полето на технологија на облека и технологија на конфекција. По магистрирањето активно работи на докторската дисертација под наслов „Проектирање естетско-функционални својства и процесибилност на облеката". Експерименталниот дел на докторската дисертација го работи на Институтот за текстилно инженерство при Универзитетот Миньо во Португалија. Научноистражувачкиот интерес на кандидатката е во областите на објективната оцена на текстилните површини во функција на допирот, крајниот изглед и перформансите на облеката, процесибилноста на облеката во технолошките процеси на конфекционирање и проектирање на функционалните, естетските и комфорните својства на облеката во насока на добивање производи со високи перформанси. Исто така, кандидатката реализира научноистражувачка работа во областа на динамиката на процесот на формирање шивачки бодови и дизајнирање систем за мониторинг на критичните процесни параметри на индустриска шивачка машина за детекција на дефекти при формирање на шевови.
Во областа на менаџментот на конфекциските процеси, дел од трудовите се посветени на анализа и оптимизација на трошоците и студијата на времето и движењата. Исто така, реализирана е студија на способеноста на системот конфекциски големини за одреден сегмент на женска популација во Република Македонија во насока на редизајнирање на стандардите за конфекциски големини.
Кандидатката во периодот од изборот за помлад асистент до денес има објавено:

- трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: **3**;
- трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание: **2**;
- трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: **9**;
- секциско предавање на научно/стручен собир со меѓународно учество: **1**;
- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: **1**;
- учество на научен /стручен собир со реферат: **6**.

Учесник во национален научен проект:

- 2005-2006, Развој на методологија за дизајн на ткаенини во функција на процесибилност и перформанси на облеката, Министерство за образование и наука, млад истражувач, раководител: проф. д-р Горан Дембоски.

Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Во изминатиот период, кандидатката реализира стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес поврзани со повеќе активности:

- 2005 (мај-јули) - University of Minho - Department of Textile Engineering, Португалија, TEMPUS IMG - проект;
- 2009 (сеп.-окт.) - University of Minho - Department of Textile Engineering, Португалија - изработка на експериментален дел од докторска дисертација;
- член на Наставно-научен совет на ТМФ;
- член на AMAC/AMCA - Almae Matris Croaticae Alumni, ТТФ, Загреб, Хрватска;
- учество на промотивни активности на Факултетот по средни училишта;
- учество на промотивни активности на Факултетот на саем;
- изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект, соработник, 2007;
- член на организационен одбор на Тринаесетто советување на текстилните инженери на Република Македонија, Струмица.
- изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект, 2008, соработник.

Меѓународни сертификати:

- 2008 - Диплома за обука на GERBER AccuMark PDS системот - Gregorčič zastopstva, Словенија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на презентираниот материјал и анализа на наставно-образовната (78,83 бода), научноистражувачката (52,27 бода) и стручно-апликативната дејност (13 бода), со вкупен број на бодови од **144,1**, Рецензентската комисија констатира дека д-р Маја Јанкоска, дипломиран конфекциски инженер, е солиден и перспективен кандидат кој континуирано се надградува во наставната и научноистражувачката дејност, давајќи придонес во областа на технологијата на облеката.

Рецензентската комисија цени дека се исполнети сите услови од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр.173, 1 август 2011) и со посебна одговорност и чест му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатката **д-р Маја Јанкоска** да биде избрана во наставно–научното звање **доцент** по предметите конструкција на облеката 1, конструкција на облеката 2 и CAD/CAM во конфекциското производство.

Рецензентска комисија

1. Д-р Соња Ќортошева, ред. проф. на ТМФ, Скопје, с.р.

2. Д-р Горан Дембоски, ред. проф. на ТМФ, Скопје, с.р.

3. М-р Лидија Георгиева, вон. проф. на ТМФ, Скопје, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Маја Здравко Јанкоска**

Институција: **Технолошко-металуршки факултет/ Институт за текстилно инженерство**

Научна област: **технологија на облека**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Технологија на изработка на облека I (2+3), 2003/04	1.35
2.	Технологија на изработка на облека II (3+3), 2003/04	1.35
3.	Проектирање во конфекциско производство (3+3), 2003/04	1.35
4.	Конструкција на облека I (3+3), 2003/04	1.35
5.	Конструкција на облека II 2 семестра x (2+4), 2003/04	3.60
6.	Технологија на облеката I (3+3), 2004/05, 2005/06	2.70
7.	Технологија на облеката II (3+3), 2004/05, 2005/06	2.70
8.	Проектирање во конфекциското производство (2+1), 2004/05, 2005/06	0.90
9.	Конструкција на облеката I (2+3), 2004/05, 2005/06	2.70
10.	Конструкција на облеката II (3+2), 2004/05, 2005/06	1.80
11.	CAD/CAM во конфекциското производство, (1+2), 2004/05, 2005/06	1.80
12.	Технологија на облеката I (3+3), 2006/07 - 2011/12	8.10
13.	Технологија на облеката II (3+3), 2006/07 - 2011/12	8.10
14.	Проектирање во конфекциско претпријатие (2+1), 2006/07 - 2011/12	2.70
15.	CAD/CAM во конфекциското производство (2+2), 2006/07 - 2011/12	5.40
16.	Конструкција на облека I, (3+3), 2006/07 - 2011/12	8.10
17.	Конструкција на облека II, (2+3), 2006/07 - 2011/12	8.10
18.	Градирање на облеката (2+2), 2004/05-2011/12	7.20
19.	Консултации со студенти, 2003-2012	1.528
20.	Учество во работилници и семинари	8
	Вкупно	**78,83**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект**	
1.1	"Развој на методологија за дизајн на ткаенини во функција на процесибилност и перформанси на облеката", МОН (2005-2006), млад истражувач, раководител: проф. д-р Горан Дембоски.	3
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
2.1	M. Nofitoska, G. Demboski & M. Â. F. Carvalho, Effect of Fabric Structure Variation on Garment Aesthetic Properties, Tekstil ve Konfeksiyon, Vol. 22, No. 2, 2012, pp.132-136 (IF=0.283).	5.03
2.2	M. Nofitoska, G. Demboski & S. Ćortoševa, Utjecaj varijacije strukturnih parametara tkanina na propusnost vodene pare i zraka, Tekstil, Vol. 60 (8), 2011, str. 376-383 (IF=0.17).	4.94
2.3	G. Demboski, M. A. Carvalho and M. Nofitoska, Affecting Tearing Strength of Woven Fabrics for Tailored Garments, Tekstilna industrija, Vol. 58, No. 1-3, 2010, pp. 16-21.	4.8
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**	
3.1	G. Demboski, M. Nofitoska, Sposobnost drapiranja tkanine, Tekstil i praksa, No. 1, 2010, str. 4-10.	1.8
3.2	G. Demboski, M. Nofitoska, Efekt varijacije strukure tkanine na performanse šavova odeće, Tekstil i praksa, No. 1-2 (2009), str. 52-59.	1.8
4.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	
4.1	M.Â.F. Carvalho, G. Demboski & M. Nofitoska, Investigation of Seam Pucker on Seams Tailored Garments, 4th International Scientific-Professional Conference Textile Science and Economy IV, November 06-07th, 2012 Zrenjanin, Serbia, pp. 116-121.	2.4
4.2	M. Nofitoska, G. Demboski & M. Â. F. Carvalho, Monitoring Stitch Forming Parameters on Lockstitch Sewing Machine, 3rd International Scientific-Professional Conference Textile Science and Economy III, November 10-11th, 2011 Zrenjanin, Serbia, pp. 36-42.	2.4
4.3	G. Demboski, M. A. Carvalho and M. Nofitoska, Sewability tailored garments, 2nd Scientific Conference: Development trends in the textile industry - Design, Technology, Management, Belgrade, 4-5.06. 2010, pp. 150-155.	2.4
4.4	G. Demboski, M. Nofitoska, *Influencing Clothing Comfort Properties* 14th International Scientific Conference, EMF, Sozopol, Bulgaria, September 17-20, 2009, pp. 153-157.	2.7

4.5	Demboski, M. Nofitoska, *Effect of Seams on Woven Fabric Bending Stiffness,* 8th Symposium "Novel Technologies and Economic Development", Leskovac, 23-24 October 2009, pp. 241-247.	2.7
4.6	G. Demboski, M. Nofitoska, *Drapeability of Woven Fabric,* 8th Symposium "Novel Technologies and Economic Development", Leskovac, 23-24 October 2009, pp. 248-253.	2.7
4.7	G. Demboski, M. Nofitoska, *The Analysis of The Cost of Dealing With Fabric Faults During Lays Spreading*, 4th Internationale Textile, Clothing and Design Conference, Dubrovnik, Croatia, October 5-8th, 2008, pp. 564-568.	2.7
4.8	S. Cortosheva, M. Nofitoska, *Redesigning of a System of Sizes for Ladies` Apparel,* 13th International Scientific Conference, EMF, Sozopol, Bulgaria, September 17-20, 2008, pp. 124-130.	2.7
4.9	G. Demboski, M. A. Carvalho, M. Nofitoska and D. Obadic, Influence of Fabric Structure on Seam Slippage of Woll and Woll/Polyester Blended Fabrics, Internationale Textile, Clothing and Design Conference, Dubrovnik, Croatia, October 8-11th, 2006, pp. 393-396.	2.1
5.	**Секциско предавање на научно/стручен собир со меѓународно учество**	
5.1	G. Demboski, M. Nofitoska, Influencing Clothing Performance and Sewability by Fabric Structure Variation, 9th Symposium-Novel Technologies and Economic Development, Leskovac, 21-22 Octobar, 2011, pp. 37.	1.8
6.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	
6.1	S. Cortosheva, M. Nofitoska, *Analyses of The Structure of The Working Time in The Process of Ironing,* 20th Congress of the Society of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 17-20, 2008, pp. 343-346, (CD на проширени апстракти).	1.8
7.	**Учество на научен /стручен собир со реферат**	
7.1	M. Nofitoska, G. Demboski, Sewing Machine Stitch Forming Parameters: Unfluence of Speed and Fabric Structure Variations, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 05-09 September 2012, pp. 349.	0.5
7.2	M. Nofitoska, G. Demboski, Thermo physiological Wear Comfort of Tailored Garments, XII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 23rd-26th 2010, pp. 165.	0.5
7.3	M. Nofitoska, G. Demboski, Serviceability Properties of Men's Tailored Garments, XII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 23rd-26th 2010, pp. 164.	0.5
7.4	G. Demboski, M. A. Carvalho and M. Nofitoska, The Objective Evaluation of Woll and Woll Blended Fabric for Clothing 5th International Conference of the Chemical Societies of the South - East European Countries, Vol.1, Ohrid, September 10-14, 2006, pp. 216.	1

7.5	G. Demboski, M. Nofitoska, Cost Analysis Due to Base Fabric Defects in the Cutting Process, 5th International Conference of the Chemical Societies of the South-East European Countries, Vol.1, Ohrid, September 10-14, 2006, pp. 215.	1
7.6	М. Нофитоска, Г. Дембоски, *Апликација на системите за објективна оценка на ткаенини во процесите на изработка на облека,* Тринаесетто советување на текстилните инженери на Република Македонија, 9.6.2007, Струмица.	1
	Вкупно	**52.27**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учество на промотивни активности на факултетот/институтот**	
1.1	Учество на промотивни активности на Факултетот по средни училишта, 2003-2012	4.5
1.2	Учество на промотивни активности на Факултетот на саем, 2003-2012	4.5
2.	Член на AMAC/AMCA - Almae Matris Croaticae Alumni, ТТф, Загреб, Хрватска	1
3.	Член на ННС на ТМФ-Скопје	0.5
4.	Член на Организационен одбор на 13 Советување на текстилните инженери на Република Македонија, 2007, Струмица	0.5
5.	Член на работна група за организирање семинари и работилници на ТМФ, 2009-денес	0.5
Дејности од поширок интерес		
1.	**Студиски престој во странство:**	
1.1	Двомесечен престој на Универзитетот во Мињо, Португалија, TEMPUS IMG - проект, 2005	0.5
1.2	Едномесечен престој на Универзитетот во Мињо, Португалија, 2009	0.5
2.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**	
2.1	Проектирање естетско функционални својства на облеката, МОН, 2008-соработник	0.5
	Вкупно	**13.0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	78.83
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	52.27
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	13.0
Вкупно	144.1

Рецензентска комисија

1. Д-р Соња Ќортошева, ред. проф. на ТМФ, Скопје, с.р.
2. Д-р Горан Дембоски, ред. проф. на ТМФ, Скопје, с.р.
3. М-р Лидија Георгиева, вон. проф. на ТМФ, Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: **ОСНОВИ НА ПРЕХРАНБЕНОТО ИНЖЕНЕРСТВО, КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ, КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА БИОТЕХНОЛОШКИ ПРОИЗВОДИ, ПРОЦЕСИ НА КОНЗЕРВИРАЊЕ НА ХРАНАТА, ИЗОЛАЦИЈА И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА БИОПРОДУКТИ** НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XXV редовна седница одржана на 29.4.2013 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на **наставник во сите наставно-научни звања** по групата предмети: *основи на прехранбеното инженерство, контрола на квалитет на прехранбени производи, контрола на квалитет на биотехнолошки производи, процеси на конзервирање на храната и изолација и пречистување на биопродукти*, во состав:

- д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет во Скопје, УКИМ, претседател;
- д-р Мирјана Боцевска, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет во Скопје, УКИМ, член
- д-р Весна Рафајловска, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет во Скопје, УКИМ, член.

Врз основа на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм", од 27.3.2013 година се пријави еден кандидат, и тоа д-р Елена Величкова, асистент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Елена Величкова е родена на 6.3.1978 година во Скопје, Република Македонија.

2. УНИВЕРЗИТЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

2001 год. **Дипломска работа**: *Анаеробно-аеробни реактори за обработка на отпадни води.*
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,
Република Македонија.

2008 год. **Магистерски труд:** *Продукција на етанол со имобилизација на квасочни клетки во целулозни гелови.*
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,
Република Македонија.

2013 год. **Докторска дисертација:** *Конзервирање на овошје и зеленчук со нетермички процеси.*
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Република Македонија.

3. РАБОТНО ИСКУСТВО

2002-2003 год. **демонстратор** на Технолошко-металуршкиот факултет, УКИМ,

по предметите: *биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, контрола на квалитет на прехранбени производи, основни процеси во биотехнологијата* за насоката: прехранбено-биотехнолошко инженерство и биотехнологија.

2003-2009 год. **помлад асистент** на Технолошко-металуршкиот факултет, УКИМ,

по предметите: *основи на прехранбеното инженерство, основи на биохемиското инженерство, процеси на конзервирање на храната, контрола на квалитет на прехранбени производи, контрола на квалитет на биотехнолошки производи и изолација и пречистување на биопродукти.*

2009- год. **асистент** на Технолошко-металуршкиот факултет, УКИМ,

по предметите: *основи на прехранбеното инженерство, основи на биохемиското инженерство, процеси на конзервирање на храната, контрола на квалитет на прехранбени производи, контрола на квалитет на биотехнолошки производи и изолација и пречистување на биопродукти.*

Студиски престои:

сеп. - дек. 2000 Instituto Superior Tecnico, Лисабон, Португалија

25 април - 6 мај 2006	International Seminar, Integration of Milk Production in the EU Implementation of EU Regulations and Niche Production, Leipzig, Germany
ноем. 2006 - дек. 2006	Лабораторија за полимеризациони процеси, Бугарска академија на науките, Софија, Бугарија
март 2007 - април 2007	Лабораторија за полимеризациони процеси, Бугарска академија на науките, Софија, Бугарија
јуни 2007	Лабораторија за полимеризациони процеси, Бугарска академија на науките, Софија, Бугарија
декември 2007	Лабораторија за полимеризациони процеси, Бугарска академија на науките, Софија, Бугарија
феб. - март 2008	Национален хемиски институт во Љубљана, Словенија
јули - авг. 2008	Instituto Superior Tecnico, Лисабон, Португалија
јуни - окт. 2009	Lund University, Лунд, Шведска
ноем. 2010-фев. 2011	Instituto Superior de Agronomia, Лисабон, Португалија
јули - авг.2011	Instituto Superior de Agronomia, Лисабон, Португалија

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

По својот последен избор, а тоа е во звањето асистент во 2009 год. (Билтен бр. 967, 1 јули 2009), кандидатката д-р Елена Величкова продолжи со изведувањето на вежбите на додипломските студии на студиската програма прехранбена технологија и биотехнологија по предметите на кои беше избрана. Покрај редовните обврски околу изведувањето на лабораториските и пресметковните вежби, писмените испити и консултациите со студентите, кандидатката, во соработка со предметните наставници изготви и практикуми за изработка на лабораториските вежби по предметите *основи на прехранбено инженерство, основи на биохемиско инженерство, контрола на квалитет на прехранбени производи* и *контрола на квалитет на биотехнолошки производи.*

Во текот на изведувањето на наставата по **специјалистичките студии** насловени ***иновации во прехранбената индустрија***, како дел од втор циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, кандидатката беше вклучена во подготовката и изведувањето на дел од лабораториските вежби по предметите *сензорска анализа* и *хроматографски методи.*

Во периодот од последниот избор, особено последниве 2-3 години, работата на кандидатката д-р Величкова со дипломците доби на квалитет. Таа беше сè повеќе вклучена и во планирањето на нивните теми, а помагаше и при изработката на 2 магистерски труда.

5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Уште од почетокот на своето вработување на Технолошко-металуршкиот факултет, кандидатката д-р Елена Величкова е вклучена во работата на научноистражувачки проекти што несомнено ѝ овозможи да се развие како научен работник. Во прилог на ова се објавените 6 труда во списанија со фактор на влијание и 12 во зборници од меѓународни собири.

Кон крајот на 2008 година, кандидатката д-р Величкова ја пријави за изработка својата докторска теза под наслов: *Конзервирање на овошје и зеленчук со нетермички процеси.* Во изминатиов период таа вредно работеше на истражувањата од областа на конзервирањето на овошје и зеленчук и оствари три студиски престои, еден во Шведска и два во Португалија. Добиените резултати ги публикуваше како научни трудови во списанија со фактор на влијание и во зборници од научни собири, а има одржано и две усни презентации. За дел од своите истражувања од докторатот поврзани со влијанието на вакуум-инфузија на криозаштитни средства врз смрзнувањето на јагодите, д-р Величкова ја освои првата награда на II International ISEKI_Food Conference, Bridging Training and Research for Industry and the Wider Community одржан во Милано, Италија, од 31.8 до 2.9.2011.

Во јануари 2013, кандидатката успешно го одбрани својот докторски труд. Два месеца потоа, овој труд беше прифатен од комисија на European Federation of Food Science and Technology (EFFoST), и беше предложен за презентација на работилницата на селектирани докторски трудови од областа на прехранбеното инженерство. Собирот се одржува во Парма, Италија, на 7-8 мај 2013 година.

6. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатката учествувала во повеќе промотивни активности на Факултетот во средните училишта, на конгресите за образование и на отворените денови на Факултетот. Таа била дел и од тимот за натпреварот за наноматеријали спроведен во средните училишта низ Македонија. Нејзината активност на Факултетот е претставена и со учеството во повеќе факултетски комисии (Пописна комисија, Комисија за самоевалуација и Комисија за оценка на трудовите од натпреварот за наноматеријали спроведен во средните училишта низ Македонија).

На барање од фирмата „Фармахем", доставено до Технолошко-металуршкиот факултет, д-р Величкова извршила анализа на мостри од месни производи и подготвила соодветен извештај.

Д-р Елена Величкова била рецензент на списанијата Food Chemisty и Food Science and Technology International.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изнесените податоци за кандидатката д-р Елена Величкова, очигледно е дека таа континуирано го развива својот потенцијал на млад научен кадар и постигнува забележителни резултати во наставно-образовната дејност, во научноистражувачката, а и во другите дејности од поширок интерес.

Таа постојано се надоградува и внесува новини во сите дејности на својата работа. Од приложениот список на трудови објавени во меѓународни списанија со фактор на влијание (6) и во зборници од научни собири (12) се гледа дека научноистражувачката работа на д-р Елена Величкова е во областа на прехранбената технологија и на биотехнологијата. Последните години поинтензивно работи во подрачјето на прехранбеното инженерство и прехранбената технологија, воведувајќи нови методи за анализа на прехранбените производи во лабораториите на Технолошко-металуршкиот факултет, во Одделот за прехранбена технологија и биотехнологија.

Врз основа на горенаведеното, Рецензентската комисија во д-р Елена Величкова гледа вреден, одговорен, совесен и соодветен соработник како за наставна, така и за научноистражувачка дејност. Во согласност со новите критериуми за избор на наставник според Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за избор во повисоко звање со вкупно 160,43 бодови (Анекс 2) и нашата позитивна оцена во однос на нејзината досегашна наставно-образовна и научноистражувачка активност, ние, членовите на Рецензентската комисија, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатката д-р Елена Величкова, досегашен асистент, да биде избрана во звањето доцент по групата предмети: основи на прехранбено инженерство, контрола на квалитет на прехранбени производи, контрола на квалитет на биотехнолошки производи, процеси на конзервирање на храна и изолација и пречистување на биопродукти.

Рецензентска комисија

1. Д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор,
Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, с.р.

2. Д-р Мирјана Боцевска, редовен професор,
Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, с.р.

3. Д-р Весна Рафајловска, редовен професор
Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Елена Ѓеорги Величкова**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Технолошко-металуршки факултет**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: прехранбена технологија (41400)

НАСТАВНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на вежби - прв циклус студии = ч·нед.·0,03·год.**	
	Основи на биохемиско инженерство (ПТ), 6. семестар, (3+3), 2003-2012	13,5
	Основи на прехранбено инженерство (ПТ), 6. семестар, (2+3), 2003-2013	14,85
	Контрола на квалитет на прехранбени производи (ПТ), 7. семестар, (3+3), 2003-2012	13,5
	Контрола на квалитет на биотехнолошки производи (БТ), 7. семестар, (3+3), 2003-2012	13,5
	Процеси на конзервирање на храна (ПТ), 7. семестар, (3+3), 2007-2012	8,1
	Изолација и пречистување на биопродукти, 6. семестар, (2+2), 2007-2013	6,3
2	**Консултации со студенти = број · 0,002**	
	од 2003-2013 вкупно 927 студенти	1,85
3	**Практикуми за одреден предмет**	
	Основи на биохемиско инженерство	1
	Основи на прехранбено инженерство	1
	Контрола на квалитет на прехранбени производи	1
	Контрола на квалитет на биотехнолошки производи	1
	Вкупно	75,60

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учесник на меѓународен научен проект = број · 5**	
	1. New Curriculum Models for Educating Food Engineers CD_JEP-40065-2005. Grant holder W. Steiner, Technische Universität Graz, coordinator S. Kuzmanova, UKIM, Faculty of Technology and Metallurgy, European Commission - EACEA, September 2006-November 2009.	5
2	**Учесник на национален научен проект = број · 3**	
	1. Алтернативни засладувачи од типот на полихидроксилни алкохоли наменети за прехранбени производи. Раководител Е. Винкелхаузен, УКИМ, ТМФ, Министерство за образование и наука на Р. Македонија, јули 2001-јуни 2004. 2. Физиологија на имобилизирани биокатализатори што метаболизираат шеќери. Раководител Е. Винкелхаузен, УКИМ, ТМФ, Министерство за образование и наука на Р. Македонија, јули 2006-јуни 2009.	6
3	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор = (6+иф)о,6**	
	1. Winkelhausen, E., Jovanovic-Malinovska, R., **Velickova, E.**, Kuzmanova, S.: Sensory and microbiological quality of a baked product containing xylitol as an alternative sweetener. *International Journal of Food Properties*, **10** (3) 639-649 (2007).	4
	2. **Velickova, E.**, Winkelhausen, E., Kuzmanova, S., Cvetkovska, M., Tsvetanov, Ch.: Hydroxyethylcellulose cryogels used for entrapment of *Saccharomyces cerevisiae* cells. *Reactive and Functional Polymers*, **69** (9) 688-693 (2009).	**5,09**
	3. Winkelhausen, E., **Velickova, E.**, Amartey, S.A., Kuzmanova, S.: Ethanol production using immobilized *Saccharomyces cerevisiae* in lyophilized cellulose gel. *Applied Biochemistry and Biotechnology*, **162** (8) 2214-2220 (2010).	4,77
	4. **Velickova, E.**, Petrov P., Tsvetanov, Ch., Kuzmanova, S., Cvetkovska, M., Winkelhausen, E.: Entrapment of *Saccharomyces cerevisiae* cells in u.v. crosslinked hydroxyethylcellulose/poly(ethylene oxide) double-layered gels. *Reactive and Functional Polymers*, **70** (11) 908-915 (2010).	**5,09**
	5. **Velickova, E.**, Kuzmanova, S., Cvetkovska, M., Winkelhausen, E.: A lag-time model for substrate and product diffusion through hydroxyethylcellulose gels used for immobilization of yeast cells. *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, **30** (1), 85-96 (2011).	4,25

	6. **Velickova, E.** Tylewicz, U., Dalla Rosa, M., Winkelhausen, E., Kuzmanova, S., Gómez Galindo, F.: Effect of vacuum infused cryoprotectants on the freezing tolerance of strawberry tissues. *LWT - Food Science and Technology*, (2011), doi:10.1016/j.lwt.2011.09.013	**5,13**
4	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор = 3·0,6 или 3·0,8**	
	1. Winkelhausen, E., Jovanovic, R., **Velickova, E.**, Kuzmanova, S.: Sensory evaluation of cookies made with different sweeteners and their characteristics during storage. Proceedings of the 18th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, BFT-2, Ohrid, Macedonia, September 23-25, 2004.	**1,8**
	2. Winkelhausen, E., **Velickova, E.**, Kuzmanova, S.: Food properties of baked products containing xylitol and sorbitol. Proceedings of the 5th International Congress on food technology, 2, 416-422, Thessalonica, Greece, March 6-9, 2007.	**2,4**
	3. Jovanovic-Malinovska, R., **Velickova, E.**, Kuzmanova, S., Winkelhausen, E., Cvetkovska, M., Tsvetanov, Ch.: Biosynthesis of ethanol with new immobilized systems. Proceedings of the 3rd Congress of ecologists of the Republic of Macedonia, Struga, Macedonia, October 6-9, 2007.	**1,8**
	4. Winkelhausen, E., **Velickova, E.**, Amartey, S.A., Kuzmanova, S.: Biofuel production by yeasts and bacteria. Proceedings of the 20th Congress of Chemists and Technologysts of Macedonia, BFT-03-E, Ohrid, Macedonia, September, 2008.	**1,8**
	5. **Velickova, E.**, Kuzmanova, S., Winkelhausen, E., Cvetkovska, M., Tsvetanov, Ch.: New immobilization technique of cell entrapment applied for ethanol production. Proceedings of the 4th Central European Congress on Food, **2**, 351-357, Cavtat, Croatia, May 15-17, 2008.	**1,8**
	6. **Velickova, E.**, Winkelhausen, E., Kuzmanova, S.: Production of bio-ethanol by free and HEC immobilized yeast cells, Proceedings of the XVIIth International Conference on Bioencapsulation, Oral 07-5, 1-4, Groningen, Netherlands, September 24-26, 2009.	**2,4**
	7. **Velickova, E.**, Winkelhausen, E., Kuzmanova, S.: Effect of sucrose and salt solution on mass exchange during osmotic pretreatment of carrot and potato. Book of full papers of the 5th Central European Congress on Food, 58-62, Bratislava, Slovak Republic, May 19-22, 2010.	**2,4**

	8. Gomez Galindo, F., Dejmek, P., Phoon, P.Y., **Velickova, E.**, Tylewicz, U.: Preservation of cell viability in fruit and vegetable tissues after freezing and thawing. 11th International Congress on Engineering and Food, vol. 1, 515-520, Athens, Greece, May 22-26, 2011.	1,8
	9. **Velickova, E.,** Winkelhausen, E., Kuzmanova, S.: Apple chips produced by combined drying techniques. Proceedings of the 7th International Congress of Food Technologist, Biotechnologist and Nutritionist, 242-246, Opatija, Croatia, September 20-23, 2011.	2,4
	10. **Velickova, E.,** Dimova, D., Winkelhausen, E., Kuzmanova, S.: Preservation of diospyros kaki with edible films. Proceedings of the 7th International Congress of Food Technologist, Biotechnologist and Nutritionist, 247-251, Opatija, Croatia, September 20-23, 2011.	1,8
	11. Jovanovic-Malinovska R., **Velickova E.,** Kuzmanova S., Winkelhausen E.: Development of a quince snack enriched with inulin and stevia, Proceedings of the 6th CEFood, 68-73, Novi Sad, Serbia, May 23-26, 2012.	1,8
	12. Dabevska-Kostoska M., **Velickova E.,** Kuzmanova S., Winkelhausen E.: White brined cheese as a delivery medium for probiotic bacteria, Proceedings of the 6th CEFood, 1142-1147, Novi Sad, Serbia, May 23-26, 2012.	1,8
5	**Апстракти објавени во зборник на конференција = број · 1,0**	
	1. **Velickova E.**, Lorenco, N., Kuzmanova S., Winkelhausen E.: Waste water treatment in anaerobic-aerobic reactors. Fifth congress of pure and applied chemistry for the students from Macedonia, Skopje, Macedonia, October 16 - 18, 2003. 2. Matevska, M., Jovanovic, R., **Velickova E.**, Winkelhausen E.: Chitosane and alginate as carriers for immobilization of *Saccharomyces cerevisiae*. Sixth congress of pure and applied chemistry for the students from Macedonia, Skopje, Macedonia, December 1-2, 2005. 3. **Velickova, E.**, Ilijoska, I., Winkelhausen, E., Kuzmanova, S.: Shelf life of sausages made with fat substitutes. ICOSECS 5-International Congress of the Chemical Societies from the South-East European Countries, Ohrid, Macedonia, September 10-14, 2006. 4. Winkelhausen, E., **Velickova E.**, Amartey, S.A., Kuzmanova, S.: Acceptability of baked products prepared with polyols. ICOSECS 5-International Congress of the Chemical Societies from the South-East European Countries, Ohrid, Macedonia, September 10-14, 2006. 5. **Velickova, E.**, Petrov, P., Fodor, C., Manojlovic, V., Nedovic, V., Ivan, B., Winkelhausen, E., Tsvetanov, Ch.: New carriers for cell immobilization, ICOSECS 6 - International Conference of the Chemical Societies of the South-East European Countries, Sofia, Bulgaria, September 11-14, 2008.	10

	6. Winkelhausen, E., **Velickova E.**, Amartey, S.A., Kuzmanova, S.: Production of bioalcohols by yeasts from *Saccharomyces* and *Candida* genera. 13th International Biotechnology Symposium and Exhibition, Dalian, China, October 12-17, 2008. 7. Manojlovic, V., Nedovic, V., Bugarski, B., Winkelhausen, E., **Velickova, E.**, Petrov, P., Ivan, B., Tsvetanov, Ch.: Beer production with immobilized yeast cells, COST meeting, Luxemburg, April 24-25, 2009. 8. **Velickova, E.**, Tylewicz, U., Dalla Rosa, M., Winkelhausen, E., Kuzmanova, S., Gómez Galindo, F.: Cryoprotective treatment of strawberries 2nd International ISEKI Food Conference, Milan, Italy, 31st Aug-2nd September 2011. 9. Jovanovic-Malinovska, R., **Velickova, E.**, Kuzmanova, S., Winkelahausen, E.: Ultrasound assisted extraction of fructo-oligosaccharides, total phenolic and flavonoid compounds from fruits and vegetables. 22nd Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, BFT-1, Ohrid, Macedonia, September 5-9, 2012. 10. Ganiji, A., **Velickova, E.**, Kuzmanova, S.: Monitoring the stability of dried apple product obtained by osmotic pretreatment. 22nd Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, BFT-41, Ohrid, Macedonia, September 5-9, 2012.	
	Вкупно	**73,33**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методолсгија**	
	Извршена анализа на: 1. Фармахем, 15.9.2010	1
	Вкупно	1

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Член на факултетска комисија = број ·0,5**	

	1. Член на Комисија за самоевалуација (2012-) 2. Член во Пописна комисија – Институт за органска технологија (бр. 02-1759, 10-11.2011) 3. Член во Комисија за оцена на трудови на натпреварот за наноматеријали спроведен во средните училишта низ Македонија (2013)	**1,5**
2	**Учество во промотивни активности на Факултетот = број · 0,5**	
	1. Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, 2007. 2. Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, 2008. 3. Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, 2009. 4. Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, 2010.	**2**
3	**Награда за научни постигнувања од струкова организација како учесник во тим = број · 1**	
	1. Прва награда за трудот презентиран на II International ISEKI_Food Conference, Bridging Training and Research for Industry and the Wider Community, Милано, Италија, 31.8 - 2.9.2011.	**1**
4	**Студиски престои во странство, до 3 месеца 0,5 поени, до 6 месеци 1 поен**	
	1. Студиски престои во странство до 3 месеци, 8 2. Студиски престои во странство до 6 месеци, 2	**6**
	Вкупно	**10,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:	75,60
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:	73,33
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	-
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	1,00
ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	10,50
Вкупно	160,43

Рецензентска комисија

1. Д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор,
   Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, с.р.

2. Д-р Мирјана Боцевска, редовен професор,
   Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, с.р.

3. Д-р Весна Рафајловска, редовен професор
   Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ: „АРХИТЕКТОНСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ПОТРОШУВАЧКОТО ОПШТЕСТВО ОД АСПЕКТ НА ПРОМЕНЛИВОСТ“ ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МАРИЈА МАНО ВЕЛЕВСКА, ДИПЛ. ИНЖ. АРХ. ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 08 бр.6/106 од 15.V 2013, избрани сме за Рецензентска комисија за преглед и оцена на докторската дисертација со наслов: АРХИТЕКТОНСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ПОТРОШУВАЧКОТО ОПШТЕСТВО ОД АСПЕКТ НА ПРОМЕНЛИВОСТ, изработена од кандидатката м-р Марија Мано Велевска, дипл.инж.арх., асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Докторската дисертација е пријавена во февруари 2009 година. Со одлуката бр.08-6/39 од 3.VII 2009 год., Наставно-научниот совет на седницата одржана на 1. VII 2009 год. го прифати извештајот на Комисијата во состав: м-р Цветанка Симоновска, редовен професор – претседател, д-р Зорица Блажевска, редовен професор – член, и д-р Митко Хаџи Пуља, редовен професор – член, за утврдување на подобноста на темата и кандидатот за научна работа и ја одобри изработката на докторската дисертација. На истата седница е определен д-р Митко Хаџи Пуља, редовен професор, за ментор на докторската дисертација.

По прегледот на доставената докторска дисертација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов: АРХИТЕКТОНСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ПОТРОШУВАЧКОТО ОПШТЕСТВО ОД АСПЕКТ НА ПРОМЕНЛИВОСТ, претставува самостоен научен труд на кандидатката м-р Марија Мано Велевска, дипл.инж.арх., презентиран на 149 страници, со 136 библиографски единици.

Содржината на докторската дисертација, покрај воведот и заклучокот, опфаќа три основни целини-делови:

ВОВЕД
1. АРХИТЕКТУРА, КОНСУМЕРИЗАМ, ПРОМЕНА
2. АРХИТЕКТУРА И КОНСУМЕРИЗАМ
3. АЛТЕРНАТИВИ НА КОНСУМЕРИЗМОТ
ЗАКЛУЧОК: АРХИТЕКТУРА БАЗИРАНА НА ПРОМЕНИ И ПРОМЕНЛИВОСТ

Темата на докторската дисертација спаѓа во областа на архитектонската теорија, а **предметот на истражување** е влијанието на консумеризмот врз архитектурата како појава и како процес, односно влијанието на консумеризмот врз формирањето на програмските диспозиции и просторните организации. Вака дефинираниот предмет се фокусира кон промената и променливоста, сфатена како контекст што ја насочува и стимулира архитектонската продукција во современиот свет.

Целта на истражувањето е да се разбере позицијата на архитектурата во современиот свет во кој една од доминантните особености се консумеризмот и последиците што тој ги има врз многубројни аспекти на општественото живеење. Преку препознавањето на причините и динамиката на промената во современото општество, ова истражување сака да укаже на развојот и потенцијалите на соодносот на општествените текови и архитектурата. Проучувањето на сложениот контекст во кој архитектурата настанува и на основите врз кои се темели овозможува да се согледаат ограничувањата и можностите на дејствување на архитектурата.

Во **воведниот дел** на трудот се посочени предметот, целите и методите на истражувањето, како и структурата на трудот преку која се прикажува процесот на истражување и патот на доаѓање до презентираните резултати.

Во **првиот дел** насловен **Архитектура, консумеризам, промена** се разгледани трите клучни поими врз кои се базира трудот, односно архитектурата, консумеризмот и промената. Преку нивното поединечно анализирање и дефинирање се поставува теоретската основа на трудот. Нивното симултано дејствување го означува реалниот контекст во кој настанува и се развива современата архитектура.

Во **вториот дел** насловен **Архитектура и консумеризам** се дадени главните тези на овој труд. Прво се прави преглед на историскиот развој на теоретските и практичните искуства на поврзување на архитектурата и социолошкиот и културолошкиот контекст, а потоа, задржувајќи се на актуелните состојби, се дефинират доминантните форми на манифестирање на архитектурата на потрошувачкото општество. Во трудот тие се препознаени како: *комодификација, естетификација, дизнификација* и *спектаклофикација*. Разгледувајќи ги секоја одделно, тие се претставени како одраз на клучните влијанија на општеството и културата на примерот на архитектурата. Така, комодификацијата се врзува за доминацијата на консумеризмот во системот на објекти, покажувајќи ја тенденцијата сé да се претопи во објект за потрошувачка, трансформирајќи ја архитектурата „од објект во знак". Низ процесот на естетификација се анализира тенденцијата за сеприсутност на естетиката која резултира во потиснување и заменување на уметноста, процес во кој архитектурата се трансформира „од слика во икона". Манифестирањето на архитектурата преку појавата на нејзина дизнификација резултира со симултано постоење и преплетување на реалното и имагинарното, како и нивните специфични односи на поддршка и потврдување на другото преку негово спротивставување и исклучување. Во архитектурата, овој феномен се разгледува низ принципот на атмосфера во архитектурата, трансформирајќи ја архитектурата „од амбиент во тотален простор". Концептот на спектаклофикација се темели врз идејата за спектаклот како логична последица на комодификацијата. Тој е сфатен како процес во кој пасивниот набљудувач станува активен учесник со активирање на сите сетила, а архитектурата се трансформира во настан.

Во **третиот дел** насловен **Алтернативи на консумеризмот** се разгледуваат актуелните критички концепти и практични форми на спротивставување на консумеризмот. Издвојувањето на три клучни концепти кореспондира со трите клучни аспекти на критиката на идејата и појавата на консумеризмот кои се определуваат како доминација на знаковната и симболичката вредност над вистинската вредност, како прекумерно трошење и акумулирање на вишоци што се толкува како императив и репер за богатство и како културно-социјална хегемонија во која односот на човекот кон предметот ги потиснува и ги заменува вистинските меѓучовечки односи. Тргнувајќи од нивната релевантност како општествени појави и од нивната применли-

вост во архитектурата се издвојуваат три клучни концепти преку кои може да се развијат алтернативни практики: *прагматизам и функционализам, екологија и одржливост* и *колективен и колаборативен консумеризам*. Респективно, овие практики соодветствуваат на тежнеењето за создавање архитектура која ги задоволува потребите, на архитектура која ја почитува животната средина и на архитектура која создава нова колективност. Овие концепти произлегуваат од причинско-последичната поврзаност на општествените текови и нивната рефлексија врз архитектурата, а во трудот се промислува нивната рационална заснованост и се укажува на нивните соодноси со самиот феномен на консумеризмот.

Во **заклучокот** на докторската дисертација, насловен **Архитектура базирана на промени и променливост,** се сумираат резултатите од претходно поставените тези, се утврдува позицијата на архитектурата водена од консумеризмот, нејзините можности и граници во потрошувачкото општество и се изведуваат алтернативи на консумеризмот во рамките на современото општество.

Воведувајки ги социолошките, економските и културолошките аспекти во дискурсот на архитектурата, овој труд се потпира на анализи и воспоставени тези на повеќе теоретичари и особено на Жан Бодријар. Она што неговото дело го прави корисно за архитектурата, е тоа што тој ги проучува не само теоретските идеи и принципи, туку и материјалните процеси на обликување на околината со што навлегува во доменот на архитектонските манифестации. Бидејќи овој труд тргнува од претпоставката дека проблемите на архитектурата на потрошувачкото општество не се толку во содржината туку пред сé во структурата на културата, Бодријаровата критичка теорија е основа за разбирањето на динамиката во современото потрошувачко општество и на современата „потрошувачка" архитектура. Во овој контекст, Бодријаровите тези критички се опсервираат, се споредуваат и се спротивставуваат на други ставови од неговото и од денешното современие, врз што се темелат изнесените тези во трудот. Овие тези се потврдуваат со примери од современата архитектура преку делата на неколку архитекти кои ја одразуваат актуелната фаза на архитектурата на потрошувачкото општество.

ЗАКЛУЧОК:

Комисијата констатира дека докторската дисертација АРХИТЕКТОНСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ПОТРОШУВАЧКОТО ОПШТЕСТВО ОД АСПЕКТ НА ПРОМЕНЛИВОСТ изработена од кандидатката м-р Марија Мано Велевска, дипл.инж.арх., по својот обем, содржина, методологија и структура, според идеите и основните резултати на истражувачкиот проект ги исполнува поставените задачи и претставува примерен облик на докторска дисертација.

Изборот на темата е високо релевантен. Проблемот на соодносот на архитектурата и консумеризмот не е само од историско-теоретско значење, туку е суштествен за разбирање на просторно-програмските и материјалните процеси во современото општество. Во таа смисла, критичкото разгледување на архитектурата на консумеризмот има клучна позиција во преосмислување на архитектурата и нејзината улога во општество, како и на нејзините ограничувања и можности. Преку длабинската и насочена анализа на феноменот на консумеризмот, овој труд ни дава релевантен приказ на сложеноста и противречноста на современите општествени процеси кои во изминатите децении пресудно влијаеја на архитектурата.

Трудот посочува дека во услови на постојана промена и променливост се дестабилизираат и се менуваат и самите сфаќања за градот и архитектурата. Во таа смисла, изградениот простор се манифестира преку неговите отворени можности не како готов производ, туку како незавршен систем со отворен крај, а клучните и дефинирачки карактеристики на архитектурата стануваат процеси на осцилирање во распони од објект до знак, од уметност до естетичност, од материјални добра до нематеријални искуства и од реалност до хиперреалност.

Докторската дисертација придонесува: прво, во воспоставување на релација помеѓу клучните поими *архитектура, консумеризам и промена* преку чие симултано дејствување се генерира современиот контекст на архитектурата; второ, во дефинирање на доминантните форми на манифестирање на архитектурата на потрошувачкото општество препознаени како процеси на *комодификација, естетификација, дизнификација* и *спектаклофикација* и трето, во издвојување на критички концепти и практични форми на отпор и спротивставување на консумеризмот: *прагматизам и функционализам, екологија и одржливост* и *колективен и колаборативен консумеризам* преку кои можат да се развијат алтернативни архитектонски практики.

Со особена чест и големо задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да ја прифати рецензијата на докторската дисертација АРХИТЕКТОНСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ПОТРОШУВАЧКОТО ОПШТЕСТВО ОД АСПЕКТ НА ПРОМЕНЛИВОСТ од кандидатката м-р Марија Мано Велевска, дипл.инж.арх., и да утврди термин за нејзина одбрана.

Скопје, мај 2013

КОМИСИЈА:

Д-р Минас Бакалчев, редовен професор – претседател, с.р.
Д-р Митко Хаџи Пуља, редовен професор – ментор, с.р.
М-р Цветанка Симоновска , редовен професор во пензија – член, с.р.
Д-р Зорица Блажевска, редовен професор – член, с.р.
Д-р Влатко П. Коробар, редовен професор – член. с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРЕКЛОПУВАЊЕ НА ИДЕИТЕ И РЕАЛНОСТА НА СОВРЕМЕНИОТ ГРАД: ОД УТОПИЈАТА НА ПОСАКУВАНОТО КОН ХЕТЕРОТОПИЈАТА НА ХИПЕРРЕАЛНОТО“, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р СЛОБОДАН ВЕЛЕВСКИ, ДИПЛ.ИНЖ.АРХ., ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на 49. седница одржана на 10.5.2013 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Преклопување на идеите и реалноста на современиот град: од утопијата на посакуваното кон хетеротопијата на хиперреалното“ од кандидатот м-р Слободан Велевски, дипл.инж.арх. Докторската дисертација е пријавена во 2009 година и одобрена за изработка врз основа на Извештајот од Комисијата за утврдување подобност на темата и кандидатот за научна работа прифатен на 79. седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје одржана на 1.7.2009 година.

Дисертацијата е предадена во архивата на Архитектонскиот факултет на почетокот на јули 2013 година и е заведена под архивски број 07-138/1. Комисијата ја прегледа докторската дисертација и на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Трудот е презентиран на вкупно 307 страници, од кои интегралниот текст на тезата опфаќа 296 страници, а библиографските единици кои содржат 161 печатена единица и 16 веб-страници опфаќаат 11 страници. Во текстот се инкорпорирани и десет дијаграми.

Дисертацијата е содржински структурирана во пет целини, и тоа: 1. воведни разгледувања, 2. прва глава која содржи историски преглед на утопијата, 3. втора глава која ги обработува теоретските дискурси за утопијата, 4. трета глава која го третира декодирањето на чинителите на утопијата, 5. заклучни разгледувања.

Во воведот, на 26 страници, се дава опис на содржината на трудот, се изнесуваат појдовните хипотези на трудот и се дава осврт на применетата методологија. Уште во воведниот дел се посочуваат визиите за современиот град како на примери за аналитичка артикулација на утописката природа на идеите за современиот град, при што идејата за современ град се третира како рефлексија на променливата општествена природа.

Во првата глава, на 29 страници, е даден кус историско-теоретски вовед во утописката идеја од Мор до денес. Притоа, делото на Томас Мор се третира како референтна точка од која се издвојуваат принципите и предусловите за идеалот на утопијата и се прави кус осврт на теоретските дискурси на утопијата од Мор до денес.

Втората и третата глава на трудот го претставуваат основниот корпус на истражувањето. Втората глава, на 119 страници, ја третира природата на утописките искуство преку метаозначувачите на полето на утопијата, раздвоени во три целини како психолошки искуства, социолошки искуства и просторни искуства.

Во третата глава, која опфаќа 106 страници, се врши декодирање на утописките наратив на идеите за современ град, движејќи се од означувачите кон двигателите на

утописката идеја преку користење на релевантни примери кои отсликуваат хронолошки раздвоени идеи за современиот град.

Во заклучокот, презентиран на 11 страници, се сумираат резултатите на истражувањето и се посочуваат граничните преклопувања на идеите и реалноста на современиот град, упатувајќи на можните нови двигатели на утописката идеја.

Основната истражувачка цел на трудот е да одговори на прашањето која е генезата на идејата за современиот град. Во овој контекст, дисертацијата го поставува концептот на *утопијата* како носечки мисловен дискурс кој е способен во себе да го опфати карактерот на идејата воопшто и идејата на современиот град посебно.

Во **воведот** на трудот се определуваат хипотезите кои имаат за цел да го делимитираат полето на истражување со поставување на релациите кои ги развиваат 'идеите за современиот град', променливиот карактер на социо-просторниот конструкт и самиот феномен на градот. Она што е заедничко за хипотезите е дека тие ја позиционираат 'идејата за современиот град' како резултат на феноменот на *општествена нестабилност,* односно го кодираат искуството на *промена* како дел од ваквата нејзина состојба, неа ја подразбираат како социо/економски, политичко/идеолошки, но и ментален ефект, а просторноста на феноменот на градот ја гледаат во нова утописка мета-реалност, односно во преклопот помеѓу 'посакуваното' и 'стварното'.

Во воведот кусо се претставува и изборот на проекти – визии кои трудот ги користи да ја посочи *нестабилноста* и *промената* на постојните просторно-општествени конфигурации, а овој дел се заокружува со кусо појаснување на методот кој се користи за декодирање на утописката природа на наративите на избраните просторни визии. Дисертацијата поставува свој сопствен метод на *утописка формулација* преку кој ги препознава и ја развива наративната артикулација на кодовите на 'идеите за современиот град' преку елементи кои ги именува како *означувачи* и *двигатели* на утопиското поле на 'идејата за современиот град'.

Првата глава на трудот има за цел да ја претстави теоретската и историската рамка на концептот на утопијата, односно да направи кус генерички преглед на утописката идеја. Трудот го дефинира полето на *утопиското дејствување* следејќи го делото 'Утопија' на Томас Мор како зачеток на современиот утописки дискурс, движејќи се кон подоцнежните утописки поимања и нивната рефлексија врз општествено-просторната реалност. Во дисертацијата се посочува дека иако концептот на утопијата се пренесува во пишана (литерарна) и визуелна форма, трудот рамноправно ги третира вредностите на утопискиот импулс кои овие форми го носат во себе, позиционирајќи се помеѓу нив. Во дисертацијата се проширува вообичаеното поимање на концептот на утопијата како 'визија за иднината' и тој се поставува како 'временски' флексибилен отсечок кој е истовремено загледан во минатото (од кадешто црпи искуства) и иднината (која ја посакува) и која повратно дејствува на сегашноста.

Во контекст на делото на Мор, во првиот дел се поставува феноменот на *промената* и нејзиниот стремеж во достигнување на 'идеалното' како алатка за промислување и надминување на проблемите на општествената реалност. Трудот ја посочува *промената* како дел кој е кодиран во дискурсот на утопијата. Анализата на концептот на утопијата во делото на Мор дисертацијата го заокружува со посочување на *принципите* на идеалот, но и *предусловите* за негово постигнување. Како клучен се посочува принципот на *еднаквост* во ползувањето на економските, политичките и културолошките перформанси на општеството. Меѓутоа, како предуслов за општествено ефектуирање на

принципот на *еднаквост*, трудот во делото на Томас Мор ја препознава токму територијалната (просторна) дефинираност на неговата утописката замисла. Таа за трудот добива особено во значење со тоа што *просторните* атрибути во визијата на Мор ја прошируваат својата улога во социјалното поле на општествено дејствување, при што просторот го обединува колективот на ниво на фамилијата, но и во сферата на поделбата на трудот и распределбата на материјалните добра.

Првата глава завршува со евидентирање на природата на концептот на утопијата по делото на Мор, односно ја согледува рефлексијата на неговиот утописки идеал врз подоцнежните социо-просторни визии. Во овој дел, трудот прави отсечок од утописките ткиво на идеите за современиот град во XIX век, кои се под директно влијание на периодот на европското просветителство и француската револуција, преку почетокот на дваесеттиот век и појавата на модернизмот, па сè до периодот на постмодернизмот во втората половина на дваесеттиот век, заокружувајќи ја утописката мисла со актуелните атрибути на концептот на утопијата денес.

Во **втората глава** на трудот се врши деконструкција на телото на концептот на утопија. За таа цел, дисертацијата препознава елементи на утопијата како ентитети кои го денотираат 'посакуваното', односно тежнеат кон идеалот. Тоа се *означувачите* на полето на утопијата и тие се претставени како псевдодвигатели на 'идејата на современиот град' бидејќи во себе го носат потенцијалот на двигател на одредена идеја кој е пасивен и се активира, односно станува двигател само во случај на нивна дијалектичка контекстуализација во рамките на утописките процес. Дисертацијата ги посочува *означувачите* на полето на утопијата како општи термини кои служат за генеричко означување на 'идејата за современиот град', а трудот ги пронаоѓа нив во искуствата на поединецот и/или групата и нивното општење во социо-просторниот колектив на градот. Овие дијалектички искуства дисертацијата ги препознава како:

- *психолошки искуства*, и во нив ги вбројува биопојавните аспекти на индивидуалното *psyché* во концептот на утопијата. Настанувањето на утописката идеја трудот го третира како ментален акт на една индивидуа. Доколку идејата е индивидуален гест тогаш нејзините зачетоци лежат во субјективната свест на поединецот. Оттаму, во потрагата по општите означувачи на утописките поле трудот навлегува во полето на свеста и најдлабоките човекови психолошки искуства како што се поривите, копнежите, сонот, фантазијата, односно себеспознанието во процесот на создавањето на идентитетот со сите аспекти на личноста и неговата рефлексија во секојдневниот живот;
- *социолошките искуства* дисертацијата ги посочува како аспекти на општествената тактилност. Во трудот овие искуства се подразбираат преку релациите кои општествената формација ги развива помеѓу нејзините чинители. Тие се однесуваат и го опфаќаат односот на институциите на системот кон поединци и групи, креативниот општествен набој како и развојот на технолошките вештини. Ваквите соодноси трудот ги означува како социјални искуства при што релациите ја опфаќаат индивидуата и нејзината морална и културолошка еманципација во општеството. Утописката идеја се следи преку евиденција на карактеристичните просторни кодови и специфичната продукција на просторот во општеството како и улогата на идеологијата која во трудот се подразбира како идентитетско искуство врз кое се наслојуваат општествените (цивилизациски) знаења;
- *просторните искуства* во дисертацијата го третираат амбивалентниот карактер на концептот на утопијата, односно нејзината појавност ја означуваат како симултана материјалност и нематеријалност и истата ја посочуваат како дел од самата лингвистичка генеза на терминот 'утопија'. Токму во овој дел од втората глава, трудот го означува оп-

штеството како геоисториски продукт кој е спрега на историјата и просторноста со што концептот на утопијата го идентификува како ентитет кој е способен 'временски' и 'материјално' да трансгресира. Таквата природа на концептот на утопијата дисертацијата го следи преку концептите на хетеротопијата и на ектопијата. Вториот претставува автентичен придонес кој дисертацијата го дава во толкувањето на хетеротопискиот модел, со што таа се надоврзува на природата на 'отворен крај' на хетеро(у)топиите.

Третата глава го гради телото на сопственото автентично разбирање на концептот на утопијата. Во оваа глава *означувачите* од втората глава се контекстуално поставени во наративот на конкретна утопија на проектот – визија кој се испитува. За таа цел, дисертацијата поставува свој модел за толкување на 'идејата за современиот град' кој го именува како *утописка формулација*. Тој има за цел да ги кодира општите *означувачи* на утописките поле како *двигатели* кои стојат зад создавањето на идејата за современиот град. Оваа глава прави обид за реконструкција на значењето на утописките дискурс. За таа цел, пред да ја постави *утописката формулација* како метод на реквалификација на утописките концепт, дисертацијата препознава елементи на утописките тело со свои значенски специфичности кои ги поставува наспроти вообичаеното поимање на концептот на утопијата.

Методот на утописката формулација е структуриран преку елементите на:
- *утописките импулс,* кој ја претставува првичната 'идеја' и кој е акт на општествена непослушност, односно придвижувач на *промената* во постојната социо-просторна даденост. Утописките импулс дисертацијата го гледа како моментален одблесок, продукт кој не е доволно дефиниран во своите барања. Тој треба да го подразбере 'идејниот' почеток, што значи дека неговата валоризација во идеја бара дополнително појаснување и дооформување на конкретен став;

- *утописката програма* ја развива првичната идеја на утописките импулс.
Таа подразбира појава на идеолошки набој врз полето во кое делува почетниот утописки импулс и како таква прави обид за себереференцирање во политички програм кој има за цел да делува во рамките на општествениот систем или надвор од него. Вакватa *утописка програма* дисертацијата ја поставува како политички конструкт кој ја подразбира територијалноста на утописката идејата како неопходност за сопствена реализација. Оттаму, *утописката програма* бара просторна дефинираност, односно создава свои сопствени просторни кодови кои имаат за цел гранично да се конфронтираат со своето неутописко опкружување;

- *утописките атрибути* трудот ги поставува како анкерни точки на 'идејата'. Тие се означувачи кои се испразнети од сопствената лингвистичка содржина со што се спремни да го прифатат идеолошкото полнење на *утописката програма* во даден контекст. Како такви, *утописките атрибути* претставуваат општи означувачи сè до моментот кога наративот на утопијата не претпостави одредени меѓусебни релации со цел за свое себепотврдување. Релациите помеѓу утописките атрибути се развиваат преку *систем на принципи* кои ја даваат нивната означувачка содржина во контекст на даден утописки наратив. Дисертацијата го применува семиотичкиот четириаголник на A.J. Греимас, кој претставува лингвистичка алатка за декодирање и потврдување на одреден наратив и него го користи како начин за полнење на *утописките атрибути* со значење во контек-

ст на утописката идеја, со што тие стануваат *двигатели* на утописките наратив, а нивната дијалектичка релација се референцира и огледува директно од утописката идеја;

- *утописката содржина* ја обединува утописката идеја со нејзината програма. Од таа причина таа развива идеолошка конотација во која свое место наоѓаат и делови од *утописките импулс*. *Утописката содржина* е фаза во која во полна зрелост може да се доживее и почувствува свежината на утописките скок на замислата кон нови радикални алтернативи на другоста;

- *крајниот резултат* го заокружува целиот утописки процес. Во дисертацијата *крајниот резултат* се претпоставува како променлива категорија бидејќи зависи од наративот на утопијата кој е променлив. На овој начин се избегнува солидификацијата на утописката идеја, односно истата се подразбира како конструкција со *отворен крај*, а нејзината формулација е нестабилна бидејќи таа е секогаш одново спремна за нова промена која ја констатира сеприсутноста на *другоста* во нејзиното тело.

Трудот во оваа глава го декодира наративот на утописката идеја преку три парадигматични проекти – визии: 'Новиот Вавилон' на Констант Нијвенхујс, 'Градот што отсјајува' на Ле Корбизије и 'Фаланстериите' на Шарл Фурие и во нив ги препознава сите термини кои потоа ги референцира во *утописката формулација*.

Во **заклучокот** на трудот, концептот на утопијата се дополнува со феноменот на 'времето' со што се прави обид претходните утописки мета-искуства да се препознаат како 'вечни', а метанаративите на идејата за современиот град како инхерентен дел од секој наратив на 'реалните' конструкти на градот и градското. За таа цел во дисертацијата се презентира дијаграм на 'граничните преклопувања на идеите и реалноста на современиот град' кој ги суперпонира утописките идеи и нивните влијанија со клучни моменти од политичкиот и културолошкиот контекст низ времето. Овој дијаграм претставува мапа во која се вкрстува хетерогената комплексност на градот кој е претставен како продукт едновремено на 'замислата' и на 'реалноста'. Со ова поистоветување на искуствата на 'замислата' и 'реалноста' се потврдува феноменот на *непостојаност и промена* како вткаен во природата на градот.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов „Преклопување на идеите и реалноста на современиот град: од утопијата на посакуваното кон хетеротопијата на хиперреалното“, изработена од кандидатот м-р Слободан Велевски, дипл.инж.арх., во средиштето на својот научен интерес ја има идејата за современиот град и утопијата како мисловен дискурс кој може да го опфати нејзиниот карактер. Дисертацијата по сите елементи на спроведениот истражувачки процес и презентираните научни резултати високо ги исполнува критериумите на самостоен научен труд и ја потврдува истражувачката зрелост на кандидатот.

Изборот на темата го покажува афинитетот на кандидатот да се занимава со теоретскиот дискурс поврзан со идејата за современиот град. Истовремено, овој избор сведочи и за неговото познавање и упатеност во обемниот корпус на рецентна дисциплинарна, но и поширока научна продукција релевантна за процесите кои на идејно рам-

ниште ги определуваат зачетоците, настанувањето и трансформациите на современиот град. Во оваа смисла, докторската дисертација претставува самосвојно промислување на идеите за современиот град и на реалноста 'произлезена' од нив.

Клучниот придонес на докторската дисертација Комисијата го лоцира во целовитоста на аналитичкиот пристап кон утописката идеја за современиот град кој резултира во генеричка алатка за толкување на утописките идеи за градот. Во првиот чекор елементите на утопијата кои го денотираат 'посакуваното' се определени како *означувачи* на утописките поле и се претставени преку психолошки, социолошки и просторни искуства. Потоа, во дисертацијата се развива сопствен модел за толкување на 'идејата за современиот град' кој се именува како *утописка формулација*, која има за цел да ги кодира општите *означувачи* на утописките поле како *двигатели* кои стојат зад создавањето на идејата за современиот град. Предложениот автентичен модел претставен преку *утописката формулација*, како свои елементи ги определува *утопискиот импулс, утописката програма, утописките атрибути, утописката содржина* и *крајниот резултат* кој го заокружува утопискиот процес. Од особено значење е фактот што крајниот резултат се третира како променлива категорија со што, како што истакнува кандидатот „се избегнува солидификацијата на утописката идеја, односно таа се подразбира како конструкција со *отворен крај (...)* секогаш одново спремна за нова промена која ја констатира сеприсутноста на *другоста* во нејзиното тело".

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација високо го цени квалитетот на докторската дисертација и нејзиниот научен придонес не само во рамките на скромната научна продукција во ова подрачје кај нас, туку и на пошироко меѓународно рамниште.

Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да го прифати извештајот за оцена на докторската дисертација со наслов „Преклопување на идеите и реалноста на современиот град: од утопијата на посакуваното кон хетеротопијата на хиперреалното", од кандидатот м-р Слободан Велевски, дипл.инж.арх., и да ја закаже нејзината јавна одбрана.

Комисија

Проф. д-р Мирослав Грчев, претседател, с.р.
Проф. д-р Влатко П. Коробар, ментор / член, с.р.
Проф. д-р Минас Бакалчев, член, с.р.
Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член, с.р.
Проф. д-р Митко Хаџи-Пуља, член, с.р.

Скопје, 22 мај 2013 година

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОЛОГИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА И КУЛТУРНАТА АНТРОПОЛОГИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно - математичкиот факултет во Скопје, бр. 07-615/2 од 25.4. 2013 година, избрани сме за членови на Комисијата за избор на асистент од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија, по објавениот конкурс во весниците "Дневник" и "Коха" на 28.3. 2013 година. Комисијата ги разгледа доставените материјали и утврди дека на конкурсот се пријавила една кандидатка - Елизабета Павковиќ, асистент на ИЕА. Доставените документи на кандидатката содржат: 1. уверение за степенот на образование; 2. куса биографија; 3. образец кон извештајот за избор во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање, 4. уверение за државјанство. По извршениот преглед на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј
КУСА БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТКАТА ЕЛИЗАБЕТА ПАВКОВИЌ

Име и презиме: Елизабета Павковиќ (род. Јовановиќ)

Датум на раѓање: 5.3.1962 год. во Скопје

ОБРАЗОВАНИЕ

2009 Магистрирала на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, насока: етнологија на Македонците со просечна оценка 9,62 и се стекнала со академски степен - магистер на етнолошки науки.

2002 Дипломирала на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за географија, Завод за етнологија и се стекнала со стручно звање - дипломиран етнолог. Просечен успех 9,18.

1989 Завршила VI/1 степен - сметководно-финансиска насока на Економскиот факултет во Скопје и се здобила со стручен назив - економист

1981 Средно образование завршила во општа гимназија "Цветан Димов" во Скопје.

ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНОТО ИСКУСТВО

Јануари 2010	Избрана е за асистент на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, УКИМ – Скопје.
Април 2007	Вработена е како помлад асистент на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, УКИМ – Скопје.
Октомври 2004	Ангажирана е како демонстратор на Заводот за етнологија, Институт за географија на ПМФ при УКИМ – Скопје.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Одржување вежби по распоред за настава и вежби во периодот 2007 - 2013

Етнологија на Европа I
Етнологија на Европа II
Етнологија на воневропски народи II
Етнологија на свет I
Етнологија на свет II
Етнологија на Македонците I
Етнологија на Африка I
Етнологија на Америка I
Етнологија на Америка II
Етнологија на Австралија и Океанија
Материјална култура на Македонците
Материјална култура на балкански народи и етнички заедници
Теренска етнологија II
Теренска етнологија III
Теренска етнологија IV музеологија
Етнологија на Македонци - етнички процеси
Етнолошки и антрополошки теории
Популарна култура
Модерни религиски феномени во Македонија
Визуелна антропологија
Методологија на етнолошки и антрополошки истражувања
Македонците во светот
Антропологија на миграции
Современи религиски феномени во Македонија
Етнолошка музеологија

Теренска настава

Одржување теренска настава по предметот теренска етнологија I:
во академска година 2011/2012 (Кратово)
Теренска етнологија II во академските години: 2005/2006 (Маврово); 2006/2007 (Папрадиште); 2007/2008 (Косоврасти)
Теренска етнологија III во академските години: 2006/2007 (Крушево); 2009/2010 (Д. Дупени); 2010/2011 (Неготино);

Член во комисија за одбрана на дипломска работа во учебната 2006/2007 година

1. Драган Вучков, "Русалии во Гевгелиско-валандовскиот крај"(6.6.2007)
2. Ивана Ристеска, "Традиционални обичаи и нивна трансформација денес во свадбата како обред на премин во село Ложани (Струшко)" (2.7.2007)
3. Наташа Николова, "Улогата на мајката и детето во семејството во периодот од Втората светска војна до денес во селата Сопиште и Ракотинци" (5.7.2007)
4. Мима Пејоска, "Развој на кујунциско-филигранскиот занает во Скопје - традиција и современа состојба" (5.7.2007)
5. Искра Геразова, "Современа состојба на празнувањето на

празникот Водици во село Битуше" (5.7.2007)
6. Наташа Воевска, "Свети места и свети води во село Ветуница, верувањата и гатачката дејност поврзана со нив" (6.7.2007)
7. Благица Илиева, "Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на русалиските обредни игри"(6.7.2007)
8. Донка Поплазарова, "Свадбата како обред на премин во Дојран" (26.9.2007)

Член во комисија за одбрана на дипломска работа во учебната 2008/2009 година

16. Бојана Мирчевска, "Предзнаци за смрт во Драчево" (30.10.2008)
17. Тошо Мацаровски, "Растафаријанство - историјат и почетоци во Македонија" (30.10.2008)
18. Александар Гаврески, "Можности за валоризација на одредени етнолошки специфичности од Кривопаланечко за туристички цели" (31.1.2009)
19. Елена Тодоровска, "Раѓање како обред на премин во село Љуванци" (13.03.2009)
20. Виктор Трајановски, "Улогата на водата во верувањата и обичаите кај населението од Охридскиот регион" (13.3.2009)
21. Христина Данилова, "Обреди на премин во Виница и Виничко" (14.4.2009)
22. Дарко Јорданов, "Феноменот на музичкото радио Канал 103 и неговото влијание врз македонската алтернативна сцена" (16.7.2009)

Член во комисија за одбрана на дипломска работа во учебната 2009/2010 година

23. Александра Арсовска, "Пролетен обреден комплекс во Кратово" (24.09.2009)
24. Тина Митева, "Урбан фолклор: графити-сцената во Скопје" (1.10.2009)
25. Тања Милева, "Свадбени обичаи во село Дедино, Радовишко" (22.10.2009)
26. Маре Манчовска, "Свадбата како обред на премин во Малешевијата" (29.10.2009)
27. Весна Трпковска, "Брак и семејство кај Ромите во Шуто Оризари" (30.10.2009)
28. Филип Велевски, "Црквата и нејзиното значење за националните односи вс Македонија" (30.10.2009)
29. Елена Мирковиќ, "Културен идентитет на македонската дијаспора во Северна Америка до крај на XX век" (19.11.2009)
30. Гордана Димитриевска, "Модификација на тело кај младите во Скопје изразена преку пирсинг" (3.12.2009)
31. Златко Милошевски, "Моторциството како субкултура во Скопје"(15.12.2009)
32. Ирена Лазова, "Улогата на ракијата и виното во традициската и современата кулстура на Тиквеш и Македонија" (28.1.2010)
33. Синиша Талевски, "Урбан живот - примери од светски истражувања" (5.2.2010)
34. Олгица Лазаревска, "Современа свадба во Скопје" (3.3.2010)
35. Арабела Шахиќ, "Свадбени обичаи кај Бошњаците во село Оризаре, Велешко" (3.3.2010)
36. Петар Стојчевски, "Динамиката на идентитетите во егејскиот дел на Македонија, историографија и сеќавања" (16.4.2010)
37. Ристо Јанкоски, "Модификација на телото изразена преку

тетовирање на примери од Македонија" (25.5.2010)
38. Елвелида Селимоска, "Муслиманите на Балканот - современа состојба" (26.5.2010)
39. Нена Митевска, "Народна медицина во Пробиштипско" (2.6.2010)
40. Дарко Јосифовски, "Славата како начин на комуникација со заедницата" (2.6.2010)
41. Петар Мишевски, "Историја, современа техника и некои социјани аспекти на тетовирањето, со примери од Македонија" (21.6.2010)
42. Олга Стефковска, "Рефлексија на идејата за обединување на Македонија во Горно Лисиче" (25.6.2010)
43. Мунија Куч, "Етнички карактеристики на Бошњаците во Македонија по примерот на Бошњаците во село Горно Оризари - Велешко" (30.6.2010)
44. Борче Спасовски, "Свадбата како обред на премин во село Побожје" (7.7.2010)
45. Влатко Мартиноски, "Глобализацијата на релација помеѓу националниот и европскиот идентитет" (2.9.2010)
46. Мугран Здравковски, "Миграциите, општествените науки и создавање на национални држави" (7.9.2010)

Член во комисија за одбрана на дипломска работа во учебната 2010/2011 година
47. Александра Зврцинова, "Албанскиот национален идентитет и исламот во посткомунистичката ера" (24.9.2010)
48. Даниела Лазарова, "Етнографските карактеристики на селото Лесново употребени во туристички цели" (24.9.2010)
49. Дарко Димовски, "Црквите и манастирите со скопско во функција на туризмот" (1.2.2011)
50. Јасмина Георгиевска, "Панкот како субкултура во Скопје" (21.1.2011)
51. Билјана Крстевска, "Сциентологијата како современ религиски феномен во Македонија - етнолошко истражување" (4.2.2011)
52. Александар Арабаџиев, "Етнолошки аспекти на музичката традиција во Радовиш - историја и современа состојба" (23.2.2011)
53. Јулијана Јакофоска, "Исламот и политиката во посткомунизмот во балкански и македонски контекст" (2.3.2011)
54. Емилија Младеновска, "Статусот на жената во бошњачките семејства во с. Оризари, Велешко" (17.3.2011)
55. Жаклина Божиновска, "Свадбата како обред на премин во село Јурумлери" (23.5.2011)
56. Јован Бошков, "Техниката набљудување во етнолошките и антрополошките истражувања" (5.7.2011)
57. Мерсиха Рецепагиќ, "Етнички карактеристики на Бошњаците во Македонија по примерот на Бошњаците во село Батинци" (7.7.2011)
58. Игор Ивановски, "Урбан живот - примери од светски истражувања" (14.9.2011)

Член во комисија за одбрана на дипломска работа во учебната 2011/2012 година
59. Соња Манчевска, "Современо народно лекување по примери од Скопје и Куманово" (15.9.2011)
60. Лилјана Петрушева, "Етнолошки одлики на Нерзи - Скопско, прилог кон етничка монографија" (26.9.2011)
61. Борче Флоровски, "Вкусот на здодевноста - макдоналдизацијата

и австралиската гастрономска кујна" 7.10.2011)
62. Милан Спасовски, "Занаетчиството во старата кумановска чаршија" (2.11.2011)
63. Горан Мојсовски, "Антропологија на современите миграции (според примери од светски истражувања)"(23.12.2011)
64. Васко Кузмановски, "Антропологија на урбаното живеење (според светски примери)" (23.12.2011)
65. Дејан Треновски, "Културното наследство на Берово во функција на туризмот" (7.3.2012)
66. Драган Тодороски, "Етнографија на навивачката група City Park Boys од Скопје" (9.3.2012)
67. Јана Коцевска, "Егзилот како специфична форма на премин: животна приказна" (2.4. 2012)
68. Николче Тодороски, "Културното наследство во Крушево во функција на туризмот" (20.6.2012)
69. Коста Шекеров, "Наративи на децата на бегалците" (28.06.2012)
70. Томислав Захариjев, "Споменикот на слободата во Кочани: теорија и етнографија за една градска меморија" (2.7.2012)
71. Боби Јакимовски, "Обичаи поврзани со раѓање на деца во кривопаланечкиот крај" (4.7.2012)

Член во комисија за одбрана на дипломска работа во учебната 2012/2013 година
72. Ивана Лазеска, "Етнографија и антропологија на скинхедите во Скопје: идентиет и идологија на мала урбана култура" (19.9.2012)
73. Ѓоко Атанасов, "Глобализацијата и македонското семејство во Неготино: постсоцијалистички процеси на трансформација" (24.9.2012)
74. Дарко Пановски, "Посмртни обичаи во Илинден - Скопско" (28.9.2012)
75. Кристина Живкоска, "Верувања и народни претстави за самовили и вампири во село Катлаково" (5.11.2012)
76. Далибор Анастасов, "Народната носија во Кратовско" (22.11.2012)

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ВО ПЕРИОДОТ 2010 – 2013

Објавени монографии:
2004
Свилена нишка - традиционален начин на добивање свила и нејзината употреба во Валандовско - ЦД, Македонско стдентско етнолошко друштво, Скопје

Објавени статии:
2012
Музеолошки осврт на тематската изложба "Свилена нишка" во Зборник на трудови, Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола, Битола, стр. 141-150.
2011
Белиот вез во Валандовоско во Зборник Етнологија бр. 4, Музеј на Македонија, Скопје, стр. 43-52.
2009
Акција и контемплација во ЕтноАнтропоЗум бр. 7 - Институт за етнологија и антропологија, Скопје, стр. 110-118.

2009
Копринатa во народното текстилно творештво во Валандовско, во Зборник *Социјални и духовни аспекти на материјална култура*, Институт за етнологија и антропологија, Скопје, 325-335.
2005
Етнички и национален идентитет по избор, ЕтноАнтропоЗум бр. 5 - Институт за етнологија и антропологија, Скопје, стр. 114-139.
2005
Традиционален начин на добивање свила во Валандовско, Етнолог 11, Македонско етнолошко друштво, Скопје, стр. 170-186.
2001
*Погребни обичаи во Пореч*е - во Зборник "70 години од истражувањата на Јозеф Обремски во Пореч*е*, Република Македонија", Институт за старословенска култура, Прилеп, стр. 427-432.

(Објавени трудови во коавторство?)
2008
Gerda Dalipaj, *Albanian (?) Women's Life Stories in the Greek – Albanian Border* (учесници во истражувачкиот тим Герда Далипај, Љиљана Корица, Елизабета Павковиќ и Ширин Озгун) во Зборник Balkan Border Crossing, First Annual of the Konitsa Summer School, Lit verlag Dr. W. Hopf, Berlin (стр. 322-336)

Активност во проекти
2012-2013
Меѓународен научноистражувачки проект *Организираниот труд и работниците мигранти - во потрага по практики на поддршка: компаративна анализа на трудовите синдикати и нивните активности во однос на работниците-мигранти во Словенија, Австрија, Италија, Хрватска, Србија и Македонија* (раководител на македонскиот дел од проектот д-р Љупчо С. Ристески). Позиција: администратор на македонскиот дел од проектот.
2010-2011
Билатерален научноистражувчки проект *Обрасци и дилеми на етнокултурните идентитети помеѓу Европа и Азија и споредба на претставите за просторот во Македонија и Словенија* (раководител на проектот д-р Љупчо С. Ристески). Позиција: истражувач.
2006
Мапирање и студија заснована во заедницата за адолесценти што се во најголем ризик за ХИВ/СИДА и сексоално преносливи инфекции во Македонија (раководител на проектот: доц. д-р Љупчо С. Ристески). Позиција - администратор на проектот.
2005
Етнографска карта на Македонија (раководител на проектот д-р Ѓорѓи Здравев, вонр. проф.). Позиција: соработник за прилогот - *Демографско движење по населени места во општина Куманово, крај на XVI - почеток на XXI век.*
2004
Имам право да знам проект поддржан од УНИЦЕФ, (раководител на проектот доц. д-р Љупчо С. Ристески). Активност: транскрипција на аудиоматеријали.
2004
Проф. д-р Џоел Халперн за Македонија (раководител на проектот Доц. д-р

Љупчо С. Ристески) Активност: архивирање на подарената библиотека.

2004
*Живо наследство во Пореч*е, проект на Етнолошки образовен истражувачки центар *Растеш*, с. Растеш, општина Самоков, Р Македонија, финансиски поддржан од Институт Отворено Општество. Позиција: соработник во тимот - работилница за ткаење.

Други активности
2004
"Свилена нишка" - изложба на традиционални текстилни изработки од свила, "House of fashion" Скопски саем, Скопје
2003
"Од валандовската ризница" - изложба на традиционаслни текстилни изработки од свила, Дом на културата "25 Мај" Валандово

Учество на обуки, семинари, конференции:
2012
X меѓународна студентска конференција Border Crossing "(Re)Searching Europe: Narrating the Past, making the Present and imagining the Future" Истамбул, Турција, со тема About Memory, Memories and Family Photos.
2010
VIII меѓународна студентска конференција Border Crossing "Examining everyday life in se Europe: identity, culture and representation", Задар, Хрватска со тема Family album as a source for the study of identity of the Miyaks.
2008
Меѓународна конференција "Социјални и духовни аспекти на материјалната култура", Охрид, Р Македонија, со тема "Копринаta во народното текстилно творештво во Валандовско" и член на одранизационен тим.
2008
VI меѓународна студентска конференција Border Crossing "Rethinking Balkan identities: The dynamics of space and time", Корча, Албанија
2006
Меѓународна летна школа по антропологија, етнографија и компаративен фолклор на Балканот, Коница, Р Грција
2006
IV меѓународна студентска конференција Border Crossing "Балканот во нови контексти", Струга, Р Македонија - организационен тим
2003
"Менаџмент во културата" Семинар за обука за менаџмент во културата, Самоков, Македонија
2001
"70 години од истражувањата на Јозеф Обребски во Пореч*е*, Република Македонија", симпозиум, Самоков, со тема "Погребни обичаи во Пореч*е*"
1999
"Таа на Балканот" - студентска тркалезна маса, Благоевград, Р. Бугарија, со тема "Женски демони во народните верувања кај Македонците"

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Учество во промотивни активности на ИЕА и ПМФ:
член на Етнолошки образовен истражувачки центар "Растеш",
с. Растеш, општина Самоков;
член на Македонското етнолошко друштво;
- "Денови на образование и кариера 2009" (април 2009), Скопје;
- Учество во телевизиски емисии: „Добро утро Македонијо"
на МРТВ (декември 2007), „Рано ден" на ТВ „А1" (јануари 2008), на ТВ МТ (април, 2008), "Журнал" на ТВ "Сител", (мај 2009)

Дејности од поширок интерес

2012	Член на пописна комисија
	Член на комисија за упис на студенти
2011	Член на пописна комисија
	Член на комисија за упис на студенти
2010	Член на пописна комисија
	Член на комисија за јавни набавки
	Член на комисија за упис на студенти
2009	Член на пописна комисија
	Член на комисија за упис на студенти
	Член на пописна комисија
2008	Член на пописна комисија
	Член на комисија за упис на студенти
2007	Член на комисија за јавни набавки
	Член на пописна комисија

ПРОЦЕНА НА ПЕДАГОШКАТА, СТРУЧНАТА И НАУЧНАТА РАБОТА НА АСИС. ЕЛИЗАБЕТА ПАВКОВИЌ, ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

При последниот избор на Елизабета Павковиќ во соработничкото звање асистент, пресудна беше нејзината солидна и посветена работа како асистент во доменот на педагошката, стручната и научната работа.

Во изборниот период, кандидатката била редовно ангажирана со часови теориски (аудиториски) вежби неделно, од базичните (задолжителни) предмети од етнологијата - антропологијата. Паралелно со овој ангажман, кандидатката редовно вршела консултации со студентите поврзани со појаснувања на некои стручни прашања, како и во врска со процесот на работа на пријавените теми за дипломски работи.

М-р Елизабета Павковиќ ги придружува и се грижи за студентите за време на годишните теренски истражувања, како и во домашните и меѓународните студентски проекти. Во тие прилики доаѓа до израз нејзината стручност како резултат на

нејзината континуирана надградба во научната област на која целосно и е посветена.
Покрај фактот што кандидатката во изминатиот период беше прекумерно оптоварена со обврски на Институтот, поради недостигот на кадри како резултат на неповолната кадровска политика, таа го дополнувала со податоци своето лично портфолио на планот на научноистражувачката дејност што се покажува со нејзината библиографија каде што се посебно впечатливи рецентните резултати од истражувањето на појавите поврзани со визуелните извори што кандидатката ги добила преку анализи на визуелна граѓа.
Според мислењето на колегите и студентите, м-р Елизабета Павковиќ спаѓа во почитуваните членови на колективот на Институтот заради нејзината квалитетна работа, коректниот однос кон професорите, разбирањето и трпеливоста во работата со студентите.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на биографските, библиографските и сите други податоци што се однесуваат на стручната подготовка, педагошката, стручната и научно-истражувачката активност на кандидатката м-р Елизабета Павковиќ, може да се констатира дека ги исполнува законските услови и академските норми за преизбор во соработничко звање - **асистент** од областа на етнологијата, социјалната и културната антропологија.

Асис. м-р Елизабета Павковиќ со својата досегашна активност во доменот на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес, во изборниот период (2010 - 2013 година), покажала соодветни способности неопходни за извршување на обврските кои произлегуваат од нормите на соработничкото звање асистент. Работејќи ги секојдневните задолженија со енергија и посветеност, кандидатката успевала да ги заврши квалитетно и во рок што придонело да биде почитувана и ценета од професорите, колегите и студентите. Посебно се забележува нејзината афирмација како трудољубива и надарена во доменот на визуелната антропологија како дел од поширокаата научна област за којашто се определила, во смисла на истражување на појавите и влијанијата, како и промислување и претставување на Балканот низ можностите на овој современ медиум во етнологијата и антропологијата.
Врз основа на изнесеното во извештајот, Комисијата смета дека асис. м-р Елизабета Павковиќ ги задоволува бараните критериуми на објавениот конкурс по сите основи. Во таа смисла, имаме чест да им предложиме на Стручниот совет на Институтот за етнологија и антропологија и Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, м-р Елизабета Павковиќ да биде преизбрана во соработничкото звање АСИСТЕНТ од областа на етнологијата, социјалната и културната антропологија.

17 мај 2013,
Скопје

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА,

1. Д-р Анета Светиева, редовен професор на ПМФ (во пензија), с.р.
2. Д-р Илина Јакимовска, доцент на ПМФ, с.р.
3. Д-р Даворин Трпески, доцент на ПМФ, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК – ДОЦЕНТ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА, во Скопје

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 17.5.2013 година (со Одлука бр.02-21/2 од 25.5.2013 година), ќе именува за членови на Рецензентската комисија по пријавата на д-р Лидија Ѓурковска, асистент-истражувач во ИНИ, по објавениот конкурс во весникот "Утрински весник" од 23.4.2013 година за избор во научно звање. Комисијата во состав: проф.д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Вера Гошева и проф д-р Македонка Митрова, по разгледувањето на доставените материјали кон пријавата, има чест до Советот на Институтот за национална историја да го достави следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Лидија Ѓурковска е родена на 12.9.1980 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование (гимназија). Во 2004 година на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје дипломирала на филозофскиот факултет-Институт за историја. Деканатот ја наградил со "Диплома за одличен успех" која се доделувала за првите 10 најдобри студенти во генерацијата. Во текот на студиите партиципирала во повеќе програмски и вонпрограмски студиски и други проекти. Во 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Институт за национална историја во Скопје, магистрирала на темата со наслов "Социјалната структура на населението во Скопскиот округ (според пописот на населението од 31 март 1931 година)". Во 2012 година на Универзитетот „Св Кирил и Методиј"- Институт за национална историја во Скопје, докторирала на темата со наслов: "Стопанските прилики во Скопје меѓу двете светски војни".

Д-р Лидија Ѓурковска во 2001 година, во рамките на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, била на студиски престој во СР Германија –Брауншвајг, а во текот на 2002 година, на покана на Музејот на жива историја и Универзитетот во Вирџинија-Вилиамсбург, САД, била на четиримесечен престој. Овие престои ѝ овозможиле не само научно и стручно доизградување, туку и изучување и усовршување на германскиот и англискиот јазик кои активно ги владее.

Таа има работено на одредено време во Државниот архив на Р. Македонија-централен дел и Подрачна единица –Скопје, како асистент на стручната екипа за изработка на Водичи во фондовите на ДАРМ (крај на 2005 и почеток на 2006 година) и во ОУ "Мирче Ацев" во општина Ѓорче Петров, како наставник по историја и граѓанско образование

(2007-2010 година). Од јануари 2010 година е вработена како асистент – истражувач во Одделението "Историја на македонскиот народ 1913-1941 година".

Основната научна преокупација на д-р Лидија Ѓурковска, по нејзиното вработување во ИНИ, беше насочена кон изработка на докторската дисертација со наслов: „Стопанските прилики во Скопје меѓу двете светски војни". Во неа е обработено едно мошне значајно прашање од економската историја на градот Скопје. Во пет глави и повеќе наслови и поднаслови, применувајќи го тематско-хронолошкиот принцип на обработка, д-р Лидија Ѓурковска ги презентира состојбите на податоците во градското стопанство (индустрија, занаетчиство, трговија, банкарство и сообраќај, а истовремено дава пресек и на состојбите во селското стопанство (земјоделство и сточарство). Овој докторски труд е одбранет кон крајот на 2012 година и истиот се подготвува за печат.

Исто така, таа ја подготвила за печат и монографијата со наслов:„Социјалната структура на населението во Скопскиот округ (според пописот на населението од 31 март 1931година)". Трудот е рецензиран и има две позитивни рецензии. Оваа монографија е од областа на социјално – економската историја, бидејќи ги обработува економските прилики и социјалната структура на населението во Скопскиот округ како административно-територијална единица во вардарскиот дел на Македонија во меѓувоениот период. Во пет глави, обработени со повеќе наслови и поднаслови, врз основа на пописот на населението од 31 март 1931 година, е обработена социјалната структура на населението во Скопската, Велешката и Качаничката околија, кои беа во рамките на Скопскиот округ, како и социјалната структура на населението во Скопскиот округ во целина. Со споредување на податоците од трите околии се елаборирани социјалната структура на лицата кои заработуваат по занимање, социјалната структура на издржуваните лица, како и половата структура на населението во овие две категории. Треба да нагласиме дека при анализата на социјалната структура на населението во Скопскиот округ, д-р Лидија Ѓурковска, покрај пописот на населението од 31 март 1931 година, како основен извор од овој вид, користела и друга архивска документација и историографска литература за да ги поткрепи своите анализи и елаборација. Монографијата добива поголема тежина и квалитет и со тоа што во неа, исцрпните анализи, се поткрепени со мошне прегледно изработените и приложени табели.

Истражувањата во земјата и во странство (Р. Србија) ѝ овозможија на д-р Лидија Ѓурковска не само да ја изработи својата докторска дисертација, туку нив да ги искористи и за изработка и објавување на научни прилози и да учествува со реферати на научни собири. Има објавено (самостојно и со коавтори) 15 статии во научни списанија во земјата и во странство, во зборници на трудови и зборници на трудови од научни собири: 2 библиографии и 2 прилога.

Од тоа што е објавено може да се констатира дека во научната преокупација на д-р Лидија Ѓурковска е присутно проучувањето и расветлувањето на прашања и проблеми,

пред сè од историјата на македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни, но неколку статии со својата проблематика се однесуваат и за периодот на НОБ и по него. Исто така, д-р Лидија Ѓурковска е коавтор на Зборникот документи: "60 години Државен архив на Република Македонија (1951-2011)".

Д-р Лидија Ѓурковска со своите реферати има настапено на: тркалезната маса "Павел Шатев – живот посветен за Македонија", Битола, 4.2.2011, со реферат: "Дискусијата на Павел Шатев на седницата на второто редовно заседание на Уставотворното собрание на НРМ од 25.12.1946 г"; на Научната трибина "Ѓорче Петров-живот и дело", Скопје, 11.4.2011г, со реферат: "Фондот Ѓорче Петров-расадник на истражувачката дејност на ликот и делото на Ѓорче Петров"; меѓународната конференција "Македонија-Полска: историја, јазик, култура, фолклор", 3-5 јуни 2011 г, со реферат "Градското стопанство во Скопската околија во меѓувоениот период"; на меѓународниот научен собир "Македонскиот идентитет: литература-јазик,историја, култура", одржан на 7 и 8 ноември 2011 г. во Скопје, со реферат: „Активноста на Методија Андонов-Ченто за македонскиот идентитет меѓу двете светски војни".

Исто така, кандидатката учествувала и во реализација на следниве проекти: како учесник во проектот "Евидентирање, фотографирање, снимање, организирање на видео материјали и разговори со Македонците протерани од Егејска Македонија, Министерство за култура на РМ (тековно);" како соработник во проектот "Делбите на Македонија во првата половина на XX век".

Д-р Лидија Ѓурковска била секретар на научната трибина „Ѓорче Петров –живот и дело", Скопје, 1.4.2011 г во организација на општина Ѓорче Петров и ИНИ.

Врз основа на погоре изнесениот извештај, како членови на Рецензентската комисија, кои непосредно ја следиме активноста на кандидатката д-р Лидија Ѓурковска, може да се констатира дека таа ги задоволува барањата и ги исполнува критериумите за избор во научно звање -научен соработник-доцент.

Затоа, имаме задоволство и чест на Советот на Институтот за национална историја да му предложиме кандидатката д-р Лидија Ѓурковска да биде изберана во научното звање научен соработник-доцент.

Рецензентска комисија

1.Проф.д-р Надежда Цветковска с.р.

2.Проф.д-р Вера Гошева с.р.

3.Проф.д-р Македонка Митрова с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Лидија Ѓурковска
Институција: институт за национална историја
Научна област: Историја
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ)
И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ (НН)
СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

Реден број	Назив на активноста	поени
1.	Монографија или научна книга	8
2.	Одбранета докторска дисертација	8
3.	Одбранета магистерска работа	5
4.	Учество на научен стручен собир	3
5.	Учество на меѓународен научен /стручен собир	5.5
6.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание	24
7.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	6
8.	Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	8
9.	Труд со оргинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен научен/стручен собир	3
10.	Учесник во национален научен проект	4
11.	Член на организационен одбор на научен собир во земјата	1
12.	Прегледен натпис во научно списание	4
13.	Член на редакциски одбор во зборник	1
14.	Прегледен натпис во стручно списание	2
Вкупно:		82,5

Членови на Комсијатата
1.Надежда Цветковска с.р.
2.Вера Гошева с.р.
3.Македонка Митрова с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД ОБЛАСТА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

На седницата на Наставно - научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, одржана на 25.4.2013 година, со решение бр. 04-553/1, во врска со конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Журнал“ од 17.4.2013 година, бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по предметите од областа на информатиката и компјутерското инженерство.

На конкурсот се пријавијавија кандидатите: м-р Кире Триводалиев, асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и м-р Цветанка Ацевска од Скопје. По разгледувањето на приложените документи, на Наставно - научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје му го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Кире Триводалиев

Биографски податоци

М-р Кире Триводалиев е роден на 6 ноември 1982 година во Струмица, каде што завршил основно и средно образование. Во учебната 2001/2002 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика, каде што дипломирал на 8 јуни 2006 година со дипломската работа со наслов *"Проучување на динамиката на интернет преку концептот на мали светови"*. Студиите ги завршил со просечен успех 10,00.

Во 2006 година се запишал на постдипломски студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на Катедрата за компјутерска техника и информатика, под менторство на проф. д-р Данчо Давчев. Во рамките на овие студии постигнал средна оценка од испитите 10,00, а студиите ги завршил со успешна одбрана на магистерскиот труд, на 14 ноември 2008 година, со наслов „Ефикасен систем за класификација на мултидимензионални податоци базиран на ART невронски мрежи“.

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје одржана на 1 јули 2009 година ја пријавил својата докторска дисертација со работен наслов „Систем за функционална анотација на протеини“, која е прифатена за подобна за изработка (Одлука бр.02-2237/21).

По завршувањето на студиите работи како демонстратор и помлад асистент на Катедрата за компјутерска техника и информатика, и ги одржувал аудиториските (и лабораториските) вежби по предметите: структурирано програмирање, објектно-ориентирано програмирање, логичко и функционално програмирање, бази на податоци, структури и бази на податоци, дистрибуирани компјутерски системи, алгоритми за анализа на податоци, податочно рударење, основи на софтвер и вештачка интелигенција, вештачка интелигенција, биокибернетика и информациони системи. За помлад асистент на Електротехничкиот факултет во Скопје на Катедрата за компјутерска техника и информатика е избран во декември 2007 година, а за асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Институт за компјутерска техника и информатика, е избран во септември 2010 година. Од септември 2011 работи на позицијата асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Наставно-образовна дејност

Најпрвин како помлад асистент, а потоа и како асистент, м-р Кире Триводалиев ги одржувал и ги одржува аудиториските (и лабораториските) вежби по предметите: структурирано програмирање, објектно-ориентирано програмирање, логичко и функционално програмирање, бази на податоци, бази на податоци 1, бази на податоци 2, структури и бази на податоци, дистрибуирани компјутерски системи, алгоритми за анализа на податоци, податочно рударење, основи на софтвер и вештачка интелигенција, вештачка интелигенција, биокибернетика и информациони системи.

Вежбите ги изведува на соодветно стручно и педагошко ниво. Односот кон студентите и колегите му е коректен, односно тој е на нивото што го бара неговото работно место. Работните задачи секогаш ги извршува совесно, целосно и навремено.

Член бил на повеќе од 30 комисии за оцена или одбрана на дипломска работа.

Научноистражувачка дејност

Ас. м-р Кире Триводалиев ги има објавено следниве научно-истражувачки трудови на странски и на домашни конференции и списанија:

1. D. Davcev, S. Kalajdziski, K. Trivodaliev, "Multimedia Environment for Mobile Learning", *The Second International Conference on Systems and Networks Communications*, Cap Esterel, France, August 2007.
2. G. Mirceva, S. Kalajdziski , K. Trivodaliev, D. Davcev, "Protein Retrieval by Matching 3D Structures", *8th National Conference ETAI 2007*, Ohrid, Macedonia, 2007.
3. Kalajdziski, S., Mirceva, G., Trivodaliev, K., and Davcev, D. "Protein Classification by Matching 3D Structures", *in proceedings of Frontiers in the Convergence of Bioscience and Information Technologies 2007*,

FBIT 2007, Ramada Plaza Jeju, Jeju Island, Korea, October 11-13, 2007, pp. 147-152.

4. V. Dzikovska, M. Oreskovic, S. Kalajdziski, K. Trivodaliev, D. Davcev, "Protein Secondary Structure Prediction Method based on Neural Networks", *in proceedings of the 2nd International Conference on Bioinformatics and Biomedical Engineering, iCBBE2008*, Shanghai, China, May 2008, pp. 176-179.
5. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, A. Kulakov, D. Davcev, G. Mirceva, "Efficient protein classification by using 3D structure content representation", *in proceedings of IASTED International Conference on Artificial Intelligence and Soft Computing 2008, ASC 2008*, Palma de Mallorca, Spain, September 1-3, 2008, pp. 151-156.
6. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, D. Davcev, "Multi-level Classification of Proteins Using 3D Structure Content Representation with Dimensionality Reduction", *In CD proceedings of IEEE International Conference on Innovations in Information Technology, IIT 2008*, Al Ain, United Arab Emirates, Dec 16-18, 2008.
7. Mirceva, G. Kalajdziski, S. Trivodaliev, K. Davcev, D. ,"Comparative Analysis of Three Efficient Approaches for Retrieving Protein 3D Structures", *in proceedings of IEEE Biomedical Engineering Conference 2008, CIBEC 2008*, Kairo, Egypt, Dec 18-20, 2008, pp. 1-4.
8. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, D. Davcev, "A System for Protein Classification Based on Protein 3D Structure", *in proceedings of The 5th international conference* SETIT 2009*: Sciences of Electronic, Technologies of Information and Telecommunications, IEEE*, Hammamet, Tunisia, March 22 – 26, 2009, p.172.
9. K. Trivodaliev, I. Cingovska, S. Kalajdziski, D. Davcev, "Protein Function Prediction Based on Neighborhood Profiles", *in proceedings of The ICT Innovations* 2009, *Springer*, Ohrid, Macedonia, September 28 – 30, 2009, p.125.
10. S. Kalajdziski, B. Pepik, I. Ivanoska, G. Mirceva, K. Trivodaliev, D. Davcev, "Automated Structural Classification of Proteins by Using Decision Trees and Structural Protein Features", *in proceedings of The ICT Innovations* 2009, *Springer*, Ohrid, Macedonia, September 28 – 30, 2009, p.135.
11. I. Cingovska, A. Bogojevska. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, "Protein Function Prediction by Clustering of Protein-Protein Interaction Network", *in Proceedings of the ICT Innovations 2011, Advances in Intelligent and Soft Computing, Springer, Volume 150*, 2012, pp 39-49.
12. K. Trivodaliev, I. Cingovska, S. Kalajdziski, "Protein Function Prediction by Spectral Clustering of Protein Interaction Network", *Database Theory and Application, Bio-Science and Bio-Technology, Korea 2011, Communications in Computer and Information Science, Springer, Volume 258*, 2011, pp 108-117.

Трудовите што м-р Кире Триводалиев ги има објавено, главно, се резултат на одредена тимска работа. Забележливо е дека дел од нив произлегуваат од решавањето на проблеми кои бараат мултидисциплинарен пристап.

Со трудот под реден број 1, м-р Кире Триводалиев го покажува својот интерес во истражувањата во областа на информационите системи за учење на далечина. Во него се разгледуваат и обработуваат различни сервиси и техники кои го потпомагаат процесот на далечинско учење. Трудот е награден како „*best paper*" на конференцијата на која е објавен.

Со почетокот на својата истражувачка работа за магистерскиот труд, кандидатот се определува да ги насочи своите истражувања во областа на биоинформатиката. Првите искуства од областа на мултимедијата, поточно од обработката, индексирањето и пребарувањето на 3Д-објектите, со нивна примена во областа на пребарување на протеински молекули ги стекнува во трудовите 2 и 3. Во нив се објаснува процесот на генерирање на дескриптор соодветен за пребарување на протеински молекули по структура. Кон стандардниот дескриптор базиран на геометриските својства на протеинската структура се додаваат и биолошките карактеристики кои ги поседуваат протеинските молекули, со што во трудот 3 се потврдува нивното значење во процесот на класификација и одредување на функцијата на протеинот.

Во трудот 4 се навлегува во делот за предвидување на секундарната протеинска структура од дадена протеинска секвенца. Имено процесот на одредување на тродимензионалната структура на протеините подолго трае од процесот на одредување на примарната протеинска секвенца, па затоа е потребно да се направат алгоритми за предвидување на секундарните и терцијалните карактеристики на протеините. Во овој труд се предложени проширувања на веќе постојни алгоритми за предвидување на секундараната протеинска структура базирани на невронски мрежи. Предложените невронски мрежи се евалуирани и потврдени со експериментални резултати.

Својата истражувачка работа во областа на невронските мрежи, техниките за податочно рударење и ефикасната обработка на мултимедиски податоци, ја продолжува и ја проширува во трудовите под реден број 5, 6, 7, 8, 9 и 10. Трудот 5 ги воведува невронските мрежи во процесот на класификација и одредување на функцијата на протеинот. Во овој труд е презентиран пристап во кој со помош на АРТ-невронски мрежи се намалува димензионалноста на сложениот дескриптор на 3Д-протеинските молекули со што се доведува во облик кој е поприфатлив за алгоритамот за класификација, со што значително се подобруваат претходно добиените резултати. Во трудот 6, кандидатот презентира нов алгоритам за класификација на протеините врз база на нивната структура со користење на повеќе нивоа на одлучување со помош на дрва на одлука. Ваквиот алгоритам се покажува како попрецизен и поефикасен во однос на претходно користените алгоритми. Во трудот со реден број 8 се синтетизирани сите претходни истражувања направени во областа на класификација на протеински молекули, односно е презентиран систем во кој е вклучено редуцирање на димензионалноста

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, познавањето и соработката со кандидатите, можеме да заклучиме дека и двата кандидата имаат соодветна диплома – магистер на информатички науки како предуслов за конкурсот. Предност му даваме на кандидатот Кире Триводалиев затоа што има постигнато поголем успех за време на студиите (просек 10 наспроти 9,6), и има остварено поголема наставно-образовна и научно-истражувачка дејност. Тој реализирал успешна наставно-научна дејност и покажал обемно искуство во изведувањето на активностите во рамките на задолженијата, најпрвин на Институтот за компјутерска техника и информатика при ЕТФ/ФЕИТ и, во денешно време, на Институтот за интелигентни системи при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (наспроти другата кандидатка која нема пријавено наставно-образовна дејност). Од друга страна, пак, м-р Кире Триводалиев изработил 12 научни труда (наспроти другата кандидатка која нема пријавено трудови).

Затоа, имаме чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да му предложиме м-р Кире Триводалиев да биде избран во звањето асистент по предметите од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Рецензентската комисија

Академик, д-р Љупчо Коцарев,
редовен професор на ФИНКИ во Скопје, с.р.

Д-р Андреа Кулаков,
вонреден професор на ФИНКИ во Скопје, с.р.

Д-р Слободан Калајџиски,
доцент на ФИНКИ во Скопје, с.р.

на дескрипторите на протеините и користење на одлука на повеќе нивоа со помош на дрва за одлука. Со овој труд се заокружува една целина во истражувачката работа на м-р Кире Триводалиев и таа е одбранета како магистерски труд.

Во трудот под реден број 7 е навлезено подлабоко во областа на мултимедијата гледана преку 3Д-структурата на протеините. Во овој труд се презентирани три различни техники за опишување и индексирање на протеинските структури и нивно ефикасно пребарување. Во трудот под реден број 10 се третира областа на податочното рударење и во него е презентиран нов алгоритам за класификација на протеински молекули со користење на различни дескриптори за нивно опишување и повратна корекција на грешка при класификација.

Со трудовите под реден број 9, 11 и 12, кандидатот ја започнува работата на својата докторска дисертација, во која продолжува да се надградува во областа на биоинформатиката. Во рамките на овие трудови, кандидатот презентира нов пристап во класификацијата на протеините и нивната функција преку користење на претински интеракциски мрежи. Во рамките на овој пристап се користи целосната топологија на една протеинска интеракциска мрежа, при што се земаат предвид сите можни меѓусебни влијанија на протеините без разлика на нивната оддалеченост во мрежата. Овие влијанија преку користење на статистички методи се користат да на непознатите протеини им се додели значење, односно функција. Исто така, се прават анализи со земање предвид само на топологијата на мрежата, како и анализи на истата мрежа, но со додадени тежински фактори на врските. Резултатите добиени во овие трудови се споредливи или подобри во однос на резултатите од останатите познати пристапи во литературата.

2. Цветанка Ацевска

Биографски податоци

Цветанка Ацевска е родена на 28 февруари 1985 година. Студирала на Електротехничкиот факултет во Скопје. Во периодот од 2009 до 2012 година студирала на магистерските студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии и ги положила испитите со просек 9,6. Во 2012 година го одбранила магистерскиот труд со наслов: „Архитектура и развој на апликација за финансиско работење со студенти наменета за високообразовни институции“ и се стекнала со научен степен-магистер по електротехника и информациски технологии.

Наставно - образовна дејност

Кандидатката Цветанка Ацевска нема пријавено искуство од оваа област.

Научноистражувачка дејност

Кандидатката Цветанка Ацевска нема пријавено наставноистражувачка дејност.

РЕЦЕНЗИЈА

На ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УТВРДУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ ВО АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОТОРИЧКИТЕ И СПЕЦИФИЧНО-МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ МЛАДИ ФУДБАЛЕРИ ОД 12 – 14 ГОДИНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА", ОД КАНДИДАТОТ М-Р ХАКИ ИСМАИЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, врз основа на одлуката бр. 0201 – 669/13 од 8.5.2013 год., формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, поднесена од кандидатот м-р Хаки Исмаили, во состав : 1. проф. д-р Небојша Марковски - ментор, 2. проф. д-р Вујица Живковиќ – претседател, 3. проф. д-р Бесник Телаи - член, проф.д-р Зоран Радиќ-член и проф.д-р Милан Наумовски-член, која по разгледувањето на доставениот материјал го донесува следниов,

И З В Е Ш Т А Ј

Изработената докторска дисертација под наслов: ‚УТВРДУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ ВО АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОТОРИЧКИТЕ И СПЕЦИФИЧНО-МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ МЛАДИ ФУДБАЛЕРИ ОД 12 до 14 ГОДИНИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА, од кандидатот м-р Хаки Исмаили, содржи 177 страници текст разделен на осум глави, и тоа: 1.ВОВЕД (3 страници); 2. ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА (23 страници); 3. ПРЕДМЕТНА ТЕРМИНОЛОГИЈА (5 страници). 4. ПРОБЛЕМ, ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО (3 страници); 5. МЕТОД НА РАБОТА (38 страници); 6. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА (85 страници); 7. ТЕОРЕТСКО-АПЛИКАТИВНО ЗНАЧЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 8. ЗАКЛУЧОЦИ (4 страници), 9. ЛИТЕРАТУРА (наведени 87 библиографски единици).

Кај ваков вид истражувања, во методолошко-техничка смисла, квалитетот, бројот, обемот и пропорционалниот однос на главите и подглавите ги задоволуваат сите потребните критериуми.

Во таа смисла, во понатамошниот текст ќе се задржиме, во најкуси можни црти, на секоја глава поодделно.

Во првата глава - ВОВЕД, авторот дава краток осврт на карактеристиките на фудбалската игра со сите специфичности, како и основните карактеристики на фудбалската игра. Во понатамошниот текст, на јасен и концизен начин се дава опис на ситуационо - моторичките способности како фундаментални во реализацијата на поставените задачи за време на еден фудбалски натпревар, со краток опис на нивната структура. Потенцирајќи го значењето на ситуационо - моторичките способности, авторот, презентирајќи одредени литературни податоци, укажува на детерминантната улога на ситуационо - моторичките способности. На крајот, авторот укажува на потребата од ваков вид истражувања со кои во наредниот период би се расветлиле повеќе прашања поврзани со проблематиката на

поврзаноста на специфичната моторика со останатите сегменти од антрополошкиот статус кај младите категории на фудбалери.

Во втората глава – ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА, со близу 25 цитирани библиографски единици, кандидатот м-р Хаки Исмаили дава увид на истражувањата кои имаат голема блискост со предметот на ова истражување. Наведените актуелни досегашни истражувања кои се во тесна врска со предметот на ова истражување, поделени се во четири генерални групи, и тоа: истражувања во врска со антропометрискиот простор, истражувања во врска со биомоторичкиот простор, истражувања во врска со ситуационо моторичкиот простор и истражувања на половата зрелост кај младите фудбалери. Врз основа на презентираниот материјал можеме да кажеме дека изборот на приложените трудови се од понов датум, во целост одговараат на предметот на истражувањето и во голема мера ја расветлуваат проблематиката опфатена во ова истражување.

Во третата глава – ПРЕДМЕТНА ТЕРМИНОЛОГИЈА, авторот дава краток опис на сите позначителни термини од областа на неговото интересирање – од областа на кинезиологијата, со што во голема мера ги појаснува термините претежно застапени во неговото истражување. Овој приод на читателот точно му укажува за кои термини од областа на Кинезиологијата станува збор и кое е нивното значење

Во четвртата глава, ПРОБЛЕМ, ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, авторот јасно го дефинира предметот на неговото истражување. Во таа смисла, предмет на неговото истражување претставуваат основните карактеристики и способности на фудбалерите, односно нивните антропометриски, биомоторички и ситуационо - моторичките способности кај испитаници од машки пол, селектирани млади категории фудбалери, гледано од аспект на разликите во наведените сегменти од нивниот антрополошки статус. Во продолжение, авторот на методолошки и коректен начин поставил вкупно 6 хипотези кои во целост одговараат на поставениот предмет и цели на истражувањето.

Во петтата глава – МЕТОД НА РАБОТА, инкорпорирани се повеќе подглави, и тоа: примерок на испитаници, примерок на варијабли, програм и постапка на мерењата на антропометриските варијабли, програма и постапка на мерењето на биомоторичките и програм и постапка на мерењата на ситуационо-моторичките варијабли и методи за статистичка обработка на резултатите. На целиот примерок од испитаници, како и за секој од применетите супримероци дефинирани според понуденият модел, авторот применува 14 антропометриски, 8 биомоторички и .14 ситуационо - моторички варијабли кои во досегашните истражувања се покажале како извонредно репрезентативни и се со задоволителни метриски карактеристики.

Во подглавата која е дефинирана како методи за статистичка обработка на резултатите, поаѓајќи од потребите на ова истражување, а врз основа на поставените цели и програмата на истражувањето, авторот применува поголем број адекватни универијантни и мултиваријантни статистички постапки. За сите применети манифестни антропометриски, базично-моторички и специфично-моторички варијабли, поодделно се пресметани основните дескриптивни статистички параметри, и тоа: аритметичка средина, стандардна девијација,

минимален и максимален резултат и коефициент на варијабилност за секоја хронолошка возраст посебно, како и за супримероците добиени врз основа на нивната полова зрелост.

Униваријантните и мултиваријантните разлики во антропометрискиот, моторичкиот и специфично - моторичкиот простор помеѓу различните супримероци на испитаници се пресметаат со помош на мултиваријантна анализа на варијанса (МАНОВА) и униваријантна анализа на варијанса (АНОВА). Разликите за секоја варијабла посебно се пресметаат со соответни Т-тестови.

Целосната статистичка обработка е направена со помош на статистичкиот пакет SPSS 15 for Windows.

Во шестата глава – РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА, авторот, поаѓајќи од потребите на истражувањето, а врз основа на поставените цели и програмата на истражувањето, применил поголем број адекватни униваријантни и мултиваријантни статистички постапки. Во таа насока се применетиследниве методи за обработка на податоците:

1. Во подглавата 6.1., авторот ги прикажува основните статистички показатели на антропометриските карактеристики, моторичките и специфично моторичките способности кај испитаниците поделени во 1,2,3 и 4 квартал, според стадиумот на полова зрелост 1, 2, 3, 4 и 5-ти стадиум, I хронолошка возраст 12, 13 и 14 год., табели бр.1 -39.
2. Во подглавата 6.2., прикажани се мултиваријантните (МАНОВА) и униваријантните разлики (АНОВА) кај антропометриските карактеристики, моторичките и специфични моторичките способности кај сите испитаници, поделени по хронолошка возраст, стадиум на полова зрелост и квартали, табели бр. 40-81.
3. Во подглавата 6.3., авторот ги прикажува мултиваријантните (МАНОВА) и униваријантните разлики на варијансата (АНОВА) во некои специфични моторички тестови изведени со различна страна на телото (лево-десно), со и без топка кај сите испитаници поделени според хронолошката возраст - 12,13 и 14 год., табели бр. 82-87.

Во седмата глава – ЗНАЧЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, авторот укажува на теоретското и практичното значење на истражувањето, а добиените резултати даваат нови научни информации, кои ја збогатуваат не само теоријата, туку имаат и своја практична примена, односно теоретското значење е да се утврдат релациите помеѓу применетите варијабли, а практичното значење се состои во практичната примена на добиените резултати.

Во осмата глава – ЗАКЛУЧОЦИ, врз основа на добиените резултати од истражувањето дадени се вкупно 6 заклучоци, од кои се гледа дека авторот поседува извонредни способности за сублимирање на голем број податоци со јасни и концизни заклучоци. Со нив се дадени целосни одговори на сите поставени прашања, сублимирани во целите, задачите и хипотезите на истражувањето, со што во целост се разјаснува третираната проблематика во неговата докторска дисертација.

Во деветтата глава –ЛИТЕРАТУРА, авторот има презентирано 87 библиографки единици од повеќе автори од земјата и од странство. Користената литература е од понов датум, соодветна е и во целост одговара на поставените цели на истражувањето, а тоа говори за познавањето на проблематиката од страна на

авторот како и за неговиот сериозен приод во решавањето на проблемот на истражувањето.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената докторска дисертација, како и врз основа на досега изнесеното, Комисијата е на мислење дека изработената докторска дисертација по својата содржина, обем, квалитет и значење е оригинална. Поради тоа и сето гореизнесено, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје да го прифати приложеното дело како изработена докторска дисертација од кандидатот м-р Хаки Исмаили на тема УТВРДУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ ВО АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОТОРИЧКИТЕ И СПЕЦИФИЧНО-МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ МЛАДИ ФУДБАЛЕРИ ОД 12 до 14 ГОДИНИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА и да закаже јавна одбрана.

Комисија

1. Проф. д-р Небојша Марковски – ментор, ср.
2. Проф.д-р Вујица Живковиќ – претседател, с.р.
3. Доц. д-р Бесник Телаи - член, с.р.
4 Проф. д-р Зоран Радич - член, с.р.
5. Проф. д-р Милан Наумовски - член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ РЕЛАЦИИ МЕЃУ МОРФОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОТОРИЧКИТЕ И СИТУАЦИОНО МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ И СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС КАЈ ИСПИТАНИЦИТЕ ОД ОДБОЈКАРСКАТА АКАДЕМИЈА ОД ГЊИЛАНЕ, ОД АВТОРОТ М-Р МИМОЗА ШКОДРА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на члеовитен 63 и 174 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09) со членовите 56 и член 57 од Правилникот за единствените основи за организирање на последипломски и докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, член 46, ст. 1 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет, на 19. седница одржана на ден 8.5.2013 година, донесе одлука под дел. број 0201-669/10, за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: **РЕЛАЦИИ МЕЃУ МОРФОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОТОРИЧКИТЕ И СИТУАЦИОНО МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ И СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС КАЈ ИСПИТАНИЦИТЕ ОД ОДБОЈКАРСКАТА АКАДЕМИЈА ОД ГЊИЛАНЕ** од м-р Мимоза Шкодра.

Комисијата во состав: проф. д-р Јошко Миленкоски – ментор, проф. д-р Милан Наумовски – член, проф. д-р Зоран Радиќ - член, проф. д-р Вујица Живковиќ – член и проф. д-р Ленче Алексовска Величковска – член, по разгледувањето на докторската дисертација го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на м-р Мимоза Шкодра претставува самостоен научен труд презентиран на 118 страници текст, поделен на 9 поглавја: 1. Вовед (2 страници), 2. Дефинирање на поимите применети во истражувањето (2 страници), 3. Досегашни истражувања (10 страници), 4. Проблем, предмет, цел и хипотези на истражувањето (2 страници), 5. Метод на истражувањето (18 страници), 6. Резултати и дискусија (61 страница), 7. Теоретско и апликативно значење на истражувањето (2 страници), 8. Заклучоци (3 страници), 9. Литература (5 страници, со вкупно 62 референци). На крајот е презентиран прашалникот за одредување на социјалниот статус на испитаниците. Во истражувањето се инкорпорирани вкупно 89 табели.

Во првата глава – **Вовед**, наведени се општите карактеристики на одбојкарската игра, дефинирана е нејзината структура, како и потребата за изготвување соодветна стратегија, рационално планирање и програмирање на активностите, следење на реализацијата на донесените планови и вреднување на постигнатите резултати, како основен предуслов за постигнување врвни резултати. За успешно селектирање и создавање врвен одбојкар, покрај оптималните услови за работа, соодветниот стручен кадар, авторката нагласува дека е потребно детално проучување на зависностите (влијанијата) меѓу предиспозициите, наследните карактеристики на играчот и социјалниот статус. Правејќи компарација меѓу спортистите од традиционалните индивидуални спортови, кои се со понизок социјален статус и спортистите од колективните спортови, авторката констатира дека во спортските игри се опфатени спортисти од различни средини и различен социјален статус. Според неа, проучувањето и утврдувањето на релациите

меѓу морфолошките карактеристики, моторичките способности и социјалниот статус овозможува конструкција на ефикасни механизми за постапно селектирање и насочување на спортистите.

Во втората глава авторката ги **дефинира поимите и термините** што се применети во истражувањето.

Во главата **Досегашни истражувања,** авторката наведува 17 домашни и странски автори во чии трудови е проучувана структурата на одбојкарската игра и релациите помеѓу морфолошките карактеристики, моторичките и специфично-моторичките способности кај испитаници и одбојкари од различна возраст. Проблематиката која е проучувана е директно поврзана со неговото истражување.

Проблемот, предметот, целите и хипотезите се презентирани во четвртата глава. **Проблемот на истражувањето** е поврзан со телесниот развој на одбојкарите кој е условен од ендогените и егзогените фактори. Во ендогените фактори авторот ги наведува наследните карактеристики, полот, морфо-функционалните карактеристики и предиспозициите. Егзогените фактори ги опфаќаат: видот и структурата на телесните активности, квалитетот на исхраната, влијанието на микросоцијалната средина, условите за вежбање и др. Авторката смета дека од посебен интерес е проучувањето на поврзаноста помеѓу наведените параметри со социјалниот статус на одбојкарките и влијанието врз нивните моторички способности. **Предметот** на истражување во овој труд се морфолошките карактеристики, моторичките и специфично-моторичките способности, зависно од социјалниот статус кај младите одбојкарки од одбојкарската академија во Гњилане. **Целта** е насочена кон утврдување на интеракцијата на морфолошките карактеристики, моторичките и ситуационо моторичките способности зависно од социјалниот статус кај младите одбојкарки од одбојкарската академија во Гњилане. Покрај основната цел, авторката поставила и 11 конкретни цели и 11 **хипотези.**

Методот на работа е презентиран во петтата глава, која ги опфаќа: примерокот на испитаници, примерокот варијабли, програмата и постапката на мерењето. Истражувањето е спроведено на примерок од 120 одбојкарки, членови на одбојкарската академија во Гњилане. Испитаниците се на возраст од 14 до 18 години, со активен тренинг од најмалку 2 години. Вкупниот примерок е поделен на три супримероци според социјалниот статус на испитаниците. Првиот супримерок брои 42 испитаници кои се со најнизок социјален статус, вториот супримерок брои 38 испитаници со среден социјален статус и третиот супримерок брои 40 испитаници со највисок социјален статус. Социјалниот статус на испитаниците е определен според **Саксида С. и соработниците** кој ги опфаќа следниве параметри: едукативен статус; базичен резиденцијален статус; професионален статус; општествено-политички статус; политичка ориентација; базичен економски статус; животен стил и актуелен резиденцијален статус. Во истражувањето се применети вкупно 32 варијабли, од кои: 15 за проценка на морфолошките карактеристики, 12 варијабли за проценка на моторичките способности и 5 варијабли за проценка на специфично-моторичките способности. Во продолжение е даден детален опис и начинот на мерење на сите варијабли кои се применети во истражувањето. За секоја применета варијабла се пресметани основните дескриптивни статистички показатели, аритметичка средина (X), минимален и максимален резултат (Min, Max), стандардна девијација на аритметичката средина (SD), Skwunis i Kurtosis, а нивната

нормална дистрибуција е тестирана со помош на Kolmogorov-Smirnov– ата постапка. Поврзаноста на трите системи применети варијабли за вкупниот примерок испитаници е утврдена со примена на матрица на интеркорелација. Кај варијаблите за проценка на социјалниот статус се направени табели за фреквенции на одговорите за вкупниот примерок испитаници. Влијанието на морфолошките карактеристики врз специфично-моторичките варијабли, како и влијанието на моторичките варијабли врз специфично-моторичките вварijабли, утврдено е со помош на линеарна регресиска анализа. Притоа се пресметани: коефициентите на корелација (r), коефициентот на парцијална корелација (Part-R), парцијалниот регресиски коефициент (BETA), T-тестот (t) и нивото на значајност на парцијалните регресиски коефициенти p-level, коефициент на мултипла корелација меѓу критериумската варијабла и системот предиктори (RO), коефициентот на детерминација (DELTA), а за проверка на хипотезата дека вистинската вредност на мултипла корелацијата е всушност нула, пресметан е F-тестот. Универијантните и мултиваријантните разлики меѓу трите суппримероци се утврдени со помош на универијантна анализа на варијанса (ANOVA) и мултиваријантна анализа на варијанса (MANOVA). Структурата на морфолошките карактеристики, моторичките и специфично-моторичките способности на вкупниот примерок испитаници и за секоја група одделно, утврдена е со помош на компонентна факторска анализа. Меѓусебната поврзаност на системот варијабли е утврдена со интеркорелациона матрица, а нејзината факторизација е извршена со Hoteling – овата метода на главни компоненти. Притоа, бројот на значајните главни компоненти е утврден со Kaiser–Guttman–овиот критериум. Значајните главни компоненти се трансформирани во ортогонални варимакс-проекции.

Шестата глава е најобемна и во неа се презентирани **резултатите** од истражувањето. Покрај интерпретацијата на основните дескриптивни податоци, во оваа глава се презентирани резултатите од корелационата анализа на варијаблите за проценка на морфолошките карактеристики моторичките и специфично-моторичките способности. Утврдено е дека должинските мерки имаат негативно значење кај повеќе моторички варијабли. Квантитативната анализа на варијаблите за проценка на социјалниот статус е извршена со Колмогоров-Смирновиот тест. Резултатите од регресиската анализа покажуваат дека предикторскиот систем, кој го сочинуваат варијаблите за проценка на морфолошките карактеристики, има статистички значајно влијание само врз предикцијата на критериумската варијабла брзина на трчање 9-3-6-3-9 метри (БРТР), а кај останатите критериумски варијабли не постои статистички значајно влијание на предикторскиот систем. Резултатите од регресиската анализа (предикторски систем го сочинуваат моторичките варијабли, а специфично-моторичките варијабли се критериумски) покажуваат дека кај сите критериумски варијабли постои статистички значајно влијание на предикторскиот систем. Резултатите од универијантните и мултиваријант-ните анализи на варијансата, за варијаблите за проценка на морфолошкиот простор меѓу трите групи испитаници покажуваат дека не постојат значајни коефициенти. Авторката не утврдила меѓугрупни разлики ни кај варијаблите за проценка на моторичкиот и специфично-моторичкиот простор, иако тој очекувал да се утврдат меѓугрупни разлики кај проучуваните варијабли, бидејќи суппримероците биле формирани врз основа на социјалниот статус на испитаниците. Резултатите од факторската анализа ги потврдиле очекувањата на авторот,

екстрахирани се поголем број латентни димензии. Кај варијаблите за проценка на морфолошкиот простор екстрахирани се два фактора: фактор на волуменозност и факторот на лонгитудинална димензионалност. Кај варијаблите за проценка на моторичките и специфично моторичките способности екстрахирани се три латентни димензии, и тоа: фактор кој е одреден со базичните димензии од општиот и специфичниот моторички статус, но притоа како латентна димензија присутна е и агилноста; фактор на експлозивна сила на горните и долните екстремитети и фактор на координација. Кај варијаблите за проценка на социјалниот статус на испитаниците екстрахирани се три фактори, и тоа: латентна димензија на професионалниот статус на родителите на испитаниците; латентна димензија одговорна за резиденцијалниот статус на родителите на испитаниците и латентна димензија одговорна за општествено-политичката и спортската ангажираност на родителите на испитаниците.

Во седмата глава авторката дава образложение за **теоретското и апликативното** значење на истражувањето, а во осмата глава се презентирани **заклучоците** од реализираното истражување. Авторката екстрахирала вкупно 11 заклучоци кои даваат одговор на поставените цели и хипотези. Сите заклучоци ја задоволуваат методолошката поставеност на истражувањето и коректно ги објаснуваат добиените резултати.

Во деветтата глава, авторката наведува вкупно 62 библиографски единица од странски и домашни автори.

МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата во состав: проф. д-р Јошко Миленкоски – ментор, проф. д-р Милан Наумовски – член, проф. д-р Зоран Радиќ - член, проф. д-р Вујица Живковиќ – член и проф. д-р Ленче Алексовска Величковска – член, позитивно ја оценува докторската дисертација на авторот м-р Мимоза Шкодра под наслов: **РЕЛАЦИИ МЕЃУ МОРФОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОТОРИЧКИТЕ И СИТУАЦИОНО МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ И СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС КАЈ ИСПИТАНИЦИТЕ ОД ОДБОЈКАРСКАТА АКАДЕМИЈА ОД ГЊИЛАН**. Комисијата со посебно задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на наведената тема и на авторката да му дозволи јавна одбрана.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Јошко Миленкоски – ментор с.р.
2. Проф. д-р Милан Наумовски – член с.р.
3. Проф. д-р Зоран Радиќ - член с.р.
4. Проф. д-р Вујица Живковиќ - член с.р.
5. Проф. д-р Ленче А. Величковска - член с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТРУКТУРА И РАЗЛИКИ ВО МОРФОЛОШКИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ МЛАДИНАТА СО РАЗЛИЧНА ХРОНОЛОШКА ВОЗРАСТ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АГРОН АДЕМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, на хх-та седница одржана на 8.5.2013 година, со Одлука бр 0201/669/12 формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на тема „Структура и разлики во морфолошките и физичките способности кај младината со различна хронолошка возраст", на кандидатот м-р Агрон Адеми

Комисија:

1. ред. проф. д-р Вујица Живковиќ, Факултет за физичка култура во Скопје, ментор,
2. ред. проф. д-р Небојша Марковски, Факултет за физичка култура во Скопје, претседател,
3. доц. д-р Телаи Бесник, Факултет за физичка култура во Тетово, член,
4. ред. проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, Факултет за физичка за култура во Скопје, член,
5. ред. проф. д-р Душко Иванов, Факултет за физичка култура во Скопје, член

За оцена и одбрана на докторската дисертација на наведената тема, Комисијата го доставува следниов,

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација содржи *девет* глави, кои структурално се концип-ирани според основните методолошки барања за изработка на докторска дисертација.

Во воведот, кандидатот потенцира дека голем број истражувања спроведени во последниве децении укажуваат на едно ниско ниво на физичка активност, пред се кај претпубертетската и пубертетската популација, истакнувајќи дека намалувањето на физичката активност кај младата популација споредена со нивните врсници од пред 50 години оди апроксимативно и до 600 kcal дневно.

Понатаму, кандидатот истакнува дека недоволната физичка активност е во тесна корелација со бројни хронични болести, но и со намалување на очекуваниот животен век кај луѓето. Светската здравствена организација проценува дека секоја година преку 2,8 милиони луѓе умираат поради прекумерната телесна тежина и дебелината, а над 3,2 милиони луѓе на годишно ниво умираат поради физичката неактивност.

Врз основа на некои значајни истражувања кои ја третираат оваа проблематика кандидатот ги наведува бенефити од редовната физичка активност, базирана на физичка фитнеспрограма во коа е вклучена физичката активност за подобрување на аеробниот и мускулно-скелетниот фитнес.

Во *втората* глава (Досегашни истражувања), наведени се повеќе истражувања кои посредно или непосредно се поврзани со предметот на истражувањето. Прегледот на досегашните истражувања претежно се однесува на моторичкиот, функционалниот и антропометрискиот простор и главен акцент е ставен на истражувањата каде што своја примена имаат тестовите применети и препорачани во *Eurofit Fitness test Bettery,* како и некои други истражувања кои се во директна или индиректна корелација со

овој истражувачки труд. Овие истражувања се основа за остварување на целите на истражувањето, а воедно го зголемуваат степенот на научната и апликативната вредност на докторската дисертација

Во *третата* глава (Предметна терминологија) се опишани основните поими и термини кои се применуваат во ова истражување со што читателот брзо се запознава со нивното значење, со што се олеснува и забрзува читањето на понатамошниот текст.

Во *четвртата* глава (Проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето) се презентирани целите на истражувањете кои се во согласност со научните потреби. Тие, исто така, се засновуваат и произлегуваат од резултатите на досегашните истражувања и насоките за решавање на основниот проблем во дисертацијата.

Целите се претсавени во дванаесет точки кои доволно и коректно го исцрпуваат проблемот и предметот на истражувањето. Тие, се реално и објективно дефинирани, овозможувајќи нивна успешна и оптимална реализација. Одговорите на целите на истражувањето се остварени поради тоа што предвидените методи за обработка на податоците се избрани според барањето на нивната основна содржина. Тоа е посебно значајно, бидејќи се дадени одговори на основната цел на истражувањето која се состои во утврдувањето на оптимална батерија на тестови наменета за проценка на морфолошките карактеристики, моторичките и функционалните способности кај младината од двата пола на возраст од 15, 16, 17 и 18 - годишна возраст.

Хипотезите на истражувањето (*четвртата подглава*) се надоврзуваат на целите на истражувањето. Дефинирани се една нулта хипотеза и осумнаест алтернативни хипотези.

Во *петтата* глава - Методи и техника на истражувањето, поцелосно се прикажани подглавите кои се однесуваат на примерокот на испитаниците, примерокот на варијаблите, условите на мерење, мерните инструменти, техниката на мерење, како и применета на методите за обработка на податоците.

За реализирањето на ова истражувањето применета е трансферзална истражувачка постапка врз 468 испитаници од машки и женски пол со хронолошка возраст од 15, 16, 17 и 18 години, ± 6 месеци. Примерокот на испитаниците е избран по случаен пат, а истите се селектирани од средношколската училишна популација на градското подрачје на Гостивар, Р. Македонија.

Посебно внимание привлекува *подглавата* со наслов: Примерок на варијабли, во која се применува комбинација на мерки и тестови кои се според стандардната Еурофитбатерија и покриваат одредени простори на антропометрискиот, моторичкиот и функционалниот простор и мерки и тестови кои во досегашната литература се покажаа како методолошки оправдани и валидни за проценка на одредени способности и карактеристики на ваква или слична популација.

Во таа смисла, водено е сметка за секој истражуван простор да се задоволи методолошкиот минимум од 3-4 теста или мерки со што се овозможува коректно дефинирање на добиените латентни димензии.

Во натамошниот дел на трудот јасно се опишани организационите услови на мерењето, мерните инструменти и техниката на мерење. Во подглавата „Методи за обработка на податоците" за секоја варијабла е предвидена примена на основните дескриптивни статистички параметри и коефициенти на сплеснатост-издолженост и симетричност. Покрај овие методи, меѓусебната поврзаност на применетите веријабли за секој суппростор посебно е добиена со помош на матрица на интеркорелација. Нивната факторизацијата е извршена со помош на Хотелинговата метода на прва главна компонента со што овозможува да се процени кои тестови имаат највисоко оптоварување или најголеми сатурации врз екстрахираните латентни димензии. Универијантните и мултиваријантните разлики во истражуваните простори меѓу двата

пола и суппримерка поодделно се утврдени со помош на универијантна и мултиваријантна анализа на варијансата. Повеќето од статистичките методи кои се применети во истражувањето се мултиваријанти и параметриски методи кои даваат поголема тежина на истражувањето.

Во шестата глава - Резултати и дискусија, извршена е анализа и интерпретација на добиените податоци од применетите статистички процедури во истражувањето. Во зависност од проблемот, предметот и целите на истражувањето, направена е современа, коректна, исцрпна статистичка анализа, интерпретација и дискусија.

Кандидатот прво дава приказ на основните статистички параматери за секој анализиран простор (антропометрискиот, моторичкиот и функционалниот) за учениците на различна хронолошката возраст од 15, 16, 17 и 18 години, според 1, 2 ,3 и 4-от квартал и според машкиот и женскиот пол кои посебно се прикажани на 40 табели, не навлегувајќи детално во елаборирирање или коментирани резултатите од основната статистика.

Мултиваријантната и универијантната анализа на варијанса кај сите испитаници од 15, 16, 17 и 18 - годишна возраст поделени на 1, 2, 3 и 4-тиот квартал од различна хронолошка возраст, кои се анализирани во ова истражување *(подглава 6.2.1.1.)*, укажуваат дека меѓу групите ученици од машки пол на 15 и 16 - годишна возраст класифицирани во различна квартална возраст не постојат статистички значајни разлики на мултиваријантно и универијантно ниво во антропометрискиот, мотоичкиот и функционалниот простор. Кај испитаниците од машки пол на 17 - годишна возраст утврдени се универијатни разлики во четири антропометриски мерки, и тоа: седална висина тежина на телесната маса, кожен набор на трицепс и индекс на телесна маса, додека во моторниот и функционалниот простор не се утврдени статистички значајни разлики на мултиваријатно и универијатно ниво. Кај испитаниците од машки пол на 18-годишна возраст утврдени се универијатни статистички значајни разлики во функционалните тестови „shutle run 20m“ и „девет минути куперов тест“, додека во моторниот и антропометрискиот простор не се утврдени статистички значајни разлики на мултиваријатно и универијатно ниво.

Споредбата на резултатите во антропометрискиот, моторниот и функционалниот простор меѓу момчињата на хронолошка возраст од 15, 16, 17 и 18 години *(подглава 6.2.1.2.)* покажува одредени разлики во однос на возраст. Разликите се манифестираат во 8 антропометриски мерки, 11 моторни и 2 функционални тестаа.

Во подглавата 6.2.2. прикажана е мултиваријантна и универијантна анализа на варијансата кај сите испитаници од 15, 16, 17 и 18 - годишна возраст поделени на 1, 2, 3 и 4-тиот квартал од различна хронолошка возраст кај испитаниците од женски пол. Резултатите укажуваат дека меѓу групите ученици од женски пол на 15 и 16 годишна возраст, класифицирани во различна квартална возраст, не постојат статистички значајни разлики на мултиваријантно ниво во антропометрискиот, моторниот и функционалниот простор, додека на универијантно ниво, статистички значајни разлики се утврдени во антропометриските мерки кожен набор на скапулата, кожен набор на стомак и моторниот тест за проценување на општат рамнотежа „фламинго тест". Кај испитаниците од 16 - годишна возраст не се утврдени статистички значајни разлики на мултиваријантно ниво во антропометрискиот, моторниот и функционалниот простор, додека на универијатно ниво, статистички значајни разликики се утврдени само во антропометиската мерка кожен набор на скапула и моторниот тест „трчање од чуњ до чуњ“. Кај испитаниците од 17 - годишна возраст не се утврдени статистички значајни разлики на мултиваријантно ниво во антропометрискиот, моторниот и функционалниот простор. На универијатно ниво, статистички значајни разлики се утврдени во моторните тестови тапинг со нога, дофат во сед, длабок претклон од

клупа. Кај испитаниците од 18 - годишна возраст, статистички значајни разлики се утврдени во антропометиска мерка индекс на теслесна маса и моторниот тест трчање на 20 метри.

Споредбата на резултатите во антропометрискиот, моторниот и функционалниот простор меѓу девојчињата на хронолошка возраст од 15, 16, 17 и 18 години *(подглава 6.2.2.5.),* покажува одредени разлики. Разликите се манифестираат во 5 антропометриски мерки, 11 моторни и 1 функционален тест.

Споредбата на резултатите во антропометрискиот, моторниот и функционалниот простор меѓу девојчињата и момчињата на на хронолошка возраст од 15, 16, 17 и 18 години *(подглава 6.2.3,),* укажува дека момчињата во сите возрасни категории се повисоки, имаат поголема седална висина, должина на нога и телесна маса во однос на девојчињата. Девојчињата имаат поголем процент на поткожно масно ткиво. Во повеќето моторни тестови момчињата имаат постигнато подобри резултати, освен во тестот „дофат во сед", во кој девојчињата имаат постигнато подобри резултати.

Факторската валидност на антропометриските мерки, моторичките и функционалните тестови од машки и женски пол на 15, 16, 17 и 18 - годишна возраст кои се анализирани во ова истражување е претставена во *подглавата 6.3.* Факторската валидност на антропометриските мерки, моторните и функционалните тестови кај момчињата и девојчињата во сите возрасни категории е утврдена со комформативна факторска анализа, а резултатите од анализата укажуваат генерално дека батеријата на Еурофит-тестови покажува најдобра факторска валидност.

Во *седмата* глава (Заклучоци), систематски и концизно се извлечени, формулирани и презентирани најважните заклучоци, кои се однесуваат на сите поставени цели на истражувањето. Тие даваат одговори на поставените научни хипотези во докторската дисертација. Заклучоците се логички, синтетезирани, интерпретабилни и очекувани, така што ги задоволуваат научните, методолошките и концепциските потреби на истражувањето. Тие, исто така можат да послужат како основа за генерализација на добиените резултати и за конципирање нови слични истражувања.

Од тие согледувања произлегува и вредноста на *осмата* глава, со наслов: Теоретско и практичното значење на истражувањето. Во неа се изнесени можностите за примена на резултатите од истражувањето во практиката и теоријата во физичкото образование, како и за конципирањето на натамошни научно истражувачки проекти.

Според резултатите на истражувањето, можно е да се констатира задоволителен степен на нивно генерализирање и примена во програмските активности на предметот физичко образование. Притоа, добиените сознанија можат да најдат примена во планирање, програмирање, селектирање, како и пошироко во сегментот на развојот на теоријата и практиката во натамошните развојни планови и програми на спортот и физичкото образование.

Последната глава (Литература) ги задоволува основните логички и методолошки принципи за изборот на објавените научни и стручни трудови кои се во непосредна врска со предметот и целите на истражувањето. Наведени се сите трудови кои се цитирани во дисертацијата, односно во главата „Досегашни истражувања". Од структурата на библиографските единици може да се согледа нивната методолошки оправдана искористеност за реализацијата на темата на дисертацијата. Од методолошко-технички аспект, библиографијата е адекватно презентирана.

*
* *

Врз основа на изнесеното, може да се констатира дека докторскиот труд претставува самостоен научен придонес во развојот на кинезиолошките истражувања. Исто така, се забележува дека кандидатот ги имал потребните методолошки сознанија за успешна и самостојна реализација на научен труд.

Според тоа, Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд, му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура, да го прифати Извештајот за оцена на докторскиот труд на тема: „СТРУКТУРА И РАЗЛИКИ ВО МОРФОЛОШКИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ МЛАДИНАТА СО РАЗЛИЧНА ХРОНОЛОШКА ВОЗРАС" и му предлага на Наставно-научниот на Факултетот за физичка култура, кандидатот м-р Агрон Адеми јавно да го брани.

КОМИСИЈА

1. Д-р Вујица Живковиќ, редовен професор, ср
2. Д-р Небојша Марковски, редовен професор, ср
3. Д-р Телаи Бесник, доцент, ср
4. Д-р Ленче Алексовска Величковска, редовен професор, ср
5. Д-р Душко Иванов, редовен професор, ср

Наставно-научниот совет на УКИМ-Медицинскиот факутлет во Скопје на својата XVII редовна седница одржана на 23.05.2013 година ги донесе следниве одлуки за усвоен извештај на комисијата за оцена на тема за изработка на докторска дисертација

Ред. бр.	Име и презиме	Наслов на тема	ментор
1.	д-р **Камелија Бушљетиќ**	"УЛОГАТА НА СТАТИНИТЕ ВО ТЕРАПИЈАТА НА ХРОНИЧНАТА БЕЛОДРОБНА ОПСТРУКТИВНА БОЛЕСТ"	Проф. д-р Татјанаа Миленковиќ
2.	д-р **Јован Ивчев**	"ПОДГОТВЕНОСТ ЗА МЕДИЦИНСКИ ОДГОВОР ПРИ МАСОВНИ ИНЦИДЕНТИ СО ХЕМИСКИ, БИОЛОШКИ И РАДИОЛОШКИ АГЕНСИ-ПРЕТХОСПИТАЛНА И ХОСПИТАЛНА ПОДГОТВЕНОСТ"	Проф. д-р Елисавета Стикова

ДЕКАН

Проф. д-р Никола Јанкуловски

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: БИОХЕМИЈА 1, БИОХЕМИЈА 2, ХЕМИЈА НА ХРАНАТА, ИНДУСТРИСКА МИКРОБИОЛОГИЈА, ИНДУСТРИСКА МИКРОБИОЛОГИЈА ЗА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ТЕХНОЛОГИЈА НА МАСТИ И МАСЛА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од XXV седница одржана на 29.4.2013, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник - асистент по групата предмети: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, индустриска микробиологија, индустриска микробиологија за прехранбени производи и технологија на масти и масла.

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ од 27.3.2013 се пријавил само м-р Божидар Ристовски. По разгледувањето на поднесената документација од страна на пријавениот кандидат, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот Божидар Ристовски е помлад асистент на горенаведената група предмети. Неговите биографски податоци и постигнати резултати се прикажани подолу.

Биографски податоци на кандидатот м-р Божидар Ристовски

Датум и место на раѓање: 8.8.1980 год., Скопје, Република Македонија.

Образование:

- 2012, магистер на технички науки од областа прехранбена технологија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје;

- 2007, дипломиран инженер - технолог по прехранбена технологија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје.

Работно искуство:

- од 31.3.2008 до денес, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, помлад асистент (во два мандата, избран и реизбран) по групата предмети: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, технологија на масти и масла, индустриска микробиологија за прехранбени производи и индустриска микробиологија;
- септември 2007 - март 2008, Т.Д. Тохем дооел, Скопје, соработник за сокарство и пиварство.

Странски јазици:

- англиски јазик - напредно ниво на познавање;
- германски јазик - основно ниво на познавање.

Компјутерски вештини:

- програми од Microsoft Office пакетот (Word, Excel, PowerPoint, Outlook).

Наставно-образовна дејност:

М-р Божидар Ристовски, од средината на 2008 година до денес, како помлад асистент ги изведува лабораториските и пресметковните вежби по предметите: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, технологија на масти и масла, индустриска микробиологија за прехранбени производи и индустриска микробиологија. Вклучен во наставата на базични предмети, работи и посветува внимание на консултациите со голем број студенти и учествува во реализација на колоквиумите и испитите.

Коавтор е на долунаведените интерни наставни материјали, практикуми за вежби (*прифатени од страна на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, со одлука донесена на седницата одржана на 9.6.2010*):

1. Д-р М. Боцевска, **дипл. инж. Б. Ристовски**, Хемија на храна (Лабораториски практикум), Технолошко-металуршки факултет, **2008**.
2. Д-р М. Боцевска, **дипл. инж. Б. Ристовски**, Технологија на мастите и маслата (Лабораториски практикум), Технолошко-металуршки факултет, Скопје, **2008**.

3. **Дипл. инж. Б. Ристовски**, д-р М. Боцевска, Практикум за лабораториски вежби по Биохемија I, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, **2009**.
4. Д-р М. Боцевска, д-р Д. Донева-Шапческа, **дипл. инж. Б. Ристовски**, Биохемија 2 - Практикум за вежби, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, **2010**.

Научноистражувачка работа

Неговата активност на полето на научноистражувачката работа во овој период резултира со по еден печатен труд во научно списание и зборник на трудови и пет презентирани труда на конгреси.

Трудови објавени во научни списанија:

1. M. Bocevska, V. Samardjioski, I. Aldabas, **B.Ristovski**, Kvalitet i bezbednost ulja u pripremi brze hrane, Uljarstvo 39,1-2 (**2008**), 11-15.

Трудови објавени во зборници на трудови:

1. M. Bocevska, V. Samardjioski, I. Aldabas, **B. Ristovski**, Kvalitet i bezbednost ulja u pripremi brze hrane, 49. Savetovanje Proizvodnja i prerada uljarica, Herceg Novi, 15-20.6.**2008**, 77-82.

Учество на конгреси:

1. **B. Ristovski**, M. Bocevska, Properties of proteins from heat and microwave treated deoiled rice bran, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 5-9 **2012**, 93.
2. S. Todorova, I. Mickova, D. Dimitrovski, **B. Ristovski**, M. Bocevska, Effect of packaging and lightning on changes in appearance, taste, odor and nutritive value of full fat pasteurized milk during storage, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 5-9 **2012**, 139.
3. M. Bocevska, **B. Ristovski**, Water Uptake, Gelatinization and Enzymatic Digestion of *Japonica* Rice Varieties, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 23-26 **2010**, 155.
4. М. Боцевска, В. Самарџиоски, С. Рендевски, **Б. Ристовски**, Диелектрична и УВ спектроскопија за следење на квалитетот на маслата за пржење, XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Охрид, 17-20 септември **2008**, 107-108 (*краток и проширен апстракт*).
5. **Б. Ристовски**, М. Боцевска, Биодеградабилни и јадливи филмови, VII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, Скопје, 4-6 октомври **2007**, 34-35.

Учество во научноистражувачки проект:

- *Влијание на фенолните екстракти од лековити билки врз стабилноста на антоцијаните од грозјето,* меѓународен македонско-хрватски научноистражувачки проект (2012-2014), раководител: проф. д-р Мирјана Боцевска.

Учество на семинари и обуки:

Напоредно со активностите поврзани со наставата и науката, тој ги проширува своите знаења во подрачја значајни за неговите професионални обврски:

- престој во Вагенинген, Холандија (февруари 2009), во рамките на ТЕМПУС-проектот „Нови модели на курикулуми за едукација на прехранбени инженери" (CDJEP-40065-2005), координатор: проф. д-р С. Кузманова;

- во рамките на Joint TEMPUS-проектот „Унапредување на релациите академија - индустрија за безбедност и квалитет на храната" (158714-TEMPUS-ES-TEMPUS-JPHES), координатор: проф. д-р А. Димитров, учество на следниве семинари:
  - „Како до безбедна храна", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 30 март 2012;
  - „IFS, ISO 22000 Standard and Labelling and Nutrition", Универзитет во Сплит, Хемиско-технолошки факултет, Сплит, Република Хрватска, 27 јуни-2 јули 2011;
  - „ISO, IFS and BRC Global Standard-Food", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 12-17 април 2011;
  - „International Food Standard and BRC Global Standard-Food", Универзитет во Загреб, Прехранбено-биотехнолошки факултет, Загреб, Република Хрватска, 24-25 февруари 2011;
  - „Global GAP, Biological hazard control on farm level and Quality Management", Универзитет во Белград, Земјоделски факултет, Белград, Република Србија, 8-9 декември 2010;

- зема учество на курсевите:
  - „1st Genomics and Proteomics Workshop", Истражувачки центар за генетско инженерство и биотехнологија, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 22-26 ноември 2010;
  - „Нов пристап во развојот на менаџментот на квалитет", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 19-20 октомври 2009;
  - „Подобрување на комуникациски вештини", Технолошко-металуршки факултет и Модус центар, Скопје, ноември 2009.

Други активности:

Учествува во низа други значајни активности:

- Повеќепати зема учество во активности за презентација на Технолошко-металуршкиот факултет :
  - 27.3.2012 - ученици од Основно училиште „Љубен Лапе“, општина Аеродром, Скопје, во Лабораторија за прехранбена технологија и биотехнологија, при Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје;
  - 2011 - промоција на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје со презентација на тема „Дигестија на јаглехидрати од храната“;
  - 17.12.2010 - ученици од Основно училиште „Љубен Лапе“, општина Аеродром, Скопје, во Лабораторија за прехранбена технологија и биотехнологија, при Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје;
  - 29.5.2010 - во ПСУ Колец „Јахја Кемал“ - Гостивар, пред учесници на манифестацијата „Смотри на младите истражувачи од средните училишта на Македонија“, во организација на Народна техника на Македонија;
  - 7.12.2009 - ученици од Средното училиште на Град Скопје „Георги Димитров“ - Скопје;
  - 10.11.2009 - ученици од Основно училиште „Љубен Лапе“, општина Аеродром, Скопје, во Лабораторија за прехранбена технологија и биотехнологија, при Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје;
  - 15.4.2010 - саемска манифестација „Денови на образование и кариера“, на штандот на факултетите од областа на техничко-технолошките науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
  - 9.4.2009 - саемска манифестација „Денови на образование и кариера“, на штандот на Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје;

- Бил член на организациониот одбор на XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Охрид, 17-20 септември 2008.

- Учесник е во подготовката на повеќејазичниот електронски речник на поими и изрази поврзани со храната - Food Dictionary (превод на општи и стручни термини од англиски на македонски јазик), креиран од Фондацијата Food-Info и Универзитетот во Вагенинген (www.fooddictionary.eu), при престојот (8-28.2.2009) остварен на The Food Science Department, Wageningen University & Research Centre, Вагенинген, Холандија, во рамките на Темпус-проектот „Нови модели на курикулуми за едукација на прехранбени инженери“, CD_JEP-40065-2005.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на изнесените активности и досегашната работа на м-р Божидар Ристовски како помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет, Рецензентската комисија констатира дека тој успешно ги реализира обврските поврзани со наставата и ги пренесува знаењата на студентите, континуирано се надообразува работејќи на полето на науката и истражувањето, а истовремено реализира низа други активности значајни за Факултетот. Согласно со констатираното и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет да го избере м-р Божидар Ристовски во звањето асистент по предметите: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, индустриска микробиологија, индустриска микробиологија за прехранбени производи и технологија на масти и масла.

Рецензентска комисија

1. Д-р Мирјана Боцевска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, с.р.

2. Д-р Донка Донева-Шапческа, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, с.р.

3. Д-р Ирина Младеноска, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Дејан Лилиќ	Улогата на комуникацијата во процесот на донесување одлуки	**проф.д-р Томе Груевски**
Маја Блажевска	Етичките темели на односите со јавноста и довербата како императивен елемент	**доц.д-р Дејан Донев**
Донка Стефаноска	Организацијата на власта во Република Македонија	**проф.д-р Тања Каракамишева Јовановска**
Марија Блажевска	Апстрактна и конкретна контрола на уставноста и законитоста	**проф.д-р Марика Ристовска**
Ива Ивановска	Меѓународните стандарди за заштита на правата на националните малцинства и Република Македонја	**проф.д-р Рената Дескоска**
Катерина Ѓеоргиевска	Принципот на одговорност како етички основи за концепцијата на демократско општество (Принципот на одговорност како етичка основа на демократијата (The principle of responsibility as an ethical base of democracy)“	**доц. д-р Дејан Донев**
Александар Атанасов	Владимир Путин-помеѓу митот и новиот авторитаризам (Vladimir Putin – between the myth and the new authoritarianism	**доц. д-р Ненад Марковиќ**
Катерина Зафирова	Влијанието на европската претпристапна помош врз	**доц. д-р Васко Наумовски**

	образовните политики во Република Македонија (The impact of the EU pre-accession assistance on the educational policies in the Republic of Macedonia)	

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Трајче Секулоски	Стечајна постапка и последици од отварањето на стечајната постапка	проф. д-р Димитар Гелев
Ивана Стојчева	Видови обврзници	проф. д-р Димитар Гелев
Благојче Стојановски	Користење на закупот во банкарското работење	проф. д-р Димитар Гелев
Димитар Кузмановски	Финансиски закуп како начин на финансирање	проф. д-р Димитар Гелев
Ева Таушанова	Причини за одбивање на пријавата за регистрација на трговска марка	проф. д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска
Елена Петрушевска	Застапување од страна на полномошник во парничната постапка	проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска
Ицоски Марјан	Нецелосни пресуди во парничната постапка	проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска
Јасмина Маркоска	Конечна одлука на Европскиот суд за човекови права како причина за повторување на парничната постапка во практиката на судовите во Р.М.	проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска
Игор Дичоски	Привремени мерки во арбитражна постапка	проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска
Горан Стојановски	Одговорност за штета причинета во вршење на адвокатска дејност во правото на Република Македонија и во компаративното право	проф. д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска
Бојана Талеска	Правната рамка и судската практика за надоместување на штета, настаната поради повреда на углед и чест во земјите на ЕУ и РМ	проф. д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска
Дарко Топчовски	Континенталниот систем на корпоративно управување од аспект на сопственичка структура и конфигурација	доц. д-р Александар Климовски

	на органите на управување	
Емилија Јевтиќ	Спецификите со управувањето со корпорациите во финансискиот сектор	доц. д-р Александар Климовски
Сања Карабатова	Компаративна анализа на локалните приходи и расходи во Република Македонија и државите од југоисточна Европа	проф. д-р Александра Максимовска Велјановски
Ивица Костовски	Локални даноци во компаративното законодавство во Република Македонија, Република Хрватска и Република Србија и Народна Република Бугарија	проф. д-р Александра Максимовска Велјановски
Дејан Врангалоски	Локална буџетска постапка и партиципативно буџетирање во Република Македонија	проф. д-р Александра Максимовска Велјановски
Бојан Павлов	Односите помеѓу Меѓународниот монетарен фонд и Република Македониј	проф. д-р Владимир Кандикјан
Никола Димитровски	Даночни олеснувања и ослободувања од данок на добивка во Република Македонија	проф. д-р Весна Пендовска

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Роберт Бобан Бачовски Синколи	Најшироко користени начини на злоупотреби и кршење на правата од патенти	д-р Валентин Пенељугоски
Габриела Папеш	New trends in the EU institutional framework concerning enforcement of IPR's: Perspectives for National and the EU institutions	д-р Маја Камбовска

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 27.05.2013 година

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Елена Бејкова	Ограничувањето на основните човекови слободи и права за потребите на кривичната постапка	Д-р Гордана Бужаровска
Никола Костовски	Статус на Државната комисија за спречување на корупција	Д-р Борче Давитковски
Марко Ѓорѓевски	Компаративна анализа на статусот на вработените во Министерството за надворешни работи (de facto versus de lege lata)	Д-р Борче Давитковски
Марија Јанкулоска	Противтерористичките операции за целни убивања со беспилотни летала и заштитата на правото на живот	Д-р Сашо Георгиевски
Александар Сибиновски	Статусот на злосторствата против човештвото во меѓународното право	Д-р Елена Михајлова
Никола Пљаков	Алтернативната мерка условна осуда во Република Македонија и во компаративното право	Д-р Никола Тупанчески
Благоја Ангеловски	Кривични дела против имотот, со посебен осврт на кривичното дело измама	Д-р Никола Тупанчески
Сања Јаначкова	Положбата на осудените лица во казнено-поправните установи во Република Македонија	Д-р Александра Груевска Дракулевски
Даниел Стојчевски	Кривични дела против	Д-р

	јавните финансии и платниот промет (со посебен осврт на недозволеното производство, недозволената трговија и криумчарење)	Александра Деаноска Трендафилова
Ениса Бељури	Неовластеното откривање тајна како казнено дело (со посебен осврт врз лекарската тајна)	Д-р Александра Деаноска Трендафилова
Софче Стамболиска	Казненоправна заштита од психичко и полово вознемирување на работното место во Република Македонија	Д-р Александра Деаноска Трендафилова

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРУДОВО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана 27 мај 2013 година, определени сме за членови на Комисијата за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област трудово право.

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област трудово право, објавен на 24 април 2013 година во дневниот весник „Дневник", во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Лазар Јовевски, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Комисијата констатира дека кандидатот д-р Лазар Јовевски ги доставил сите потребни документи наведени во конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област трудово право и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот д-р Лазар Јовевски е роден 1978 година во Скопје. По завршувањето на основното образование со одличен успех, се запишал во Гимназијата „Никола Карев" во Скопје, природно-математичка насока, која ја завршил со одличен успех, матурирајќи на тема од областа на историјата.

На Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се запишал во учебната 1996/1997 година. За време на студирањето покажува особен интерес и активности во повеќе подрачја, како в рамките на научната наобразба, така и во останатите активности на Факултетот. Особен интерес покажува за областа трудово право и социјално осигурување. Дипломирал во 2000 година со просечен успех 9,48. По дипломирањето во јануари 2001 година е ангажиран како демонстратор по предметот трудово право, социјално осигурување и меѓународно трудово право.

Веднаш по дипломирањето се запишал на постдипломски студии по трудово право и социјално осигурување на Правниот факултет во Белград при Белградскиот универзитет. Успешно ги положил сите испити, по што магистрирал на 24.5. 2005 година, успешно одбранувајќи го трудот со наслов „Колективно преговарање во Југоисточна Европа со посебен осврт на Македонија", со што се стекнал со академски степен магистер по правни науки од областа на трудовото право и социјалното осигурување. Степенот

магистер на правни науки е признаен во РМ со одлука за нострификирање од македонското Министерство за образование.

За асистент на научната област трудово право е избран со одлука на Настравно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на 23.12.2005 година. Последниот реизбор е објавен во Универзитетски билтен бр. 950 од 15 октомври 2008 година.

Д-р Лазар Јовевски по магистрирањето во 2007 година запишал докторски студии од областа на трудовото право и социјалното осигурување на Правниот факултет во Белград при Белградскиот универзитет, при што во 2007 година пријавил докторска теза со наслов „Заштита на здравјето и безбедноста при работа со посебен осврт на заштитата ratione persone“ (посебна заштита на одредени категории вработени). Докторската теза успешно ја одбранил во октомври 2012 година на Правниот факултет во Белград пред Комисија во состав: проф. д-р Бранко Лубарда (ментор), проф. д-р Тодор Каламатиев, проф.д-р Александар Петровиќ и проф. д-р Предраг Јовановиќ. Степенот доктор на правни науки е признаен од страна на Република Македонија со решение бр. 14-9962/2-12 од страна на Министерството за образование.

Д-р Лазар Јовевски ги познава и ги користи компјутерските техники MC Office, како и работата со Windows, Интернет и др.

Зборува и пишува на англиски и француски јазик, а се служи и со грчкиот, бугарскиот, српскиот и словенечкиот јазик. Се занимава со спорт, оженет е и татко на две деца.

Учество во наставата и научно истражувачката активност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Како демонстратор и од последниот избор за асистент на научната област трудово право учествувал во наставата по предметот трудово право и социјално осигурување за студентите од втора година правни студии, односно 4 семестар според ЕКТС-наставна програма, а учествувал и во реализација на други активности од наставно-научната работа во рамките на додипломските и постдипломските студии на научната област трудово право.

Во рамките на другите активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ учествувал и ги извршувал следните активности:

а. спроведување и одржување на приемните испити на Факултетот;

б. секретар на Зборникот во чест на проф. Д-р Тодорка Оровчанец;

в. изработка на Зборникот во чест на проф. Д-р Стрезо Стрезовски;

г. спроведување на активностите на спортските екипи при Факултетот;

д. претседател на Комисијата за попис;

ѓ. член на Комисијата за протокол;

е. секретар на Зборникот во чест на проф. Д-р Борислав Благоев;

ж. член на Дисциплинската комисија при Правниот факултет;

з. претседател на Надзорниот одбор на синдикатот при Правниот факултет;

ѕ. член на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први";

и. член на Комисијата за јавни набавки.

Учество на научни и стручни семинари, конференции, студиски престои, расправи и проекти

Кандидатот д-р Лазар Јовевски во периодот пред изборот за асистент, во времето кога е асистент, па до денес (април 2013 година) учествувал на повеќе меѓународни и домашни семинари, конференции, расправи, работилници, студиски престои и проекти меѓу кои и на:

- низ Македонија, 1999-2000, учествувал во проектот "Учиме право" кој се спроведувал по средните училишта низ Македонија, како волонтер, во организација на Институтот „Отворено општество" ;
- во Охрид, ноември 2000 година, учествувал на семинарот во Охрид организиран од „Колумбија универзитет" во Њујорк и Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на тема „Правна клиничка програма" со сопствено излагање;
- во Австрија (Грац), ноември 2001 година, учествувал на конференција организирана од страна на Советот на Европа и Amnesti International на тема: „Мирно решавање на конфликти", каде што ја претставува Македонија;
- во Стразбур (Франција), март 2000 година, го претставува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правениот факултет „Јустинијан Први" на Меѓународниот натпревар по право ;

- во Скопје, октомври 2005 година, постдипломскиот курс „Миграцијата како поле за социјална работа", во организација на Европската агенција за реконструкција;

- учествувал на семинарите организирани од Сојузот на студенти на Правен факултет на теми од различни правни области;

- во Скопје, 2004/2005 година, учество на проект спонзориран од УСАИД и Фондација „Институт отворено општество" на тема „Едукација и социализација на Ромите во нашето општество";

- во Струга, октомври 2002 година, учество на синдикалната школа организирана од УПОЗ на тема "Колективното преговарање";

- во Скопје, мај 2005 година, учество на јавната трибина по повод Предлог-законот за работните односи, со сопствен реферат;

- во Охрид, на бројни семинари на правниците од стопанството, каде што зема активно учество со бројни прашања од областа на трудовото право;

- во Будва, јуни 2006 година (Црна Гора), на Втората регионална школа за социјално осигурување, во организација на Советот на Европа, што се здробива со меѓународно признат и ценет сертификат, со звање Magna cum laude;

- во Охрид/Скопје, 2006 година, Меѓународна конференција на тема "Актуелните прашања за државата и правото во Република Македонија и Руската Федерација;

- во Прага (Република Чешка), 2-4 ноември 2006 година, курс за обука за социјално осигурување, организиран од Советот на Европа, во својство на експерт, каде што учествуваат претставници на владите од цела Европа;

- во Стразбур (Република Франција), 5-7 ноември 2006 година, специјален гостин на Советот на Европа во својство на експерт;

- во Скопје, 17 февруари 2007, предавач на семинарот за подготовка на правосуден испит, за делот на трудово право и социјално осигурување, во организација на ТАЗ - Белград;

- во Дојран, 22 - 24 февруари 2007, семинар -18. Синдикална школа на тема"Колективните работни спорови и нивно решавање" (со труд) УПОЗ;

- во Скопје, мај 2007 година, во организација на Фондацијата „Friedrich-Ebert-Stiftung", настап со писмен реферат на трибината на темата "Предлог законот за мирно решавање на работните спорови";

- во Скопје, мај 2007 година, учесник на тркалезната маса по повод реформите во здравството во организација на Советот на Европа, со главен презентер проф. Д-р Грега Штрбан, од Правниот факултет во Љубљана, и проф. Д-р Дени Питерс, декан на Правниот факулет при Универзитетот во Лувн, Белгија (со презентација);

- во Крушево, мај 2007 година, учество на семинарот на правниците во организација на ЕЛСА-Македонија, како предавач од областа на здравственото и пензиското осигурување;

-член на координативното тело за еднакви можности на Република Македонија, како експерт за трудово и социјално право;

- во Копаоник (Република Србија), декември 2007 година, учесник на 20. Копаоничката школа за природно право со сопствен и реферат и излагање од областа на колективното преговарање, УПС;

- во Струга, 21-23 февруари 2008 година, семинар-19. Синдикална школа на тема „Распоредувањето и прераспоредувањето согласно со законските прописи (Законот за работните односи и Законот за државните службеници)", (со труд), УПОЗ;

- во Скопје, март 2008 година, предавач на семинарот-обука од областа на трудовото право и социјалното осигурување за полагање на правосудниот испит организиран од страна на Асоцијацијата за правни и економски истражувања и едукација „Јуридика";

- во Скопје, јуни 2008 година, на семинарот за „Актуелностите предизвиците и проблемите околу заложното право и неговиот упис", во организација на Асоцијацијата „Јуридика";

- во Струга, 19 септември 2008 година, семинар-работилница на тема "Работни права на жени и млади" (со презентација) Friedrich-Ebert-Stiftung;

-во Скопје, 10 октомври 2008 година, семинар на тема "Актуелните проблеми во правото и практиката на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија", (со труд), Асоцијација „Јуридика";

- во Скопје, 17 октомври 2008 година, учество во национален проект за создавање на систем на недискриминација во РМ на тема "Правна рамка за недискриминација" (со презентација), МЦМС;

- во Копаоник, декември 2008 година, учество со излагање на 21. Копаоничка школа за природно право на тема "Појава и развој синдикалног покрета у Југоисточној Европи", УПС;

- во Банско, 19-21 февруари 2009 година, семинар-20. Синдикална школа на тема „Предлог измените на Законот за работни односи во делот на синдикалното организирање и односот на синдикатот и политичките партии" (со труд), УПОЗ;

- во Струмица, 27-28 февруари 2009 година, семинар на тема „Актуелните проблеми на странските инвестиции, примената на законот за катастар на недвижности и новините во подзаконските акти, реализацијата на залозното право и распределувањето на оставината во позитивното право на РМ" Јуридика (со презентација);

- во Скопје, октомври 2009 година, семинар на тема "Актуелните проблеми во правото и практиката на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија" Јуридика, Скопје (со презентација);

- во Скопје, 26 октомври 2009 година, учество како правен експерт во експертска група за законот за заштита од дискриминација во рамките на проектот "Македонија без дискриминација", (со презентација и труд), Полио плус;

- во Струга, 19-21 ноември 2009 година, учество во семинар на тема "Заедно за подобар закон против малтретирањето на работно место", (со презентација), Friedrich-Ebert-Stiftung ;

- во Охрид, февруари 2010 година, учество со излагање на меѓународна конференција на тема "Колективните преговори во Република Македонија (со труд), ILO;

- во Скопје, 1 декември 2010 година, семинар на тема „Актуелните прашања во примената на правните прописи од трудовото и административното законодавство" (со труд), Јуридика;

- во Струмица, 17-19 септември 2010 година, семинар на тема "Актуелните прашања во примената на правните прописи од заложното, наследното и трудовото законодавство" (со презентација), Асоцијација Јуридика;

- во Охрид, 25-27 февруари 2011 година, семинар -22. Синдикална школа на тема "Колективните договори во државниот сектор со посебен осврт на колективните договори кај работодава" (со труд), УПОЗ;

- во Струмица, 30.9-2.11 2011 година, семинар на тема "Актуелните прашања и проблеми во правните и економските односи во правниот систем на РМ" (со презентација), „Јуридика";

- во Хаг, октомври 2011 година, учество на меѓународна конференција на тема "Flexible Working Time Arrangements" (со труд), Европска комисија;

- во Прилеп, декември 2011 година, семинар на тема "Колективно договарање во јавниот сектор на ниво на гранка" (со презентација), УПОЗ;

- во Копаоник, декември 2011 година, учество на меѓународна конференција - 24. Копаоничка школа за природно право, со труд на тема "Мобинг као радно-правни и социолошки феномен", УПС;

- учество во меѓународен проект како домашен експерт и предавач организиран од Европската комисија и МТСП на тема "Fostering social inclusion and inclusive labour market/Поттикнување на социјалната инклузија и инклузивен пазар на труд" (со презентација), Скопје, од 9 октомври 2012 година до 15 февруари 2013 година на вкупно 13 обуки во траење од неколку дена во Скопје, Штип, Охрид, Битола и Кичево за Модул 1, Модул 2 и Модул 6;

- во Копаоник, декември 2012 година, учество на меѓународна коференција - 25. Копаоничка школа за природно право со труд на тема"Меѓународно правни систем заштите здравља и безбедности на раду лица са инвалидитетом", УПС;

- во Скопје, 21 февруари 2013 година, меѓународна конференција на тема "Компаративен преглед на правото во Франција и Македонија", со труд на тема: Постапката на отпуштање, овластувања на работодавачот и заштита на работникот, Правен факултет „Јустинијан Први", Меѓународен институт за човекови права и мир и Амбасада на Франција во Скопје;

- во Скопје, 28 февруари. 2013 година, тркалезна маса "Актуелните измени во Законот за безбедност и здравје при работа" (со презентација), Здружение за безбедност при работа „28-ми Април";

- во Охрид, 22-24 февруари 2013 година, семинар-24. Синдикална школа на тема" Социјално партнерство и колективни договари за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа" (со презентација), УПОЗ;

- во Охрид, 22-24 февруари 2013 година, семинар на тема "Зајакнување на капацитетите на синдикалните лидери и активности 1" (со презентација), Friedrich-Ebert-Stiftung ;

- во Охрид, 22-24 февруари 2013 година, семинар на тема "Реални реформи во синдикатите од здравствениот сектор" (со презентација), Friedrich-Ebert-Stiftung;

- во Мавровo, 30-31 март 2013 година, семинар на тема "Репрезентативноста на синдикатите: Предност или не во демократските процеси" (со презентација), Friedrich-Ebert-Stiftung;

- во Мавровo, 12-14 април 2013 година, семанар на тема "Улогата на синдикалниот престваник во заштитата на работничките права во јавниот сектор" (со презентација), Friedrich-Ebert-Stiftung ;

- во Мавровo, 19-21 април 2013 година, семинар на тема "Колективното договарање во секторите хемија, неметали и метали 1" (со презентација), Friedrich-Ebert-Stiftung.

Научни и стручни трудови на д-р Лазар Јовевски

Од примањето на Факултетот до реизборот в соработничко звање асистент, кандидатот ги напишал и ги објавил следните монографии, научни и стручни трудови:

1. "Колективно преговарање во Југоисточна Европа со посебен осврт на Македонија" , магистерски труд, Правен факултет во Белград, 2005 година.

2. "Колективни преговори" , научна монографија, Скопје, 2006 година.

3. "Аспектите на флексибилните форми вработување - реалност и перспективи" , Годишник во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

4. "Колективното преговарање наспроти другите облици на уредување на работните односи" , Годишник во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

5. "Субјекти на колективното договарање, нивоа на преговарање и решавање на судирите кои се јавуваат во зависност од нивоата на преговори", Законска рамка на судската реформа во Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

6. „Злоупотреба на детскиот труд“, стручен труд, Рома индекс, бр. 6, април/мај 2005.

7. „Нови перспективи за лицата со хендикеп“ , стручен труд, Вулкан, Скопје, 2006.

8. „Колективните работни спорови и нивно решавање“ , стручен труд, 18. Синдикална школа, февруари 2007 година.

9. „Европскиот систем за заштита на здравјето и безбедноста при работа“ стручен труд, објавен во Зборникот во чест на проф. д-р Борислав Благоев, 2007 година, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

10. „Распоредувањето и прераспоредувањето според Законот за работните односи и Законот за државните службеници“ стручен труд, објавен во Зборникот во чест на проф. д-р. Владимир Митков, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

11. "Феноменот санданизам во македонското револуционерно движење", стручен труд, објавен во Зборникот во чест на проф. д-р Томислав Чокревски, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

12. "Друштвено-социолошки аспекти колективног преговарања и његов значај", научен труд, Копаоничка школа за природно право, Копаоник, 2007 година.

13. "Појава и развој синдикалног покрета у Југоисточној Европи", научен труд, Копаоничка школа за природно право, Копаоник, 2008 година.

Од реизборот во соработничко-звање асистент на Прваниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, кандидатот Лазар Јовевски ги објавил следниве трудови:

14. "Колективно преговарање на ниво на работодавач-поединечни колективни договори", научен труд, зборник во чест на проф. д-р Панта Марина, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје. Трудот се задржува на колективните преговори во чиј фокус се колективните преговори на ниво на компанија или т.н. поединечни колективни преговори чиј израз се поединечните колективни договори. Анализата дава длабински увид на карактеристиките, проблемите и можните решенија на бројни прашања околу самиот процес на преговарање и склучување на колективните договори.

15. "Колективни преговори и социјален дијалог во Република Македонија од 2005 до 2010 година", научен труд, Зборник во чест на проф. д-р Ѓорѓи Ганзовски, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје. Овој труд претставува заокружена синтеза на подолго истражување од областа на колективното преговарање и социјалниот дијалог во земјата. Трудот ги анализира севкупните односи меѓу социјалните парнери воопшто, а пред се преку колективните преговори и склучувањето на колективните договори. Се дава систематизиран увид на сите актуелни прашања од оваа област и се нудат решенија за надминување на проблемите и развивање на социјалниот дијалог.

16. "Синдикално движење и организирано работништво" научен труд, Зборник во чест на проф. д-р Ѓорѓи Маријановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје. Овој труд се задржува на правото на здружување на работниците и синдикалното организирање што претставува дел од колективното трудово право. Трудот ја детерминира идејата за организирање на работниците во рамките на трудово правните односи во капитализмот, но и пошироко. Се дава продлабочен научен приказ на историскиот развој на синдикалното движење, со компаративен приказ на европските решенија и некои други земји и региони од светот како што се Азија, Латинска Америка, Африка и САД. Во продолжение трудот ги опфака фазите во развојот и синдикалната активност, како и дејствувањето на синдикатите со спецификите кои што го следат тој процес. Исто така, опфатени се видовите на синдикатите на европско тло.

Преку трудот може подлабоко да се навлезе во сржта на синдикалното движење и законитостите во овој дел од колективното трудово право, а со тоа и подобро да се разберат идејата, свеста и етимологијата на работникот во работниот однос.

17. "Остварување на надомест на штета во работен однос" научен труд, Зборник во чест на проф. д-р Петар Манговски, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје. Трудот се задржува на актуелното прашање на надоместокот на штетата, притоа разгледувајќи го низ аспектите на неговата граѓанско-правна појавност, но низ призмата на трудовото право. Овој труд ги опфаќа прашањата на штетата во работен однос, нејзините видови и начинот на надоместување во рамките на трудот, односно во работниот однос. Трудот, покрај македонските решенија, дава и некои компаративни согледувања како што е бугарскиот систем на надомест на штета во работен однос. На крајот, трудот, покрај аналитичкиот приказ, дава и можни поинакви модели на уредување на овој институт во рамките на работните односи.

18. "Мобинг како трудово-правен и социолошко-правен феномен", научен труд, Копаоничка школа за природно право, Копаоник, 2011 година. Овој труд преставува научна анализа на институтот мобинг, или психичкото вознемирување на работа. Истражувањето продлабочено се задржува на мобингот навлегувајќи низ квалитативна анализа на ова особено актуелно прашање. Трудот го анализира мобингот како правен феномен, но и повеќе од тоа, како поливалентен институт кој длабоко навлегува во социолошките и психолошките трудови интеракции. Опфатени се видовите мобинг, пред се, преку хоризонтален и вертикален мобинг и нивните подвидови и варијации. Исто така, мобингот се разгледува низ призмата на заштита на здравјето и безбедноста при работа на вработениот како дел од севкупната заштита на личноста на работникот. Авторот во трудот опфаќа и споредбени аспекти, пред се, европските искуства, но и некои искуства во САД и Австралија. Предочени се главните проблеми кои постојат во врска со мобингот, но понудени се и решенија како треба да се справиме во иднина со мобингот во модерните трудово-правни односи.

19. "Меѓународно - правни систем заштите здравља и безбедности на раду лица са инвалидитетом", научен труд, Копаоничка школа за природно право, Копаоник, 2012 година. Овој труд се занимава со меѓународните аспекти на заштитата на здравјето и безбедноста при работа на лицата со инвалидитет. Трудот навлегува во продлабочена анализа на повеќеслојноста на проблематиката околу вработувањето, задржувањето на работата и условите за работа на лицата со инвалидитет. Анализирана е меѓународно-трудовата рамка изразена преку коцептот на заштита во Меѓународната организација на трудот, Советот на Европа и Европската унија. Преку овој труд, авторот дава детален научен увид на меѓународниот систем на заштита на лицата со инвалидитет утврден преку професионалната рехабилитација и вработувањето, од една страна, и стручното и професионалното оспособување, од друга страна. Трудот посебно се фокусира на професионлната интеграција и разумното прилагодување како доминантен концепт за интеграција на лицата со инвалидитет во ЕУ. Основна поставка на оваа научна анализа е дека лицата со инвалидитет најдобра и најопфатна општествена интеграција можат да постигнат преку трудот, односно со нивното вработување и себереализација во процесот на трудот. Се смета дека тоа е без сомнение во иднина голем предизвик и обврска на меѓународната нормативна активност која потоа треба да се имплементира во националните законодавства.

20. "Collective bargaining and reaching collective bargaining agreements (CBAs) according to Macedonian legislation and in practice (1991-2009)", монографија на англиски јазик, Меѓународна организација на трудот, Женева, 2010 година. Оваа меѓународно објавена монографија претставува аналитички осврт на колективното преговарање и системот на колкетивни договори во Република Македонија во периодот од 1991 до 2009 година. Трудот во себе содржи елементи на продлабочено истражување кое, покрај со анализа на колективното преговарање и договори, се задржува и на синтетички прододлабочени согледби, со компаративни споредби и видувања и предлози на самиот автор, како околу подобрување на системот на одредби, така и во насока на лоцирање на општествените домени на влијание. Трудот е сеопфатен и навлегува во сите елементи на колективното преговарање и склучувањето колективни договори. Така се анализира појавата на колективното договарање во Македонија, субјектите и видовите на колективни договори. Исто така, трудот ја следи историската динамика на склучувањето на колективните договори, нивните карактеристики во одредени временски периоди, како и влијанието и односите помеѓу социјалните парнери.

21. "Flexible Working Time Arrangements", научен труд, Европска комисија, Хаг, 2011 (објавен во јануари 2012).Овој научен труд, кој е меѓународно објавен претставува национална анализа на видовите флексибилни форми на вработување во Република Македонија. Анализата на сликовит начин ги прстставува македонските решенија, притоа упатувајќи на нивните добри и

лоши страни. Во текстот се нуди одговор на суштината на флексибилните форми на вработување, нивните карактеристики и модерна употреба во Европа и во македонското трудово законодавство. Исто така, во трудот се дава одговор дали е потребно постоење на овие форми на вработување и како би требало тоа се прави во иднина. Со тоа, трудот дава одговор дали во иднина овие форми ќе имаат поголемо или помало значење, а сето тоа земено низ призмата на глобалните економски текови и финансиските кризи.

22. "Засновање на работен однос и менаџерски договор", научен труд, Струмица, 2010 година, Асоцијација „Јуридика". Трудот претставува продлабочена научна анализа на трудовоправниот институт засновање на работен однос, но проследен од аспект на менаџерскиот договор. Овој, пред се, трудовоправен институт се анализира во неговата полна содржина, а тоа е како од аспект на Законот за работните односи, така и од аспект на Законот за трговски друштва. Менаџерскиот договор, како еден од посебните видови на договори за вработување, во оваа анализа се разгледува во рамките на целокупната постапка за засновање на работен однос, односно објаснувајќи ја постапката се лоцира и местото на овој вид договор. Исто така, авторот ги објаснува карактеристиките на овој договор, законските недоследности, како и неговото место во правниот систем, притоа недвосмислено лоцирајќи го во рамките на трудовото право.

23. "Осврт на теоријата на Хуго Гроциус во светлината на рационализмот и рационалната природноправна теорија", научен труд, Актуелните прашања за државата и правото на Република Македонија и Руската Федерација, том 2, Скопје, 2007 година. Авторот во трудот ја опфаќа правна мисла на Хуго Гроциус претставена низ ерата на рационализмот. Анализата започнува се теоретско философски, но и социолошки осврт на природноправната теорија и нејзините развојни аспекти, правејќи премин кон концептот и ставовите на Хуго Гроциус, поврзувајќи ги и анализирајќи ги неговите согледби. Трудот на крајот дава пресек на неговите ставови и влијанието во "Декартизмот". На крајот трудот ја поставува паралелата помеѓу природноправната теорија на Гроциус и позитивистичката школа, како две најмаркантни правни школи.

24. "Предлог-измените на Законот за работните односи во делот на синдикалното организирање и односот на синдикатот и политичките партии", научен труд, 20. Синдикална школа на УПОЗ, 2009 година. Овој труд се задржува на улогата на синдикатот во општеството. Трудот, синдикатите, нивната улога и функционирање ги анализира пред се низ призмата на трудовоправните односи и социјалниот дијалог. Но, од друга страна во трудот се поставува синдикализмот на еден не толку често анализиран начин, а тоа е односот на синдикатите и политичките партии. Притоа, се дава приказ на заемните интеракции и поврзаност на синдикатите и политичките партии, дали таа соработка е потребна, нужна, полезна или претставува негативна одлика на синдикализмот. На крајот,

авторот дава сопствен увид во состојбата во Македонија со одредени предлози и насоки за идното синдикално дејствување во Македонија.

25. "Воведување и зајакнување на стандардите на заштита при работа во текстилната индустрија", стручна монографија, Скопје, 2010 година. Оваа стручна монографија го опфаќа прашањето на заштитата и безбедноста при работа од аспект на практична примена во текстилната индустрија. Трудот изобилува со емпириски податоци, но и преку аналитички пристап се дава подлабок увид во состојбите во текстилната индустрија во Македонија како целина, но и во пооделни текстилни региони. Овој труд е значаен и од аспект што помага во делот на детектирање и анализа на состојбите во практиката, а особено од аспект како да се надминат. Сето тоа е прикажано користејќи се со научни методолошки алатки и употребувајќи го индуктивно-дедуктивниот пристап.

26. "Актуелните прашања и дилеми според според измените и дополнувањата на Законот за работните односи од 2009 година", научен труд, Скопје, 2010 година, Асоцијација „Јуридика". Во овој труд авторот се задржува на измените и дополнувањата на Законот за работните односи на Република Македонија од 2009 година. Трудот има за цел да помогне околу подобрување на законскиот текст. Така трудот се задржува на поголемите и поважни измени и дополнувања кои имаат влијание на промената и обликувањето на работните односи предвидени и регулирани со ЗРО. Трудот се задржува на промените кои се однесуваат на правата во однос на синдикалното организирање, колективното преговарање, но и права и обврски кои се дел од содржината на работниот однос како што се одморите, работното време и сл. Трудот покрај тоа што дава коментари и врши анализа на предложените измени, во исто време нуди и решенија кои се делумно или во целост поинакви од предложените. Исто така, упатува на можните позитивни, и негативни аспекти на предложените измени.

27. "Националната политика во Република Македонија за недискриминација и еднакви можности", стручен труд, Координативно тело за недискриминација, 2008 година, Скопје. Овој труд претставува анализа на состојбата на полето на дискриминација во Република Македонија. Трудот дава увид во состојбата на нормативен план по однос на прашањето на дискриминацијата и еднаквите можности. Исто така, трудот дава увид во практичната примена на нормативните решенија, актуелните проблеми и состојби во земјата и каква национална политика ни е потребна во однос на националната политика за недискриминација и еднаквост во земјата.

28. "Заштита здравља и безбедноста на раду са посебним освртом на заштиту ratione personae", докторски труд, 2012 година, Правен факултет - Белград. Овој труд претставува обемно истражување во кое авторот се задржува на прашањето на заштитата на здравјето и безбедноста при работа во нејзината поливалентна појавност, анализирајќи ја како правно, така и

пошироко низ аспектите на екологијата, медицината на трудот и социјалниот систем.

Заклучна оцена и предлог на Комисијата

По разгледувањето на документите, Комисијата констатира дека единствениот кандидат, д-р Лазар Јовевски, ги исполнува условите предвидени во конкурсот.

Имајќи ги предвид севкупните активности на кандидатот д-р Лазар Јовевски во претходниот период, а особено учеството на бројни семинари во земјата и во странство, објавените монографии и трудови во научни и стручни списанија, успешното и совесно извршување на работните обврски, како и позитивните оцени дадени од страна на студентите, Комисијата смета дека д-р Лазар Јовевски успешно ќе ги извршува работните обврски на научната област трудово право на предметот трудово право.

Поради сево ова, членовите на Комисијата имаат особено задоволство, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, да го поднесат следниов

П Р Е Д Л О Г

д-р Лазар Јовевски да се избере во наставно-научното звање доцент на научната област трудово право.

К о м и с и ј а

1. Проф. д-р Тодор Каламатиев, редовен професор с. р.
2. Проф. д-р Гзиме Старова, редовен професор с. р.
3. Проф. д-р Тито Беличанец, редовен професор с. р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Лазар Јовевски
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје
Научна област: трудово право

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Настава во школи и работилници**	30,5
	-13. Синдикална школа, УПОЗ, Струга, 2002 година; - предавач на модул-програма за обука од областа на трудовото право, Ромаверзитас/ФИООМ, Скопје, 2005/2006 година; - 18. Синдикална школа, УПОЗ, Дојран, 2007 година; - Втора регионална школа за социјално осигурување, Совет на Европа, Будва, 2006 година; - 19. Синдикална школа, УПОЗ, Струга, 2008 година; - 20. Синдикална школа, УПОЗ, Банско, 2009 година; - 22. Синдикална школа, УПОЗ, Охрид, 2011 година; - 24. Синдикална школа, УПОЗ, Охрид, февруари 2013 година; - предавач на работилница: „ Зајакнување на капацитетите на синдикалните лидери и активности 1", Friedrich-Ebert-Stiftung,Охрид, 2013 година; - предавач на работилница: „ Реални реформи во синдикатите од здравствениот сектор", Friedrich-Ebert-Stiftung, Охрид, 2013 година; -работилница на тема: „Миграцијата како поле за социјална работа", Европска агенција за реконструкција, Скопје, октомври, 2005 година; - Изведување на настава и работилница на тема: „Потикнување на социјална инклузија и инклузивен пазар на труд", Европска комисија и МТСП, од 9 октомври 2012 година до 15 февруари 2013 година, за вкупно 13 обуки во траење од неколку дена во Скопје, Штип, Битола, Охрид и Кичево за Модул 1, 2 и 6 ;	11 19,5
2.	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиторски или изработка на семинарски труд)**[1]	
2.1.	**од прв циклус студии:** **трудово право** учебна 2005/2006 6*15*0,03 = 2,7 учебна 2006/2007 6*15*0,03 = 2,7 учебна 2007/2008 6*15*0,03 = 2,7 учебна 2008/2009 6*15*0,03 = 2,7 учебна 2009/2010 6*15*0,03 = 2,7 учебна 2010/2011 6*15*0,03 = 2,7	16,2

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

2.	**Подготовка на нов предмет** социјална политика социјално осигурување социјална заштита европско социјално право трудово право применета програма	2,5
3.	**Консултации со студенти**[2] учебна 2005/2006 600*0,02=1,2 учебна 2006/2007 450*0,02=0,9 учебна 2007/2008 450*0,02=0,9 учебна 2008/2009 450*0,002 = 0,9 учебна 2009/2010 500*0,002 = 1 учебна 2010/2011 500*0,002 = 1	9,3
4.	**Пакет материјали за одреден предмет** социјална политика социјална заштита европско социјално право	3
	Вкупно	61,5

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект**	**9**
1.1.	„Учиме право“, Институт „Отворено општество“, низ средните училишта во Македонија, 1999-2000 година.	3
1.2.	„Едукација и социјализација на ромите во нашето општество“, УСАИД и Фондација „Отворено општество“, Скопје, 2004/2005 година.	3
1.3.	„Македонија без дискриминација“, Полио плус, МЦМС, МТСП, Скопје, во период од 2007-2009 година.	3
2.	**Учесник во меѓународен научен проект**	**5**
2.1.	„Fostering social inclusion and inclusive labour market/Потикнување на социјална инклузија и инклузивен пазар на труд“, EU Comision, МТСП, Скопје, низ Македонија, за период 2012-2013 година.	5
3.	**Монографија**	**8**
3.1.	„Колективни преговори“, Цетис, Скопје, 2006 година.	8
4.	**Монографија објавена во странство**	**12**
4.1.	„Collective bargaining and reaching collective bargaining agreements (CBAs) according to Macedonian lagislation and practice (1991-2009)“, International Labour Organization, Geneva, 2010.	12
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**[3]	**32**
5.1.	„Колективното преговарање наспроти другите облици на уредување на работните односи“, *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на Тодорка*	4

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

[3] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора - секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

	Оровчанец, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 2006.	
5.2.	„Аспектите на флексибилните форми на вработување-реалност и перспективи", *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на Strezo Strezovski,* Универзитет „Св. Крил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 2006,	4
5.3.	„Европскиот систем на заштита на здравјето и безбедноста при работа", *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на Борислав Благоев,* Скопје, 2007.	4
5.4.	„Колективно преговарање на ниво на работодавач-поединечни колективни договори", *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на Панта Марина,* Скопје, 2007.	
5.5.	„Društveno-sociološki aspekti kolektivnog pregovaranja i njegov značaj", *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, br. 11, tom III, Beograd, 2007.	4
5.6.	„Pojava i razvoj sindikalnog pokreta u Jugoistočnoj Evropi", *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, Beograd, 2008.	4
5.7.	„Mobing kao trudovo-pravni i sociološko-pravni fenomen", *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, Beograd, 2011.	4
5.8.	„Međunarodno-pravni sistem zaštite zdravlja i bezbednosti na radu lica sa invaliditetom", Kopaonička škola prirodnog prava, *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, Beograd, 2012.	4
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	6
6.1.	„Flexibile working time agriments in macedonian labour law ", *EUC,* Hag, 2012.	6
7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**	8
7.1.	„Злоупотреба на детскиот труд", Рома индекс, стручно списание на ромската заедница во Македонија, бр. 6, април/мај 2005.	2
7.2.	„Нови перспективи за лицата со хендикеп" Вулкан, стручно списание на лицата со хендикеп, Скопје, 2006.	2
7.3.	„Предлог-измените на Законот за работните односи во делот на синдикалното организирање и односот на синдикатот и политичките партии", 20. Синдикална школа, стручно списание на Синдикатот на УПОЗ, 2009 година.	2
7.4.	„Колективни работни спорови и нивно решавање", 18. Синдикална школа, стручно списание на синдикатот на УПОЗ, февруари 2007 година	2
8.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	3,8
8.1.	„Осврт на теоријата на Хуго Гроциус во светлината на рационализмот и рационалната природноправна теорија", *Зборник трудови од меѓународната конференција "Актуелните прашања за државата и правото во правото на Република Македонија и на Руската Федерација" (коавтор)* Том 2, Скопје, 2007.	1,8
8.2.	„Субјекти на колективното договарање, нивоа на преговори и решавање на судирите кои се јавуваат во зависност од нивоата на	2

	преговори", Законска рамка на судската реформа во Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје.	
9.	**Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција**	**9.8**
9.1.	„Распоредување и прераспоредување според Законот за работните односи и Законот за државните службеници", *Зборник во чест на Владимир Митков,* Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје, 2010.	2
9.2.	„Феноменот санданизам во македонското револуционерно движење", *Зборник во чест на Томислав Чокревски,* Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 2010.	2
9.3.	„Колективни преговори и социјален дијалог во Република Македонија од 2005 до 2010 година", *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф. Ганзовски* , Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 2011.	2
9.4.	„Синдикално движење и организирано работништво", *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф. Ѓорѓи Марјановиќ,* Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 2011.	2
9.5.	„Остварување на надомест на штета во работен однос„ *Јустинцјан Први" во Скопје, во чест на проф. Наум Гризо* (коавтор), Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 2011.	1,8
10.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир**	**60**
10.1.	Предавање на 13. Синдикална школа, УПОЗ, Струга, 2002 година.	2
10.2.	Предавање на 18. Синдикална школа, УПОЗ, Дојран, 2007 година.	2
10.3.	Предавање на тема „Системот на здравствено и пензиско осигурување во Македонија", ЕЛСА, Крушево, 2007 година.	2
10.4.	Предавање на 19. Синдикална школа, УПОЗ, Струга, 2008 година.	2
10.5.	Предавање на 20. Синдикална школа, УПОЗ, Банско, 2009 година.	2
10.6.	Предавање на 22. Синдикална школа, УПОЗ, Охрид, 2011 година.	2
10.7.	Предавање на тема „Колективно договарање во јавниот асектор на ниво на гранка", Friedrich-Ebert-Stiftung Прилеп, 2011 година.	2
10.8.	Предавање на тема "Работни права на жени и млади", Friedrich-Ebert-Stiftung, Струга, септември 2008 година.	2
10.9.	Предавање на тема „Заедно до подобар закон против малтретирање на работното место", Friedrich-Ebert-Stiftung, Струга, ноември 2009 година.	2
10.10.	Јавна трибина на тема „Предлог-законот за работните односи", Скопје, 2005 година.	2
10.11.	Јавна трибина тема „Предлог-законот за мирно решавање на работни спорови",Friedrich-Ebert-Stiftung, Скопје, 2007 година.	2
10.12.	Јаван трибина и тркалезна маса на тема „Актуелните измени на Законот за безбедност и здравје при работа", Здружение за заштита при работа „28 Април", Скопје, февруари 2013	2

	година.	
10.13.	Предавање на тема „Зајакнување на капацитетите на синдикалните лидери и активности 1“, Friedrich-Ebert-Stiftung,Охрид, 2013 година.	2
10.14.	Предавање на тема „Репрезентативноста на синдикатите: предност или не во демократските процеси“, Friedrich-Ebert-Stiftung, Маврово, 2013 година.	2
10.15.	Предавање на тема „Улогата на синдикалниот претставник во заштитата на работничките права во јавниот сектор “, Friedrich-Ebert-Stiftung, Маврово, 2013 година.	2
10.16.	Предавање на тема „Колективното договарање во секторите хемија, нематали и метали 1 “, Friedrich-Ebert-Stiftung, Маврово, 2013 година.	2
10.17.	Предавање на тема „Реални реформи во синдикатите од здравствениот сектор“, Friedrich-Ebert-Stiftung, Охрид, 2013 година.	2
10.18.	Предавање на тема „Актуелните прашања во македонското трудово законодавство“, семинар во организација на Здружение на граѓани ТАЗ, Скопје, 2006.	2
10.19.	Предавање од областа на трудовото и социјалното право на семинарот за полагање правосуден испит, Здружение на граѓани ТАЗ, Скопје, февруари 2007.	2
10.20	Предавање од областа на граѓанското и стварното право на семинарот за специјализирана обука за полагање на правосуден испит, во организација на Асоцијацијата за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика“, Скопје, април 2008.	2
10.21.	Предавање на семинарот со тема „Новини, актуелности и проблеми во заложното право на РМ и Катастарот на надвижности“, на семинарот Асоцијација „Јуридика“, Скопје, 20-21 јуни 2008.	2
10.22	Предавање на семинарот „Актуелните проблеми во правото и практиката на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија“, Асоцијација „Јуридика“, Скопје, 10 октомври 2008.	2
10.23	Предавање на семинарот „Актуелните проблеми на странските инвестиции, примената на законот за катастар на недвижности и новините во подзаконските акти, реализацијата на заложното право и распределувањето на оставината во позитивното право на РМ“, Јуридика, Струмица, 27-28 февруари 2009.	2
10.24	Предавање на семинарот „Актуелните проблеми во правото и практиката на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија“, Јуридика, Скопје, 10 октомври 2009.	2
10.25.	Предавање на семинарот „Актуелните прашања во примената на правните прописи од заложното, наследното и трудовото законодавство“, Јуридика, Струмица, 17-19 септември 2010.	2
10.26	Предавање на семинарот „Актуелните прашања во примената на правните прописи од трудовото и административното законодавство“, Јуридика, Скопје, 1 декември 2010 година.	2
10.27.	Предавање на семинарот „Актуелни прашања во наследното право и трудовото право“, Јуридика, 26-28 февруари 2010.	2
10.28	Предавање на семинарот „Актуелните прашања проблеми во правните и економските односи во правниот систем на Република Македонија“, Јуридика, Струмица, 30 септември- 2 октомври 2011.	2
10.29	Излагање во рамките на Националното координативно тело за	2

	недискриминација на тема „Националната политика во Република Македонија за недискриминација и еднакви можности“, Скопје, 2008 година.	
10.30	Предавање на 24. Синдикална школа УПОЗ, Охрид, февруари 2013 година.	2
11.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**24**
11.1.	Учество и излагање на меѓународна научна конференција „Правна клиничка програма“ Columbia University и Правен факултет Јустинијан Први, Охрид, ноември 2000.	3
11.2.	Учество и излагање на меѓународна научна конференција „Мирно решавање на конфлекти“, Совет на Европа и Амнести интернационал, Грац-Австрија, ноември 2001 година	3
11.3.	Учество и излагање на меѓународна конференција „Concours Europeen des droit de l'homme Rene Cassin“, Совет на Европа, Стразбур, 2000 година.	3
11.4.	Учество и излагање на меѓународна научна конференција „Social Security -co-ordinating instruments in the social security field“ Совет на Европа, Прага, 2006 година.	3
11.5.	Учество и излагање на меѓународна научна конференција „Social security sistem in Europe“ Совет на Европа, Стразбур, ноември 2006 година.	3
11.6.	Учество и излагање на меѓународна научна конференција „Колективно преговарање и колективни договори во Република Македонија“, Меѓународна организација на трудот, Охрид, февруари 2010 година.	3
11.7.	Учество и излагање на меѓународна научна конференција „Реформите во здравствениот систем“ Совет на Европа, Католички универзитет во Лувн, Скопје, мај 2007 година.	3
11.8.	Учество и излагање на меѓународна научна конференција „Компаративен преглед на на правото на Македонија и Франција“, Амбасада на Р. Франција во Македонија, Меѓународен институт за човекови права и мир -Коен, Франција и Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, февруари 2013 година.	3
12.	**Секциско предавање на научен/стручен собир**	**4**
12.1.	Учество и излагање на 20. Копаоничка школа на природното право , декември 2007 година.	2
12.2.	Учество и излагање на 21. Копаоничка школа на природното право, декември 2008 година.	2
	Вкупно	181,6

СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Стручна монографија**	7,2
1.1.	*„Воведување и зајакнување на ЕУ-стандардите на заштита при работа во текстилната индустрија“*, (коавтор) МЗЗПР, Скопје, 2008 година.	7,2
2.	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија,**	**3**

	супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија	
2.1.	Правно мислење за Колективниот договор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејност давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ А.Д. Скопје	1
2.2.	Правно мислење за одредени членови на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и проценка за поведување на иницијатива пред уставен суд, на барање на Синдикална организација на ССКЛ	1
2.3.	Правно мислење за одредени членови на Законот за здравствена заштита и проценка за поведување на иницијатива пред уставниот суд, на барање на Синдикална организација на ССКЛ	1
3.	**Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**	**2**
3.1.	„Еден до друг-различни а еднакви", Стратегиска рамка за зедничка акција за борба против дискриминација, ОБСЕ, МТСП, Полио плус, Скопје, 2007 година.	2
4.	**Член на комисија за изработка на закон**	**4**
4.1.	Член на комисијата за изготвување на Законот за забрана на дискриминација на Република Македонија, МТСП, национално координативно тело за недискирминација.	4
5.	**Награда за научни постигнувања од струковата организација**	**6**
5.1.	Добитник на Tribut Cum Laude Litteras Honoris, Universitas Iuris naturalis Copaonici, OB XX Aetatis, Ad Perpetuum Hexagonum Concepta (Vita-Liberta- Proprietas- Humanitas- Justitia-Ius), Copaonicus, Decembris Anno Domini MMVII	3
5.2.	Добитник на Magna Cum Laude, on filed of Basic principles of social securitu, Social security comprasion and social security in Europe, International and European social security law, Social security economics and Social protection philosophy, Совет на Европа, септември 2006 година	3
6.	**Студиски престој во странство**	**0,5**
6.1.	Пролет 2009, двонеделен престој во Москва, Руска Федерација, како гостин на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Ломоносов"	0,5
7.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**	**1**
7.1.	Секретар на Зборникот во чест на проф. д-р Борислав Благоев, Правен факултет „Јустинијан Први"	0,5
7.2.	Секретар на Зборникот во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, Правен факултет „Јустинијан Први"	0,5
8.	**Член на факултетски комисии**	**3**
8.1.	Секретар на Институтот за деловно право и економски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.	0,5
8.2.	Член на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (2007-2009).	0,5
8.3.	Член на дисциплинската комисија на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.	0,5
8.4.	Заменик-член во комисија за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.	0,5
8.5.	Председател на комисијата за попис на Правниот факултет „Јустинијан Први", 2007 година.	0,5
8.6.	Председател на комисијата за попис на Правниот факултет „Јустинијан Први", 2008 година.	0,5
	Вкупно	26,7

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	61,5
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	181,6
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	26,7
Вкупно	269,8

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Тодор Каламатиев с.р.

Проф. д-р Гзиме Старова с.р.

Проф. д-р Тито Беличанец с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКО-ПРАВНИ НАУКИ (ПРАВО И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА) НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 27.5.2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на наставник во сите научни звања на научната област воведни и теоретско-правни науки (право и информатичка технологија), во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова и проф. д-р Гоце Наумовски. На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“ од 24.4.2013 година и во дневниот весник „Коха“ од 24.4.2013 година се пријави еден кандидат, д-р Драги Рашковски.

Кон пријавата, кандидатот достави: Одлука за стекнат соодветен степен на образование-доктор на науки, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив. По разгледувањето на пријавата со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I

1. Биографски податоци за д-р Драги Рашковски

Д-р Драги Рашковски е роден 1984 година во Струмица, каде што го завршил основното и средното образование. Во 2002 година се запишал на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на

правните студии. Од учебната 2004 до учебната 2008 година е ангажиран како демонстратор по предметот вовед во правото. Дипломирал во февруари 2008 година како најдобар студент на промоцијата со просечен успех 9,34. По дипломирањето на Правниот факултет во 2008 година, се запишал на постдипломските студии по казнено право и криминологија. Во септември 2008 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет е избран за помлад асистент на научната област право и информатичка технологија. Во 2011 година е избран во звањето асистент на научната област право и информатичка технологија. Од 2005 година работи како систем - администратор на Системот за електронско водење на ЕКТС за којшто е и иновативен творец. Во 2009 година се запишал на магистерските студиите по граѓанско материјално и граѓанско процесно право и во јуни 2010 година ги заврши со одличен успех од 10,00. Во ноември 2010 година го одбрани својот магистерски труд под наслов "Компаративна анализа на правната заштита на домен имињата и нивниот однос со трговската марка", со што се стекна со називот „магистер од областа на правото“. Во 2010 година се запишал на магистерските студиите по право на интелектуална сопственост, ТЕМПУС проект со двојна диплома со Универзитетот во Стразбург, каде што ги има положено сите испити и е во фаза на подготовка на магистерската теза. Во декември 2011 година магистрира на постдипломските студии по казнено право и криминологија на тема со наслов "Мрежно крадење на лични податоци (Phishing).

На 10.1.2013 година успешно ја одбрани својата докторска досертација под наслов “Остварување на формите на демократија со помош на информатичката технологија (со симулација на систем за електронско гласање)”.

Кандидатот активно се служи со јазиците од јужно словенската група на јазици и англискиот јазик и поседува екстензивно познавање на информационите технологии.

2. Наставно-образовна дејност

Во септември 2005 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет кандидатот е избран за демонстратор на предметот вовед во правото и активно учествувал во изведувањето и подготовката на наставата и вежбите овој предмет. Во септември 2006 година е избран за демонстратор по предметот Правна информатика. Во септември 2008 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет е избран за помлад асистент на научната област право и информатичка технологија. Во 2011 година е избран во звањето асистент на научната област право и информатичка технологија. Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет учествува и во изведувањето на наставата по предметот вовед во правото во периодот од учебната 2006/2007 до учебната 2012/2013 година, покажувајќи огромна посветенот и иновативност во спроведувањето на работните задачи. Кандидатот е автор на интерната скрипта која се користи како испитен материјал по предметот право и информатичка технологија под наслов "Домен имињата и нивниот однос со трговската марка".

Треба да се напомене дека во рамките на интерните студентски евалуации на Правниот факултет, кандидатот континуирано бележи високи просечни оценки.

3. Научноистражувачка дејност

Кандидатот се јавува како автор на следниве научни и стручни трудови:

1. "Разликите помеѓу традиционалните форми на криминал и компјутерскиот криминал ", објавен во стручното списание „Правник", април 2013

2. "Улогата на социјалните медиуми во глобализацијата" – Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на 18 години од основањето на политичките студии,
3. "Учеството на граѓаните во политичкиот живот со помош на информатичката технологија" - Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" по повод 35 години од основањето на студиите по новинарство на Правниот факултет
4. "Нормативни аспекти на дигиталниот потпис" – Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Спировиќ – Трпеновска, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје
5. Дел од монографијата по повод 60 години од постоењето на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, под наслов Софтверско решение за имплементација на ЕКТ-системот"

Кандидатот учествувал во следните проекти:

ТЕМПУС - проект под наслов „Regional Joint Degree Master of Intellectual Property Law" (Регионални постдипломски студии со заедничка диплома по право интелектуална сопственост)

Кандидатот има одржано секциски предавања на покана на Амбасадата на САД во Република Македонија и агенцијата ФУТУРА под насловот "Владеење на правото" и тоа

на 17.9.2012 во гимназијата "Јосип Броз Тито" во Скопје
на 18.9.2012 во гимназијата "Орце Николов" во Скопје
на 19.9.2012 во гимназијата "Никола Карев" во Скопје
на 20.9.2012 во гимназијата "Арсениј Јовков" во Скопје
на 23.9.2012 во гимназијата "Гоце Делчев" во Куманово
на 25.9.2012 во гимназијата "Јосип Броз Тито" во Битола
на 27.9.2012 во гимназијата "Јане Сандански" во Струмица
на 17.9.2012 во гимназијата "8 Септември" во Тетово

4. Стручно-апликативна дејност

Во текот на неговата досегашна академска кариера, кандидатот бележи значително искуство во стручно-апликативната дејност. Учествувал во спроведувањето на самоевалуацијата на образовниот процес на Правниот факултет во периодот од учебната 2006/2007 до учебната 2012/2013 година. Именуван е за секретар на Катедрата за воведни и теоретско правни науки. Во повеќе наврати бил член на Комисијата за упис на студенти на прв и втор циклус студии на Правниот факултет во Скопје.

Кандидатот е повеќегодишен администратор на веб-страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први".

Носител е на патентно право на патентот под назив „Систем за електронско водење на ЕКГ-системот (хардвер и софтвер)".

Како доказ за неговото исклучително познавање на информатичката технологија служи и податокот дека е творец на повеќе софтверски пакети, и тоа:

- Софтверски пакет за автоматско пресметување на резултати од евалуација;
- Софтверски пакет за електронско спроведување на гласање на избори;
- Софтверски пакет за спроведување анализа на предизборните резултати;
- Софтверски пакет за компјутерско полагање на квалификациони тестови за идни директори во Министерството за здравство.

Заклучна оцена и предлог

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област воведни и теоретско-правни науки (право и информатичка технологија) од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје се пријави кандидатот, д-р Драги Рашковски. Комисијата за оцена на кандидатите во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана

Силјановска – Давкова и проф. д-р Гоце Наумовски, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува рецензентскиот извештај со следнава заклучна оцена со предлог:

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, со интерес и внимание ги разгледа документите што кандидатот д-р Драги Рашковски ги поднесе кон пријавата за избор за наставник во сите наставно-научни звања на научната област воведни и теоретско-правни науки (право и информатичка технологија) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на пристигнатата пријава на конкурсот, констатира дека кандидатот д-р Драги Рашковски ги исполнува условите за избор во наставно-научното звање доцент на научната област воведни и теоретско-правни науки (право и информатичка технологија) зашто се има стекнато со соодветен академски степен - доктор на правни науки, активно се служи со англискиот јазик и јазиците од регионот и поседува исклучително знаење од областа на информатичката технологија, кое го има применето во подобрување на образовниот процес на Правниот факултет.

Кандидатот во текот на неговиот наставно-образовен ангажман, најпрво како демонстратор по предметите вовед во правото и правна информатика, а потоа и како асистент, се профилира во солиден предавач и педагог што се потврдува и со одличните резултати од студентските евалуации на неговата работа.

Кандидатот веќе подолго време работи и како систем - администратор на Системот за електронско водење на ЕКТС за кој е и идеен творец, што ја докажува неговата креативност и иновативност, а што се потврдува и преку практичното решение присутно во неговата докторска дисертација околу спроведувањето на електронското гласање. Кандидатот е подолг временски период вклучен и во бројни апликативни дејности на Факултетот, што покажува дека со голема желба и ентузијазам е посветен на сите форми во образовниот процес. Тој магистрирал и докторирал на современи и иновативни теми и сите негови трудови се во иста

насока и тие може да се сметаат за зародиш на една нова димензија на правните науки.

Поаѓајќи од изнесеното, Рецензентската комисија со големо задоволство, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

П Р Е Д Л О Г

Кандидататотд-р **Драги Рашковски** да биде избран за наставник во наставно – научното звање доцент, на научната област воведни и теоретско-правни науки (право и информатичка технологија).

Скопје, 28.5.2013 година.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Борче Давитковски с.р.

Проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова с.р.

Проф. д-р Гоце Наумовски с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Драги Рашковски

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Научна област: воведни и теоретско науки (право и информатичка технологија)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиторски или изработка на семинарски труд)**[1]	**31,9**
1.1	**Од прв циклус студии:** **Вовед во правото** учебна 2011/2012 — 2*15*0,03*3 = 2,7 учебна 2011/2012 — 2*15*0,03*3 = 2,7 учебна 2012/2013 — 2*15*0,03*2 = 1,8 вкупно: 7,2 **Право и информатичка технологија** учебна 2008/2009 — 1,75*15*0,03*6 = 4,725 учебна 2009/2010 — 1,75*15*0,03*6 = 4,725 учебна 2010/2011 — 1,75*15*0,03*6 = 4,725 учебна 2011/2012 — 1,75*15*0,03*6 = 4,725 вкупно: 18,9 **Информатика – политички студии** учебна 2008/2009 — 1,75*15*0,03 = 0,7875 учебна 2009/2010 — 1,75*15*0,03 = 0,7875 учебна 2010/2011 — 1,75*15*0,03 = 0,7875 учебна 2011/2012 — 1,75*15*0,03 = 0,7875 вкупно: 3,15 **Информатика во новинарството** учебна 2008/2009 — 1,75*15*0,03 = 1,125 учебна 2009/2010 — 1,75*15*0,03 = 1,125 учебна 2010/2011 — 1,75*15*0,03 = 1,125 учебна 2011/2012 — 1,75*15*0,03 = 1,125 вкупно: 3,15	**31,9**
2	**Консултации со студенти**[2] учебна 2008/2009 — 800*0,002 = 1,6 учебна 2009/2010 — 900*0,002 = 1,8 учебна 2010/2011 — 800*0,002 = 1,6 учебна 2011/2012 — 900*0,002 = 1,8	**6,8**

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

3	**Интерна скрипта од вежби**	
3.1	Системот на домен имиња и нивниот однос со трговските марки (скрипта по предметот право и информатичка технологија)	**3**
	Вкупно	**41.7**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Учесник во меѓународен научен проект**	**5**
1.1	Учесник во ТЕМПУС проект под наслов „Regional Joint Degree Master of Intellectual Property Law“ (Регионални постдипломски студии со заедничка диплома по право интелектуална сопственост)	5
2.	**Дел од монографија**	**4**
2.1	Дел од монографијата по повод 60 години од постоењето на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје, под наслов "Софтверско решение за имплементација на ЕКТ системот”	4
3	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание**	**2**
3.1	“Разликите помеѓу традиционалните форми на криминал и компјутерскиот криминал ”, „Правник", април 2013	2
4.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	**12**
4.1	“Улогата на социјалните медиуми во глобализацијата” – Годишник на Правниот факултет “Јустинијан Први” во чест на 18 години од основањето на политичките студии,	4
4.2	“Учеството на граѓаните во политичкиот живот со помош на информатичката технологија” - Годишник на Правниот факултет “Јустинијан Први” по повод 35 години од основањето на студиите по новинарство на Правниот факултет	4
4.3	“Нормативни аспекти на дигиталниот потпис” – Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Спировиќ – Трпеновска, Правен факултет „Јустинијан Ррви" – Скопје	4
5.	**Секциски предавања на научен/стручен собир**	**8**
5.1	Секциско предавање на проектот под покровителство на Амбасадата на САД – Скопје, во реализација на Агенцијата “Футура” под насловот “Владеење на правото”, и тоа на 17.9.2012 во гимназијата “Јосип Броз Тито” во Скопје на 18.9.2012 во гимназијата “Орце Николов” во Скопје на 19.9.2012 во гимназијата “Никола Карев” во Скопје на 20.9.2012 во гимназијата “Арсениј Јовков” во Скопје на 23.9.2012 во гимназијата “Гоце Делчев” во Куманово на 25.9.2012 во гимназијата “Јосип Броз Тито” во Битола на 27.9.2012 во гимназијата “Јане Сандански” во Струмица на 17.9.2012 во гимназијата “8 Септември” во Тетово	8
	Вкупно	**31**

СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Експертски активности**	**13**
1.1	Учество во евалуација на наставниот процес Зимски семестар 2006/2007; Летен семестар 2006/2007; Зимски семестар 2007/2008; Летен семестар 2007/2008; Зимски семестар 2008/2009; Летен семестар 2008/2009; Зимски семестар 2009/2010; Летен семестар 2009/2010; Зимски семестар 2010/2011; Летен семестар 2010/2011; Зимски семестар 2011/2012; Летен семестар 2011/2012; Зимски семестар 2012/2013.	13
2.	**Патенти / иновации прифатени од Државниот завод за индустриска опственост**	**4**
2.1	Носител на патентно право на патентот под назив "Систем за електронско водење на ЕКТ-системот (хардвер и софтвер)"	4
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
3	**Член на факултетска комисија**	**3,5**
3.1	Секретар на Катедрата за воведни и теоретско правни науки	0.5
3.2	Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2012/2013	0.5
3.4	Член на Конкурсна комисија за упис на студенти во втор циклус на студии - во учебната 2008/2009 - во учебната 2009/2010 - во учебната 2010/2011 - во учебната 2011/2012 - во учебната 2012/2013	2,5
4	**Изработка на нов софтверски пакет**	**6**
4.1	Софтверски пакет за автоматрско пресметување на резултати од евалуација	2
4.2	Софтверски пакет за електронско спроведување на гласање на избори	2
4.3	Софтверски пакет за спроведување на анализа на предизборни резултати	2
4.4	Софтверски пакет за компјутерско полагање на квалификациони тестови за идни директори во Министерството за здравство	2
	Вкупно	**28.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	41,7
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	31
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	28.5
Вкупно	**101.2**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Борче Давитковски с.р.

Проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова с.р.

Проф. д-р Гоце Наумовски с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје бр. 02-1249/2 од 30.5.2013 година, донесена на својата редовна седница одржана на 30.5.2013 година, определена е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Миколај Кузиновски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Валентина Гечевска, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, и проф. д-р Владимир Дуковски, редовен професор (во пензија) на Машинскиот факултет во Скопје, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област контрола на квалитет на Машинскиот факултет во Скопје.

По прегледот и анализата на доставената конкурсна документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во дневните весници „Дневник" бр. 5165 и „Koha" бр. 1911 од 14.5.2013 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област контрола на квалитет се пријави кандидатот д-р Мите Томов, дипл. маш. инж., асистент, вработен на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот ас. д-р Мите Томов, дипл. маш. инж., е роден на 8.10.1981 година во Радовиш, Република Македонија. Основното образование го завршил во ОУ„Коста Рацин" во село Подарешц, со одличен успех (5,00). Во 2000 година го завршил средното образование во ДСУ „Коста Сусинов" во Радовиш, насока: општа гимназија, со одличен успех (5,00). Дипломирал на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката производно машинство, модул: обработка со режење, со вкупен просечен успех од 9,84. Дипломската работа со наслов „Анализа на профилот на рапавоста со примена на програмот Talyprofile и контактниот профилометар Surtronik 3+", под менторство на проф. д-р Миколај Кузиновски ја одбранил на 28.3.2005 година.

Во текот на студиите за постигнатиот одличен успех во прва (9,62), втора (10.00), трета (9,66), четврта (10.00) и петта (10,00) година доделени му се пофалници од страна на Машинскиот факултет во Скопје. На 10.2.2006 година, од страна на деканот на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот е прогласен за најдобро дипломиран студент (првенец) за генерацијата дипломирани студенти во учебната 2004/2005 година.

Како најдобро дипломиран студент е награден со пофалница и златник од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Добитник е на годишната награда од Фондацијата „Проф. д-р Димитар Стамболиев", како првенец на генерација во учебната 2004/2005 година. На промоцијата на најдобро дипломираните студенти на факултетите од областа на техничките науки на универзитетите во Република Македонија одржана во јуни 2007 година на платото пред храмот „Св. Пантелејмон" на Плаошник во Охрид, од страна на претседателот

на Република Македонија, ас. д-р Мите Томов е награден со „Златен инженерски прстен".

Во учебната 2005/2006 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, на истражувачкото подрачје современи производни процеси и технологии, при што сите испити на постдипломските студии ги положил со оценка 10 (десет).

Магистерската работа со наслов „Истражување на можностите и точноста на отсликување на топографијата на површината со примена на контактни профилометри", изработена под менторство на проф. д-р Миколај Кузиновски, ја одбранил на 11.6.2008 година на Машинскиот факултет во Скопје.

На 10.9.2008 година кандидатот поднесол пријава на тема за изработка на докторска дисертација. Со одлука бр. 02-2655/4 од 25.12.2008 година прифатен е извештајот од тричлената Комисија за подобност на темата за изработка на докторската дисертација со наслов: „Придонес во развојот на методите и мерните техники за истражување на влијателните фактори за идентификација на топографија на површините", и за ментор при изработката на докторската дисертација е определен проф. д-р Миколај Кузиновски. Докторската дисертација успешно ја одбранил на 10.1.2013 година на Машинскиот факултет во Скопје.

Уште во текот на студирањето, во периодот од 2004 до 2007 година, кандидатот активно бил вклучен во образовниот процес како демонстратор за давање помош при реализација на вежбите по предметите што ги покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент: технологија на обработка со режење I, основи на теоријата на режење, менаџмент и контрола на квалитет, метрологија, метрологија и мерни системи и мерење и контрола.

Со одлука на Наставно - научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр. 02-933/5 од 22.5.2008 година, ас. д-р Мите Томов е избран во соработничко звање-помлад асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент (тогаш Институт за производно машинство). Во соработничкото звање асистент на истиот Институт кандидатот е избран на 24.2.2011 година, со одлука бр. 02-247/3 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје.

Во периодот од изборот во соработничко звање-помлад асистент до денес, кандидатот активно учествува во образовниот процес (во првиот циклус на студии) на Машинскиот факултет во Скопје преку реализација на вежбите по поголем број на предмети на повеќе насоки, како од четригодишните така и од тригодишните студии. Сите наставни предмети за кои кандидатот бил ангажиран како соработник за изведување на вежбите можат да се групираат по сродност во следниве области:

1. *контрола на квалитет* (предмети: менаџмент и контрола на квалитет, системи за квалитет, метрологија и мерни системи, метрологија и менаџмент на квалитетот).

2. *производно машинство, технологии на обработка, проектирање и алати за обработка на метали* (предмети: машинска обработка и производни системи, машини и алати, машини и обработка, основи на теорија на режење, алати и системи алати, проектирање на технолошки процеси, компјутерско проектирање на процеси и производни технологии).

Детален преглед за наставните предмети, насоките и бројот на студентите е

даден во точка 2 од овој извештај.

Преку изработка на интерни скрипти кандидатот активно учествува во надградување и подобрување на материјата која се реализира на вежбите по повеќе предмети (точка 5.1. од овој извештај).

Уште како студент, а особено во периодот по неговиот избор во соработнички звања, кандидатот активно учествува во научноистражувачки и апликативни активности. Приказ на научните трудови објавени во зборници на трудови на меѓународни конференции, списанија со влијателен фактор, меѓународни списанија, странски списанија, домашни списанија и делови од монографија објавени во странство, е даден во точка 3 од извештајот. Во истата точка е прикажано и учеството на ас. д-р Мите Томов во начноистражувачки и развојно- истражувачки проекти. Преглед на неговите поважни стручни трудови е даден во точка 4 од овој извештај.

Кандидатот има одлични познавања од областа на примената на компјутерските програми: Windows, MS Office (Word, Excel, Power Point), AutoCAD, SolidWorks, Matlab, Photoshop, CorelDro, TalyProfile, SmartDraw, Mountains Map Premium. Се служи со англискиот јазик, а има учено француски и руски.

Во досегашниот изминат период од неговото образование учествувал на повеќе натпревари во знаење од одредени области, за што има добиено дипломи и признанија (точка 5.2. од овој извештај).

Ас. д-р Мите Томов континуирано го надоградува своето образование преку студиски престои во странство, учество на меѓународни конференции со цел презентирање на начни трудови и учество во повеќе семинари. Приказ на студиските престои, потврдите за учество на меѓународни конференции, како и сертификатите од повеќето семинари е даден во точките 5.3., 5.4. и 5.5. од овој извештај.

Од 2008 година до 2011 година, кандидатот бил член на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје. Исто така, како член и претседател има учествувано и во факултетската Комисија за спроведување на попис во 2008, 2009 и 2011 година, во работна група за упис на нови студенти при Машинскиот факултет во Скопје во 2008, 2009, 2010 и 2011 година и во неколку работни групи за реализирање на промотивни активности на Факултетот/ Институтот. Кандидатот има членувано во комисии за одбрана на дипломска работа на седум студенти од Машинскиот факултет во Скопје.

2. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА АНГАЖИРАНОСТ

Во Табела 1 се дадени детални информации за наставно-педагошката ангажираност на ас. д-р Мите Томов во образовниот процес на додипломските студии на Машинскиот факултет во Скопје, започнувајќи од неговиот избор во соработничко звање-помлад асистент, до денес.

Табела 1.

УЧЕБНА 2008/2009-зимски семестар				
Ред.бр.	***Предмет***	***Насока(и)***	***Семестар***	***Број на студенти***
1.	Менаџмент и контрола на квалитет	ПИ	VII	19
2.	Системи за квалитет	Пинф	V	30
УЧЕБНА 2008/2009-летен семестар				
Ред.бр.	***Предмет***	***Насока(и)***	***Семестар***	***Број на студенти***
1.	Основи на теорија на режење	ПИ	VI	28
2.	Метрологија и мерни системи	ПИ	VI	28

3.	Метрологија	Пинф	IV	23
4.	Машини и алати	ИИМ	IV	46
5.	Машинска обработка и производни системи	ТМЛ, МЗКИ, МВ, ИНД, ПТИ, ХА, ЗДК	IV	150
6.	Машини и обработка (1/2 од вежбите)	ТИ, АФИ	IV	50

УЧЕБНА 2009/2010-зимски семестар

Ред.бр.	*Предмет*	*Насока(и)*	*Семестар*	*Број на студенти*
1.	Менаџмент и контрола на квалитет	ПИ	VII	27
2.	Системи за квалитет	Пинф	V	18

УЧЕБНА 2009/2010-летен семестар

Ред.бр.	*Предмет*	*Насока(и)*	*Семестар*	*Број на студенти*
1.	Алати и системи алати	ПИ	VI	18
2.	Основи на теорија на режење	ПИ	VI	25
3.	Метрологија и мерни системи	ПИ	VI	23
4.	Метрологија	Пинф	IV	28
5.	Машини и алати	ИИМ	IV	49
6.	Машинска обработка и производни системи	ТМЛ, МЗКИ, МВ, ИНД, ПТИ, ХА, ЗДК	IV	203
7.	Машини и обработка (1/2 од вежбите)	ТИ, АФИ	IV	37

УЧЕБНА 2010/2011-зимски семестар

Ред.бр.	*Предмет*	*Насока(и)*	*Семестар*	*Број на студенти*
1.	Проектирање на технолошки процеси	ПИ	VII	21
2.	Системи за квалитет	Пинф	V	23

УЧЕБНА 2010/2011-летен семестар

Ред.бр.	*Предмет*	*Насока(и)*	*Семестар*	*Број на студенти*
1.	Алати и системи алати	ПИ	VI	10
2.	Основи на теорија на режење	ПИ	VI	24
3.	Метрологија и мерни системи	ПИ	VI	24
4.	Метрологија	Пинф	IV	30
5.	Машини и алати	ИИМ	IV	43
6.	Машинска обработка и производни системи	ТМЛ, МЗКИ, МВ, ИНД, ПТИ, ХА, ЗДК	IV	171
7.	Машини и обработка (1/2 од вежбите)	ТИ, АФИ	IV	26

УЧЕБНА 2011/2012-зимски семестар

Ред.бр.	*Предмет*	*Насока(и)*	*Семестар*	*Број на студенти*
1.	Проектирање на технолошки процеси	ПИ	VII	26
2.	Системи за квалитет	Пинф	V	20
3.	Менаџмент и контрола на квалитет	ПИ	VII	20
4.	Менаџмент на квалитетот	ИИМ	V	40

УЧЕБНА 2011/2012-летен семестар

Ред.бр.	*Предмет*	*Насока(и)*	*Семестар*	*Број на студенти*
„Солун во извештаите на странските патописци (Преглед на хигиенско-здравствените услови во 19 век)“, *Филолошки студии,* vol. 1, Перм-Љубљана-Скопје-Загреб, 2011 (http://philologicalstudies.org/index.php),

„Епидемиите и превентивната заштита во Македонија (за чумата и колерата според патописи и документи од 18 и 19 век)“, *Филолошки студии,* vol. 2, Перм-Љубљана-Скопје-Загреб, 2012 (http://philologicalstudies.org/index.php),

Меѓународни проекти:

Соработник:

„Балканот и Русија. Општото и специфичното во историскиот и културниот развиток“ (Прилози од заедничкиот проект помеѓу Институтот за национална историја и Институтот за славистила при РАН, меѓународен проект – учесник).

Национални проекти:

Раководител:

„Хигиенско-здравствените услови во Македонија во XIX век“ (Институт за национална историја)

Соработник:

„Миграционите процеси на Мијаците на Балканот“ (Институт за национална историја).

Учество на меѓународни собири во Македонија:

„Прва годишна конференција на иселеничките организации“, во организација на Агенцијата за иселеништво на Република Македонија, Скопје, 2010 година. Реферат: Црковно-училишните општини во дијаспората и негувањето на култот на словенските просветители,

„Популаризација на етнолошкото културно наследство“, во организација на Македонското етнолошко друштво, Штип, 2010 година. Реферат: Популаризирање на македонските верски празници во периодот на Преродбата,

Меѓународен научен собир „Битола и македонско-српските културни односи и врски“, организиран од Конзулатот на Р. Србија во Р. Македонија-Битола, Битола, 2010 година. Реферат: Македонско-српските просветно-културни врски од почетокот на 19 век до 1868 година,

Научен симпозиум „Јосиф Ковачев и неговото време“, во организација на Институтот за историја и археологија – Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Штип, 2010 година. Реферат: Просвета во Штип во времето на Преродбата,

VI Меѓународна македонско-полска конференција на тема „Историја, култура, јазик, литература и фолклор“, во организација на Институтот за национална историја и Јагелонскиот универзитет од Краков, Скопје и Штип, 2011 година. Реферат: Апелите на македонските црковно-училишни општини до Европската комисија во Цариград (1880),

II меѓународен научен симпозиум „Духовната и материјалната култура во претхристијанскиот и христијанскиот период на територијата на Македонија“, во организација на Институтот за старословенска култура во Прилеп и Инситутот за словенска филологија на Универзитетот „Адам Мицкиевиќ“ во Познањ, Самоков, 2011 година. Реферат: Средновековната медицина во Македонија (IX-XIV),

Научен симпозиум „Браќата Миладиновци во времето на македонската преродба од XIX век“, во организација на Музејот „Д-р Никола Незлобински“, Струга, 2011 година. Реферат: Црковно-просветните прилики во Западна Македонија во XIX в;
VII меѓународен Ататурк -конгрес, Скопје и Битола, 2011 година, во организација на Македонската академија на науките и уметностите и Истражувачки центар Ататурк. Реферат: Битолскиот вилает – политички и просветни прилики (1903-1908),
Меѓународен научен симпозиум „Битола – тема за културно и уметничко творештво на автори од Р Македонија и Р Србија“, Битола, 2011 година. Реферат: Патописи и документи за хигиенско-здравствените прилики во Битола во XIX в.;
Меѓународна научна конференција „Македонија низ вековите“, во организација на Институтот за историја при УКИМ, Скопје, 2011 година. Реферат: Законски акти и прописи во Османлиската Империја од средината на XIX век,
Меѓународен научен собир „Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура“, Институт за македонска литература, Скопје, 2011 година. Реферат: Преглед на просветните случувања во Македонија 1903-1912 година,
Свечен собир „Јордан Хаџи Константинов – Џинот, живот и дело“, во организација на Општина Велес, Велес, 2011 година. Реферат: Просветното издигнување на градот Велес во XIX век,
Научен собир „Струмица и Струмичко во времето на балканските војни и Букурешкиот мировен договор“, во организација на Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица, Струмица, 2012 година. Реферат: Окупациската просветна политика во Југоисточна Македонија (1912-1915),
Научен собир „Сто години од балканските војни“, во организација на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје, 2012 година. Реферат: Просветните и политичките прилики во Велес (1912-1913) – Дописки во весникот „Право“ (1910-1913) и списанието „Македонски глас“ (1913-1914).

Научни собири во странство:

„Хрватско-македонске, јазичне и културне везе“, Ријека, 2011 година, со рефератот дејноста на Георги Капчев во Хрватска (Осврт на книгата *Македонија или гласот на робот, Загреб 1898).*

Научноистражувачки престои во странство до 3 месеци: Бугарија, Србија.

Раководење и учество во стручни организации и работни тела:

Член на Претседателството на *Сојузот на историчарите на Република Македонија* (2010).

Учество во работењето на Комисијата за организирање државен натпревар: Државен натпревар по историја, во организација на *Сојузот на историчарите на Република Македонија* (2010).

Член на организациски одбор: „Балканот: луѓе, војни и мир", во организација на Институтот за национална историја (Скопје, 2013).

Работни тела на ИНИ: член на Научниот совет на ИНИ.

Постдипломски студии во ИНИ:

Професор на студиската група за втор циклус: историја на културата на Македонија.

Професор на студиската група за трет циклус: историја"(Институт за национална историја и Филозофски факултет) и Културна историја на Македонија (Институт за национална историја).

Член на комисија за избор во звање: д-р Лилјана Гушевска (виш научен соработник), д-р Македонка Митрова (виш научен соработник) и д-р Наде Караџоска (научен советник).

Ментор на магистерски труд:

„Големосрпската просветна пропаганда во Скопје и Скопско до Илинденското востание" –кандидат: Јовица Николовски

Ментор на докторски труд:

„Здравствената заштита во Македонија (1945-1991)" – кандидат: м-р Габриела Топузовска

Член во комисија во одбрана на магистерски труд:

„Големосрпската просветна пропаганда во Скопје и Скопско до Илинденското востание" – кандидат: Јовица Николовски.

„Битола (1873-1896) – Вилаетски центар на Македонија" – кандидат: Александар Јаневски.

„Македонските буквари (1792-1903)“ – кандидат: Билјана Андоновска.

„Творештвото на зографот Маргарит во втората половина на XVIII век“ – кандидат: Дарко Николовски.

Член во комисија за оцена или одбрана на докторски труд:

„Кичево и к Кичевско (1894-1904)“ – кандидат: м-р Ѓорѓија Сајковски.

„Историските аспекти на културно-уметничките друштва и фестивали на Албанците во Југословенската Федерација (1945-1989)“ – кандидат: м-р Астрид Мустафа.

„Културно-историските процеси во Македонија во XX век и појавата на македонскиот модернизам“ – кандидат: м-р Емил Алексиев.

„Културата на облекување во градовите на централниот и југозападниот дел на Македонија во историски контекст (XIX и почеток на XX век)“ - кандидат: м-р Соња Пљакова.

„Градовите во Македонија XVIII-XIX век“ - кандидат: м-р Шенер Биљали.

„Библиотекарството во Битола – историски развој“ – кадидат: м-р Светлана Талеска.

„Историскиот развој на македонската битова драма“ – кандидат: м-р Владимир Талески.

Рецензент на научни трудови:

„Лексиката од областа на македонската народна медицина од д-р Лилјана Гушевска“.

„Здравствената заштита во Македонија (1945-1991) од д-р Габриела Топузовска.

„Миграции на Балканот – билатерални истражувања. Редактор: проф. д-р Билјана Ристовска – Јосифовска, Скопје, 2011.

ПРЕГЛЕД

На прифатена промена на наслов на тема за изработка на докторска дисертација на ЈНУ Институт за национална историја-Скопје

(седница на Научниот совет одржана на 9.4.2013 година)

Кандидат	Тема	Комисија
м-р Исмедин Азизи	Насловот на старата тема ***Албанците во Кралството СХС/Југославија 1918-1939*** се променува и гласи: ***Односите меѓу Албанија и Кралството на СХС/Југославија 1918-1939***	Проф. д-р Катерина Тодороска, Проф. д-р Надежда Цветковска, Проф. д-р Музафер Бислими

Промената на насловот е направена со одлука на Научниот совет број 1002/4 од 16.4.2013. Составен дел од овој преглед се одлуката број 1002/4 од 16.4.2013 година и Известувањето од Комисијата за подобност на насловот на докторската дисертација. Прегледот, одлуката број 1002/4 од 16.4.2013 година и Известувањето од Комисијата доставени се до Универзитетот „Св.Кирил и Методиј"-Скопје.

Одлуката на Научниот совет број 1002/4 од 16.4.2013 година и Известувањето од Комисијата за подобност на насловот на докторсктата дисертација достапни се и во архивата на ЈНУ Институт за национална историја.

П Р Е Г Л Е Д

На пријавена и прифатена тема за изработка на магистерски труд на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје

Ред.бр.	Кандидат	Наслов на тема за изработка на магистерски труд	Ментор
1.	Дипл.шум.инж.Гоце Николовски	„Анализа на видот и обемот на дејности кои ЈП „Македонски шуми“ ги остварува преку услуги од други правни субјекти“	Вонр.проф.д-р Македонка Стојановска

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "МОДЕЛИРАЊЕ НА АКТУАРСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ НА ЖИВОТНОТО ОСИГУРУВАЊЕ СО ПРИМЕНА НА МАТРИЧНАТА АЛГЕБРА", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МАРИНА ВЕЛИЧКОВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, број 0202-1020/2, донесена на седницата одржана на 26.4.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: "Моделирање на актуарските елементи на животното осигурување со примена на матричната алгебра", поднесена од кандидатката м-р Марина Величкова. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред членовите на Наставно-научниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација под наслов "Моделирање на актуарските елементи на животното осигурување со примена на матричната алгебра", изработена од кандидатката м-р Марина Величкова, претставува самостоен научен труд претставен на 215 страници - 204 страници основен текст, 8 страници литература, како и 3 табели. Докторската дисертација е проверена преку електронскиот систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудовите при Министарството за образование и наука и покажува 2,3% совпаѓање со други трудови.

Текстот е поделен на: вовед, четири глави, заклучок и користена литература. Општата структура на докторската дисертација е следна:

- Вовед
- Глава1: Теоретски основи на матричната алгебра
- Глава 2: Актуарски основи за формирање на тарифата за осигурување на живот
- Глава 3: Математички резерви за рентни осигурувања и осигурување на капитал

- Глава 4: Матрично дефинирање на актуарските основи на животното осигурување
- Заклучок
- Користена литература

Во првата глава **Теоретски основи на матричната алгебра**, се анализирани базичните постулати на векторскиот простор, карактеристиките, видовите и компатибилноста на матриците за изведување на алгебарските операции. Посебен простор е посветен на рангот на матрицата, адјугованата и реципрочната матрица, како и на карактеристичните броеви и карактеристичните вектори на матриците.

Врз основа на фундаменталниот принцип на еквивалентноста помеѓу вкупните веројатни дисконтирани идни уплати и вкупните веројатни сегашни идни исплати, кандидатот во втората глава под наслов **Актуарски основи за формирање на трифата за осигурување на живот**, најнапред ги дефинира поодделните модели за пресметување на еднократната нето-техничка премија за рентните осигурувања и осигурување на капитал. Со оглед на тоа дека за осигуреникот уплатата на еднократната премија претставува значајно финансиско оптоварување, тој преферира овој износ да се атомизира на годишни или подгодишни износи, што е во согласност со сфаќањето на осигурувањето како еден посебен облик на штедење. Затоа, кандидатката во овој дел од трудот посебно ги обработува моделите на актуарските основи за пресметување на константна и варијабилна годишна нето и бруто- премија за поодделните видови на пренумерадните и постнумерандните видови рентни осигурувања. Во овој дел од трудот се дефинирани и актуарските модели за пресметување на еднократната и повеќекратната вредност на премијата во случај кога идното траење на живот е континуелна променлива големини. Во завршниот дел од оваа глава се елаборирани актуарските основи за осигурување на две и повеќе лица, како и комбинираните модели за заедничка животна рента.

Во третата глава **Математички резерви за рентни осигурувања и осигурување на капитал,** најнапред се анализирани односите помеѓу природната и просечната премија од една страна и односите помеѓу премијата на ризик и премијата на штедење од друга страна. Респектирајќи го принципот на еквивалентност помеѓу веројатните дисконтирани досегашни уплати и веројатните дисконтирани исплати, кандидатката ги дефинирала индивидуалните методи за пресметување на премиските резерви (проспективниот, ретроспективниот и сметководниот метод) за поодделните видови рентни осигурувања и осигурувања на капитал со едновремен критички осврт на предностите и недостатоците на секој метод поодделно. Во овој дел од трудот се дефинирани и аплицирани групните модели (Каруп-овиот, Алтенбургер-овиот, Њхитинг-овиот и Фоурет-овиот модел) за пресметување на премиските резерви за поодделните видови на рентни осигурувања и осигурување на капитал.

Во четвртата глава **Матрично дефинирање на актуарските основи на животното осигурување,** врз основа на карактеристиките на триангуларната матрица, Јакобиевата матрица и идепотентната матрица, кандидатката ги поставува основите за матрично дефинирање на поодделните видови комутативни функции. Потоа, врз основа на осигурителниот технички фактор во случај на доживување и осигуриталниот технички фактор во случај на недоживување, на сосема едноставен начин се дефинирани поодделните модели за пресметување на еднократната и повеќекратната премија за: непосредна, одложена, привремена, одложена-привремена константна и варијабилна рента, како и моделите за пресметување на еднократната и повеќекратната премија за: одложено, темпорерно осигурување на константен и варијабилен капитал, како и некои модалитети на микс и контра осигурување на капитал.

Интегрален дел на докторската дисертација претставуваат и заклучните согледувања, во кои се синтетизирани завршните согледувања од целокупното истражување во докторската дисертација.

ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Иако, во економијата, како што е впрочем и во сите општествени науки, законите дејствуваат како тенденција, значи низ бројни отстапувања и исклучоци, сепак таа се вбројува во доменот на најквантитативните општествени науки.

Оттука, голем број економски проблеми, низ користење на адекватна математичко-статистичка апаратура, можат да се моделираат, односно квантитативно да се дефинираат. Овие карактеристики се посебно иманентни за процесот на осигурувањето бидејќи со примена на одредени методи и модели од теоријата на веројатноста, теоријата на игри, теоријата на ризикот, векторската и матричната алгебра, со голема извесност може да се предвиди износот на: премиските резерви, резервираните штети, преносните премии, маргините на солветноста, максималната веројатна штета итн.

Во современите пазарни економии институционалните инвеститори, а во прв ред инвестиционите фондови, осигурителните компании и пензиските фондови играат вонредно значајна улога во функционирањето на пазарот на капитал, како механизам за рационална алокација на ресурсите низ времето. Во најново време постои евидентна тенденција на пораст на обемот на финансиски инвестиции на осигурителните компании, од што практично и произлегува големото значење на осигурителниот сектор за функционирањето на пазарот на капитал. За тоа говори и фактот што финансиските имоти на осигурителните компании, како институционални инвеститори, мерени како процент во бруто-домашниот производ на земјите со развиена пазарна економија, достигнуваат вонредно високи износи.

Со започнувањето на процесот на транзиција секторот на осигурување во транзиционите економии доживува крупни промени од квалитативна природа-приватизација на секторот на осигурување, негова корпорализација, појава на нови, приватни осигурителни компании, влез на странски капитал во секторот и, врз таа основа, демонополизација на пазарите за осигурување и пораст на улогата и значењето на осигурителните пазари во сферата на финансиските инвестиции и воопшто во поддршката на функционирањето и развојот на младите пазари на капитал. Податоците за транзиционите економии, со мали исклучоци, покажуваат тенденција на пораст на густината на осигурувањето (вредноста на осигурителните премии по жител) и на стапката на пенетрација (учеството на осигурителните премии во БДП).

Ваквите тенденциа, во основа, се присутни и во Република Македонија. Оттука, изучувањето на економските процеси и законитости во сферата на сигурувањето, новите феномени што се појавуваат на пазарите за осигурување и потребата од се поголема примена на современите актуарски модели во овој домен, се јавува како насушна потреба и за Република Македонија.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Марина Величкова посебно ги потенцира следните квалитети на трудот и придонеси на кандидатката во испитувањето на оваа проблематика: прво, применувајќи ги базичните постулати на векторската и матричната алгебра на оригинален начин е извршено

матрично дефинирање на комутативните броеви, во случај кога идното траење на живот е дискретна или континуелна алеаторна променлива; второ, врз основа на осигурителниот технички фактор во случај на доживување и осигурителниот технички фактор во случај на недоживување, на сосема едноставен начин се дефинираат поодделните модели за пресметување на еднократната, годишната и подгодишната премија за пооделните видови на рентни осигурувања и осигурување на капитал; трето, веројатната еднократна вредност на премијата постигнува максимална вредност во случај кога рентата се прима континуелно во текот на годината и таа е еднаква без оглед дали се работи за пренумерандни или постнумерандни периодични примања; четврто, во случај кога идното траење на животот добива која било вредност од одреден интервал, вредноста на еднократната премија за одделните видови на континуелна рента е пресметана со примена на определените интеграли.

Врз основа на погоре изнесените констатации и квалитативни особености на трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: "Моделирање на актуарските елементи на животното осигурување со примена на матричната алгебра", поднесена од м-р Марина Величкова, заклучува дека кандидатката адекватно владее со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. да го прифати и усвои извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов "Моделирање на актуарските елементи на животното осигурување со примена на матричната алгебра";
2. да и дозволи на кандидатката м-р Марина Величкова јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 20.5. 2013 год.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Драге Јанев с.р

2. Проф. д-р Гордана Билбиловска с.р

3. Доц. д-р Драган Тевдовски с.р.

4. Проф. д-р Славе Ристески с.р.

5. Проф. д-р Нада Секуловска с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНСКАТА ХЕМИЈА И БИОХЕМИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, од седницата одржана на 25.4.2013 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на органската хемија и биохемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Конкурсот за овој избор беше распишан во весниците ДНЕВНИК и КОХА на 28 март 2013 година и во предвидениот рок се јави д-р Наташа Ристовска, асистент на Заводот за органска хемија и биохемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Основни биографски податоци

Кандидатката д-р Наташа Ристовска е родена на 1 декември 1969 година во Котор, Црна Гора. Средното образование го завршила во училиштето за средно образование „Гоце Делчев", насока - биотехнологија, во Куманово, постигнувајќи континуиран одличен успех. Во академската 1988 година се запишала на студии по хемија, препаративна насока. Како студент била вклучена во научно-истражувачката работа во рамките на макропроектот: „Употреба на талиумови минерали како детектори на неутриното со потекло од Сонцето". На собирот на студентите на природно-математичките факултети од Југославија одржан во Тиват 1991 година, го освоила првото место за презентација на трудот под наслов Н.Гочева, М.Најдоски, Т.Стафилов, „Екстракција на сребро со дифенилтиокарбамид во n-бутилацетат и негово определување со електротермичка атомска апсорпциона спектрометрија". Дипломирала во 1992 година во Заводот за органска хемија и биохемија со одбрана на дипломската работа под менторство на проф. д-р Богдан Богданов, постигнувајќи среден успех на студиите 9,58 (како втор по успех студент од генерацијата на Природно-математичкиот факултет во Скопје). Веднаш по дипломирањето започнала волонтерски да изведува вежби по предметите на Заводот за органска хемија и биохемија. Како стручен соработник на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје е вработена од декември 1993 година, кога и се запишала на постдипломски студии на Институтот за хемија при ПМФ во Скопје. Предвидените испити ги завршила во 1995 година со среден успех 10. Магистерскиот труд СИНТЕЗА, РЕАКЦИИ И СТУКТУРНИ ИСПИТУВАЊА НА 3-АЦЕТОКСИ-4'-СУПСТИТУИРАНИ БЕНЗАНИЛИДИ И ТИОБЕНЗАНИЛИДИ, под менторство на проф. д-р

Лилјана Јовевска, го одбранила во 1999 година. Кандидатката во јануари 2008 година ја одбранила докторската дисертација со наслов ОКСИДАЦИЈА НА ТИОАМИДИ СО Cr(VI) РЕАГЕНСИ, под менторство на проф. д-р Фроса Анастасова, со што се стекнала со научниот степен доктор на хемиски науки.

За помлад асистент била избрана во 1996 година, а за асистент во 1999 година, во кое звање е преизбирана.

Наставно-педагошка дејност

Како стручен соработник, помлад асистент и асистент, кандидатката д-р Наташа Ристовска била и е активно вклучена во изведувањето на практичната настава на Заводот за органска хемија и биохемија со седмична ангажираност од преку дваесет часа, изведувајќи лабораториски и теоретски вежби по предметите: органска хемија I, органска хемија II, органска хемија за биохемичари I, органска хемија за биохемичари II, органска хемија I А ниво, органска хемија II А ниво, органска хемија за фармацевти, органска хемија со основи на органската технологија (двопредметни студии биологија - хемија), органска хемија (студии по биологија, насока биохемиско - физиолошка), основи на органска хемија (студии по биологија, насока наставна), основи на органска хемија (студии по биологија, насока еколошка), одбрани поглавја од органска хемија I, одбрани поглавја од органска хемија II, синтеза и анализа, теоретска органска хемија, хемија на хетероциклични соединенија, хемија на природни производи, хемија на природни производи I, хемија на природни производи II, секундарни метаболити: изолација и својства, експериментална биохемија, биохемија I, биохемија II, биохемија за хемичари I, биохемија I А и биохемија I В.

Д-р Наташа Ристовска активно учествувала во организирањето и осовременувањето на практичната настава преку изготвување упатства за работа, воведување на нови лабораториски и демонстрациски вежби од споменатите предмети, изготвување на шест интерни практикуми и одржување на влезните и завршни колоквиуми.

Веднаш по докторирањето во летниот семестар 2008 година, кандидатката д-р Наташа Ристовска изведувала предавања под менторство на проф. д-р Фроса Анастасова по предметот експериментална биохемија за студентите од насоката аналитичка биохемија. За одбележување е активноста на кандидатката во поглед на активното учество во оформувањето на наставата, воведувањето нови лабораториски вежби по споменатиот предмет и преводот на Rodney Boyer, Modern Experimental Biochemistry, 2000, 3rd ed, Benjamin Cummings, од што произлегува интерна скрипта за предавања и интерен практикум каде што се јавува како коавтор.

Како асистент, д-р Наташа Ристовска се одликува со одговорен пристап кон наставните задолженија, кои секогаш ги извршувала со ентузијазам и успех, креативно и на високо професионално ниво. Според анонимните анкети со студентите, Н. Ристовска секогаш добивала високи оценки како за аудиториските, така и за лабораториските вежби.

Во изминатиот период, кандидатката д-р Наташа Ристовска активно учествувала во експерименталната работа на четириесетина дипломски работи и била член на комисија за одбрана на 14 дипломски работи од областа на органската синтеза и анализа, експерименталната биохемија и хемија на храна. Кандидатката била ментор-коментор на научноистражувачка работа на студенти кои трудовите ги презентирале на студентски конгреси, подготвувала ученици од основно и средно образование за натпревари по хемија и подготвувала ученици од средно образование со меѓународна матура. Значаен е придонесот и активноста во севкупната реализација на одбранетата специјалистичка работа под наслов ОКСИДАЦИЈА НА ТИОБЕНЗАМИД СО Cr(VI) РЕАГЕНСИ И СЛЕДЕЊЕ НА ТЕКОТ НА РЕАКЦИЈАТА, од Аксу Самет, дипломиран инженер и професор по хемија во ПСУ „Јахја Кемаил". Активно била вклучена во изработката на магистерска работа со наслов КОМПАРАТИВНИ ХЕМИСКИ АНАЛИЗИ ЗА КВАЛИТЕТНИТЕ СВОЈСТВА НА СУРОВИНАТА И СОЛАРНО СУШЕНИТЕ ДОМАТИ ОД ОДДЕЛНИ СОРТИ, одбранета на Факултетот за земјоделски науки и храна од страна на дипл. проф. по хемија Весна Богдановска-Мирческа.

Научноистражувачка работа

Научноистражувачката работа д-р Наташа Ристовска ја започнала уште од студентски денови и продолжила континуирано да работи на своето научно усовршување. Досега кандидатката учествувала во 5 национални научноистражувачки проекти. Публикувала 11 научни труда, од кои 2 труда во научни списанија со Impact Factor, 2 труда во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 7 труда во научни списанија во функција на зборник на трудови од научни манифестации, од кои 3 меѓународни. Покрај ова, била учесник на 20 научни манифестации, а на 12 научни манифестации е публикуван апстрактот од научната работа која е презентирана.

Според основните карактеристики на содржината на објавените трудови на д-р Наташа Ристовска, нејзината научноистражувачка работа може да се подели во три правци. Еден дел од објавените трудови и трудовите презентирани на научни манифестации известуваат за добивањето на супстанци со тиоамидна група како главна фармакофора, што претставува еден од современите трендови во фармацевтската хемија. Научноистражувачката работа на кандидатката веќе подолго време е насочена кон оваа проблематика од полето на органската синтеза и анализа, преку изработката на магистерската работа и докторската дисертација, како и трудовите кои произлегле од нив. Супституираните тиобензанилиди се применети како прекурсори за синтеза на соединенија со потенцијална биолошка активност, амидразони и тетразини. Особено треба да се нагласи изучувањето и оптимизирањето на условите при кои се одвива оксидацијата на тиобензамидите како моделни соединенија, како и следењето на текот на реакцијата со помош на хроматографски и спектрофотометриски методи. Стандардите за следење на текот на

оксидацијата на тиобензамидите се аналитички чистите супстанци: бензамид, тиобензамид-*S*-оксид и 3,5-дифенил-1,2,4-тиадиазол, бензанилид, 2-фенилбензотиазол, тиобензанилид-*S*-оксид, бис (*N*-фенилбензимидоил) дисулфид и бис (*N*-фенилбензимидоил) сулфид, добиени со помош на еднозначни синтези, пречистени со прекристализација и колонска хроматографија. При систематското изучување на улогата на солите на Ca^{2+} и Mg^{2+} како можни катализатори при оловотетраацетатната оксидација на тиобензанилид, изолирана е тавтомерната форма на бис (*N*-фенилбензимидоил) дисулфид, чија кристална структура е определена, а соединението е идентификувано како *N*-(*N*'-фенилбензимидоил) тиобензанилид.

Втората група на трудови се однесува на синтезата на серија од 5-хало- и *N*-алкилсупституирани индолин-2,3-диони и *in vitro* изучувањето на антипролиферативното дејство во однос на двете неопластични клеточни линии HeLa (human cervix carcinoma) и Fem-x (human malignant melanoma). При тоа е утврдено дека сите анализирани соединенија покажуваат антипролиферативно дејство. Морфолошките истражувања на третираните клетки покажуваат дека халогените деривати на индолин-2,3-дион индуцираат фрагментација на клетките на HeLa. *N*-алкил дериватите на индолин-2,3-дион предизвикуваат Fem-x клеточна вакуолизација и клеточна некроза. Со помош на ^{13}C-NMR и ^{1}H-NMR спектроскопијата е потврдено образувањето на егзоциклична азометинска врска во положба 3 при реакција на карбониламинска кондензација на 5-халосупституираните индолин-2,3-диони со тиокарбохидразид, при што новосинтетизираниот продукт постои во форма на постабилниот *Z*- геометриски изомер.

Во периодот по одбраната на докторската дисертација, кандидатката д-р Наташа Ристовска посвети големо внимание на биохемијата на храна, а третиот дел од објавените трудови и трудовите презентирани на научни манифестации претставуваат резултат на тесната соработка на кандидатот со колегите од Факултетот за земјоделство и храна. Во трудовите се изучувани физичко-хемиските својства на следниве сорти домати: Arizona, Aleksandar F1, Florida 47 F1, Rio Grande and Pik Ripe 748 Imp LSL F1, со цел преку соодветни хемиски анализи да се утврди дали анализираните сорти домати се погодни за преработка со соларно сушење во Ерменската соларна сушница и која е оптималната сорта. Определувани се неопходните хемиски параметри за карактеризирање на сортата домати со највисок квалитет, и тоа: содржината на вкупни суви материи, титрирани киселини, односот меѓу вкупни растворливи материи и титрирани киселини, вкупни шеќери и индексот на сласт. Покрај тоа, анализирани се промените на pH, содржината на вкупни растворливи супстанци, протеини и влага во примероци од зрел и дехидриран продукт. Д-р Наташа Ристовска успешно ја разработила и ја модифицирала Loof-Schoorl-овата таложно-волуметриска метода, која ја применила за детектирање и квантитативно определување на шеќерите во примероци од зрел и дехидриран домат. Поголема точност и репродуцибилност на методата е постигната со отстранување на нерастворливите во вода цврсти честички, деактивирање на ензимите и таложење на протеините од примероците домати. Оваа

метода е успешно применета при испитување на квалитетот на некои примероци мед со географско потекло од различни региони на Македонија: Велес, Крива Паланка, Демир Хисар, Богомила и Крушево. Според добиените резултати од квантитативната анализа на јаглехидратите, природниот мед е класифициран на ливадски, шумски или мешан.

Стручно-апликативна активност

Во рамките на ТЕМПУС - проектот "Reforms and Upgrade of Chemistry Undergraduate Studies in Macedonia" JEP-41144-2006, кандидатката реализирала едномесечен престој на Факултетот за хемија и минерологија во Лајпциг, Р. Германија, во јануари 2009 година. Искуството од овој престој ѝ овозможи на д-р Наташа Ристовска да придонесе кон изготвувањето на наставните планови за додипломски студии по хемија на шесте предложени модули, а особено во оформувањето на наставните содржини по голем број предмети од областа на органската хемија и биохемијата, како и хемија на храна.

Во рамките на проектот на Владата на Република Македонија за превод на светски учебници, учествувала во преводот на John W. Hill, Ralph H. Petrucci, Terry W. McCreary, Scott S. Perry, GENERAL CHEMISTRY, fourth Edition, Prentice Hall, New Yersey (2005), кој се однесува на делот од областа на органската хемија, биохемија и медицинска хемија.

Во изминатиот период, д-р Наташа Ристовска креирала две методи за анализа на протеини во соино брашно и анализа на јаглехидрати во мед за потребите на Царинската управа и учествувала во изработката на поголем број анализи.

Кандидатката д-р Наташа Ристовска активно е вклучена во негувањето и изградбата на средношколскиот подмладок преку повеќегодишното учество во Комисијата за спроведување на натпреварите по органска хемија, во рамките на Смотрата на млади истражувачи од Република Македонија, во организација на Народна техника на Република Македонија, чиј претседател била во 2011.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Наташа Ристовска, според приложените материјали, како и според личните сознанија на членовите на Рецензентската комисија, во изминатиот период покажала солидни резулати како на наставен, така и на научен план. Постојано била ангажирана со обемни наставни задолженија од повеќе предмети од областа на органската хемија и биохемија и секогаш одржувањето на вежбите и работата со студентите биле на високо академско ниво. Особено треба да се истакне дека д-р Наташа Ристовска несебично се залага за воведување современи лабораториски методи, со цел подобра едукација на студентите при работата во Лабораторијата за експериментална биохемија. Затоа,

Институтот за хемија ѝ ја доделил наставата по предметот експериментална биохемија, под менторство на предметниот наставник. За таа цел се подговени пригодни материјали за поедноставно совладување на градивото, а студентите секогаш биле добредојдени за консултации и дискусии. Нејзиниот научен интерес во подолг период е од областа на органската синтеза и анализа, а од неодамна сè повеќе се ангажира и во областа на експерименталната биохемија на храна. Под нејзино раководство изработени се експерименталниот дел на една специјалистичка работа и еден магистерски труд, како и поголем број дипломски работи. Своите научни достигања ги има претставено на поширокатa научна јавност преку презентација на домашни и меѓународни научни собири и публикации во меѓународни научни списанија. Покрај своите наставни и научни задолженија, кандидатката активно учествува во ширењето и афирмацијата на науката меѓу младите генерации.

Врз основа на претходно наведените факти, Рецензентската комисија заклучува дека д-р Наташа Ристовска ги исполнува критериумите за избор во звањето доцент, предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Поради тоа, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Наташа Ристовска да биде избрана во звањето доцент по група предмети од областа на органската хемија и биохемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Фроса Анастасова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Емил Поповски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Богдан Богданов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Наташа Иван Ристовска
(име, татково име и презиме)

Институција: Природно-математички факултет/ Институт за хемија
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: органска хемија и биохемија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава на прв циклус студии на студии:**	
	Експериментална биохемија (под менторство) (2 часа, 1 семестар)	1,2
2.	**Одржување на лабораториски вежби**	
	Органска хемија I (студии по хемија) (25 студенти, 9 часа, 9 семестри) [9 часа × 15 недели × 0,03 × 9]	36,45
	Органска хемија II (студии по хемија) (25 студенти, 8 часа, 9 семестри) [8 часа × 15 недели × 0,03 × 9]	32,4
	Органска хемија за биохемичари I (50 студенти, 6 часа, 6 семестри) [6 часа × 15 недели × 0,03 × 6]	16,2
	Органска хемија за биохемичари II (50 студенти, 4 часа, 6 семестри) [4 часа × 15 недели × 0,03 × 6]	10,8
	Органска хемија I А - ниво (40 студенти, 4 часа, 5 семестри) [4 часа × 15 недели × 0,03 × 5]	9
	Органска хемија II А - ниво (40 студенти, 3 часа, 4 семестри) [3 часа × 15 недели × 0,03 × 4]	5,4
	Органска хемија за фармацевти (50 студенти, 6 часа, 6 семестри) [6 часа × 15 недели × 0,03 × 6]	16,2
	Органска хемија со основи на органската технологија (двопредметни студии биологија - хемија) (10 студенти, 4 часа, 4 семестри) [4 часа × 15 недели × 0,03 × 4]	7,2
	Органска хемија (студии по биологија, насока биохемиско - физиолошка), (40 студенти, 6 часа, 3 семестри) [6 часа × 15 недели × 0,03 × 3]	8,1
	Основи на органска хемија (студии по биологија, насока наставна), (20 студенти, 4 часа, 3 семестри) [4 часа × 15 недели × 0,03 × 3]	5,4
	Основи на органска хемија (студии по биологија, насока еколошка), (20 студенти, 4 часа, 3 семестри)	5,4

	[4 часа × 15 недели × 0,03 × 3]	
	Одбрани поглавја од органска хемија I (студии по хемија, насока наставна) (3 студенти, 4 часа, 1 семестар) [4 часа × 15 недели × 0,03]	1,8
	Одбрани поглавја од органска хемија II (студии по хемија, насока наставна) (3 студенти, 4 часа, 1 семестар) [4 часа × 15 недели × 0,03]	1,8
	Синтеза и анализа (10 студенти, 5 часа, 3 семестри) [5 часа × 15 недели × 0,03 × 3]	6,75
	Теоретска органска хемија (50 студенти, 2 часа, 2 семестри) [2 часа × 15 недели × 0,03 × 2]	1,8
	Хемија на хетероциклични соединенија (15 студенти, 2 часа, 5 семестри) [2 часа × 15 недели × 0,03 × 5]	4,5
	Хемија на природни производи (15 студенти, 2 часа, 4 семестри) [2 часа × 15 недели × 0,03 × 5]	4,5
	Хемија на природни производи I (30 студенти, 2 часа, 4 семестри) [2 часа × 15 недели × 0,03 × 4]	3,6
	Хемија на природни производи II (30 студенти, 2 часа, 4семестри) [2 часа × 15 недели × 0,03 × 4] [30 студенти × 0,002 × 5]	3,6
	Секундарни метаболити: изолација и својства (15 студенти, 4 часа, 2 семестри) [2 часа × 15 недели × 0,03 × 2]	1,8
	Биохемија I (110 студенти, 4 часа, 1 семестар) [4 часа × 15 недели × 0,03]	1,8
	Биохемија II (110 студенти, 3 часа, 1 семестар) [3 часа × 15 недели × 0,03]	1,35
	Биохемија за хемичари I (30 студенти, 3 часа, 1 семестар) [3 часа × 15 недели × 0,03]	1,35
	Биохемија I (30 студенти, 3 часа, 1 семестар) [3 часа × 15 недели × 0,03]	1,35
	Биохемија I A - ниво (30 студенти, 3 часа, 1 семестар) [3 часа × 15 недели × 0,03]	1,35
	Биохемија I B - ниво (1 студент, 3 часа, 1 семесатар) [3 часа × 15 недели × 0,03]	1,35
	Експериментална биохемија (35 студенти, 4 часа, 7 семестри) [4 часа × 15 недели × 0,03 × 7]	12,6
3.	**Одржување на аудиториски вежби**	
	Органска хемија за биохемичари I (50 студенти, 1 час, 6 семестри) [1 час × 15 недели × 0,03 × 6]	2,7
	Органска хемија за биохемичари II (50 студенти, 1 час, 6 семестри) [1 час × 15 недели × 0,03 × 6]	2,7
	Органска хемија I A - ниво (40 студенти, 1 час, 5 семестри)	2,25

	[1 час × 15 недели × 0,03 × 5]	
	Органска хемија II А - ниво (40 студенти, 1 час, 4 семестри) [1 час × 15 недели × 0,03 × 4]	1,8
	Биохемија I А - ниво (30 студенти, 1 час, 1 семестар) [1 час × 15 недели × 0,03]	0,45
4.	**Консултации со студентите**	6,112
5.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломски работи** (14)	1,4
6.	**Подготовка на нов предмет (Експериментална биохемија)** • Предавања (1) • Лабораториски вежби (0,5)	1,5
7.	**Интерна скрипта за предавања** Експериментална биохемија	4
8.	**Интерна скрипта за вежби**	
	Лабораториски прирачник по органска хемија (општ дел) за студентите од група хемија, насока: аналитичка биохемија	3
	Интерен практикум по органска хемија (препаративен дел) за студентите по хемија, насока: аналитичка биохемија	3
	Интерен практикум по органска хемија за студентите на група биологија (биохемиско-физиолошка насока)	3
	Интерен практикум по органска хемија за студентите на група биологија (наставна насока)	3
	Интерен практикум по органска хемија за студентите на група биологија (еколошка насока)	3
	Интерен практикум по експериментална биохемија	3
9.	**Изготвување пакет материјали за експериментална биохемија**	1
10.	**Научно-популарна статија во стручно-методско списание** **Гочева Н.,** Јовановски Г., Ви претставуваме молекула: Водата околу нас и во нас. (2001) ХЕМКО, 1 (1), 4-7.	1
	Вкупно	**247,962**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект** • соработник (5) Синтеза на некои хетероциклични соединенија со антиканцерогена активност, испитување на нивната структура и корелација помеѓу структурата и активноста, раководител: д-р Фроса Анастасова. Синтеза и преклинички испитувања на тио деривати и бензоил меркаптоацетил триглицин, раководител: д-р Богдан Богданов. Развој и подобрување на методи за анализа и контрола на	15

	квалитет на фармацевтски препарати, раководител: д-р Богдан Богданов. Испитувања на различни биомолекули. Физичко-хемиски методи, раководител: д-р Киро Стојаноски. Изучување на јодопенијата во Македонија преку анализа на јод во водата, хранителните продукти и излачевините, раководител: академик д-р Исак Таџер.	
2.	**Учесник во научен/образовен меѓународен проект**(1) • соработник во ТЕМПУС проект "Reforms and Upgrade of Chemistry Undergraduate Studies in Macedonia" JEP-41144-2006	5
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор** 1. **Ristovska N.**, Anastasova F., Stefova M. *N*"-[(3*Z*)-1-Acetyl-5-chloro-2-oxo-1,2-dihydro-3*H*-indol-3-ylidene]thiocarbonohydrazide, *Molbank*, (2013), M798 (7 pp) 2. **Ristovska N.**, Stefova M., Anastasova F. RP-HPLC Method for Simultaneous Determination of Thiobenzanilide and Its Oxidation Products: Monitoring of the Oxidation of Thiobenzanilide with the Jones' Reagent. *J. Liq. Chromatogr. Rel. Technol.* (2005) 28, 2391-2401. i.f. 0,814 3. Naumov P., **Ristovska N.**, Anastasova F., Ng S.W. *N*-(*N*-Phenylbenzimidoyl)-thiobenzanilide. *Acta Crystallogr*: Struc. Rep., (2005) E61, o3036-3037. i.f. 0,581	14,595
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор** 1. **Ristovska N.**, Bogdanovska-Mirčeska V. Quality characterization and processing of some tomato varieties. *Journal of Hygienic Engineering and Design*, World Congress on Hygienic Engineering and Design 2011, Macedonia, 261-265. 2. **Ristovska N.**, Bogdanovska-Mirčeska V. Determination of sugars in some ripe and dehydrated tomato varieties. Proceedings of the Fourth International Scientific Conference - FMNS2011, 8-11 June 2011, Faculty of Mathematics and Natural Science, South - West University "Neofit Rilski" Blagoevgrad, Volume 2, 133-141. 3. Anastasova F., **Ristovska N.**, Juranić I. QSAR study and cytotoxic action of isatin derivatives. Proceedings of the Fourth International Scientific Conference - FMNS2011, 8-11 June 2011, , Faculty of Mathematics and Natural Science, South - West University "Neofit Rilski" Blagoevgrad, Volume 2, 126-132.	10,2

	4. **Ristovska N.**, Anastasova F., Stefova M. Cr (VI) Oxidation of Thiobenzanilide in Acetone Media Monitored by HPLC. Mathematics and Natural Science Proceedings of the International Scientific Conference - FMNS2005, 8-11 June 2005, Blagoevgrad, Volume 2, 74-80.	
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир** 1. **Ristovska N.**, Bogdanov B., Jovevska L. Cis-Trans Isomerism of Some *N*-aryl-*p*-substituted benzamides and thiobenzamides. Proceedings of the XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2004, Ohrid, OCB - 03. 2. **Ristovska N.**, Anastasova F. Oxidation of Thiobenzanilide with Jones' Reagent. Proceedings of the XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2004, Ohrid, OCB - 05. 3. **Ristovska N.**, Stefova M., Anastasova F. Liquid Chromatographic Method for Analysis of Thiobenzanilide and Its Oxidation Products. Proceedings of the XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2004, Ohrid, ACE - 10. **Ristovska N.**, Anastasova F. Synthesis of bis (*N*-phenylbenzimidoyl)disulfide in catalytic presence of $CaCO_3$. Proceedings of the XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, September 23-25, 2004, Ohrid, OCB - 04.	6,8
6.	**Учество на научен собир со реферат** *Усна презентација* 1. Anastasova F., **Ristovska N.**, Juranić I. QSAR study and cytotoxic action of isatin derivatives. Fourth International Scientific Conference - FMNS2011, 8-11 June 2011, Faculty of Mathematics and Natural Science, South - West University "Neofit Rilski" Blagoevgrad. 2. **Ristovska N.**, Bogdanovska-Mirčeska V. Determination of sugars in some ripe and dehydrated tomato varieties. Fourth International Scientific Conference - FMNS2011, 8-11 June 2011, Faculty of Mathematics and Natural Science, South - West University "Neofit Rilski" Blagoevgrad. 3. Самет А., **Ристовска Н.** Оксидација на тиобензамид со H_2O_2 и следење на текот на реакцијата. VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 8-10 октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје. 4. Богдановска-Мирческа В., Каракашова Љ., **Ристовска Н.** Испитување на хемискиот состав на свежи и соларно сушени одделни сорти домати. VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 8-10	13

октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје.

5. Милосковска Ж., Ружојчиќ Ј., **Ристовска Н.** Квантитативна анализа на јаглехидрати во мед според Luff-Schoorl–овата метода. VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 8-10 октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје.
6. Ивановска Г., **Ристовска Н.**, Анастасова Ф. Модифицирана метода за синтеза на бис(*N*-фенилбензимидоил) дисулфид. VI конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, 18-19 ноември, 2005, Скопје.

Постер

1. Trajkoska M., **Ristovska N.** Isolation and characterization of lycopene and β-carotene, BFP-58, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 05-09 September 2012, Ohrid.
2. Dimitrova T., **Ristovska N.** Carbonyl-amine condensation of 1,5-disubstituted - indoline-2,3-dione with carbohydrazide and thiocarbohydrazide, O - 16, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 05-09 September 2012, Ohrid.
3. **Ristovska N.**, Anastasova F., Stefova M. Cr (VI) Oxidation of Thiobenzanilide in Acetone Media Monitored by HPLC. International Scientific Conference - FMNS2005, South - West University, Faculty of Mathematics and Natural Science, 8-11 June 2005, Blagoevgrad.
4. Стојаноски К., Хаџиева Р., Хаџиев В., **Ристовска Н.**, Кузмановски И. Определување на холестерол со ултравиолетова изводна спектроскопија и хемометриски методи. Трет конгрес на Здружението на медицински биохемичари на Македонија, 2003,Охрид.
5. Стојаноски К., Хаџиева Р., Хаџиев В., **Ристовска Н.**, Кузмановски И. Определување на триглицериди со ултравиолетова изводна спектроскопија и хемометриски методи. Трет конгрес на Здружението на медицински биохемичари на Македонија, 2003, Охрид.
6. **Ristovska N.**, Bogdanov B., Jovevska L. Cis-Trans Isomerism of Some *N*-aryl-*p*-substituted benzamides and thiobenzamides. XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, September 23-25, 2004, Ohrid.
7. **Ristovska N.**, Anastasova F. Oxidation of Thiobenzanilide with Jones' Reagent. XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, September 23-25, 2004, Ohrid.
8. **Ristovska N.**, Stefova M., Anastasova F. Liquid

	Chromatographic Method for Analysis of Thiobenzanilide and Its Oxidation Products. XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, September 23-25, 2004, Ohrid. 9. **Ristovska N.,** Anastasova F. Synthesis of bis (N-phenylbenzimidoyl)disulfide in catalytic presence of $CaCO_3$. XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, September 23-25, 2004, Ohrid. 10. **Гочева Н.,** Јовевска Л. Синтеза на потенцијални туберкулостатици, Втор Конгрес на фармацијата на Република Македонија, Струга 9-13 јуни, 1999. 11. **Gočeva N.,** Jovevska L. Reactions of N^3-Arylsubstituted Amidrazones with Monocarboxylic Esters. XV Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, October 2-4, 1997, Skopje. 12. **Gočeva N.,** Stojanoski K. Structural Studies of Albumins. Effect of Temperature, pH and Urea Followed by derivative UV Spectroscopy. 6th Symposium on Instrumental and Analytical Spectrometry and Chromatography, SIAS'95, Varna, Bulgaria, 1995. 13. **Gočeva N.,** Stojanoski K. Detection of proteins with derivative absorption spectroscopy. 5th Symposium on Instrumental and Analytical Spectrometry and Chromatography, SIAS'94, Varna, Bulgaria, 1994. 14. Grujoska F., **Gočeva N.,** Bogdanov B. Spectrophotometric determination of alkylbenzene sulfonates, I Congress of pure and applied chemistry of students in Macedonia, 1994	
7.	**Апстракти објавени во зборник на конференција** *Меѓународна* 1. **Gočeva N.,** Stojanoski K. Structural Studies of Albumins. Effect of Temperature, pH and Urea Followed by derivative UV Spectroscopy. 6th Simposium on Instrumental and Analytical Spectrometry and Chromatography, SIAS'95, Varna, Bulgaria, 1995, MOL-P64. 2. **Gočeva N.,** Stojanoski K.detection of proteins with derivative absorbtion spectroscopy. 5th Simposium on Instrumental and Analytical Spectrometry and Chromatography, SIAS'94, Varna, Bulgaria, 1994, MOL-P58. *Национална* 1. Trajkoska M., **Ristovska N.** Isolation and characterization of lycopene and β-carotene, BFP-58, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 05-09 september 2012, Ohrid, Book of abstracts, 145. 2. Dimitrova T., **Ristovska N.** Carbonyl-amine condensation of 1,5-disubstituted - indoline-2,3-dione with carbohydrazide and thiocarbohydrazide, O - 16,	7

	XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 05-09 september 2012, Ohrid, Book of abstracts, 289. 3. Самет А., **Ристовска Н.** Оксидација на тиобензамид со H_2O_2 и следење на текот на реакцијата. Книга на апстракти од VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 1-2, 8-10 октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје. 4. Богдановска-Мирческа В., Каракашова Љ., **Ристовска Н.** Испитување на хемискиот состав на свежи и соларно сушени одделни сорти домати. Книга на апстракти од VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 53-54, 8-10 октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје. 5. Милосковска Ж., Ружојчиќ Ј., **Ристовска Н.** Квантитативна анализа на јаглехидрати во мед според Luff-Schoorl–овата метода. Книга на апстракти од VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 107-108, 8-10 октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје. 6. Ивановска Г., **Ристовска Н.**, Анастасова Ф. Модифицирана метода за синтеза на бис(*N*-фенилбензимидоил) дисулфид. Книга на апстракти од VI конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, 18-19 ноември, 2005, Скопје. 7. Стојановски К., Хаџиева Р., Хаџиев В., **Ристовска Н.**, Кузмановски И. Определување на холестерол со ултравиолетова изводна спектроскопија и хемометриски методи. Книга на апстракти од Третиот конгрес на Здружението на медицински биохемичари на Македонија, Охрид, 2003, 42. 8. Стојановски К., Хаџиева Р., Хаџиев В., **Ристовска Н.**, Кузмановски И. Определување на триглицериди со ултравиолетова изводна спектроскопија и хемометриски методи. Книга на апстракти од Третиот конгрес на Здружението на медицински биохемичари на Македонија, Охрид, 2003, 43. 9. **Гочева Н.**, Јовевска Л. Синтеза на потенцијални туберкулостатици, Втор конгрес на фармацијата на Република Македонија, Струга 9-13 јуни, 1999. 10. **Gočeva N.**, Jovevska L. Reactions of *N*³-Arylsubstituted Amidrazones with Monocarboxylic Esters. Book of Abstracts of XV Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, October 2-4, 1997, Skopje, Macedonia, 239.	
	Вкупно	**71,595**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Воведување нови лабораториски методи** за првпат во институцијата (за потребите на Царинска Управа) • анализа на протеини во соино брашно • анализа на јаглехидрати во мед	2
2.	**Превод на дел од книга** John W. Hill, Ralph H. Petrucci, Terry W. McCreary, Scott S. Perry, GENERAL CHEMISTRY, fourth Edition, Prentice Hall, New Yersey (2005)	1
Дејности од поширок интерес		
3.	**Член на уредувачки одбор на стручно-методско списание** (ХЕМКО)	0,5
4.	**Член на организационен одбор на научен собир** (4) • I конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (1994) • XIV конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија (1995) • XV конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија (1997) • III конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија со меѓународно учество (1998)	2
5.	**Студиски престој во странство до три месеци** (2) • на Факултетот за хемија и минерологија во Лајпциг, Р. Германија, во јануари 2009 година. ТЕМПУС – проект: "Reforms and Upgrade of Chemistry Undergraduate Studies in Macedonia" JEP-41144-2006-2008-2010; • во БАН -Софија, ноември 1996.	1
6.	**Учество во Комисија за спроведување на натпреварите по органска хемија**, во рамките на Смотрата на млади истражувачи од Република Македонија, во организација на Народна техника на Република Македонија (12)	12
	Вкупно	**18,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	247,9662
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	71,595
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	18,5
Вкупно	338,061

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Фроса Анастасова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Емил Поповски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Богдан Богданов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“-Скопје

Име и презиме на кандидатот	*Наслов на прифатена тема за изработка на докторска дисертација*	*Комисија за утврдување подобност на кандидатот и темата*
Михајло Марковиќ	„Преемственост на лексиката меѓу Слепченскиот патерик и Огледало од Кирил Пејчиновиќ и Различна поучителна наставленија од Јоаким Крчовски“	Проф. д-р Људмил Спасов Проф. д-р Димитар Пандев Проф. д-р Соња Новотни

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА **ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ СПОРЕДБЕНА ГРАМАТИКА НА РОМАНСКИТЕ ЈАЗИЦИ И ГРАМАТИКА НА СОВРЕМЕНИОТ ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК** ПРИ КАТЕДРАТА ЗА РОМАНСКИ ЈАЗИЦИ И КНИЖЕВНОСТИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

На својата триесет и шеста редовна седница одржана на 8.5.2013 г., Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р ЈОАНА ХАЏИ-ЛЕГА ХРИСТОСКА на конкурсот за избор во звањето доцент по предметите споредбена граматика на романските јазици и граматика на современиот француски јазик. Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, слободни сме на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Јоана ХАЏИ-ЛЕГА ХРИСТОСКА е родена на 19 јануари 1977 г. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Крушево со одличен успех и со освоено прво место на Републичкиот натпревар по француски јазик, додека освоената прва награда на натпреварот на Француската алијанса и овозможува да замине на десетдневен награден престој во Париз.

Во учебната 1995/96 се запишала на групата за француски јазик и книжевност кадешто ги изучувала и романскиот, италијанскиот и шпанскиот јазик. Студиите на наставната насока ги завршила во ноември 2000 г. со средна оценка 9,87 како најдобар студент на генерацијата. Во текот на студиите двапати престојувала во Франција како стипендист на француската влада, и тоа во 1996, во времетраење од една академска година, на Универзитетот "Рене Декарт" во Париз,

каде што посетувала студии по општа и француска лингвистика, и втор пат, во 1998 г., во Стразбур, како преведувач на македонската екипа на меѓународниот натпревар за правници "Рене Касен".

На постдипломски студии, насока: наука за јазикот (романска лингвистика), се запишала во 2002 година каде што ги положила испитите со просечна оценка 10,00, додека на 3 октомври 2008 г. го има одбрането својот магистерски труд под наслов *Семиологија на органите на говорот во францускиот и во македонскиот јазик.*

Во декември 2012 година ја одбранила својата докторска дисертација со наслов *Семиологија на жената и на мажот во францускиот и во македонскиот јазик.*

По завршувањето на студиите Хаџи-Лега Христоска била ангажирана да држи настава по француски јазик на Воената академија во Скопје во зимскиот семестар 2000/2001. Веднаш потоа, во февруари 2001 г. се вработила во Францускиот културен центар во Скопје каде што работела на проекти поврзани со библиотекарската дејност и организирањето културни манифестации, а била вклучена и во изведувањето на наставата по француски јазик. Во рамките на должностите што ги имала во Центарот, Јоана била испраќана двапати во Франција на стручно усовршување, и тоа во 2002 г. во Париз и во Лион на петнеделна обука на тема "Médiathèques – Centres d'information", а во 2005 г. била на двонеделна обука во Париз и Лион на тема "Direction et gestion de projets culturels".

II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска е примена во 2006 година како помлад асистент за предметите граматика на францускиот јазик и споредбена граматика на романските јазици на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, а по одбраната на магистерскиот труд, во 2009 година била избрана за асистент по предметите *граматика на современиот француски јазик* и *споредбена граматика на романските јазици.* Во рамките на своите задолженија, д-р Хаџи-Лега Христоска одржува вежби по предметите фонетика на францускиот јазик, морфологија на францускиот јазик, синтакса на францускиот јазик, семантика на францускиот јазик, како и предавања по предметот споредбена граматика на романските јазици.

Освен на матичната Катедра, д-р Јоана Хаци-Лега Христоска е ангажирана и на Катедрата за преведување и толкување кадешто учествува во изведувањето вежби по предметите *француски јазик* и *преведување од француски на македонски јазик*.

III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Јоана Хаци-Лега Христоска учествувала во неколку проекти, како националниот научен проект *Електронски филолошки ресурси* (2012-2013) и два меѓународни научни проекта: *Widespread Idioms in Europe and Beyond,* поддржан од страна на Европското здружение за фразеологија и Истражувачкиот центар за историски и културни студии при Универзитетот во Трир (Германија) и *Méthodologies et pratiques innovantes en didactique du FLE (MEPRID – FLE)*, (N/Ref.:CE/DG/617/2011), проект координиран од страна на Универзитет од Крајова (Романија) (2012-2013).

Јоана Хаци-Лега Христоска учествувала на повеќе семинари и обуки од областа на дидактиката на францускиот јазик:

- 1-2 декември 2006 – Семинар за професори по француски јазик, во организација на Амбасадата на Франција во РМ и Францускиот културен центар од Скопје;

- 10-12 септември 2007 – Семинар за дидактика на францускиот јазик, во организација на Катедрата за романски јазици и Амбасадата на Франција во РМ;

- 1-3 септември 2008 - Семинар за дидактика на францускиот јазик, во организација на Катедрата за романски јазици и Амбасадата на Франција во РМ ;

- октомври 2010 година - семинар "Français langue étrangère: l'approche actionnelle", во организација на Катедрата за романски јазици и Амбасадата на Франција во РМ ;

- 4-7 јули 2011 – Летен универзитет во Струга за професори по француски јазик, во организација на Амбасадата на Франција во РМ;

- 1-5 октомври 2012 – семинар "Création et gestion d'un enseignement ouvert et distant", во организација на Универзитетската агенција за франкофонија и Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје.

Јоана Хаџи-Лега Христоска учествувала со свои реферати на неколку научни собири и симпозиуми во Македонија и во странство:

- "Фигуративните значења на ***увото*** во македонскиот јазик", на *Шестиот научен собир на млади македонисти,* Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје, 18-20 декември 2008;
- "La femme dans une optique franco-macédonienne", на меѓународната конференција *Europhras 2010: Cross-linguistic and cross-cultural perspectives on phraseology and paremiology*, Гранада (Шпанија), 30 јуни-2 јули 2010 ;
- "Analyse syntaxique des proverbes français: étude de cas", на научниот собир *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи*, Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје, 2-13 ноември 2010;
- "Мажот во македонскиот провербијален свет", на VIII македонско-северноамериканска конференција, Охрид, 7-8 јули 2012;
- "Les proverbes dans la traduction (sur un corpus franco-macédonien)", меѓународна јазична конференција *Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето*, Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје, 26-28 септември 2012.

Автор е на повеќе трудови објавени во зборници на трудови од научни собири во земјата и во странство, како и во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески". Во нив се обработени теми од областа на француската семантика и паремиологија, но и теми поврзани со компаративните истражувања како на францускиот и на македонскиот јазик, така и на романските јазици.

IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Хаџи-Лега Христоска се занимава и со преведување од француски на македонски јазик и обратно. Таа досега ги има објавено следниве книги преводи: Теодор Капидан : *Македороманците,* 95 стр. (превод од француски) којшто излезе од

печат во 2004, Лефкија Гажоска : *L'épopée de Mečkin Kamen,* 23 стр. (превод на француски) од 2003 г., Андреј Макин: *Жената која чекаше* (превод од француски) Култура, Скопје, 2006, 129 стр. и Ерик-Мануел Шмит: *Детето на Ное* (превод од француски), Култура, Скопје, 2006, 104 стр.

Во периодот од 2006 до 2013 година, д-р Јоана Хаци-Лега Христоска учествувала во повеќе воннаставни активности. Била секретар на Јубилејниот годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" (2006), секретар на Катедрата за романски јазици и книжевности (2008/2009), секретар на Одборот за организирање на научниот собир на тема "Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи" (2010), како и член на Редакцискиот одбор за издавање Зборник на трудови посветен на проф. д-р Петар Атанасов (2013). Била член и на неколку комисии, како факултетската Комисија за упис на студенти во учебната 2007/2008 година, факултетската Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за романски јазици и книжевности (2010) и член на Комисија за оценување на Олимпијадите по француски јазик (2010). Исто така, во периодот од 2007 до 2009 година, таа била благајник на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија (ЗПФРМ).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на севкупните наставни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности произлегува дека д-р Јоана Хаци-Лега се има профилирано во компетентен наставник на францускиот јазик, во ревносен истражувач на француско-македонските семантички и паремиолошки теми и во продлабочен познавач на романистичката проблематика. Сето тоа, како и освоените 132,34 бода, ни даваат за право најтопло да му препорачаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" да ја избере д-р ЈОАНА ХАЦИ-ЛЕГА ХРИСТОСКА во звањето доцент по предметите споредбена граматика на романските јазици и граматика на современиот францускиот јазик.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Звонко Никодиновски, с.р.

2. Проф. д-р Маргарита Велевска, с.р.

3. Проф. д-р Петар Атанасов, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Јоана Матеја Хаџи-Лега Христоска**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Филолошки факултет "Блаже Конески" - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: споредбена граматика на романските јазици, гаматика на современиот француски јазик

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување настава од прв циклус студии	
1.	**Граматика на современиот француски јазик 4** (0+2), летен семестар 2005/2006 (март-мај)	0,72
2.	**Фонетика и фонологија на францускиот јазик** (0+4), зимски семестар 2006/2007	1,8
3.	**Фонетика и фонологија на францускиот јазик** (0+4), летен семестар 2006/2007	1,8
4.	**Граматика на современиот француски јазик 4** (0+2), зимски семестар 2006/2007	0,9
5.	**Граматика на современиот француски јазик 4** (0+2), летен семестар 2006/2007	0,9
6.	**Споредбена граматика на романските јазици** (2+0), зимски семестар 2006/2007	1,2
7.	**Споредбена граматика на романските јазици** (2+0), летен семестар 2006/2007	1,2
8.	**Фонетика и фонологија на францускиот јазик** (0+2), зимски семестар 2007/2008 (октомври)	0,24
9.	**Граматика на современиот француски јазик 4** (0+2), зимски семестар 2007/2008 (октомври)	0,24
10.	**Споредбена граматика на романските јазици** (4+0), зимски семестар 2007/2008 (октомври)	0,64
11.	**Фонетика и фонологија на францускиот јазик** (0+4), зимски семестар 2008/2009	1,8
12.	**Фонетика и фонологија на францускиот јазик** (0+4), летен семестар 2008/2009	1,8
13.	**Споредбена граматика на романските јазици 1** (2+0), зимски семестар 2008/2009	1,2
14.	**Споредбена граматика на романските јазици 2** (2+0), летен семестар 2008/2009	1,2
15.	**Француски јазик 1** (Катедра за преведување и толкување – јазик Б и В) (0+4), зимски семестар 2008/2009	2,4
16.	**Француски јазик 2** (Катедра за преведување и толкување – јазик Б и В) (0+4), летен семестар 2008/2009	2,4
17.	**Преведување од француски на македонски јазик 1** (Катедра за	1,2

	преведување и толкување – јазик В) (0+2), зимски семестар 2008/2009	
18.	**Преведување од француски на македонски јазик 2** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+2), летен семестар 2008/2009	1,2
19.	**Фонетика и фонологија на францускиот јазик** (0+2), зимски семестар 2009/2010	0,9
20.	**Фонетика и фонологија на францускиот јазик** (0+2), летен семестар 2009/2010	0,9
21.	**Француски јазик 1** (Катедра за преведување и толкување – јазик Б и В) (0+4), зимски семестар 2009/2010	2,4
22.	**Француски јазик 2** (Катедра за преведување и толкување – јазик Б и В) (0+4), летен семестар 2009/2010	2,4
23.	**Француски јазик 3** (Катедра за преведување и толкување – јазик Б и В) (0+2), зимски семестар 2009/2010	1,2
24.	**Француски јазик 4** (Катедра за преведување и толкување – јазик Б и В) (0+2), летен семестар 2009/2010	1,2
25.	**Преведување од француски на македонски јазик 1** (Катедра за преведување и толкување – јазик Б и В) (0+2), зимски семестар 2009/2010	1,2
26.	**Преведување од француски на македонски јазик 2** (Катедра за преведување и толкување – јазик Б и В) (0+2), летен семестар 2009/2010	1,2
27.	**Фонетика на францускиот јазик** (0+2), зимски семестар 2010/2011	0,9
28.	**Корективна фонетика на францускиот јазик** (0+2), летен семестар 2010/2011	0,9
29.	**Синтакса на францускиот јазик 1** (0+2), зимски семестар 2010/2011	0,9
30.	**Синтакса на францускиот јазик 2** (0+2), летен семестар 2010/2011	0,9
31.	**Француски јазик 3** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+4), зимски семестар 2010/2011	2,4
32.	**Француски јазик 4** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+4), летен семестар 2010/2011	2,4
33.	**Преведување од француски на македонски јазик 1** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+2), зимски семестар 2010/2011	1,2
34.	**Преведување од француски на македонски јазик 2** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+2), летен семестар 2010/2011	1,2
35.	**Фонетика на францускиот јазик** (0+2 часа), зимски семестар 2012/2013	0,9
36.	**Корективна фонетика на францускиот јазик** (0+2 часа), летен семестар 2012/2013 (февруари-март)	0,48
37.	**Споредбена граматика на романските јазици** (0+2), зимски семестар 2012/2013	0,9
38.	**Синтакса на францускиот јазик 1** (0+2), зимски семестар 2012/2013	0,9
39.	**Синтакса на францускиот јазик 2** (0+2), летен семестар 2012/2013 (февруари-март)	0,48

40.	**Француски јазик 3** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+4), зимски семестар 2012/2013	2,4
41.	**Француски јазик 4** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+4), летен семестар 2012/2013 (февруари-март)	1,28
42.	**Преведување од француски на македонски јазик 1** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+2), зимски семестар 2012/2013	1,2
43.	**Преведување од француски на македонски јазик 2** (Катедра за преведување и толкување – јазик В) (0+2), летен семестар 2012/2013 (февруари-март)	0,64
	Консултации со студенти	
44.	2005/2006, летен семестар (25 студенти)	0,05
45.	2006/2007, зимски семестар (120 студенти)	0,24
46.	2006/2007, летен семестар (120 студенти)	0,24
47.	2008/2009, зимски семестар (168 студенти)	0,336
48.	2008/2009, летен семестар (168 студенти)	0,336
49.	2009/2010, зимски семестар (230 студенти)	0,46
50.	2009/2010, летен семестар (230 студенти)	0,46
51.	2010/2011, зимски семестар (117 студенти)	0,234
52.	2010/2011, летен семестар (114 студенти)	0,228
53.	2012/2013, зимски семестар (124 студенти)	0,248
54.	2012/2013, летен семестар (100 студенти)	0,2
55.	Подготовка на нов предмет – корективна фонетика на францускиот јазик (0+2) (2010/2011, летен семестар)	0,5
56.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	0,6 (0,1 x 6)
	Учество на семинари за професори по француски јазик	
57.	1-2 декември 2006 – учесник на Семинар за професори по француски јазик, во организација на Амбасадата на Франција во РМ и Францускиот културен центар од Скопје	1
58.	10-12 септември 2007 – учесник на Семинар за дидактика, во организација на Катедрата за романски јазици и Амбасадата на Франција во РМ	1
59.	1-3 септември 2008 - учесник на семинар за дидактика во организација на Катедрата за романски јазици и Амбасадата на Франција во РМ	1
60.	Октомври 2010 година - учесник на семинарот "Français langue étrangère: l'approche actionnelle", во организација на Катедрата за романски јазици и Амбасадата на Франција во РМ	1
61.	4-7 јули 2011 – учество на Летниот универзитет во Струга за професори по француски јазик, во организација на Амбасадата на Франција во РМ	1
62.	1-5 октомври 2012 – учество на семинарот "Création et gestion d'un enseignement ouvert et distant", во организација на Универзитетската агенција за франкофонија и Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје	1
	Вкупно	64,352

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Учесник во националниот научен проект: *Електронски филолошки ресурси* (2012-2013).	3
2.	Учесник во меѓународниот научен проект: *Widespread Idioms in Europe and Beyond,* поддржан од страна на Европското здружение за фразеологија и Истражувачкиот центар за историски и културни студии при Универзитетот во Трир (Германија).	5
3.	Учесник во меѓународниот истражувачки проект: *Méthodologies et pratiques innovantes en didactique du FLE (MEPRID – FLE)*, (N/Ref.:CE/DG/617/2011), координиран од страна на Универзитет од Крајова (Романија) (2012-2013).	5
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание	
4.	"Le statut sémiologique de l'oreille dans l'univers figuré français" in *Folia linguistica et litteraria: Časopis za nauku o jeziku i književnosti (5)*, Institut za jezik i književnost, Filozofski fakultet, Nikšić, Univerzitet Crne Gore, 2011, str. 133-148.	4
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	
5.	«Фигуративните значења на ***увото*** во македонскиот јазик», во *Зборник на трудови од Шестиот научен собир на млади македонисти* (18-20 декември 2008 год.), Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје : 2010, стр. 85-102.	2
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	
6.	"La femme dans une optique franco-macédonienne", in *Paremiología y herencia cultural*, Antonio Pamies Bertrán, Juan de Dios Luque Durán & Patricia Fernández Martín (eds.), Colección Granada Lingvistica, Granada: 2011, pp.213-224.	3
	Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција	
7.	"Семиологија на ***јазикот*** во францускиот и во македонскиот јазик", во: *Јубилеен годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" – Скопје*: 2006, том 1, бр. 32, стр. 325-342.	2
8.	"Семиологијата/семиотиката како наука за знаците", во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје*: 2007, бр.33, стр. 237-251.	2
9.	"Семиологија на ***устата*** во францускиот јазик", во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје*: 2008, бр.34, стр. 285-304.	2
10.	"Краток приказ на грчките елементи во ароманскиот", во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје*: 2009, бр. 35, стр. 199-206.	2
11.	"Семиологија на органите на говорот во францускиот и во македонскиот јазик" (резиме од магистерскиот труд), во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје*: 2009, бр. 35, стр. 457-462.	2

12.	"Погледот на светот, говорот и споредбените јазични истражувања", во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје*: 2011, бр. 37, стр. 245-252.	2
	Учество на научен/стручен собир со реферат	
13.	«Фигуративните значења на ***увото*** во македонскиот јазик», на *Шестиот научен собир на млади македонисти,* Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје, 18-20 декември 2008.	1
14.	"La femme dans une optique franco-macédonienne", на меѓународната конференција *Europhras 2010: Cross-linguistic and cross-cultural perspectives on phraseology and paremiology*, Гранада (Шпанија), 30 јуни-2 јули 2010.	1
15.	"Analyse syntaxique des proverbes français: étude de cas" на научниот собир *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи*, Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје, 2-13 ноември 2010.	1
16.	"Мажот во македонскиот провербијален свет", на VIII македонско-северноамериканска конференција, Охрид, 7-8 јули 2012.	1
17.	"Les proverbes dans la traduction (sur un corpus franco-macédonien)", меѓународна јазична конференција *Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето*, Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје, 26-28 септември 2012.	1
	Вкупно	39

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Автор на преводи	
1.	*Македонија во 1913, автохроми од колекцијата на Музејот Алберт Кан*. Учество во преводот од француски и од македонски јазик. Скопје: *Музеј на град Скопје*, 2001.	1
2.	Гажоска, Лефкија. *L'épopée de Mečkin Kamen.* Превод од македонски на француски јазик. Крушево: *Научно-културни средби "Десет дена Крушевска Република"*, 2003, 26 стр.	3
3.	Капидан, Теодор. *Македороманците*. Превод од француски на македонски јазик. Скопје: *Југореклам*, 2004, 93 стр.	3
4.	Гелтон, Фредерик. "Македонското прашање и Франција (помеѓу регионална историја и европска геополитика)", во *Прилози за Илинден 9.* Превод од француски на македонски јазик. Крушево: *Научно-културни средби "Десет дена Крушевска Република"*, 2004, стр. 29-40.	0,5
5.	Лае, Оливје. "Источната француска армија при командата на сојузничките војски, од пробивот на фронтот во Македонија до капитулацијата на Бугарија", во *Прилози за Илинден 9.* Превод од француски на македонски јазик. Крушево: *Научно-културни*	0,5

	средби "Десет дена Крушевска Република", 2004, стр. 83-95.	
6.	Фати, Сафа. "Жак Дерида не е мртов", во: *Идентитети*. Превод од француски на македонски јазик. Скопје: 2004, том 3, бр. 2, стр. 21-26.	0,5
7.	"Identification de saints dans la peinture murale du naos de l'église Sainte-Vierge-Périvleptos à Ohrid", (превод на резиме од македонски на француски јазик), *Прилози*. Одделение за општествени науки. – Скопје: *Македонска академија на науките и уметностите*, год. 36, бр.1 (2005), стр. 21-22.	0,5
8.	Макин, Андреј. *Жената која чекаше*. Превод од француски на македонски јазик. Скопје: Култура, 2006, 129 стр.	3
9.	Шмит, Ерик-Емануел. *Детето на Ное*. Превод од француски на македонски јазик. Скопје: Култура, 2006, 104 стр.	3
10.	Чипријан, Михали. "Право на живеење и биополитички идентитети", во *Идентитети*. Превод од француски на македонски јазик. Скопје: 2006, том 5, бр. 1, стр. 89-112.	0,5
11.	"La miniature dans les manuscrits médievaux macédoniens", (превод на резиме од македонски на француски јазик), во *Живописот на Охридската архиепископија*: студии. – Скопје: *МАНУ*, 2007, стр. 9.	0,5
12.	"Saint Constantin Cabasilas et ses portraits dans la lumière des nouvelles découvertes", (превод на резиме од македонски на француски јазик), во *Живописот на Охридската архиепископија*: студии. – Скопје: *МАНУ*, 2007, стр. 60-61.	0,5
13.	"Saint Constantin-Cyrille et saint Méthode dans l'art byzantin des pays balkaniques", (превод на резиме од македонски на француски јазик), во *Живописот на Охридската архиепископија*: студии. – Скопје: *МАНУ*, 2007, стр. 315-316.	0,5
14.	"Une variante de la représentation du Christ Roi des rois et Grand Prêtre dans l'art post-byzantin (d'après les exemples de l'Archevêché d'Ohrid)", (превод на резиме од македонски на француски јазик), во *Живописот на Охридската архиепископија*: студии. – Скопје: *МАНУ*, 2007, стр. 377.	0,5
15.	"Nouvelles contributions sur la culture et l'art du XIXème siècle en Macédoine de l'Ouest" (превод на резиме од македонски на француски јазик), во *Живописот на Охридската архиепископија*: студии. – Скопје: *МАНУ*, 2007, стр. 447.	0,5
16.	"Manaki - photographes", превод од македонски на француски јазик на текстот од каталогот за изложбата на фотографии "Манаки-фотографи", Кан, Франција (март 2010), во соработка со Македонскиот центар за фотографија.	0,5
17.	"Sanctuaires communs en Macédoine", превод од македонски на француски јазик на текстот од каталогот за изложбата на фотографии "Заеднички светилишта во Македонија", Стразбур, Франција (мај 2010), во соработка со Македонскиот центар за фотографија.	3
18.	"Vue de la fenêtre", превод од македонски на француски јазик на текстот од каталогот за изложбата на фотографии со наслов "Поглед од прозорец", Македонски центар за фотографија, Скопје 2013.	0,5
Дејности од поширок интерес		

19.	Секретар на Катедрата за романски јазици и книжевности (2008/2009 година)	1
20.	Секретар на Редакцискиот одбор на Јубилејниот годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" – Скопје (2006 година)	0,5
21.	Секретар на Организациониот одбор на симпозиумот "Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи" (2010 година)	0,5
22.	Учество во промотивни активности на Катедрата за романски јазици и книжевности (јуни 2011 година)	0,5
23.	Секретар на Редакцискиот одбор за издавање на Зборник на трудови посветен на проф. д-р Петар Атанасов (2013 година)	0,5
	Член на факултетска комисија	
24.	Член на факултетска Комисија за упис на студенти во учебната 2007/2008 година	0,5
25.	Член на факултетска Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за романски јазици и книжевности (2010)	0,5
26.	Член на Комисијата за државниот натпревар *Олимпијади по француски јазик 2010* за основните и средните училишта во РМ, во организација на Здружението на професори по француски јазик на РМ (април 2010)	1
27.	Член на Здружението на професори по француски јазик на РМ (2009-2013)	1
28.	Постојан судски преведувач од македонски на француски јазик и обратно во Основниот суд Скопје 1 - Скопје	1
	Вкупно	29

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	64,352
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	39
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	29
Вкупно	**132,352**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Звонко Никодиновски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Маргарита Велевска, член, с.р.
3. Проф. д-р Петар Атанасов, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОЛЕКУЛАРНА И ФИЛОГЕНЕТСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ПОЕДИНЕЧНИ ВИРУСИ НА ЊУКАСТЕЛСКАТА БОЛЕСТ ОТКРИЕНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р АЛЕКСАНДАР ДОДОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на својата редовна седница одржана на 13.V 2013 година, донесе одлука бр. 0201-1896/2 од 13.V 2013 година со која формира Комисија за одбрана со задача да поднесе извештај (рецензија) за оцена на поднесената докторска дисертација, во следниов состав:

1. д-р Владимир Савиќ – научен советник во Хрватскиот ветеринарен институт – Центар за живинарство во Загреб, Хрватска;
2. д-р Славчо Мреношки - вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
3. д-р Ристо Проданов - редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
4. д-р Дејан Видановиќ - научен соработник во Ветеринарниот специјалистички институт во Краљево, Србија;
5. д-р Дине Митров - вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

ИЗВЕШТАЈ

М-р Александар Додовски, вработен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, самостојно или со соработници, досега има објавено 26 научни трудови, кои се од областа на болести на птиците, со што се има здобиено со големо искуство пред започнувањето на изработката на приложената дисертација.

Докторската дисертација „Молекуларна и филогенетска карактеризација на поединечни вируси на Њукастелската болест откриени во Република Македонија“ е напишана на 152 страници, со 22 табели, 35 слики и 3 графикони. Таа е поделена во осум поглавја: вовед, преглед на литература, цел на испитувањето, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

1. Вовед. Во воведот е направен краток опис на значењето на Њукастелската болест за живинарското производство, економските последици од нејзиното појавување и контролните мерки кои се применуваат. Наведен е опсегот на домаќини кај кои може да се јави ова заболување.

2. Преглед на литературата. Во ова поглавје кандидатот м-р Александар Додовски има опфатено 202 референци кои ги обработуваат историјатот на Њукастелската болест (ЊБ), етиологијата на вирусот, епизоотиологијата, патогенезата, клиничката слика, патоанатомскиот наод, дијагнозата и контролните мерки. Во историјатот се објаснува за историјата на болеста на глобално ниво, за појавувањето и траењето на досегашните панзотии, се објаснуваат теориите за настанување на болеста и детално се опишува историјата на болеста во Република Македонија. Во етиологијата е прикажана денешната таксономија на вирусот, објаснети се структурата на геномот и функциите на вирусните протеини, како и механизмите на

размножување на вирусот. Во епизоотиологијата опсежно е објаснета еволуцијата на вирусот, а се опишани и изворите, патиштата на ширење, влезната врата, приемчивоста и инфекциската доза на вирусот. Во патогенезета, објаснета е молекуларната основа за вирулентност. На јасен начин се опишани клиничките знаци и патоанатомскиот наод, а во дијагнозата на вирусот детално и системски се опишани класичните и молекуларните методи и секвенционирањето. Во контролните мерки се наведени разните дефиниции на болеста и опишани се мерките на биосигурност и вакцинацијата како дел од контролата на ова заболување. При тоа се изнесени најважните резултати и сознанија на 40 страници. Вака изнесените податоци се многу детално употребени во дискусијата на сопствените резултати.

3. Цел и задачи. Во ова поглавје се изнесени поставените цели и задачи на испитувањата. Како главна цел е поставена идентификацијата и карактеризацијата на вирусите на Њукастелската болест (ВЊБ) кои циркулираат во Република Македонија во последната деценија со меѓународно признати и докажани методи. Оваа цел кандидатот ја остварува преку следните поставени задачи: да се изврши изолација на ВЊБ на ембрионирани кокошкини јајца (ЕКЈ), да се идентификува и да се одреди патотипот на ВЊБ со класични методи (инхибиција на хемаглутинација и интрацеребрален патоген индекс), да се докаже ВЊБ со молекуларни методи (полимераза верижна реакција), да се одреди вирулентноста на ВЊБ со молекуларни методи (полимераза верижна реакција), да се одреди аминокиселинскиот состав на генот одговорен за вирулентноста на ВЊБ (секвенционирање), да се изврши филогенетска карактеризација на соевите на ВЊБ и да се направи споредба со соевите во регионот, Европа и пошироко и да се имплементираат дијагностички техники и методи согласно националното и законодавството на ЕУ и стандардите пропишани од OIE.

4. Материјал и методи на работа. Во ова поглавје се дадени податоците за испитуваните вируси (21) кои ги вклучуваат: видот на животното од кои се изолирани, датумот на мострирање, користените органи во дијагностика, локација и координати на местото на изолација, како и пристапните броеви од GenBank на вирусите кои се користени за споредба со македонските соеви. Вирусите кои се докажани и анализирани во оваа студија се именувани на следниот начин: серотип/домаќин (вид на птица од која е изолиран вирусот)/земја на потекло (географска локација)/лабораториски идентификационен број (референтен број)/година на мострирање (изолација). Вирусите се испитувани со класични и молекуларни методи и извршено е нивно секвенционирање и филогенетска анализа. Од класичните методи користени се изолација на вирусот на ЕКЈ, тест на хемаглутинација (ХА), тест на инхибиција на хемаглутинација (ИХА) и одредување на интрацеребрален патген индекс (ИЦПИ), сите во согласност со методите опишани во Manual of diagnostic tests and vaccines for terrestrial animals, Chapter 2.3.14 Newcastle Disease, version adopted May 2012, World Organization for Animal Health (OIE), Paris, France и во Council Directive 92/66/EEC of 14 July 1992 introducing Community measures for the control of Newcastle disease. Од молекуларните методи користени се реверзна транскрипција и полимераза верижна реакција во реално време во еден чекор (RT-qPCR) за детекција на матрикс (М) ген и на фузиски (Ф) ген според протоколот на Wise и соработниците од 2004 година, реверзна транскрипција и полимераза верижна реакција во два чекора (RT-PCR) за детекција на Ф-ген според протоколот на Aldous и соработниците од 2003 година. Секвенционирање на производот од полимераза верижната

реакција е направено според протоколот на Aldous и соработниците од 2003 година, а анализа на нуклеотидните секвенци е направена со компјутерскиот програм BioEdit Sequence Alignment Editor version 7.0.9.0. и подредувањето на секвенците е направено со методот Clustal V со компјутерскиот програм MEGA 5.10 според Tamura и соработниците од 2007 година со кој е направена и филогенетската анализа. Нуклеотидните секвенци се подредени да започнуваат на стартниот кодон (ATG) на позицијата 47 на Ф-генот и да завршуваат на базата 420 веднаш после местото на расекување на Ф-генот. Филогенетските стебла се презентирани како „unrooted maximum likelihood" модели каде должината на гранките е пропорционална на предвидениот број на замени.

5. Резултати. Резултатите од испитувањата се дадени во 16 табели, 24 слики и 3 графикони.

Од вкупно 21 испитуван ВЊБ, кај 16 примероци е детектирана хемаглутинирачка активност на алантоисната течност, додека кај 5 примероци не е утврдено присуството на вирусот по пат на негова изолација, туку кај овие 5 примероци вирусот е откриен со молекуларни методи (RT-qPCR и RT-PCR). Кај примероците кај кои е изолиран вирус (16), одреден е титарот на ХА кој се движи од $\log_2 5$ до $\log_2 10$. Овие вируси се подложени на тест на ИХА во 2 фази. Во првата фаза, тестот на ИХА-е спроведен со поликлонски антисерум за ВЊБ и антисеруми специфични за подтиповите H5N1 и H7N1 на вирусот на авијарната инфлуенца (АИВ). Откако е утврдено дека причината за хемаглутинација на алантоисните течности е ВЊБ, пристапено е кон втората фаза која е спроведена со серуми од моноклонски антитела (мАт), и тоа: мАт 617/161 специфичен за гулабји панзоотски соеви на ВЊБ, мАт U85 специфичен за повеќето класични соеви на ВЊБ и мАт 7D4 специфичен за соевите F и La Sota на ВЊБ. Со секој тест користени се контроли, а тестот е сметан за валиден само доколку сите контроли се во ред. Сите испитувани соеви во тестот на ИХА со мАт 7D4 се негативни. Инхибиција на хемаглутинација со мАт U85 покажуваат соевите NDV/chicken/Macedonia/080/2004, NDV/chicken/Macedonia/069/2005, NDV/chicken/Macedonia/070/2005 и NDV/chicken/Macedonia/421/2005 додека инхибиција на хемаглутинација со mAb 617/161 покажаа соевите NDV/pigeon/Macedonia/234/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007, NDV/pigeon/Macedonia/230/2008, NDV/pigeon/Macedonia/232/2008, NDV/pigeon/Macedonia/962/2008, NDV/chicken/Macedonia/231/2010, NDV/pigeon/Macedonia/2810/2010, NDV/pigeon/Macedonia/233/2011, NDV/pigeon/Macedonia/415/2011, NDV/pigeon/Macedonia/419/2011 и NDV/feral pigeon/Macedonia/9701/2012. Одредувањето на ИЦПИ е направено кај девет вируси така што кај класичните соеви тој во просек изнесува 1,90 и врз основа на оваа вредност тие се групирани во групата на велогени соеви додека кај гулабјите соеви тој изнесува 0,96 и врз основа на оваа вредност тие се групирани во групата на мезогени соеви. Исклучок од гулабјите соеви прави единствено сојот NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007 кај кого ИЦПИ изнесува 1,53. Сојот NDV/chicken/Macedonia/231/2010 иако е изолиран од живина поседува ИЦПИ карактеристичен за гулабјите соеви на ВЊБ. Од сите испитувани соеви на ВЊБ само сојот NDV/pigeon/Macedonia/232/2008 поседува ИЦПИ помал од 0,7.

Сите испитувани соеви (21) со тестот на RT-qPCR за детекција на M-ген припаѓаат на класата II на ВЊБ без разлика на нивната вирулетност. Вредностите на циклусот на квантификација (Цк) се најниски кај класичните соеви кај кои рибонуклеинската киселина (РНК) е екстрахирана од алантоисна течност (15,5), највисоки се кај класичните соеви кај кои РНК е екстрахирана од

клинички примероци (25,0) и меѓу нив се наоѓаат гулабовите соеви кај кои РНК е екстрахирана од алантоисна течност (22,8). Лимитот на детекција на оваа метода користејќи десеткратни сериски разредувања на вирусната суспензија на сојот NDV/chicken/Macedonia/070/2005 конзистентно изнесува $10^{1,3}$ EID_{50}-/0,2ml што претставува задоволителна осетливост на тестот. Сите испитувани соеви (21) со тестот на RT-qPCR за детекција на Ф-ген припаѓаат на вирулентните соеви на класата II на ВНЂБ. Вредностите на Цк во овој тест се најниски кај класичните соеви кај кои РНК е екстрахирана од алантоисна течност (23,0), највисоки се кај класичните соеви кај кои РНК е екстрахирана од клинички примероци (35,5) и меѓу нив се наоѓаат гулабовите соеви кај кои РНК е екстрахирана од алантоисна течност (27,1). Лимитот на детекција на оваа метода користејќи десеткратни сериски разредувања на вирусната суспензија на сојот NDV/chicken/Macedonia/070/2005 конзистентно изнесува $10^{3,3}$ EID_{50}-/0,2ml што претставува задоволителна осетливост на тестот. Сите испитувани соеви (21) со тестот на RT-PCR за детекција на Ф-ген се позитивни, од кои 17 се со големина на производот од 700 бп, додека во "semi-nested RT-PCR" позитивни се 4 соеви со големина на производот од 500 бп.

Врз основа на добиените секвенци на делот на Ф-генот, а особено на местото на раекување (МР), заклучено е дека сите испитувани соеви се велогени, т.е. се високо вирулентни. Сите соеви иако се разликуваат во нуклеотидните секвенци, поседуваат ист аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}RRQKR*FIG^{119} кој е карактеристичен за велогени соеви. Со порамнување на секвенците и изработка на филогенетски стебла утврдено е дека соевите NDV/chicken/Macedonia/082/2002, NDV/chicken/Macedonia/083/2003, NDV/chicken/Macedonia/080/2004, NDV/chicken/Macedonia/062/2005, NDV/chicken/Macedonia/069/2005, NDV/chicken/Macedonia/070/2005, NDV/chicken/Macedonia/421/2005, NDV/starling/Macedonia/068/2006 и NDV/chicken/Macedonia/071/2006 се групирани во генотипот VIId, а соевите, NDV/pigeon/Macedonia/234/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007, NDV/pigeon/Macedonia/230/2008, NDV/pigeon/Macedonia/232/2008, NDV/pigeon/Macedonia/962/2008, NDV/chicken/Macedonia/231/2010, NDV/pigeon/Macedonia/2810/2010, NDV/pigeon/Macedonia/233/2011, NDV/pigeon/Macedonia/415/2011, NDV/pigeon/Macedonia/419/2011 и NDV/feral pigeon/Macedonia/9701/2012 се групирани во генотипот VIb.

6. Дискусија. Во дискусијата кандидатот сеопфатно и научно издржано ги дискутира своите резултати со литературните податоци кои се однесуваат на идентификацијата и карактеризацијата на ВНЂБ кај домашната живина, гулабите и дивите птици. Поради антигенската разлика, разликата во вируленција и молекуларната и филогенетска посебност на гулабовите од класичните соеви кандидатот во дискусијата овие две групи ги третира одвоено.

Клиничките знаци кај класичните соеви одговораат на генерализирана системска инфекција со изразени дигестивни проблеми проследени со висока смртност. Овие знаци одговараат на сликата која ја предизвикуваат висецротропните велогени соеви опишани во литературата. Видливи патоанатомски знаци предизвикани од испитуваните класични соеви се крвавење и некроза на цекалните тонзили и другото лимфоидно ткиво во цревата, мултифокални крвавења и улцерации во преджелудникот, крвавења во трахеата, фокална некроза на слезината, воспаление на клоаката, кај несилките „egg" перитонитис, а во неколку случаи и крвавења на поткожното

ткиво на главата. Исти патоанатомски знаци се опишани во литературата. Во достапната литература која ја има кандидатот на увид не се опишани крвавења на поткожното ткиво на главата кај ЊБ, туку само кај високопатогена авијарна инфлуенца H5N1. Кај испитуваните гулабји парамиксовирус тип 1 (ГПМВ-1) соеви претежно се забележани нервни знаци, кои најчесто се манифестирани во облик на некоординирано движење, поткривнување, нестабилно летање, тортиколис и опистотонус. Постојат извесни варијации во стапката на смртност кај гулабите, така што таа кај младите единки е повисока, додека кај возрасните единки таа е пониска што е во согласност со литературните податоци. Патоанатомските промени најчесто се лоцирани во дигестивниот систем и се одликуваат со хеморагични промени во цревата, поретко се забележуваат промени во респираторниот систем додека отсутни се видливи промени во нервниот систем и одговараат на промените наведени во литературата.

Од деветте класични соеви, кај пет соеви (NDV/chicken/Macedonia/082/2002, NDV/chicken/Macedonia/083/2003, NDV/chicken/Macedonia/062/2005, NDV/starling/Macedonia/068/2006, NDV/chicken/Macedonia/071/2006) не е успеано да се изврши изолација на вирусот од ЕКЈ иако се позитивни на RT-qPCR за детекција на М-ген и на Ф-ген. Причината, која е наведена и во литературата е веројатно поради присуство на делови од РНК на вирусот, но не и жив вирус или поради мошне ниска концентрација на вирусот во материјалот за лабораториско испитување. Кај другите соеви вирусот е изолиран веќе после прва пасажа што е карактеристично за класичните соеви. Кај сите 12 ГПМВ-1 извршена е изолација на вирусот на ЕКЈ по втора пасажа додека кај сојот NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007 вирусот е изолиран по трета пасажа. Во литературата е наведено дека изолација на ВЊБ по трета пасажа е доста ретка и се случува во околу 5% од случаите, при тоа некои соеви на ГПМВ-1 подобро се изолираат на клеточни култури отколку што се изолираат на ЕКЈ. Во тестот на ИХА, поликлонскиот антисерум за ВЊБ и мАт 617/161 ја инхибираат ХА активност и на сојот NDV/chicken/Macedonia/231/201. Ова е објаснето со тоа што појавата на ГПМВ-1 кај живината е вообичаена појава и претежно се случува кај мали јата на селска или украсна живина каде биосигурноста е минимална и е можен контакт со диви птици. Дополнително се наведува фактот дека во земјите на ЕУ од 2000 до 2009 година се регистрирани 14 жаришта на ЊБ кај живината кадешто причинители се ГПМВ-1. Резултатите од вредностите на ИЦПИ на ГПМВ-1 се поразлични за разлика од оние кај класичните соеви и се движат 0,59-1,53. Сојот NDV/pigeon/Macedonia/232/2008 поседува ИЦПИ 0,59, што значи дека врз основа на овој *in vivo* тест за одредување на патогеноста овој вирус е лентоген сој. Од друга страна, овој сој поседува аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}RRQKR*FIG^{119} кој е карактеристичен за високо вирулентни соеви. Појавата на истовремено поседување на вирулентен аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот со ниски ИЦПИ-вредности не е необична за ГПМВ-1 и е опишана во литературата, а причината е репликациониот комплекс на вирусот. Сојот NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007 поседува ИЦПИ 1,53, што значи дека врз основа на овој *in vivo* тест за одредување на патогеност, овој вирус спаѓа во групата на велогени соеви. Во одгледувалиштето кадешто како причинител се јавува овој сој, пријавена е невообичаено зголемена смртност. Опишана е појава на зголемени вредности на ИЦПИ и ИВПИ кај ГПМВ-1 пасирани на пилиња или ЕКЈ што укажува на фактот дека изолатите адаптирани на други птици освен живината можат да не ја покажуваат својата потенцијална

вируленција кај пилињата при конвенционалните тестови за одредување на патогеноста и поради ова, резултатите за патогеноста на вирусите добиени по пат на *in vivo* тестови секогаш треба да бидат потврдени со секвенционирање што кандидатот и го направил.

За да ги потврди резултатите од RT-qPCR за детекција на М-ген и на Ф-ген и за да добие амплификуван PCR-производ кој понатаму ќе се искористи како примерок за секвенционирање кандидатот сите испитувани соеви ги тестира со RT-PCR. Најголемиот дел од примероците по визуелизација на гелот со UV-зраци се со очекувана големина на PCR-производот од 700бп која се добива со првиот пар на прајмери со протоколот според Aldous и соработниците (2003), додека примероците од кои се откриени соевите NDV/chicken/Macedonia/071/2006, NDV/starling/Macedonia/068/2006, NDV/chicken/Macedonia/062/2005 и NDV/chicken/Macedonia/082/2002 се негативни. Овие примероци се тестирани со „semi-nested" RT-PCR со втор пар на прајмери кои всушност се и прајмери за секвенционирање. Очекувана големина на PCR-производот од оваа реакција е 500бп со тоа што сите испитувани примероци во овој случај имаат видлив PCR-производ после визуелизација на гелот со UV-зраци. Ова е во согласност со високите Цк вредности добиени кај двата RT-qPCR за детекција на М и на Ф-ген, што е последица на малата концентрација на вирус во овие примероци и неможноста да се изолира вирусот од ЕКЈ.

Со секвенционирање на откриените ВЊБ и врз основа на аминокиселинскиот состав на МР на Ф-генот, одредена е вирулентноста на вирусот. Според податоците во литературата, мезогените и велогените соеви поседуваат повеќе базен аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}R/G/KR-Q/K-K/R-R*F^{117} и можат да се расечат интрацелуларно од страна на убиквитарните протеази слични на фуринот, што значи можат да се размножуваат и да предизвикуваат промени секаде во организмот. Молекуларната основа за вирулентност на ВЊБ е вклучена во дефиницијата на ОІЕ за пријавување на жариште на ЊБ и во директивата на ЕУ. Во испитувањата на кандидатот сите откриени класични и гулабови соеви на ВЊБ поседуваат аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}RRQKR*FIG^{119} и поради тоа се класифицирани како вирулентни соеви. Овие резултати се во согласност со резултатите добиени од RT-qPCR за детекција на Ф-ген и со резултатите од одредувањето на ИЦПИ освен кај сојот NDV/pigeon/Macedonia/232/2008.

Со филогенетска анализа класичните соеви NDV/chicken/Macedonia/082/2002, NDV/chicken/Macedonia/083/2003, NDV/chicken/Macedonia/080/2004, NDV/chicken/Macedonia/062/2005, NDV/chicken/Macedonia/069/2005, NDV/chicken/Macedonia/070/2005, NDV/chicken/Macedonia/421/2005 се групирани во генотипот VII подгрупа VIId со големина на геномот од 15192 нуклеотиди. Во литературата е наведено дека тие се предизвикувачи на последната четврта панзоотија и се појавени на крајот на 80-тите години на Далечниот Исток, а најрана изолација на вирус од генотипот VII е направена во Тајван во 1984 година. Според податоците од литературата, во поглед на аминокиселинскиот состав на делот на Ф-генот карактеристично за вирусите од генотипот VIId е супституција на резидуата 101 R->K и на резидуата 121 I->V. Сите македонски класични соеви го поседуваат овој шаблон освен сојот NDV/chicken/Macedonia/080/2004, кој на резидуата 121 нема супституција. Таква карактеристика од соевите користени за споредба

во овој труд има само сојот JS/5/01/Go, кој е изолиран од гуска во 2001 година во Кина и врз основа на филогенетската анализа тој е најсличен со него.

Во 2004 година, Бугарија пријавува жаришта на ЊБ до OIE во местото Карџали без назнака за кој генотип станува збор, но ако се има в предвид дека следната година (2005) во Бугарија од истото место е изолиран VIId вирус мошне веројатно е и жариштата во 2004 година да се предизвикани од овој генотип. Според податоците во литературата во периодот од 2000-2004 година од земјите во регионот покрај гореспоменатите жаришта во Грција и Бугарија, жаришта на ЊБ пријавуваат: Македонија во 2000, 2001, 2002, 2003 и 2004 година без назнака на генотипот, Албанија во 2000, 2002 и 2003 година без назнака на генотипот, Србија во 2001 и 2002 година без назнака на генотипот. Српските изолати од живина, гулаби и диви птици изолирани во 2005 и 2006 година припадници на генотипот VIId се филогенетски слични со украински и романски изолати од 2005, 2008 и 2009 година и грчки изолати од 2004, 2005 и 2007 година, сите припадници на генотипот VIId. Врз основа на податоците со кои располага, кандидатот наведува дека соевите NDV/chicken/Macedonia/082/2002 и NDV/chicken/Macedonia/083/2003 се едни од првите откриени и карактеризирани соеви од генотипот VIId во Југоисточна Европа. Ова значи дека вирусите од генотипот VIId циркулираат на овие простори порано од 2004 година, но не биле откриени и филогенетски карактеризирани.

Соевите NDV/chicken/Macedonia/080/2004 и NDV/chicken/Macedonia/421/2005 се откриени кај фармска живина со целосно поминат програм за вакцинација против ЊБ. Во литературата е наведено дека вакцинацијата може да ги елиминира клиничките знаци, но не и инфекцијата и размножувањето на вирусот и поради тоа после инфекција можно е ширењето на вирулентниот вирус да биде неприметно што може да резултира со ендемска ситуација. Сојот NDV/chicken/Macedonia/421/2005 иако е изолиран во 2005 година за време на епизоотијата низ целата држава тој е филогенетски посличен со сојот NDV/chicken/Macedonia/082/2002 изолиран во 2002 година. Може да се каже дека за епизоотијата на ЊБ во Македонија во 2005-2006 година одговорни се два различни продора на вирулентни вируси од кои втората е претходно присутна кај живината. Во прилог на ова е податокот на изолација на сојот NDV/chicken/Macedonia/421/2005 и соевите NDV/chicken/Macedonia/069/2005 и NDV/chicken/Macedonia/070/2005 во временска дистанца од не повеќе од 45 дена на далечина од 19km.

Врз основа на филогенетската анализа на соевите NDV/chicken/Macedonia/062/2005, NDV/starling/Macedonia/068/2006, NDV/chicken/Macedonia/069/2005, NDV/chicken/Macedonia/070/2005 и NDV/chicken/Macedonia/071/2006 и на соевите од регионот во изминатиот период има појава на регионална епизоотија на генотипот VIId со нејзино прелевање од Македонија и Бугарија во Србија.

Наод на вирулентен вирус кај сколовранци (NDV/starling/Macedonia/068/2006) укажува на присуство на вирусот во популацијата на диви птици и ова е опишано во литературата. Веројатно е дека сколовранците се заразени како резултат на епизоотијата кај домашната живината и немаат улога во примарната појава и ширењето на вирусот кај домашната живина.

Врз основа на положбата и групирањето на класичните соеви на филогенетското стебло со голема сигурност се наведува дека постојат најмалку две рани независни внесувања на вирусите од генотипот VIId во Македонија во

периодот 2002-2003 година, а можеби и порано, како и трето внесување кое настанало веројатно подоцна, т.е. во текот на 2005 година. Продорот на вирусот кој настанува во 2002 година продолжува да циркулира барем до 2005 година и доказ за тоа се соевите NDV/chicken/Macedonia/080/2004 и NDV/chicken/Macedonia/421/2005, што укажува на ензоотско присуство на вирусот во период од најмалку 3 години.

Соевите NDV/pigeon/Macedonia/234/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007, NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007, NDV/pigeon/Macedonia/230/2008, NDV/pigeon/Macedonia/232/2008, NDV/pigeon/Macedonia/962/2008, NDV/chicken/Macedonia/231/2010, NDV/pigeon/Macedonia/2810/2010, NDV/pigeon/Macedonia/233/2011, NDV/pigeon/Macedonia/415/2011, NDV/pigeon/Macedonia/419/2011 и NDV/feral pigeon/Macedonia/9701/2012 врз основа на нуклеотидната секвенца на делот на Ф-генот се класифицирани во генотипот VI, подгрупа VIb. Сите македонски соеви поседуваат аминокиселински мотиф на МР на Ф-генот ^{112}RRQKR*FIG^{119} што ги класифицира во групата на вирулентни вируси кој според литературните податоци е карактеристичен за ГПМВ-1 изолирани од 90-тите години па наваму. Сојот NDV/feral pigeon/Macedonia/9701/2012 е изолиран од див гулаб во 2012 година. Сојот NDV/chicken/Macedonia/231/2010 иако изолиран од кокошка тој врз основа на нуклеотидната секвенца е групиран во ГПМВ-1 вирусите од генотипот VIb. Врз основа на филогенетската анализа видно е дека соевите NDV/pigeon/Macedonia/415/2011 и NDV/feral pigeon/Macedonia/9701/2012 покажуваат извесни разлики во однос на сите други македонски соеви. При тоа сојот NDV/feral pigeon/Macedonia/9701/2012 е филогенетски поблизок со српските изолати од 2009 и 2010 година од гулаби отколку со македонските изолати.

Во 2007 година изолирани се три ГПМВ-1 соеви во две одгледувалишта од исто населено место (N 41°28'57. E 22°05'32.). Во првото одгледувалиште изолирани се два различни соја (NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007 и NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007), а во второто одгледувалиште изолиран е сој (NDV/pigeon/Macedonia/234/2007) кој е идентичен со еден од соевите (NDV/pigeon/Macedonia/1503/2007) во првото одгледувалиште. Уште повеќе, сојот NDV/pigeon/Macedonia/1501/2007 е идентичен со сојот NDV/pigeon/Macedonia/962/2008 изолиран од сосема друг крај на Македонија (N 41°48'03. E 20°54'50.), а вториов пак се разликува од сојот NDV/pigeon/Macedonia/230/2008 кој е изолиран од ист крај (N 41°49'59. E 20°52'58.).

Од филогенетското стебло видно е дека кај ГПМВ-1 нема јасна географска разграниченост на овие соеви на глобално ниво. Според кандидатот и податоците во литературата, ова се должи на спецификата на оваа гранка каде има интензивно мешање на гулабите од различни географски локации како резултат на меѓународната и внатрешната трговија, изложбите на живи птици, трките со спортски гулаби итн.

Познавањето на молекуларната структура и филогенетските карактеристики на ВНЂБ се од исклучително значење со цел да се препознаат ендемските соеви во еден регион од што е зависна проценката на ризикот и примената на контролните мерки. Контролните мерки кои се применуваат треба да бидат приспособени на можностите на секоја земја.

7. **Литература.** Кандидатот има опфатено голем број литературни податоци и наведува 202 референци од различни автори кои работеле и објавиле податоци во различни списанија и книги од соодветната област.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во предложената докторска дистертација, м-р Александар Додовски за првпат во Република Македонија извршил молекуларна и филогенетска карактеризација на ВЊБ. Исто така, за првпат во Република Македонија е извршена целосна карактеризација на ВЊБ со класични методи. При тоа, утврдено е присуство на ВЊБ кај фармска живина, селска живина, домашни гулаби, диви гулаби и диви птици (сколовранци) во периодот 2002-2012 година, што укажува дека овој вирус претставува константна закана за живинарството кое е значајна стопанска гранка. Врз основа на резултатите се добива целосна и јасна слика за карактерот и потеклото на вирусите одговорни за жариштата и епизоотијата во периодот 2002-2012 година, што помага во подоброто разбирање на циркулацијата на вирусот и во планирање и изготвување на адекватни контролни мерки при појавата на ова заболување.

Врз основа на изнесеното, Комисијата смета дека трудот **„Молекуларна и филогенетска карактеризација на поединечни вируси на Њукастелската болест откриени во Република Македонија“**, поднесен од кандидатот м-р Александар Додовски, претставува оригинален научен труд, кој дава солидна основа за согледување на проблемите предизвикани од ВЊБ и со тоа дава значителен придонес во науката и практиката, особено во делот на здравствената заштита на домашната живината и другите птици.

Од тие причини, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, поднесениот труд **„Молекуларна и филогенетска карактеризација на поединечни вируси на Њукастелската болест откриени во Република Македонија“**, од м-р Александар Додовски, да го прифати како докторска дисертација, да одреди Комисија за јавна одбрана и да го одреди датумот на одбраната.

КОМИСИЈА

1. Д-р Владимир Савиќ с.р.
2. Д-р Славчо Мреношки с.р.
3. Д-р Ристо Проданов с.р.
4. Д-р Дејан Видановиќ с.р.
5. Д-р Дине Митров с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ДРУШТВАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет„Јустинијан Први" во Скопје од 27.5.2013 година, определени сме за Рецензентска комисија за избор на наставник на научната област право на друштвата, во следниов состав: д-р Тито Беличанец, редовен професор во пензија, д-р Елена Градишки-Лазаревска, редовен професор и д-р Димитар Гелев, редовен професор.

На конкурсот објавен во дневниот весник "Дневник" од 24.4.2013, за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област право на друштва, се пријави д-р Александар Климовски, доцент на споменатата област.

Кон пријавата кандидатот достави: кратка биографија (CV), диплома за стекнат степен на образование - доктор на науки, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив, други документи како потврда за учество на научноистражувачка и стручно-апликативна дејност и изјава на образец бр. 1 со потврда за прием од Комисијата за верификација на факти.

По разгледувањето на пријавата и другите приложени документи, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

1. Биографски податоци

Александар Климовски е роден на 5.11.1973 година во Скопје.

Студиите на Правниот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје ги започнал во учебната 1992/1993 година, а дипломирал во предвидениот рок на 8.4.1996 година со просечен успех од 9.97, како прв студент на генерацијата. Поради покажаниот висок успех во текот на студиите, добитник е на повеќе признанија. Првото признание го добива од Сојузот на студентите при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со кое е прогласен за најдобар студент на Универзитетот за учебната 1994/95 година. Во 1996 година ја добива наградата "26 јули" од Фондацијата „Франк Харкорд Манинг", а во 1997 година доделена му е пофалница од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

На 15.10.2002 година го одбранил магистерскиот труд под наслов "Правно економските аспекти на слободните економски зони" и се стекнал со звањето магистер по деловно право.

На 20.5.2008 година го одбрани докторскиот труд и се стекнал со звањето доктор на правни науки.

Активно го владее англискиот јазик.

2. Учество во наставно-образовната активност на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје

Согласно со актите на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, во 1996 година Наставно-научниот совет на Факултетот го избрал за демонстратор на предметот применета економија. Со овластување на предметните професори, во текот на учебните 1996/97 и 1997/98 ги водеше вежбите и ги спроведуваше колоквиумите на овој наставен предмет.

На 15.1.1999 година избран е за помлад асистент на предметите право на друштвата и трудово право. Покрај континуираното спроведување на вежбите и колоквиумите на двата предмета, од учебната 2001/2002 година вклучен е и во подготвувањето и спроведувањето на писмените испити по предметот право на друштвата.

На 10.7.2003 година бил избран за асистент на предметот право на друштвата.

На 31.10.2008 година бил избран во наставник во сите звања (доцент) на предметот право на друштвата.

Секретар е на постдипломските студии од областа деловно право од 2000 година.

Секретар е на постдипломските студии од вториот циклус на областа деловно право (магистерски студии) од 2008-2009 година.

По изборот во звањето доцент, д-р Александар Климовски изведувал настава по предметот право на друштва на првиот циклус од правните студии. Истовремено, со голем ентузијазам се вклучи во создавањето на нови програми за постдипломските (магистерски) студии по деловно право. Од учебната 2008/2009 година зема активно учество во овие студии при изведувањето на наставната програма по предметот корпоративно управување, програма која од 2011 година до денес ја раководи. Истовремено, д-р Александар Климовски спроведува настава на опцините предмет компаниско право на Европската унија, право на јавни набавки, право на игрите на среќа и номотехника. Треба да се истакне дека д-р Александар Климовски самостојно има создадено нови програми за предметите: право на јавни набавки и право на игрите среќа, предмети кои се оптирани од голем број на студенти од сите области на магистерските студии.

Во периодот од неговиот избор како доцент, д-р Александар Климовски бил член на 6 комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации, член на 125 комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови, ментор на еден докторанд, како и ментор на 32 магистранди.

3. Научноистражувачки активности и апликативна дејност

Д-р Александар Климвски во изминатиот период има покажано значен интерес за индивидуална и колективна научноистражувачка и апликативна дејност. Активно учествува во голем број домашни и меѓународно конференции и симпозиуми од областа на деловното право. Меѓу другото се истакнува неговото учество како предавач на следниве научни и стручни конференции од областа на деловното право:

- референт на 62 Средба на правници, Охрид, 13-15.5.2010;
- референт на 64 Средба на правници, Охрид 19-21.5.2011;
- референт на еднодневен семинар на тема: *Новини во постапката за јавни набавки и правна заштита пред државната комисија и во управните спорови*, 18.4.2012 год., Холидеј ин Скопје, Здружение на правници;
-IX мајско советување на тема: Услужно право на Правниот факултет при Универзитетот во Крагуевац (меѓународна конференција), 2013 година.

4. Објавени трудови

Од последниот избор во наставно-научно звање доцент во 2008 година до денес, кандидатот има изработено 2 основни универзитетски учебника, едно учебно помагало издадено во две изданија, како и четири научни труда (таксативно наведени во Образецот-анекс кон овој Извештај).

Како најзначајни трудови објавени од страна на кандидатот ги истакнуваме основните универзитетски учебници: "Право на јавни набавки" и "Право на игрите на среќа". Ова го истакнуваме пред сè, заради иновативноста на кандидатот во изработување на материјал којшто служи како основно помогало во форма на учебник за студенти на постдипломски (магистерски) студии за нови опциони предмети кои се новини во правната наука не само на Република Македонија, туку и многу пошироко.

Основниот универзитски учебник "Право на јавни набавки", во издание на Правниот факултет "Јустинијан Први" од 2011 година, претставува прво дело на ниво на универзитетски учебник во Република Македонија од оваа област. Учебникот е поделен во четири дела, и тоа: Дел 1. Основни прашња на правото на јавни набавки; Дел 2. Развој на системот на јавни набавки во Република Македонија; Дел 3. Генералии и апории на позитивно правните норми на системот на јавни набавки во Република Македонија; Дел 4. Компаративен приказ на системот на јавни набавки. Содржината на учебникот, користејќи теоретски, позитивноправен, историски, споредбен и емпириски пристап, успева да создаде едно научно дело кое служи истовремено и за студентите на Правниот факултет "Јустинијан Први" и за практичарите кои секојдневно работат во дејноста на јавните набавки.

Вториот основен универзитетски учебник издаден од страна на кандидатот во периодот од неговиот последен избор како доцент е учебникот "Право на игрите на среќа", исто така во издание на Правниот

факултет "Јустинијан Први" од 2013 година. Овој учебник претставува прв ваков вид на научен текст, од ова ниво, издадено во Југоисточна Европа. Овој учебник е поделен на четири дела, и тоа: Дел 1. Основни прашања на правото на игрите на среќа; Дел 2. Развој на системот на игрите на среќа во Република Македонија; Дел 3. Генералии и апории на позитивно правните норми на ситемот на игрите на среќа и забавните игри во Република Македонија; Дел 4. Системот на игри на среќа во споредбеното право. Во овој текст се создаваат првите теоретски гледишта и основа за оваа нова област во правната наука во нашиот регион, а истовремено се врши и детална обработка на позитивно правните норми од оваа област во законодавството на Република Македонија. Посебно мора да се напомене дека кандидатот има создадено целосно нова наставна програма, за која се користи овој учебник, кој истовремено претставува придонес за практичарите кои ја вршат дејноста приредување на игри на среќа.

II. ЗАКЛУЧНА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Комисијата за избор во горенаведениот состав, врз основа на поднесената документација и повеќегодишното следење на развојниот академски пат на кандидатот, дојде до следниве констатации:

1. Кандидатот ги исполнува сите предвидени услови согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", во Скопје, за избор во звањето вонреден професор.
2. Од изборот на наставно-научното звање доцент на 15.9.2008 година до денес, кадидатот со сериозен академски пристап ги исполнува работните обврски како наставник на додипломските и постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. За поздравување е неговиот ентузијазам и посветеност во создавањето на нови наставни содржината, како на програмата по деловно право на магистерските студии, така и за листата на опциони предмети. На оваа констатација за успешно извршување на наставните обврски упатуваат и резултатите од спроведените анкети за евалуација на наставниците и соработниците на Правниот факултет „Јустинијан Први", во рамките на кои за учебната 2011/2012 е оцент со 4,87 на додипломските студии, а во учебната 2012/2013 година, д-р Александнар Климовски е оценет со 4,81 на додипломските студии и 5.00 магистерските студиите.
3. Бројот на основни универзитетски учебници, учебни помагала, научни и стручни трудови, и други публикации, нивната содржина и изнесените заклучоци, упатуваат на констатацијата дека научниот интерес на кандидатот е фокусиран на најновите трендови од областа на деловното право. Притоа, мора да се истакне дека истражувањата на кандидатот се

насочени кон создавање на применливи предлог-решенија за подобрување на тековните состојби од областа на деловното право.
4. Учеството на кандидатот со повеќе научноистражувачки и проекти, како и учеството на семинари, конференции и други облици на научни и стручни собири, укажува дека се работи за кандидат почитуван во стручната јавност.
5. Досегашната посветеност на кандидатот во извршувањето на секојдневните работни обврски, како и неговиот искажан интерес и придонес во научноистражувачка и апликативна смисла, укажуваат на континуираниот успешен развој, а истовремено можат да послужат како претпоставка за понатамошен успех и достигнувања во академската кариера.

Врз основа на погоре наведеното, членовите на Комисијата за избор имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, кандидатот д-р Александар Климовски да биде избран во звањето вонреден професор на научната област право на друштвата.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Тито Беличанец, с.р.

2. Проф. д-р Елена Градишки-Лазаревска, с.р

3. Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

КАНДИДАТ: АЛЕКСАНДАР САВО КЛИМОВСКИ
(ИМЕ, ТАТКОВО ИМЕ, И ПРЕЗИМЕ)

ИНСТИТУЦИЈА: ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" - СКОПЈЕ
(назив на факултетот/институт)

НАУЧНА ОБЛАСТ: ПРАВО НА ДРУШТВА

НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

РЕД. БРОЈ	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:	Поени
1.	**Одржана настава од прв циклус студии - право на друштвата (правни студии):** 2008/2009 = 4 x 15 x 0.04 2009/2010/ = 4 x 15 x 0.04 2010/2011 = 4 x 15x 0.04 2011/2012 = 8 x 15 x 0.04 2012/2013 = 8 x 15 x 0.04	16.8
2.	**Одржана настава од втор циклус студии - корпоративно управување:** 2008/2009 = 3.5 x 7.5 x 0.05 2009/2010 = 3.5 x 7.5 x 0.05 2010/2011 = 3.5 x 7.5 x 0.05 2011/2012 = 3.5 x 15 x 0.05 2012/2013 = 3.5 x 15 x 0.05 **Одржана настава од втор циклус студии - право на јавните набавки:** 2010/2011 = 3.5 x 15 x 0.05 2011/2012 = 3.5 x 15 x 0.05 2012/2013 = 3.5 x 15 x 0.05 **Одржана настава од втор циклус студии - право на игрите на среќа:** 2012/2013 = 3.5x15.0.05	19.7
3.	**Подготовка на нов предмет:** -Ккорпоративно управување (за потребите на насоката деловно право) - право на јавните набавки (за потребите на листата на опциони предмети) - право на игрите на среќа (за потребите на листата на опциони предмет)	3
4.	Консултации со студенти: 2009/2010 = 90+30=120x0.02 2010/2011 = (90+30)+65+65=250x0.002	1.7

	2011/2012 = (90+30)+74+70=264x0.02 2012/2013 = (25+78+74+74)=251x0.002=0.5	
5.	**Член на комисија за оцени или одбрана на докторат** 6x0.5 **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** 125x0.3	40,5
6.	**Пакет матерјали за предмет:** - корпоративно управување (за потребите на насоката деловно право) - право на јавните набавки (за потребите на листата на опциони предмети) - право на игрите на среќа (за потребите на листата на опциони предмети) 3x1	3
7.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник:** - Коавтор на учебникот „Право на јавни набавки", во коавторство со м-р Маре Богева-Мицовска, 2011 (тираж 500, 415 стр., 21 cm), ISBN: 978-608-4655-06-0. - Коавтор на учебникот „Право на игрите на среќа", во коавторство со м-р Тимчо Муцунски, 2013 (тираж 250, 420 стр., 23 cm), ISBN: 978-608-4655-30-5 6x2	12
8.	**Интерна скрипа од предавања:** Учебно помагало по предметот корпоративно управување (за потребите на предметот корпоративно управување, во периодот 2008-2011, втор циклус студии по деловно право) Учебно помагало по предметот корпоративно управување - второ издание (за потребите на предметот корпоративно управување, во периодот 2011-2013, втор циклус студии по деловно право) 4x2	8
	Вкупно	104.7

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

РЕД. БРОЈ	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА	ПОЕНИ
1.	**Ментор на докторска дисертација:** 3x1	3
2.	**Ментор на магистерска работа:** 32x1	32
3.	**Трудови со оригинален научен/стручни резултати, објавен и во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:** *Посебни начини за доделување на договор за јавни набавки*. 2011. Зборник во чест на Наум Гризо. Правен факултет "Јустинијан Први" (рецензиран како 1.02 Прегледана научна статија) *The Development of Gambling Law as a Contemporary Service within Macedonian Legal Regulation-An Analysis of the Legal Framework of Betting as the Most Widespread and Popular Form of Service in the Gambling Industry*. 2013. IX Мајско Саветовање - Услужно Право. Правни Факултет Универзитета у Крагјуевцу. 3x2	6

4.	**Пленарно предавање на научен стручен собир со меѓународно учество:** IX мајско Советување за услужно Право. 2013. Правен факултет на Универзитот во Крагуевац. 2x1	3
5.	**Трудови со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание:** -Управната постапка и актуелните проблеми во постапката за јавни набавки, 2011. Деловно право. Здружение на правници, (ко-автор) -Причините за спороста во отварањето и спроведувањето на стечајната постапка на трговецот-поединец во трговските друштва. 2010. Деловно право. Здружение на правници. (ко-автор) - Новини во постапката за јавни набавки и правната заштита пред државната комисија во управните спорови. Правник бр. 240. Здружение на правници, (автор)	5.4
6.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир:** - пленарно предавање на еднодневен семинар на тема "Новини во постапката за јавни набавки и правна заштита пред државната комисија и во управните спорови", 18.4.2012 година, Здружение на правници; - Пленарно предавање на 62 Средба на правници, Здружение на правници, 13-15.5.2010 година; - Пленарно предавање на 64-та Средба на правници, Здружение на правници, 19-21.5.2010 година; 3x2	6
	ВКУПНО	55.4

Стручно-апликативна дејност

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	**Член на Комисија за кодификација на дел од правна област:** - Кодиификација на Граѓански законик	6
2.	**Експертски активности:** Правно мислење за Ректоратот на УКИМ во врска со правната издржаност на интерните документи на "Опитно поле"-ДООЕЛ	1

Дејности од поширок интерес		
1.	**Член на универзитетска комисија:** - член на Универзитетска комисија за спорт (2010-2011) 1x1	1
2.	**Член на факултетска комисија:** -член на Комисија за јавни набавки (2009-2011) -член на Комисија за упис на прв циклус (2009) -член на Комисија за упис на постдипломски магистерски студии (2009-2011) -член на комисија за издавање на недвижен имот (2011) 0.5x4	2
3.	**Член во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност:** -член на Управен одбор на SEELS Центар 2x1	2
	Вкупно	12

ПОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	ПОЕНИ
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	104.7
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	55.4
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	12
Вкупно	172.1

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Тито Беличанец, с.р.
2. Проф. д-р Елена Градинпки-Лазаревска, с.р.
3. Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација „ Криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа од аспект на владеењето на правото“ од кандидатот м-р Богданчо Гогов, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов ***Криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа од аспект на владеењето на правото,*** од кандидатот ***м-р Богданчо Гогов,*** во состав: акад. проф. Владо Камбовски, проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Гордана Бужаровска, проф. д-р Гордан Калајџиев (ментор) и проф. д-р Никола Тупанчески.

ИЗВЕШТАЈ

I.
Приказ на дисертацијата

Докторската дисертација *Криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа од аспект на владеењето на правото,* покрај воведните напомени, е поделена во 6 дела и опфаќа текст изработена во фонт Times New Roman, со големина на букви 12, проред 1,5, содржи 506 фусноти со вкупно 383 страници и 12 страници цитирана литература.

Докторската дисертација на Богданчо Гогов претставува истражување на криминалистичко разузнавање како систем и организациски модел за извршување на функциите, задачите и овластувањата на полицијата во откривањето и спречувањето на криминалитетот, со почитување на човековите слободи и права и другите определувачки карактеристики на владеењето на правото. Истражувањето се однесува на компаративен преглед на развојот на идејата за владеење на правото во Англија, Германија и во нашата земја, и како таа извршила влијание врз функционирањето на полицијата.

Во **воведот** од дисертацијата се опфатени предметот, целите и методологијата на изготвување на докторската дисертација, а се зборува и за проблемот на криминалитетот, кој користејќи ја глобалната економија, е присутен насекаде во светот, и сè повеќе станува еден од главните проблеми со национални и со меѓународни димензии. Носителите на современите форми на криминал се обидуваат да навлезат и да управуваат со сите делови на општеството, притоа сериозно загрозувајќи ги човековите права но и легалните институции на државата. Со користат научните методи: со метод на дескрипција е опишан и прикажан предметот на истражување со научно толкување и објаснување; анализа на правни прописи и правна документација, со селекција и анализа на правните прописи и

правна документација кои ја уредуваат материјата за полициската работа и полициските овластувања и границите на нивната примена; метод на анализа и синтеза со користење на научноистражувачки резултати, т.е. ставови, заклучоци и сознанија за предметот на истражување на други претходни истражувачи; историско-компаративен метод, како општ метод за сознанија поврзани со настанокот и развитокот на појавата, за нејзините општи и специфични обележја и за осознавање на детерминантите кои имаат пресудно значење за нивниот развој и насока; метод на студија на случај, преку кој се обработуваат предмети на Европскиот суд за човекови права, кои сè во контекст и поврзани со предметот на истражувањето; метод на анкета, со кој се изврши истражување на ставовите и мислењата на припадниците на полицијата за криминалистичката анализа во полициското работење, и анкета за ставовите и мислењето на граѓаните за полициската работа и постапување.

Кандидатот укажува дека анализата и интерпретацијата на собраните податоци добиени преку теоретскиот пристап треба да овозможат потврдување на основната хипотеза: „Заради успешно спротивставување на современите форми на криминалитет, полицијата добива нови и поголеми овластувања кои во исто време најчесто значат ограничување и длабоко навлегување во приватноста на човекот. Градењето на јасни, прецизни и детални заштитни механизми и процедури во предистражната полициска постапка е во непосредна врска со остварувањето на универзалните човекови права. Затоа и моделот на полициска работа заснован на криминалистичкото разузнавање може да биде успешен во спречувањето и откривањето на криминалот само доколку се гради врз разумна рамнотежа меѓу барањата за поголема безбедност и почитување на приватноста“.

Токму затоа, во **првиот дел** од докторската дисертација авторот моделот на криминалистичко разузнавање го согледува од аголот на владеење на правото, кое треба да биде водено од три основни постулати: заштита на приватноста, полициска работа втемелена на етички вредности и воспоставување на рамнотежа помеѓу безбедноста и приватноста. Во овој дел, преку теоретското запознавање со овие постулати, се овозможува натамошна аргументација за потребата од нивно вградување во реалноста на полициското функционирање и организациските модели во чија рамка тоа се одвива.

Во **вториот дел** е даден историски преглед на филозофските, правните и политичките идеи за демократска држава, за поделба на власта, законитост, слободата на говорот, за начелото на еднаквост и партиципација на граѓаните во државните работи кои послужиле како инспирација за формулирање на концептот за владеење на правото.

Идејата за владеење на правото особено се проширува по Втората светска војна како обид да се отстранат слабостите кои го овозможија тоталитаризмот во крајно формализираниот германски Rechtsstaat и на правната држава да ѝ се врати содржината. Англискиот модел се покажа многу поотпорен на правниот формализам и исто така покажа стабилни можности за правниот систем да ја ограничи политичката власт. Теоријата го користи овој концепт да ѝ даде подлабока содржина на правната држава која ќе се заснова не само на формалната законитост туку и на легитимноста, односно втемеленост на правниот систем врз прифаќањето на законите од страна на населението, на традициите и моралот на

населението, и на тој начин во правото да се внесе и правдата или барем тежнеењето кон неа. По падот на социјализмот и кризата на претставничките тела, владеењето на правото се враќа во западната култура во тесна врска со доктрината на индивидуални права (или „човекови права"). Владеењето на правото е ревитализирано како политичка и правна теорија која ѝ дава предност на заштитата на човековите права, односно на правата кои биле дефинирани од голем број национални устави и меѓународни конвенции во 19 и 20 век, особено правото на живот, лична сигурност, слобода, приватна сопственост, приватност, автономија, како и политичките права. На крајот на овој дел, авторот се задржува на определувачките карактеристики на владеењето на правото како што се: легитимитет на законите, правна еднаквост на индивидуите, уставна уреденост на човековите права, принцип на ограничена и одговорна власт, принцип на диференцијација на политичката власт од другите подсистеми во општеството, јасно разграничување помеѓу законодавни и административни институции и автономија на судството.

Во **третиот дел** од докторската дисертација, следејќи ја логиката на претходниот дел, даден е преглед на развојот на полицијата во Англија, Германија и нашата земја, а се дефинираат функциите и овластувањата на полицијата со посебен осврт кон предефинирањето на улогата на полицијата во политичкиот систем и на стратегијата за реформа на полицијата, при што се наведува дека новиот пристап кон функцијата на полицијата се огледа во грижата за одржување на мирот, на редот и на безбедноста, што ја содржи и одговорноста за јакнење на безбедноста на сите граѓани, за да можат да живеат во мир и да се движат слободно каде што сакаат, без страв од загрозување на нивната личност. Полициските организации најчесто се централизиранжи или децентрализирани. Каква ќе биде организационата структура на полицијата зависи од тоа што ќе добие приоритет: безбедноста на државниот поредок или на пример заштитата на човековите слободи и права. Доколку претежне безбедноста на поредокот, тогаш полициската организација ќе биде, условно кажано, затворена, централизирана, хиерархиска, со строга внатрешна дисциплина, планирањето и командувањето ќе биде од едно место (еден човек), опремата и средствата за работа ќе бидат слични на воените, а одредувањето на задачите ќе доаѓа од надвор, од политичката власт. Алтернатива на оваа организациска структура во последните неколку децении во светот, а во Македонија во последните неколку години и на иницијатива на меѓународни организации како ОБСЕ, Европската унија, е барањето полицијата да биде сервис на граѓаните и заштитник на човековите слободи и права. Од полицијата во демократските политички системи се бара со својата работа да овозможи слободен човеков развој без страв за личната и семејната безбедност. Авторот посебно ги обработува дискреционото постапување на полициските службеници, при што истакнува дека на секое ниво на полициската работа, особено на микониво, постои одреден избор во начинот на постапување на полицискиот службеник. Полицијата има екстензивно ниво на дискреција, секогаш кога води истрага, испрашува, предупредува, врши претрес, лишува од слобода, кога осомничува некого за кривично дело или кога презема други овластувања. Но треба да се напомене дека дискреционото постапување не се однесува само на полицијата, туку и на обвинителството, судот и казнените установи, односно дискреционо

постапување се појавува во секоја фаза на кривичната постапка и може да биде во спротивност со принципот на законитост кој, всушност, и се воспоставува за да ја лимитира дискрецијата. Дискрецијата на полицијата, најчесто разбрана како слободата на одлучување, преставува автономно носење на одлуки во конкретни ситуации, но тие одлуки треба да се во согласност со ограничувањата предвидени во законите, полицискиот етички кодекс и организација на полицијата.

Во **четвртиот дел** се претставени теоретските основи на криминалистичкото разузнавање и влијанието што криминологијата на околината го изврши врз полициската работа во последните неколку децении. Според м-р Гогов, значењето на криминологијата на околината е во тоа што таа го зема кривичното дело како објект на интерес, а сторителот е само еден елемент од криминалниот настан. Централниот интерес е посветен на актуелната динамика на криминалното дело и тоа каде се случило, кога се случило, кој бил инволвиран во него, што направиле учесниците во кривичното дело и зошто го направиле тоа и како се справуваат со стореното. Целта на оваа теорија е да создаде рамка за превенција на криминалот, а не да го ресоцијализира сторителот.

Криминологијата на околината во средината на минатиот век, преку развивање на нови теории, како што се теоријата на рутинска активност, теоријата на рационален избор, теоријата на шаблонско однесување и теоријата на ситуациона превенција, понуди решанија за полициската работа преку: моделот на полициска работа во заедницата (community policing), насоченост кон решавање на проблемите (problem oriented policing) и криминалистичко разузнавање како модел на полициска работа (criminal intelligenceled policing). Во криминологијата на околината, методот на анализа се користи како една од основните алатки за осознавање на криминалните феномени. Криминалистичката анализа е истражувачка алатка која претставува група на систематски, аналитички процеси кои даваат навремени информации за криминалните обрасци на однесување и криминалните трендови. Анализата користи податоци за криминалитетот со кои го проучува криминалот од аспект на карактеристиките на местото на настанот, сторителите и жртвите. Криминалналитетот се анализира во рамките на социјално демографските, временски и просторни димензии, а овие варијабли може да бидат претставени визуелно со користење на графикони, табели и географски карти. Со помош на аналитичките сознанија, полицијата може да води криминалистичка истрага со ефикасно и соодветно користење на расположивите материјални и човечки ресурси. Во овој дел се презентирани основните карактеристики на моделот на полициска работа во заедницата и полициска работа насочен кон решавање на проблемите, а подетално е објаснето криминалистичко разузнавање како модел на полициска работа. Според авторот, разузнавачки водена полициска работа е концептуален модел кој ги користи криминалистичката анализа и криминалистичкото разузнавање за осознавање на кривичните дела и сторителите кои треба да бидат приоритетна цел на полицијата. Исто така, тоа е и работен модел кој посветува особено внимание на размената на информации помеѓу агенциите кои се задолжени за безбедноста но и социјалните и здравствени агенции. Тоа е и бизнис-модел и менаџерска филозофија каде анализата на податоците и криминалистичкото разузнавање се основа за носење на одлуките кои се насочени кон решавање на криминалните проблеми преку стратегиски

менаџмент и ефективни оперативни стратегии кои за своја цел ги имаат професионалните сторители, организираните криминални групи и мафиите. За авторот, криминалистичката анализа е *систематско проучување на кривичните дела и другите девијантни појави преку вклучување податоци поврзани со социјално демографски, просторни и временски фактори кои ќе помагаат на полицијата во извршување на кривичната функција, спречување и откривањето на криминалитетот и изведување проценка за идните движења на криминалитетот.* Извршеното истражување на ставовите и мислењата на припадниците на полицијата во СВР Скопје за криминалистичката анализа во полициското работење покажа дека досега криминалистичка анализата воопшто или многу малку има влијание врз работата на полициските службеници на терен, затоа што полицајците нема соодветна обука, ги немаат потребните знаења за можностите на анализата и затоа што и тоа што сега го работи одделението за криминалистичка анализа не доаѓа до крајните корисници, не ги задоволува потребите на оперативното работење и не нуди ново знаење за криминалните и безбедносните проблеми на територијата за која е задолжено. Во овој дел е обработено и значењето на крининалистичката анализа во откривањето на организираниот криминал, со користење на анализа на социјалните мрежи и предностите на визуелизација на криминалните мрежи, со чија примена полицијата може сеопфатно да го осознава криминалот и да презема ефикасни и ефективни мерки за негово откривање и спречување.

Петтиот дел од оваа дисертација е посветен на примена на новите технологии во криминалистичко разузнавачкиот модел на полициската работа, како што се видео надзор, глобален систем за позиционорање, радио фрекфенциска идентификација, биометриски и генетски податоци, видови на профилирање, со посебен осврт на профилирање на ризикот и паметно опкружување и интернет на предмети. Новите технологии несомнено донесоа многу придобивки, но и закани кои се јавуваат не само за приватноста на ограничен број поединеци, туку преставуваат и потенцијалните закани по правната и политичка рамка на демократијата и владеењето на правото. Последиците од собирањето, чувањето и обработката на личните податоци од полицијата не се ограничени на просто нарушување на приватниот и семејниот живот (како што е опишано во член 8 од ЕКЧП), туку на информационата асиметрија која тие може да ја донесат, бидејќи граѓаните најверојатно не го перцепираат фактот дека полицијата може да знае колку пати во текот на денот, поминале по некоја улица, подигнале пари од банкомат, влегле/излегле од некој јавен објект, разговарале на телефон, праќале електронска пошта, читале текстови на интернет и слично. Оттаму, од големо значење е изградување на правна рамка за заштитата на личните податоци во полициската работа. Во таа насока, во дисертацијата детално е анализирана правната рамка за заштита на личните податоци во документите на Советот на Европа, Европската унија и во законските решенија во Република Македонија. Покрај потребата од постојано подобрување на законската рамка за заштита на личните податоци и приватноста, авторот решението го гледа и во развивање на концептот на дизајн за приватност кој има проактивен пристап за разлика од постоечкото законодавство кое во основа дејствува ретроактивно односно кога повредата е направена. Овој концепт не тргнува од балансирање на

спротивставените интереси, на пример безбедноста и приватноста, и не ги става нив во меѓусебен натпревар. Напротив, уште во самата архитектура на системот се определува начинот како тие истовремено и суштински да бидат заштитени. Основната цел на концептот дизајн за приватност е филозофија и методологија за вклучување на приватноста во спецификацијата на дизајнот на информатичките технологии, организационите и оперативни практики и вмрежената инфраструктура, односно приватноста да се вгради како централна функционалност на новите системи и процеси. Приватноста треба да биде модус што е задолжително вграден во дизајнот и операциите на системот. Тоа значи дека дизајнот за приватност не претставува само нови софтверски решенија, туку уште во процесот на планирање, треба да се испита дали и како да се лимитира количеството на лични податоци на апсолутно неопходниот минимум. Тенденцијата да се репродуцира растечкиот комплициран бирократски систем во информатичката технологија (ИТ) може да се види во други ИТ-процеси и може да води кон поголеми проблеми за заштита на податоците. Ризикот постои дури и кога се направени големи напори да се обезбеди сигурноста на податоците и да се спречи нивна злоупотреба.

Во истражувањето спроведено за потребите на оваа дисертација се потврди дека интеракцијата помеѓу граѓаните и полицијата е сложена и многуслојна и ставовите не се формираат само врз основа на состојбата со криминалот туку на нив влијаат и традиционалните сфаќања за улогата на полицијата во општеството. Испитаниците во нивните ставовите за елементите кои ја формираат довербата во постапувањето на полицијата индицира еден сложен и понекогаш контрадикторен однос кон полицијата. Меѓутоа, граѓаните дадоа поддршка за полиција која ќе работи ослободена од политички влијанија и корупција и ќе работи во нивна полза, во согласност со законот. Ставовите на испитаниците за потребата од надзор и контрола врз работата на полицијата се јасни и доследни, а најголема поддршка има контролата од страна на собранието и јавниот обвинител. Се чини дека етничките разлики не можат да се одбегнат во ниту една сегмент од македонското општество и секако не кога е во прашање полицијата и нејзината работа. Истражувањето ги забележа овие разлики, имено Македонците имаат попозитивен став во однос на начинот на кој полицијата постапува спрема граѓаните, додека другите етнички заедници се помалку согласни дека полицијата ги почитува човековите права. Македонците се делумно поспремни за соработка со полицијата, другите етнички заедници се покритички кон ефикасноста на полицијата итн. Сепак, кога се во прашање политичките влијанија, корупцијата и недоволната активност на полицијата како сервис на граѓаните, етничките разлики се губат. Тоа покажува дека, кога луѓето трпат негативно влијание од определени општествени состојби кои се значајни и важни за нив, етничките разлики го губат своето тло и таквите состојби предизвикуваат едногласност во ставовите на граѓаните. Интересно е да се истакне дека истражувањето утврди спремност на граѓаните да прифатат помал степен на заштита на човековите права за сметка на поголема безбедност, да прифатат поголеми овластувања на полицијата во борбата со организираниот криминал и тероризам, па дури и пречекорување на овластувањата надвор од законот и покрај тоа што тие навлегуваат во човековите слободи и права. И ова истражување (како и слични спроведени во наразвиени или земји во развој)

покажа дела во државите со помала традиција на владеење на правото, толеранцијата на населението кон кршењето на човековите права е многу опасна за демократскиот развиток на државата. Од друга страна испитаниците посакуваат полиција која ќе ги имплементира и штити принципите на правично постапување, нема да ги пречекорува полициските овластувања и ќе ги заштитува човековите права. Повеќе од половината испитаници сметаат дека најважни фактори кои ги обликуваат полициските одлуки се личните мислења и интереси на оние што одлучуваат и партиските или коруптивни интереси. Ваквите резултати ја потврдуваат потребата од реформиран модел на работа на полицијата во делот на нејзината улога во процесот на истрага. Оттаму, македонската полиција нужно мора да се ослободи од политичките и корупциските влијанија преку професионализација на службата, а моделот на криминалистичко разузнавање ѝ ги дава алатките на полицијата за нејзина професионална работа заснована на утврдување на факти, а не заснована на влијанија.

Во **заклучокот**, м-р Гогов наведува дека за да се одговори на ризиците и заканите од криминалот, полицијата треба да функционира како динамична и отворена организација, да ги усвои принципите на современиот менаџмент, да го следи научниот и технолошкиот развој за да стекнува и имплементира ново знаење во својата работа, на криминалната супкултура да одговори со професионално работење водено од етичките вредности, а човековите слободи и права да ѝ бидат постојан приоритет и кога ги брани од криминалците и кога таа презема мерки за откривање и спречување на криминалот. Градењето на полициски модели треба да овозможи, во основа, проактивно полициско работење и превенција на криминалитетот. Бидејќи реактивното и контролно полициско работење го изгуби чекорот со современите софистицирани форми на криминал кој функционира глобално и е поврзан во меѓународни криминални мрежи, криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа претставува еден од можните одговори на криминалните закани. Но неговото изградување и имплементирање ќе даде резултати доколку се потпре на конкретните историски, политички, економски, културни, образовни и други специфики на секоја поодделна земја, со едновремено прифаќање на основните стандарди на собирање на податоци и информации и нивна обработка со користење на методите и техниките на криминалистичката анализа со помош на комјутерската технологија. Правната еднаквост на луѓето се обезбедува преку принципите и правните институти на процедуралната правичност. Бидејќи врската помеѓу легитимноста и процедуралната правичност дава силна рамка за разбирање на основите на соработката на јавноста со полицијата, тогаш може да се идентификува генерален модел на полициско однесување, модел кој на полицијата ќе ѝ покаже како треба да се однесува за да ја охрабри соработката на јавноста и тоа со почитување на законот и човековото достоинство. Во оваа смисла, заклучува авторот, моделот на криминалистичко разузнавање, разбран како законски поставен и уреден модел со јасни процедури за работа, со користење на информатички технологии и изработка на криминалистички анализи, овозможува обезбедување на докази и квалитетна полициска, а потоа и кривична истрага која може да биде главен фактор за процедуралната правичност чија основна цел е утврдување на вистината врз основа на факти.

II.
Оцена на трудот

Авторот м-р Богданчо Гогов за предмет на својата дисертација одбра да истражува една сложена проблематика која по природа на работите е интердисциплинарна и бара проучување на повеќе комплексни прашања. Тешко дека кандидатот така зрело ќе пристапел кон обработката на оваа материја доколку едновремено немал достигнато соодветна и завидна зрелост како од аспект на долгогодишната практика како полициски работник и како наставник и истражувач, од една страна, како и со продлабоченото проучување на академската литература, од друга страна.

Во трудот успешно се истражени и анализирани теориските претпоставки на современите модели на полициска работа меѓу кои криминалистичкото разузнавање засега нуди најсоодветни решенија за спречување на актуелните криминални феномени. Бидејќи во извршувањето на функциите и задачите полицијата доминантно се потпира на новите информациско-комуникациски технологии, во истражувањето особено место е посветено на опасностите кои произлегуваат со користењето на овие технологии во нарушувањето дури и сериозното загрозување на приватноста на човекот.

Авторот користи развиен систем на научни методи со цел да се објасни правната природа, предностите и ризиците што новите мерки и методи во полициското работење го носат за човековите слободи и права и владеењето на правото во правната држава. Применетата методологија на авторот му овозможува да ги идентификува клучните морални и практични проблеми во процесот на балансирање помеѓу спротивставените вредности и принципи. Гогов тука се чини инспириран од Роналд Дворкин, свесен дека само јасната определба за вредносните приоритети и принципи може да доведат до одговор на тешките прашања.

Покрај издржаниот методолошки и теоретски пристап, дисертацијата на м-р Богданчо Гогов добива на оригиналност и со тоа што авторот спроведе сопствено истражување во сфера малку истражувана кај нас досега, чии резултати ќе им користат и на други анлитичари за идно проучување на оваа материја кај нас и во светот, бидејќи е структурирано така да може резултатите да се компарираат и споредуваат.

Докторската дисертација на м-р Богданчо Гогов, по мислење на Комисијата за оцена и одбрана е самостоен научен труд преку кој авторот недвосмислено ја потврдува оспособеноста за самостојна научна и теоретска работа. Трудот е пишуван со јасен и разбирлив јазик, но со неопходниот академски стил и од овие причини се препорачува авторот да ја објави со што несомнено ќе се збогати македонската правна литература.

III. Заклучок и предлог

Докторската дисертација *Криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа од аспект на владеењето на правото*, поднесена од кандидатот м-р *Богданчо Гогов*, претставува оригинален научен труд изготвен согласно со сите критериуми за една докторска дисертација. Кандидатот успешно обработува една актуелна, но и многу комплексна и сериозна тема која во Република Македонија и во регионот е малку проучена.

Имајќи го предвид понапред изнесеното, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и со задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му предлага да ја прифати позитивната оцена и да закаже одбрана на докторската дисертација на м-р *Богданчо Гогов* под наслов *Криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа од аспект на владеењето на правото.*

Скопје, 29.5.2013 година

КОМИСИЈА

1. Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р.

2. Проф. д-р Љупчо Арнаудовски с.р.

3. Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.

4. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

5. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСКУСТВО ОД РЕФОРМИТЕ НА КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА ВО КОСОВО ВО СПОРЕДБА СО РЕФОРМИТЕ НА КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ“ ОД М-Р АГИМ КУРМЕХАЈ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 30.4.2013 година по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Искуството од реформите на казнената постапка во Косово во споредба со реформите на казнената постапка во регионот“, изработена од кандидатот м-р Агим Курмехај, во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Тодор Витларов, проф. д-р Гордан Калајџиев (ментор), проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ и проф. д-р Никола Тупанчевски.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја проучи докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатот м-р Агим Курмехај, со наслов „Искуството од реформите на казнената постапка во Косово во споредба со реформите на казнената постапка во регионот“, е изработена во фонт Times New Roman, со големина на букви 12, проред 1,5, содржи 732 фусноти и е напишана на 319 страници. Покрај воведните напомени, докторската дисертација е поделена во пет глави, по што следат заклучни разгледувања и користена литература.

Во *воведот* се опфатени предметот, целите и методологијата на изготвување на докторската дисертација. Предмет на трудот е реформата на казнената постапка на Косово, со споредбена анализа во чијшто приказ се опфатени повеќе земји од поранешна Југославија, како и Албанија како земја од регионов со значително политичко и правно влијание врз Косово.

Трудов е поделен во пет поглавја и заклучни разгледувања (глава шест). Во **првото поглавје**, трудот ги опфаќа поимот и видовите казнени постапки, нивниот историски развој до новите тенденции во современата казнена постапка. Во тој контекст, кандидатот се осврнува на меѓународните правни стандарди во казнената постапка и на меѓународните документи кои имаат големо влијание врз процедурата за менување и за реформирање на

казнените постапки во земјите во транзиција. Во овој дел авторот ја обработува и меѓународната соработка во казнените постапки.

Во **второто поглавје** детално се прикажуваат реформите на казнената постапка на Косово, временски како членка на поранешна Југославија, како и во периодот под меѓународен протекторат и по прогласувањето независност. Кандидатот м-р Курмехај ги прикажува општите карактеристики на Законикот за казнена постапка од 6.4.2004 година, концепт што значително се разликува од концептот што важеше пред неговото стапување во сила, новини што првенствено се однесуваат на претходната постапка, со значајни промени и во другите стадиуми на постапката, на субјектите на казнената постапка, на устројството и задачите на тие субјекти и на разни процесни дејства. Меѓутоа, со оглед на фактот што многу скоро е усвоен новиот Законик за казнена постапка на Косово (стапи во сила на 28.12.2012 година), кандидатот се осврнува врз најзначајните промени, а врз Законикот од 2004 година подетално се задржува во **третото поглавје**.

Во **четвртото поглавје** се прави осврт на интензивните реформи на казнените постапки на земјите во регионов (Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија и Србија) и накратко ќе ги назначиме основните карактеристики на постојните закони. Кандидатот посветува должно внимание и на актуелните состојби и структурни реформи на целиот сектор на казненото правосудство, со оглед на фактот што не се работи само за ограничени процесни реформи, туку и за силни институционални и системски реформи заради сосема новите односи помеѓу субјектите на казненото правниот систем.

По пократкиот приказ на реформските промени во подрачјето на казненото процесно законодавство на земјите во регионов, во последниот дел (**петтото поглавје**) кандидатот направи споредбена анализа на казнените постапки на горенаведените земји и укажува на некои заеднички процедурални особини и разлики.

Како особено значајни се издвојуваат заклучните разгледувања (глава шест). Базирајќи се врз сопственото долгогодишно искуство (во „стариот“ и во „новиот“ систем), како и врз темелното проучување на законските реформи и речиси целата релевантна литература во врска со овие сложени прашања кандидатот ги прикажува сите позначајни концепциски и правни прашања и бројните дилеми, замки и заблуди проузрочени од комлексноста на реформите и нивната брзина. Кандидатот успешно проникнува во некои од најконтроверзните проблеми на правните трансплanти на еден во суштина англо-саксонски модел во држави со битно поинакви правни традиции, но и со битно различни институции, како и сосема различни поимања за односот помеѓу државата и поединецот.

Прецизниот и педантен стил на пишување на докторската дисертација доаѓа до израз и кај наведувањето на обемната користена *литература*, која систематизирана на неколку сегменти започнува со Библиографија заедно со останати документи и публикации (регулатива, ратификувани меѓународни документи, останати документи), а завршува со користени интернет-страници. Богатата библиографија ја покажува способноста на кандидатот за систематско и аналитичко користење на литературата.

II. Оцена на докторската дисертација

Кандидатот м-р Агим Курмехај се определил за сложено теоретско и компаративноправно истражување на една особено актуелна тема, при што неговиот аналитички и критички пристап му овозможил да ги идентификува најзначајните прашања и проблеми со кои се соочуваат теоретичарите и практичарите во целиот регион, па и пошироко во Европа.

Стилот на кој кандидатот пишува е јасен, а трудот е конзистентно систематизиран, што го прави лесен за читање и разбирање. Способноста на авторот за научна селекција и систематизирање на важните аспекти на истражуваната проблематика, за анализа и синтеза и аргументирано излагање на своите ставови, резултира со издржани, логички и јасно формулирани заклучоци и предлози. Поставената теоретска рамка од почетокот на трудот, на кандидатот му обезбедува издржано и продлабочено компаративно истражување, како и издржаност на заклучоците презентирани во докторската дисертација. Оттука, Комисијата оценува дека се работи за самостоен и зрел научен труд кој дава значителен придонес во правна литература во регионот за едно важно општествено прашање, а истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област со што се демонстрира неговата научна вредност.

На трудот може да му се упатат и определени критички забелешки, особено на одделни негови делови кои останале на ниво на дескриптивност, како и на недоволната поткрепеност на трудот со емпириски показатели на успешноста на определени законски решенија, статистички показатели и сл. Сепак, труд од овој обем и не можел да се впушти во детално прикажување и проучување на одделни прашања или сегменти од реформите на казнената постапка. Освен тоа, во регионот, за жал, има малку солидни емпириски истражувања иако се работи за извонредно значајни прашања. Од друга страна, расположливите статистички податоци на надлежните државни органи се изградени врз невоедначена методологија, поради што неретко битно се разликуваат за исти работи. Затоа, сакаме да нагласиме дека независно од ваквите забелешки, Комисијата има неподелено мислење дека се работи за самостоен и зрел научен труд кој дава значителен придонес во правна литература за ова многу значајно прашање.

III. Заклучок и предлог

Имајќи ја предвид изнесената оцена за вредноста на докторската дисертација, солидниот научен пристап, способноста за научна анализа и јасниот критички став конзистентен со поставената теоретска рамка, Комисијата оценува дека се работи за самостоен научен труд кој претставува сериозен придонес во сферата на казненото процесно право и ја изразува способноста на кандидатот да се занимава со научна работа.

Врз основа на изложената оцека, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му предлага да го усвои овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р

Агим Курмехај, со наслов „Искуството од реформите на казнената постапка во Косово во споредба со реформите на казнената постапка во регионот“.

Скопје, 28.5.2013 година

КОМИСИЈА:

1. Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р.

2. Проф. д-р Тодор Витларов с.р.

3. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

4. Проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ с.р.

5. Проф. д-р Никола Тупанчевски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИВАТНОСТА VERSUS БЕЗБЕДНОСТА ВО РАЗМЕНАТА НА ПОДАТОЦИ ВО КРИВИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ЕУ“ ОД М-Р ОЛГА КОШЕВАЛИСКА (ЃУРКОВА), ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, донесе одлука со која формира Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Олга Кошевалиска (Ѓуркова) под наслов **Приватноста versus безбедноста во размената на податоци во кривичните предмети во ЕУ,** во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана Бужаровска, проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордан Калајџиев и доц. д-р Лазар Нанев. Комисијата за оцена на докторската дисертација ја прочита, ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I.

Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката Олга Кошевалиска (Ѓуркова) со наслов: „Приватноста vs. безбедноста во размената на податоци во кривичните предмети на ЕУ“ е структурирана во **шест глави,** придружена со вовед и завршни согледувања. Цитирањето во дисертацијата е спроведено според Ванкуверскиот систем. При изработката на дисертација е користена обемна литература, особено странска, како што се користени и голем број правни извори и разновидна судска практика.

Во *првиот* дел од дисертацијата со наслов „Вовед, основни концепти и стандарди на ЕУ за заштита на личните податоци“, кандидатката дава краток приказ на европското кривично законодавство во оваа сфера. Со цел да ја задржи концизноста во

самата дисертација, кандидатката се задржува само на европскиот концепт и Европската дефиниција за лични податоци. Заштитата на личните податоци е фундаментално право кое е заштитено не само со националната легислација, туку и со правото на ЕУ. Во фокусот на вниманието е приватниот живот и собирањето на податоци за кривичните предмети, како и односот меѓу приватноста и заштитата на податоци во кривичните предмети. Во последователните тематски единици се елаборирани разликата помеѓу правото на приватност и правото на заштита на личните податоци, како и основните начела врз кои се заснова заштитата на лични податоци во европското право. Од особено значење за појдовната теза е тематската единица која се однесува на заштитата на лични податоци во рамките на полициската и судска соработка во кривичните предмети. Овде, како основни инструменти во прилог на заштитата на лични податоци се обработени Директивата 95/46 на ЕУ парламентот и на Советот за заштита на поединците во однос на обработката на лични податоци и на слободниот проток на таквите информации. Понатаму следува делот во кој е елаборирана Рамковната одлука 2008/977/ЈНА за заштита на личните податоци во кривичните предмети. Во првата глава, исто така, е прикажана и заштитата на податоците во рамките на меѓусебната правна помош во кривичната материја во ЕУ.

Во контекст е дадена главната легислација која го регулира ова фундаментално човеково право, а е донесена од Советот на Европа. Овде кандидатката ја елаборира Конвенцијата 108 за заштита на податоци. Поради повеќекратната промена на европското законодавство, нужно, е и илустрирањето на промените, а воедно и проблемите кои што настанаа со донесувањето на Лисабонскиот договор. Во контекст на ова се дадени промените во Лисабонскиот договор кои се однесуваат на приватноста на податоците и нивната заштита. Од особено важење како за оваа глава така и за дисертацијата е елаборирањето на Конвенцијата за заштита на податоци и на Препораката R (87)15 за употребата на личните податоци во полицискиот сектор.

Исто така, во оваа глава е обработена и Работната група 29 формирана врз основа на членот 29 од Директивата 95/46/ЕС на Европскиот парламент и Советот од 24 октомври 1995 година за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци. Понатаму, во оваа глава е елабориран Европскиот ревизор за заштита на лични податоци, кој исто така е суштествен за оваа дисертација. На крајот на главата

следува заклучок во кој се дадени сите сознанија како и препораки упатени на основниот предмет на интерес.

Наредната, *втора* глава од дисертацијата ја обработува полициската соработка во ЕУ, па затоа таа е од особено значење за дисертацијата во поглед на телата кои го овозможуваат процесирањето на личните податоци. Главата започнува со историски осврт на полициската соработка во ЕУ. Овде, кандидатката, главно се задржува на Шенгенската спогодба и нејзината огромна важност во полициската соработка, како и денешното нејзино осовременување кое ги тангира токму личните податоци. Посебен акцент дава на ЕВРОПОЛ и неговиот информативен систем кој ја претставува сржта на овој дел од дисертацијата. Понатаму се дадени принципот на достапност и Шведската иницијатива. Во тезата е елаборирана Договорот од Прум, склучен на 27 мај 2005 година. Овој Договор е мултинационален и служи за регулирање на прекуграничната полициска соработка помеѓу Белгија, Германија, Шпанија, Франција, Луксембург, Холандија и Австрија. Потоа следува заклучок.

Во наредната глава се дефинирани телата кои ја овозможуваат судската соработка во кривичните предмети, односно Европската судска мрежа и ЕВРОПРАВДА, како и нивната релевантност во заштитата и процесирањето на личните податоци.

Во четвртата глава кандидатката ги елаборира сите бази на податоци на ЕУ и се обидува да даде осврт на заштитата на податоци која тие ја предвидуваат. Овде се елаборирани: Виза информативниот систем - VIS, Eurodac, Царинскиот информативен систем – CIS, Агенцијата за менаџирање на Large-scale IT - системи, SIENA - системот и Системот за електронска кривична евиденција – ECRIS. Главата на крајот е комплетирана со заклучок.

Во петтата глава, кандидатката прави обид да даде краток осврт на македонското законодавство во ова поле. Оваа глава накратко ги дава основните обележја на македонското законодавство со цел во генералниот заклучок да прикаже колку е блиску Македонија до ЕУ во однос на заштитата на лични податоци. Во оваа глава се анализирани македонскиот Закон за заштита на личните податоци и Дирекцијата за заштита на лични податоци на Македонија. Понатаму е посветена посебна тема за разликата помеѓу личните податоци и класифицираните информации од причини на несоодветно користење на овие поими во македонскиот правен систем. Во

оваа глава е прикажан и преносот на лични податоци во други држави, како и размената на податоци од кривичната евиденција на Македонија со странските надлежни органи. Наредниот дел е посветен на Националната криминалистичко разузнавачка база на податоци. Важноста на заштитата на лични податоци се утврдува и во измените на новиот Закон за кривична постапка во кој е предвидена посебна глава за заштита на личните податоци во кривичната постапка. Имено, во Глава XV од ЗКП е опфатена обработката на личните податоци за потребите на кривичната постапка. Во таа смисла, судот, обвинителството и другите органи со посебни овластувања, собираат, обработуваат и чуваат лични податоци за потребите на кривичната постапка, водејќи сметка природата и обемот на податоците да се соодветни на потребите во конкретниот случај. Главниот акцент во оваа глава е врз посебните истражни мерки и правото на приватност каде што кандидатката дава бројни критики и препораки во прилог на билансот помеѓу истражните мерки и приватноста. Исто така, во овој дел се обработени и електронските докази кои значително ја тангираат приватноста и заштитата на лични податоци. Особено важни за оваа дисертација се начините на кои е уредена размената на податоци помеѓу ЕВРОПОЛ и Македонија и ЕВРОПРАВДА и Македонија.

Последниот дел од дисертацијата се однесува на појдовната теза и носи наслов "Приватноста vs. безбедноста во размената на личните податоци во ЕУ". Во овој дел од тезата, кандидатката дава одговор на прашањата кои податоци или бази на податоци се достапни за органите на прогонот во земјите - членки и како се пристапува во нив од другите земји – членки. Клучен дел за оваа дисертација е делот за безбедноста и сигурноста *versus* приватноста. Во овој дел е прикажана загриженоста како и недостигот на доверба во постојните датабази, и недостатоците на сите претходно елаборирани инструменти, постапки, начини на трансфер на податоци, односно на нивната заштита. Кандидатката смета дека заштитата на лични податоци е израз на личната слобода и дигнитет. Оттука, не смее да се толерира личните податоци да се користат на начин кој прави од човекот објект на постојан надзор и мониторинг, особено преку посебните истражни мерки. Правото на заштита на личните податоци е право кое ја овозможува приватноста и сувереноста на поединецот. Националната сигурност е и од општествен и од поединечен интерес. Таа, исто така, е основна за суверенитетот на поединецот. Така кандидатката доаѓа до тезата на оваа дисертација. Неизбежен е вистинскиот баланс

помеѓу општествениот (националната безбедност) и приватниот интерес (заштитата на правото на лични податоци). Правото на заштита на личните податоци нема апстрактна вредност односно неговата вредност, зависи од заканата за националната безбедност како противтежа во конкретниот случај.

За да постои правна сигурност во почитувањето на ова право на приватност и правото на заштита на лични податоци, како и да постои правилна заштита од какви било повреди на овие права, тие мора да бидат дефинирани и определени јасно, односно да даваат јасни насоки за околностите и контролираните услови во кои државните авторитети можат да преземаат мерки со кои ќе ги дерогираат, при што најважно е ваквата дерогација да е јасно определена и да не бара дополнителни правни анализи.

Конечно, следува едно резиме на сите заклучоци во тезата проследено со појдовната теза каде што кандидатката **утврдува дека** заштитата на лични податоци во Европската унија е на ранг на фундаментално, но не и апсолутно, човеково право. Ова значи дека ова право, иако е признато како такво, нема секогаш примат во однос на другите права и вредности. Оттука мора да се изнајде начин на балансирање на ова право во случај кога тоа треба, условно кажано, да се „прекрши". Моделот со кој ќе се балансира би го ставал националниот интерес пред индивидуалниот.

Основна цел на оваа дисертација е да докаже дека во услови на закана за националната безбедност во ЕУ, а оттука и во Македонија, кога е неопходно, легитимно е да се „жртвуваат" основните човекови права – правото на приватност и правото на заштита на личните податоци.

II.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Олга Кошевалиска (Ѓуркова)** претставува самостоен труд на авторката, кој обработува мошне значајна тема која има свои допирни точки до казненото, казненото процесно, но и административното право. Дисертацијата го акцентира значењето на заштитата на личните податоци доведувајќи ги во контекст потребата од заштита на приватноста наспроти потребата за собирање и обработка на личните податоци за потребата на кривичниот прогон и кривичната

постапка. Овие прашања добиваат на значење како во националните рамки така и во рамките на полициската и судска соработка во кривичната материја која се интензивира со оглед на организираноста и транснационалноста на современите облици на криминалитетот.

Клучен дел за оваа дисертација е делот за безбедноста и сигурноста *versus* приватноста. Наспроти фактот што авторката изразува загриженоста и недостиг од доверба во постојните датабази, и недостатоците во многуте инструменти, постапки и начини на трансфер на податоци прикажани во дисертацијата.

Сепак, на дисертацијата може да и се упатат и некои забелешки, кои не ја намалуваат нејзината вредност, туку укажуваат на потребата авторката и понатаму да продолжи со истражување во оваа област, надоградување на своите сознанија и продлабочување на теоретските концепти на безбедноста, сигурноста и приватноста со цел тие правилно да се сфатат, разграничат, почитуваат и заштитуваат.

На трудот може да му се упатат и определени критички забелешки, особено на тоа што поимот и концептот на приватноста не е подобро теоретски обработен, ниту е дадена неговата генеза како едно од темелните човекови права. Следствено, кандидатот на успева европската концепција и стандарди за заштита на приватноста и подготвеноста таа да се жртвува заради безбедноста да ги анализира и оценува согласно определени базични принципи од кои не сме подготвени лесно да отстапиме. Правата на човекот, дури и оние кои се фундаментални како приватноста, не се апсолутни и може да бидат ограничени од доволно силни и легитимни државни интереси. Значи не се работи за тоа правата на поединецот секогаш да надвладеат, туку одлуката за тоа кои интереси и кога ќе надвладеат да биде донесена на принципиелен и предвидлив начин. Се чини особено важно да се обезбедат механизми на контрола кои ќе обезбедат интересите на државата критички да се испитаат во смисла на вистинската нужност и значење, а со тоа и нивната легитимност. Еднаш одобрена, догматиката на одмерување во практика е готова лесно да се откаже од човековите права и слободи кога „нужноста“ е наводно голема, што неретко се драматизира и преценува.

Бездруго дека не е лесно да се објективизира и стандардизира кои се навистина нашите разумни очекувања на приватноста во модерното општество денес.

Споредбеноправно гледано, не се јасно прикажани разликите помеѓу американскиот и европскиот пристап.

Во дисертацијата е цитирана богата странска литература со што на читателот му овозможува да дојде до значајни информации и сознанија за ЕУ регулативите, но се забележува дека кандидатката недоволно внимание посветила на домашната литература која го третира прашањето на приватноста, заштитата на личните податоци и опфатот на државната безбедност наспроти разумните очекувања за приватност на поединецот.

Сепак, независно од ваквите забелешки, комисијата има неподелено мислење дека се работи за самостоен и зрел научен труд кој дава значителен придонес во правна литература за ова многу значајно прашање.

2. Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Олга Кошевалиска (Ѓуркова) заклучува дека таа одговара на основните методолошки барања за подготовка на докторски труд и дека со анализата на предметот на истражувањето и заклучните согледувања и предлози, таа претставува издржан и сериозен научен труд, кој дава придонес во областа на меѓународната соработка во казнената материја, како област која бара натамошно постудиозно следење и истражување.

Врз основа на изложената оцена, Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Олга Кошевалиска (Ѓуркова), му предлага на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Олга Кошевалиска (Ѓуркова)** под наслов **„Приватноста versus безбедноста во размената на податоци во кривичните предмети во ЕУ"**.

Скопје, 27.05.2013 Комисија за оцена на докторската дисертација

1. **Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.**

   _____

2. **Проф. д-р Борче Давитовски с.р.**

   _____

3. **Проф. д-р Никола Тупанчески** **с.р.**

4. **Проф. д-р Гордан Калајџиев** **с.р.**

5. **Доц. д-р Лазар Нанев** **с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ И ВО ПРОМЕТОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО КОСОВО“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р АГРОН БЕКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 26.2.2013 година, донесе одлука со која се формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р АГРОН БЕКА под наслов ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ И ВО ПРОМЕТОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО КОСОВО, во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, ментор, проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Весељ Љатифи, проф. д-р Никола Тупанчески и доц. д-р Александра Деаноска – Трендафилова. Комисијата, во горниот состав, ја прочита, ја разгледа и ја оцени докторската дисертација од кандидатот м-р АГРОН БЕКА под горниот наслов и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација подготвена од м-р Агрон Бека под наслов ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ И ВО ПРОМЕТОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО КОСОВО опфаќа текст од 297 страници пишувани во компјутерска техника во обичен слог и обичен проред, текст пренесен на двете страни на листот. Обработената материја (содржина) во трудот е систематизирана во три одделни дела, седум поглавја, а поглавјата со поднаслови кои читателот го упатуваат на материјата што ги интересира, што е обработена во соодветната глава.

Авторот на докторската дисертација најнапред нè воведува во материјата што е предмет на неговиот научен интерес. Воведот е поместен на стр.10-18 во четири потточки каде што се обработуваат предметот, целите, хипотетската рамка на истражувањето и систематизацијата на материјата на трудот.

Првиот дел е поделен на две глави, што се однесуваат на општественото значење на казненоправната инкриминација на организираниот криминаал и компаративниот преглед на оваа инкриминација во одредени држави.

Првата глава (стр.19-48), со наслов „Општи познавања во врска со организираниот криминал“, преку шест поднаслови дава објаснување за поимот на организираниот криминал и различните пристапи кон неговото одредување, значењето и дефинирањето на криминалитетот, историскиот осврт на организираниот криминал, етиологија на организираниот криминал итн. Основната теза е дека општествената опасност на криминалитетот го одредува

организираниот криминалитет како најтешка, најопасна појава сама по себе, и го квалификува криминалитетот на одредено подрачје и во одредено време, докажувајќи дека борбата против криминалитетот со казните што се применуваат, не покажуваат резултати. Понатаму, авторот укажува на сложеноста на општиот поим на организираниот криминал во областа на урбанизмот и прометот на недвижностите, давајќи преглед на карактеристиките на организираниот криминал во областа на урбанизмот и прометот на недвижностите и нејзиниот заштитен објект, кој може да се јави како извршител, и последиците кои се јавуваат како резултат на овој облик на организираниот криминал, што претставува научен, теоретски и пред сè практичен проблем во казненото право.

Втората глава (стр.48-80), авторот на трудот ја посветува на компаративниот преглед на казненоправната инкриминација на организираниот криминал. При компаративните проучувања на криминалитетот, во прв ред се осврнува на состојбата во Хрватска преку прикажување на законската основа за сузбивање на организираниот криминалитет, спроведувањето на законите и ефектите што се постигнуваат во пракса, како и на насоките дадени во Извештајот за напредок на Европската комисија. Понатаму, авторот дава преглед на состојбата во Србија, законската основа со која што се регулира оваа материја и спроведувањето на законите во оваа држава. Посебно внимание посветува на спречувањето на организираниот криминал во граничната зона со Косово. Авторот, на идентичен начин и со ист пристап, дава преглед на состојбата во Република Македонија, со посебен осврт на мерките за конфискација и улогата на институциите во борбата против организираниот криминал и крајно, ја обработува состојбата во Албанија, при што дава оцена за застапеноста на организираниот криминалитет и имотот стекнат на нелагален начин.

Вториот дел од докторската дисертација, авторот го посветува на феноменологијата и етиологијата на организираниот криминал во областа на урбанизмот и прометот со недвижностите.

Третата глава (стр.81-101) насловена „Организираниот криминал во областа на урбанизмот и прометот на недвижностите во Косово" ја утврдува организационата структура на организираниот криминал во Косово. Широката распространетост на овој облик на криминалитет, според авторот, се должи на семејните и роднинските врски и примената на психичко и физичко насилство. Понатаму, авторот продолжува со обработка на проблематиката на урбанизмот и прометот на недвижности во Косово, при што како главни фактори ги наведува миграцијата на населението од село в град, последиците од војната во Косово и степенот на наталитет, што претставуваат директно влијание врз појавата на незаконските дејности во Косово. Во оваа глава се прави анализа на одредени податоци за организираниот криминал во Косово и неговите казненоправни аспекти и крајно, се анализира законската основа за борба против организираниот криминал и конфискација на имотот стекнат на нелегален начин на територијата на Косово.

Четвртата глава (стр. 102-162) е посветена на одредени форми на манифестација на организираниот криминал и нивната меѓусебна поврзаност и зависност, како дел од феноменологијата на организираниот криминал во областа на урбанизмот и прометот со недвижности во Косово. Авторот, најнапред ја обработува трговијата со опојни дроги прикажувајќи статистички податоци за моменталната состојба во Косово. Потоа, авторот преминува на обработка на

проблематиката на трговијата со луѓе, особено жени, трговијата со оружје и криумчарењето на возила. Посебно внимание посветува на феноменот „перење пари", прикажувајќи одредени случаи на организиран криминал во Косово, но и пошироко, а се поврзани со нелегалната трговија со недвижности и „перењето пари". Авторот „перењето пари" го дефинира како дополнително дело што ја инкорпорира основната карактеристика на организираниот криминал - остварувањето на профит (или моќ). Согледувањето на проблемот на перењето пари, според него, резултира со значајна еволуција на криминално-политичките и казненоправните стојалишта, со пренесување на фокусот на интересот од самото казнено дело и неговата непосредна последица кон движењето на криминалните профити по нивното создавање. Корупцијата е следниот облик што е обработен во оваа глава. Авторот посебно внимание посветува на корупцијата во органите на администрација и корупцијата во судството. Оваа глава ја завршува со криминалитетот на „бели јаки" што се остварува од лица кои поседуваат силно изразени тежненија да се стекнат со висока положба, односно да ја задржат и искористат положбата за стекнување на големи богатства, однесувајќи се притоа по правила на двоен морал.

Поимот и основните карактеристики на организираниот економско-финансиски криминал, особено економскиот криминалитет, се поместени во втората потточка од оваа глава. Авторот во центарот на вниманието сместува определени аспекти на развивањето на економското казнено право, проблематизирани со неговата цел - конституирање на систем на инкриминации и санкции, како и услови за нивната примена, кои одговараат на потребите на економскиот систем и неговата заштита како што се поимот на економски криминал и на економско казнено дело, субјекти на економското казнено дело, облици на одговорност, системот на санкции итн.

Петтата глава е поделена на две потточки. Во првата потточка авторот ги утврдува обемот и структурата на организираниот криминал во областа на урбанизмот и прометот со недвижности во Косово. Тоа го прави преку статистичка анализа на пријавените, обвинетите и осудените лица за сторени кривични дела и казнената политика спрема сторителите на кривичните дела на организираниот криминал во областа на урбанизмот и прометот на неподвижностите.

Втората потточка е посветена на личните и социјалните карактеристики на сторителите на овој облик на криминалитет според: полот, староста и односот на овие карактеристики со нивното учество во вкупниот криминалитет, а посебно место се дава на општествено-политичките односи, општествената транзиција и останатите фактори.

Шестата глава се однесува на определени карактеристики за етиологијата на организираниот криминал во областа на урбанизмот и прометот со недвижностите. Во оваа глава авторот ги објаснува факторите кои влијаат врз појавата на организираниот криминалитет. Најпрво зборува за војната и воените околности и последиците што таа ги предизвикува. Понатаму, внимание им посветува на кризите, особено на економските депресии, миграцијата на луѓе и улогата на средствата за јавно информирање врз појавата на овој облик на криминалитет.

Следниот, трет дел од докторската дисертација се однесува на спречување и сузбивање на организираниот криминал.

Последната, седма глава (стр. 206-251) е посветена на спречувањето на организираниот криминал во оваа област, пред сè ангажирањето на државните институции, како што се полицијата, разузнавачката служба, судството, обвинителството итн., за извршување на своите обврски во согласност со законот и Уставот на Косово. Авторот истакнува дека сузбивањето и спречувањето на разните облици на организираниот криминал во Косово е тесно поврзано со правниот систем, како еден од најзначајните и најспецифичните системи. Затоа, првиот чекор во оваа борба според него, треба да се преземе во судскиот систем на Косово, поради тоа што овој систем не е имун кон одредени облици на криминалот, особено кон корупцијата која, за жал, е присутна. Авторот ја нагласува потребата од континуирана и продлабочена соработка за отстранување на последиците што ги предизвикува овој облик на организиран криминалитет, пред сè соработката меѓу полицијата и УНМИК, ИНТЕРПОЛ И ЕВРОПОЛ. Како мерки и средства од национален карактер, авторот ги наведува правилниците на УНМИК, Кривичниот законик на Косово и Законот за кривична постапка, понатаму Законот за одговорност на правните лица, Законот против „мафијата", Законот за спречување „перење пари" и финансирање на тероризмот и секако, Државната стратегија на Косово против организираниот криминал и планот на дејствување во периодот од 2009 до 2012 година.

На крајот следува „Заклучоци и предлози" (стр.255-262), кои претставуваат завршен дел на дисертацијата во кој авторот врз основа на извршените истражувања ги формира предлозите и заклучоците во еден низ (поврзаност). Во заклучните разгледувања на оваа проблематика истакнува дека спречување на криминалот во областа на урбанизмот и прометот со недвижности, како специфично подрачје на организиран криминал, претставува исклучително важно подрачје на научни истражувања, кое треба да се проучува и во иднина. Наспроти општествениот интерес за негово систематско откривање и следење како општествено-негативна појава што ги следи процесите на транзиција, урбанизација и промена на сопственичките односи, научното истражување на неговите криминолошки и казненоправни особености, појавни форми и етиологија е сè уште во почетната, декларативна фаза. Авторот заклучува дека посебното издвојување на урбанистичкиот криминал и криминалот во прометот со недвижности, како подрачја на типично организиран криминал, е од посебно значење за превенцијата и репресијата на новите форми на криминал, а посебно организираниот и економскиот криминал. Се работи за криминална појава која привлекува здружена криминална активност, во вид на дејствување на добро поврзани групи и мрежи, која опфаќа повеќе видови казнени дела: злоупотреба на службената должност, корупција, фалсификување на исправи, даночно затајување, измама итн. Од таквата разновидност на криминалните активности што влегуваат во поимот на урбанистичкиот криминал и криминалот во прометот со недвижности произлегува барањето за комплексен пристап кон неговата превенција, откривање и гонење.

На крајот на докторската дисертација авторот дава прилог кон темата „Национална стратегија и акционен план за 2009- 2011 година на Република Косово против организираниот криминал", со што се збогатува нејзината содржина.

Последните страници (т.е. стр. 291-297) содржат попис и преглед на користената литература.

2. Оцена на докторската дисертација

Предметот на истражување на трудот го привлекува научниот интерес од неколку аспекти. Пред сè, основниот поим со кој е тој определен, содржан и во насловот на дисертацијата- организираниот криминал, претставува во последниве две декади подрачје на интензивни теоретски проучувања, сè пообемна меѓународна регулатива, предмет на чести измени на казнените законодавства и сè уште голем предизвик за судската практика. На оваа повеќестраност на самата основна проблематика на организираниот криминал, неговото дефинирање, развивањето на стратегија за негово спречување, прифаќањето на определен криминално-политички модел, проблемите на идентификувањето на појавата, откривањето итн., се надоврзува и посебноста на општествената сфера во која се истражуваат појавните форми, основните криминогени фактори и превенцијата и репресијата на организираниот кримимал.

Како подрачје на истражување кандидатот го избрал урбанизмот и прометот со недвижности, кои се исклучително важни сфери на општествени односи, поврзани со основните егзистенцијални потреби, слободите и правата на граѓаните: правото на сопственост, квалитетот на животот и правото на здрава животна средина, правната сигурност, заштитата на поединецот како жртва на корупција, измами итн. Конечно, особен предизвик имплициран со предметот на истражувањето е неговото фокусирање на организираниот криминал во овие важни општествени сфери во Република Косово- држава која мошне скоро стекна независност и која ги изодува почетните фази на државно-правно конституирање.

Сите споменати аспекти на предметот на истражувањето истовремено се не само податливи за научно истражување, не само што го оправдуваат општествениот интерес за продлабочена научна анализа, која е исклучително важна за осмислување на мерките и средствата на криминалната политика и казненото право во борбата против оваа појава, туку, истовремено, го соучуваат секој истражувач на оваа проблематика со бројни отворени прашања. Така, постојат контроверзи и околу основниот поим на организиран криминал. Со Конвенцијата за спречување на организираниот криминал на ОН од 2000 година е надмината фазата на крупни разлики во теоријата и во казнените законодавства околу дефинирањето на тој поим: како организиран криминал треба да се третираат потешки дела, извршени од страна на група од најмалку три лица, организирана врз подолготрајна основа за извршување такви дела. Но и за теоријата, но уште повеќе за судската практика, остануваат бројни отворени прашањата: што подразбира елементот на "организираност" во смисла на внатрешна субјективна поврзаност помеѓу членовите на групата, врз каква основа, подолготрајна или кусорочна, групата се организира, кои дела извршени од одделните членови на групата треба да се третираат како заедничка активност на криминалното здружение итн. Тоа се прашања за кои современата теорија, вклучувајќи ја и нашата, не го кажала последниот збор, кои се предмет на

постојани приспособувања на казненото законодавство и за кои судската практика често пати застранува со донесување погрешни пресуди.

И другите елементи на предметот на истражување го ставале кандидатот пред бројни дилеми. Колку што е и самиот основен поим "организиран криминал" оперативен и трансцендентален, а не материјален, толку повеќе се трансцендентални и оперативни пониските поими што се негов специес: организиран криминал "во" урбанизмот и прометот на недвижности, аналогно на-организиран економски криминал, организиран еколошки криминал, организиран здравствен криминал (мафија "во бели мантили"), итн. До недоглед може да се редат специфичните подрачја на криминал, во кои тој се појавува во организиран облик во смисла на општата дефиниција на поимот организиран криминал. Истражувањата на секое од тие подрачја е секогаш скопчано со основниот методолошки проблем: врз основа на кои елементи да се одредат специфичностите на тоа подрачје и како, на пример, организираниот криминал во урбанизмот да се разликува од економскиот организиран криминал или организираниот криминал во здравството.

Кандидатот постапил во методолошка смисла сосема во согласност со општоприфатениот метод на употреба на операционална дефиниција, според која поимот на организиран криминал во областа на урбанизмот и прометот со недвижности опфаќа определени дела од казненото законодавство на Косово (злоупотреба на службената должност, фалсификување исправи, измама, перење пари итн.). Тоа се дела типични за злоупотребите и незаконитостите што имаат криминал карактер во овие две подрачја, иако се работи за општи дела. Нивниот избор и обработка овозможува отворање на научен пристап кон фокусираното подрачје, кое потем станува предмет на комплексно истражување и од криминолошки и од други аспекти.

Кандидатот во обработката на оваа сложена проблематика бил соочен и со бројни други проблеми, што комплексноста на основниот методолошки пристап ја умножуваат со следниве објективни околности: урбанистичкиот криминал и криминалот во прометот со недвижности претставуваат тежок проблем за сите држави во транзиција, во кои доаѓа до промени во сопственичките односи и приватизација, но тој е уште повеќе изразен во Косово, кое заедно со транзициските е соочено и со поствоените проблеми; на појавата на овој вид криминал и погодуваат и слабостите на правната регулатива и несреденоста на правните односи во областа на урбанизмот и прометот на недвижности, што во Косово, како млада држава, е повеќекратно изразено низ прекин на правниот континуитет и неконзистентноста на правните прописи (старо-југословенски, српски и косовски, прописи на привремените институции); конечно, спречувањето на овој вид криминал зависи од добрата поставеност и функционирање на институциите на управата (урбанистички служби, катастри, даночна управа итн.) и судскиот систем, кои во Косово функционираат далеку под рамништето на таквите барања.

Истражувањата на организираниот криминал и неговите облици во државите од нашиот регион наидуваат, а тоа особено важи за Косово, на проблемот на неговото идентификување, феноменолошко објаснување и, уште повеќе, проникнување во неговите фактори, поради високиот степен на инволвираност на државните структури во организираните криминални

активности. Тоа повлекува од една страна непостоење доволна емпириска основа за истражување кое пледира на егзактни резултати, а од друга страна и на недоволно развиена судска практика, врз која, поради исклучително високата "темна бројка" на криминалот и тешкотиите во откривањето и гонењето на сторителите на делата, тешко може да се формира попрецизна слика за ефектите од примената на казненото законодавство. Поради истиот фактор, недоволно концизни се и стратешките и слични документи, врз чијашто анализа, која треба да ја опфати и нивната примена, може да се изведат научно релевантни заклучоци во однос на превенцијата на организираниот криминал.

При сите изнесени ограничувања, кандидатот изнашол и применил потребна мера на експлораторни методи, пред сè користејќи статистички податоци како индикатори за состојбите на криминалот и "case method", со помошта на кои го формулирал истражувачкиот пристап, содржината на трудот и неговите финални констатации и препораки. Со тоа успеал да обезбеди внатрешна конзистентност и логичност на излагањата, како и издржаност на заклучоците и предлозите изложени на крајот од трудот. Најважни од нив се: јасната дијагноза во однос на состојбите со организираниот криминал во сферата на урбанизмот и прометот со недвижности во Косово, догматско-јуридичката анализа на постојната казненоправна и поширока правна рамка на превенцијата и репресијата на овој облик на криминал, критичката оцена на примената на законите во судската практика, и оцената на превентивната стратегија и на капацитетите на институциите на Косово за борба против организираниот криминал. Неговите предлози и сугестии, сублимирани особено во заклучните излагања, може и треба да му послужат на законодавецот на Косово, како и на судската практика, за нејзино унапредување со користење на современите средства и методи на криминалната политика и казненото право.

Трудот на кандидатот претставува придонес кон правната наука во прв ред во Косово, кое треба како самостојна држава да развива сопствени научни, стручни и едукативни капацитети за справување со сложените општествени проблеми, како што е криминалот, во изградбата на демократска правна држава. Неговиот придонес кон правната наука воопшто се состои во научната анализа на специфичните форми на организиран криминал на подрачје, како што е Косово, кое може да се посматра како "природен експеримент" во истражувањата на криминалот: што се случува ако во една држава не функционира правниот поредок и правната држава и ако "правилата на игра" во однос и на важните подрачја на остварување на основните човекови слободи и права, како што е урбанизмот и прометот на недвижности (сопственоста, заштитата на животната средина, правото на квалитетен живот, безбедноста) се уредуваат врз други, криминогени основи. Оваа дисертација од тој аспект може да се систематизира меѓу научните трудови кои ја збогатуваат теоријата на општествената дезорганизација и аномија, како кризни општествени состојби во кои правото отстапува пред неговиот антипод- силата и насилството, и придонесуваат за развитокот на соодветни методи и средства на криминалната политика и казненото право за ефикасно спречување на организираниот криминал.

3. Заклучна оцена

Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Агрон Бека под наслов ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ И ВО ПРОМЕТОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО КОСОВО, оценува дека се работи за самостоен труд на авторот, кој во целост ги задоволува критериумите за научен труд, преку кој кандидатот покажува дека длабоко навлегол во проблематиката што ја обработува, ги совладал научните методи за изготвување научен труд и е оспособен за самостојна научна работа.

Во согласност со претходно изнесените оцени, Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Агрон Бека му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да го прифати рецензентскиот извештај за оцена на докторската дисертација и да одреди датум и време за нејзина јавна одбрана.

Комисија за оцена на
докторската дисертација

1. Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Арнаудовски с.р.
3. Проф. д-р Весељ Љатифи с.р.
4. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.
5. Доц. д-р Александра Деаноска – Трендафилова с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКИ НАУКИ, НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 27.5.2013 година, по повод распишаниот конкурс за прием на наставник во наставно-научното звање доцент на научната област економски науки, формира Комисија за изготвување извештај за избор, во состав: проф. д-р Софија Тодорова, проф. д-р Владимир Кандикјан и проф. д-р Ванчо Узунов.

На објавениот конкурс во дневниот весник „Дневник“ на 24.4.2013 година, за избор на наставник во наставно-научното звање доцент на научната област економски науки, се пријавија кандидатите: д-р Биљана Петревска и д-р Весна Мицајкова.

Кон пријавата, кандидатите доставија: одлука за стекнат степен доктор на науки, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив. По разгледувањето на пријавата со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци за д-р Биљана Петревска

Д-р Биљана Петревска е родена на 23 декември 1983 година во Скопје. По завршувањето на основното и средното образование со континуиран одличен успех, во 2002 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје (насока: финансиски менаџмент). Студиите ги завршила во јуни 2006 година со просечна оценка 9,7. Во октомври 2006 година кандидатката се запишала на постдипломските студии по монетарна економија на Економскиот факултет во Скопје. По положувањето на испитите предвидени во наставната програма со просечна оценка 9,89, успешно го одбранила магистерскиот труд на тема: „Управување со кусорочните средства и извори на средства на банките“. Во февруари 2013 година кандидатката ја одбранила својата докторска дисертација на тема: „Ризиците во банкарскиот сектор во Република Македонија – помеѓу правната регулатива и практиката“.

Кандидатката д-р Биљана Петревска работи како асистент на научната област економски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатката д-р Биљана Петревска говори англиски јазик, како и српски и хрватски јазик, и има познавања од компјутерските техники и интернет-пребарувањата.

2. Наставно-образовна дејност за д-р Биљана Петревска

Во учебните 2004/05, 2005/06, 2006/07 година, кандидатката д-р Биљана Петревска била ангажирана како демонстратор по предметите: математика за бизнис и математика за економисти и статистика за бизнис на Економскиот факултет во Скопје. Исто така, во учебната 2006/07 година, кандидатката е ангажирана како демонстратор и на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на предметите: применета економика и економика. На 8.6.2007 година, од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, е избрана во звањето помлад асистент по предметот применета економика. На 13.11.2009 година, од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, е избрана во звањето асистент на научната област економски науки.

Како помлад асистент и подоцна како асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, кандидатката д-р Биљана Петревска учествува во изведувањето на наставата, колоквиумите и испитите по предметите:

- применета економика на правните студии, во чии рамки учествува во изведувањето на наставата по истоимениот предмет и во дисперзираните паралелки на Правниот факултет „Јустинијан Први" претходно во Штип, а тековно во Велес;
- применета економика на студиите по новинарство;
- економска политика на политичките студии;
- основи на маркетинг на магистерските студии по деловно право;
- маркетинг и медиуми на магистерските студии по медиуми и комуникации;
- маркетинг и односи со јавност на магистерските студии по односи со јавност.

Треба да се напомене дека во рамките на процесот на евалуација која се изведува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, кандидатката д-р Биљана Петревска ги добива следниве оценки за нејзиниот наставен ангажман:

	ОЦЕНКА	
Учебна 2009-2010 година		
Правни студии – применета економика	4,60	
Политички студии – економска политика	4,26	
Студии по новинарство - применета економика	4,34	
Учебна 2010-2011 година		
Правни студии - применета економика	4,61	4,69
Политички студии - економска политика	4,69	
Студии по новинарство - применета економика	4,5	
Учебна 2011-2012 година		

Правни студии - применета економика	**4,55**	**4,44**
Политички студии - економска политика	**4,83**	
Студии по новинарство - применета економика	**5,00**	
Учебна 2012-2013 година		
Правни студии - применета економика	**4,61**	**4,67**

Забелешка: Оценките се дадени на скала од 1 до 5

Притоа, паралелно со извршувањето на работните обврски, таа континуирано ги надоградува своите знаења преку посета на повеќе семинари, конференции, курсеви и школи во земјата и во странство.

3. Објавени научни и стручни трудови (научноистражувачка дејност)

Кандидатката д-р Биљана Петревска е автор на следниве трудови објавени во земјава и во странство:

1. „Жени-претприемачи", Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Борислав Благоев, Скопје, 2007, ТОМ 43, UDK 34, ISBN 0583-5062., стр.738-750.
2. „Економско-пропагандна порака", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Панта Марина, Скопје, 2007, стр.738-747.
3. „Banks and banking work – The case of the Republic of Macedonia", труд на Копаоничка школа природног права, Копаоник, 2007, објавен во: „Pravni život – časopis za pravnu teoriju i praksu", Tematski Broj: „Pravo i Sloboda", 20 godina Kopaoničke skole prirodnog prava, Udruženje Pravnika Srbije, broj 13, Beograd, 2007, Tom V, str.163-176 (со презентација).
4. „Upravljalje s kvalitetom kreditnih portfolija komercijalnih banaka – Poseban osvrt na praksu Stopanske banke a.d. Skopje"- труд на Копаоничка школа природног права, Копаоник, 2008, објавен во: „Pravni život – časopis za pravnu teoriju i praksu", Tematski Broj: „Pravo i Međunarodne integracije", 21 godina Kopaoničke skole prirodnog prava, Udruženje Pravnika Srbije, broj 12, Beograd, 2008, Tom IV, str.841-846.
5. „Невработеноста во Република Македонија - помеѓу плановите и реалноста", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Тодор Цунов, Скопје, 2009, стр.673-681.
6. „Маркетинг контрола и ревизија", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Стефан Георгиевски, Скопје, 2009, стр.812-822.
7. „Утврдување на ликвидноста на банките", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Тодор Рушков, Скопје, 2009, стр.346-358.
8. „Makedonska ekonomija i globalna ekonomska (finansijska) kriza"- труд на Копаоничка школа природног права, Копаоник, 2009., објавен во: „Pravni život – časopis za pravnu teoriju i praksu", Tematski Broj: „Pravo i

Vreme", 22 godina Kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje Pravnika Srbije, broj 13, Beograd, 2009, Tom V, str.77-87.
9. „Лична продажба", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Владимир Митков, Скопје, 2010, стр.884 – 892.
10. „Rizik likvidnosti banke u Republici Makedoniji"- труд на Копаоничка школа природног права, Копаоник, 2010, „Pravni život – časopis za pravnu teoriju i praksu", Tematski Broj: „Pravo i Prostor", 23 godina Kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje Pravnika Srbije, broj 11, Beograd, 2010, Tom III, str.563-570 (со презентација). (13-17 декември 2010).
11. „Поврзаност на ликвидноста со останатите ризици во банкарското работење" - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Никола Матовски, Скопје, 2011, меѓународен уредувачки одбор, стр.1033-1045.
12. „Монетарната политика на централната банка како фактор кој влијае на ликвидносната позиција на банката" - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Петар Манговски, Скопје, 2010 (труд во печат).
13. „Начелото на управување со кусорочните средства и извори на средства (ликвидност) – базичен услов на банкарското работење" - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, Скопје, 2011, меѓународен уредувачки одбор, стр.875-886.
14. „Институционални реформи за успешна имплементација на стратегијата на таргетирање на инфлацијата во земјите во развој" - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Георги Ганзовски, Скопје, 2010, стр.415-426.
15. „Управување со изведбата на вработените (performance management)" - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Кики Мангова-Поњавиќ, Скопје, 2011 (труд во печат).
16. „Анализа на правната регулатива за одржување на ликвидноста на банките во Македонија", International Scientific Journal, "International Review", Volume 1, Belgrade 2011, (Издавач: Висока школа за пословну економију и предузетништво, Ваљево), ISBN 978-86-6069-062-5., COBISS.SR-ID 188235788., стр.305-319. - меѓународен уредувачки одбор.
17. Biljana Petrevska: „The Decision of Managing Banks' Liquidity Risk in Macedonia", Iustinianus Primus Law Review № 03, volume II , Autumn 2011, http://www.law-review.mk/pdf/03/Biljana%20Petrevska.pdf – меѓународно списание.
18. „Примена на стратегијата на таргетирање на инфлација во Велика Британија" - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Тодор Пеливанов, Скопје, 2012, стр.393-404.
19. „Пристапот на монетарната политика на Јапонија за решавање на проблемот со дефлацијата" - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Бранко Зеленков, Скопје, 2012, меѓународен уредувачки одбор, стр.453-466.
20. „Реафирмираната улога на Меѓународниот монетарен фонд во услови на светска економска (финансиска) криза и неговиот однос со Македонија" - Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на 18 години од основањето на политички студии, Скопје, 2013, ТОМ 47-48, UDK 32, ISSN 0583-5062., стр.287-294, Годишник со меѓународен уредувачки одбор.

21. „Режимот на девизен курс на Кина“ - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во чест на проф. д-р Милан Недков, Скопје, 2013 (труд во печат).
22. „360 степени фидбек (360 degree feedback) како значајна алатка во менаџментот на човечки ресурси“ - Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Скопје, 2013, (труд во печат) - Годишник со меѓународен уредувачки одбор.
23. Biljana Petrevska: „Analysis of the Macedonian Legal Framework on Bank Liquidity“, Iustinianus Primus Law Review № 05, volume III , Winter 2012, http://www.law-review.mk/pdf/05/Biljana%20Petreska.pdf – меѓународно списание.

Кандидатката д-р Биљана Петревска била излагач и учесник на следниве конференции и обуки во земјата и во странство:
1. Petrevska Biljana, Učešće na XX susret Kopaoničke škole prirodnog prava, sa radom: „Banks and banking work – The case of the Republic of Macedonia“, Kopaonik 13-17 Decembar 2007, Kopaonik Srbija.
2. Petrevska Biljana, Ucešće na XXIII susret Kopaoničke škole prirodnog prava, sa radom: „Rizik likvidnosti banke u Republici Makedoniji“, Kopaonik 13-17 Decembar 2010, Kopaonik Srbija.
3. Учесник, модератор и предавач на Светската недела за претприемаштво, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, ноември 2008 година.

4. Стручно-апликативна дејност

Кандидатката д-р Биљана Петревска активно придонесувала за промоција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на „Денови на високо образование”, Скопски саем.

Исто така, кандидатката д-р Биљана Петревска била секретар на Зборник со меѓународен уредувачки одбор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Бранко Зеленков, Скопје, 2012.

Покрај наставните активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката д-р Биљана Петревска е секретар и на постдипломските-магистерски студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (именувана за секретар на Колегиумот на магистерските студии на насоката деловно право, решение бр. 03-15/сл., од 20.9.2011, и именувана за секретар на Колегиумот на магистерските студии на насоката деловно право, решение бр. 05-15/сл., од 24.9.2012).

Исто така била избрана и за член на Комисија за попис и утврдување на паричните и другите форми на побарувања и обврски на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за 2011 година, решение бр.02-1774/12, од 30.11.2011.

2. Биографски податоци за д-р Весна Мицајкова

Д-р Весна Мицајкова е родена на 17 август 1977 година во Скопје. По завршувањето на основното и средното образование, во 1995 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје (насока: надворешна трговија). Студиите ги завршила во 2001 година (кандидатката во својата доставена биографија нема наведено со колкав просек ги завршила додипломските студии). Во 2009 година кандидатката се запишала на постдипломските студии по корпоративни финансии и банкарство на Американ колеџ - Скопје (кандидатката исто така во својата доставена биографија нема наведено со колкав просек ги завршила постдипломските студии). Во 2011 година магистрирала на тема: „Анализа на ефикасноста на системот за осигурување на депозити на Република Македонија – потенцијални слабости и предлози за подобрување". Во април 2013 година докторирала на Економскиот институт во Скопје, на тема: „Современи концепти на финансирање на системот за осигурување на депозити и адекватност на премијата за осигурување на депозити".

Кандидатката д-р Весна Мицајкова го поседува следново работно искуство:

- во периодот 2001-2002 година работела како туристички работник во Инекс ДООЕЛ - Скопје;
- во периодот 2002-2005 година работела како финансиски аналитичар во ПИЛКО ДОО - Скопје;
- во 2005 година работела како „back officer" во Прокредит банка АД - Скопје;
- во периодот 2005-2010 година работела како книговодствено административен референт на продажбата – контролор во НЛБ Тутунска банка АД - Скопје;
- од 2010 година до денес работи како надзорник за сметководство во НЛБ Тутунска банка АД - Скопје.

Кандидатката д-р Весна Мицајкова говори англиски, српски и хрватски јазик, бугарски јазик (средно ниво), германски и италијански (основно ниво) јазик, и има познавања од компјутерските техники и интернет-пребарувањата.

2. Наставно-образовна дејност за д-р Весна Мицајкова

Кандидатката д-р Весна Мицајкова нема педагошко и наставно искуство, и оттука Комисијата не можеше да изврши бодување во рамките на првиот критериум во Анексот од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје: Наставно – образовна дејност.

3. Објавени научни и стручни трудови (научноистражувачка дејност)

Кандидатката д-р Весна Мицајкова е автор на следниве трудови објавени во земјава и во странство:

1. „20 години од осамостојувањето на Република Македонија – монетарни остварувања“, „Политичка мисла“ – бр.35, Списание на фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија „Societas Civilis“, септември, 2011, стр.99-105.
2. „Introduction of models for risk-based contribution to Deposit Guarantee Scheme of Republic of Macedonia“, „Economic development“–No.1–3/2011, Меѓународно економско списание, Економски институт-Скопје, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје, 2011, стр.115-130.
3. „Compliance assessment of the Macedonian deposit insurance system with the Core Principles for Effective Deposit Insurance Systems“, „Economic development“–No.2–3/2012, Меѓународно економско списание, Економски институт-Скопје, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје, 2012, стр.146-158.
4. „Cost-to-Income показател – Мерило за ефикасност на банките“, „Прилози 17-18“ – Списание на Македонското научно друштво - Битола, 2012.
5. „Потенцијални слабости на системот за осигурување на депозити на Република Македонија“, „Прилози 17-18“ – Списание на Македонското научно друштво - Битола, 2012.
6. „Колапсот на еврото – можни сценарија“, „Политичка мисла“ – бр.37, Списание на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија „Societas Civilis“, март 2012, стр.57-62.
7. „The R&D Indicators in the Knowledge-based Economy“, презентирано на научната конференција „Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење – тековни состојби и перспективи”, одржана под покровителство на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, на 30 мај 2012.
8. „Deposit Insurance in Times of Financial Crisis“, прифатен труд за презентација на претстојната 9-та меѓународна конференција на ASECU, организирана од Економски факултет – Скопје, закажана за 30-31 мај 2013.

Кандидатката д-р Весна Мицајкова наведува дека учествувала во проектот: „Banking system of Republic of Macedonia”, истражувачки проект во соработка меѓу Универзитетот „Американ колеџ-Скопје“ и Dauphine University, Париз, Франција, 2010.

4. Стручно-апликативна дејност

Кандидатката д-р Весна Мицајкова не навела никакви активности за класификација во овој критериум, и оттука Комисијата не можеше да изврши бодување во рамките на овој последен критериум во Анексот од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Заклучна оцена и предлог

По целосното разгледување на пристигнатите пријави, Комисијата едногласно донесе одлука да предложи д-р Биљана Петревска да биде избрана за местото наставник во наставно-научното звање - доцент на научната област економски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Оваа одлука Комисијата ја донесе земајќи го предвид увидот во приложените документи на кандидатите, од кои е евидентно дека кандидатката д-р Весна Мицајкова има освоено вкупно 37 поени и со тоа го нема освоено минималниот број поени за прв избор во наставно - научно звање - доцент (80 поени) согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, додека, пак, д-р Биљана Петревска има освоено вкупно 160,34 поени.

Посебен акцент Комисијата стави врз квалитетот на научната, образовната и педагошката работа на кандидатката д-р Биљана Петревска во изминатите 7 години, како демонстратор, помлад асистент, а до денес како асистент на научната област економски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Таа совесно, одговорно и квалитетно ги извршувала сите асистентски обврски по група предмети од економската област, ги завршила и додипломските студии со висок просек – 9,7, како и постдипломските студии со просек 9,89, и објавила 23 трудови во домашни и странски публикации. На констатацијата за професионалното и квалитетното реализирање на наставната дејност, како и за успешната соработка со студентите, упатуваат и високите оценки добиени во рамките на процесот на евалуација која се изведува на Правнист факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Комисијата смета дека д-р Биљана Петревска е успешна како во образувањето на студентите, така и во промовирањето на институцијата Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата има особено задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да му го достави следниов

ПРЕДЛОГ

Д-р БИЉАНА ПЕТРЕВСКА да биде избрана за наставник во наставно – научното звање доцент на научната област економски науки.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Софија Тодорова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Владимир Кандикјан, член с.р.
3. Проф. д-р Ванчо Узунов, член с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Биљана Петревска

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје

Научна област: економски науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава** [1]	
1.1	**Од прв циклус студии** **Применета економика – правни студии - Скопје** 2007/08 12*15*0,04 2008/09 12*15*0,04 2009/10 12*15*0,04 2010/11 12*15*0,04 2011/12 10*15*0,04 2012/13 8*15*0,04	39,6
	Применета економика – правни студии – Штип и Велес 2007/08 (Штип) 2*15*0,04 2008/09 (Штип) 2*15*0,04 2011/12 (Велес) 2*15*0,04 2012/13 (Велес) 2*15*0,04	4,8
	Економска политика – политички студии 2007/08 3,5*15*0,04 2008/09 3,5*15*0,04 2009/10 3,5*15*0,04 2010/11 1,75*15*0,04 2011/12 1,75*15*0,04 2012/13 1,75*15*0,04	9,45
	Применета економика – студии по новинарство 2007/08 1,5*15*0,04 2008/09 1,5*15*0,04 2009/10 1,5*15*0,04 2010/11 1,5*15*0,04	5,4

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

	2011/12 1,5*15*0,04 2012/13 1,5*15*0,04	
1.2	**Од втор циклус студии:** **Основи на маркетинг – магистерски студии по Деловно право** 2008/09 (21 час) 1,4*15*0,05 2009/10 (21 час) 1,4*15*0,05 2010/11 (21 час) 1,4*15*0,05 2011/12 (24 часа) 1,6*15*0,05 2012/13 (24 часа) 1,6*15*0,05 **Маркетинг и медиуми – магистерски студии по Медиуми и комуникации** 2008/09 (26 часа) 1,73*15*0,05 2009/10 (26 часа) 1,73*15*0,05 2010/11 (26 часа) 1,73*15*0,05 2011/12 (5 часа) 0,33*15*0,05 2012/13 (5 часа) 0,33*15*0,04 **Маркетинг и односи со јавност – магистерски студии по Односи со јавност** 2010/11 (26 часа) 1,73*15*0,05 2011/12 (5 часа) 0,33*15*0,05 2012/13 (5 часа) 0,33*15*0,05	**5,55** **4,4** **1,8**
2.	**Консултации со студенти** [2] 2007/08 830*0,002 2008/09 930*0,002 2009/10 910*0,002 2010/11 900*0,002 2011/12 880*0,002 2012/13 720*0,002	**10,34**
	Вкупно	**81,34**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** (10*4 поени) 1. *Жени-претприемачи*, Годишник на Правниот	40

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

	факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Борислав Благоев, Скопје, 2007, ТОМ 43, UDK 34, ISBN 0583-5062., стр.738-750. 2. *„Banks and banking work – The case of the Republic of Macedonia“*, Pravni život – Časopis za pravnu teoriju i praksu, Tematski Broj: „Pravo i sloboda“, 20 godina Kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje Pravnika Srbije, broj 13, Beograd, 2007, Tom V, str.163-176. 3. *„Upravljalje s kvalitetom kreditnih portfolija komercijalnih banaka – Poseban osvrt na praksu Stopanske banke a.d. Skopje“*, Pravni život – Časopis za pravnu teoriju i praksu, Tematski Broj: „Pravo i međunarodne integracije“, 21 godina Kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje Pravnika Srbije, broj 12, Beograd, 2008, Tom IV, str.841-846. 4. *„Makedonska ekonomija i globalna ekonomska (finansijska) kriza“*, Pravni život – Časopis za pravnu teoriju i praksu, Tematski Broj: „Pravo i vreme“, 22 godina Kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje Pravnika Srbije, broj 13, Beograd, 2009, Tom V, str.77-87. 5. *„Rizik likvidnosti banke u Republici Makedoniji“*, Pravni život – Časopis za pravnu teoriju i praksu, Tematski Broj: „Pravo i prostor“, 23 godina Kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje Pravnika Srbije, broj 11, Beograd, 2010, Tom III, str.563-570. 6. *„The Decision of Managing Banks' Liquidity Risk in Macedonia“*, Iustinianus Primus Law Review № 03, volume II , Autumn 2011, (Објавено на: http://www.law-review.mk/pdf/03/Biljana%20Petrevska.pdf). 7. *„Analysis of the Macedonian Legal Framework on Bank Liquidity“*, Iustinianus Primus Law Review № 05, volume III , Winter 2012, (Објавено на: http://www.law-review.mk/pdf/05/Biljana%20Petreska.pdf). 8. *Анализа на правната регулатива за одржување на ликвидноста на банките во Македонија,* International Scientific Journal, „International Review“, Volume 1, Belgrade 2011, (Издавач: Висока школа за пословну економију и предузетништво, Ваљево), ISBN 978-86-6069-062-5., COBISS.SR-ID 188235788., стр.305-319. 9. *Реафирмираната улога на Меѓународниот монетарен фонд во услови на светска економска (финансиска) криза и неговиот однос со Македонија,* Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на 18 години од основањето на политички студии, Скопје, 2013,	

	ТОМ 47-48, UDK 32, ISSN 0583-5062, стр.287-294. 10. *360 степени фидбек (360 degree feedback) како значајна алатка во менаџментот на човечки ресурси,* Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф. д-р Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Скопје, 2013 (труд во печат).	
2.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** (3*3 поени) 1. *Поврзаност на ликвидноста со останатите ризици во банкарското работење,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Никола Матовски, Скопје, 2011, стр.1033-1045. 2. *Начелото на управување со кусорочните средства и извори на средства (ликвидност) – базичен услов на банкарското работење,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, Скопје, 2011, стр.875-886. 3. *Пристапот на монетарната политика на Јапонија за решавање на проблемот со дефлацијата,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на проф. д-р Бранко Зеленков, Скопје, 2012, стр.453-466.	9
3.	**Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција** (10*2 поени) 1. *Економско-пропагандна порака,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Панта Марина, Скопје, 2007., стр.738-747. 2. *Невработеноста во Република Македонија - помеѓу плановите и реалноста,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Тодор Цунов, Скопје, 2009., стр.673-681. 3. *Маркетинг-контрола и ревизија,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Стефан Георгиевски, Скопје, 2009., стр.812-822. 4. *Утврдување на ликвидноста на банките,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Тодор Рушков, Скопје, 2009., стр.346-358. 5. *Лична продажба,* Зборник на Правниот факултет	20

	„Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Владимир Митков, Скопје, 2010., стр.884 – 892. 6. *Монетарната политика на централната банка како фактор кој влијае на ликвидносната позиција на банката,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во чест на проф. д-р Петар Манговски, Скопје, 2010 (труд во печат). 7. *Институционални реформи за успешна имплементација на стратегијата на таргетирање на инфлацијата во земјите во развој,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во чест на проф. д-р Георги Ганзовски, Скопје, 2010, стр.415-426. 8. *Управување со изведбата на вработените (performance management),* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во чест на проф. д-р Кики Мангова-Поњавиќ, Скопје, 2011 (труд во печат). 9. *Примена на стратегијата на таргетирање на инфлација во Велика Британија,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во чест на проф. д-р Тодор Пеливанов, Скопје, 2012, стр.393-404. 10. *Режимот на девизен курс на Кина,* Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во чест на проф. д-р Милан Недков, Скопје, 2013 (труд во печат).	
4.	**Секциско предавање на научен/стручен собир** (1*1 поен) 1. Учесник, модератор и предавач на Светската недела за претприемаштво, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, ноември 2008 година.	1
5.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** (2*2 поени) 1. Petrevska Biljana, Učešće na XX susret Kopaoničke škole prirodnog prava, sa radom: „Banks and banking work – The case of the Republic of Macedonia“, Kopaonik 13-17 Decembar 2007, Kopaonik Srbija. 2. Petrevska Biljana, Ucešće na XXIII susret Kopaoničke škole prirodnog prava, sa radom: „Rizik likvidnosti banke u Republici Makedoniji“, Kopaonik 13-17 Decembar 2010, Kopaonik Srbija.	4
	Вкупно	74

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот:** (5*0,5 поени) - Промоција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на „Денови на високо образование“, Скопски саем, 2007. - Промоција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на „Денови на високо образование“, Скопски саем, 2008. - Промоција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на „Денови на високо образование“, Скопски саем, 2009. - Промоција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на „Денови на високо образование“, Скопски саем, 2011. - Промоција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на „Денови на високо образование“, Скопски саем, 2012.	2,5
Дејности од поширок интерес		
1.	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** (1*1 поен) 1. Секретар на Зборник со меѓународен уредувачки одбор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Бранко Зеленков, Скопје, 2012.	1
2.	**Член на факултетски комисии** (3*0,5 поени) 1. Комисија за попис и утврдување на паричните и другите форми на побарувања и обврски на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за 2011 година, решение бр.02-1774/12:, од 30.11.2011. 2. Именувана за секретар на Колегиумот на магистерските студии на насоката деловно право, решение бр. 03-15/сл., од 20.09.2011. 3. Именувана за секретар на Колегиумот на магистерските студии на насоката деловно право, решение бр. 05-15/сл., од 24.09.2012.	1,5
	Вкупно	5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	81,34
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	74
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	5
Вкупно	160,34

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Софија Тодорова, претседател с.р.

2. Проф. д-р Владимир Кандикјан, член с.р.

3. Проф. д-р Ванчо Узунов, член с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Весна Мицајкова

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје

Научна област: економски науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Вкупно	**0**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во меѓународен научен проект** (5 поени) 1. *„Banking system of Republic of Macedonia"*, истражувачки проект во соработка меѓу Универзитетот „Американ колеџ-Скопје" и Dauphine University, Париз, Франција, 2010.	5
2.	**Трудову со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** (2*4 поени) 1. *20 години од осамостојувањето на Република Македонија – монетарни остварувања*, „Политичка мисла" – бр.35, Списание на фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија „Societas Civilis", септември, 2011, стр.99-105. 2. *„Колапсот на еврото – можни сценарија"*, „Политичка мисла" – бр.37, Списание на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија „Societas Civilis", март 2012, стр.57-62.	8
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (6 + и.ф.)** (2*6 поени) 1. *„Introduction of models for risk-based contribution to Deposit Guarantee Scheme of Republic of Macedonia"*, „Economic development"–No.1–3/2011, Економски	12

	институт-Скопје, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје, 2011, стр.115-130. 2. *„Compliance assessment of the Macedonian deposit insurance system with the Core Principles for Effective Deposit Insurance Systems“*, „Economic development“– No.2–3/2012, Економски институт-Скопје, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје, 2012, стр.146-158.	
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание** (2*2 поени) 1. *Cost-to-Income показател – мерило за ефикасност на банките*, „Прилози 17-18“ – Списание на Македонското научно друштво - Битола, 2012. 2. *Потенцијални слабости на системот за осигурување на депозити на Република Македонија*, „Прилози 17-18“ – Списание на Македонското научно друштво - Битола, 2012.	4
5.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** (2*3 поени) 1. *„The R&D Indicators in the Knowledge-based Economy“*, презентирано на научната конференција „Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење – тековни состојби и перспективи“, одржана под покровителство на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, на 30 мај 2012. 2. *„Deposit Insurance in Times of Financial Crisis“*, прифатен труд за презентација на претстојната 9-та Меѓународна конференција на ASECU, организирана од Економскиот факултет во Скопје, закажана за 30-31 мај 2013.	6
6.	**Учество на научен/стручен собир со реферат** (2*1 поен) 1. *„The R&D Indicators in the Knowledge-based Economy“*, презентирано на научната конференција „Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење – тековни состојби и перспективи“, одржана под покровителство на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов на 30 мај 2012. 2. *„Deposit Insurance in Times of Financial Crisis“*, прифатен труд за презентација на претстојната 9-та Меѓународна конференција на ASECU, организирана од Економскиот факултет во Скопје, закажана за 30-31 мај 2013.	2

	Вкупно	37

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Вкупно	0

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	0
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	37
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	0
Вкупно	37

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Софија Тодорова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Владимир Кандикјан, член с.р.
3. Проф. д-р Ванчо Узунов, член с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО НА
ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана на 27 мај 2013 година, бевме определени за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник на научната област казнено процесно право, врз основа на конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" од 24 април 2013 година.

Во ова својство, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" од 24 април 2013 година, за избор на наставник на научната област казнено процесно право се пријави само еден кандидат - д-р Бобан Мисоски.

I. Податоци за кандидатот

1. Д-р **Бобан МИСОСКИ** е роден во Тетово на 7.1.1981 година. На 13.2.2013 година успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „**Гаранцијата како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на казнената постапка**" во Скопје, со што се стекнал со научен степен - **доктор на правни науки.**

Со научниот степен **магистер на правни науки од областа на казненото право** одбранувајќи го магистерскиот труд насловен **„Постапка за спогодување за вината како начин за забрзување на казнената постапка"** на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје се стекнал на 12.5.2008 година. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просечна оценка 10,00. Дипломирал во 2003 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со просечен успех 8,83.

Активно се служи со англискиот јазик. Одлично се служи со оперативните програми од Microsoft Office апликативниот пакет.

Работно искуство

- Со одлука на ННС на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје од 10 септември 2008 година е избран во соработничко звање - асистент на научната област казнено процесно право, а повторно избран во истото звање со одлука на ННС во мај 2011 година од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
- Со одлуки на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје е избиран за демонстратор на Институтот за казнено право во учебните 2003/04, 2004/05, 2005/06, 2006/07 и 2007/08 година.
- Од ноември 2007 до ноември 2009 година е член на работната група при **Министерството за правда** на Република Македонија за реформа на ЗКП во делот на забрзување на казнената постапка.

- Во периодот февруари 2007 - септември 2007 година бил ангажиран како **консултант** во Проектот за модернизација на судството во Македонија - УСАИД при изработката на Нацрт-законот за судска служба.
- Од февруари 2004 година до февруари 2007 година бил ангажиран како правен координатор при Стручната служба на Судскиот буџетски совет при Врховниот суд на Република Македонија, во рамките на Проектот за модернизација на судството во Македонија - УСАИД.
- Во периодот од јуни 2003 до јануари 2004 година работел како набљудувач на судења во Основниот суд во Тетово, како дел од Проектот за мониторинг на судења, што се изведува во рамките на Коалицијата – "Сите за правично судење", поддржан од ОБСЕ.
- Од септември 2001 до септември 2003 година бил инструктор и член на телото за проектен менаџмент во програмата "Учиме право", финансирана од ФИООМ.

Научни патувања и учество на семинари:

- 22 март 2013 година, Скопје, модератор на тркалезната маса насловена како „Судските постапки и ефикасноста на судовите", во организација на Проектот за поддршка на реформите во судството во РМ - УСАИД – Македонија;

- 26 - 28 септември 2012 година, Скопје, предавач на тренингот за тренери за „Кривична одговорност за правните лица", во Организација на ОБСЕ и Академија за судии и јавни обвинители на РМ;

- 9 - 16 септември 2012 година, Драч, Албанија, учество на „Training on Harmonization of SEE legislation with EU acquis", во организација на SEELS, финансиски поддржано од GIZ;

- 21 - 25 мај 2012 година, Скопје и Охрид, учество на Меѓународната конференција под наслов „Криминалитетот во Европа", во организација на Државниот правен факултет „Ломоносов" во Москва, Руска Федерација и Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Република Македонија;

- 15 - 16 ноември 2011 година, Битола и 13 - 14 декември 2011 година, Скопје, предавач на Тренингот за кривичната одговорност на правните лица, во организација на Академијата за судии и јавни обвинители на РМ и Human Dynamics;

- 22 - 25 ноември 2011 година, Мавровo, учество на tailor made training "***How to successfully apply for and manage projects for EU higher education training programs***?", во организација на SEELS и GIZ;

- 28 - 29 септември 2011 година, Штип, предавач на Работилницата за кривична одговорност на правните лица и конфискација и проширена конфискација, во организација на Академијата за судии и јавни обвинители;

- 17 - 18 декември 2010 година, Загреб, Република Хрватска, Конференција за основање на РЕКОМ (Комисија за утврдување на фактите и помирување на територијата на поранешна Југославија);

- мај – јуни 2010 г., Скопје и Охрид, Обука за обучувачи за новиот Закон за кривична постапка, во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ;

- 25 декември 2009 година, Скопје, учество на работилница на тема: **Казненоправна одговорност на правните лица,** во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ;

- 21 декември 2009 година, Скопје, учество на работилница на тема: **Примена на новите решенија за посебните истражни мерки,** во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ;

- 13 - 17 декември 2009 година, Копаоник, Република Србија, 12. Копаоничка школа за природно право, Правда и право, 2009 г.;

- **3 - 5 ноември 2009 година, Скопје, учество на обука за обучувачи за превенција на насилство,** СЗО, во рамките на Обуката за јакнење на капацитетите за превенција на насилство преку (TEACH-VIP) обука, едукација, унапредување на здравството, наставната програма за превенција на насилство и повреди за високо образование на Светската здравствена организација;

- **17 - 18 септември 2009 година,** Охрид, Република Македонија, **Годишно советување на ЗКПКМ;**

- **3 јули 2009 година, Скопје,** учество на работилница на тема: **Спогодување и медијација,** во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ;

- **25 - 27 септември 2008 година,** Охрид, Република Македонија, **Годишно советување на ЗКПКМ;**

- **20 - 28 август 2008 година, Сараево, Босна и Херцеговина,** учество на ISSS (International Summer School, Sarajevo – Rule of Law in Theory and Practice), на тема: „Владеење на правото низ теоријата и практиката", финансиски подржано од Фондацијата „Конрад Аденауер", Германија;

- **1 и 2 јули 2008 година,** Скопје, учество на работилница на тема **"Контрола на обвинението, преуредување на главниот претрес и одмерување на казните во законските рамки",** во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ;

- **29 мај 2008 година**, Скопје, учество на работилница на тема: **"Реформа на правните лекови"**, во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ;

- **14 март 2008 година**, Скопје, учество на работилница на тема: **"Поедноставени и забрзани облици на постапување во казнената постапка"**, во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ;

- **28 и 29 февруари 2008 година**, Скопје, учество на работилница на тема: **"Нови односи меѓу полицијата, јавното обвинителство и судовите во претходната постапка"**, во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ;

- **26 - 28 септември 2007 година,** Охрид, Република Македонија, **Годишно советување на ЗКПКМ;**

- **27 - 29 септември 2006 година,** Охрид, Република Македонија, **Годишно советување на ЗКПКМ,** под покровителство на ОПДАТ и ОБСЕ;

- **16 - 18 јуни 2006 година,** Струга, Република Македонија, учество на семинар под наслов: **"Имплементација на алтернативните мерки кај малолетниците"** во организација на Здружението за казнено право и криминологија на Република Македонија и УНИЦЕФ;

- **8 - 11 мај 2006 година,** Охрид, Република Македонија, учество на сертифицирана стручна обука од страна на Британската влада, под наслов: **"Зголемување на критичките вештини за успешна борба против корупцијата"**, во организација на Crowns Agents, Велика Британија;

- **12 - 14 април 2006 година,** Битола, Република Македонија, учество на семинар под наслов: **„Новиот модел на малолетничка правда и неговите импликации врз постојниот систем"**, во организација на Здружението за казнено право и криминологија на Република Македонија и УНИЦЕФ;

- **25 - 28 февруари 2006 година,** Охрид, Република Македонија, учество на тренинг за развивање на комуникациски способности и лидерски вештини, во организација на УСАИД;

- **16 - 28 мај 2005 година:** научно патување во **Вашингтон ДЦ и Канзас Сити, Канзас - САД,** организирано и спроведено од страна на УСАИД. Во рамките на ова студиско патување се остварени посети на **Врховниот суд на Соединетите Американски Држави, Националниот судски центар, Националниот центар за судска администрација, Врховниот суд на Канзас и Федералниот основен суд на Канзас;**

- **16 - 21 јануари 2005 година:** посета на **Врховниот суд на Србија и Црна Гора и Вишиот суд за организиран криминал и воени злосторства во Белград, СиЦГ,** финансирано од страна на Врховниот суд на СиЦГ и УСАИД – Македонија;

- **26 - 29 септември 2004 година:** учество на **Интернационалната конференција за судска администрација во Љубљана, Република Словенија,** финансирано од страна на УСАИД;

- **15 - 19 март 2003 година**: учество на регионалниот натпревар во симулирано судење по меѓународно право, одржан во Бар, СиЦГ, како дел од тричлениот тим од **Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје;**

- **15 август - 16 септември 2003 година**: едномесечен **студиски престој на Правниот факултет при Универзитетот во Ајдахо (University of Idaho, College of Law)** во Москоу, Ајдахо, Соединети Американски Држави, како дел од делегацијата од Правниот факултет "Јустинијан Први", Скопје. Оваа програма за размена на студенти беше финансирана од **АБА - ЦЕЕЛИ**, Скопје;

- **20 - 27 јули 2002 година:** учество на Меѓународниот семинар за млади лидери и разрешување на конфликти, одржан во Брашов, Романија. Семинарот беше организиран од Центарот за уставни студии и развој на демократијата при **Факултетот "Џонс Хопкинс" при Универзитетот во Болоња,** а финансиски поддржан од Директоратот за млади и спорт при Советот на Европа.

- ***Учествувал и организирал повеќе обуки и работилници во рамките на Проектот за модернизација на судството во Македонија - УСАИД, како: обука на судии, обука на тренери, обука за судска безбедност, time management.***

Членство во организации:

- од септември 2005 до денес е секретар на телото за полиција при Здружението за казнено право и криминологија на Македонија.

Научни и стручни трудови:

1. **Спроведување на одредбите за кривична одговорност на правните лица - прирачник за практичари,** коавтор со акад. проф. д-р Владо Камбовски, доц. д-р Барбара Ветори и Тодор Витларов, Објавен на македонски и англиски јазик, ОБСЕ, 2012 г.
2. **Гаранцијата според одредбите од новиот Закон за кривична постапка,** Зборник во чест на проф. д-р Никола Матовски, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2011 г.
3. **Влијанието на новиот Закон за кривична постапка врз начелата од материјалното казнено право во Република Македонија,** Зборник во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2011 г.
4. **Restorative aspects of the juvenile justice system in Macedonia,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, во Списанието за општествени науки - Teme, при Универзитетот во Ниш, Србија, 2011г.
5. **Компаративно казнено процесно право. Учебник,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, проф. д-р Гордан Калајџиев и асс. м-р Дивна Илиќ. Издавач: Академски печат, Скопје, 2011 година.
6. **Прирачник за практичари за практичната примена на мерките Конфискација на имот и имотна корист,** коавтор со акад. проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Барбара Ветори. Објавен на македонски, англиски и албански јазик во издание на ОБСЕ, 2011 година.
7. **Plea Bargaining in the New Law on Criminal Procedure in Republic of Macedonia,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, Macedonian Law Journal

(електронски журнал при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, објавен на англиски јазик), 2010 година.

8. **Начелото на пресумпција на невиност во светлина на реформите на казнено-процесното законодавство во Република Македонија,** Зборник во чест на проф. д-р Владимир Митков „Правен факултет“, Јустинијан Први, Скопје, 2010 година.

9. **Спогодувањето за вината на обвинетиот пред меѓународните казнено-правни судски институции,** Зборник во чест на проф. д-р Тодор Џунов, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2010 година.

10. **Судската ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија,** коавтор со проф. д-р Гордан Калајџиев и ас. м-р Дивна Илиќ. Коалиција „Сите за правично судење“, Скопје 2010 година.

11. **Улогата на процесните субјекти во постапката за спогодување,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, Зборник во чест на проф. Тодор Рушков, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2009 година.

12. **Поступак о споразумевању у нацрту Закона о кривичном поступку у Републици Македонији,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, Копаоничка школа за природно право, Србија, 2009 година.

13. **Материјално правни и процесно правни аспекти на конфискацијата на имотната корист и имот,** коавтор со акад. проф. д-р Владо Камбовски, МРКПК, бр. 2, 2009 година (стр. 89-116).

14. **Спогодување и медијација,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, МРКПК, бр. 2, 2009 година (стр. 215-260).

15. **Истражување на законските казни за поедини казнени дела во периодот 2001-2006 година,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и проф. д-р Ванчо Узунов, МРКПК, бр. 2-3, 2008 година (стр. 279-310).

16. **Компаративно истражување на контролата на обвинувањето воспоредбеното право,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и Весна Атанасовска, МРКПК, бр. 2-3, 2008 година (стр. 189-212).

17. **Одмерување на казната во законските рамки,** коавтор со акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Никола Тупачески и ас. м-р Алесандра Деаноска, МРКПК, бр. 2-3, 2008 година (стр. 235-278).

18. **Компаративно истражување на редовните и вонредните правни лекови,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и ас. м-р Александра Груевска, МРКПК, бр. 2-3, 2008 година (стр. 15-54).

19. **Компаративно истражување на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и д-р Лазар Нанев, МРКПК, бр. 1, 2008 година (стр. 201-240).

20. Приказ на книгата **“Право на правну помоћ и квалитет правне помоћи пружене грађанима у кривичном поступку и поступку издржавања казне”** од авторите: Слободанка Константиновиќ-Вилиќ, Миомира Костиќ, Душица Миладиновиќ, издавач: Правни Факултет Универзитета у Нишу Центар за Публикације, Ниш, 2007, во МРКПК, бр. 1, 2008 година (стр. 405-407).

21. **Компаративен преглед на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка,** ко-автор со проф. д-р Гордана Бужаровска, Зборник на правниот факултет “Јустинијан Први” во чест на Панта Марина, декември 2007.

22. **Plea Bargaining- Спогодба за признавање на вината**, МРКПК, број 1, 2006, (стр. 227-250);

23. **“Учиме право-правна клиника” - прирачник, група на автори;** ко-автор на **Глава 4 - Казнено процесно право** (стр. 99 до стр. 118); издавач: Клинички центар при Правниот Факултет, Скопје, ФИООМ и Младински образовен центар, Скопје 2005 година, ISBN 9989-2269-0-3.

II.

Заклучна оцена и предлог

Откако со внимание ја разгледа пријавата на кандидатот, со сите прилози и објавени трудови, Комисијата заклучи дека пријавениот кандидат – д-р Бобан Мисоски ги исполнува законските услови и условите на конкурсот.

Кандидатот д-р Бобан Мисоски членовите на Комисијата лично го познаваат како повеќегодишен асистент, а претходно и како демонстратор на Институтот за казнено право. Пријавениот кандидат е одличен студент, амбициозен млад човек и научен работник, кој веќе се зафатил со научна кариера во сферата на правните науки.

Комисијата одлучи дека пријавениот кандидат д-р Бобан Мисоски е соодветен кандидат за прием за наставник во звањето доцент поради следниве причини:

- кандидатот повеќе години е асистент на научната област казнено право, на Институтот за казнено право, токму на предметот казнено процесно право, при што се покажа како исклучително вреден и одговорен соработник, кој со успех ги извршуваше дадените обврски и професионалните задачи;
- кандидатот е вклучен во изведувањето вежби по предметите казнено процесно право и казнено право на додипломските студии, но е активно вклучен и во подготовката и изведувањето на вежбите на студиите од втор циклус по казнено право по предметите: малолетничко казнено право, судско право, компаративно казнено процесно право, посебни казнени постапки. Кандидатот е активно вклучен и при спроведувањето на писмените делови на испитите по казнено-процесно право, казнено право и казнено право - применета програма за што предметните наставници имаат највисоки оцени, потврдени и во евалуациите на студентите;
- покажува особен успех и во ангажманите надвор од Факултетот, во проекти од областа на казненото право и казненото процесно право преку Министерството за правда на РМ, Академијата за обука на судии и јавни обвинители, МАНУ, Здружението за казнено право и криминологија на Македонија, а особено значајни се неговото искуство и придонес во реформата на Законот за кривичната постапка, како и во реформата на судството во Република Македонија;
- кандидатот се покажа како одличен учесник во тимската работа, особено истакнувајќи ги своите комуникациски, креативни и аналитички способности;
- кандидатот д-р Бобан Мисоски има импозантен опус со објавени повеќе стручни и научни трудови, во домашни и странски списанија, а интересот за научната мисла во странското законодавство го покажал преку учество во изработката на повеќе компаративни и емпириски истражувања подготвени со користење на солиден научен инструментариум;
- кандидатот д-р Бобан Мисоски е еден од авторите на учебникот „Компаративно казнено процесно право“, а се јавува како коавтор на повеќе публикации на актуелни теми од казнената област;
- кандидатот активно го владее англискиот јазик, што му овозможува успешно да се служи со странска литература и што во голема мера ќе му го олесни професионалниот ангажман во иднина;
- кандидатот е еден од оние асистенти што се заинтересирани за дополнителна надградба на знаењето преку користење интернет и современа стручна литература, одговорна личност што се грижи задачата што му е доделена да биде извршена во определениот рок, квалитетно и ефикасно.

Сето горенаведено за досегашното постигнато образовно и стручно ниво на кандидатот, неговиот одговорен, сериозен и педагошки однос со студентите како

асистент, како и неговиот целокупен ангажман во работата на проекти надвор од Факултетот, проследен со видливи и конкретни резултати, се доволна гаранција за тоа дека станува збор за кандидат од кој може да се очекува дека ќе се развива во успешен наставен и научен кадар на Факултетот.

Во таа смисла, ни причинува особено задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му го дадеме следниов

ПРЕДЛОГ

Д-р Бобан Мисоски да биде избран за наставник во звањето доцент на научната област казнено процесно право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р.

_____

Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.

_____

Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

_____

Скопје, 28.5.2013 година

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Бобан Јоанче Мисоски

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Научна област: казнено процесно право

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиторски или изработка на семинарски труд)**[1]	
1.1.	**од прв циклус студии:** **Казнено процесно право** учебна 2008/2009 — 112,5*0,03 = 3,375 учебна 2009/2010 — 112,5*0,03 = 3,375 учебна 2010/2011 — 112,5*0,03 = 3,375 учебна 2011/2012 — 112,5*0,03 = 3,375 учебна 2012/2013 — 93,75*0,03 = 2,8 **Основни институти на јавно и приватно право** учебна 2008/2009 — 9*0,03 = 0.27 учебна 2009/2010 — 9*0,03 = 0.27 учебна 2010/2011 — 9*0,03 = 0.27 учебна 2011/2012 — 9*0,03 = 0.27 учебна 2012/2013 — 9*0,03 = 0.27	17,65
1.2.	**од втор циклус студии:** **Казнено право** учебна 2008/2009 — 44*0,03 = 1,32 учебна 2009/2010 — 86*0,03 = 2,58 учебна 2010/2011 — 86*0,03 = 2,58 учебна 2011/2012 — 120*0,03 = 3,6 учебна 2012/2013 — 15*0,03 = 0.45	10,53
2.	**Консултации со студенти**[2] учебна 2008/2009 — 400*0,002 = 0,8 учебна 2009/2010 — 400*0,002 = 0,8 учебна 2010/2011 — 400*0,002 = 0,8 учебна 2011/2012 — 400*0,002 = 0,8 учебна 2012/2013 — 350*0,002 = 0,7	3,9

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

3.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	
3.1.	Компаративно казнено процесно право (коавтор), Академски печат, Скопје, 2011.	6
	Вкупно	38,08

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**[3]	
1.1.	**Restorative aspects of the juvenile justice system in Macedonia,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, во Списанието за општествени науки - Теме, при Универзитетот во Ниш, Србија, 2011 г.	3,6
1.2.	**Поступак о споразумевању у нацрту Закона о кривичном поступку у Републици Македонији,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, Копаоничка школа за природно право, Србија, 2009 година.	3,2
2	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор**[4]	
2.1.	**Plea Bargaining in the New Law on Criminal Procedure in Republic of Macedonia,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, Macedonian Law Journal (електронски журнал при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, објавен на англиски јазик), 2010 година.	2,7
2.2.	**Материјално правни и процесно правни аспекти на конфискацијата на имотната корист и имот,** коавтор со акад. проф. д-р Владо Камбовски, МРКПК, бр. 2, 2009 година (стр. 89-116).	2,7
2.3.	**Спогодување и медијација,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, МРКПК, бр. 2, 2009 година (стр. 215-260).	2,7
2.4.	**Истражување на законските казни за поедини казнени дела во периодот 2001-2006 година,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и проф. д-р Ванчо Узунов, МРКПК, бр. 2-3, 2008 година (стр. 279-310).	2,4
2.5.	**Компаративно истражување на контролата на обвинувањето воспоредбеното право,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и Весна Атанасовска, МРКПК, бр. 2-3, 2008 година (стр. 189-212).	2,4
2.6.	**Одмерување на казната во законските рамки,** коавтор со акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Никола Тупачески и ас. м-р Алесандра Деаноска, МРКПК, бр. 2-3, 2008 година (стр. 235-278).	1,8
2.7.	**Компаративно истражување на редовните и вонредните правни лекови,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и ас. м-р Александра Груевска, МРКПК, бр. 2-3, 2008 година (стр. 15-54).	2,4
2.8.	**Компаративно истражување на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска и д-р Лазар Нанев, МРКПК, бр. 1, 2008 година (стр. 201-240).	2,4
2.9.	**Plea Bargaining- Спогодба за признавање на вината,** МРКПК, број 1, 2006 (стр. 227-250);	3
3.	**Трудови објавени во зборник на високообразовна институција**	

[3] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора - секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

[4] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора - секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

3.1.	**Гаранцијата според одредбите од новиот Закон за кривична постапка,** Зборник во чест на проф. д-р Никола Матовски, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2011 г.	2
3.2.	**Влијанието на новиот Закон за кривична постапка врз начелата од материјалното казнено право во Република Македонија,** Зборник во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2011 г.	2
3.3.	**Начелото на пресумпција на невиност во светлина на реформите на казнено-процесното законодавство во Република Македонија,** Зборник во чест на проф. д-р Владимир Митков, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2010 година.	2
3.4.	**Спогодувањето за вината на обвинетиот пред меѓународните казнено-правни судски институции,** Зборник во чест на проф. д-р Тодор Цунов, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2010 година.	2
3.5.	**Улогата на процесните субјекти во постапката за спогодување,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, Зборник во чест на проф. Тодор Рушков, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2009 година.	1,8
3.6.	**Компаративен преглед на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка,** коавтор со проф. д-р Гордана Бужаровска, Зборник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на Панта Марина, декември, 2007.	1,8
4.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир**	
4.1.	**22 март, 2013 г. Скопје**, модератор на тркалезната маса насловена како „Судските постапки и ефикасноста на судовите", во организација на Проектот за поддршка на реформите во судството во РМ - УСАИД Македонија.	2
4.2.	**26 - 28, септември 2012 г., Скопје**, предавач на обуката за обучувачи за „Кривична одговорност за правните лица" во организација на ОБСЕ и Академијата за судии и јавни обвинители на РМ.	2
4.3.	**15- 16 ноември 2011 г., Битола**, предавач на Обуката за кривичната одговорност на правните лица, во организација на Академијата за судии и јавни обвинители на РМ и Human Dynamics.	2
4.4.	**13 - 14 декември 2011 г., Скопје**, предавач на Обуката за кривичната одговорност на правните лица, во организација на Академијата за судии и јавни обвинители на РМ и Human Dynamics.	2
4.5.	**28 - 29 септември 2011 г., Штип**, предавач на обуката за кривична одговорност на правните лица и конфискација и проширена конфискација, во организација на Академијата за судии и јавни обвинители.	2
4.6.	**1 - 2 јули 2008 г.,** Скопје, учество на работилница на тема **"Контрола на обвинението, преуредување на главниот претрес и одмерување на казните во законските рамки"**, во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ.	2
4.7.	**14 март 2008 г.,** Скопје, учество на работилница на тема: **"Поедноставени и забрзани облици на постапување во казнената постапка"**, во рамките на проектот за реформа на казненото законодавство при ЗКПКМ.	2
5.	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
5.1.	**13-ти до 17-ти декември, 2009 година, Копаоник, Република Србија, 12. Копаоничка школа за природно право, Правда и право, 2009 г.**	2
	Вкупно	56,9

СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Книга од стручна област – коавтор**	
1.1.	**Спроведување на одредбите за кривична одговорност на**	7

	правните лица - прирачник за практичари, коавтор со акад. проф. д-р Владо Камбовски, доц. д-р Барбара Ветори и Тодор Витларов. Објавен на македонски и англиски јазик, ОБСЕ, 2012 г.	
1.2.	**Прирачник за практичари за практичната примена на мерките Конфискација на имот и имотна корист,** коавтор со акад. проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Барбара Ветори. Објавен на македонски, англиски и албански јазик во издание на ОБСЕ, 2011 година.	7
1.3.	**Судската ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија,** коавтор со проф. д-р Гордан Калајџиев и ас. м-р Дивна Илиќ. Коалиција „Сите за правично судење", Скопје, 2010 година	7
2.	**Поглавје во книга**	
2.1.	**"Учиме право-правна клиника" - прирачник, група на автори;** ко-автор на **Глава 4 - Казнено процесно право** (стр. 99 до стр. 118); издавач: Клинички центар при Правниот факултет, Скопје, ФИООМ и Младински образовен центар, Скопје, 2005 година, ISBN 9989-2269-0-3.	3
3.	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија**	
3.1.	Февруари 2007 - септември 2007 година: **Консултант** во Проектот за модернизација на судството во Македонија-УСАИД.	1
4.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**	
4.1.	Член на организациониот одбор на Правниот факултет за спроведување на манифестацијата „Отворени денови на УКИМ", 2013 г.	0,5
4.2.	Член на организациониот одбор на Правниот факултет за спроведување на манифестацијата „Отворени денови на УКИМ", 2012 г.	0,5
5.	**Член во комисија за изработка на закон**	
5.1.	Ноември 2007 - ноември 2009 година, член на работната група при **Министерството за правда** на Република Македонија за реформа на ЗКП и изготвување на нов ЗКП, донесен во 2010 г.	4
ДЕЛНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
6.	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**	
6.1.	Пролет 2012, организација и учество на Меѓународната конференција под наслов „Криминалитетот во Европа", во организација на Правниот факултет при Московскиот државен универзитет „Ломоносов" и Правниот факултет „Јустинијан Први", при УКИМ, Скопје и Охрид, РМ.	0,5
7.	**Студиски престој во странство**	
7.1.	**9 - 16 септември 2012 г., Драч, Албанија,** учество на „Training on Harmonization of SEE legislation with EU acquis", во организација на SEELS, финансиски поддржано од GIZ.	0,5
7.2.	**20 - 28 август 2008 г., Сараево, Босна и Херцеговина,** учество на ISSS (International Summer School, Sarajevo – Rule of Law in Theory and Practice), на тема Владеење на правото низ теоријата и практиката, финансиски подржано од Фондацијата „Конрад Аденауер", Германија.	0,5
7.3.	**16 - 28 мај 2005 година:** научно патување во **Вашингтон ДЦ и Канзас Сити, Канзас-САД,** организирано и спроведено од страна на УСАИД. Во рамките на ова студиско патување се остварени посети на **Врховниот суд на Соединетите Американски Држави, Националниот судски центар, Националниот центар за судска администрација, Врховниот суд на Канзас и Федералниот Основен суд на Канзас.**	0,5
7.4.	**16 - 21 јануари 2005 година:** посета на **Врховниот суд на Србија и Црна Гора и Вишиот суд за организиран криминал и воени злосторства во Белград, СиЦГ,** финансирано од страна на Врховниот суд на СиЦГ и УСАИД-Македонија.	0,5
7.5.	**26 - 29 септември 2004 година:** учество на **Интернационалната конференција за судска администрација во Љубљана,**	0,5

	Република Словенија, финансирано од страна на УСАИД.	
7.6.	**15 - 16 септември 2003 година**: едномесечен **студиски престој на Правниот факултет при Универзитетот во Ајдахо (University of Idaho, College of Law)** во Москоу, Ајдахо во Соединетите Американски Држави, како дел од делегацијата од Правниот факултет "Јустинијан Први", Скопје. Оваа програма за размена на студенти беше финансирана од **АБА-ЦЕЕЛИ**, Скопје.	0,5
8.	**Член на факултетска комисија**	
8.1.	Од 2010 до денес - секретар на Колегиумот на магистерските студии по казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје	0,5
8.2.	2010 - член на Комисија за запишување на студенти на првиот циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје	0,5
8.3.	2009 – член на Комисија за запишување на студенти на првиот циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје	0,5
9.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
9.1.	2011 – секретар на Комисијата за полиција во рамките на Здружението за казнено право и криминологија на Република Македонија	1
	Вкупно	36

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	38,08
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	56,9
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	36
Вкупно	130,98

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р.

_____

Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.

_____

Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

_____

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА УПРАВУВАЊЕТО ВО МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА" ОД М-Р ДРАГАНА ЧИФЛИГАНЕЦ ПРИЈАВЕНА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и врз основа на усвоените ставови за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, на 12 декември 2008 година, кандидатката м-р Драгана Чифлиганец поднесе пријава до Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, за изработка на докторска дисертација со наслов: „Улогата и значењето на управувањето во малите и средните претпријатија".

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 21 декември 2009 година, го усвои извештајот на Комисијата за оцена на подобноста на кандидатката м-р Драгана Чифлиганец и темата за докторска дисертација во состав: д-р Тито Беличанец, редовен професор, д-р Софија Тодорова, редовен професор и д-р Елена Градишки Лазаревска, редовен професор. За ментор го определи проф. д-р Тито Беличанец.

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 29 март 2013 година, формираше Комисија за оцена на подобноста на кандидатката м-р Драгана Чифлиганец и темата за докторска дисертација во состав: д-р Тито Беличанец, редовен професор, д-р Софија Тодорова, редовен професор и д-р Елена Градишки Лазаревска, редовен професор. По разгледувањето на поднесената докоторска дисертација, Комисијата го поднесува до Наставно-научниот совет следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Содржина на трудот

Докторскиот труд „Улогата и значењето на управувањето во малите и средните претпријатија" содржи вовед, пет дела и заклучни констатации. Трудот има 360 страници текст и 695 фусноти, при што се користени 135 библиографски извори, како и бројни извештаи од институции од земјата и од странство. Докторската дисертација е составена од 7 дела.

Воведот, односно **првиот дел** во докторската дисертација претставува осврт на економската состојба во Република Македонија. Кандидатката го елаборира предметот на истражувањето. Несомнено, во центарот на истражувањето се малите и средните претпријатија кои претставуваат spiritus muvens на секоја економија. Кандидатката во овој дел од трудот направила успешна историска ретроспектива на состојбите во Република Македонија кои ги смета за клучни во развојот на економијата. Понатамошната анализа во трудот е насочена кон законските регулативи како предуслов за создавање на современа пазарана економија.

Во **првот дел од** трудот под наслов: „Создавање на поволна деловна клима во Република Македонија", кандидатката со полно право, врз основа на продлабочена и детална анализа, заклучила дека во последните години се спроведени низа реформи за подобрување на бизнис-опкружувањето во Македонија. Кандидатката резимето на дел од трудот нотира дека даноците се значаен фактор за развој на економијата и токму младите држави кои поминуваат низ многу турбуленции, како што е Република Македонија, посебно внимание треба да ѝ посветат на даночната политика.

Во **вториот дел** од докторскиот труд се прикажува користената методологија во истражувањето. Трудот има теоретска, практична и истражувачка димензија, со соодветна употреба на различни квалитативни и квантитативни методи, заедно со спроведените пилот-тестирања остварени преку интервјуа и прашалници, со што кандидатката успеала да дојде до изворно и научно релевантни заклучоци.

Во **третиот дел** се разработуваат теоретските постулати поврзани со концептот на мали и средни претпријатија, што му дава на трудот теоретската димензија. Најпрвин кандидатката пристапила кон поимно определување на малите и средните претпријатија. Притоа јасно укажала дека мора да се прави дистинкција меѓу поимите фирма, претпријатие и трговско друштво (компанија). Како релеватна дефиниција за малите и средните претпријатија со право ја прифатила дефиницијата која е општоприфатена во земјите-членки на ЕУ. Во својата анализа, кандидатката во поединости ги објаснува критериумите за поделба на претпријатијата, а посебно внимание посветува на микро претпријатието кое е протип на претпријатие во Европската унија. Овој дел на трудот е поткрепен со најновата и најрелевантната статистика за малите и средните претпритија на стариот континент. Во овој дел од трудот анализата е насочена и кон карактеристиките на малите и средните претпријатија. Кандидатката напрвила и SWOT-анализа за малите и средните претпријатија, а иновативноста на малото стопанство, со право го смета за основа за развој на конкуретноста. Со соодветна правна аргументација и статистичка анализа во трудот јасно укажува дека еден од клучните фактори за развој на економијата се токму малите и средните претпријатија.

Истражувањето е насочено и кон Република Македонија и нејзината стратегија за развој на малите и средните претпријатија. Притоа, со примена на компаративниот метод е направена спредбената анализа меѓу малите и средните претпријатија во Македонија, Европската унија и други држави во светот. Споредбената анализа е направена и меѓу малите и средните претпријатија и големите коорпорации, а овој дел од трудот е завршен со синергетски заклучок кој

се заснова на споредбената анализа на МСП во различни земји и споредбената анализа меѓу МСП наспроти големите коорпорации.

Четвртиот дел од трудот насловен „Правна рамка за развој на микро, малите и средни претпријатија“ е индикативен показател дека микро претпријатието е основна научна преокупација на кандидатката. Поголем сегмент од овој труд се однесува на анализизата на законските решенија, а пред сè како тие влијаат на малите и средните претпријатија. Кандидатката темелно го анализира Актот за мал бизнис во Европа, при што посебно внимание посветува на принципот „think small first“ што резултира со поедноставен пристап во основањето и работењето на МСП во однос на големите претпријатија. Кандидатката направила и соодветна анализа на влијанието на законите врз малите и средните претпријатија во Јапонија, како земја во која МСП имаат енормен развој и традиција.

Тежиштето во овој дел на трудот е на влијанието на законската регулатива и врз малите и средните претпријатија во Република Македонија. Во истражувачкиот фокус на кандидатката се лоцирани: Законот за трговските друштва, кој е „устав“ за економијата, законската регулатива за директни странски инвестиции и регулативата за мерки за развој на малите и средните претпријатија. Кандидатката и во овој дел од трудот користи соодветна истражувачка димензија која е видлива во целиот докторски труд. Посебно ги анализира законските реформи во Западен Балкан, инклузивно и Република Македонија наспроти Европската унија, при што со право нагласува дека condition sine qua non за понатамошен развој на малите и средните претпријатија е унификацијата и хармонизацијата на правната рамка за овие ентитети.

Петтиот дел од трудот е насловен "Управување со трговските друштва-мали и средни претпријатија". Овој дел од трудот започнува со продлабочена и детална егзегеза на решенијата содржани во Законот за трговските друштва кои се однесуваат на управувањето. Имајќи предвид дека во Република Македонија постојат пет форми на трговски друштва, кандидатката го анализира управувањето на сите форми на трговски друштва, но во поединости ги анализира решенијата содржани во Законот за трговските друштва за МСП, а пред сè за управувањето на акционерското друштво од едно лице, командитното друштво, командитното друштво со акции и јавното трговско друштво. Но, тежиштето на анализата е на управувањето со друштвото со ограничена одговорност, бидејќи со право кандидатката смета дека токму оваа форма се смета за најсоодветна за основање на мали и средни претпријатија. Кандидатката во поединости и референтни примери ги објаснила ингеренциите на управителот, односно управителите во друштвото со ограничена одговорност, неговото именување, отповикување и сл.

Имајќи предвид дека Сојузна Германија е колевка во која се развило друштвото со ограничена одговорност, односно GmbH, кандидатката ги објаснува решенијата содржани во германското законодавство и поставува линии на разграничување и точки на поврзување на германското и македонското друштво со ограничена одговорност.

Компаративната анализа е проширена и на законската регулатива на САД, Белгија и Франција. Ilustranti causa, во овој дел на трудот е објаснет концептот на корпоративно управување. Кандидатката ги објаснила појавните облици на корпоративното управување, неговите начела и основата за развој на овој концепт,

која несомнено е содржана во Законот за трговските друштва. Кандидатката објаснувајќи ги моделите на управување и основните карактеристики на корпоративното управување, храбро, легитимно и коректно расправа и за дилемата дали корпоративното управување е менаџмент.

Во понатамошниот дел од трудот во поединости е анализирано управувањето со акционерските друштва при што посебно внимание е посветено на одвојувањето на позицијата главен извршен директор и претседател на одборот на директори, потребата од добар директор и прашањето дали надворешните директори навистина можат да бидат независни. Во овој дел од трудот, предмет на анализа се едностепениот и двостепениот систем на управување со акционерските друштва во Република Македонија, со посебен осврт на акционерските друштва од едно лице.

Во **шестиот дел** од докторскиот труд е обработен еден многу значаен сегмент за економијата и на МСП, а тоа е маркетинг-процесот. Во корелација со поставената теза во трудот е обработен маркетинг процесот кај малите и средните претпријатија. Кандидатката најпрвин направила историска ретроспектива на концепцијата за маркетинг, а потоа пристапила кон негово поимно определување. Објаснувајќи дека постојат различни дефиниции за маркетинг, во трудот е апострофирано дека, меѓу другото, маркетингот се дефинира како процес на планирање и спроведување на концептот, одредување на цената, развивање и размену̀вање на идеи, производот и услугата заради остварување на промет со кој се постигнува целта на поединците и организациите. Во трудот посебно внимание е посветено на целите и улогата на маркетинг-процесот, при што тежиштето е ставено на малите и средните претпријатија. Додадената истражувачка димензија во овој сегмент на трудот успешно е остварена преку освртот како се имплементира маркетинг-процесот кај малите и средните претпријатија. Кандидатката нагласува дека процесот на имплементација на маркетингот во МСП подразбира процес на создавање стратегија, укомпонирање на активностите и вработените. Со соодветни аргументи и практички примери е потенцирано дека треба да се проучат потрошувачите, да се анализира нивното однесување, да се види какви услуги преферираат во одреден период од животот, кога и како ги користат тие услуги и, на крајот, како се создава еден лојален клиент кој на компанијата ќе ѝ носи задоволителна профитабилност на долг рок.

Седмиот дел од трудот е посветен на еден од *ala mode*-концептите во деловното право, а тоа е корпоративната општествена одговорност, но повторно од аспект на малите и средните претпријатија. Кандидатката со јасен концепт, тргнувајќи од општото кон поединечното, во својот докторски труд најпрво поимно ја определила корпративната општествена одговорност, ги објаснила нејзините појавни облици, како и нивоата на општествена одговорност. Применувајќи го историскиот метод, кандидатката направила историска ретроспектива кога се во прашање развојните фази на корпоративната општествена одговорност. Тежиштето во овој дел од трудот е ставено на корпоративната општествена одговорност на малите и средните претпријатија. Посебно треба да се нагласи дека кандидатката се обидува да најде нишки на поврзување меѓу различни концепти и појави во деловното право и економијата како што корпоративната општествена одговорност и маркетинг-процесот. На крајот на овој дел, кандидатката своите согледувања ги

сумирала со свои лични видувања за општествената одговорност во македонски, европски и глобален контекст.

Во **заклучните констатации** на докторската дисертација со право е нагласено дека развојот на МСП и претприемаштвото може да се постигне со зголемување на нето-растот на новите претпријатија и со промовирање на брзорастечки иновативни мали и средни претпријатија преку подобро финансирање. Потоа, кандидаката јасно апострофира дека по прашањето на управување со малите и средните претпријатија, македонскиот законодавец бил максимално флексибилен. Беспоговорно е нотирано дека нашите претприемачи сè уште ги немаат согледано предностите од воспоставување на колегијален орган на управување во друштвата со ограничена одговорност, но веројатно извесно влијание за ваквите состојби имаат и актуелните економски тенденции во државата, но и пошироко. На крајот, кандидатката уште еднаш нагласува дека малите и средните претпријатија се движечка сила на секоја економија, а пред се на македонската, а потребата од добро управување со нив е иманетна.

Оцена и предлог

Во докторската дисертација „Улогата и значењето на управувањето во малите и средните претпријатија" кандидатката обработува една извонредно современа и актуелна тема. Кандидатката се зафатила со разработка на тема што е многу е многу малку обработувана, од аспект на правото и економијата.

При изработката на трудот, кандидатката ја користела најсовремената и релевантна литература за третираната проблематика и направила увид во релевантните акти на Европската Унија, на земјите- членки на Унијата, на Република Македонија и на законите на голем број земји во светот.

Кандидатката успешно одговорила на поставените истражувачки задачи. Докторската дисертација методолошки, јазички и терминолошки ги задоволува критериумите на научно истражувачка докторска теза. Материјата во трудот е презентирана избалансирано, според еден логички редослед, тргнувајќи и од општото, преку посебното до поединечното. Материјата и ставовите на кандидатката се презентирани на едноставен и јасен начин.

Кандидатката темата на докторската дисертација ја обработува преку научни истражувања и продлабочени анализи со користење на различни квантитативни и квалитативни методи, а посебно треба да се нагласат спроведените сопствени истражувања преку интервјуа и прашалници.

Од сето изнесено, Комисијата може слободно да оцени дека пред себе има исклучително солидно изработен самостоен научен труд кој е резултат на самостојна научна работа и преставува придонес за развојот на научната мисла. Оттаму, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје да го усвои овој извештај и позитивна оцена на трудот и да и овозможи на кандидатката м-р Драгана Чифлиганец јавно да ја одбрани Докторската дисертација под наслов „Улогата и значењето на управувањето во малите и средните претпријатија."

Комисија

Д-р Тито Беличанец, редовен професор – ментор , с.р.

_____

Д-р Софија Тодорова, редовен професор, с.р.

_____

Д-р Елена Градишки-Лазаревска редовен професор – член, с.р.

_____

Д-р Димитар Гелев, редовен професор – член, с.р.

_____

Д-р Александар Климовски, доцент-член, с.р.

_____

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ИСТОРИЈА НА ФИЛОЗОФИЈАТА, ФИЛОЗОФСКА АНТРОПОЛОГИЈА И ФИЛОЗОФИЈА (ОПШТ КУРС) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за следниве научни области (дисциплини): историја на филозофијата, филозофска антропологија и филозофија (општ курс), објавен во дневниот весник „Дневник“ на 8.5.2013 година и во дневниот весник „Lajm“ на 8.5. 2013 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на XXXIX редовна седница, одржана на 31.5.2013 година, формира Рецензентска комисија, во состав: проф. д-р Вера Георгиева, проф. д-р Иван Џепароски и доц. д-р Ристо Солунчев.

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, како членови на Комисијата, имаме чест да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријавиле двајца кандидати:

1. д-р Јасмина Наумоска
2. д-р Бошко Карацов.

Врз основа на документите што ги поднесле кандидатите, Комисијата го утврди следново:

Кандидатката д-р Јасмина Наумоска ги поднесла следниве документи:

1. Документи за завршено образование
- Диплома за завршени додипломски студии (копија заверена на нотар)
- Уверение за дипломирање и положени испити од прв циклус (копија заверена на нотар)
- Диплома за завршени постдипломски магистерски студии (копија заверена на нотар)
- Уверение за завршени постдипломски магистерски студии и положени испити (копија заверена на нотар)
- Уверение за завршени постдипломски магистерски студии (копија заверена на нотар)
- Уверение за одбранета докторска дисертација (копија заверена на нотар)

2. Куса биографија и CV
3. Пополнет образец кон извештајот за избор во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање
4. Список на објавени научни и стручни трудови
5. По еден примерок од објавените трудови
6. Примероци од магистерскиот труд и од докторската дисертација
7. Уверение за државјанство

Биографски податоци

Д-р Јасмина Наумоска е родена1985 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование со одличен успех. Дипломирала на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје во 2008 година, со просечен успех 9,98. Истата година ги запишала постдипломските студии на истиот Институт, на насоката историја на античката филозофија. Испитите ги положила со средна оценка 10,00. Со одбраната на магистерскиот труд „Проблемот на познанието во стоичката и епикурејската филозофија" во март 2010 година се здобила со научен степен магистер на филозофски науки. Во април 2013 година ја одбранила докторската дисертација на тема „Проблемот на интерпретацијата на Платоновата филозофија". Од 2011 година таа е студент на додипломските студии на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во периодот од септември 2008 до јуни 2010 година, д-р Јасмина Наумоска била ангажирана како демонстратор на Институтот за филозофија, а од јули 2010 година се вработила како помлад асистент во областите: историја на филозофија и филозофија (општ курс). Во периодот од јануари до мај 2012 година, како стипендист на Американската влада, во рамките на програмата за развој на млади предавачи (Junior Faculty Development Program), престојувала на Државниот универзитет на Флорида (Florida State University - Tallahassee, FL). Од 2011 година ја извршува функцијата генерален секретар на Филозофското друштво на Македонија, а истата година се вклучила и како член на Уредничкиот одбор на списанието „Филозофија". Од зимскиот семестар 2012/2013 години ја извршува функцијата секретар на постдипломските студии на Институтот за филозофија.

Како член или претседател на програмски и организациски одбор учествувала во одржувањето на неколку конференции, собири и други активности (XIème édition de l'Université européenne d'été du réseau *OFFRES - Argumentation. Droit, politique, sciences*, во организацијата на конференците: „2400 години од основањето на Платоновата академија", Годишна конференција на CEENJ (Central and Eastern European Network of Jurisprudence), „Делото на Артур Шопенхауер - 150 години од смртта на филозофот", „Делото на Дејвид Хјум - по повод 300-годишнината од раѓањето на филозофот", „Филозофијата на крстопат: аналитичка и/или континентална филозофија", Прва студентска конференција „Метафизика" и др.).

Наставно-образовна дејност и други педагошки активности

Во 2008 кандидатката Ј. Наумоска била примена како демонстратор на Институтот за филозофија. Во рамките на нејзините обврски таа одржувала вежби по предметите: античка филозофија 1, 2, средновековна и ренесансна филозофија, византиска филозофија и филозофија (општ курс). Како демонстратор била ангажирана и во други активности од интерес на Институтот за филозофија и Филозофскиот факултет во Скопје.

Во 2010 година Ј. Наумоска била вработена како помлад асистент на Филозофскиот факултет на предметите: античка филозофија (за студентите од Институтот за филозофија, историја на уметност и археологија), средновековна и ренесансна филозофија (за студентите од Институтот за филозофија, историја на уметноста и археологија), византиска филозофија (за студентите од Институтот за

филозофија, историја на уметноста и археологија), хеленистичко-римска филозофија, филозофска антропологија (за студентите од Институтот за филозофија, историја на уметноста и археологија), филозофија-општ курс (за студентите од институтите за педагогија, дефектологија, социологија) и академско пишување (за студентите од Институтите за филозофија и социјална работа и политика).

Со нагласена посветеност, професионална одговорност, со највисок педагошки усет таа извршувала не само задолженија во рамки на наставата, туку и во консултациите, подготовките и проектните активности на студентите. Особено се истакнува со нејзината способност за воведување иновации во одржувањето на наставата. Од изборот за демонстратор до денес д-р Ј. Наумоска успешно се вклопила во наставно-образовниот и педагошкиот процес на Институтот за филозофија и Филозофскиот факултет. Тоа се потврдува и со нејзиното несебично ангажирање во екстракурикуларните активности. Во нејзина организација се спроведувала практичната настава за студентите на Институтот за филозофија предвидена со Статутот на Факултетот. Исто така, таа била член на повеќе комисии за одбрана на дипломски работи на студентите. Кандидатката подготвила пакет материјали и скрипта за предметот античка филозофија, за потребите на студентите.

Во согласност со член 10 и член 11 (пречистен текст) од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 173, 2 август 2011), може да се констатира дека д-р Јасмина Наумоска од областа **наставно-образовна дејност** остварила 38,17 поени.

Научноистражувачка дејност

Според член 10 и член 11 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно- научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, членовите на Комисијата утврдија дека д-р Јасмина Наумоска од областа **научноистражувачка дејност** остварила 29,00 поени. Тоа го потврдуваме со следниов список на активности:

20.3.2013 - Одржано предавање на „Богословско-филозофски колоквиум" на Богословскиот факултет во Скопје, со наслов „Интерпретација и објективност: случај Платон".

26.2.2013 - Одржано предавање пред „Сојуз на интелектуалци од трето доба" со наслов „Платоновото ненапишано учење - или за вредноста и статусот на пишувањето и зборувањето".

1-10.9.2008 - учество на Европскиот универзитет на тема „Употребите на нормата: знаења, политика, општество" (Usages de la norme : savoirs, politique, société) во Саранда, Албанија, во организација на Европскиот универзитет од Тирана и мрежата OFFRES; учесник на работилницата „Правните норми" („Les normes juridiques"), 4. 9. 2008.

2010 - „Филозофија на ангажираната свест - Морис Мерло-Понти." *Филозофија* 28 (2010) : 137-56.

2010 - „Критериумот на вистината во Стоичката филозофија.“ *Жива антика* 60, 1-2 (2010): 109-124.

20. 11.2010 - Учество на симпозиумот „Делото на Артур Шопенхауер - по повод 150. годишнина од смртта на филозофот“, во организација на Филозофското друштво на Македонија и Институтот за филозофија, излагање на тема: „Шопенхауер и Платоновите идеи“.

2011 - „Шопенхауер и Платон.“ *Филозофија* 30 (2011) : 27-36.

2011 - „Природата на 'πρόληψις' во Епикурејската гносеологија.“ *Systasis* 19 (2011) <http://systasis.org/index.php?option=com_content&view=article&id=198&lang=en>

2011 - „Неколку парадигми во толкувањето на Платоновата филозофија.“ *Годишен зборник на Филозофскиот факултет - Скопје* 64 (2011) : 21-34.

17.11.2011 - Учество на симпозиумот „Делото на Дејвид Хјум - по повод 300-та годишнината од раѓањето на филозофот“ во организација на Филозофското друштво на Македонија и Институтот за филозофија, излагање на тема: „Античките корени на Хјумовиот скептицизам“

24-25.2.2012 - учесник во работилницата "Russel M. Dancy Werkmeister Workshop", Florida State University, Tallahassee, Florida.

20.4.2012 - Одржано предавање на покана на Florida State University - "What is Byzantine Philosophy?"

15.11.2012 - Учество на симпозиумот „Филозофијата на крстопат: аналитичка и/или континентална филозофија“ во организација на Филозофското друштво на Македонија и Институтот за филозофија, излагање на тема: „Континентален и аналитички Платон - 'изгубени во интерпретацијата'“

1. 12.2012, - Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество - First International Interdisciplinary Conference for Young Scholars in Social Sciences and Humanities - CONTEXTS, Faculty of Philosophy, University of Novi Sad; Платон и Дерида - „Pharmakon“ и „Khôra“ како Différance.

Анализа и оцена на научни и стручни трудови

„**Филозофија на ангажираната свест – Морис Мерло-Понти.**“ *Филозофија* 28 (2010): 137-156.

Во овој текст кандидатката д-р Јасмина Наумоска се занимава со најзначниот прилог за филозофијата на авторот Морис Мерло-Понти, неговата феноменолошка теорија на перцепцијата. Според мислењето на кандидатката, Мерло-Понти ја носи феноменологијата на едно поинакво и поспецифицирано ниво.

Овој текст го анализира Понтиевиот концепт за перцепцијата, однесувањето, просторот, јазикот, телесното движење, амбигвитетот и релацијата со другите, како што е пренесен во неговите клучни рани дела „Феноменологијата на перцепцијата“ и „Структура на однесувањето“. Во овие дела Понти ја изложува проблематичната природа на традиционалните филозофски дихотомии (ум-тело, мисла-јазик, Јас-светот, внатре-надвор) и ги елаборира алтернативите кои тие ги даваат, но за кои тој смета дека се незадоволителни. Според него, тие се екстремно погрешни позиции. Поради тоа, според кандидатката, Морис Мерло-Понти тежнее да ја ре-ориентира филозофијата.

„Платон и Шопенхауер." *Филозофија* 30 (2010): 27-36.

Овој текст ги истражува различните пресеци каде што се сретнуваат Платоновата и Шопенхауеровата филозофија и го евалуира теориското „долг" на Шопенхауер кон Платон под светло на Раселовиот скептицизам. Текстот го истражува нивниот поим за „идеја", имајќи ги предвид анализите на Шопенхауер за сфаќањето на Платон и Кант за овој термин, онтолошкиот статус на идеите во двата филозофски системи и проблемите што се јавуваат имајќи ја предвид трансцендетната природа на идеите, гносеолошките аспекти каде што акцент е ставен на улогата на уметноста и уметникот, особено на музиката и музичарот во Шопенхауеровата теорија на познанието, и, најпосле, ги истражува практичните конеквенции од контемлацијата на идеите.

Кандидатката заклучува дека Шопенахуер е под влијание на Платон и тој факт е несомнен. Но, теоријата на идеите нема толку фундаментална улога во филозофијата на Шопенхауер како што е тоа случај кај Платон. Според неа, целта на Шопенхауер не е да даде аподиктичен став за реалноста преку теоријата на идеите, туку да здивне од неа. Во таа смисла, Шопенхауер не му должи ништо на Платон, ниту во теоретска, ниту во етичка смисла. Црпењето инспирација не значи и интелектуален долг.

„Критериумот на вистината во стоичката филозофија." *Жива антика* 60, 1-2 (2011): 90-124.

Предмет на интересирање на кандидатката, во овој текст е концептот на критериумот на вистината кој зазема главно место во хеленистичката гносеолошка размисла. Овој текст ја претставува стоичката теорија на критериумот на вистината и специфичните одговори кои таа ги нуди. Имено, текстот ја анализира стоичката употреба на термините „вистина" и „вистинито", значењето на „λεκτόν" како носител на вистинитоста, специфичната употреба на терминот „критериум" кој е различен од Епикуровата употреба и дискутира за концептот на пролепсис како специфичен вид на критериум. J. Наумоска увидува дека иако теоријата за критериумот на вистината има своја сопствена употреба сепак, за првпат, теоријата на познанието добива сопствена апликација во филозофското истражување. Логиката во стоичката филозофија добива терапевтска функција, а поставувањето на темелите на недвосмислен критериум на вистината станува „remedium animae".

„Природата на πρόληψις во Епикурејската гносеологија." *Systasis* 19 (2011) <http://systasis.org/index.php?option=com_content&view=article&id=198&lang=en>

Со ревитализацијата на хеленистичката филозофија, концептот на πρόληψις бил еден од првите кои биле ревидирани од страна на историчарите на филозофијата. Имајќи го предвид фактот дека поимот „πρόληψις" (предрасудување) не соодветствува со ниеден современ епистемолошки термин, кандидатката тврди дека е мошне тешко да се дефинира неговата природа. Според нејзината оценка, проблем се појавува кога со овој концепт се поврзуваат некои рационалистички елементи во Епикуровата гносеологија имајќи ги предвид поединечните предрасудувања, како на пример, предрасудувањето за Бог. Епикур го фундира ова предрасудување врз основа на аргументот „consensus gentium", според кој секој човек има заедничка, вродена идеја за Бог.

Според нејзиното мислење, сетилните впечатоци се врвниот критериум на вистината според кои се тестираат дури и најсуптилните теории, па затоа потрагата

по дополнителен критериум е непотребен. Предрасудувањата се, на еден начин, продолжена функција на сетилните впечатоци, а нивната природа не е различна од природата на впечатоците. Овој став корелира со автентентичната Епикурова филозофска позиција, имено со неговиот атомизам и сензуализам.

„**Неколку парадигми во толкувањето на Платоновата филозофија.**" *Годишен зборник на Филозофскиот факултет - Скопје* 64 (2011) : 21-34.

Ј. Наумоска, во овој текст, поаѓа од констатацијата дека во историјата на филозофијата не постои дело коешто било толку различно толкувано како делото на Платон. Имајќи ја предвид историјата на интерпретативните парадигми, таа тврди дека може дури и да се зборува за формирање на една потдисциплина во платонистичките студии. Според неколкуте карактеристични појдовни точки, таа смета дека можат да се диференцираат неколку парадигми во толкувањето на Платоновата филозофија: „роматичарската" на Шлаермахер, девелопменталистичката, „езотеричната" на Кремер и Штраус, аналитичката и драмската. Без намера да застане на страната на некоја од овие парадигми, овој текст има повеќе цел да ја стави под знак прашалник можноста за „објективно" толкување на Платоновите дела и притоа да укаже дека денешниот интерпретатор кој е обземен од својот систематизирачки порив треба да се врати кон Платон каде што повеќе треба да ја открива „вистината", одошто „значењето" на Платоновата филозофија.

Заедно со другите документи кандидатката поднесла по еден примерок (копии) од мегистерскиот и од докторскиот труд.

Во **магистерскиот труд** на кандидатката д-р Јасмина Наумоска се обработува проблем од историјата на филозофијата. Трудот има има наслов „Проблемот на познанието во стоичката и епикурејската филозофија". Таа прецизира дека, најпрво ќе ги анализира ставовите за изворите, можностите и границите на познанието, но исто така и некои специфични гносеолошки проблеми во овие две значајни филозофски школи, како што се емпиризмот како основна гносеолошка позиција на двете филозофски школи и прашањето за критериумот на вистината. Таа тврди дека на полето на познанието, хеленистичката филозофија е исклучително плодна. Тоа значи дека прашањата за познанието не само што се одделени во посебна дисциплина, туку се воведуваат и нови прашања и се користи специфична терминологија која дотогаш не била употребувана. Според заклучокот на Ј. Наумоска, стоиците и епикурејците, на планот на познанието, отвориле нова перспектива и понудиле одговори кои потсетуваат на нововековните гносеолошки слогани. Во овие две филозофски школи познанието добива специфична карактеристика. Тоа повеќе не е цел на самото себе, туку добива определена функција, тоа е познание поради нешто. Познанието станува сила и моќ во жестоката битка против стравот од смртта и од боговите.

Докторскиот труд е од областа на методологијата на историјата на филозофијата. Трудот има наслов „Проблемот на интерпретацијата на Платоновата филозофија". Ј. Наумоска ја истакнува улогата на проблемот на толкувањето на Платоновата филозофија во рамките на платонистичките студии, а воедно прави и временска рамка на појавата и развивањето на овој проблем. Ј. Наумоска нагласува дека во својот текст ќе ги прикаже интерпретациите кои тежнеат да понудат објективно толкување на Платоновата филозофија или кои претендираат да дадат

метод со кој би можело да се дојде до некаква вистина за нив. Таа укажува дека дисертацијата нема да се занимава со еден конкретен проблем во Платоновата филозофија, туку дека кон неа ќе пристапи од една метаперспектива, односно дека ќе го проблематизира начинот на проблематизирање на различните аспекти на филозофијата на Платон. Како своја задача таа си поставува да скицира екстензивна анализа и компарација на методите на различните интерпретативни струи со цел да го проблематизира современото читање на Платон и критички да се осврне на различните интрепретативни методи, а со тоа да отвори дискусија за можноста за објективно и автентично толкување на Платоновите дела.

Стручно-апликативна дејност

Што се однесува до стручно-апликативната дејност, кандидатката д-р Ј. Наумоска го фокусирала своето внимание и учество во многубројни организациски и програмски одбори, национални проекти, тела, комисии и институции на локално и на меѓународно ниво. Членовите на Рецензентската комисија, овде го истакнуваат нејзиниот престој на Државниот универзитет на Флорида (Florida State University - Tallahassee, FL) како стипендист на Американската влада, во рамките на програмата за развој на млади предавачи (Junior Faculty Development Program).

Учество на промотивни активности на Факултетот/Институтот

- Член на Организацискиот одбор на Свечената академија по повод 90 години Филозофски факултет во Скопје, МОБ, 16. 12. 2010.
- Член на Организацискиот одбор на „Филозофско филмско фестивалче", Институт за филозофија, Филозофски факултет - Скопје, секој четврток, 1. 4.2010-28. 12. 2011; секој понеделник 22. 5. 2013 - сега.
- Учество во организација на Отворен ден на Филозофскиот факултет - 2010, 2011.
- Одговорно лице - координатор на Филозофскиот факултет во Скопје за проектот „Дебатирај академски", организиран од МОФ за учебната 2012/2013.
- Промоција на дебатниот клуб на Филозофскиот факултет - претседател на Организацискиот одбор на јавната дебата: „Овој дом (не) верува дека факултетската диплома ја губи својата вредност", Филозофски факултет - Скопје, 15.3.2013.
- Промоција на дебатниот клуб на Филозофскиот факултет - член на Организацискиот одбор на јавната дебата: „Овој дом (не) верува дека болоњскиот систем донесе поголем квалитет во македонското образование", Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 24.4.2013.

Дејности од поширок интерес

- Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: „Филозофија", 2010-2013.
- Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: XIème édition de l'Université européenne d'été du réseau *OFFRES - Argumentation*. Droit, politique, sciences, Ohrid, 16-24. 07. 2011
- Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: „2400 години од формирањето на Платоновата Академија", Филозофски факултет - Скопје, 25-25. 10. 2013.

- Член на организацискиот или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Годишна конференција на CEENJ (Central and Eastern European Network of Jurisprudence), Охрид, 15-18.9.2013.

- Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир: „Делото на Артур Шопенхауер - 150 години од смртта на филозофот", 20. 11. 2010

- Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир: „Делото на Дејвид Хјум - по повод 300 годишнината од раѓањето на филозофот". 17. 11. 2011

- Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир: „Филозофијата на крстопат: аналитичка и/или континентална филозофија", 15. 11. 2012

- Член на организациски одбор на стручен собир: Трибина на тема: „Филозофскиот дијалог во Македонија" и промоција на 30-иот број на списанието „Филозофија", 6.5.2011.

- Член на организациски одбор на стручен собир: Трибина на тема: „Биоетика: појава, предизвици, можности" и промоција на 31-иот број на списанието „Филозофија", 24. 6. 2011.

- Претседател на организациски или програмски одбор на научен стручен собир: Прва студентска конференција „Метафизика", Филозофски факултет - Скопје, 17. 04. 2013

- Студиски престој во странство: до 6 месеци, JFDP - Florida State University, јануари 2012 - јуни 2012.

- Изготвување на научен национален проект (соработник): „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа", Министерство за образование и наука, април 2013.

- Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник): „Нормите, вредностите и рационалноста: Логичка анализа на правната јустификација", април 2011.

- Член на факултетска комисија: член на Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии (за учебната 2010/11)

- Член на факултетска комисија: член на Пописна комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, благајна и побарувања и обврски со состојба на 31. 12. 2010

- Член на факултетска комисија: член на Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии (за учебната 2011/12)

- Член на факултетска комисија: секретар на постдипломските студии на Институтот за филозофија (од јануари 2013)

- Член на факултетска комисија: член на Комисија за организација на „Денот на високото образование на Универзитетот 'Св. Кирил и Методиј'", 26.4. 2013

- Учество во комисии и тела на државни и други органи: генерален секретар на Филозофското друштво на Македонија.

Во согласност со член 10 и член 11 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Јасмина Наумоска од областа стручно-апликативна дејност остварила 17,50 поени.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ (ДОЦЕНТ)

Кандидат: д-р Јасмина Наумоска

Институција: Филозофски факултет / Институт за филозофија

Научна област: историја на филозофијата, филозофска антропологија, филозофија - општ курс

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
	Настава во школи и работилници	
1.	*Учесник: VIIIume üdition de l'Universitй Europйenne d'Йtй du rüseau OFFRES:* Usages de la norme : savoirs, politique, sociйtй , *1-11. 09. 2008, Saranda, Albanie*	1,00
2.	Учесник: "Russel M. Dancy Werkmeister Workshop", 24-25. II 2012, Florida State University, Tallahassee, Florida	1,00
	Одржување на теренска настава	
3.	Археолошки музеј при Филозофскиот факултет, мај-јуни 2012 (30 часа)	1,20
	Одржување на вежби од I циклус студии	
4.	Античка филозофија I (3+2), зимски семестар 2008/2009	0,90
5.	Средновековна и ренесансна филозофија (3+2), зимски семестар 2008/2009	0,90
6.	Античка филозофија II (3+2), летен семестар 2008/2009	0,90
7.	Византиска филозофија (3+2), летен семестар 2008/2009	0,90
8.	Античка филозофија (4+2), зимски семестар 2009/2010	0,90
9.	Средновековна и ренесансна филозофија (3+2), зимски семестар 2009/2010	0,90
10.	Византиска филозофија (3+2), летен 2009/2010	0,90
11.	Средновековна и ренесансна филозофија (4+2), летен семестар 2009/2010	0,90
12.	Античка филозофија (4+2), зимски семестар 2010/2011	0,90
13.	Византиска филозофија (4+2), зимски семестар 2010/2011	0,90
14.	Филозофија (3+2) (ФЗФ/ИПед, ИДеф), зимски семестар 2010/2011	0,90
15.	Античка филозофија (3+2) (ФЗФ/Умет.), зимски семестар 2010/2011	0,90
16.	Филозофска антропологија I (2+2) (ФЗФ/Арх.), зимски семестар 2010/2011	0,90
17.	Средновековна и ренесансна филозофија (4+2), летен семестар 2010/2011	0,90
18.	Филозофија (3+2) (ФЗФ/Соц), летен семестар 2010/2011	0,90
19.	Филозофска антропологија (4+2), летен семестар 2010/2011	0,90
20.	Филозофска антропологија II (2+2) (ФЗФ/Фил., Арх.), летен семестар 2010/2011	0,90

21.	Византиска филозофија (3+2) (ФЗФ/ИУм.), летен семестар	0,90
22.	Античка филозофија (4+2), зимски семестар 2011/2012	0,90
23.	Византиска филозофија (4+2), зимски семестар 2011/2012	0,90
24.	Филозофија (3+2) (ФЗФ/ИПед, ИДеф), зимски семестар 2011/2011	0,90
25.	Филозофска антропологија I (2+2), зимски семестар 2011/2012	0,90
26.	Античка филозофија (4+2), зимски семестар 2012/2013	0,90
27.	Византиска филозофија (4+2), зимски семестар 2012/2013	0,90
28.	Филозофија (3+2) (ФЗФ/ИПед, ИДеф), зимски семестар 2012/2013	0,90
29.	Античка филозофија (3+2) (ФЗФ/ИУм.), зимски семестар 2012/2013	0,90
30.	Академско пишување (3+2) (ФЗФ/ИФил, ИСоц.раб.и пол), зимски семестар 2012/2013	0,90
31.	Средновековна и ренесансна филозофија (4+2), летен семестар 2012/2013	0,90
32.	Филозофска антропологија (4+2), летен семестар 2012/2013	0,90
33.	Византиска филозофија (3+2) (ФЗФ/ИУм.), летен семестар 2012/2013	0,90
34.	Филозофија (3+2) (ФЗФ/ИСоц.), летен семестар 2012/2013	0,90
35.	**Консултации со студенти**	1,97
	Консултации со студенти 2010/2011 (462 студенти)	0,924
	Консултации со студенти 2011/2012 (211 студенти)	0,422
	Консултации со студенти 2012/2013 (312 студенти)	0,624
36.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (11x0,1)	1,1
37.	**Интерна скрипта од вежби**	3,00
	Античка филозофија (2012)	
38.	**Пакет материјали за предметот** античка филозофија, Филозофски факултет, Институт за филозофија (2010)	1,00
	Вкупно	**38,17**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:**	
	„Филозофија на ангажираната свест-Морис Мерло-Понти.“ *Филозофија* 28 (2010) : 137-56.	4,00
	„Шопенхауер и Платон.“ *Филозофија* 30 (2011) : 27-36.	4,00
2.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:**	
	„Критериумот на вистината во стоичката филозофија.“ *Жива антика* 60, 1-2 (2010): 109-124.	6,00
3.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор:**	
	„Природата на „πρόληψις“ во Епикурејската гносеологија.“ *Systasis* 19 (2011) <http://systasis.org/index.php?option=com_content&view=article&id=198&lang=en>	3,00
4.	**Трудови објавени во зборник на трудови на в. о. институција:**	
	„Неколку парадигми во толкувањето на Платоновата филозофија.“ *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 64 (2011) : 21-34.	2,00
5.	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** - First International Interdisciplinary Conference for Young Scholars in Social Sciences and Humanities - CONTEXTS, Faculty of Philosophy, University of Novi Sad, 1. 12. 2012; Платон и Дерида - „Pharmakon“ и „Khôra“ како Différance.	2,00

6.	**Учество на научен/стручен собир со реферат:**	
	Реферат: „Античките корени на Хјумовиот скептицизам“ - симпозиум: Делото на Дејвид Хјум - по повод 300-годишнината од раѓањето на филозофот, 17. 11. 2011, Филозофски факултет – Скопје.	1,00
	Реферат: „Шопенхауер и Платоновите идеи“ - симпозиум: Делото на Артур Шопенхауер - 150 години од смртта на филозофот, 20. 11. 2010, Филозофски факултет – Скопје.	1,00
	Реферат: „Континентален и аналитички Платон - 'изгубени во интерпретацијата'“ - симпозиум: Филозофијата на крстопат - аналитичка и/или континентална филозофија“, 15.11.2012, Филозофски факултет - Скопје.	1,00
	Реферат: „Интерпретација и објективност: случај Платон“ - „Богословско-филозофски научен колоквиум“, 20.3.2013.	1,00
7.	**Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет:** "What is Byzantine Philosophy?" - Florida State University, 20. 04. 2012.	3,00
8.	**Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција** - Plato and Derrida - „Pharmakon“ and „Khôra“ as Différance , First International Interdisciplinary Conference for Young Scholars in Social Sciences and Humanities - CONTEXTS, Faculty of Philosophy, University of Novi Sad, 1. 12. 2012, Novi Sad: Faculty of Philosophy, 2012, 87.	1,00
	Вкупно	**29,00**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учество на промотивни активности на факултетот/институтот**	
	Член на Организацискиот одбор на Свечената академија по повод 90 години Филозофски факултет во Скопје, МОБ, 16. 12. 2010.	0,50
	Член на организацискиот одбор на „Филозофско филмско фестивалче“, Институт за филозофија, Филозофски факултет - Скопје, секој четврток, 1.4.2010-28.12.2011; секој понеделник, 22.5. 2013 - сега.	0,50
	Отворен ден на Филозофскиот факултет - 2010, 2011, 2 x 0,50=1	1
	Одговорно лице - координатор на Филозофскиот факултет во Скопје за проектот „Дебатирај академски“, организиран од МОФ за учебната 2012/2013.	0,50
	Промоција на дебатниот клуб на Филозофскиот факултет - претседател на Организацискиот одбор на јавната дебата: „Овој дом (не) верува дека факултетската диплома ја губи својата вредност“, Филозофски факултет - Скопје, 15.3.2013.	0,50
	Промоција на дебатниот клуб на Филозофскиот факултет - член на Организацискиот одбор на јавната дебата: „Овој дом (не) верува дека болоњскиот систем донесе поголем квалитет во македонското образование“, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 24.4. 2013.	0,50
2.	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри**	
	Kiwanis Bradfordville club - "Macedonia - current perspectives and future challenges", Tallahassee, Fl, 18.4.2012.	0,50
	JFDP Reentry Seminar, Американски совети за меѓународно образование ACTR/ACCELS, 14. 6. 2012.	0,50

	„Платоновото ненапишано учење - или за вредноста и статусот на пишувањето и зборувањето“, Сојуз на интелектуалци од трето доба, 26.2.2013	0,50
Дејности од поширок интерес		
1.	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: „Филозофија“, 2010-2013.	0,50
2.	Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: XIème édition de l'Université européenne d'été du réseau *OFFRES - Argumentation*. Droit, politique, sciences, Ohrid, 16-24. 07. 2011	1,00
3.	Член на организацискиот или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: „2400 години од формирањето на Платоновата академија“, Филозофски факултет - Скопје, 25-25. 10. 2013	1,00
4.	Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Годишна конференција на CEENJ (Central and Eastern European Network of Jurisprudence), Охрид, 15-18.9. 2013.	1,00
5.	Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир: „Делото на Артур Шопенхауер - 150 години од смртта на филозофот“, 20. 11. 2010.	0,50
6.	Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир: „Делото на Дејвид Хјум - по повод 300 годишнината од раѓањето на филозофот“, 17. 11. 2011.	0,50
7.	Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир: „Филозофијата на крстопат: аналитичка и/или континентална филозофија“, 15. 11. 2012.	0,50
8.	Член на организациски одбор на стручен собир: трибина на тема: „Филозофскиот дијалог во Македонија“ и промоција на 30. број на списанието „Филозофија“, 6.5.2011.	0,50
9.	Член на организацискиот одбор на стручен собир: Трибина на тема: „Биоетика: појава, предизвици, можности“ и промоција на 31-иот број на списанието „Филозофија“, 24. 06. 2011.	0,50
10.	Претседател на организацискиот или програмски одбор на научен стручен собир: Прва студентска конференција „Метафизика“, Филозофски факултет - Скопје, 17. 04. 2013	1,00
11.	Студиски престој во странство: до 6 месеци, JFDP - Florida State University, јануари 2012 - јуни 2012.	1,00
12.	Изготвување на научен национален проект (соработник): „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа“, Министерство за образование и наука, април 2013.	0,50
13.	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник): „Нормите, вредностите и рационалноста: Логичка анализа на правната јустификација“, април, 2011.	0,50
14.	Член на факултетска комисија: член на Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии (за учебната 2010/11).	0,50
15.	Член на факултетска комисија: член на пописна комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, благајна и побарувања и обврски со состојба на 31. 12. 2010	0,50
16.	Член на факултетска комисија: член на Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот	0,50

	за запишување на студенти на прв циклус студии (за учебната 2011/12)	
17.	Член на факултетска комисија: секретар на постдипломските студии на Институтот за филозофија (од јануари 2013)	0,50
18.	Член на факултетска комисија: член на Комисија за организација на Денот на високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, 26. 4. 2013	0,50
19.	Учество во комисии и тела на државни и други органи: генерален секретар на Филозофското друштво на Македонија	1,00
	Вкупно	**17,50**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	38,17
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	29,00
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	17,50
Вкупно	84,67

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Вера Георгиева, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Иван Џепароски, член, с.р.
3. Доц. д-р Ристо Солунчев, член, с.р.

Кандидатот д-р Бошко Карацов ги поднесол следниве документи:

- Уверенија за стекнатите научни степени (магистер на филозофски науки и доктор на филозофски науки)
- CV
- Мотивациско писмо
- Извештај за изборот во наставно-научно звање/доцент, научен соработник, на Институтот „Евро-Балкан“ (во овој извештај е вклучен и табеларен преглед со бодови на неговите активности)
- Список на објавени научни трудови и реферати
- Фотокопирани примероци од трудовите
- Уверение за државјанство
- Уверение за основно познавање на рускиот јазик

Биографски податоци

Д-р Бошко Карацов е роден 1978 година во Велес, каде што го завршил основното и средното образование. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје во 2002 година, со просечен успех 9,43. Во 2006 година го одбранил магистерскиот труд на истиот Институт на тема „Епистемолошките проблеми на логичкиот реконструкционализам“, од областа на логиката и епистемологијата, а во 2011 година ја одбранил докторската дисертација на тема „Парадоксите на индуктивната логика“, од областа на логика и епистемологија, исто така на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје. Во учебната 2003/2004 година работел како професор по филозофија и социологија во Гимназијата „Кочо Рацин“ во Велес. Во 2004 година, во рамките на НВО „Младинска канцеларија“ - Велес, реализирал курс по реторика. Од академската 2007/2008 до 2010/2011 година се вработил како наставен соработник (асистент) на Факултетот за комуникации и медиуми, Факултетот за политички науки и на Факултетот за правни науки при Европскиот универзитет во Скопје. Во звањето научен соработник/доцент бил избран на Универзитетот „Евро-Балкан“, каде што од академската 2011/2012 година работи до денес.

Наставно-образовна дејност и други педагошки активности

Во рамките на наставата на Факултетот за комуникации и медиуми, Факултетот за политички науки и Факултетот за правни науки при Европскиот универзитет, д-р Бошко Карацов извршувајќи ја функцијата наставен соработник (асистент), реализирал настава на повеќе наставни предмети од прв циклус: современи комуникациски теории, нови медиуми и електронска демократија, медиумско и комуникациско право, медиумска и комуникациска етика, политичка социологија, етика во политиката, методологија на научните истражувања и етика и деонтологија, како и од втор циклус по предметот методологија на насоките комуникации и медиуми и применета политика на Факултетот за политички науки при Европскиот универзитет. Кандидатот не поднел документ со кој ќе се

докаже со кој фонд на часови ја изедувал наставата и вежбите по споменатите предмети. За потребите на предметите методологија и етика и деонтологија, кандидатот изработил интерна скрипта од предавања. Д-р Б. Карацов учествувал во подготовката на наставните програми на Факултетот за политички науки за студиите од прв, втор и трет циклус на студии.

Од учебната 2011/2012 до сега, кандидатот изведува настава на втор циклус студии на Универзитетот „Евро-Балкан" по предметите: античка филозофија, современа филозофија и епистемологија на општествените и хуманистички науки.

Поради недостиг на информации и докази за фондот на часови што ги одржал кандидатот, членовите на Рецензентската комисија не се во можност да ги вреднуваат со поени овие негови активности во образецот кој треба да ги содржи и овие податоци. Од другите активности, во согласност со член 10 и 11 (табела 1а) од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 173, 2 август 2011), може да се констатира дека д-р Б. Карацов од областа **наставно-образовна дејност** освоил 10, 50 поени.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот ги објавил следниве текстови:

- „Епистемичката индукција како вердиктички модел во аналитичката филозофија", *Филозофија* (2012): 25-50.
- „Методолошките капацитети на лингвистичките модели во општествените науки: структурална анализа", *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2011): 731-751.
- „Општествениот договор: историски факт или толковен модел" *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2009): 389-404.
- „Научно објаснување: методолошки испитувања", *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2008): 245-268.

Анализа и оцена на научни и стручни трудови

„Епистемичката индукција како вердиктички модел во аналитичката филозофија", *Филозофија* (2012): 25-50.

Во овој текст, д-р Бошко Карацов ја изложува логичката структура на индукцијата како применлив модел за оправдување на научните искази. Имено, го зема значењето на индукцијата во нејзиното проширено значење како постапка на оправдување на научните хипотези, а не само како облик на изведување заклучоци. Според неговото мислење, анализата на овој логичко-епистемички модел е од исклучително значење за клучните епистемолошки прашања во науката. Иако, како што оценува авторот, аналитичката филозофија наметнала ограничувачки методолошки рамки во научните истражувања, сепак постаналитичките критики не успеале да го обезвреднат целокупниот придонес на

нејзините текови. Она што аналитичкиот пристап го изгубил е позитивистичката заложба за аксиоматизација на емпириските науки.

„Методолошките капацитети на лингвистичките модели во општествените науки: структурална анализа“, *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2011): 731-751.

Како што укажува насловот на оваа статија, авторот во неа ги испитува методолошките капацитети и епистемолошките карактеристики на лингвистичките модели при нивната примена во општествените и хуманистичките истражувања. Особено се осврнува на структурализмот, почнувајќи од Де Сосир, преку анализите на Пијаже, Делез, Бест и Келнер, Барт, сè до структуралната социологија на Клод Леви-Строс. Авторот заклучува дека структуралните анализи воспоставуваат статички методолошки поглед кон предметот на истражувањето. Д-р Б. Карацов укажува дека со тоа што се става системот, структурата и законите на склопот во преден план, структуралистите ја отфрлаат трансцендентната природа на нештата. Затоа, заклучува тој, структурализмот како метод не може да ги објасни сложените општествени ситуации, имено не може да реферира на општествените процеси - настанок, промена, конфликт и развој. Исто така, структуралистичката теорија за општеството како социјален систем на етаблиран владеачки институционален и нормативен поредок, авторот ја оценува како репресивна и конформистичка идеологија.

„Општествениот договор: историски факт или толковен модел“, *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2009): 389-404.

Во овој текст, авторот ја испитува теоријата на општествениот договор и си ја поставува задачата да одговори на прашањето дали тој реално можел историски да се случи или претставува само правно-политолошка теоретска модел-конструкција за објаснување на природата на политичкото. Д-р Бошко Карацов смета дека контракционата теорија не е врзана само за нововековните теории на Лок, Хобс и Русо, притоа дијахрониски изложувајќи ги имплицитните наводи во индискиот текст на „Махабхарата“, Digha Nikaya, Платон и Епикур. По опсежна анализа на класичните теории за општествениот договор, авторот изложува холистичка перспектива за општествениот договор, истовремено прифаќајќи ги историските и нормативните теоретски гледишта, притоа дефинирајќи го општествениот договор како дидактичка политичка алатка. На крајот, авторот накратко се осврнува на Охридскиот договор, како пример за еден вид на општествен договор.

„Научно објаснување: методолошки испитувања“, *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2008): 245-268.

Во овој текст, д-р Б. Карацов се осврнува на научното објаснување како методолошка алатка и на неговите фундаментали карактеристики, од кои најмногу ја истакнува конзистентната логичка струкура и логичките релации во самиот систем на објаснување. Особено се задржува на номолошко-дедуктивниот

модел на Хемпел, и прави критички анализи на неговите основни поставки, како и на теориите кои го коригираат или се обидуваат да го заменат овој модел. Во заклучните пасуси, авторот повторно ја истакнува релевантноста на систематското објаснување на појавите и прикажувањето на логичките релации меѓу исказите преку кои се отвораат можностите за вредносна и гносеолошко-алетиолошка детерминација на научните знаења.

Во рамките на наставноистражувачката дејност на кандидатот, може да се истакне и неговото учество на следниве научни/стручни собири со реферат:

- „Националниот идентитет и интеграцијата на Република Македонија во ЕУ“ во организација на „МАРШАЛ-ЦЕНТАР“-МАКЕДОНИЈА, одржана на 20.4. 2011, Скопје.
- „Европскиот пат кон иднината“ во организација на Европски универзитет, РМ, 11-12.1.2011 во втората сесија во рамките на темата: Европа-политички, правен и безбедносен предизвик со обраќање за идентитетските проблеми на Балканот.

Според член 10 и член 11 (табела 1а) од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, членовите на Комисијата утврдија дека д-р Б. Карацов од областа **научноистражувачка дејност** остварил 12,00 поени.

Стручно-апликативна дејност

Во рамките на Универзитетот „Евро-Балкан“ од 2011 до сега, д-р Бошко Карацов ја извршува функцијата директор на Охридскиот летен универзитет. Исто така, бил вклучен во подготовка на промотивен материјал и активности во Европскиот универзитет, а бил и член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир: студентски семинар во Варна, Република Бугарија.

Во согласност со член 10 и член 11 (табела 1а) од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно- научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Б. Карацов од областа стручно-апликативна дејност остварил 7,00 поени.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ (ДОЦЕНТ)

Кандидат: д-р Бошко Карадов

Институција: Филозофски факултет / Институт за филозофија

Научна област: историја на филозофијата, филозофска антропологија, филозофија - општ курс

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1.	**Настава во школи и работилници**	
	Раководител: едукатор по реторика, НВО „Младинска канцеларија", Велес, учебна 2004.	1,50
	Учесник: Школа за род и политика, Институт „Евро-Балкан", Центар за родови студии, 2006.	1,00
2.	**Одржување на предавања од I циклус студии**[1]	
	Современи комуникациски теории, 2007/2008	
	Нови медиуми и електронска демократија, 2007/2008	
	Медиумско и комуникациско право, 2007/2008	
	Медиумска и комуникациска етика, 2007/2008	
	Медиумско и комуникациско право, 2008/2009	
	Медиумска и комуникациска етика, 2008/2009	
	Нови медиуми и електронска демократија, 2008/2009	
	Политичка социологија, 2009/2010	
	Етика во политиката, 2009/2010	
	Методологија, 2009/2010 2групи	
	Методологија на научните истражувања, 2009/2010	
	Етика и деонтологија, 2009/2010	
	Политичка социологија, 2010/2011	
	Етика во политиката, 2010/2011	
	Методологија на научните истражувања, 2010/2011	
	Етика и деонтологија, 2010/2011	
2.	**Одржување на вежби од I циклус студии**	
	Современи комуникациски теории, 2007/2008	
	Нови медиуми и електронска демократија, 2007/2008	
	Медиумско и комуникациско право, 2007/2008	
	Медиумска и комуникациска етика, 2007/2008	
	Медиумско и комуникациско право, 2008/2009	
	Медиумска и комуникациска етика, 2008/2009	

[1] Поради недостиг на документи кои би служеле како доказ за бројот на одржани часови, наведените активности не се бодирани.

	Нови медиуми и електронска демократија, 2008/2009	
	Политичка социологија, 2009/2010	
	Етика во политиката, 2009/2010	
	Методологија, 2009/2010 2групи	
	Методологија на научните истражувања, 2009/2010	
	Етика и деонтологија, 2009/2010	
	Политичка социологија, 2010/2011	
	Етика во политиката, 2010/2011	
	Методологија на научните истражувања, 2010/2011	
	Етика и деонтологија, 2010/2011	
2.	**Одржување на настава од II циклус студии**	
	Методологија, 2009/2010 две групи	
	Античка филозофија, 2011/2012	
	Современа филозофија, 2011/2012	
	Епистемологија на општествените и хуманистичките науки, 2011/2012	
	Античка филозофија, 2012/2013	
	Современа филозофија, 2012/2013	
	Епистемологија на општествените и хуманистичките науки, 2012/2013	
3.	**Интерна скрипта од предавања**	4,00
	Методологија	4,00
	Етика и деонтологија **Вкупно**	**10,50**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:**	
	„Епистемичката индукција како вердиктички модел во аналитичката филозофија“ *Филозофија* (2012): 25-50.	4,00
2.	**Трудови објавени во зборник на трудови на в. о. институција:**	
	„Методолошките капацитети на лингвистичките модели во општествените науки: структурална анализа“, *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2011): 731-751.	2,00
	„Општествениот договор: историски факт или толковен модел“ *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2009): 389-404.	2,00
	„Научно објаснување: методолошки испитувања“, *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2008): 245-268.	2,00
3.	**Учество на научен/стручен собир со реферат:**	
	„Националниот идентитет и интеграцијата на Република Македонија во ЕУ“ во организација на „МАРШАЛ-ЦЕНТАР“-МАКЕДОНИЈА, 20.4. 2011, Скопје.	1,00
	„Европскиот пат кон иднината“ во организација на Европски универзитет, РМ, 11-12.1.2011, во втората сесија во рамките на темата: Европа-политички, правен и безбедносен предизвик со обраќање за идентитетските проблеми на Балканот.	1,00
	Вкупно	**12,00**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учество на промотивни активности на факултетот/институтот**	
	Подготовка на промотивен материјал и активности во Европскиот универзитет	0,50
Дејности од поширок интерес		
1.	Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир: студентски семинар во Варна, Република Бугарија	0,50
2.	Претседател на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: директор на Охридскиот летен универзитет, Универзитет „Евро-Балкан“, Охрид, 2011.	2,00
3.	Претседател на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: директор на Охридскиот летен универзитет, Универзитет „Евро-Балкан“, Охрид, 2012.	2,00
4.	Претседател на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: директор на Охридскиот летен универзитет, Универзитет „Евро-Балкан“, Охрид, 2013.	2,00
	Вкупно	**7,00**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	10, 50
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	12, 00
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	7, 00
Вкупно	29, 50

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Вера Георгиева, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Иван Џепароски, член, с.р.
3. Доц. д-р Ристо Солунчев, член, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија откако ги разгледаа поднесените документи на кандидатите го заклучија следново:

Кандидатот д-р Бошко Карацов поднел образец-табеларен преглед, кон извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања кој е изработен според критериумите на Универзитетот „Евро-Балкан", каде што тој е вработен како доцент, стручен соработник. Лицата што конкурираат можат да бидат избрани доколку ги исполнуваат критериумите за избор во наставно-научно звање утврдени со Правилникот за критериумите и постапката за избор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во таа смисла, членовите на Рецензентската комисија се повикуваат и на член 10 од истиот Правилник каде што се потврдува дека со резултатите на тие што конкурираат, а се оценуваат во три области, се добива соодветен број поени, дефинирани во Анекс 1 на Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Рецензентската комисија, имајќи ги предвид овие одредби, ги вреднуваше неговите резултати, според документите што тој ги поднел. Во Правилникот за критериумите и постапката за избор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се бара бројот на поени за звањето доцент, да биде минимум 80 бода. Врз основа на анализата на неговите професионални референци и критериумите што тој треба да ги исполни според овој Правилник, членовите на Комисијата заклучија дека тој остварува 29, 50 поени. Кандидатот д-р Б. Карацов одржувал настава и вежби по многу предмети кои се наведени во нашиот реферат. Поради недостиг на информации за фондот на часови, членовите на Комисијата не беа во можност да утврдат колку поени би можел да оствари, според таа основа. Сепак, во областа научноистражувачка дејност, кандидатот не исполнува минимален број на поени.

Поради тоа, Рецензентската комисија донесе заклучок дека д-р Бошко Карацов не остварува доволен број поени според критериумите содржани во Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за избор во звањето доцент.

Врз основа на увидот во сите поднесени документи и врз основа на условите пропишани во одредбите на Правилникот за критериумите и постапката за избор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, членовите на Комисијата заклучија дека кандидатката д-р Ј. Наумоска остварила 84, 67 поени, со што ги исполнува условите за избор во звањето доцент.

Поради тоа, членовите на Комисијата му предлагаат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја избере д-р Јасмина Наумоска во звањето доцент за следниве научни области (дисциплини): историја на филозофијата, филозофска антропологија и филозофија (општ курс).

Членови на Комисијата

Скопје,
31. 5 .2013

Проф. д-р Вера Георгиева, с.р.
Проф. д-р Иван Џепароски, с.р.
Доц. д-р Ристо Солунчев, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК
НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ПРАВОТО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 27 мај 2013 година, формираше Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област историја на правото, во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Билјана Поповска и проф. д-р Владо Бучковски.

Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" од 24 април 2013 година, за избор на наставник во сите наставно- научни звања на научната област историја на право се пријави еден кандидат:

1. д-р Мелина Гризо.

I. Податоци за кандидатката

Мелина Гризо е родена 1973 година во Скопје. Во 1996 година се стекнала со степенот дипломиран правник на Правниот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј`` во Скопје. Во 2004 година се стекнала со степенот магистер од државно-правната историја на Македонија на Правниот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј`` во Скопје. Во 2008 се стекнала со степенот доктор на правни науки на Универзитетот во Ниш (уверение за нострификација во персоналното досие на Правен факултет).

Кандидатката Мелина Гризо исто така се стекнала со степенот магистер на правни науки (magister juris) на Универзитетот во Оксфорд, Велика Британија (уверение за нострификација во персоналното досие на Правен факултет).

Кандидатката Мелина Гризо учествувала на повеќе семинари, летни школи и научни проекти (копија од сертификатот за изработка на проект од политичка историја на Универзитетот во Оксфорд 2001/2002 година во персоналното досие на Правен факултет).

На Правниот факултет во Скопје е вработена од 1998 година (како помлад асистент) во областа историја на правото. Звањето доцент го добила со Одлуката на Наставно-научниот совет на 22 ноември 2008 година.

Извештајот ги оценува активностите на кандидатката д-р Мелина Гризо во периодот по 22 ноември 2008 година. За активностите од претходниот период: Билтен на УКИМ број 851 од 14.5.2004 (избор за асистент) и број 951 од 3.11.2008 (избор за доцент).

Д-р Гризо е автор на следниве трудови:

1.Дипломатијата на македонското прашање 1919-1934 – монографија (Дипломатија македонског питања 1919-1934, Задужбина Андрејевиќ,

Београд, 2009). Предмет на истражувањето во оваа монографија е македонското прашање, анализирано во контекстот на меѓународните односи на Балканот во времето по Големата војна. Притоа, првиот дел е посветен на дефинирањето на карактеристиките на македонското прашање во рамките на внатрешната политика на секоја од балканските држави. Во продолжение, разработено е прашањето за карактеристиките на овој проблем во надворешната политика на секоја од наведените држави. Одговорите на овие прашања овозможуваат увид во особеностите на македонското прашање во меѓународната дипломатија. Истражувањето има за цел да ја оцени релативната вредност на ова прашање за кршливата рамнотежа на меѓународните односи на Балканот во времето по Големата војна. Покрај државите, вклучена е и анализа на политиката на македонските организации и нивниот придонес за опстојувањето на ова прашање на меѓународната сцена.

2.Версајскиот систем на мировни договори и малцинската заштита во Југоисточна Европа – Грчко-бугарската конвенција за размена на население од 1919 - статија. (The Versailles System of Peace Treaties and the Minority Protection in Southeast Europe – The Bulgarian Greek Convention for the Exchange of Population of 1919, Annals of the Faculty of Law in Belgrade, LVIII. 2010. No 3.) Водејќи сметка за карактеристиките на системот за малцинска заштита изграден во годините по Големата војна, статијата ја аналира Грчко-бугарската конвенција за размена на население. Притоа, освен правната анализа, истражувањето се занимава и со генезата на идејата за пристапување кон еден радикален чекор како што е масовно раселување на населението. Во продоложение, статијата ја евалуира имплементацијата на овој меѓународноправен акт и отклонувањето од принципот на доброволна размена кон присилна размена на населението, под влијание на владите на засегнатите држави и со полно знаење на Друштвото на народите.

3.Македонското прашање во дипломатските односи меѓу Кралството СХС и Бугарија 1918-1934, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први`` во Скопје, во чест на Стефан Георгиевски, Скопје, 2009 - статија. Предмет на истражувањето се југословенско-бугарските односи. Трудот има за цел да ги анализира овие односи имајќи го предвид контекстот на состојбите во повоена Европа. Следејќи ја германско-француската динамика на меѓународните односи, истражувањето настојува да утврди како нерешеното македонско прашање зависело од обидите на Кралството СХС да го повторува однесувањето на победничката Франција, како и обидите на поразената Бугарија да ги прифати мировните одредби и да воспостави пријателство со сојузниците, од една страна, и да предизвика ревизија на границите, од друга страна.

4.Албанија и македонското прашање 1919-1934 година, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први`` во Скопје, во чест на Тодор Цунов, Скопје, 2009 - статија. Малку истражувана, историјата на Албанија меѓу двете светски војни претставува интересен проблем. Имено, оваа слаба држава е главно посматрана од аспект на интересот на соседните држави кои настојувале да ја вклучат во орбитата на своите интереси. Малцинските

прашања во Албанија биле малку поставувани како од страна на тогашната политика, така и од страна на историографијата. Анализата ги опфаќа современите демографски податоци, уставната и законската рамка на државата, како и меѓународноправните барања за заштита на малцинствата на кои оваа држава била обврзана.

5.Размена на население во грчка Македонија: руралното населување на бегалци 1922-1930 (Population exchange in Greek Macedonia: the Rural Settlement of refugees 1922-1930), Elisabeth Kontogiorgi, Clarendon Press Oxford, 2006 - критички осврт врз делото, 2009), независна аналитичка група Balkanalysis.com. Овој осврт ја оценува наведената монографија споредувајќи ја со постоечката литература по ова прашање – класичните и поновите истражувања. Заклучокот од освртот укажува дека станува збор за интересно и оригинално истражување кое се занимава со малку познати аспекти од размената на населението, давајќи со тоа исклучителен продинес кон сознанијата за овој период.

6.Историја на правото 3 (учебник за настава по историја на право), Скопје, 2011. Издавачи: Правен факултет „Јустинијан Први`` – Скопје и „2-ри Август С`` – Штип, Б. Поповска. Автор на делот: Франција, стр.150 и понатаму. Поглавјето за кое станува збор нуди приказ на уставниот развиток на Франција од Француската револуција се до периодот по Втората светска војна, како и преглед на развитокот на политичките партии. Наведените процеси се образложени врз заднината на современите политички случувања.

Кандидатката Мелина Гризо учествувала на повеќе меѓународни конференции, како на пример: Факултет за историја, Универзитет во Оксфорд, Велика Британија, 17-18 октомври 2012 (наслов на конференцијата: „Балканските војни (1912-1913) - конференција за одбележување на стогодишнината``, наслов на трудот: „Македонија - криза по Париската мировна конференција``); Правен факултет, Универзитет во Единбург, Велика Британија, 24-25 јуни 2010 (наслов на конференцијата: „Теории и практики на државјанството во новите балкански држави``, наслов на трудот: „Ромите, родот и државјанството: развој во Република Македонија``); Правен факултет, Универзитет во Ниш, Србија, мај 2013, конференција насловена: „1700 години од Миланскиот едикт``, наслов на трудот: „Каролиншката верзија на Салискиот законик во светло на правната теорија на Харт``; Конференција на Институт за европски политики - Македонија и Британската амбасада во РМ под наслов: „Вградување на знаењето за ЕУ``, презентација на коавторски труд насловен: „Пристапниот дијалог на високо ниво: чекор напред или чекор во место?``, 24 април 2013, Скопје.

Кандидатката Мелина Гризо учествувала во меѓународни научни проекти, како „Меѓународното право меѓу конституционализација и фрагментација`` (International Law between Constitutionalisation and Fragmentation), проект имплементиран од Правниот факултет при Универзитетот во Амстердам, поддржан од Европската комисија, како и во низа национални проекти: мегапроектот на Правниот факултет „Јустинијан

Први`` во Скопје: „Евроинтеграциите на општествениот, правниот, и политичкиот систем на РМ``; Проект на Британската амбасада и Институтот за европски политики - Македонија: „Вградување на знаењето за ЕУ``(февруари - мај 2013); проект на ОБСЕ и Агенцијата за остварување на правата на малите заедници: „Културните права на малите заедници во РМ`` (мај 2013-тековно).

Кандидатката исто така учествувала и во бројни образовни и стручни проекти, како, на пример, „Жан Моне`` (Jean Monnet European Modul), проект насловен ``Политики и политика на ЕУ`` (Policy and Politics of EU Enlargement), имплементиран од Универзитет „Гоце Делчев`` (предавања по историја на ЕУ и процесот на проширување), финансиран од Education and Culture DG, European Union; Национално истражување за преваленција на злоупотребата и занемарувањето на постарите лица (член на Етички комитет), проект реализиран од УКИМ, Институт за социолошко политичко-правни истражувања и Светска здравствена организација, 2011/2012; ``И да се пожалам нема да има ефект``, Министерство за труд и социјална политика и Канцеларија на УНИФЕМ (Организација за жените при Обединетите нации) во РМ, 2009; Ефективно учество на заедниците ранливи на расна дискриминација во јавниот живот во земјите на Западниот Балкан (Effective participation of minorities vulnerable to racial discrimination in public life of western Balkans), УБАЕГ и Европска комисија, 2011.

Кандидатката Мелина Гризо учествувала во низа стручни собири, како, на пример, презентација на правната анализа од истражувањето при изработката на проектот ``И да се пожалам нема да има ефект`` (тркалезна маса: 11.2.2010). Министерство за труд и социјална политика и УНИФЕМ Скопје, 2009; Ефективно учество на заедниците ранливи на расна дискриминација во јавниот живот во земјите на Западниот Балкан (Effective participation of minorities vulnerable to racial discrimination in public life of western Balkans), УБАЕГ и Европска комисија, (конференција 18-20 март 2011, Струга); Презентација на коавторски документ за политика: ``Пристапниот дијалог на високо ниво – чекор напред или чекор во место?``, во рамките на проектот на Британската амбасада во РМ и Институтот за европски политики - Македонија: ``Вградување на знаењето за ЕУ``, 2013.

Кандидатката Мелина Гризо вршела и други стручни активности, како, на пример, членство во Комисија за избор на стипендисти за постдипломски студии на универзитети од Велика Британија (OSI/Chevening) и лектура за Iustinianus Primus Law Review (меѓународно научно списание) во периодот 2011-2013 (број 3,4,5 и 6). Кандидатката членувала во организациони одбори на меѓународни стручни собири: „Процес на децентрализација и зајакнување на регионалната соработка``, организиран од Институтот за економски политики во Софија, АЕИРС и Фондацијата „Ханс Заидел,`` Баварија (Скопје, 4-6.10.2010) и „Експертски форум на пограничните општини од Бугарија и Македонија``, Институтот за економски политики во Софија и Фондација „Ханс Заидел,`` Баварија (Банско, Бугарија, 22-24.4.2010).

Кандидатката била на студиски престои во странство до 3 месеци - библиотечно истражување на Централно-европскиот универзитет, Будимпешта, Унгарија, финансирано од Regional Mobility Scheme (23-27.03.2009); архивско истражување во ЦДУ, Софија (31.10-4.11.2011); летна школа, Rene Cassin, Универзитет Роберт Шуман, Стразбург (6-31 јули 2010); библиотечно истражување на Универзитетот Роберт Шуман во Стразбург (јануари 2012).

Кандидатката Мелина Гризо изведувала настава на прв и втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први`` во Скопје, во рамките на правните студии, политичките студии и студиите по новинарство. На првиот циклус изведувала настава на предметите историја на правото, современа европска и македонска историја и историја на дипломатијата. На вториот циклус (по историја на правото) кандидатката е носител на предметната програма од црковно право, методологија на правно-историските науки, историја на француското право, правото во Македонија под османска власт.

На постдипломските студии, на насоката меѓународно право и меѓународни односи, кандидатката предава историја на дипломатијата, а истиот предмет го предава и на насоката дипломатија и меѓународни односи. Кандидатката предава и опциони предмети од заедничката листа: Македонија во меѓународните односи и меѓународните договори 19-20 век, источното прашање и Македонија, Македонија во меѓународните односи 1991-2005, црковно право.

Кандидатката учествувала во комисии за оцена и одбрана на магистерски тези на магистерските студии, на постдипломските студии по историја на правото и докторски тези. Учествувала во: Комисија за упис на студенти на втор циклус за учебната 2009/10 година, Комисија за упис на студенти на втор циклус за учебната 2010/2011 година, Комисија за изработка на програма за отворање на нова насока - магистерски студии за право на Европската унија (одлука од 29.10.2009), Комисија за измени и дополнувања на правила за студирање (одлука од 15.3.2010). Кандидатката била член на комисии за избор во звања (соработнички и наставно-научни) на научната област историја на правото, секретар на магистерските студии - насока историја на правото и член на Уредувачкиот одбор на Iustinianus Primus Law Review (меѓународно научно списание) во периодот 2010-2013. Подготвувала рецензии на трудови, како и мислења за положени испити на други високообразовни институции.

Кандидатката изведувала настава на прв и втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев`` - историја на правото, дипломатија и дипломатски протокол (со одобрение од Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први`` во Скопје).

Кандидатката располага со познавања на англискиот и францускиот јазик на академско ниво.

II.

Заклучна оцена и предлог

Кандидатката д-р Мелина Гризо ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање вонреден професор на научната област историја на правото.

Д-р Гризо магистрирала и докторирала на областа историја на правото и се стекнала со звањето доцент во оваа област. Таа објавила повеќе трудови од оваа област, во земјата и во странство. Членовите на Комисијата се запознаени со работата на кандидатката д-р Мелина Гризо како демонстратор, асистент и доцент на научната област историја на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, при што оценуваат дека во работата со студентите кандидатката покажува исклучителни резултати.

Поради сето погоре наведено, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да ја избере кандидатката *д-р Мелина Гризо во наставно-научното звање вонреден професор на научната област историја на правото.*

Скопје, 31.5.2013

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.

2. Проф. д-р Билјана Поповска, с.р.

3. Проф. д-р Владо Бучковски, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: доц. д-р Мелина Гризо
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје
Научна област: историја на право

НАСТАВНО-ОБРАЗОВА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава**	24,75
1.1.	**Прв циклус студии** Историја на право (правни студии) учебна 2008/2009 (две групи) 2x2x15x0,04 учебна 2009/2010 (две групи) 2x2x15x0,04 учебна 2010/2011 (една група) 2x15x0,04 учебна 2011/2012 (една група) 2x15x0,04 учебна 2012/2013 (една група) 2x15x0,04 8.4 поени Современа европска и македонска историја (политички науки) учебна 2010/2011 (една група) 2,5x15x0,04 учебна 2011/2012 (една група) 2,5x15x0,04 учебна 2012/2013 (една група) 2,5x15x0,04 4,5 поени Историја на дипломатија (политички науки) учебна 2008/2009 (две групи) 2x1.75x15x0,04 учебна 2009/2010 (две групи) 2x1.75x15x0,04 учебна 2010/2011 (една група) 1,75x15x0,04 учебна 2011/2012 (една група) 1,75x15x0,04 учебна 2012/2013 (една група) 1,75x15x0,04 7,35 поени Современа европска и македонска историја (студии по новинарство) учебна 2008/2009 (една група) 1,5x15x0,04 учебна 2009/2010 (една група) 1,5x15x0,04 учебна 2010/2011 (една група) 1,5x15x0,04 учебна 2011/2012 (една група) 1,5x15x0,04 учебна 2012/2013 (една група) 1,5x15x0,04 4,5 поени	
1.2.	**Втор циклус студии** -Изборни предмети: Историја на дипломатијата (насока: меѓународно право и меѓународни односи), менторски систем на настава 2008/2009 5,25x0,05	6,56

	2009/2010 5,25x0,05 2010/2011 5,25x0,05 2011/2012 5,25x0,05 2012/2013 5,25x0,05 1,312 поени Историја на дипломатијата (насока: меѓународни односи и дипломатија) - менторски систем на настава 2009/2010 5,25x0,05 2010/2011 5,25x0,05 2011/2012 5,25x0,05 2012/2013 5,25x0,05 1,05 поени Опциони предмети: Источното прашање и Македонија (менторски систем на настава) 2009/2010 5,25x0,05 2010/2011 5,25x0,05 2011/2012 5,25x0,05 2012/2013 5,25x0,05 1,05 поени Македонија во меѓународните односи и меѓународните договори - 19-20 век (менторски систем на настава) 2009/2010 5,25x0,05 2010/2011 5,25x0,05 2011/2012 5,25x0,05 2012/2013 5,25x0,05 1,05 поени Македонија во меѓународните односи 1991-2005 (менторски систем на настава) 2009/2010 5,25x0,05 2010/2011 5,25x0,05 2011/2012 5,25x0,05 2012/2013 5,25x0,05 1,05 поени Црковно право (менторски систем на настава) 2009/2010 5,25x0,05 2010/2011 5,25x0,05 2011/2012 5,25x0,05 2012/2013 5,25x0,05 1,05 поени	
2	**Подготовка на нов предмет (предавања)** Изборен: Историја на дипломатијата (насока: меѓународно право и меѓународни односи и насока: дипломатија и меѓународни односи) Опциони предмети од заедничка листа: Источното прашање и Македонија Македонија во меѓународните односи и меѓународните договори (19-20 век)	5

	Македонија во меѓународните односи 1991-2005 Црковно право	
3	**Консултации со студенти** Историја на правото учебна 2008/2009 (две групи=240) 240x0,002 учебна 2009/2010 (две групи=240) 240x0,002 учебна 2010/2011 (една група=120) 120x0,002 учебна 2011/2012 (една група=120) 120x0,002 учебна 2012/2013 (една група=120) 120x0,002 1,68 поени Современа европска и македонска историја (политички науки) учебна 2010/2011 (една група=100) 100x0,002 учебна 2011/2012 (една група=100) 100x0,002 учебна 2012/2013 (една група=100) 100x0,002 0,6 поени Историја на дипломатија (политички науки) учебна 2008/2009 (две групи=200) 200x0,002 учебна 2009/2010 (две групи=200) 200x0,002 учебна 2010/2011 (една група=100) 100x0,002 учебна 2011/2012 (една група=100) 100x0,002 учебна 2012/2013 (една група=100) 100x0,002 1,4 поен Современа европска и македонска историја (студии по новинарство) учебна 2008/2009 (една група=80) 80x0,002 учебна 2009/2010 (една група=80) 80x0,002 учебна 2010/2011 (една група=80) 80x0,002 учебна 2011/2012 (една група=80) 80x0,002 учебна 2012/2013 (една група=80) 80x0,002 0,8 поени	4,48
4	**Член на комисија за оцена и одбрана на докторат** (Мишо Докмановиќ, Иванка Додовска) 0,5x2	1
5	**Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура** (Ивана Дрогрешка, Иванка Додовска, Бојан Тасевски, Драган Василов, Станислава Дејановска) 0,3x5	1,5
6	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник** Историја на правото 3 (учебник за настава по историја на право), Скопје, 2011. Издавачи: Правен факултет „Јустинијан Први`` – Скопје и „2-ри Август`` С – Штип, Б. Поповска, (автор на делот „Француја``, стр.150 и понатаму).	4,8
7	**Пакет материјали од одреден предмет** Современа европска и македонска историја Историја на дипломатијата Источното прашање и Македонија Македонија во меѓународните односи и меѓународните договори (19-20 век)	6

	Македонија во меѓународните односи 1991-2005 Црковно право	
8	**Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание** Размена на население во грчка Македонија: руралното населување на бегалци 1922-1930 (Population exchange in Greek Macedonia: the Rural Settlement of refugees 1922-1930), Elisabeth Kontogiorgi, Clarendon Press Oxford, 2006 (Критички осврт врз делото, 2009), независна аналитичка група Balkanalysis.com.	1
Вкупно		**55,09**

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста	Поени
1	**Ментор на магистерска работа** (кандидат: Ивана Дрогрешка)	1
2	**Учесник во национален научен проект** Мегапроект на Правниот факултет „Јустинијан Први`` во Скопје: „Евроинтеграциите на општествениот, правниот, и политичкиот систем на РМ``. Проект на Британската амбасада и Институтот за европски политики - Македонија: „Вградување на знаењето за ЕУ``(февруари - мај 2013). Проект на ОБСЕ и Агенцијата за остварување на правата на малите заедници: „Културните права на малите заедници во РМ`` (мај 2013-тековно).	9
3	**Учесник во меѓународен научен проект** Меѓународното право меѓу конституционализација и фрагментација (International Law between Constitutionalisation and Fragmentation), проект имплементиран од Правниот факултет при Универзитетот во Амстердам, финансиран од Европската комисија.	5
4	**Монографија објавена во странство** Дипломатијата на македонското прашање 1919-1934 – монографија (Дипломатија македонског питања 1919-1934, Задужбина Андрејевић, Београд, 2009).	12
5	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** Версајскиот систем на мировни договори и малцинската заштита во Југоисточна Европа – Грчко-бугарската конвенција за размена на население од 1919 - статија. (The Versailles System of Peace Treaties and the Minority Protection in Southeast Europe – The Bulgarian Greek Convention for the	4

	Exchange of Population of 1919, Annals of the Faculty of Law in Belgrade, LVIII. 2010. No 3.)	
6	**Труд објавен во зборник на трудови од в.о. институција** -Македонското прашање во дипломатските односи меѓу Кралството СХС и Бугарија 1918-1934, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први`` во Скопје, во чест на Стефан Георгиевски, Скопје, 2009. -Албанија и македонското прашање 1919-1934 година, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први`` во Скопје, во чест на Тодор Цунов, Скопје, 2009.	4
7	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** Факултет за историја, Универзитет во Оксфорд, Велика Британија, 17-18 октомври 2012. Наслов на конференцијата: „Балканските војни (1912-1913) - конференција за одбележување на стогодишнината``. Наслов на трудот: „Македонија - криза по Париската мировна конференција``. Правен факултет, Универзитет во Единбург, Велика Британија, 24-25 јуни 2010. Наслов на конференцијата: „Теории и практики на државјанството во новите балкански држави.`` Наслов на трудот: „Ромите, родот и државјанството: развој во Република Македонија``.	6
8	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** Правен факултет, Универзитет во Ниш, мај 2013, Наслов на конференцијата: „1700 години од Миланскиот едикт``. Наслов на трудот: „Каролиншката верзија на Салискиот законик во светло на правната теорија на Харт``.	2
9	**Пленарно предавање на научен/стручен собир** Британска амбасада и Институт за европски политики - Македонија, 24 април 2013, Скопје. Наслов на конференцијата: „Вградување на знаењето за ЕУ``. Наслов на предавањето: „Пристапниот дијалог на високо ниво: чекор напред или чекор во место?`` (врз основа на коавторски труд).	2
10	**Апстракт објавен во зборник од конференција** Правен факултет, Универзитет во Ниш, мај 2013, Наслов на конференцијата: „1700 години од Миланскиот едикт``. Наслов на апстрактот: „Каролиншката верзија на Салискиот законик во светло на правната теорија на Харт``.	1
Вкупно		46

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1	Стручна монографија ``И да се пожалам нема да има ефект``(три коавтори), Министерство за труд и социјална политика и канцеларијата на УНИФЕМ (Организација за жените при Обединетите нации) во РМ, Скопје, 2009.	6,4
2	**Поглавје во книга (автор)** Ефективно учество на заедниците ранливи на расна дискриминација во јавниот живот во земјите на Западниот Балкан (Effective participation of minorities vulnerable to racial discrimination in public life of western Balkans). Издавач: УБАЕГ, 2011, поддржано од Европска комисија.	3
3	Експертски активности: - Подготовка на документ за политика: ``Пристапниот дијалог на високо ниво – чекор напред или чекор во место?`` (коавтор) во рамките на проектот на Британската амбасада во РМ и Институтот за европски политики - Македонија: ``Вградување на знаењето за ЕУ``, 2013. - Експерт при истражувањето во рамките на проектот ``И да се пожалам нема да има ефект``, спроведен од страна на Министерство за труд и социјална политика и канцеларијата на УНИФЕМ (Организација за жените при Обединети нации) во РМ, Скопје, 2009. - Регионален експерт при истражувањето: „Ефективно учество на заедниците ранливи на расна дискриминација во јавнот живот во земјите на Западниот Балкан`` (Effective participation of minorities vulnerable to racial discrimination in public life of western Balkans) - проект на УБАЕГ и Европската комисија, 2011. -Член на Етички комитет при национално истражување за преваленција на злоупотребата и занемарувањето на постарите лица. Проектот е реализиран од УКИМ, Институт за социолошко политичко-правни истражувања и Светска здравствена организација, 2011/2012. -Стручна комисија за признавање на дел од студиите поминати во странство или на друг факултет во Македонија (додипломски студии).Мислења за: - Христијан Анчевски (современа европска и македонска историја) -Ангела Блажева (историја на дипломатија)	7

	-Кристијан Димовски (современа европска и македонска историја).	
4	**Член на национална жири комисија** OSI/Chevening стипендии за студии на универзитети во Велика Британија	1
5	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** Предавања по Историја на ЕУ и процесот на проширување во рамките на проектот: „Политики и политика на ЕУ`` (Policy and Politics of EU Enlargement), имплементиран од Универзитет Гоце Делчев и Education and Culture DG, European Union. Жан Моне (Jean Monnet European Modul) (2011 - тековно). 2011/2012 - 15 часа и 2012/2013 - 15 часа = 15 поени Презентација на правната анализа во рамките на проектот: „И да се пожалам нема да има ефект``, имплементиран од страна на Министерство за труд и социјална политика и УНИФЕМ. (Тркалезна маса, одржана на 11.02.2010 во Скопје.) 0,5 поени Презентација на заклучоците од истражувањата спроведени во рамките на проектот: „Ефективно учество на заедниците ранливи на расна дискриминација во јавниот живот во земјите на Западниот Балкан`` (Effective participation of minorities vulnerable to racial discrimination in public life of western Balkans), организиран од страна на УБАЕГ и Европската комисија. (Конференција одржана на 18-20 март 2011 во Струга). 0,5 поени Презентација на истражувањето „Етничките малцинства во РМ: скорешна историја`` во рамките на проектот: „Промовирање на човековите права и малцинската заштита во Југо-источна Европа``, спроведен од страна од ЕУ и Совет на Европа. (Конференција одржана на 21 мај 2013 во Скопје).0,5 поени	16,5
6	Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик Iustinianus Primus Law Review (меѓународно научно списание) – лектор во периодот 2011-2013 – бр. 3 (10 статии), бр. 4 (14 статии), бр. 5 (12 статии), бр. 6 (13). Вкупно 49 статии x 0,25.	12, 25
Вкупно		46,15

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. бр	Назив на активноста:	Поени
1	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** Iustinianus Primus Law Review	1

2	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен стручен/научен собир Процес на децентрализација и зајакнување на регионалната соработка, организиран од: Институт за економски политики – Софија, Асоцијација за европска интеграција и регионална соработка и Фондацијата „Ханс Заидел``, Баварија (Скопје, 4-6.10.2010). 1 поен -Ескпертски форум на пограничните општини од Бугарија и Македонија, Институт за економски политики – Софија и Фондацијата „Ханс Заидел``, Баварија (Банско Бугарија, 22-24.4.2010). 1 поен	2
3	**Студиски престој во странство до три месеци** -Библиотечно истражување на Централно-европскиот универзитет, Будимпешта, Унгарија, финансирано од Regional Mobility Scheme (23-27.3.2009). -Архивско истражување во ЦДУ, Софија (31.10-4.11.2011). -Летна школа Рене Касин, Универзитет „Роберт Шуман``, Стразбург (6-31 јули 2010). -Библиотечно истражување на Правен факултет, Универзитет „Роберт Шуман``, Стразбург (јануари 2012). 0,5x4=2	2
4	**Член на факултетска комисија** -Комисија за упис на студенти на втор циклус за учебната 2009/10 година. -Комисија за упис на студенти на втор циклус за учебната 2010/2011 година. -Комисија за изработка на програма за отворање на нова насока - магистерски студии за право на Европската унија (одлука од 29.10.2009). -Комисија за измени и дополнувања за правила за студирање (одлука од 15.03.2010). -Секретар на магистерските студии – насока: историја на правото. 5x0,5=2,5	2,5
5	**Член на комисија за избор во звања** на научната област историја на правото 3x0,2	0,6
Вкупно		8,1

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	55,09
НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	46
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	46,15+8,1=54.25
Вкупно	155,34

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Борче Давитковски с.р.
2. Проф. д-р Билјана Поповска с.р.
3. Проф. д-р Владо Бучковски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација **„УТВРДУВАЊЕ НА СОМАТОТИПОВИТЕ И ЕВЕНТУАЛНИТЕ НИВНИ РАЗЛИКИ ВО ОДНОС НА АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ, МОТОРИЧКИТЕ И ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ СПОРТИСТИТЕ ОД РАЗЛИЧНИ СПОРТОВИ”** од м-р Блерим Саити пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје под дел. број 0201-669/11 од 8.5.2011 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **„УТВРДУВАЊЕ НА СОМАТОТИПОВИТЕ И ЕВЕНТУАЛНИТЕ НИВНИ РАЗЛИКИ ВО ОДНОС НА АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ, МОТОРИЧКИТЕ И ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ СПОРТИСТИТЕ ОД РАЗЛИЧНИ СПОРТОВИ”** на кандидатот м-р Блерим Саити. Комисијата во состав: проф. д-р Даниела Шукова - Стојмановска - ментор, проф. д-р Вујица Живковиќ - претседател, проф. д-р Жарко Костовски - член, проф. д-р Георги Георгиев - член и проф. д-р Небојша Марковски - член, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертацијата е отпечатена на 139 (сто триесет и девет) страници. Текстот е поделен во 9 (девет) глави.

Во првата глава – **ВОВЕД** (15 стр.), кандидатот прво го дава историскиот развој на соматотиповите, наведувајќи ги авторите кои први почнале да се занимаваат со оваа проблематика, истовремено посочувајќи ги методите со чија помош може да се утврдат соматотиповите (антропометриска, фотоскопска и комбинирана).

Кандидатот во оваа глава објаснува и кои се трите категории на соматотипови - ектоморфни, мезоморфни и ендоморфни, наведувајќи ги и карактеристиките на секој од нив одделно во однос на градбата на телото, енергетските потреби, метаболизмот, изборот на храна, количината и распоредот на масното ткиво, како и нивните карактеристики во однос на обемот и фреквенцијата на физичките активности кои ги применуваат.

На крајот, кандидатот се задржува на начинот на одредување на соматокартата за секоја единка и нејзината класификација, давајќи притоа примери за соматокартата на некои познати спортисти од различни спортски дисциплини. Фактот што морфолошкиот статус на врвните спортисти е релативно хомоген во зависност од спортот и може да се дефинира како модел за постигнувања на спортистите, е појдовна основа за истражувањето на кандидатот.

Во втората глава – **ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА** (21 стр.), се цитирани 42 истражувања од автори. Некои од нив се тесно поврзани со насловот и предметот на проучувањето на проектот за изработка на докторска дисертација, а други имаат допирни точки, но сепак придонесуваат

во објаснувањето и разбирањето иа проблематиката во овој проект. Големиот број наведени автори укажува на тоа дека кандидатот има навистина добар темел за изработка на неговата докторска дисертација.

Во третата глава – **ПРЕДМЕТНА ТЕРМИНОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** (4 стр.), на соодветен начин се дефинирани и објаснети термините и поимите кои се непосредно поврзани со проектот на истражувањето. Наведени се: антропометриски мерења, биомоторички способности, функционални способности, соматотип, ектоморф, мезоморф, ендоморф, генотипска класификација, антропометриски метод, комбинирана метода, фенотипски метод, фотоскопска метода, телесен состав, исхрана и други.

Четвртата глава – **ПРОБЛЕМ, ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** (4 стр.), кандидатот ја поделил во четири подглави, кои соодветствуваат и со називот на оваа глава. Проблемот на истражувањето, според кандидатот, е моменталната состојба на соматотиповите во одредени спортови (кошарка, фудбал, карате и кај младинци кои не се инволвирани во спорт). Предметот на истражувањето се антропометриските, моторичките и функционалните способности кај 17 – 18 = годишни испитаници кои тренираат кошарка, фудбал, карате и кај младинци кои не се инволвирани во спорт. Покрај основната цел, која е насочена кон утврдување на моменталната состојба на соматотиповите кај млади спортисти од три спортски дисциплини (кошарка, фудбал, карате и кај младинци кои не се инволвирани во спорт) на 17-18 = годишна возраст, кандидатот поставил и 8 други цели. Од целите на истражувањето, според кандидатот, произлегуваат 5 хипотези (една нулта и 4 други).

МЕТОДОТ НА РАБОТА е објаснет во петтата глава (23 стр.), која е поделена во 4 подглави и 6 потподглави. Истражувањето е реализирано на примерок од 200 испитаници од машки пол на возраст од 17 до 18 години, кој е поделен во четири супримероци: 50 испитаници кои тренираат кошарка, 50 испитаници кои тренираат карате, 50 испитаници кои тренираат фудбал и 50 испитаници кои не тренираат ништо, само се редовни на наставата по физичко воспитание. Во истражувањето се применети 17 антропометриски варијабли, од кои 10 се користат за утврдување на соматотиповите кај испитаниците според методологијата на Heath-Carter. Освен тоа, земени се предвид 8 варијабли за проценка на моторичкиот простор и 1 варијабла за проценка на фунционалните способности. Исто така, во оваа глава, во посебна подглава, ***„Техника на мерење"***, се опишани антропометриските варијабли, моторните и функционалните тестови, со посебен осврт на начинот на утврдување на соматотиповите кај испитаниците и софтверската програма, која е користена во ова истражување. Објаснети се и начинот на мерењето, како и потребните инструменти за нивна реализација. Во оваа глава, во посебна подглава, ***"Методи за обработка на резултатите"***, се дефинирани математичко-статистичките постапки кои е применети во ова истражување. Освен основните дескриптивни статистички параметри (аритметичка средина, стандардна девијација, минимален и максимален резултат, коефициентот на варијабилноста, налегнатоста-skewness и

заобленоста-kurtosis на дистрибуцијата на резултатите), применета е софтверска програма Somatotype 1.2., со чија помош, а користејќи го антропометрискиот метод според методологијата на Heath-Carter, се одредени соматотиповите на сите испитаници поединечно и на секоја група испитаници (од секој спорт одделно). Во истражувањето се применети и универијантни (АНОВА) и мултиваријантни статистички методи (МАНОВА), и тоа не само за проценка на разликите помеѓу соматотиповите (ендоморфен, мезоморфен и ектоморфен), туку и за утврдување на разликите меѓу четирите подгрупи на испитаници (кошаркари, каратисти, фудбалери и неспортисти), и тоа во сите простори одделно (антропометриски, моторички и функционален).

Во шестата глава – **РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА** (53 стр.), направена е интерпретација на добиените податоци од применетите статистички методи во истражувањето. Кандидатот прво ги прикажува основните статистички параметри за секој анализиран простор (антропометриски, биомоторички и функционален) и за секоја подгрупа одделно, како и соматокартата за секоја група одделно. Тие се прикажани во 41 табела и 9 соматокарти.

Може да се каже дека во однос на соматиповите постојат статистички значајни разлики меѓу спортистите и неспортистите во однос на ендоморфната и мезоморфната компонента, но не и во однос на ектоморфната. Така, додека фудбалерите, каратистите и кошаркарите се балансирани мезоморфи, неспортистите се рамномерни мезоморфи.

Разликите меѓу фудбалерите и неспортистите се статистички значајни во однос на ендоморфната компонента. Во однос на антропометриските мерки, фудбалерите имаат помали вредности на кожните дипли, што значи дека фудбалерите имаат помали вредности на масното ткиво. Во однос на моторичкиот и функционалниот простор, исто така постојат статистички значајни разлики во полза на фудбалерите.

Меѓу каратистите и неспортистите постојат статистички значајни разлики во соматотипологијата само во однос на мезоморфната компонента, при што неспортистите покажуваат повисоки вредности, а разлики во однос на останатите антропометриски мерки, моторичките и функционалните способности меѓу двете групи не постојат. Само кај 4 моторички тестови се јавува поединечно статистички значајно влијание.

Меѓу кошаркарите и неспортистите е слична состојбата како кај каратистите. Имено, се јавуваат статистички значајни разлики во соматотипологијата, но само во мезоморфната компонента, при што неспортистите покажуваат повисоки вредности. Во однос на антропометриските варијабли се јавува поединечно статистички значајно влијание само кај 7 варијабли. Разлики во однос на моторичките и функционалните способности меѓу двете групи не постојат, единствено се јавува статистички значајно влијание кај 4 моторички варијабли.

Освен ова, можеме да заклучиме дека од сите подгрупи, фудбалерите имаат подобри резултати во однос на кошаркарите и каратистите, веројатно заради тоа што тие тренираат 5 пати неделно по 90 минути и имаат еден

натпревар неделно, за разлика од останатите 2 групи спортисти кои трениpаат 3 пати неделно и имаат еден натпревар неделно.

Според резултатите од мултиваријантната анализа на варијансата (МАНОВА) на антропометриските мерки, може да се каже дека постојат статистички значајни разлики меѓу четирите групи на испитаници. Притоа, од универијантната анализа на варијансата (АНОВА) прикажана во истата табела може да се види дека во 13 од 17 антропометриски варијабли постојат статистички значајни разлики. Потоа е направен и ЛСД-тест за секоја антропометриска варијабла одделно, за да се види на што се должат разликите меѓу групите, односно меѓу кои подгрупи се јавуваат тие. Така, во однос на варијаблите АВТ, АМТ, АЛБМ, АКНС, АКНП, АОН и АОП може да се види дека постојат разлики меѓу третата и сите други групи, што е и логично бидејќи во однос на антропометрискиот простор кошаркарите имаат позразени мерки во однос на сите други подгрупи. Во однос на варијаблите за проценка на масното ткиво (БФ%, АКНТ, АКНА, АКНГ и АКНН), може да се заклучи дека статистички значајни разлики постојат меѓу првата (фудбалери) и третата група (кошаркари) и меѓу првата и четвртата група (неспортисти).

Од резултатите добиени со мултиваријантната анализа на варијансата (МАНОВА) на соматотиповите, може да се каже дека постојат статистички значајни разлики меѓу четирите групи на испитаници. Притоа, од универијантната анализа на варијансата (АНОВА) прикажана во истата табела може да се види дека постојат статистички значајни разлики во однос на ендоморфната и мезоморфната компонента, но не и во однос на ектоморфната. По направениот ЛСД-тест на секоја компонента на соматотиповите, може да се заклучи дека во однос на ендоморфната компонента, постојат статистички значајни разлики меѓу првата (фудбалери) и сите други групи (каратисти, кошаркари и неспортисти), а во однос на мезоморфната компонента, статистички значајни разлики се јавуваат меѓу првата (фудбалери) и третата група (кошаркари), меѓу втората (каратисти) и четвртата (неспортисти) и меѓу третата (кошаркари) и четвртата група (неспортисти).

Од добиените резултати на мултиваријантната анализа на варијансата (МАНОВА) на моторичкиот и функционалниот простор прикажани во една табела, може да се каже дека постојат статистички значајни разлики меѓу четирите групи на испитаници. Притоа, од универијантната анализа на варијансата (АНОВА) прикажана во истата табела може да се види дека во 7 од 10 варијабли постојат статистички значајни разлики (МФТ, МТР, МСДМ, МПТЛ, МВЗН, МСХР10Х5, и МФБТ20М). За тие моторички и едната функционална варијабла е направен ЛСД-тестот од кој може да се заклучи дека најчесто разликите постојат меѓу четвртата (неспортисти) и групите на спортисти (прва, втора и трета) – во однос на шест варијабли, но и меѓу третата (кошаркари) и првата (фудбалери) група, третата (кошаркари) и втората група (каратисти) и третата (кошаркари) и четвртата група (неспортисти).

На крајот е направена Пирсонова корелација меѓу компонентите на соматотиповите и моторичките варијабли кај сите испитаници поделени во четири подгрупи. Од добиените резултати може да се заклучи дека кај првите три групи на испитаници (спортисти), корелациите се од умерено позитивни, позитивни и негативни кај тестот за индиректна проценка на потрошувачката на кислородот и ендоморфната и мезоморфната компонента, а додека кај четвртата група (неспортисти) постои позитивна корелација меѓу истиот тест и мезоморфната компонента. Во однос на моторичките тестови може да се каже дека кај варијаблата МВЗН и ендоморфната компонента постои негативна корелација кај фудбалери, , кај каратисти – позитивна корелација со ектоморфната и негативна со мезоморфната компонента, кај кошаркарите – позитивна корелација со ектоморфната компонента, а негативна со ендоморфната, а кај неспортистите – негативна корелација со ендоморфната компонента.

Во седмата глава – **ЗАКЛУЧОЦИ** (5 стр.), концизно се формулирани најважните заклучоци кои се однесуваат на поставените цели на истражувањето. Тие се логички и очекувани, во целост ги задоволуваат научните и методолошките потреби на истражувањето, и би можеле да послужат како основа за генерализација на добиените резулатти.

Во осмата глава – **ТЕОРЕТСКО И ПРАКТИЧНО ЗНАЧЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** (1 стр.), кандидатот укажува дека за разлика од другите методи, оваа метода дава многу поцелосен увид во однос не само на утврдувањето на составот на телото, туку и во дистрибуцијата и количината на масното ткиво и мускулите, како и за влијанието на тренингот врз промените на составот на телото. Сето ова може и треба да се искористи пред сé, при селекцијата на младите во различни спортови, бидејќи ова истражување може да се применува на поголема популација, а тоа пак ќе овозможи правилно насочување на единките во спортовите во кои според соматотипот имаат најмногу шанса за врвни резултати.

Во деветтата глава – **ЛИТЕРАТУРА** (9 стр.), коректно се наведени 82 библиографски единици според АПА – стилот за цитирање и наведување на литература, препорака од Американската психолошка асоцијација. Тие се непосредно поврзани со предметот, целта, задачите и хипотезите во докторската дисертација и може да се согледа дека кандидатот темелно пристапил при проучувањето на литературните извори со што стручно и научно ја оправдува идејата за реализација на предложената тема за изработка на докторска дисертација.

*

* *

Од претходно изнесеното, Комисијата едногласно констатира дека докторскиот труд претставува научен придонес во областа на кинезиологијата и дека кандидатот има стручни и научни способности и методолошки сознанија истиот успешно да го реализира.

Според тоа, Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје да го прифати извештајот за оцена на докторскиот труд под наслов: **УТВРДУВАЊЕ НА СОМАТОТИПОВИТЕ И ЕВЕНТУАЛНИТЕ НИВНИ РАЗЛИКИ ВО ОДНОС НА АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ, МОТОРИЧКИТЕ И ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ СПОРТИСТИТЕ ОД РАЗЛИЧНИ СПОРТОВИ,** на кандидатот м-р Блерим Саити и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура јавно да го брани.

КОМИСИЈА

1. **ред. проф. д-р Даниела Шукова-Стојмаковска** **с.р.**
2. **ред. проф. д-р Вујица Живковиќ - член** **с.р.**
3. **ред. проф. д-р Жарко Костовски - член** **с.р.**
4. **вон. проф. д-р Георги Георгиев** **с.р.**
5. **ред. проф. д-р Небојша Марковски** **с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ АТЛЕТИКА-МЕТОДИКА" ОД ПРОФ. Д-Р ЗОРАН РАДИЌ, РЕДОВЕН ПРОФЕСОР И НАСЛ. ДОЦ. АЛЕКСАНДАР СИМЕОНОВ, АСИСТЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката бр. 0201-345/16 од 21. 3. 2013 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје му го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Предложениот ракопис ..Атлетика-Методика" е конципиран врз основа на наставниот план и програма по предметот атлетика на Факултетот за физичка култура во Скопје, кој се изучува во четврти семестар, со неделен фонд на часови од 4 + 2, односно 32 часа теоретски и 64 часа практична настава во втора студиска година.

Ракописот е презентиран на 164 страници, со 1298 слики и 38 библиографски единици. Изнесениот материјал во ракописот е поделен во осум глави и содржина на учебникот„ Атлетика-Методика".

Во првата глава, на три страници, е опишана намената на учебникот, со антрополошки карактеристики на атлетичарите во различните дисциплини и научни истражувања кои укажуваат дека антрополошките обележја многу интензивно влијаат врз ефикасноста во атлетските дисциплини.

Во втората глава, на пет страници се изнесени методските обликувања во наставата и спортот, каде што е објаснета методиката како наука за здобивање знаења, со цел да се оспособат студентите во усвојување на теоретските и практичните знаења за моторните способности, како основа за успешно совладување на атлетските дисциплини и воопшто во спортот.

Третата глава е презентирана на седум страници, во која е претставено развојот на атлетската моторика посебно во претшколската возраст од 3 до 7 години, периодот на млада школска возраст од 7 до 10 години, потоа период на основни атлетски способности од 10 до 14 години или адолесцентен период и, на крај, средношколскиот период од 14 до 17 години.

Четвртата глава е претставена на 13 страници, каде што е презентирана методиката на учење на 17 атлетски дисциплини, кои се во наставната програма на предметот атлетика на Факултетот за физичка култура. Опишан е начинот на изучување на атлетските дисциплини и тоа преку три методи - аналитички, синтетички и комбиниран, кои се услов за успешно совладување на атлетските дисциплини. Со квалитативната биомеханичка анализа

се утврдени биомеханичките карактеристики на моторните стереотипови, односно се анализираат вежбите за учење на атлетските дисциплини по утврден редослед. Понатаму опфатен е нервниот систем и координацијата на мускулната активност, рефлексниот лак и неволните движења, нервниот систем - неговата функција на соматски и автономен, проприоцепција и кинестезија како основа за ефикасна координација на моторните сегменти во ЦНС и медула спиналис и вишите нервни центри и мускулната контрола за која се одговорни пирамидалниот, екстрапирамидалниот и проприоцептивно-церебралниот систем.

Во петтата глава, на три страници, е опишан когнитивниот и конативниот простор, како психички процеси и функции, битни за една личност посебно во спортот, со содржини како чувства, перцепции и памтење.

Шестата глава на 100 страници ја опфаќа методската постапка во обучување на техниката на 17 атлетски дисциплини, кои покрај текстот објаснети се и со 1298 слики кои ги презентираат сите вежби по утврден редослед, испитани со квалитативна биомеханичка анализа. Секоја апликација е дескриптивно објаснета, со што на студентот и секој заинтересиран читач на учебникот многу јасно и прецизно му се дава знаење за сите атлетски дисциплини според програмата на предметот атлетика на Факултетот за физичка култура во Скопје.

Во седмата глава, на 15 страници, апликативно се презентирани комплекси на вежби за општа физичка подготовка, специјални вежби за спринтери, специјални вежби за скок во височина, специјални вежби за скок во далечина, специјални вежби за фрлачи на ѓуле, диск и копје. Овие комплекси на вежби се основа за ефикасност во соодветната атлетска дисциплина, односно нивната примена е услов за успешност во атлетиката.

Осмата глава ја претставуваат 38 библиографски единици кои се користени во содржината на учебникот „Атлетика-методика".

Гледано во целина, во изнесениот материал, авторот на логичен начин сите глави ги поврзал во интегрална целина, тргнувајќи од прикажувањето на биомоторните елементи, односно атлетските дисциплини, на дескриптивен и апликативен начин, преку методска постапка чиј редослед е утврден со квалитативна биомеханичка анализа, така е конципиран, да биде лесно прифатлив и достапен за полесно усвојување и учење на атлетските дисциплини.

Имајќи ги предвид сите обележја на материјалот, предложениот учебник „Атлетика-методика" одговара на современите достигања во науката и на барањата од стручно-практичната дејност, а со оглед на тоа што материјата опфатена во ракописот за првпат ќе биде претставена на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, веруваме дека ќе биде од голема помош за студентите. Затоа на Наставно - научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје му предлагаме, ракописот со наслов „Атлетика-методика" од проф. д-р Зоран Радиќ и насл. доц. Александар Симеонов да го прифати за печатење како учебно помагало.

Рецензенти

1. Ред. проф. д-р Александар Туфекчиевски, с.р.

2. Ред. проф. д-р Милан Наумовски, с. р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА 4 (ЧЕТИРИ) НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД НЕМАТИЧНИТЕ ФАКУЛТЕТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.0201-345/7 од 21.03.2013 година, објавен е конкурс во дневните весници „Нова Маке донија" и „Лајме" на 14.3.2013, за избор-преизбор на 4 (четири) наставници - извршители по предметот физичко образование и спорт за студентите од нематичните факултети.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура отворена е постапка и формирана е Рецензентска комисија восостав: проф. д-р Душко Иванов- претседател, проф. д-р Георги Георгиев - член и виш предавач д-р Бранко Крстевски-член.

На конкурсот се пријавија следниве кандидати: д-р Чедомир Саздовски спец., д-р Аган Рецепагиќ, м-р Вера Соколова и д-р Јана Каршаковска-Димитриоска.

По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Д-р ЧЕДОМИР Ј. САЗДОВСКИ, спец.

Биографски податоци

Кандидатот д-р Чедомир Саздовски, спец., е роден 1952 година во с. Неокази (Пробиштип), каде што го оформил основното образование. Среднообразование, училиште за физичка култура, завршил во Скопје. Факултет за физичко воспитување завршил на Универзитетот во Белград во 1978 година, со одбрана на дипломската работа по предметот боречки спортови. Во студиската 1987/88 година се запишал на постдипломски студии, за магистри на науки во физичката култура, на Факултетот за физичка култура при Универзитетот во Нови Сад. Меѓутоа, поради познатите настани што се случија на просторот на тогашна Југославија бил принуден, како и други студенти од Македонија, студиите да ги прекине и да се префрли на Факултетот за физичка култура во Скопје.

Во меѓувреме се запишал на специјалистички студии, на подрачјето спорт, на Факултетот за физичка култура во Скопје, со јавна одбрана на специјалистичкиот труд под наслов „Некои аспекти на тренингот на младите карате -спортисти-борци на возраст од 14 до 18 години, со осврт на физичката подготовка", ги завршил во јули 2000 година, при што се стекнал со највисокото стручно звање специјалист во спортот (карате-спорт).

Постдипломските студии ги завршил во мај 2004 година, со јавна одбрана на магистерскиот труд: „Влијанито на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз импулсот на силата и прецизноста кај карате-ударите со рака и нога кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 18

години" и се стекна со академското звање магистер на науки од областа на кинезиологијата.

Докторските студии ги завршил во септември 2005 година, со јавна одбрана на докторската дисертација: ,,Утврдување на структурата на психосоматските димензии на младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години" и се стекна со академското звање доктор на науки од областа на кинезиологијата.

Д-р Чедомир Саздовски, спец., својот работен век го започнал во МУЦ ,,Панче Арсовски", како професор по физичко образование, каде што работел до 1981 година за потоа да премине како стручен соработник, во тогашниот Карате - сојуз на Македонија, каде што останал се до 1986 година. Од 1986 година до денес е виш предавач во Центарот за физичко образование на Факултетот за физичка култура при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Стручна и општествена дејност

Кандидатот д-р Чедомир Саздовски, спец., од својата најрана младост покажал афинитет кон боречките спортови, особено кон карате-спортот. Како активен натпреварувач, четири пати бил првак на Македонија во полутешка и во тешка категорија. Како член на репрезентацијата на Македонија учествувал на многу домашни (сојузни) и меѓународни натпревари, при што има освоено петто место во тешка категорија на државно првенство во поранешна Југославија. Од 1978 година, по завршувањето на Факултетот, започнал со својата тренерска работа во КК ,,Мирче Ацев", основач е на КК ,,Кисела Вода" (1980) и на АКК ,,Студент" (1988), каде што и денес е тренер. Со својата тренерска актив-ност во двата клуба повеќе од 20 години, подготвувајќи ги каратистите од разни селекции, освоил завиден број златни, сребрени и бронзени медали од републички, сојузни и меѓународни карате-шампионати.

Поради своите извонредни стручно-педагошки квалитети и долгогодишното искуство, од 1991 до 1999 година бил селектор и тренер на Младинско-кадетската карате-репрезентација на Македонија во спортска борба. Како селектор и тренер, со репрезентацијата учествувал на меѓународни турнири, на европски и на светски шампионати, каде што со своите каратисти освоил 25 златни, 23 сребрени и 31 бронзен медал.

На Европскиот сениорски карате-шампионат одржан 1998 година во Белград, Република Србија, се здобил со звањето интернационален карате-судија (прв судија со такво звање од Република Македонија).

Во изминатиот 40-годишен период на активно живеење и работење, се занимава со карате-спортот поминувајќи ги сите фази на развој: од спортист-почетник, успешен натпреварувач, клупски тренер, меѓународен карате-судија, селектор на државниот тим за младинци и кадети во спортска борба до генерален секретар и претседател на Македонската карате - федерација. За потребите на тренерската и на судиската организација, тој е стручен предавач за прашања кои се сврзани со современиот карате-тренинг и со судење во карате-спортот. Во тој контекст, има изготвено стручни трудови од истражувачки карактер, истражувања вршени на млади карате-спортисти.

За неговиот досегашен труд, повеќепати е прогласен за најуспешен тренер во градот Скопје и Р.Македонија, добитник е на наградата ,,13

Ноември" што ја доделува Спортската федерација на град Скопје, како и на високото признание од страна на весникот ,,Скок". За неговата високостручна работа говори и фактот што кандидатот е носител на 7-ми дан (степен) меѓународен карате-инструктор, доделен од страна на Светската карате-конфедерација, и е меѓународен инструктор за обука на лица за обезбедување на имоти и лица во IBSSA –International Body-guard And Security Services Assotiation.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Чедомир Саздовски, спец., во изминатиот период ги има објавено следниве трудови:

1. **Чедомир Саздовски:** Карате-традиција и спорт; Физичка култура бр. 1, стр. 44-46, 1994 година (автор).
2. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Проширување, осовременување и иновации во наставата по физичко воспитување кај студентите од Универзите-тот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје; Физичка култура бр. 1-2 , стр. 71-73, 1999 година (коавтор).
3. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Физичката култура и никотинизмот; Просветно дело бр. 3 од 2002 година (коавтор).
4. **Чедомир Саздовски:** Реформа во наставата по физичко образование и спор-тот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј", Физичка култура бр. 1, стр. 33-34, 2003 година (автор).
5. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски:** Влијанието на морфолошките ка-рактеристики врз ставовите на студентите кон физичкото образование; Физическото воспитание и спортот во образовната система, Југозападен универзитет ,,Неофит Рилски", стр. 186-194; 2004 г. Благоевград, Р. Бугарија (коавтор).
6. **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Компаративни реалции на некои антропометриски и биомоторни карактеристики и некои ситуациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 18 години; Физическото воспитание и спортот во образовната система, Југозападен универзитет ,,Неофит Рилски" , стр. 256-260; 2004 г, Благоевград, Р.Бугарија (автор).
7. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Поврзаност на ставовите на студентките кон физичкото образование со брзината и силата како базични моторички способности; стр. 176-186, Национална спортска академија ,,Васил Левски", Спорт & наука-Изванреден број-2004, Софија, Р. Бугарија (коавтор).
8. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Сашо Тодоровски: Поврзаност на ставовите на студентите кон физичкото образование со брзината и силата како базична моторичка способност; стр. 71-73, Физ. култура бр. 1, 2004 год.
9. **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Влијанието на некои антрополошки димензии врз успешното изведување на некои ситуациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 година, Физичка култура бр. 2, стр. 43-46, 2005 година.
10. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Силата како детерминанта за формирање на позитивни ставови кон

физичкото образование, Физ. култура бр. 2, стр. 81-82, 2005 година.
11. Серјожа Гонтарев, **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска: Канонички релации меѓу некои варијабли за проценување на механизмот за структурирање на движењата и некои варијабли за проценување на когнитивните способности кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години; Физичка култура бр. 2, стр. 172-174, 2005 година (коавтор).
12. **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување врз подобрување на некои општи и специфични биомоторни и антропометриски варијабли кај младите карате-спортисти од машки пол на возраст од 14 до 18 години. Прв меѓународен симпозиум за наставата по физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови; стр. 90-92, Скопје, 2005 година (автор).
13. **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Серјожа Гонтарев: Компаративни релации на некои антропометриски и биомоторни карактеристики и некои си-туациони задачи кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 18 години; Прв меѓународен симпозиум за физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови, стр. 4-5, Скопје, 2005 година.
14. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Влијанието на морфолошките карактеристики врз ставовите на студентите кон физичкото образование; Прв меѓународен симпозиум за физичко образование и спорт на студентите, Зборник на трудови, стр. 6-9, Скопје, 2005 година.
15. **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев, Славица Новачевска: Влијанието на некои антропометртиски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удари со нога за 10 секунди кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години; Физич-ка култура, бр. 2 стр. 93-97, 2006 година.
16. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Серјожа Гонтарев: Латентната структура на психолошките особини и ставови на студентите кон физичкото образование; Физичка култура, бр. 2, стр. 144-148, 2006 година.
17. Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Јана К. Димитриоска: Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното из-ведување на ситуационата варијабла прецизност со рака, кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години.; Физичка култура бр. 2 стр. 53-57, 2007 година.
18. Руждија Калач, Славица Новачевска, **Чедомир Саздовски,** Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удирање на фиксна мета со нога кај младите карате-спортисти на возраст од 14 до 16 години; Физичка култура, бр. 1, стр. 68-72, 2007 година.
19. **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска, Аган Рецепагиќ: Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на варијаблата удари со нога за 10 секунди; Физичка култура , бр. 1, стр. 27-31, 2007 година.

20. **Чедомир Саздовски,** Славица Новачевска: Влијанието на програмираното репетитивно мускулно напрегнување; Просветно дело, 2008, Скопје.
21. **Чедомир Саздовски.** Физичко образование и спорт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Фунтек-7, 2009, Скопје.
22. **Чедомир Саздовски.** Наставата по физичко образование ис порт-програмирана физичка активност во функција на здравјето, Фунтек-7, 2009, Скопје.
23. Серјожа Гонтарев, **Чедомир Саздовски**, Славица Новачевска, Ристо Стаменов и Илиев Филип (2011). Можност за примена на софтверски пакет "Макфитнесметар" во следењето на физичката развиеност и моторните способности кај децатаод основните училишта.*Федерација на училишен спорт на Македонија, Дојран, (1),* 154-159.
24. Чедомир, С., Гонтарев, С. (2012). Разлики во моторните тестови меѓу групите ученички од раната училишна возраст од основните училишта во општина кисела вода формирани врз основа на индексот на телесна маса. *LI Конгрес, антрополошког друштва Србије,* 1.

Публикации - монографии:

1. Афтор на научна монографија ,,Развојни тенденции на некои антропометриски, функционални, моторни показатели и социо-економскиот статус кај учениците од двата пола од 6 до 14 годишна возраст од основните училишта во општина Кисела Вода".
2. Афтор на научна монографија ,,Структура и развој на антропометриските, моторните, функционалните димензии и состојбата на постуралниот сатус кај учениците основните училишта во општина Кисела Вода, 2011-2012".
3. Афтор на научна монографија ,,Структура и развој на антропометриските, моторните, функционалните димензии и состојбата на постуралниот сатус кај учениците основните училишта во општина Струмица, 2011-2012".

Наставно-педагошка дејност

Како успешен повеќегодишен наставник и директор на Центарот за физичко образование, во својата наставно-педагошка активност, кандидатот се истакнува во успешното организирање и реализирање на редовните наставни и воннаставни содржини и активности. Како наставник на Факултетот за физичка култура – Центарот за физичко образование и спорт, својата активност ја насочува кон организирање и реализирање на наставно-спортските активности на студентите од Универзитетот ,,Св. Кирил и Матодиј" во Скопје преку организирање на меѓуфакултетски натпревари, атлетски кросеви, планинарски тури и излети, обука на студенти-непливачи, настава по скијање и др. Како квалификуван професор, учествувал во реализирањето на наставата по скијање со учениците од Средното училиште за физичка култура и со студенти од Скопје.

Вештини и знаења

Работа со компјутери :

- Microsoft Office(Word, Excel, Pawer Point, Internet);
- графички дизајн (Corel Draw, Photoshop).

Познавање на јазици:

- македонски (мајчин јазик); англиски, руски (пасивно), српски, хрватски и бугарски јазик.

Д-р АГАН РЕЏЕПАГИЌ

Биографски податоци

Кандидатот д-р Аган Реџепагиќ е роден на 1.12.1949 година во Подгорица, Црна Гора, во службеничко семејство. Родителите во 1953 година се доселиле во Скопје, каде што го завршил основното образование, а потоа се запишал во Средното училиште за физичка култура, кое го завршил со одличен успех во 1968/69 година. Своето образование го надградил со запишување на Факултетот за физичка култура во Белград, на кој дипломирал во 1974 година. Потоа, во 1981 година се запишал на постдипломски студии во Белград, а по познатите настани на територијата на порнешна Југославија, се префрлил на Факултетот за физичка култура во Скопје, со што го продолжил своето стручно усовршување.

По положувањето на испитите, во март 2004 година го одбрани магистерскиот труд под наслов: ,,Ефекти врз статичката и репетитивната сила на рацете и на рамениот појас кај адолесценти, по четиринеделно систематско вежбање во изометриски, репетитивен и матрикс-режим", со што се стекнал со звањето магистер на науки од областа на кинезиологијата. Докторирал во 2010 година на тема „Промени и постојаност на силовиот мускулен потенцијал на мускулите на раменскиот појас и на долните екстремитети после четиринеделно систематско програмирано вежбање со репетитивен, стато-динамички (матрикс) и репетативно вибрациски режим на мускулно напрегнување кај адолесценти".

Д-р Аган Реџепагиќ, својот работен век го започнал во Градскиот сојуз за физичка култура на Скопје како самостоен референт по спортски игри, потоа рабо-ти како предњак во ДТВ ,,Партизан – Сениќ", како самостоен референт за ракомет и фудбал во Универзитетскиот спортски сојуз на Приштина. Од 1976 до 1979 година работел како професор во средното училиште за физичка култура во Скопје. Во Центарот за физичко образование на Факултетот за физичка кул-тура е избран за наставник, каде што работи и денес во звањето виш предавач.

Спортско - стручна дејност

Уште од својата најрана младост, како ученик, кандидатот Реџепагиќ бил вклучен во спортскиот живот и успешно се натпреварувал во ракомет, кошарка и гимнастика. Во 1965 година, како сестран спортист, го освоил првото место на републички партизански повеќебој. Освен тоа, успешно се натпреварувал за ракомената екипа ,,Бетон"-Скопје, член на тогашната Републичка лига. Како студент започнал со инструкторска и со демонстраторска активност во скијањето. Учесник е на повеќе семинари и курсеви за алпско скијање како предавач, а подоцна и како член на Собирот

на учители и тренери по скијање, во кој бил активно вклучен од 1985 година. Во овој период учествувал во организирањето настава за ски-учители, како предавач, демонстратор и испитувач. Од 1972 година е член на "Мотоски"-клубот во Скопје, при што активно учествува во неговата работа. Неговиот придонес особено се огледа како организатор и судија на повеќе републички, сојузни и меѓународни натпревари.

Во 2000 година, на иницијатива на голем број ентузијасти и филантропи, иницирано е формирање на Специјална олимпијада во Македонија. Вклучувајќи се во овој процес, кандидатот д-р Аган Реџепагиќ е избран за спортски потпретседател и со својот ангажман учествувал на Олимписките игри во Даблин во 2003 година, од каде што со своите атлети се вратил со првите медали за Македонија во оваа специфична спортска област. Во 2009 година, како тренер на Македонската репрезентација во скијање, на Зимските олимписки игри на Специјалната олимпијада одржана во Ајдахо, САД, каде што Македонија се појавува за првпат, со македонските олимпијци донесе медали во сите три спортски дисциплини во алпско скијање. Како потпретседател за спорт ги вклучил и колегите од Центарот и од Факултетот во неколку национални натпревари, а плод на таа соработка е склучување договор помеѓу ФФК, Специјалната олимпијада и МОК.

Наставно – педагошка дејност

Во текот на работата, кандидатот се истакнал со своите организаторски и стручни квалитети. Така, го организирал севкупниот живот на учениците од училиштето подготвувајќи ги со нив натпреварите во ракомет, фудбал и скијање, во рамките на МОИ. Својата активност ја насочил и кон работа со студентската популација, особено во реализацијата на наставната програма и активностите во Центарот за физичко образование во Скопје. Освен тоа, активно учествува во вончасовните активности со студентите, како што се меѓуфакултетските натпревари, атлетските кросеви, планинарските тури и излети, ,,научи да пливаш" и ,,научи да скијаш". Како квалификуван учител, учествува во изготвувањето на наставната програма по скијање на Факултетот за физичка култура и во Средното училиште за физичка култура, при што повеќе пати бил учесник во изведувањето на скијачките курсеви.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот ги има објавено следниве трудови:

1. Тенденции во постигнувањата експлозивна силина кај студентите од прва година на Факултетот за физичка култура во Скопје, за периодот од 1995 до 2005 година (автор).
2. Тестирањето како практична апликација (автор).
3. Можности за подготовка на организмот пред старт за скијање, Физичка култура бр.4, 1979 година (автор).
4. Што е Специјална олимпијада, ,,Просветно дело" бр.1, 2009 година (автор);
5. Фитнес – потреба и реалност за лицата со специјални потреби, ,,Просветно дело" бр.5, 2008 година (автор).
6. Специјални светски олимписки игри, ,,Порака" декември, 2008 година (автор);

7. Матрикс-вежби во практика, Зборник на трудови, 25-27 март,2005 година
8. (автор).
9. Тестирањето како практична апликација, Зборник на трудови, 25-27 март, 2005 година (автор).
10. Промени на силата и силината кај 18-годишни испитаници со различно почетно ниво, после четиринеделно систематско вежбање, Физичка култура бр.1, 2004 (коавтор).
11. Влијание на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла удари со нога за 10 сек.
12. кај младите карате-спортисти на возраст 14-16 години, Физичка култура бр. 1, 2007 година, (коавтор).
13. Тестирање како практична апликација, Физичка култура бр.2, 2004 година (автор);
14. Тенденциите во експлозивната силина на нозете кај студентите од прва година на ФФК за периодот 1995-2005 година (коавтор).
15. Влијание на некои морфолошки карактеристики врз прецизноста при изведување слободни фрлања кај врвни кошаркари (презентирано во Софија, октомври 2008), (коавтор).
16. Матрикс- вежби во практиката, Втор конгрес за спорт и физичко образование – апстракти, Агенција за млади и спорт, 14-16 октомври 2005, Охрид (автор).
17. Карате во функција на потребите на лицата со посебни потреби (презентирано во Виница, 2009), (коавтор).
18. Специјална олимпијада (презентирано во Виница, 2009), (автор).
19. Приказна (презентирано во Виница, 2009), (автор).
20. Ефекти на програмираното репетитивно мускулно напрегање врз импулсот на силата и прецизноста кај карате-ударите со рака и нога кај млади каратисти на возраст 14-18 години, (коавтор).
21. Факторска структура на антропометриските варијабли кај студентите-спортисти и студентите-неспортисти на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Годишник ФОН, 2009 (коавтор).

Вештини и знаења

Работа со компјутери :

- Microsoft Office(Word, Excel, Pawer Point, Internet).

Познавање на јазици:

- македонски, англиски , српски, хрватски и бугарски јазик.

М-р ВЕРА СОКОЛОВА

Биографски податоци

Кандидатката м-р Вера Соколова е родена на 6.4.1951 година во Велес. Основно образование завршила во Вировитица, Р. Хрватска, а потоа го завршила Средното училиште за физичка култура ,,Методи Митевски-Брицо" во Скопје. Во 1970 година се запишала на Вишата школа за физичка култура во Скопје, каде што дипломирала на 15.6.1973 година.

Веднаш по дипломирањето се вработила во Средното економско училиште ,,Васил Антевски-Дрен", каде што работи се до 31.8.1995 година. Од учебната 1977/78 година се запишала на Факултетот за физичка култура во Сараево, на кој дипломирала на 19.6.1979 година.

Во Центарот за физичко образование се вработила од 1. 9. 1995 година кадешто работи и денес.

Спортско - стручна дејност

За време на школувањето во основното и во средното училиште играла ракомет за РК "Пролет" од Скопје. Подоцна се определила за ритмичко-спортска гимнастика и за спортска гимнастика. Во спортска гимнастика учествувала на републичките првенства и во партизански повеќебои, каде што освојувала први места. Најголеми успеси постигнала во ритмичко-спортската гимнастика, каде што била републички првак повеќе години. Натпреварувајќи се на државните првенства, во 1973 и во 1974 година била избрана и настапувала за репрезентацијата на поранешна Југославија.

Наставно – педагошка дејност

Кандидатката м-р Соколова, како професор во своето училиште, редовно подготвувала екипи во ритмичко-спортска гимнастика со кои учествувала на натпреварите на Малите олимписки игри. Со својата екипа на градските и на републичките натпревари, во поединечна и во екипна конкуренција, освојувала повеќе први места.

Кандидатката е учесник на повеќе семинари по ритмичко-спортска гимнасти-ка од републички и од сојузен карактер. За својата активност и за постигнатите резултати во ритмичко-спортска гимнастика добила повеќе признанија и дипломи од сојузите за физичко воспитание на Југославија и на Република Македонија.

Во 1995 година се запишала на постдипломски студии на Факултетот за физичка култура во Скопје и по положените испити, во јануари 2003 година го одбранила магистерскиот труд на тема: ,,Компаративна анализа на некои моторички и антропометриски варијабли помеѓу студентките од прва година запишани во 1987/88 и 1997/98 година на Скопскиот универзитет" и се здоби со звањето магистер на науки во областа на физичката култура.

Научноистражувачка дејност

Кандидатката м-р Вера Соколова во изминатиот период ги има објавено следниве трудови:

1. Утврдување на разлики и промени во некои антропометриски и биомоторички варијабли кај студентките од прва година на Скопскиот универзитет. Федерација на училиштен спорт на Македонија, Стручно-научен собир, Пелистер 2008, стр. 423-426 (автор);
2. Утврдување на разликите во латентниот простор помеѓу две групи испитаници. Меѓународно научно стручна конференција, Виница, 24-25 април 2009 година. (автор)

3. Влијанието на некои техничко - тактички дејствија врз успехот на ракометната игра. Меѓународно научно-стручна конференција, Виница, 24-25 април 2009 година (коавтор);
4. Факторска структура на некои техничко-тактички дејствија од ракометната игра. Меѓународна научна-конференција на Националната спортска академија, Катедра за теорија на физичко воспитание. Софија, 11-12 деќември, 2008 година (коавтор).

Вештини и знаења

Работа со компјутери :
- Microsoft Office (Word, Internet).

Познавање на јазици:

- македонски, англиски, српски, хрватски и бугарски јазик.

Д-р ЈАНА КАРШАКОВСКА - ДИМИТРИОСКА

Биографски податоци

Родена е на 28.3.1966 година во Скопје, каде што завршила основно и средно училиште. Дипломирала на Факултетот за физичка култура во 1989 година со среден успех 8,75. Во 2005 година, со одбраната на магистерскиот труд на тема: ,,Дефинирање и компарирање на антропометриската и моторната структура кај учениците и ученичките на 11-годишна возраст со различни методолошко-статистички постапки", кандидатката се здобила со звањето магистер на наука од областа на кинезиологијата. Докторирала на 15.2.2013 на тема „Влијанието на општествените фактори врз нивото на физичката активност кај студентите“ и се стекнала со научен - степен доктор на социолошки науки.

Во 1996 година се вработила во ОУ ,,Димитар Македонски", како наставник по физичко и здравствено образование. Од 2005 година е вработена на Факултетот за физичка култура во Скопје- Центар за физичко образование.

Стручна и општествена дејност

Уште од најраната возраст ја интересирале спортот и спортските активности во кои и самата била активен учесник. По завршувањето на студиите подготвувала училишни екипи во повеќе спортови за учество на натпревари што ги организира Сојузот за училиштен спорт, при што со своите екипи успешно се натпреварувала на општински, градски и републички натпревари.

Покрај наставната дејност, д-р Каршаковск Димитриоска повеќе години е ангажирана како инструктор по скијање и пливање од страна на Јавната установа за згрижување на деца и младинци ,,Младост", а потоа и од страна на ДУФК ,,Методи Митевски Брицо" во Скопје.

Од 2001 година е вклучена во меѓународниот проект ,,Open fan foodball-school", со основно мото - популаризација на спортот, без расна, верска и полова припадност, а во моментот е лидер на проектот за општина Аеродром од Скопје. Поседува универзални афинитети во спортот, а посебен

афинитет покажува кон ритмиката и танците, потоа кон скијањето, пливањето и атлетиката.

Научноистражувачка дејност

Д-р Каршаковска - Димитриоска, посебен интерес пројавува кон научно ис-тражувачката работа во областа на кинезиологијата и досега има изготвено повеќе планови и програми за тренинг со помлади возрасни категории.

Во областа на научноистражувачката работа ги има објавено и рецензирано следниве трудови:

1. Компарирање на утврдената моторна структура кај учениците и ученички-те на 11-годишна возраст,презентиран, Пелистер, 21-23. 6. 2006 (автор).
2. Ефекти од дванаесет неделен систематски тренажен процес за развој на екстензивната сила на долните екстремитети кај кошаркари на 17-годишна возраст (Фк.бр.1-2007, Охрид), (коавтор).
3. Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла прецизност со рака кај младите карате спортисти на возраст од 14 до 16 години, Фк 35, Охрид, 2007, бр.2 (коавтор).
4. Каноничка поврзаност на антропометриските мерки и моторните тестови кај ученичките на 11- годишна возраст; трудот е презентиран на научната конференција одржана на Националната спортна академија ,,Васил Левски" – Софија, 2008, Катедра за теорија на спортот (автор).
5. Регресивна поврзаност на некои антропометриски мерки и некои моторни тестови кај учениците на 11- годишна возраст, во објавување, трудот е презентиран на научната конференција одржана на Националната спортна академија, каредра теорија на спорт, ,,Васил Левски" Софија 2008, (автор).
6. Каноничка поврзаност на антропометриските мерки и моторните тестови кај учениците од 11 годишна возраст (во објавување), трудот е презентиран на научната конференција одржана на Националната спортска акадмија, Катедра за психологија на спортот, ,,Васил Левски" Софија, 2008, (автор).
7. Компарација и конгруенција на добиените моторни факторски структури меѓу машките и женските на возраст од 11 години, Охрид ФК- бр. 1, 2008 (автор).
8. Физичката култура и болестите на зависност, Пелистер, 2008 (автор).
9. Генетска кинезиологија во функција на развој на спортот со пример на истражување, Пелистер, 2008, (коавтор).
10. Основни статистички параметри за применетите антропометриски карак-теристики и моторни тестови кај машките од 11 години, Пелистер, 2008 (автор).
11. Условеност на обработка на податоците при истражувањата во физичката култура со претходно тестирање на нивната нормална дистрибуираност, Пелистер, 2008 (автор).
12. Компарирање на антропометриските мерки кај испитаниците од женски и машки пол на возраст од 11 години, Наука и Спорт, бр.1, 2009.

Педагошко искуство

Имајки го предвид фактот дека д-р Јана Каршаковска-Димитриоска сиот свој работен век, веднаш по дипломирањето, го минала во образовниот процес, работејќи со ученици и спортисти, на Комисијата и дава право да констатира дека кандидатката поседува богато педагошко искуство, неопходно за работното место за кое конкурира. Особено ја потенцираме нејзината ангажираност во работата со младите, нејзината несебичност во помошта што им ја дава, со единствена цел - штопоуспешно да ги совладаат и да ги усвојат техниката и вештината на спортските дисциплини кои произлегуваат од наставната програма по предметот физичко образование.

Вештини и знаења

Работа со компјутери :
- Microsoft Office (Word, Excel, Internet).

Познавање на јазици:

- македонски (мајчин јазик), чешки (активно), српски, хрватски и бугарски јазик.

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на приложените документи од горенаведените кандидати и оце-ната на нивната досегашна работа, а имајќи ја предвид нивната спортско-стручна, наставно-педагошка, научна и општествено-спортска активност, како и афинитетот за понатамошно стручно усовршување во областа на физичката култура, согласно со одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј", Правилникот за критериумите и постапката за избор во натавно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј", Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура да ги избере кандидатите во следниве наставно-научни звања:

1. д-р Чедомир Ј. Саздовски, спец., да биде избран во звањето виш предавач ;
2. д-р Аган Рецепагиќ, да биде избран во звањето виш предавач;
1. м-р Вера Соколова, да биде избрана во звањето виш предавач;
2. д-р Јана Каршаковска - Димитриоска, да биде избрана во звањето виш предавач.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Душко Иванов- претседател с.р.

Проф. д-р Георги Георгиев - член с.р.

Виш предавач д-р Бранко Крстевски-член. с.р

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОН ХАРМОНИЗАЦИЈА ИЛИ УНИФИКАЦИЈА НА ЕВРОПСКОТО ДОГОВОРНО ПРАВО“ ОД М-Р НОРА МЕМЕТИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 29.3.2013 година, не определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на м-р Нора Мемети, асистент на Правниот факултет при ФОН универзитетот во Скопје, на тема: „Кон хармонизација или унификација на европското договорно право.“ Комисијата ја прегледа и ја оцени дисертацијата и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

2. ПРИКАЗ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација на тема *„Кон хармонизација или унификација на европското договорно право“* структурално се состои од вовед, пет дела, вклучувајќи ги кон неа уште и заклучоците и препораките и литературата. Деловите се поделени на глави кои завршуваат со кратки заклучоци. На самиот почеток од дисертацијата е даден список на акроними (краренки), а на крајот од текстот е приложена обемна литература, во главном странска, како и голем број на правни извори и особено судска практика. Библиографските единици се правилно цитирани преку користење на системот на фусноти.

Дисертацијата има вкупно 415 страници, од кој во текст 371 страница и во користена литература, извори, содржина и акроними 44 страници, со просечно 28 реда во страница и 65 знаци во ред, што вкупно изнесува околу 25 авторски табаци.

2.1. Во воведот на дисертацијата се изложени причините за истражувањето, предметот и целите на истражувањето, методологијата и структура на излагањето. Научната оправданост на ова истражување, според кандидатката се состои во потребата да се утврди дали различните национални договорни права ја попречуваат трговијата и со тоа го нарушуваат, како што таа вели „светиот“ внатрешен пазар на ЕУ. Кандидатката поаѓа од хипотезата дека на ниво на ЕУ е потребно да се креира европското договорно право за кое не се предвидува експлицитна надлежност и која како дел од облигационото и пошироко граѓанското право се регулира посебно и различно во секоја земја членка. Поаѓајќи од оваа хипотеза, кандидатката го определува опфатот на истражувањето, најпрво преку историска анализа, со цел да се види дека

постоењето на единствено договорно право на европските простори, па и пошироко не е нешто сосема ново. Во контекст на она што денес се случува на ниво на примарното и секундарното законодавство во рамките на Европската унија, на некој начин е и реафирмирање, се разбира во новонастанатите услови и констелација на односи, на она што во минатото, како потреба и правно наследство постоело во рамките на европскиот правен простор. Во воведот, натаму, кандидатката, со истата цел, го отвора и прашањето поврзано со напорите кои ги прави правната доктрина од доменот на договорното право, притоа непропуштајќи уште на самиот почеток да го допре и феноменот на т.н. „меко право", како нужна потреба на договорното право. Во поткрепа на ова, таа на самиот крај од воведот ќе се запре и на политичките определби насочени во правец на усвојување европски документи со кои се отвора перспектива за етаблирање на овој вид еврпско договорно право.

2.2. Првиот дел, насловен: *развој на европското договорно право,* е поделен на седум посебни глави. ***Првата глава*** ги дава главните поими како за договорите така и за договорното право. Истовремено, во неа се зборува за значењето и функцијата на договорите како во секојдневниот живот така и во посебни счучаи. Оваа глава завршри со излагање,со посебен акцент на автономијата на волјите на договорните страни односно слободата на договарањето. ***Втората глава*** прави историска анализа на договорното право од римско време набројувајќи ги и тогашните кодификции како важен модел за нашето истражување, темното феудално договорно право до договорното право на 19 век. На овој начин продолжува ***третата глава*** која ги набројува најважните европски современи кодификаци на граѓанското право вклучувајќи ја и Англија како земја-членка на ЕУ, но со англосаксонскиот систем на право. ***Четвртата глава*** е посветена на развојот на европското договорно право, поврзано со правото на ЕУ и улогата на Унијата во регулирање на оваа право. ***Петтата глава,*** од овој дел на дисертацијата акцентот го става на методите за креирање на областа на европското договорно право, потпирајќи се притоа на принципите на унификација, хармонизација, кодификација и сл. Во рамките на излагањето на методите на регулирање, посебно се изложени видовите на хармонизација и тенденцијата преку нив да се укаже на прдбивките до кои би се дошло во случај на кодификација на граѓанското европско раво, креирано до ниво на еден единствен граѓански законик. Во ***шестата глава*** се изложени неколку видови на влијанија кои во практиката се покажале како полезни во креирањето на европското договоро право. Во редот на овие, посебен акцент е ставен на правото на ЕУ, уставното право на земјите членки, правото на конкуренција и сл. ***Седмата*** и последна глава од првиот дел на дисертацијата е посветена на правните извори, кои, на одреден начин, можат да бидат земени како модели од кои европското договорно право може да биде инспирано.

2.3. Вториот дел на дисертацијата акцентот го става на **правната рамка на европското договорно право.** Овој дел е поделен во седум одделни глави. ***Првата глава*** започнува со обработка на примарното законодавство, вклучувајќи ја и неговата преамбула и, притоа, не пропуштајќи ги и многу значајните принципи, како што се: принципот на супсидијарност и принципот

на пропорцијалност. Последново, се со цел да се потенцира дека во правната рамка на ЕУ не се предвидува регулирање на договорното право заради недостиг на надлежност. Во ***втората глава*** се прави своевиден пресврт во однос на овој, како што вели таа, „ноторен факт" на немање експлицитна надлежност. Ова во таа смисла што европскит суд на правдата толкувајќи правни одредби од основачките акти на Европската економска заедница односно Унијата, посветени на фундаменталното слободно движење на стоките, наоѓа основ да навлезе и во толкување на договорните правни системи на земјите-членки на Унијата. Со текот на времето, европскиот суд на правдата не останува само на изложените судски случаи во дисертацијата, туку тој оваа пракса ја прифаќа како своја трајна определба. ***Третата глава*** целосно е посветена на анализа и обработка на членовите 14, 94, 95 и 308 од Договорот на економската заедница, врз основа на кои Европската унија, покрај другото, е овластена да усвојува односно да донесува правни инструменти за областите за кои таква моќ е предвидена, обезбедувајќи на таков начин развој и функционирање на внатрешниот еконмски пазар на Унијата. Во секој случај, кандидатката не пропушта да ги изложи и исклучоците од цитираните членови 94 и 95, кои се однесуваат на случаите за кои е забрането донесувањето на одредени директиви од доменот на потрушувачкото право. **Примарното законодавство поврзано само со потрошувачкото право** кое на одреден начин може да се каже дека инсистира на креирање на европското договорно право се разработува во **четвртата глава**. Имено, во неа се дадени дефиниции кои се однесуваат на потрошувачите и на самото потрошувачко право, натаму прашања поврзани со субјектите и нивната заштита, потрушувачот гледан од аспект на договорна страна, како и тоа, како ова „европско" договорно право е регулирано во одделни земји-членки на Унијата. Кога сме кон потрошувачкото право, заслужува да се укаже дека кандидатката се задржува и на Основачкиот договор во Мастрихт од 1992. Ова во контекст на тоа дека тој содржи изречни одредби кои упатуваат на донесување посебни директиви поврзани со ова право, но со констатација дека врз основа на него е донесена само директивата поврзана со цените на производите кај потрошувачките договори. Сите други директиви и натаму се усвојувани и врз основа на членот 95 од Договорот за економската заедница ***Петта глава*** е посветена на обработување на **секундарното законодавство на Европската унија**. Во неа се изложени регулативи од овој вид на законодавство, со чија помош и се остварува хармонизацијата на националните законодавства на земјите-членки на унијата. При ова, кандидатката, со право, посебно се запира на директивите како посебно значајни правни акти во процесот на хармонизација на правото воопшто, но и посебно на европското договорно право. Директивите се анализирани скоро од сите аспекти. При ова, кандидатката има свој особен критички однос кон нивната содржина, во смисла на укажување на нивните добри страни, но исто толку, и на нивните слабости, доколку кај некој од нив ќе го констатира тоа. Овде се среќаваме и со темелно изложување на прашањето поврзано со начинот на нивното имплементирање во националните законодавства на земјите-членки на унијата. Во оваа глава се разработуваат најапрви директиви *надвор од потрошувачкото право* кои на

индиректен начин допираат до содржината на договорнот право. Меѓу многуте директиви, кандидатката посебно се запира на Директивата за електронско тргување, посебно со ставање кај неа акцент на начинот на постигнувањето на согласноста на волјите на договорните страни по електронски пат. Следна директива на која се запира е Директивата за посредување во осигурувањето. При нејзината анализа, кандидатката своето внимание го задржува на обврската за давање преддоговорни известувања. Во контексТ на осигурувањето изложена е и Директивата за животно осигурување. Акцентот овде, покрај на обврската за давање информации и други права, е ставен уште и на правото на повлекување од осигурувањето. Предмет на посебна анализа и обработка од страна на кандидатката е и Директивата за давање на услуги. Во нејзината анализа таа посебно се задржува на прашањата поврзани со разните видови на информации од значење за видот на услугите, како и за правото да се биде информира за давателот на услугата и сл. На крајот од оваа глава кандидатката ќе заклучи дека овие, но и други директиви регулирајќи одредни прашања, всушност, влегуваат во регулирање на бројни договорни одредби како нужни регули со чија помош учесниците во правниот сообраќај задоволуваат одредени сви имотни потреби и интереси. *Шестата глава*, целосно е посветена на **секундарното законодавство и тоа посебно на она од областа на потрошувачкото право**. Во областа на потрошувачкото право на ниво на ЕУ врз основа на членот 95 од Договорот за економската заедница, како што тоа со право го констатира и кандидатката, се разликуваат две групи на директиви: првата генерација на директиви е комбинација на две различни мерки: тие што регулираат специфични методи за рекламирање и продажба и тие што регулираат специфични договори. Во првата група спаѓаат директивите: за продажба на врата и за продажба на далечина, додека во втората: директивите за пакет патувања и timeshare директивата. Со тек на време, ќе прочитаме во дисертацијата дека е направен сериозен чекор напред, во смисла на усвојување на поамбициозни и комплексни директиви, со кои се регулраат значително важни области од доменот на договорното европско право. Во оваа категорија спаѓаат: Директива за нечесни одредби, Директива за потрошувачки договори, Директива за продажба и последната максимирачка, Директива за заштита на правата на потрошувачите. На овој начин уредена е материјата поврзана со потрошувачкото договорно право, што според кандидатката, доведува до тоа многу посериозно да се сфаќа значењето на ова право, од страна на сите субјекти кои, на еден или на друг начин, се допираат до него. Во контекст на ова е и нејзиното искажано мислење во дисертацијата дека е неспорен фактот дека важноста на овие директиви е, исклучително, голема. Ова дотолку повеќе што тие, според неа, неочекувано, но сериозно имаат навлезено во битието на договорното право, на тој начин отворајќи, така да се каже, нова врата на ЕУ за да таа стигне во „забранета" зона. Во потврда на ова, кандидатката ќе констатира дека, на пример Директивата за продажба од врата на врата, за разлика од погоре, веќе, споменатите договорни одредби од цитираните директиви, се разликува, помеѓу другото, и по тоа што за потрошувачот предвидува право на едностран раскинување на договорот склучен пред вратата на неговиот дом како купувач во период од седум дена. Со вака предвиденото право за потрошувачот

директивата експлицитно има свое влијание врз правилата за правната уреденост на договорите. Директивата, пак, за туристички аранжмани, која изречно предвидува склучување на договор во врска со овој аражман, со ставање, уште, и на нагласка за сите потребни информации (како и потребните документи за патувањето,здравствени потврди и сл) кои потрошувачот треба да ги има во писмена форма. Исто така, помеѓу другите правни одредби, во оваа Директива се истакнува и тоа дека организаторот е должен за правилно извршување на обврските што произлегуваат од договорот, без оглед на тоа дали нив треба да ги изврши самиот организатор или, пак, тоа треба да го стори некој од добавувачите на услугите. Една од најважните директиви на ниво на ЕУ во областа на потрошувачкото (договорно) право, на која се задржува кандидатката е Директивата за нечесни одредби во потрошувачките договори. Според неа, оваа Директива до толку е значајна што истата се аплицира на сите контрактуелни договори, за кои предвдува и нивна ништвност, во случај на нечесни одредби во нив. Друга позната црта на оваа Директива е таа што во неа на единствен начин се уредува исклучително значајното прашање за одговорноста за штетата, инаку, различно уредено во одделните европски договорни права. При ова, кандидатката не пропушта да укаже дека овие разлики предизвикуваат несигурност за тоа кои национални правила ќе се применуваат за нечесните трговски практики. Штетата од тоа директно паѓа врз самите потрошувачи, но и не само врз нив, туку и врз вршителите на бизнис активностите, креирајќи кај нив пречки во остварување на своите дејности. Покрај ова, кандидатката укажува на уште една црта на оваа Директива, инаку споменувана и кај многу други автори. Во случајов станува збор за тоа дека со помош на оваа Директива за прв пат во аглиското право било овозможено навлегувањето на приниципот на совеснот и чесност, познат, инаку, како *good faith*. Што се однесува, пак, до правната уреденост на прашањата поврзани со должноста за известување и до правото на повлекување, кандидатката констатира дека тие се содржани како во Timeshare директивата, така и во директивата за рекламирање на далечина на финансиските услуги. Со Директивата за продажба на потрошувачки добра и заедничка гаранција се креирани заеднички минимум правила, според кои за потрошувачкото право се валидни независно од тоа каде се продава стоката во внатрешноста на заедницата. На овој начин, смета кандидаката дека во голема мера се овозможува јакнење на потрошувачката доверба. Оваа Директива, според кандидатката посебно се карактеризира по тоа што го европизира најзначајниот дел на традиционалното приватно право. Во случајот, станува збор за облигационото право. Основната цел на оваа директива, ќе прочитаме во дисертацијата, е обезбедување на униформиран (минимум) стандард на усогласеност за потрошувачките добра, како и минимум правила за одговорност на продавачот во случај на непочитување на времето на испорака на овие добра. Колку заради ова, толку оваа Диретива е од значење и поради нејзините правила со кои се регулира правото на гаранција за добрата , која како обврска ја презема производителот во однос на прибавувачот на овие добра. Значајно за неа е и тоа што таа, според кандидатката, „без страв" зборува за договорното право и за тоа дека добрата како предмет на договорот се во согласнот со него ако тие ги исполнуваат барањата поставени во самиот

договор, како и кога овие добра одговараат на намената за која купуваат и продаваат, се дговориле. Оваа Директива е позната и по одредбите што се однесуваат на *правните лекови* кои што потрошувачот може да ги искористи против продавачот, во случај добрата да не се во согласност со договореното. Следната директива на која се задржува кандидатата е Директивата за потрошувачки кредит. За неа, ќе сретнеме во дисертацијата, дека акцентот го става на правилата за пред договорно и договорно информирање, на висината на годишната каматна стапка, на правото на повлекување, на правото на потрошувачот за плаќање однапред, на заштитата на кредиторот, како и на правните лекови кои можат да бидат истакнати против кредиторите и сл. Последователно е изложена и Директивата за одговорност од неисправен производ. За неа, кандидатката ќе каже, дека, покрај другото, акцент става на одоговорноста во случај на штета предизвикана од производ со недостаток. Оваа директива, кандидатката ќе констатира дека е заменета со нова Директива. Новото во неа, покрај другото, е во тоа што таа дава дефиниции на поимите производ, неисправен производ, производител, за кои кандидатката ќе нагласи дека целосно се имплементирани и во нашето право во процесот на неговото усогласување со правото на Европската унија. Кога сме кај оваа Директива, заслужува да се нагласи и тоа дека неа кандидтката ја разгледува и од аспек на нејзината примена од страна на Европскиот суд на правдата при одлучувањето на одредени случаи. Последната директива на која, во овој дел од дисертацијата, се задржува кандидатката е онаа од 2008 година, а се однесува на заштитата на правата на потрошувачите. На неа, видливо од дисертацијата, и е посветено релативно земено доволно голем простор Така, за нејзина основна карактеристика, ќе прочитаме, во дисертацијата се наведува тоа што е таа има максимум хармонизирачки ефект за разлика од сите напред наведени директиви. Во неа се понудени одреден сет на дефиниции поврзани со важни поими од потрошувачко-договорното право. Покрај ова, таа содржи повеќе правила кои се однесуваат на прашањата поврзани со должноста за известување, правила за правото на повлекување и рокот за повлекувањето, натаму правила за процедурите и ефектот од повлекувањето. Во редот на овие правила се и оние што се однесуваат на доставувањето и на поминувањето на ризикот во договорите за продажба на добра и во потрошувачките договори и сл. На крајот од оваа глава кандидатката ја разгледува и обработува и улогата и функциите на Европскиот суд на правдата како посебно значајна и активна инситуција во креирање на Европското договорно право. Судот, констатира кандидатката ова посебно го остварува преку постапките поврзани со т.н. претходни прашања и прекршочната постапка. Важноста на судот посебно е согледува и преку судската практика која ја создава во решавањето на конкретни судкси случаи. Освен тоа, во дисертацијата свое место наоѓаат и посебно важните приципи втемели од страна на овој Суд, какви што се на пример: принципот на супрематија, доктрината на директен ефект, принципот на униформирано толкување и др. Сите тие, пред се, се разгледани од аспект на нивната релација и подршка која ја даваат во креирањето на европското договорно право.

2.4. Третиот дел од дисертацијата е посветен на т.н. **мекото право и на правната доктрина поврзана со ова право.** Во рамките на овој дел, материјата е изложена во четири посебни глави. ***Во првата глава,*** кандидатката, тежиштето во обработката го има ставено на самот феномен - **меко право.** За неа тоа е направено од причина што овој вид право е од посебна важност. Важноста на ова право дотолку е значајна што тоа се јавува како супститут секаде каде што обврзувачкото право во овие области не успева секогаш да доведе до посакуваниот резултат од односите во кои влегуваат учесниците во правниот промет на стоки и вршење на стковни услуги. Гледајќи на ова право, како на еден вид современа Lex Mercatoria, кандидатата за него и ќе го изнесе гледиштето дека тоа им овозможува на компаниите и фирмите да излезат од рамките на своите тесни национални правни системи и место регулите од тие системи во меѓусебните односи да ги применат токму правилата од мекото право, креирано како академски сет на диспозитивни правила за уредување на овие односи. Ова, од своја страна, ќе нагласи таа, макар индиректно, доведува до намалување на моќта на националните законодавства заменувајќи ги со посеопфатните флексибилни правила на мекото право сфатено како одреден современ вид на Lex Mercatoria. Во контекс на ова, кандидатката посебно се задржува на CISG правилата, на начелата на UNIDROT, разработувајќи ги посебно, но и споредбено со европските принципи на договорното право, како и со американските *„Restatement"*. Анализата на овие регулативи кандидатката ја доведуват до заклучукот дека помеѓу нив, како троен сет на правила, постои голем степен на поддарност што секако било и од помош за подготвувачите на принципите за европско договорно. На овој начин излагањето на кандидатката природно продолжува во ***втората глава,*** која целосно е посветена на **принципите за европско договорно право** познати, инаку, во правната доктрина како Ландо принципи подготвени од академска комисија подржана од телата на Еврската Унија, а раководена од познатиот професор Оле Ландо како претседател на оваа комисија. Во излагањето за нив ќе прочитаме дека тие се подготвени и издадени во три дела. Во 1995 бил отпечатен и издаден првиот дел од начелата, истиот овој дел дополнет, заедно со вториот дел бил издаден во 2000 година и третиот дел бил издаден во текот на 2003 година. Сосема е коректна оценатa на кандидатката, кога за овие принципи, земени во нивната целост, ќе рече дека со нив се покриени најзначајните области од договорниот дел на граѓанското право. Како потврда на наведенто, таа наведува дека со нив се уредени скоро сите општи прашања поврзани со настанувањето на договорите, нивното толкување, содржина на договорите, нивното исполнуање, како и последиците во случај на нивно неисполнување. Тоа, натаму, кандидатката ја води кон заклучокот дека академиците што работеле на создадавањето на принципите на ЕДП, всушност, свесно оделе кон тоа со нивното креирање да го отворат и, истовремено, во голема мера да го затворат процесот за создавање на *општи правила за Европското договорно право,* независно што правилата од последните глави во нив, на одреден начин во себе вклучиле и содржини кои се својствени за националните граѓански кодекси на земјите членки на Европската унија. Кога сме кон овие начела заслужува да се подвлече дека кандидатката посочува на две важни цели што Ландо

комисијата се обидела да ги постигне со нив. Првата од нив се сведува на *идентификација на сето она што е заедничко на постојаните различни законодавства кое, натаму, оваа комисија во голема мера успеела да го издигне на наднационално ниво во вид на коерентни принципи. Втората цел била, колку што тоа е можно да се утврдат најдобрите правила.* За да се постигнат овие цели разбирливо било што членовите на Комисијата вложиле огромен труд и знаење, посебно гледано од аспект на тоа нивната работа да доведе до финален резултат кој во себе содржи потребно ниво на елементи за хармонизација, но истовремено во одредени домени и за унификација на договорното еврпско право. Како потврда, посебно, на последново, кандидатката посочува на очекувањата на самиот Ландо. Имено, таа за него ќе каже дека тој *пожелуваше од нив (Принципите) да се создадат и постојат како меко право кое ќе биде добра понуда за да во иднина стануваат задолжително-обврзувачки норми.* Кандидатката, зборувајќи за овие принципи не пропушта да каже дека тие, со оглед на нивната гоема правна вредност се очекува да бидат солидна основа за изградбата на понатамошно законодавство. Но, и не само тоа, ќе подвлече таа. Страните, одредбите од овие принципи можат слободно да ги инкорпорираат како правила и во нивните поединачни договори, заменувајќи го на тој начин нивното национално законодавство со нив. Покрај ова, кандидатката за нив ќе го каже и тоа дека овие принципи можат да бидат искористени и како добар водич за толкување на правото, за нудење на одделни решенија и, секако, за пополнување на евентуални законски празнини во нациоалналните законодавства. Натаму, таа укажува и на нивната инспиративна улога што можат да ја имаат при осовременување на решенијата од националните законодавства. И, самите автори на прицпите на европското договорно право, како што вели во својата дисертација кандидатката *истакнуваат дека правилата треба да бидат прифатени од сите заинтересирани кои што со недоверба гледаат во правните системи на другите земји членки,* наспроти оние од принципите кои *со себе ги носат карактеристиките на објективност и неутралност.* Со оглед на се она што како предност го нудат овие Принципи, но и досегашно ниво на нивна примена и даваат за право кандидатката да заклучи дека *се очекува широко да бидат прифатени посебно од бизнис заедницата и дека за многу брзо време ќе помагаат во олеснување на развивањето на бизнисот во внатрешниот пазар на ЕУ.* На самиот рај од ваа глава ќе го констатира и тоа дека денес *никој не ја оспорува важноста и значењето на ПЕДП како академско достигнување во областа на договорното право на ниво на ЕУ.* ***Третата глава*** од овој дел на дисертацијата ги обработува понудените решенија од **другите академски групи** кои, исто така, на едно поопшто ниво придонесуваат во креирањето на правила во областа на приватното право. Во редот на овие групи, кандидатката посебно ги наведува следниве: Студиска група за европски граѓански кодекс (SGECC), во која се вклучени и членовите од напред наведената Ландо комисија, која ги изработи цитираните принципи на еврпското договорно право; Acquis Group, која за свој предмет на работа и анализа го има постојаното европско законодавство до областа на потрошувачко-договорното право; Pavia-Accademia dei Giusprivatisti Europei, позната по професорот Гандолфи кој слично на работата на Ландо работела на

создавање на *униформирани правила на приватното право*; Trento-Common Core Project или Проект за заедничко јадро Трето, кое имаше за цел да се даде одговор на правниот материјал прибран од национални репортери кои имаа задача да ги појаснат нивните национални правни системи, со цел да се утврдат заедничките допирни точки и разликите што постојат помеѓу нив; European Group on Tort Law- Европската група за отштетно право, која се занимава со проблемите поврзани со одговорноста за причинетата штета во рамките на внатрешноста на ЕУ. За рабтата на секоја од овие работни групи врз одредени аспекити на приватното право кандидатката во оваа глава изнесува свое мислење и отценка. *Четвртата глава* за свој предмет на истражување го има досега најголемото академско достигнување во областа на европското договорно право, а тоа е: *DCFR-Draft Common Frame of Refference, адаптиран на Нацрт Заедничка Рамка на Упатување (НЗРУ)*, донесена во 2007 година додека, а во 2008 година е донесен и финалниот драфт од координаторите кои што го имат подготвено. Кон ова кандидатката го придодава и тоа дека во 2009 година ова е издадено во опусот од 6 волуминозни книги со коментар и споредбени забелешки кон одделни решенија. Како што во предходната глава е наведено, овој обемен правен документ е подготвен од страна на студиската група за европски граѓански законик (СГЕГЗ) и истражувачката група на приватното право на ЕЗ позната како (*Acquis group*). Според кандидатката, три важни црти го карактеризираат НЗРУ, и тоа: *постигнување резултати за дефиниции на релевантните правни поими; фундаменталните принципи и кохерентните модел-правила.* НЗРУ, вели таа, многу наликува на европски граѓански кодекс, но без семејно, наследно право и правото на компаниите. Што се однесува до стварното право, тоа, ќе констатира таа, се исцрпува со регулирање на делот кој се однесува само на преносот на подвижни ствари. Инаку, материјата во него е изложена во десет книги и со еден анекс кон нив предвиден за дефинициите на одделните институти. Посебно значајна за авторката е *Втората книга* која е посветена на *договорите и другите правни акти*. Оваа глава, составена од девет глави, поделена на многу секции, покрива многу сектори на договорното право. Кандидатката, во мера потребно за истражувањето прави анализа на бројни прашања поврзани со договорите. Во редот на овие прашања секако е автономијата на волите на договорите страни, обврзувачкиот ефект на склучениот договор, обичаите и практиките поврзани со договорите, прашањето на нивната форма, преддоговорните должности за информирање, *прашањата поврзани со* правото на повлекување, уредено, инаку, и во повеќе одделни дериктиви, посебно во однос на роковите поврзани со повлекувањето од договорот. Тука се уште и прашањата поврзани со застапување на договорните страни, неважнсота на договорите и сл. Во оваа анализа кандидатката прави и корисно компарирање на одредбите од НЗРУ со оние од директивите за потрошувачкото право, со кои се уредуваат одредени прашања од доменот на договорните односи. При ова таа констатира дека, иако овие акти настануваат скоро истовремено, не се повикуваат. Тоа, ќе каже таа посебно се однесува на директивите, кои според неа би требало да се повикуваат на НЗРУ. Крајот од оваа глава кандидатката го посветува на

наведување на практични примери за употреба на НЗРУ во неколку посебни случаи.

2.5. Четвриот дел кандидкатата го посветува на **политиките, односно** на **политичките дејствија преземни од 2001 година до денес од страна на европските институции во однос на потребата од правна уреденост на приватното правно на ниво на Европската унија.** За разлика од драфтот познат како НЗРУ или DCFR подготвен од страна на академиците, од политичарите, ќе констатира кандидатката, се очекуваше подготвување на финална верзија или, подобро кажано, прочистување на драфтот во финален документ познат како **Common Frame of Reference (CFR) и адаптиран на Заедничка рамка на упатување (ЗРУ)** кој се обработува **во првата глава.** Кандидатката овде прави напор да навлезе во разработка на политички инструмент кој е, така да се каже, донесуван преку комисиските коминикеа. Така, ЗРУ освен како средство (tool box) таа го анализира и како опциски инструмент кој што ќе биде дел од европското законодавство и би требало да се употребува како замена на националните законодавства на земјите-членки на ЕУ. Во насока на ова е и заложбата на Европската комисија која упорно инсистира на создавање инструмент што би бил употреблив и практичен, се разбира секогаш со почитување на основниот принцип на автономија на волјата на договорните страни. Во насока на ова е и опцискиот инструмент (optional instrument) кој би требало да биде составен од правила на договорното право кои ќе можат да бидат избрани од страните за еден склучен договор. Како и да е, кандидатката во **втората глава посебно** ги обработува **трите важни коминикеа донесени од Европската комисија.** Првото од нив е **Коминикето на Европската комисија од 2001 година за европското договорно право,** кое претставува консултативен документ. Целта, како што вели таа, на ова коминике беше тоа конечно да дојде до отворање на дебата за новата област на ЕДП, во која, покрај комисијата, треба да се вклучат и европскиот парламент, советот, академската заедница, бизнис класата, потрошувачите и сите други заинтересирани чинители. Во продожение од излагањето, кандидатката посебно се задржува на четирите понудени опции од коминикето кои се однесуваат на европското договорно право. Првата, од нив, што го констатира и кандидатката, беше крајно рестриктивна односо нејзина заложба е да не се презема каква било акција во доменот на договорното право. За разлика од неа, втората опција предвидуваше промоција на развојот на принципи за заедничко договорно право. Третата опција предвидуваше само подобрување на квалитетот на постојаното законодавство, а заложба на четвртата опција е беше да се пристапи кон усвојување на ново сеопфатно и највисок степен на законодавство на ниво на ЕУ од доменот на договорното право. Кандидатката посебно ја подржува последната опција со заложба определбите од неа да бидат реализирани во форма на донесување на посебна дериктива, друг вид регулатива или во вид на препорака Прифатениот инструмент би обезбедил покривање како на општите прашања на договорите така и на посебните договори. **Второ коминике кое е подготвено во форма на акциониот план во однос на европското договорно право и гласи: A more**

Coherent European Contract Law: An Action plan" - "**Покохерентно европско договорно право: Акционен план.** Во овој документ, кандидатката ќе констатира дека, се идентификувани бројни пречки кои на некаков начин ја нарушуваат функционалноста на заедничкиот пазар и униформираното аплицирање на правото на унијата. Акциониот план, ќе прочитаме кај кандидатката, дека, всушност, претставува одговор на реакциите и на прашањата поставени во Коминикето од 2001 година. Впрочем, и самото име на ова комунике укажува на тоа дека има за цел да даде објасненија и дека неговото дејствување ќе се остварува преку акциите што ќе бидат преземени за решавање на поставените прашања. Ова посебно се однесува на обработување на четирите предлози дадени во коминикето од 2001 година, донесени од страна на Комисијата кои не се исклучуваат заемно. Изјаснувањето, односно определбата на акциониот план во однос на предлозите, како што наведува кандидатката, се сведува на тоа дека првата опција, всушност, не може да се нарече опција и затоа таа за него не е прифатлива. Кандидатката со жалење ќе костатира дека исто е мислењето и за третиот предлог. Во однос на другите две опции кои беа прифатени, како што вели кандидатката *се отвори дискусија.* Од ова кандидатката заклучува дека проблемите се идентификувани од заинтересираните чинители, односно субјекти. Преку акциониот план, комисијата вети форми на акции со кои ќе бидат решени и објаснети сите отворени прашања во областа на ЕДП. Истовремено кандидката тврди дека акциониот план го подржува секторското регулирање на европското договорно право. Во тој случај прави и анализа на вториот анекс од Акциониот План затоа што во него биле понудени три одлуки и тоа: подобрување на кохерентноста на законодавстото во областа на ЕДП; олеснување на елаборирањето на условите на општото договорно право; и земањето во предвид на можноста за креирање несекторски инструмент наречен опциски инструмент. Кандидатката му дава посебно значење на овој документ посебно поради тоа што во него на експлицитен начин се претставува заедничката рамка на упатување – ЗРУ, кој е предвиден како инструмент за подобрување на квалитетот на ЕДП и како подлога за развој на опциски инструмент. Последното коминике на кое кандидатката се задржува и го разработува е донесено во 2004 година, кога Европската комисија издава нов документ наречен: ***European Contract Law and review of the acquis: The way forward адаптирано во Европско договорно право и ревизија на постојаното законодавство: патот напред.*** Ова коминике, ги има извадено на површина сите достигнувања од акциониот план, реакциите добиени од страна на европските институции, како и од земјите членки и сите други заинтересирани чинители. Во овој документ, ќе подвлече кандидатката, Заедничката рамка на упатување е оценета како важен инструмент за подобрување на квалитетот и конзистентноста на постојаното законодавство на европското договорно право. Во ***третата глава*** кандидатката прави анализа на ***политичките движења помеѓу периодот 2005 и 2007*** година кога на Европско ниво нема расположение нити за европски устав нити за граѓански европски законик. Во 2007 година се усвои **зелена книга за ревизија на потрошувачкото право**. Целта за ревизија на директивите е да се заклучи дали истите ги исполнуваат предвидените цели и да се вреднува степенот до кој

ги исполнуваат целите на внатрешниот пазар и заштитата на потрошувачите. Хронолошката анализа и помага на кандидатката да види како во 2010 година, новоформираната комисија од експерти за креирање на заедничка рамка на упатување во областа на европското договорно право, усвои проект наречен физибилити студија и за само една година го подготвила нацрт проектот и го доставила до комисијата. Карактеристично за "Fisibility study", според кандидатката е тоа што таа на многу јасен начин ги оцртала контурите на планираниот опциски инструмент што требало да се подготви. Се разбира, според неа тоа било постигнало базирајќи се на огромното академско истражување, дописите и придонесите од заинтересираните чинители, постигнатата правна рамка во рамките на областа на потрошувачко-договорно право и сл. Добра појдовна точка за оваа експертска група биле и книгите I-III и IV од НЗРУ. Кандидатката не останува на ова, туку таа ја има анализирано и **втората зелена книга донесена од Европската комисија, исто така во 2010 година, која се однесува на политички опции за прогрес кон ЕДП за потрошувачите и бизнисите.** При ова, кандидатката проценува дека, Комисијата утврдила решенија за подобрување на кохерентноста на европското договорно право. Исто така, наведува дека некои од дадените предлози се однесуваат на задолжителните правила, додека другите се факултативни чие усвојување од националните законодавства зависи само од волјата на земјите на овие законодавства. Помеѓу другото, **во оваа зелена книга, ќе забележи кандидатката, е предвидено усвојување регулатива, врз основа на која ќе се создаде опциски инструмент на специфичен начин, опциски правен режим кој ќе биде усвоен од секоја земја членка,** овозможувајќи им на ваков начин на договорните страни слободно да се одлучуваат помеѓу два правни режима (петта опција од седум дадетните).

Во контекс на ова, кандидатката во **четвртата глава** од овој дел од дисертацијата тоа јасно ќе го покаже констатирајќи дека овие промени, веќе, се чувствуваат во областа на еропското договорно право (ЕДП), и тоа ***од усвојување на директиви се поминува во усвојување Регулатива, и тоа: Common European Sales Law-CESL, адаптиран во предлог регулатива за Европско заедничко право за продажба (ЗЕПП).*** Според комисијата, ќе рече таа, целта на ваквиот институционален акт е да помогне во отстранување на бариерите кои го попречуваат бизнисот помеѓу земјите-членки на ЕУ, давајќи им на потрошувачите повеќе можности и висок степен на заштита. Преку понудата на правилата во овој акт во голема мера се олеснува прекуграничната трговија во внатрешниот пазар (заеднички за 27 земји-членки на ЕУ). Зборувајќи за ова, во продолжение за предлог регулативата за евроското заедничко право за продажба, ќе подвлече дека е првиот нацрт од ваков вид кој аспирира кон *решавање* на проблемите идентификувани од страна на Европската комисија во областа на Европското договорно право. Инаку, кандидатката во дисертацијата оваа регулатива ја анализира од повеќе аспекти. Најпрвин тоа го прави од правен аспект, како што самата вели, со цел да се увиди каде и на кого би влијаела таа, натаму ги истражува бенефитите од неа, како и појавениот скептицизам и критицизмот

кој ја следи, посебно акцетирајќи го нејзиното подржување од проевропско ориентираните кон Европското договорно право.

2.6 Завршниот *петти дел од дисертацијата е посветен на Република Македонија,* и овој дел е поделен во ***три глави.*** На самиот почеток од излагањето за Македонија, инаку, со години, како што вели кандидатката, земја кандидат за членство во ЕУ, ќе констатира дека таа процесот на приближување кон ЕУ го започнува политички и административно неподготвена, а во доменот на правото со законодавство кое бара темелно реформирање и усогласување со она на ЕУ, вклучувајќи го во него и она од доменот на приватното, односно граѓанското право. Во продолжение од излагањето таа го поставува и прашањето: *Каде сме денес во однос на тоа што го сочинува европско приватно право воопшто, како и во однос на европското договорно право, како негов посебен дел и што треба да се направи во Македонија?* Одговорот на ова прашање, повеќе или помалку, таа го наоѓа **во Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА),** која Македнија во 2001 година ја склучи со земјите-членки на Евопската економска заедница, односно Европската унија. Во Глава 6 (член 68 став 1) од неа, како што вели кандидатката, читаме дека: *Страните ја согледуваат важноста од приспособување на постојните и идните закони на РМ со оние на заедницата.* Во насока на ова кандидатката ќе констатира дека Македонија со оваа спогодба се обврзува односно прифаќа во доменот на правната област да изврши длабоки и комплексни реформи на својот целокупен правен систем, вклучувајќи го во него и делот од приватно-правната област. Имено, анализата која таа ја прави и овозможува успешно да ги детектира скоро сите домени од македонското право кои се во контекст со предметот на истражувањето во дисертацијата и кои бараат да бидат реформирани во согласност со цитираната спогодба, односно во духот на европското приватно право и посебно во духот на неговиот договорен дел. Така, таа со право во корпусот на законодавството кое треба да биде сообразено со она од Европската унија ги вклучува законите кои го регулираат прометот на стоки и услуги какви што, според неа, се законите во сферата на облигационото право, потрошувачкото право, правото на интелектуална сопственост, правото за заштита на конкуренцијата и многу други. Со цел за што поцелосен увид во законодавството кое треба да биде реформирано според барањата поставени во Спогодбата за стабилизација и асоцијација таа (во првата глава од овој дел од дисертацијата) со право најнапред го изложува историскиот контес на ова право, почнувајќи од предвоена Југослави, па се до конституирањето на Република Македонија во 1991 година како самостојна, независна и суверена држава. ***Во втората глава*** кандидатката се сосредоточува на правните реформи кои се направени и кои се во тек во нашата земја со цел да го покаже степенот на транспонирањето на европските директиви и другата европска регулатва во нашето право, а посебно во неговиот договорен дел. ***Третата глава,*** која е и последна, кандидатката ја посветува на компаративната перспектива и на отсликувањето на академската и политичката ситуација во Македонија. Во контекст на ова, но и пошироко, таа, задржувајќи се, на самиот крај од излагањето, на процесот на кодификацијата на граѓанското право во Македонија и неговата хармонизација со она од Европската унија, ќе

констатира дека тој процес е серозно отпочнат и дека во одредени домени видливи се и првите резултати. Во потврда на ова таа посебно ги посочува двете, како што вели, *волуминозни книги* подготвени од истакнати домашни и странски експерти кои се од доменот на граѓанското право. Првата од нив, посветена, пред се, на граѓанското право на Југозападна Европа и втората посветена на новите перспективи на европското приватно право на југозападна Европа, вклучувајќи ги во него и македонското, и двете поддржани, посебно од владини институции на Сојузна Република Германија. Во редот на овие резултати го посочува и подготвувањето на Македонскиот граѓански законик, врз кој работат домашни и страски експерти и кој, во мера потребно за тоа, е правен акт во кој квалитетно се транспонираат заедничките основи од европското право, вклучувјачи го во него и неговиот договорен дел. Кандидатката го завршува овој дел од дисертацијата констатирајќи:***Европа, иако голема, изгледа некомплетирана без земјите на Балканот. Македонија е на добар пат во изградба на познатa марка дека усогласувањето на правото на ЕУ со нашето право се финализира.***

3. ЗАКЛУЧОК

Кандидатката, крајот на дисертацијата му го посветува на заклучокот. Во него, таа ги сумира резултатите од истражувањето, давајќи во нив доволно аргументација со која што таа ја потврдува почетната хипотеза поставена во нејзиниот воведен дел, според која: *„На ниво на ЕУ е потребно да се креира европското договорно право за кое не се предвидува експлицитна надлежност и кое како дел од облигационото и поширокo граѓанското право се регулира посебно и различно во секоја земја-членка.*“ Во продолжение од заклучокот таа наведува дека од истражувањето произлегло дека во Европската унија договорното право, во основа, се хармонизира преку потрошувачките директиви, кои што имаат минимален ефект на хармонизација и со усвојување на најновата директива за заштита на правата на потрошувачите, која има максимална моќ на хармонизација de facto се случува унификација. Кандидатката заклучува дека правото на ЕУ нема можност преку примарното законодавство да навлегува во договорото право, затоа, според неа, таа настојува преку регулирање на други делови да влијае врз регулирањето на договорното право. Во заклучоците, кандидатката дава и препораки за теоретско и практично истражување во договорно-правната област. Таа посебно посочува и на решенијата на Европскиот суд на правдата (ЕСП), чие толкување од ден на ден се шири и се продлабочува, па така толкувајќи го правото на ЕУ, тој навлегува и во толкување на националните права и тоа се со цел да се овозможи развој и подобро функционирање на внатрешниот пазар и, истовремено, да се овозможи поголем степен на заштита на потрошвачите како договоорна страна, но и за заштита на сите грѓани кои секојдневно стапуваат во договорни односи. Кандидатката, завршувајќи го своето истражување, на самиот крај ќе подвлече дека: *„Тое е и „аманетот“ на професорот Ландо-креирање на областа на Европско договорното право“*,сватено,повеќе или

помалку, како заедничка основа врз која ќе се изградуваат сите европски национални законодавства од овој домен на правото.

4.ЗАВРШНА ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ

Членовите на комисијата поединечно и заедно позитивно ја оценија докторската дисертација од кандидатката м-р Нора Мемети, на тема: „Хармонизација или унификација на европскоте договорно право.“ При ова, Комисијата предвид ги имаше следниве аргументи:

1. Појдовниот аргумент, апострофиран и во текстуалниот дел на овој извештај, е дека резултатите до кои дојде кандидатката во истражувњето, земени во својата вкупност, даваат доволно аргументација со која се потврдува почетната хипотеза поставена од неа во дисертацијата, а според која: „ *На ниво на Европската унија е потребно да се креира европското договорно право за кое не се предвидува експлицитна надлежност и кое како дел од облигационото и пошироко граѓанското право се регулира посебно и различно во секоја земја-членка.*

2. За да дојде до потврда на цитираната хипотеза, видливо е од дисертацијата дека кандидатката има направено продлабочено и квалитетно истражување и проучување речиси, на целокупната (примарно и секундарно) законодавство креирана на ниво на сите институции од Европската Унија.

3. Покрај ова, во мера потребно, за истражувањето, таа има направено и проучување на судската пракса на Европскиот суд на правдата, поврзана со европското договорно право, гледано и во контекст на нациоалните договорни права на земјите членки на Унијата, но и пошироко.

4. Кандидатката оди и чекор повеќе од тоа. Имено, за потребите на истражувањето таа прави и продлабочена анализа на т.н. „меко“ европско договорно право креирано на академско ниво, кое често е поддржувано и од самите институции на Европската унија.

5. Освен изнесеново, таа заради доктринарно артикулирање на правните феномени од доменот на договорното европско право но и пошироко се користи и со бројна правна литература, и тоа претежно од странски автори, познати и признати во европските правни кругови и пошироко.

6. Таа во истражувањето на предметот на дисертацијата успешно се користи со повеќе методи, како што се, на пример: аналитичкиот, синтетичкиот, дедуктивниот и индуктивниот, историско-правниот, компаративниот и др.

7. Систематиката на истражуваната материја во дисертацијата е добро распоредена, што заедно со стилот на излагањето овозможуваат лесно следење на мислата на кандидатката.

8. Посебна вредност на дисетацијата преставува тоа што кандидтката во поглед на повеќе правни прашања за кои расправа во неа изнесува и свое гледање, кое понекогаш е и различно од гледиштата за кои расправа во неа, како и тоа што покрај синтетичкиот заклучок кој го изложува на самиот крај од неа, кон секој дел има и заклучок кој се однесува на истражувањето направено во самиот тој дел.

9. Заслужува да се нагласи и коректноста која кандидатката ја покажува во цитирањето и кон забелешките (фуснотите) кои, иако бројни, секогаш ги користи за да добјасни нешто од она што го истражува или истото да го поткрепи со дополнителна аргументација.
10. Независно што на дисертацијата можат да се дадат и одредени забелешки, но тие не се од таква природа што би ја проблематизирале. Напротив, изложеното покажува дека таа претставува сериозен труд кој е придонес за самата кандидатка, но и за македонската правна наука и пошироко во обработката на договорното право, гледано на ниво на Европската унија, но и во интеракција со националните законодавства на земјите-членки на Унијата, како и на земјите-аспиранти, каква што е и Република Македонија.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложеното во овој извештај и завршните оцени, Комисијата за оцена и одбрана на дисертацијата на м-р Нора Мемети на тема: „ Кон хармонизација или унификација на европското договорно право“ позитивно ја оцени, па поради тоа му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје таа оцена да ја прифати и да определи датум за нејзина јавна одбара.

КОМИСИЈА:

1. д-р Гале Галев, редовен професор с.р

   _____

2. д-р Арсен Јаневски, редовен професор с.р

   _____

3. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска-редовен професор с.р

   _____

4. д-р Горан Коевски, редовен професор с.р

   _____

5. д-р Неда Здравева-доцент с.р